ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СОЈУЗОТ НА
ЗДРУЖЕНИЕТО НА БОРЦИТЕ ОД Н О Б — СТРУМИЦА

**Д-р МАНОЛ ПАНДЕВСКИ**
**ЃОРЃИ СТОЕВ — ТРНКАТА**

# СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО НИЗ ИСТОРИЈАТА

СТРУМИЦА, 1969

Рецензенти:

професор Љубен Лапе
академик Михајло Апостолски

*Овој труд е подготвен во соработка со Институтот за национална историја — Скопје.*

*Издавањето на трудот го финансира Општинското собрание и одделни работни организации — Струмица.*

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР**

**УВОД**

1. Географски преглед на Струмичката област
2. Внатрешна миграција на населението во најново време
3. Геополитичка положба. Патишта и комуникации

**ДЕЛ I**

**СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО АНТИЧКО ДОБА И ВО СЛОВЕНСКО - ВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД**

1. Најстарото население во Струмичко
2. Настанување и името на градот Струмица
3. Населување на старите Словени во Македонија и во Струмичката област
4. Општествено уредување. Македонски склавинии

5. Струмичко во составот на Првото бугарско царство. Христијанизирање на Струмичката област
6. Струмичката област во Самоиловата држава. Беласичката битка во 1014 година
7. Струмичката област под византиско и српско господство (XI—XIV). Самостојните македонски феудални владетели Добромир Хрс и Добромир Стрез
8. Општествено-економска положба во Струмичката област во XII и XIV век
9. Културни споменици во Струмица и во Струмичко од словенско-византискиот период

**ДЕЛ II**

**СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ ВО ПЕРИОДОТ НА ОСМАНСКОТО РОПСТВО (ОД КРАЈОТ НА XIV ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК**

1. Паѓање на Струмичко под ропството на османлиските феудалци и султани
2. Доселување на турско, јуручко и еврејско население и измена на етничкиот лик на Струмичко
3. Воведување на тимарско-спахискиот систем во Струмичко. Развој на стопанството
4. Опис на панаѓурот Долјан и на градот Струмица во XVII век
5. Вооружен отпор на нашиот народ во турско време
6. Положба на православната црква во Македонија и во Струмичко во периодот на турското владеење

**ДЕЛ III**

**Глава I. СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКО-ПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА**

1. Административна положба на Струмичко во XIX и почетокот на XX век
2. Населението на Струмичко во XIX и почетокот на XX век
3. Стопански развој на Струмичко во XIX и XX век

**Глава II. ПРЕРОДБЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ И ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО СТРУМИЧКО**

1. Грчката црковно-просветна пропаганда во Струмичко во XIX и во почетокот од XX век
2. Македонското преродбенско движење во Струмичко (од почетокот на XIX век до создавањето Бугарската егзархија)
3. Црковно-училишните борби на населението и антагонизмот на грчката и бугарската пропаганда во Струмичко во периодот по 1870 до 1912 година
4. Католичката пропаганда во струмичката епархија во XIX век
5. Протестантската пропаганда во Струмичко во XIX век
6. Методи и средства за борба на грчката црковна пропаганда во Струмичко во XIX и XX век

**ДЕЛ IV**

**РЕВОЛУЦИНЕРНОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ**

**Глава I. РАЗЛОВЕЧКОТО И КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО 1876/9 ГОДИНА И НИВНИОТ ОДГЛАС ВО СТРУМИЧКО**

## Глава II. ФОРМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВМРО ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

1. Основање на ВМРО
2. Изградување на револуционерната мрежа на ВМРО во Струмичко
3. Гоце Делчев во Струмичко
4. Борбата со бугарските врховистички чети во Струмичко
5. Акции на турските власти за задушување на револуционерното движење во Струмичко
6. Струмичко во 1903 година

## Глава III. РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО ПО ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД (1903—1908)

1. Револуционерната организација во Струмичко во Илинденското востание
2. Социјално-економската и просветната политика на Организацијата во Струмичко
3. Струмичката окружна организација и митрополитот Герасим. Односи и судрувања со бугарската егзархија
4. Борби против врховистичките чети во Струмичкиот округ
5. Грчко-андартска оружена пропаганда во Струмичко и борбата против неа
6. Борби со османските поробувачи

## Глава IV. ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ НА МЛАДОТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (1908—1912)

1. Легални политички и општествени борби во Струмица и Струмичко

2. Обновување на оружените борби во Струмичко во последните години на османското владеење

**ДЕЛ V**

**СТРУМИЧКА ОКОЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ВОЈНИ И ВОЕНИ ОКУПАЦИИ (1912—1919)**

**Глава I.**

1. Струмичко во текот на балканските војни (1912—1913)
2. Опожарување на Струмица од грчките окупатори во 1913 година

**Глава II. СТРУМИЧКО ВО ВРЕМЕТО НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НЕПОСРЕДНО ПО ВОЈНАТА (1915—1919 ГОДИНА)**

**ДЕЛ VI**

**Глава I. ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА, ВЕЛИКОСРПСКИТЕ БУРЖОАСКИ ПАРТИИ И ТЕРОРИСТИЧНАТА ВМРО ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ ОД 1919 ДО 1941 ГОДИНА**

1. Политичката и економската положба во Струмичко
2. Спроведување на аграрната реформа и колонизацијата во Струмичко
3. Просветна и здравствена положба на населението во Струмичко
4. Великосрпските буржоаски партии и коалиции во Струмичко
5. Терористичката ВМРО во Струмичко

6. Обид за обновување на терористичката ВМРО и создавање на таканаречената „младешка ВМРО" во Струмичко

**Глава II. ОСНОВАЊЕ, РАЗВОЈ И АКТИВНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА КПЈ ВО СТРУМИЦА ВО ПЕРИОДОТ ДО 1941 ГОДИНА**

1. Обид за создавање организација на КПЈ во Струмица во 1920 година
2. Победа на комунистичкиот кандидат на парламентарните избори и бојкот на општинските избори во 1920 година
3. Формираше на партиска јатка во Струмица во 1926 година
4. Формирање на партиско поверенство во Струмица во 1939 година
5. Партиски актив во 49 пешадиски полк во Струмица

**Глава III. ПОЛОЖБА НА РАБОТНИЦИТЕ, СИНДИКАЛНОТО ДВИЖЕЊЕ И ШТРАЈКОВИ**

1. Положба на работниците. Формирање на синдикални организации и штрајкови во Струмица меѓу двете светски војни
2. Шрајк на шивачките работници во 1936 година
3. Синдикалната организација и штрајкот на монополските работници во јули 1936 година
4. Повторно активирање на синдикатите во 1940 година
5. Штрајк во кондурациската работилница на Киро Калкашлиев
6. Забрана на Урсовите синдикати во Струмица во 1941 година

**Глава IV. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО СТРУМИЦА**


1. Спортското друштво „Беласица"
2. Културно-просветното друштво „Реља Крилатица"
3. Монополското работничко пеачко друштво
4. Друштвото на есперантистите


**ДЕЛ VII**

**Глава I. ОКУПАЦИЈА НА СТРУМИЧКА ОКОЛИЈА**


1. Пропаста на стара Југославија и окупација на Струмица
2. Влегување на бугарските окупатори во Струмица
3. Демонстрации при влегувањето на Бугарите во Струмица


**Глава II. РАЗВИТОК НА ПАРТИЈАТА И СКОЈ**


1. Формирање на Месен комитет во Струмица и први акции против окупаторот
2. Активноста на струмичката партиска организација во околните градови
3. СКОЈ во Струмица
4. Формирање на Окружен комитет на КПЈ во Струмица
5. Партиската работа на Панче Пешев во Струмица
6. Обновуваше на партиската организација во септември 1942 година
7. Револуционерната активност на Благој Јанков — Мучето
8. Воспоставување врски со други партиски организации
9. Формираше и активност на Околискиот комитет

**Глава III. МАСОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ОРГАНИТЕ НА БОРБАТА ВО СТРУМИЧКО**

1. Создавање одбори на народна помош, активи на жени и воени комитети во периодот од 1941—1944 година
2. Создавање на општествено-политички организации во 1944 година
3. Средства за информации
4. Напори за создавање на органи на борба во селата во периодот од 1941—1944 година

**Глава IV. ОТПОР ПРОТИВ ОКУПАТОРОТ ВО СТРУМИЦА**

1. Читалиштето „Гоце Делчев"
2. Манифестација претворена во демонстрација
3. Спречување да се формира фашистичка органинизација „Отец Паисиј" во Струмица
4. Демонстрации против обласниот директор Раев во Струмица
5. Подготовки и обид за исфрлање партизански одред во октомври 1941 година
6. Создавање партизански одред во јули 1942 година
7. Напори за формирање партизански одред во 1943 и 1944 година

**Глава V. ТЕРОР НА ОКУПАТОРОТ**

1. Апсења во текот на 1942 година
2. Прогони и апсења во 1943 година
3. Апсења во текот на 1944 година
4. Обид за создаваше контрачети во Струмица

**Глава VI. РАЗВИТОК НА НАРОДНАТА ВЛАСТ**

1. Подготовки и формираше на први народноослободителни одбори
2. Организираше на Народната власт во 1944 година

**Глава VII. ОДРАЗОТ НА БОРБИТЕ ОД ФЕВРУАРСКИОТ ПОХОД И ПРОЛЕТНАТА ОФАНЗИВА ВО СТРУМИЧКО**

1. Одразот на борбите од февруарскиот поход и пролетната офанзива во Струмичко

**Глава VIII. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СТРУМИЦА**

1. Формирање и акции на Струмичкиот партизански одред
2. Капитулацијa на Бугарија и влегуваше на Струмичкиот партизански одред во Струмица
3. Борби во реонот на Струмица во септември 1944 година
4. Ослободување на Струмичка околија

**НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК**

Список на загинатите
Список на жртвите на фашистичкиот терор

Извори и поважна литература

# ПРЕДГОВОР

Овие неколку стотини страници од нашата монографија го разоткриваат богатото историско минато на Струмичкиот крај. Струмица, како што е впрочем случај и со повеќето други македонски градови, има свој летопис, долг над дваесет векови.

Но Струмица и Струмичко немаа своја пишана историја. Судбината на останатите делови од Македонија, и во тој однос ја делеше и Струмица. Оваа празнина за градот и за неговата Околија можеше да биде пополнета дури сега, по дваесетипетте изминати години на слободен и творечки живот. Плод на слободниот живот е и оваа книга за историјата на Струмица.

Нашата книга го опфаќа сето познато историско минато на Струмичко, иако последните стотина години превладуваат на нејзините страници. Само времето по ослободувањето не е опфатено во книгата, а тоа и не беше предмет на нашето истражувачко внимание.

Во нашиот труд настојувавме настаните во Струмичко да ги ситуираме, како во одделните покрупни историски епохи и периоди, така и врз што пошироки предели што гравитираат или граничат со Струмичкиот крај. На многу места се внесени одделни прегледи од историјата на Македонија воопшто. Посебно се настојуваше во монографијата да најдат место струмичките и други околни села и места, кои за градот претставувале непресушлив извор на материјални богатства и човечки сили.

Имајќи го пред очи масовниот читател, се настојуваше книгата да биде популарно напишана, за да стане разбирливо и привлечно четиво за што поголем круг читатели. Во исто време, се чинеше напор книгата да биде научно поставена, објективно и аргументирано напишана.

За реконструирањето на многувековното историско минато на Струмичкиот крај беше консултирана бројна литература, печат, необјавени архивски материјали, спомени, а беа анкетирани и повеќе од сто и педесет лица од градот и Околијата. Накусо речено, се трудевме да исползуваме сè што можеше да се најде во Скопје, Струмица, па и во други места во нашата земја. Посебно беше исползувана богатата Библиотека и Архивот на Институтот за национална историја во Скопје. Полезна работа изврши и струмичанката Драгица Мијатовиќ, која собра ценети податоци за Струмичко на самиот терен кои, исто така, ни помогнаа во работата.

Со цел да се проверат одделни настани и факти од шестиот и особено од седмиот дел на историјата, Општинскиот одбор на сојузот на здружението на борците од НОВ на Струмица, организира, во мај оваа година, советување со учесниците од НОВ чии искажувања, исто така, ни ја олеснија работата.

Свој придонес во првата комплетна историја на Струмица вложија и рецензентите професорот Љубен Лапе и академикот Михајло Апостолски.

Авторите најтопло им благодарат на рецензентите, на сите анкетирани лица, на учесниците на советувањето, како и на сите оние што на кој и да е начин придонесоа да се појави овој труд.

Излегувајќи со првата историја на Струмица пред јавноста, авторите и издавачот сметаат дека со неа им се оддолжуваат, пред сè, на сите во неа спомнати и неспомнати борци за напредок и слобода на родниот крај. Посебно длабок пиетет тие изгразуваат пред споменот на сите оние што ги положија своите животи, како во нашето подалечно, така и во поблиското минато, во борбата за ослободување.

Авторите и издавачот, воедно, им се оддолжуваат на родниот крај, и на граѓаните на Струмичко, чија нарасната духовна потреба, веќе поодамна бараше една ваква книга.

Авторите на историјата на Струмица, на крајот, изразуваат надеж дека таа ќе претставува и нов прилог кон современата македонска историографија.

*Струмица, 3. IX. 1969 г.*

*Д-р М. Пандевски*
*Г. Стоев*

# УВОД

## 1. ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ

Основното јадро на денешната Струмичка општина го сочинува Струмичката Котлина што се протега во општа насока од запад, северо-запад кон исток и југоисток. По средината на Струмичката Котлина тече реката Струмица или Струмешница (во горниот тек — Стара Река) чија должина, од изворот до нејзиното устие во Струма (денес на бугарска територија), изнесува околу 94 километри. Општата насока на оваа речна долина се движи од запад кон исток. Долината на реката Струмица всушност е составена од три, меѓусебно поврзани, базени: радовишкиот, струмичкиот и петричкиот. Последниов денес влегува во границите на Бугарија. Струмичкиот базен го зафаќа средниот тек на реката, а тој е и најголем по површина. Според некои картографски податоци Струмичката Котлина лежи на

239 метри надморска височина и зафаќа површина од 259 квадратни километри.

Струмичката Котлина е заградена од југ со величествената и стрмна, планина Беласица чиј западен крај се надоврзува на планината Еленица, а уште поназапад на Плауш Планина. На северо-запад, над радовишкиот базен, се издига планината Плачковица, а на север — Огражден, чија насока е од северо-запад кон југо-исток. Конфигурацијата на сите овие планински венци е таква што на Струмичката Котлина тие ѝ даваат форма на огромен неправилен триаголник, благо наведнат кон исток, во која насока тече и самата река.

Струмичката Котлина на исток завршува под селото Кључ, Петричко, каде што планините Беласица и Огражден меѓу себе до толку се приближиле што формираат вистинска речна теснина. Токму тука се наоѓа и историскиот локалитет, Самоиловата тврдина, местото на познатата Беласичка битка од 1014 година. На северо-запад пак, расклоненијата од планините Огражден и Смрдеш, кај селото Покрајчево одвај забележливо ги раздвојуваат Струмичкото од Радовишкото Поле.

Во Струмичката Котлина јасно се забележува нејзиното дно, кое изгледа сосема рамно, но тоа всушност е благо наведено кон исток. Дел од ова дно е зафатен од Моноспитовското блато, чија површина денес, благодарејќи на извршените мелиоративни работи, е на исчезнување. Котлинското дно е заградено од околните тераси (полиња) кои, тргнувајќи од подножјата на Беласица и Огражден, благо се спуштаат кон средишното котлинско дно. Кон исток ова дно постепено се стеснува и кај селото Ново Село, сосема исчезнува, ограничувајќи се, речиси, на самото речно корито.

Котлинското дно на Струмичката Котлина е составено од алувиални (наносни) и многу плодни почви, со плитки подземни води, додека околните тераси се од полесни и посуви почви.

Затворена од високите околни плански венци. Струмичката Котлина има доста влажна клима, со долги и жешки лета. Во климатски поглед таа во многу нешто е слична на котлините во Јужна Македонија (денес во границите на Грција), т. е. има одделни својства на изменета медитеранска клима. Егејското климатско влијание навлегува овде по долините на Струма и Струмица. Вегетацијата во најголемиот дел од котлината е богата и бујна; единствено приоградженскиот појас, силно изложен на сончевата топлина, е сув, и особено во лето, личи на степски предел.

Иако Струмичката Котлина претставува јасно издвоена и заокружена целина, во неа, сепак, се издвојуваат неколку одделни реони, со свои специфични особини. Регионалната различност пак, од своја страна, влијаела врз занимањето, поминокот, богатството, а во минатото и врз социјално-економските односи, како и врз етничкиот состав на населението. Во Струмичко се разликуваат неколку географско-стопански реони.

Првиот, економски најбогат и најзначаен реон го зафаќа котлинското дно, струмичката рамница, испресечена со речните корита на Стара Река, Турија и Водочката Река. Овој реон е познат под името Полето.

Големината на оваа рамница е таква што овозможила во неа да се формираат бројни, големи и богати селски населби. Меѓу нив се истакнуваат селата Босилово, Муртино, Дабиља, Моноспитово, Василево и Турково. Помеѓу овие, на исток од градот Струмица. се помалите полски села Градско — Балдовци, Сачево, Робово, Еднокуќево, Бориево, Секирник и Радово. Последно од оваа подгрупа на села, во насока кон исток е селото З'бово, кое е сместено во веќе стеснетото котлинско дно. На север и запад од градот, од помалите села се Добрејци, Пиперево, Просениково, Сарај, Петралинци, Старо Балдовци, Градошорци, Ангелци, Баница и Богора. На запад од Струмица е и големото, напредно село Вељуса, со познатиот манастир, сместено во подножјето на планината Еленица. Сите овие села се

блиски едно до друго што покажува дека Полето е густо населено. Заедничка особина на сите нив им е, што тие се типично рамничарски села. Вегетацијата овде е богата, а во многу од нив, во поново време, се изградени артерски извори чијашто вода се користи за различни цели.

Од интерес е да споменеме дека повеќето од овие села, особено помалите, во време на турското владеење, биле чифлички или мешани села чијашто земја била сопственост на одделни турски бегови или на богати струмички чорбаџии. Силни остатоци од чифличките аграрни односи беа зачувани и до наше време, сè додека нив дефинитивно не ги ликвидира аграрната реформа извршена по ослободувањето.

За разлика од струмичкиот, во радовишкиот базен нема ниедно полско село, а во петричкиот од оваа страна на Струма, ги има само две.

Втор реон, по населеност, економски потенцијал и по важност е таканаречениот Подгор (Подгорија). Него го сочинува една долга низа од села, сместени по самото подножје на Беласица, т. е. „под гората". Тие се наредени во насока од запад кон исток. Нивните обработливи површини, составени од ниви, градини и лозја се амфитеатрално расположени и се шират од подножјето на Беласица во насока на север врз крајпланинскиот појас, стигнувајќи сè  до котлинското дно. Овој предел е богат со планински изворни води, со костенови и ореови шуми, и воопшто со богата вегетација. Тргнувајќи од Струмица кон исток, во Подгорот се сместени селата Куклиш, Свидовица, Банско, Габрово, Колешино, Борисово, Мокриево, Мокрино, Смоларе, Дражево и Старо Коњарене. Преку денешната југословенско-бугарска државна граница, во оваа низа од села, која и натаму го носи името Подгор, се редат, до пред самиот Петрич, уште осум села од кои најпознати се Кључ и Коларово. Задржувајќи се врз некои особини на одделните села од оваа група, споменуваме дека Куклиш ги има повеќето од карактеристиките на полските села;

дека најбогато и најнапредно е селото Колешино, додека Банско е познато со своите топли минерални извори што се користат за производство на ран зеленчук, а одамна е познато и како балнеолошки центар. Неговите бањи се изградени во рано турско време, а денес тоа израснува и како рекреативен центар.

Овие села се исто така близу едно до друго, што значи дека и Подгорот е густо населен. Со мали исклучоци, во турско време тие биле повеќе раетски (слободни) и получифлички, отколку чифлички села.

Селата, наредени во подножјето на Огражден, по своите природни и економски можности, малку им отстапуваат на подгорските села. Овој предел, кој го носи општото име К'рот (к'рски села), претставува трет реон од струмичкиот базен. Но, за разлика од Подгорот тој е далеку посув и безводен, и без она подгорско богатство на вегетацијата. Овој подограждински појас постепено се спушта од подножјето кон котлинското дно, и е свртен кон Беласица. Во него, во насока од запад кон исток, во подножјето на Огражден, се наоѓаат селата Добрешинци, Нова Маала, Висока Маала, Чанакли, Гечерли, Хамзали, Дрвош, Иловица, Штука, Сушица и Ново Село. На крајната источна точка од оваа низа, во годините по Првата светска војна беше подигнато колонистичкото село Ново Коњарене, а на западната се наоѓа селото Нивичино, сместено длабоко во планинскиот предел, помеѓу масивите на Плачковица и Огражден. Нивичино гравитира повеќе кон Радовиш. Од оваа група на села како побогати, понапредни и позначајни се истакнуваат Иловица и Ново Село. Последново, расположено на патот Струмица — Петрич, во текот на XIX век се издигнало во втор, по Струмица, пазаришен центар за една поголема група села од источната половина на струмичкиот базен. Пред поставувањето на денешната југословенско-бугарска граница, тоа било таков центар и за некои петрички села, кои гравитираат кон него. Ново Село и денес, а особено во минатото, имаше полуградски изглед,

карактер на македонска паланка, со свој пазарен ден во четврток, со неколку десетини занаетчиски и трговски дуќани. По поставувањето на границата и со развивање на комуникациите, особено во најново време, трговско-занаетчиското значење на Ново Село, значително опадна.

За одбележување е дека повеќето од оваа група села, сè до крајот на турското владеење во Македонија, биле турски села што го посведочуваат и самите имиња на некои од нив. Денес нивниот етнички лик е сосема изменет поради тоа што турското население, главно, се иселило во Турција, а нивното место го зазеле Македонците.

Населението од сите села од спомнативе три струмички реони, живее главно од земјоделие, а помалку и од сточарство. Тоа е нивна општа карактеристика во поглед на занимањето и поминокот. Сите тие се плодородни села, со најразновидни селско-стопански производи.

Одделен реон претставува теренот на југ и запад од градот Струмица. Тој е, главно (околу Костурино и Попчево), испресечен со длабоки суводолини, но со доста богати шуми и пасишта. Од попознатите села овде се наоѓаат Рич, Попчево, Костурино (на важниот пат кон Валандово) и Конче, кое повеќе гравитира кон Радовиш. Потоа доаѓаат помалите села Три Води, Раборци, Белотино, Варварица, Злешево и Чепели. Едно од нив, селото Чам Чифлик, близу до Струмица, уништено од грчката војска во летото 1913 година, денес веќе не постои. Судбината на потполно исчезнување, веројатно, ги очекува и некои други од овие крајно пасивни села, особено помалите и јуручките села.

Целиот овој крај е пасивен, основни занимања, особено во минатото, беа сточарството и дрварството, а помалку и земјоделието. Населението овде се занимава и со производство на вар и дрвен ќумур.

Последна и најмала група на населби се четирите села Бајково, Бадиле, Барбарево и Стиник, сместени во

расклоненијата на Огражден, во непосредна близина на денешната југословенско-бугарска граница и на северо-исток од Ново Село. Тие се мали, планински, зафрлени и пасивни села, чие основно занимање е сточарството. Сите тие гравитираат кон Ново Село.

Најголемата населба во целиот струмички базен е градот Струмица, чие население денес брои 20.200 души. Струмица лежи во подножјето на западните расклоненија од Беласица, на еден дел од југозападниот раб на котлината. Сè до пред педесетина години целиот град бил амфитеатрално расположен, додека денес тој се шири и во рамницата, кон котлинското дно. Струмица е и денес, а и во минатото бил, стопански, административен и културен центар на целиот овој крај од Македонија. Кога настанал, како се развивал, какви промени трпел и градот и неговата Околија во текот на повеќе векови, раскажуваат наредните страници од оваа монографија.

За населеноста, поволната клима и богатството на Струмичкото Поле, еден автор во 1921 година го запишал и следното:

„Струмичката Котлина, несомнено, е најпитомата, најплодната и, ако се земе во предвид релативно малиот простор, таа е, веројатно, и најгусто населената област во Македонија. "

## 2. ВНАТРЕШНА МИГРАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО НАЈНОВО ВРЕМЕ

Се задржуваме, во овој уводен дел на нашата книга, уште врз една појава, чиј почеток завлегува во минатиот, XIX век, но која дошла до поголем израз по ликвидирањето на турското господство во Македонија. Таа појава, како перманентен и сè уште незавршен процес продолжува и денес и сè посилно се

манифестира. Тоа е внатрешната миграција, или преселување на населението од едни во други села, обично од пасивните во поплодните, или во градот. Таа појава, веројатно, ќе продолжи и во текот на наредните децении. Притоа, овде го имаме предвид, главно, постепеното, бесшумно, но постојано преселување на македонското селско население. Што се однесува до другите миграции (доселувања и отселувања), и тоа на поголеми маси од населението од различни етнички средини што станувале во текот на повеќе векови од историјата на овој македонски крај, на нив, се задржуваме поподробно во секој одделен конкретен случај и во даденото историско време. Наспомнуваме уште дека појавата на внатрешната миграција само ја нафрлуваме, без претензија за некакво исцрпно излагање и образлагање. Внатрешната миграција во наше време има неколку насоки.

Прво, се забележува населување на население од селата, со или без соодветни школски и стручни квалификации, во градот. Во таа насока се движи дел од населението, како од понапредните струмички села, така и од околните подалечни области, особено од соседната планинска Малешевска област. Многумина од нив и во градот продолжуваат да се занимаваат со земјоделие.

Второ, општа тенденција е селското население од пасивните краишта да се населува во побогатите к'рски, полски, па дури, и во подалечните, подгорски села. Значителен дел од домаќинствата на Ново Село, Сушица, Секирник, Турново и други села, се или доселеници или по потекло од огражденските, па дури и од малешевските села. Планинското население од Малешевско, во последниве години, на пример, се насели и во Банско, на местото од иселените Турци. Во последно време селаните од огражденските села презедоа иницијатива да си изградат сосема ново селиште во попогодно место и поблизу до Ново Село, кое претставува нивно најблиско средишно место. Преселување кон побогатите струмички реони се

забележува и кај населението од планинските села, расположени на запад и југ од Струмица.

Според тоа, слободно може да се заклучи дека во наше време се врши една значајна миграција на селското население, со општа тенденција за напуштање на пасивните, сиромашни места и населување или во поплодните предели, или во самиот град. Тоа, впрочем, и не е појава што е сврзана само за Струмица, туку и за други наши краишта во Македонија.

Според тоа, слободно може да се заклучи дека во наше време се врши една значајна миграција на селското население, со општа тенденција за напуштање на пасивните, сиромашни места и населување или во поплодните предели, или во самиот град. Тоа, впрочем, и не е појава што е сврзана само за Струмица, туку и за други наши краишта во Македонија.

Како трета миграциона струја се појавува иселувањето на турското и јуручко население и од Струмичко, во Турција. Но, бидејќи оваа појава е при својот крај, таа повеќе му припаѓа на минатото. За денес таа е од значење само поради тоа што иселеното турско население му го отстапува своето место на новодоселеното македонско население. Со тоа пак, и националниот состав на населението на Струмичката околија, со текот на времето, сè повеќе се менувал. Токму поради тоа, денес Струмичко, со незнатни исклучоци, има скоро еднороден македонски национален состав.

## 3. ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЛОЖБА. ПАТИШТА И КОМУНИКАЦИИ

Градот Струмица и неговото пошироко подрачје се сместени во централниот дел на Македонија, кога таа се гледа како целина на Балканот, во нејзините географски и етнографски граници, т. е. ако се апстрахираат

денешните политички граници. Ваквата нејзина средишна географска положба придонела Струмичката област да претставува во текот на цела низа векови важен крстопат, и тоа не само за Македонија, туку и за значителен дел од Балканскиот Полуостров. Геополитичката важност на оваа област дошла до израз мошне рано. Познатиот белградски археолог д-р М. Гарашанин тврди дека областа помеѓу Брегалница и Струмица уште во античко време била „крстопат на влијанијата меѓу Балканот и Средна Европа".

И покасно, во текот на средновековниот период Струмичката област била мошне важен сообраќаен и воено-стратегиски центар. Во времето на цар Самоил, на пример, Струмица претставувала голем јазел од трговски и воено-стратегиски патишта, кој водел — на југ за Солун, на север и северо-запад — за Штип, Овче Поле и Скопје, и на исток, по долините на реките Струмица и Струма — за Серез и Тракија. На овој крстопат била изградена и тврдината, подоцна наречена „Цареви кули", околу која постепено се формирал и самиот град Струмица.

Од друга страна, централната положба на Струмичката област во Македонија, која условувала таа да биде скоро подеднакво оддалечена од државните центри на средновековните Византија, Бугарија и Србија се одразила и врз нејзината политичка историја. Во таа смисла се забележуваат две појави: Струмичката област, бидејќи најчесто била периферна област во составот на спомнатите три балкански средновековни држави, често ги менувала политичките господари. Поради тоа, таа била повеќе изложена на политичка нестабилност, отколку што тоа било случај со многу други македонски краишта. Другата појава се состоела во тоа што овие чести политички промени, од своја страна, давале можност да дојдат до израз и стремежите на некои месни македонски феудалци за државно-политичка независност и самостојност. Затоа и токму во оваа област биле создадени полунезависните феудални

државици на Добромир Хрс и Добромир Стрез. Големото одбранбено и стратегиско значење на Струмичко го натерале и Самоила да го избере него за давање на силен отпор, а за одбрана на своето царство, поради кое и дошло до прочуената Беласичка битка.

По османското завладување на Македонија и на Балканот, и Струмичката област останала длабоко во внатрешноста на Турција, а едновремено со тоа таа изгубила многу од својата дотогашна геополитичка и воено-стратегиска важност. Но нејзиното значење на важен трговски крстопат, ни во ова време битно не се намалило. Ваквото нејзино значење повторно дошло до потполн израз во текот на XIX и почетокот од XX век, што од своја страна, силно се одразило врз стопанскиот развој и на планот на националните и политичките борби во оваа област.

Така, на самиот почеток од XIX век, за еден период од дваесеттина години и како последица на некои крупни политички настани во Европа и на Балканот (Наполеоновите освојувања, српските востанија), голема трговска и стопанска важност добила магистралата Солун — Сараево, а оттаму — за Виница — Штип и Куманово, како една од попатните станици, каде што трговските карвани ноќевале, била и Струмица. Во овие години овој пат имал пошироко, меѓународно трговско значење.

Слично вакво значење имала и јужната патна артерија Цариград — Скопје. Таа водела од Тракија преку Кавала, Серес, Мелник, Петрич, Струмица, Радовиш, Штип и Велес. Таа била втора, јужна магистрала, покрај северната која одела од турската престолнина, низ Бугарија и преку Ќустендил, излегувала на Куманово — Скопје.

Покрај овие, била во употреба и сообраќајницата што ја сврзувала западна со источна Македонија, а тоа бил патот Дебар — Кичево — Велес — Штип — Радовиш — Струмица — Петрич — Демир-Хисар — Серез. По овој

пат, најчесто патувале трговците кои од голем дел на Македонија доаѓале на прочуениот Серски панаѓур.

Од реченово се гледа дека Струмица како значаен сообраќаен јазел имала три основни излеза, а имено: на југ, преку Валандово — Дојран и Кукуш — за Солун; на север, преку Конче (подоцна Радовиш) и Штип за Скопје и Куманово, односно Моравско — Вардарската долина, и на исток — преку Ново Село — Петрич — Мелник, за Серез и Цариград. Последниов пат се викал уште и „Серски пат“. Врз овие патишта, во најблиската околина на Струмица и се развиле поголемите населби: кон југ — Костурино и Валандово, на запад од Струмица — Конче и Радовиш, а на исток — Ново Село.

Патот кон југ, преку Дојран, за Солун, во втората половина на XIX век, во голема мерка го изменил својот карактер и значење и тоа откако во 1873 година била пуштена во употреба железничката пруга Солун — Скопје. Тогаш Дојран, како попатна станица за Солун, бил изместен од Удово, железничка станица на пругата на Вардар. Дури нешто повеќе: долго време оваа железничка станица се викала Струмица, иако Удово е оддалечено околу четириесеттина километри од градот Струмица. Во наше време Дојран и сосема го изгубил значењето на попатна станица на патот за Струмица поради блиската државна граница со Грција, а современиот асфалтиран пат во јужна насока, преку Валандово, излегува на главната југословенска и меѓународна автострада кај селото Јосифово. Од друга страна, сè до пред триесеттина години овој пат до Костурино не минувал по денешната негова траса, т. е. по долината на реката Тракајна, туку малку поназапад од неа.

Не се поклопувал со сегашната траса, сè до почетокот на XX век и патот кон Штип. Дотогаш тој водел преку селата Попчево, Рич и Липовик во долината на Крива Лакавица, а оттаму, со еден крак за Штип, а со друг — за Тиквешијата. Поради тоа, кон крајот на XIX век овој пат од месното население и се викал „Тиквешки

пат“. Во денешно време оваа сообраќајница, која води преку Радовиш, претставува модерен асфалтиран пат и најважна патна комуникација што ја поврзува Струмица со внатрешноста на нашата земја.

Модерната траса и асфалтираниот коловоз го прават денес згоден за патување и патот од Струмица за Ново Село, кој понатаму, преку денешната југословенско-бугарска државна граница, води за Петрич. Од оваа сообраќајница, кај селото Робово, се одделува еден крак, исто така асфалтиран, за летовалиштето Банско.

Освен овие, постои уште еден значаен пат, за Берово и Владимирово, кој од селото Дабија се одделува од патот за Петрич, и води преку планината Огражден. Но тој за современ сообраќај е тежок и непогоден пат. Тој имал поголемо стопанско значење во минатото поради тоа што ја сврзуваше Малешевијата со Струмица, односно преку неа — и со Солун.

Од чисто внатрешните комуникации во Струмичка околија, доскоро беше од значење и патот што оди покрај Беласица, кој ги сврзува подгорските села со Струмица. Денес, во таа насока, иако не по старата траса, води асфалтираниот пат за Банско.

Почнувајќи од 60-те години на XIX век, во Македонија била воспоставена и мрежа од поштенско-телеграфски установи, кои ги поврзувале позначајните градови како внатре и меѓу себе, така и со надворешниот свет. Во тие години, покрај во низа други места, и во Струмица била изградена поштенско-телеграфска станица која му служела главно на внатрешниот поштенско-телеграфски сообраќај.

Од сето изложено се гледа дека Струмица во минатото била добро поврзана со сите околии, па и подалечни македонски и балкански краишта. А тоа го овозможувале поволната конфигурација на теренот, речните долини, како и отсуството на блиски државни граници околу неа, како што е тоа случај денес. Поставувањето на денешните државни граници, со

распарчувањето на Македонија во периодот на војните од 1912 до 1918 година — на исток со Бугарија, а на југ со Грција, а со кои Струмичка околија непосредно граничи, битно ја изменило оваа поволна положба. Пред сè природната циркулација на стоки, луѓе, културни вредности, како и духовното општење на нашиот народ, кон исток и југ, и обратно, било насилно спречено, и заедно со тоа, Струмичката област била присилена своето поврзување со светот да го преориентира. Особено неповолно се покажало тоа што и овој македонски крај морал да ги прекине врските со Солун, „прозорецот на Македонија кон Европа." Потоа, врските со соседниот македонски град Петрич кој останал на територијата на Бугарија, биле веднаш и потполно пресечени од новопоставената граница. По војните и распарчувањето, Струмица била принудена да се сврти освен кон поблиските околни места (со исклучок на Петрич), уште и кон Скопје, и тоа главно преку вардарската железнопатна магистрала, а во најново време преку патната артерија која води преку Штип и Титов Велес. По ваков начин, Струмичко од географски центар на цела Македонија во турско време, станала периферна околија и југоисточен агол на еден од трите дела на Македонија. Поставувањето на државните граници неповолно се одразило и врз стопанската активност на целата Струмичка област, врз што повеќе се задржуваме во натамошниот текст од нашата монографија.

Инаку, преносот на стоки, патници и пошта, најпрвин и особено во првата половина од XIX век, се вршел со товарни добитоци — карвани, составени од коњи, мулиња и камили, и терани од познатите македонски кирации. Подоцна на карваните им се придружиле и коли, влечени од биволи и коњи, за во наше време овој превоз да се врши скоро исклучиво со моторни возила.

# ДЕЛ I

## Струмица и Струмичко во античко доба и во словенско-византискиот период

### 1. НАЈСТАРОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО СТРУМИЧКО

Плодната почва, благата умерена клима, обилството на води и шуми во Струмичко уште во најстарото, античко време, нуделе поволни услови за исхрана и живеење на луѓето. Од многуте историски извори се гледа дека уште во петтиот век пред нашата ера Струмичката област била добро населена и тоа со тракиски (пеонски) племиња. И, според името на овие племиња, и самиот крај, кој не се ограничувал само на денешно Струмичко, се викал Пеонија. Воедно ова било и најстарото негово географско и историско име, а во струмичкиот предел тогаш живееле пеонските племиња Добери (со центар градот Добер), Астраи (со градот Астраион) и Иори (со градот Иорон). Судејќи според зачуваните писмени и археолошки споменици, пеонските племиња, веќе во ова време се наоѓале во состојба на премин од бескласното, родовско-племенско, кон класното општествено уредување. Тоа го посведочуваат податоците за наличноста на градови, ковани пари и накити, на цареви и војска, потоа податоците за војни и сл. Во истите овие векови, на југ од Пеонија, се создала и започнала да се шири и кон

север познатата античка македонска држава, која својот најголем процут го доживеала во времето на Филип и Александар Македонски. Но Струмичката област и во нивно време останала, главно, надвор од границите на Македонија, зашто тие своите завојувања ги свртеле кон југ, и во Азија. Струмичко само повремено влегувало во составот на македонската држава, а пеонските племиња овде долго време, сè до римското завладување (средината на II век пред нашата ера), живееле или самостојно или полунезависно. Тие скоро никогаш не биле потполно покорени од македонските цареви.

Сепак, со текот на времето и особено по дефинитивното освојување на Балканскиот Полуостров од Римјаните, настанало мешање на тракиските (пеонски) племиња со античките Македонци. А тоа станувало до толку полесно што Траките и Македонците биле етнички блиски. Освојувајќи ја трајно македонската држава и полагајќи право на владеење и на Пеонија, Римјаните ја приклучиле и Струмичката област кон својата провинција Македонија. Тогаш таа влегувала во таканаречената Втора или Горна Македонија. Веќе од ова време започнало да се губи и за оваа област името Пеонија, за да биде изместено и заменето со називот Македонија, кое останало сè до денес. Во античко време за ваквото територијално проширување на името Македонија кон север, најмногу придонеле Римјаните.

## 2. НАСТАНУВАЊЕ И ИМЕТО НА ГРАДОТ СТРУМИЦА

Настанувањето и развитокот на Струмица, во најраниот период од нејзината историја, тешко може да се следи поради недостиг на повеќе и сигурни историски извори. Веќе одбележавме дека во пеонско време, во поширокото подрачје на Струмица се споменуваат три града од кои за Добер и Астраион има и повеќе податоци. Што се однесува до Добер, научниците што се

занимавале со овие проблеми се согласни дека тој не се наоѓал ни на местото, ниту некаде сосема близу до Струмица. Но нивните мислења се разидуваат при поблиското лоцирање на ова античко населено место. Мнозинството автори сметаат дека Добер се наоѓал на местото на денешниот Дојран, изведувајќи го доста произволно неговото име од античкиот Добер. Одбележуваме, притоа, дека овој град постоел и во римско време.

Друга група научници, напротив, пеонскиот Добер го лоцираат кај денешното село Габрово, во подножјето на Беласица, наоѓајќи исто така, етимолошка сличност во нивните називи, која ние не ја гледаме. Меѓу нив спаѓа и професорот на белградскиот филозофски факултет Фанула Папазоглу. Па, сепак, кога се земе во обѕир пошироката конфигурација на теренот околу Габрово и фактот дека градовите во римско време никнувале како попатни станици, т. е. покрај важните патни магистрали, ова второ лоцирање на Добер, треба да се отфрли. Ф. Папазоглу, притоа категорички и по наше мислење основано, градот Добер го локализира северно од денешна Струмица, во полите на Огражден, само што таа овде, погрешно го пренесува и селото Габрово. Нов чекор во поточната локализација на Добер стори Б. Панов кој, согласувајќи се со Ф. Папазоглу, ја дополнува неа, при што укажува на етимолошката врска и историската поврзаност помеѓу античкиот Добер и денешното село Добрешинци. Земајќи предвид неколку доводи, и особено случајните откривања на археолошки остатоци, треба да се смета дека Добер секако се наоѓал на местото или во близината на денешното село Добрешинци. Укажуваме уште дека во овој дел од Струмичката Котлина постојат и селата Добрејци и Градошорци, од кои првото треба да ни ги наспомни Доберите, а второто значело град, утврдено место.

И додека Добер бил подалеку од Струмица, градот Астраион лежел или на местото на денешна Струмица или сосема близу до неа. Со тоа се согласни

мнозинството автори и познавачи на античката историја на Македонија кои Астраион го идентификуваат со Струмица.

Од друга страна и сличноста ва старото име Астраион со словенското Струмица, кое секако претставува изменета и словенизирана форма на античкото нејзино име, ја потврдува оваа претпоставка. Впрочем, таков бил случајот со настанувањето на денешните имиња и на други македонски градови (на пример: Скопје — од Скупи, Штип — од Астибо, Велес — од Вилазора).

Од друга страна, словенскиот назив Струмица за градот и за истоимената река стои во најтесна врска со називот на реката Струма, во античко време викана Стримон. Струмица всушност претставува деминутив, изведен од Струма. Очигледно е дека античката традиција и овде силно навлегла во македонското средновековие. Инаку, најраното одбележување на Астраион како главно место на пеонското племе Астраи, датира од 181 година пред н. е. и се споменува во врска со убиството на некој македонски престолонаследник.

Тука треба да потсетиме дека античките градови во Македонија, особено по својата големина малку личеле на градовите од современата епоха. Тие биле сосема мали, но утврдени места, каде што во време на напади од непријатели се засолнувало околното население. Многу од нив претставувале римски утврдени попатни станици. Нивните остатоци, како што тоа добро го покажува Стоби, одамна останале доста длабоко под земјината површина, и до нив може да се дојде само преку археолошки ископувања.

Познатата и зачувана и денес струмичка тврдина „Цареви кули“, била изградена далеку подоцна, во почетокот од средновековното доба, а подоцна била доградувана. Бидејќи и на Балканот настанувањето на средновековните градови станувало, меѓу другото, околу тврдините и на важни стратегиски патишта и раскрсници кои можеле лесно и да се бранат, тоа и

настанувањето на Струмица како средновековен град, секако е сврзано со тврдината „Цареви кули“. Градското население, составено од војници (активни и слуужени), занаетчии, земјоделци, и понекој трговец, сите потребни за чување и послужување на жителите од тврдината (племството), просто се прилепувало околу неа, се зголемувало со текот на времето, и го создавало градот. Можеме слободно да заклучиме дека средновековна Струмица имено на ова место ја создала нејзината тврдина. Впрочем, овој бил патот на формирање и на низа други средновековни градови и на Балканот и во Европа. Според тоа, античкиот Астраион и средновековна Струмица го имале како заедничко само местоположбата на која се наоѓале (и тоа не потполно) и сличноста во имињата. Од своето настанување, во текот на многувековното минато, Струмица видела бурни настани, доживувала свои нагорнини и паѓања, за да го достигне денес својот сестран процут.

Не се потполно разјаснети и прашањата кога и зошто овој наш град се нарекол Тивериопол (Тивериополис) и до кога го носел ваквото свое име. По сè изгледа дека името Тивериопол било повеќе официјално, се употребувало долго време во византиската администрација и особено — во христијанската црквена традиција.

Но паралелно со Тивериопол се употребувало и сè повеќе се наложувало и неговото словенско име Струмица, изведено, како што веќе утврдивме, од името на античкиот Астраион. Во словенските писмени извори од средновековно доба (бугарски и српски) тој се споменува само со името Струмица. А тоа покажува дека градот во исто време носел две имиња — едното (Тивериопол) кое било официјално римско-византиско и црквено, и второто — (Струмица), кое било народно, словенско и изведено од античкото.

Очигледно е дека неговото словенско име се надоврзало на пеонската традиција којашто, во времето на населувањето на Словените во Македонија, секако

била сè уште жива. Тоа го потврдува и фактот, дека и во некои извори од VI век во нашата ера се споменува градот Астраион.

И додека називот Тивериопол неспорно постоел, мислењата во науката се разидуваат по прашањето кога и зошто Струмица се преименувала, добивајќи го ова свое ново име. Притоа постојат две спротивни гледишта. Некои автори, изоставајќи го прашањето за врската меѓу античкиот Астраион и средновековна Струмица, тврдат дека Тивериопол постоел уште во позно римско време, а Словените по нивното доаѓање, него едноставно го нарекле Струмица. Ова слабо аргументирано гледиште, треба да се отфрли, што многумина сериозни автори и го прават, посочувајќи на фактот дека во писмените извори името Тивериопол не се среќава порано од XI век на нашата ера. Притоа, некои од оваа, прва група на автори, името Тивериопол (Тибериев град) го изведуваат од името на некој римски или византиски император по име Тиберија. Од историјата е познато дека такви имало тројца: еден римски (од почетокот на I век во нашата ера) и двајца византиски кои владееле значително подоцна — првиот од 578 до 582 година, и вториот, од 698 до 705 година, пак во нашата ера. Ова гледиште, како што веќе одбележавме, е слабо аргументирано и може да се смета поскоро за слободно составена претпоставка, отколку за научна вистина.

Пообразложено и поаргументирано треба да се смета гледиштето на втората група автори, според кои, преименувањето на Струмица во Тивериопол е сврзано со култот на „светите петнаесет тибериополски маченици“. Имено, во почетокот на IX век, за време на византискиот император Никифор I, во Струмичко било населено христијанско население од градот Тибериопол кој се наоѓал во областа Витинија, во Мала Азија. (Одбележуваме дека имало и други случаи кога византиските владетели присилно преселувале од еден во друг крај на империјата делови од разни народи.) Според В. Златарски овие малоазиски колонисти

подигнале нова населба, на просторот меѓу денешните села Баници и Водоча, на која и го дале името Тибериопол, а во спомен на својата дотогашна постојбина. Нешто подоцна до Струмичко навлегле ордите на бугарскиот хан Крум кои и ја разурнале новопостроената населба. Но култот на „светите петнаесет тибериополски христијански маченици“ фатил длабоки корени и меѓу месното христијанско население. Значително подоцна архиепископот Теофилакт Охридски напишал и „Житие на тивериополските маченици“ со што верувањето во нив уште повеќе се зацврстило. Ако се земе за историски точно само пренесувањето на овој култ во Струмичко, сето останато, сврзано со чудесата на мачениците, било испредено од народната фантазија и спаѓа во доменот на легендите, усрдно култивирано понатаму од официјалната црква која петнаесетте страдалници за Христовата вера ги прогласила и за светци. И доста рано, веќе на почетокот од втората половина на IX век, легендата раскажува дека телата на мачениците започнале да им се јавуваат на луѓето; дека ги „виделе“ како ноќе оделе по ѕидовите на „Цареви кули“ итн. И бугарскиот цар Борис кога во пределите на неговата држава влегла и Струмица, слушнал за ова и, наводно, наредил да се изврши раскопување при кое коските на мачениците биле пронајдени и повторно свечено погребани. Со сето тоа култот кон „светите петнаесет маченици“ мошне силно навлегол во народното верување на месното христијанско словенско население. Овде одбележуваме уште дека овој култ бил сврзан скоро исклучиво за потесната околина и особено за градот Струмица, додека надвор од неа тој бил, речиси, непознат. Христијанската традиција и црквеното влијание, од своја страна, многу придонеле за ова, а струмичките епископи (владици) започнале да се именуваат како „епископи тивериополски“, што пак несомнено им импонирало. По ваков начин култот на „светите петнаесет маченици“ од малоазискиот Тивериопол, пренесен од колонистите

овде, му го дал и на Струмица името Тивериопол. Неспорно е, сепак, тоа дека црквеното и официјално име Тивериопол не успеало ни тогаш, ни подоцна потполно да го измести народното словенско име на градот кое подоцна и сосема ќе победи.

Кога сме на ова, да наспомнеме дека за настанувањето и за името на Струмица, постои уште една легенда. Имено, според неа, градот бил изграден од римскиот император Тибериј и определен за резиденција на ќерка му Струма. Нејзиниот гроб, наводно, се наоѓал кај денешното село Баница. И токму според името на оваа царска ќерка, подоцна и градот и реката биле наречени со името Струмица. Паѓа в очи и тоа што скоро сите народни преданија се сврзани или со теренот на градот или со неговата најблиска околина, особено со местата на запад од него — околу селата Баница и Водоча каде што веројатно се наоѓала населбата на малоазиските колонисти Тиверипол.

Имињата Струма, Струмица биле земени како назив и за едно од словенските племиња што тука се населило, а кое било наречено Струмјани, односно Стримонци.

Во текот на сите овие векови, до доселувањето на Словените, и особено по римското завладување на Македонија, најстарото тракиско население и овде се мешало со античките Македонци и со помал број на романизирани етнички елементи. И кога се земе во обѕир фактот дека античките Македонци не говореле грчки, а имале свој одделен јазик, треба да се заклучи дека тие и не можеле да му се приклучат на тогашниот грчки елемент, туку со време се претопиле меѓу масите на новодоселените словенски племиња. Тоа било случај и со најстарото население на Струмичката област.

Во позно римско доба кога императорите Теодосиј, Диоклецијан и Константин спровеле административни реформи при кое сè повеќе доаѓала до израз тенденцијата за делење на империјата на два дела — источен и западен — цела Македонија, па и Струмичко, влегло во составот на таканаречената Источна римска

империја или Византија со седиште во денешен Цариград. Населувањето пак на Словените што станувало со војни походи, грабежи и пустошења, откорен го изменило и етничкиот карактер и натамошниот политички развој на Македонија, а во нејзиниот состав и на Струмичката област.

## 3. НАСЕЛУВАЊЕ НА СТАРИТЕ СЛОВЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ

Во текот на првата половина од VI век, Македонија, како и многу други соседни балкански области, веќе била изложена на масовни напади на словенските племиња. Овие племиња сè почесто го преминувале Дунав кој престанал да биде дури и номинална граница на Византија. Нешто подоцна на нивните напади им оделе на рака и внатрешните борби во Византија, како и нејзината ангажираност во војни со Персија на исток. Во почетокот нивните походи имале пљачкашки карактер, по коешто напаѓачите пак се враќале зад Дунав. Притоа, Словените навлегувале на Балканот честопати сојузени со Аварите, чие постојно седиште било во Панонија. Меѓутоа. словенските племиња, со текот на времето, започнале да се населуваат и трајно врз веќе опустошените византиски територии. Нивните напади сега, кога тие веќе доаѓале сосе жени и деца, претставувале, всушност, етапи од една постојана колонизација на Македонија и соседните балкански земји. Притоа, за Македонија, за разлика од соседните земји, е далеку попознато кои се словенските племиња и кое каде се населило. Така, на запад од Солун, по текот на реката Бистрица се наоѓале Драговитите; северно од нив, на просторот помеѓу Охрид и денешен Титов Велес се сместиле Брсјаците. Околу Солун се населило племето Сагудати, а источно од него, кон Струма и Халкидичкиот полуостров — племето Ринхини. Во долината на реката

Места и источно од неа се настанило племето Смолјани, а во долините на реката Струма и нејзината десна притока, Струмица — племето Струмјани, или Струмци, Стримонци. Во овие векови на колонизација на целиот Балкански Полуостров, големи словенски маси ја поплавиле и цела Грција, стигнувајќи сè до Пелопонез, па дури и на егејските острови. Еден автор од она време, меѓу другото запишал: „Словените го населија сиот Епир, скоро цела Грција, и Пелопонез и Македонија“. Тоа го посведочуваат и многу други византиски извори од тогашно време.

Макар и малку, но сепак постојат некои податоци што директно зборуваат за нападите и словенизирањето и на пошироката Струмска област, како и на Струмица и Струмичко. Во спомнатото „Житие на тивериополските маченици“ од Теофилакт Охридски, се вели дека кон крајот на VI век настрадала и Струмичката област, зашто „еден варварски народ по име Обри (Аварите б. н.), кога навлегол од југ во Тивериополските земји, опустошил многу други градови, па и самиот Тивериопол, и од неговите жители едни со меч ги истепал, други заробил, а пак, како другите убави згради, така и божјите храмови ги срамнил со земјата“. Во историјата е познато дека заедно со Аварите во ова време напаѓале и Словените, иако тие овде изрично не се спомнуваат. Дека и Струмичката област била словенизирана, веќе до почетокот на VII век се гледа и од податоците што „Аварите овде навлегле од југ“; дека „единствено уште Солун стои опкружен од словенските населби" и сл. Тоа е и логично кога се има предвид дека Струмичката област се наоѓала зад Солун, а во нападите на овој град секогаш земале активно учество и струмјаните. По ваков начин, до почетокот на VII век, Словените ја колонизирале и Струмичката област и се утврдиле во неа. Дел од домашното староседелско население изгинало, други се склониле во планинските предели или во Солун и на егејските острови, а оној дел

што останал по своите места бил покорен и со време се претопил во словенската маса.

Словенските доселеници, заседнувајќи трајно и во Струмичката област, сосема го измениле нејзиниот етнички карактер. Старото предсловенско население кое дотогаш, според Теофилакт Охридски, си живеело во мир и под власта на Византија, било проретчено, и се изгубило среде струмјаните кои ја пословенчиле и Струмичката Котлина. На местата од старите разурнати населби, за кои спомнува и Теофилакт, тие си изградиле нови градски и селски населби, при што или ги измениле нивните дотогашни називи или им дале свои и сосема нови имиња. Некои автори дури сметаат дека повеќето антички градови по VII век се претвориле во поголеми словенски села, што е сосема прифатливо.

Врз почвата на Македонија останал неосвоен само уште Солун, најголемиот балкански византиски град и пристаниште. Стремејќи се долго време да го освојат и Солун и да ја заокружат својата територија, здружените македонски словенски племиња, постојано се судрувале со Византија и извршиле повеќе безуспешни опсади на Солун. Нападите на Солун претставувале, всушност, завршна и најорганизирана етапа од борбите на македонските словенски племиња за освојување и колонизирање на Македонија. Во исто време византиската власт во Македонија, со исклучок на Солун, била разбиена и дезорганизирана, а словенските племиња живееле свој слободен, независен живот.

## 4. ОПШТЕСТВЕНО УРЕДУВАЊЕ. МАКЕДОНСКИ СКЛАВИНИИ

Во времето на своето доселување во Македонија, Словените живееле во родовско-племенски заедници, во свои селски општини. Но, во истото ова време, тие се нашле во состојба на премин од родовско-племенското,

бескласно општествено уредување, кон класното општествено и државно уредување. Потребата од поголеми сојузувања, при кое Словените организирале сојузи од повеќе племиња им се наметнала, пред сè, од чисто воени причини. На чело на племенските сојузи застанувале поедини истакнати племенски кнезови. Така, опсадата на Солун од 614 до 616 година била изведена под водството на кнезот Хацон. Тогаш, според легендата за чудесата на „Свети Димитрие Солунски“ кој, наводно, го спасил градот од словенските опсади, племенски сојуз формирале племињата Драговити, Сагудати, Велегезити и други. Тие меѓу себе се согласиле да го нападнат и освојат него, да го опљачкаат, и започнале „да го опсадуваат градот од кон море со чамци, издлабени во едно стебло, што ги имало безброј многу. Останатата безбројна маса, се вели понатаму во легендата, го опколи овој, од бога чуван град, од исток, север, запад, од сите страни, водејќи ги со себе и своите семејства, зашто намеравaa по заземањето на градот во него да ги настанат.“

Две години подоцна дошла уште една, неуспешна опсада, кога македонските словенски племиња напаѓале со Аварите, коишто ги повикале на помош.

Третиот напад на Солун се случил значително подоцна, во седумдесетте години од VII век. Тогаш, преку измама, во Солун бил фатен кнезот на племето Ринхини, Пребонд. Откако Ринхините, и нивните соседи Струмјаните дознале за ова, побарале Пребонд да биде ослободен, испраќајќи делегација дури кај византискиот император. Императорот ветил дека ќе го ослободи подоцна, но Пребонд бил убиен во Цариград, зашто Византиците се плашеле од неговото влијание сред македонските словенски племиња. Тие предвидувале дека тој можел да создаде нова словенска држава во срцето на Балканскиот Полуостров. Ова им дало повод против Солун да се кренат племињата Ринхини, Струмјани и Сагудати. Кон нив се придружиле и кнезовите на Драговитите. Градот бил пак опколен по

суво и по море и држан во опсада цели две години. Населението изгладнело и се покажала реална можноста за неговото заземање. Оваа опсада ги надминала сите дотогашни напади и по успесите и по времетраењето, како и по бројот на сојузените племиња. Меѓутоа, словенските племиња се држеле неединствени: племето Велегезити, кое живеело во соседна Тесалија, одржувало пријателски односи со Солун и го снабдувало со храна, а кога дошло до решителниот напад, Струмјаните од непознати причини се повлекле. Овој повторен неуспех под ѕидовите на Солун го ослабил создадениот поширок племенски сојуз, додека Струмјаните и Ринхините продолжиле сами да преземаат гусарски напади по Егејско и Мраморно Море.

Од изложеново се гледа дека племето Струмјани, за секогаш населено веќе по долините на Струма, сè до нејзиното устие во морето, како и на реката Струмица, било доста бројно, силно и учествувало во повеќе опсади и напади на Солун и во Егејскиот базен.

Опишувајќи ги нападите на Словените, византиските извори изнесуваат извесни податоци и за животот, занимањата, поминокот и општествените односи на македонските Словени. Во ова време, начинот на обработката на земјата кај нив значително напреднал, па се произведувало пченица, јачмен, просо; тие произведувале овошје и знаеле за сушење на овошни плодови; лозарството исто така било развиено, а уште отпорано се занимавале со лов, риболов и сточарство, за што во Македонија имало и поволни природни услови. Воените походи, при кои доаѓало до разграбување на градовите, како и експлоатацијата на покореното затечено население, иако таа не била ни масовна ни така сурова, исто така претставувале извор на богатење. На сето ова подоцна ќе му се придружат и византиското влијание во начинот на живеење и христијанизирањето на Словените, кои исто така претставувале значајни катализатори на побрзото класно раслојување. Сето ова водело кон класно раслојување и создавање на ново,

феудално и класно општество. Во селските општини, во кои македонските Словени живееле по нивното доселување, се појавиле имотни и општествени разлики. Во крилото на општинските заедници се создале претставници на родовската аристократија кои биле никулци на нова, феудална класа. Спомнатите раководители на племенските сојузи, Хацон и Пребонд, се титулираат од изворите како кнезови (архонти). Тие и по начинот на живеење се разликувале од обичната маса. Се спомнува, дека Пребонд носел грчка облека и знаел грчки јазик.

Племенските сојузи, раководени од поедини нивни најистакнати кнезови, претставувале повисока форма на општествено организирање, преод од родовската кон државната формација. Поцврсто организираните и трајни племенски сојузи, во овој стадиум од општествениот развиток, всушност и претставувале првите државни организации и кај сите јужни Словени. Во Македонија, во ова време се формирале повеќе вакви племенски сојузи. Византиските хроничари, ги нарекле, како областите на одделните племиња, така и поголемите племенски сојузи со едно име — „склавинии“, што означувало земји на словенските племиња.

„Склавиниите“ претставувале прераснување на племенските во поразвиени, територијално-политички обединувања. Такви обединувања во Македонија постоеле од кон крајот на VI век, па сè до IX век. И не само што ги имало во најнепосредниот хинтерланд на Солун, туку вакви сојузи се создавале и подалеку од него. Таков еден сојуз се формирал и во Струмичката област, што значи го опфатил и денешно Струмичко. Некои денешни историчари сметаат дека една ваква „склавинија“ се простирала по средниот тек на Струма, а други неа ја лоцираат на поширокиот терен помеѓу Струма и Вардар. Нивните искажувања покажуваат дека и Струмичката област била терен на кој се создавале племенски обединувања (сојузи).

За сето ова време византиската власт овде била разбиена, а словенските племиња, во моменти на слабост на Византија, опсадувајќи го Солун, и отворено го кревале оружјето против неа. За Византија се наложило како најблиска задача не само да го одбрани Солун, да ја обнови својата власт овде, да ги потчини и направи македонските Словени свои покорни поданици, туку и да го спречи создавањето на една нова држава која и дефинитивно би ја откинала оваа територија од неа. Тоа било до толку поважно што низ Македонија минувале мошне важни воени и трговски патишта, и што, и самиот Цариград со тоа би бил непосредно загрозен. Од овие причини, во средината на VII век византиските императори презеле серија од воени походи против македонските „склавинии". Прв таков поход презел императорот Констанс II во 658 година. Во резултат од него, изгледа, еден дел од македонските Словени бил присилен, за извесно време, да ја признае врховната власт на Византија. Изворите зборуваат дека императорот успеал „да зароби и покори многу народ", но Словените и натаму продолжиле да ги пљачкаат „многубројните поморци". Оваа византиска контраофанзива, несомнено, ги погодила и Струмјаните. Легендата за „Свети Димитрие Солунски" спомнува дека само „Словените од Стримон и Ринхина... делумно мирувале и го одложиле оружјето". На друго место легендата зборува и поконкретно. Според неа, имено, императорот тргнал со војска собрана од Тракија и соседните земји и започнал војна „против оние од Стримон (Струма) и тоа не прикриено или тајно, туку со претходно објавен поход. Кога овие дознале за тоа, ги зазеле клисурите и укрепените места, се подготвиле за отпор против ромејските трупи, (и) повикувајќи ја на помош сета варварска војска од разни кнезови". И, наводно, со помошта на солунскиот светец и заштитник, Византиците „ги исклале нивните најхрабри и најдобри хоплити (пешаци, со тешко вооружување б. н. ) во оние нивни заседи што тие (Словените) ги имале подготвено и

се разбега сето варварско племе..." Тогаш Словените, претрпувајќи краен пораз, „почнале да зборуваат за мир“. Во цитираниот изворен текст, го привлекуваат вниманието неколку места, а имево: дека Византија „претходно“ им објавила поход; дека Струмјаните повикале на помош „војска од разни кнезови“; и дека на крајот, тие „почнале да зборуваат за мир“. Овие податоци покажуваат дека Струмичката област во ова време била центар на племенски сојуз („склавинија“), која од страна на Византија била третирана како војувачка страна. Податокот за наличноста на хоплити како род на војска ја посведочува релативната развиеност на општествените односи кај Струмјаните. Нерасчистен останува за науката податокот на кои клисури мислел византискиот хроничар, па според тоа и каде поконкретно се наоѓала „склавинијата“ на Струмјаните. Повеќе автори, и тоа со право, сметаат дека станува збор за клисури во Струмичкиот базен, може би и за клисурата кај селото Кључ, каде што подоцна се одиграла и Беласичката битка на Самоил. Според тоа, несомнено е, дека територијата на ова племенско обединение го опфаќало и денешно Струмичко.

И наследниците на Констанс II продолжиле да преземаат воени походи против македонските „склавинии“, па според тоа, и против Струмјаните, при што постигале само делумни и привремени успеси. Имено, самиот факт што походите многу кратко се повторувале јасно покажува дека Византиците уште за долго не ќе успеат потполно да го наложат своето господство; да ги покорат Словените и да го зацврстат својот разнишан државен апарат во Македонија. Сепак, во овие настојувања Византија, однела превласт. Таа го одбранила Солун и упаѓајќи често со војска, при кое ги разбивала создадените племенски сојузи, успеала да го спречи во ова време формирањето на словенска држава во Македонија.

Меѓутоа, она што ѝ успеало во Македонија не и пошло од рака да го стори во крајниот североисточен агол од Балканскиот Полуостров. Во некогашната римска провинција Мизија, на просторот помеѓу долниот Дунав и Стара Планина, по населувањето овде на дел од туранското бугарско племе, била формирана нова, словенско-бугарска држава. Во 681 година, византискиот император склучил мир со неа, со што фактички, го признал нејзиното постоење. И веќе кон крајот на VIII век младата бугарска држава покажала силни стремежи за проширување и во Македонија. Од ова време па натаму, низ целиот ран Среден век, Македонија ќе биде под удари од две страни — византиската и бугарската. Покрај Византија сета и Бугарија станала сериозна пречка по патот на државното осамостојување на Македонија. Наедно со тоа, стремежот на македонските племиња за осамостојување и сè посилниот бугарски притисок ја натерале Византија да обрне уште поголемо внимание на Македонија. Притоа, освен со воена сила, византиските императори се служеле и со други, порафинирани средства за потчинување на Словените. Едно од нив било присилното преселување на населението и разните колонизаторски мерки, кое водело кон слабеење на компактниот словенски елемент. Овие мерки ги посведочуваат разните византиски извори. Така, во текот на 688 — 689 година, византискиот император, навлегувајќи во Тракија, сè до Солун, покорил многу Словени, а дел од нив преселил во Мала Азија. Словенско население од Балканскиот Полуостров, а најмногу од Македонија, во Мала Азија, преселувале и други византиски императори. Обратно, во Македонија византиските власти доселување христијанско население од Мала Азија. Овие доселеници, требало да вршат воени должности, како стратиоти (војници), при што овде добивале обработливи земји. На Византија тие ѝ биле потребни, пред сè, за зацврстување на нејзината власт во пограничните области кон Бугарија. Со ваквата

политика се целело да му се застане на пат на бугарското проширување кон Солун. Императорот Никифор I (802 — 811), според некои извори, наредил „христијани од сите теми (области) да се преселуваат во Склавиниите“. На вакво колонизирање во ова време била подложена и Струмичката област, бидејќи и таа требало да се вклучи во поширокиот одбранбен појас околу Солун. Тогаш од Никифора I и биле колонизирани малоазиските христијани-стратиоти, близу до денешна Струмица, меѓу Баница и Водоча. Својата нова населба, како што веќе беше речено, тие ја нарекле Тибериопол. Но, наскоро дел од овие колонисти, поради еден бугарски препад кон Струмица, бил принуден да се врати назад.

Педесеттина години подоцна бил преземен нов колонизаторски потфат од императорот Теофил (829 — 842). Тој примил во византиско поданство околу 14.000 Турци, кои доаѓале од Персија и ги настанил во Македонија околу долниот тек на Вардар, меѓу Струмјаните и на други места од јужна Македонија. Тоа биле таканаречените Турци-Вардариоти, кои подоцна, како етничка група се изгубиле. Тие биле ослободени од секакви даноци и обврски опрема државата и се претвориле во византиски орудија за контролирање и потчинување на месното словенско население. Очигледно е дека византиската власт настојувала да создаде внатрешна наслонка за себе во Македонија.

Сепак, колонизаторските мерки не ги дале очекуваните резултати. Струмјаните, уште за долго време, сè до пред крајот на византиското владеење, само номинално ја признавале нејзината власт и влегувале во границите на државата, додека фактички живееле самостојно или полунезависно и под власта на свои кнезови. Зад нивната територија пак се наоѓала младата и во ова време експанзивна бугарска држава чиј притисок по долината на Струма се насочувал кон Солун. За Византија сега било мошне важно да формира одбранбен појас овде, зашто лесно можела да ги види бугарските полчишта под ѕидовите на Солун. Но, поради

разни војни, востанија и слично таа немала сили потполно да ја потчини Струмичката област. А меѓу домашното население не наоѓала наслон, зашто уште се немало создадено кај него феудална класа. Поради тоа, а со цел да ги придобие за себе, и да ги искористи против бугарското проширување, византиската влада морала да им даде крупни отстапки. Тогаш и Струмичката област добила статус на византиски сојузник, со своја внатрешна самоуправа. Во изворите од ова време Струмичката област се именува како архонтија, т. е. кнежевство, склавинија, односно клисура. Отпрвин во неа управувале домашни словенски кнезови, кои дури подоцна ќе бидат сменувани од Византици. Дури и словенскиот просветител, братот на Кирил, Методија Солунски, за кого се претполага дека десет години бил управител на Струмичката област, во изворите се именува „кнез на Словените“, кој управувал со „словенско кнежевство“.

Опасноста од бугарското проширување за Византија, потпаѓањето на одделни делови од пошироката Струмичка област под бугарска власт и слично им ставиле крај и на овие македонски полунезависни кнежевства. Во просторот на средна Струма тоа станало уште пред средината на IX век, кога него го освоил бугарскиот хан Пресијан. Нешто подоцна Византија ја уништила автономијата на Струмјаните во долниот тек на Струма и околу морето, трансформирајќи ја оваа област во своја административна единица, тема, со седиште во Серес. Сè до пред бугарското заземање на Струмичко, и тоа претставувало полунезависно словенско кнежевство. Непосредно пред тоа, за кратко време и таа станала седиште на византиската „тема — Струмица“.

Дека Струмјаните навистина уживале некаква самостојност се гледа и од податоците кои говорат дека тие во определено време, како византиски сојузници учествувале во борби против Бугарите, додека во моменти на слабост на Византија, продолжиле да

преземаат гусарски походи кон Егејско Море, т. е. да го креваат оружјето против Византија.

Друго значајно и испробано средство со кое Византија се служела во настојувањата за постепено смирување и потчинување на македонските Словени било ширењето на христијанството и на византиското културно влијание сред нив, на што понатаму и повеќе се задржуваме. Колонизирањето на разни христијански етнички групи, со кое како што видовме, најтесно е сврзано и името Тибериопол за Струмица, исто така имало за цел тивко и мирно потчинување на Македонија на византиската власт.

Завршувајќи го поглавјето за „склавиниите", треба посебно да подвлечеме уште еден момент кој во почетокот од книгава само го наспомнавме. А тој е дека Струмичката област сѐ до средината на IX век уживала извесна политичка самостојност, благодарејќи на фактот дека уште тогаш таа била гранична, преодна област помеѓу Византија и Бугарија. Но, бугарското проширување, како и заинтересираноста на. Византија за одбрана на Солун, многу придонеле наскоро да се прекине оваа самостојност и да се одложи формирањето на првата македонска држава за крајот на X век, т. е. со појавата на Самоил.

## 5. СТРУМИЧКО ВО СОСТАВОТ НА ПРВОТО БУГАРСКО ЦАРСТВО. ХРИСТИЈАНИЗИРАЊЕ НА СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ

До кон средината на IX век бугарските ханови Пресијан, а потоа и Борис (852—889), проширувајќи ја постепено државната граница во Македонија, ја вклучиле и Струмичката област во пределите на Бугарија. Во воените походи, преземани од Бориса, земјите на Струмјаните биле подложени на разурнувања, пљачкања и поробувања. Во житието на

Тивериополските маченици, се вели дека на Бориса „не малку народи му се покориле“. Струмјаните биле принудени да се признаат „себеси за робови“ и да ги исполнуваат наредбите на Бориса. По заземањето на оваа област, според склучениот мир со Византија, границата била поставена по планината Беласица. Половина век подоцна, во времето на Борисовиот наследник, Симеон, границата на Бугарија се придвижила значително понајуг, стигнувајќи на дваесеттина километри пред Солун.

Вклучувајќи ги земјите на Струмјаните во својата држава, Борис нив ги организирал во новоосновани воено-административни единици, наречени комитати, на чело со управители-комеси. Меѓутоа, новото организирање на воено-административната власт, изгледа, не можела, а Борис и не сакал веднаш и со еден удар да го уништи дотогашното племенско сродство и меѓусебната поврзаност на словенските селски општини. Тој оставил за комеси и некои домашни родовски првенци. Како такви се спомнуваат комесот Таридин при Бориса, за Брегалничката област, и комесот Дристр, нешто подоцна, за Струмичката област. Овие управители биле поставени од средината на месното население, зашто како домашни луѓе биле попогодни за новата функција, имено, да претставуваат врска помеѓу словенските селски општини и новата, централна бугарска државна власт.

По ваков начин, барем дел од внатрешната автономија била зачувана. А причината за давање отстапки се криела во фактот што и Борис, слично на Византиците пред него, наишол на отпор и тешкотии, зашто Струмијаните биле склони „кон дрскост и бунт“. Во изворите се тврди дека тој во почетокот спрема покорените Словени бил „кроток и благ“ и морал да им дозволи извесна внатрешна самоуправа. Но ова не продолжило долго. Носителите на месната власт наскоро се издвоиле од масата, станале зависни од централната власт и нејзини извршни органи. Тие веќе не биле

племенски изборни кнезови, туку чиновници назначувани од бугарскиот владетел.

Инаку, Струмичката област, во оваа ранофеудална епоха, останала во составот на Првото бугарско царство до неговото уништување во 971 година (кога за кратко време и во неа се вратила византиската власт, која со второто востание на Самоил ќе биде срушена).

Со цел за смирување, потчинување и асимилација на македонските Словени, Византија мошне рано започнала да ја шири меѓу нив христијанската вера и да им ја наложува својата црковна организација. Впрочем, христијанизаторски потфати преземала таа и меѓу други „пагански" народи што живееле по нејзината периферија или дури надвор од нејзините граници. Сите контраофанзивни воени походи на византиските императори, почнувајќи со походот на Констанс II против Словените, биле проследени и со христијанизаторски акции. Заедно со новата вера пак, се ширела и византиската култура, со што се настојувало Словените да се смират, да се вклучат во византиската културна сфера и ако може трајно да се приврзат за византиските интереси.

Со ваква мисија најверојатно и словенскиот просветител Методија престојувал во Македонија десет години како византиски царски намесник, сѐ додека пред бугарското проширување не се оддал исклучиво на мисионерска работа. Оскудните пишани податоци малку кажуваат со која област во Македонија управувал Методија, поради што во науката постојат неколку гледишта. Го изнесуваме овде само она гледиште кое тврди дека Методи управувал во Струмичката област, коешто и ние го сметаме за најубедливо. За тоа зборува и еден пишуван податок. Имено, Методиевото житие зборува дека, кога тој ја заземал управителската функција, него го посетил брат му Константин (Кирил) и тие обајцата „го проповедале христијанството и по Брегалница". Кирил тогаш покрстил илјадници Словени. Некои автори во прилог на ова гледиште ги посочуваат и

народните преданија сврзани со големата и мошне стара (денес разрушена) црква кај селото Водоча и тврдат дека по реката Водочница („Бела Река“) Методија, исто така покрстувал Словени. Кон тоа би го додале уште и фактот на присуството на малоазиските христијани-колонисти, кои имено во Струмица го донеле (или зацврстиле) христијанството, а врз чии основи единствено и можел и самиот Методија да се ослони, за да го продолжи неговото ширење понатаму. Не била можна една широка, организирана мисионерска работа, каква што извршил Методија, без претходно поставена основна база, без едно здраво христијанско јадро.

Натамошното проширување, затврдување и конечна победа на христијанството меѓу македонските Словени, па и во Струмичко, било сврзано и со државниот акт на кнезот Борис од 864 година кога тој христијанството го прогласил за државна вера, како и со просветителската дејност, особено на Климент Охридски. Меѓутоа, постои значителна разлика во начинот на христијанизирањето на старите предели на бугарското царство од една, и на Македонија, од друга страна. Во Бугарија христијанството било наложено од централната власт со владетелски акт и наеднаш, поради што од конзервативните сили се јавиле и силни отпори (што Борис со сила ги задушил), додека во Македонија овој процес започнал многу порано, а христијанството се ширело паралелно со византиското културно влијание; тоа овде се наложувало постепено и низ еден подолг временски период.

Ако го прифатиме гледиштето дека Методија би можел да биде управител на Струмичката област, изворните податоци од Житието на Климент Охридски, логично посведочуваат дека тој можел да стане епископ (владика), токму на Струмичката област, иако и ова прашање во науката, поради оскудност на изворите, е спорно. Неговиот житиеписец тврди дека тој уште како дете и младич „го придружувал и ги гледал со свои очи сите дела на својот учител, (Методија).“ Од ова може да

се заклучи дури, ако е нашата претпоставка точна, дека Климент и потекнувал од Струмјаните. А пред да стане епископ, во 893 година, и тоа прв словенски епископ во Македонија, па и во бугарската држава воопшто, Климент во Охридско работел како учител, оспособувајќи триипол илјади луѓе за црквена, просветителска и книжевна работа. Дека седиштето на Климентовата епископија било подалеку од Охридско, се заклучува и од едно место од неговото житие каде што се вели како тој како епископ веќе „се враќал од Велица во Охрид“, во својот манастир „чија што убавина ја љубел и за која тагувал кога се оддалечувал подалеку од него“. Кон сето ова треба да се додаде и фактот дека во Струмица, веќе до ова време фатило силни корења византиското културно влијание. Тоа го принудувало цар Симеон да настојува да го потисне и замени ова влијание со словенско, што можела да го изврши само личност како Климент. Наспомнуваме уште дека во еден список на епископи, кој се однесува на ова време, името Климент е означено како „епископ Тивериополски“. Тогаш тој, веројатно, дошол на местото на Гркот Теоктист. А тоа покажува уште дека Струмица, уште пред Климентово време, била седиште на христијанска епископија. Со Тивериопол пак, во црквената администрација, долго време била регистрирана Струмица. Додаваме уште дека во најново време, некои автори, врз основа на турски извори, претпоставуваат дека дејноста на Климент го опфаќала и Дојранско, а кое сосема не е далеку од Струмица.

Инаку, епохалното дело на Кирил и Методија, и на нивите ученици Климент, Наум и други, било од вонредно големо значење за македонските и за другите балкански Словени, за словенскиот свет воопшто, а имено за словенската писменост и култура, а во она време и за зацврстувањето позициите на бугарската држава. Новата азбука легнала во основите на целата словенска писменост, литература и култура; јазикот на македонските Словени, што го знаеле Методија и брат му

Кирил, бил подигнат на степен на прв словенски литературен јазик, а црквените кадри што ги изградиле Климент, Наум и други, наскоро успеале да го потиснат опасното грчко-византиско црквено, културно и политичко влијание. Се случило така, како што често се случува во историјата, што оружјето со кое Византија се обидела да ја наложи својата превласт над балканските Словени, сосема брзо се свртело против неа самата.

Паралелно со христијанизирањето и со затврдувањето на бугарската власт во Македонија, што значи и во Струмичката област, Македонија ја зафатил забрзан процес на феудализација на општествените односи. Овој процес се изразувал во распаѓањето на слободните селски општини; во сѐ поголемото и помасовно закрепостување на селските маси кога тие ги губеле личните слободи и се претворале во зависна и експлоатирана класа; во јакнењето на централната државна власт и создавање на класата на феудалците; во феудализација на црквата итн. Наспроти жестоко експлоатираното крепосно селанство, како негов општествен антипод застанале крупните феудалци (болјари), чиновниците и црковните великодостојници, со еден збор, класата на феудалците. Процесот на феудализација примил особено жестока форма во времето на Симеон (893—927), кој водел долготрајни и исцрпувачки војни како и на неговиот наследник Петар (927 — 969 година).

Врз основа на ваквите нови, изменети општествени односи, токму во времето на Петар се појавило богумилското (по името на попот Богумил) движење кое претставувало општествен и верско-идеолошки израз на отпорот од народните маси против жестоката феудализација. Богумилското движење ја опфатило цела Македонија, и биле нужни долго време и големи напори, за да успее државната власт да му парира и да го уништи. Во Македонија, богумилите го носеле името Бабуни, кое што име и до денес се зачувало како назив за една планина и една река кај денешен Титов Велес.

Процесот на забрзана феудализација, и на богумилството како општествена појава, ги зафатило и другите соседни балкански земји особено Бугарија и Босна.

Тоа истото, несомнено, се случувало и во Струмичката област, дотолку повеќе што Струмичкото поле со својата плодност овозможувало појава на силни претставници на феудалната класа.

## 6. СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ ВО САМОИЛОВАТА ДРЖАВА. БЕЛАСИЧКАТА БИТКА ВО 1014 ГОДИНА

Веднаш по смртта на бугарскиот цар Петар (јануари 969) во Македонија, според соопштенијата на византиските историчари, избувнало востание насочено против централната бугарска државна власт. На чело на востанието застанале четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, синови на брсјачкиот комес Никола, коишто византиските автори ги именуваат како комитопули. Несомнено е дека во условите на забрзаната феудализација во Македонија и таткото Никола, и четворицата негови синови, придобиле извесна самостојност што им послужила како база за натамошно политичко осамостојување. Какви биле резултатите од ова прво востание на четворицата браќа изворите не соопштуваат, но изгледа дека и по него византиската власт се наложила во Македонија. Нешто подоцна, во 976 година, сите извори зборуваат за ново востание, сега против Византија, со кое и била создадена Самоиловата македонска држава. И ова востание избило во брсјачката област, со центар околу Преспа и Охрид, но тоа веднаш ја опфатило цела Македонија. Брсјачката област го претставувала основното јадро на новата држава, а тука била и нејзината столнина: прво во базенот на Преспанското Езеро, а потоа во Охрид. Се претпоставува дека Самоил ја пренел својата

резиденција од Преспа во Охрид при своето крунисување за цар, но не се знае кога точно тоа станало и под какви поконкретни околности. Едновремено со ова, дотогашната Охридска архиепископија ја подигнал во ранг на Патријаршија, на местото на бугарската, која пред тоа била уништена од Византија, заедно со пропаѓањето на Првото бугарско царство.

Во меѓувреме, тројцата Самоилови браќа, сите постари од него, уште во текот на востанието еден по друг изгинале, што на Самоила му овозможило на чело на новата држава да застане сам.

Низ сето време на своето постоење, за еден период од 42 години, државата на македонските Словени, морала да води, со кратковремени прекини, тешки војни за своето создавање, проширување и за својот опстанок. Со незнатни исклучоци, тоа биле војни со нејзиниот смртен непријател — Византија. Бројните воени походи во овие војни го одвеле Самоила до Подунавска Бугарија, и до Пелопонез, до Епир и Албанија, до Задар и Срем.

Во својот најголем обем, таа ги опфатила цела Македонија (без Солун), Тесалија, Епир, Албанија, многу југословенски земји, меѓу кои Рашка, Босна и Срем, како и Подунавска Бугарија, каде што се наоѓало уништеното државно средиште на Првото бугарско царство. Во бројните воени походи Самоил изгубил неколку битки, уште повеќе добил, еднаш бил тешко ранет, но под Беласица неговата војска претрпела таков силен удар од чиишто последици и самиот наскоро умрел.

Инаку, една од најважните околности што го овозможиле Самоиловото засилување била ангажираноста на неговиот смртен непријател, византискиот император Василие II, во задушувањето на низа внатрешни побуни, и во војни вон од Балканскиот Полуостров. Несреќа за Самоила било пак тоа што Василие II бил човек со забележителни воени способности, со тврд и доследен карактер, и секако, безмилосен во односите со противникот. Во текот на последните осумнаесет години од постоењето на

македонската држава (1001— 1018) Василие II сето свое внимание, и сите воени сили ги свртел против Самоила. Во првите четири години од XI век византискиот император систематски организирал големи воени походи, одземајќи му ги на Самоила прво источните и јужните негови области, за на крајот да настапи и во самата Македонија, т. е. во самото државнотворно средиште на неговата држава. Василие II најпрво ги освоил Преслав и Плиска, некогашните престолнини на бугарското царство, па Сердика (Софија), а потоа се свртел кон Тесалија и јужна Македонија. Во 1004 година паднало Скопје, а во следната — Драч, во Албанија. Во овие походи Самоил ја изгубил скоро половината од својата државна територија, продолжувајќи сега да ги брани своите основни, централни области во Македонија. Во наредните неколку години, до Беласичката битка, Василие II секоја година преземал нови опустошувачки походи, за кои изворите многу не зборуваат. Така, постепено настаните се движеле кон конечниот и судбоносен расплет.

Што се однесува до потеклото на Самоила треба да одбележиме дека во сите тогашни извори тој се споменува како еден од синовите на брсјачкиот комит (**comes**) Никола. Овој пак, несомнено бил еден од видните домашни македонски кнезови, за какви што веќе зборувавме.

Името комес означувало „угледен, познат човек, кој заземал видно место во општеството, а оттука и во војската“. Комесите, значи, биле старешини на словенските селски општини во Македонија. Некои од овие општини опфаќале со десеттини илјади население, кои можеле, во случај на потреба да исфрлат цел корпус војска. Според тоа, ембрионалната форма на Самоиловата македонска држава, претставувале словенските селски општини, од кои таа и произлегла.

Во самиот почеток на создавањето на новата држава, со ослободената територија управувале, изгледа, сите четворица браќа — „комитопули“, но не од еден,

туку од неколку и различни центри. Така, Самоил, во прво време се наоѓал во јужна Македонија, со центар во Костур или во Преспа.

Струмичката област за сето време на постоење на Самоиловата држава не само што влегувала, туку и заземала вонредно значајно место во неа. Во почетокот со неа управувал вториот брат, Мојсеј, кој се утврдил во Струмичката тврдина. Одовде тој, кон 976—977 година, ја преминал реката Струма, се спуштил на југ, и ги насочил своите напади против Серес, каде што под неговите ѕидови и загинал. По смртта на Мојсеј Струмичката област ја зел Арон, но откога и тој наскоро го изгубил животот, власта на Самоила се прострела и над оваа македонска област.

Во периодот до 1014 година, кога византиската опасност непосредно ѝ се заканила и на Струмичката област, во литературата за неа малку се зборува. Но, изгледа, дека и таа станала терен до кој често продирале византиските опустошувачки походи. Кон крајот на 1013 година, Самоил презел нови одбранбени мерки, со цел за заштита на основното јадро на државата. Во врска со овие мерки византискиот историчар Јован Скилица го запишал следново: „Самоил, бидејќи не бил во состојба, ниту да се расположи во логор под отворено небо, ниту да му се спротивстави на императорот во отворен бој, а отсекаде разбиван и лишуван од својата сила, решил со окопи и бедеми да му го препречи влегувањето во Бугарија“. (Овде, називот Бугарија се однесува на Самоиловата држава).

Самоил, веројатно од опит од претходните години, знаел дека многу од овие навлегувања кон Струмица доаѓале од југо-исток: од Тракија, и преку Серското Поле, па по долината на реката Струма и нејзината десна притока Струмица. Држејќи ја цврсто Струмичката тврдина како своја позадинска база, Самоил ја избрал нејзината околина за давање на решителен отпор. Ваквиот избор на Струмица бил сосема умесен: нејзината тврдина („Цареви кули“) била изградена врз

еден висок врв, заобиколен од сите страни со длабоки суводолини, поради што како што ќе видиме понатаму, од Византиците била наречувана „задоблачна", зашто „луѓето кои седеле на ѕидиштата, кога се гледаат од рамницата, изгледале како птици“. Освен тоа Струмица, и во ова време, била средиште на важни патишта: на југ за Солун, на северо-запад кон Овче Поле и Скопје, и на исток и југо-исток, по долините на реките Струмица и Струма — за јужна Тракија.

Зборувајќи за Беласичката битка, Скилица вели дека еден одбранбен бедем Самоил изградил во клисурата „Клидион“ (грчки превод на името на селото Кључ, Петричко), коешто село под своето словенско име постои и денес. И така, продолжува Скилица „Самоил се зафатил да го загради ова тесно место и да му го затвори влегувањето на императорот, откако изградил голем бедем, д е м а — ѕид — преграда, и поставил врз неа силна стража". Скилица, притоа, подробно опишува како биле градени и како изгледале овие бедеми (деми) што биле градени во најтесниот дел на речните клисури. Вакви деми изградил Самоил и во длабоките суводолини на југ од Струмица, по патот кој идел од Солун.

Конфигурацијата на теренот под селото Кључ сосема соодветствува за изградба на кава дема. Овде речното корито е најтесно, и, правејќи еден нагол свиок, сосема се доближува до планината Огражден, додека од спротивната страна се издига стрмното брдо Куфалница. И денес овде се гледаат остатоци од некаква средновековна градба, а исто така и од ровови кои, можеби, останале од Самоилово време. Теренот пак, во јужна посока е испресечен со длабоки суводолини што се спуштаат од југ, од кај Беласица, што претставувало природна пречка за воени дејствија, поради што движењето на војските задолжително водело покрај самото речно корито. (Инаку, денес, сето околно население, високото брдо над реката го знае како „Самоилова тврдина“.)

Во 1014 година, во почетокот на летото, Василие II пак презел голем поход против Самоила, и веројатно, уште во почетокот на јули стигнал во Кључката Клисура, пред изградената дема каде што бил принуден да застане, зашто сретнал силен отпор од Самоиловите војски. Како што одминувало времето, а византиските напади биле одбивани, со за нив големи загуби, така и императорот се убедил дека со фронтален јуриш тврдината е неосвоива.

Во исто време Самоил, преземајќи една воена диверзија од Струмица испратил еден одред кон Солун. Со оваа негова единица, под командата на војсководачот Несторица, тој стигнал до пред Солун. Но таа била потполно разбиена од солунскиот стратег, и многу пленети Самоилови војници биле одведени кај императорот, кој продолжил да ја опсадува Кључката дема.

Откажувајќи се од фронтален напад, византиската команда се определила да примени воена замка. Еден силен одред под командата на пловдивскиот стратег Никифор Ксифијас извршил заобиколно движење, и на 29 јули, сосема неочекувано и со викотници ги нападнал од задгрб бранителите на тврдината. Изненадените и исплашени Самоилови војници отстапиле без ред назад кон Струмица, напаѓани сега и од одредите на Василие II. Поразот на македонската војска бил тотален: многу војници изгинале, други биле ранети, а уште повеќе паднале во рацете на Византиците како пленици. Едни извори тврдат дека пленетите биле четиринаесет, а други дека биле петнаесет илјади души, додека современите автори сметаат дека обете овие бројки од византиските историчари биле произволно зголемени.

Судејќи по историските извори, може да се претположи дека маршрутата на одредот на Никифора Ксифијас му била следната: прво, движење на исток, до селото Коларово, а одовде, вој јужна насока, по патеката кон билото на Беласица, откаде се спуштил во селото Горни Пороj. Одовде преку селата Долни Пороj, Матница

и Шугово, фаќајќи нова планинска патека во обратна насока, повторно ја минал Беласица, и се спуштил помеѓу денешните села Габрене и Старо Коњарене (каде што денес минува југословенско-бугарската гранична линија), напаѓајќи ги од задгрб македонските стражи.

Не е познато каде се наоѓал Самоил во овој за него судбоносен ден. Едни автори мислат дека тој останал во Струмичката тврдина, бидејќи очекувал напади како од исток, така и од југ, од кон Солун. Други мислат дека тој дошол на помош на своите војски кои отстапувале, судрувајќи се и самиот со непријателот кај селото Макриево. Овде, покрај Самоила, како и во многу поранешни битки, се нашол син му Гаврил Радомир кој јуначки ги пресретнал непријателите и, откога го зел татка си на својот коњ, го извел од бојот и го однел во Струмица. Самоила, потоа, неговите луѓе го префрлиле во тврдината на Прилеп. од каде што наскоро поминал во Преспа, а Гаврил — Радомир останал да ја брани Струмица. Сосема е можно кај Макриево да дошло до борба, зашто ова село се наоѓа на патот од Кључката теснина кон Струмица. Од интерес е да спомнеме уште дека над Макриево имало урнатини од некаква тврдина, а при крајот на минатиот век, според владиката Герасим Струмички, била откриена стара црквичка и една камена плоча со словенски натпис.

По добиената крупна победа Василие II тргнал на Струмица, но наскоро еден друг настан го натерал да се откаже од нејзиното опсадување и да отстапи кон исток, од каде што и дошол. Имено, византискиот император му наредил на Солунскиот стратег, еден од најдобрите негови генерали, Теофилакт Вотанијат, со една единица да го расчисти патот кон Струмица од југ, од кај Костурино и Чам Чифлик, а кој врвел по една утврдена суводолина. Византискиот одред бил, навистина, пропуштен од Самоиловите стражи по овој пат да навлезе кон Струмица, но на враќање бил одненадеж дочекан од заседи од македонските стражи кои со една теснина го уништиле, напаѓајќи го со камења, стрели

копја и др. Византиците претрпеле потполн пораз, а самиот Теофилакт Вотанијат паднал, наводно, прободен од копјето на самиот Гаврил — Радомир. Соопштението за овој пораз и загубата на Теофилакта Вотанијат кој, според еден извор, му бил најблискиот и најспособниот генерал на Василие II, не само што му ги изменило нему натамошните воени планови, туку во буквалната смисла на зборот, го разбеснило. За одмазда тој наредил четиринаесетте илјади пленети Самоилови војници да бидат ослепени, на тој начин што на секој стотина од унакажаните војнички лица да остават по едно, но со едно око кој да ги одведе своите сто ослепени другари кај Самоила. Во таквата положба Василие II ги испратил овие јадници кај нивниот цар во Прилеп. Една месна легенда раскажува дека ослепувањето на војниците станало западно од Струмица, кај селото Водоча чие што име, наводно, произлегло од двата збора: „вади очи“.

По ова вандалско ѕверство, Василие II ја кренал опсадата на Струмица, и се повлекол кон исток. Минувајќи ја сега обратно Кључката клисура тој стасал во областа „Загорија каде што се издигала најсилната тврдина Мелник“. Мелник го освоил без жртви, со итрост и измама.

Годината 1014 ја решила судбината на македонската држава. Поразот под Беласица бил вонредно тежок удар; заземањето на Мелник, втор, исто така тежок удар, но најтешката загуба била смртта на цар Самоил. Спомнатиот Скилица соопштува дека кога Самоил ја видел трагичната судбина на своите ослепени војници не можел „да го поднесе јуначки и спокојно ова страдање: му се свртела свеста, му се стемнило пред очи и паднал на земја. “

Самоил се разболел од „болест на срцето“, што значи добил срцев удар и по два дена, на 6 октомври 1014 година, починал.

Огромната енергија и вонредните способности на Самоила, толку потребни за еден државник, и особено за војсководец, каков што бил тој, му ги признавале и

противниците. Во византиските извори се вели дека тој бил „човек воинствен, кој не знаел никогаш за починок“, и маж „во военото дело опитен.“

Неколку дена по Самоиловата смрт него го наследил син му Гаврил — Радомир, прогласувајќи се во Битола за цар, каде што ја сместил и својата резиденција, но без да ја преместува столнината од Охрид. Борбите продолжиле со несмалена жестина и сега: Василие II постојано напаѓал, освојувајќи му ги на младиот цар тврдините една по друга. Наскоро, во текот на 1015 година падналe Воден, Прилеп, Штип, Меглен и други помали тврдини. При овие свои походи Василие II вршел и присилни преселувања, иселувајќи (на пример од Воденско, од Мегленско) словенско и колонизирајќи на негово место разно инородно население.

На тоа згора, во Самоиловиот род започнале борби за престолот и за власт коишто само го забрзале потполното пропаѓање на државата. Во мај 1017 година Гаврил — Радомир бил убиен од братучед му Јован Владислав, кој и му го зел престолот. Но наскоро и овој загинал. Во средината на владеачката класа завладеале морално паѓање, убиства, предавање на непријателот, кој пак за награда, на предавниците им делел почести, византиски феудални титули и служби. Неполна година дена по убиството на Гаврил — Радомир, во март 1018 година, се предала и последната тврдина — Охрид, со што Василие II ѝ ставил крај на Македонската држава.

Струмица се одржала доста долго и во овие последни години од постоењето на државата. Така, во 1015 година, се споменува дека Василие II испратил од Солун еден силен одред кон Струмица, но тој успеал да ја освои само малата блиска тврдина Термица. Оваа тврдина, по сè изгледа, се наоѓала над селото Банско (термица, значи мала бања), во подножјето на Беласица каде што доскоро се гледале урнатини од една средновековна градба.

Последните походи на Василие II по Македонија биле веќе триумфални походи, скоро без борби, без

отпор, зашто разните заповедници на тврдини и градови (само со два исклучоци), без отпор му се предавале во замена на што тој им делел почести, пари и служби. Без отпор тој влегол и во Охрид, каде што му се предала царската фамилија. Нешто пред тоа, додека се бавел во Серес, меѓу другите му се претставил и Струмичкиот војвода Драгомаж кој му ги предал клучевите од Струмичката тврдина, за кое добил патрициско звање. Од Серес Василие II тргнал за Струмица, на која ѝ било судено да ја види и формалната капитулација на првата Македонска држава. Пред Струмица Василие II го пречекал архиепископот Давид, предавајќи му писмо од царицата — вдовица Марија, жената на Јован Владислав, што исто така молела за привилегии. Во овие години на тешки војни настрадале и многу градови и села. Меѓу другите и Струмица била ограбена и опустошена, а дел од нејзиното население било принудно иселено во Мала Азија, тракиското приморје. На крајот победителот — императорот влегол и во Охрид, по кое се вратил во Цариград. Со тоа едно вонредно значајно поглавје од историјата на македонскиот народ завршило; една нејзина светла страница била затворена.

Можат да се набројат повеќе причини за релативно брзото пропаѓање на Самоиловото царство. Се задржуваме само на две од нив. Скоро за сето време на постоење на ова царство, а особено во последните десеттини години, обата противника — Македонската држава и Византија, во меѓусебните војни, максимално ги напрегнале сите свои сили, при што надвила економски поразвиената и далеку побогата Византија. Василие II, и самиот талентиран војсководач во овие години сите свои сили ги концентрирал против Самоила. Негативно се одразила и геополитичката положба на Македонија. Многугодишните напори на Василие II, во оваа гигантска борба, покажуваат дека Византија била готова по цената на вонредно тешки жртви да не дозволи опстанок на еден нов и траен државен организам во срцето на Балканскиот Полуостров.

# 7. СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ ПОД ВИЗАНТИСКО И СРПСКО ГОСПОДСТВО (XI—XVI в. ). САМОСТОЈНИТЕ МАКЕДОНСКИ ФЕУДАЛНИ ВЛАДЕТЕЛИ ДОБРОМИР ХРС И ДОБРОМИР СТРЕЗ

Откога била уништена Самоиловата држава, Василие II ја вклучил Македонија во византискиот тематски управен систем, претворајќи ја во одделна административна област, тема, под името „Бугарија" и со седиште во Скопје. По ваков начин, Византиците многу ќе придонесат да се зацврсти бугарското име во државно-правната традиција на Македонија. Василие II, додека бил жив, не го изменил даночниот систем што го наследил од Самоила, поради што положбата на македонските селски маси битно не се влошила, што не ќе биде случај подоцна, особено кон средината на XI век. Сепак губењето на државната самостојност изменило многу нешто во Македонија. Се изменил етничкиот состав на феудалното племство, зашто на сите управни служби на местото на Словени, дошле Грци. Сите високи црковни функции во Македонија исто така дошле во рацете на Грци, со што силно била погодена словенската писменост и култура. Од ова време започнува да се среќава грчко (навистина малубројно) население и во поголемите македонски градови. Тоа било случај и со Струмица.

Имено, заедно со командантот на Струмичката тврдина, со византискиот гарнизон во неа и со епископот и неговите помошници, и во Струмица се настаниле Грци. Така во еден попис („практикон") на манастирските имоти во Струмичката област од XII век, како сведоци се потпишале дванаесетмина видни граѓани, меѓу кои, само половината биле Словени. Имено, двајца од нив биле попови, потпишани словенски, а другите четворица имаат словенски имиња.

Останатите шестмина носат грчки имиња. Но, кога се има предвид дека само меѓу видните и поимотни луѓе можеле да се најдат Грци, станува јасно дека масата од населението, особено во селата, си останала словенско-македонска.

Василие II ја деградирал и Охридската патријаршија од времето на Самоила, во ранг на автокефална (самоуправна) архиепископија, потчинувајќи си ја директно под своја власт. Првиот архиепископ бил Јован, за кого се смета дека бил Словен, но веќе по 1037 година, со доаѓањето за Охридски архиепископ на Гркот Леон, и оваа важна црковна функција ќе падне во рацете на Грци. Василие II издал и три повелби (грамоти) со кои ѝ ги оставил дотогашните, а во по нешто, и ги проширил привилегиите на Охридската архиепископија. Од овие документи се дознава и територијалниот обем на Самоиловата држава. Во првата грамота, од 1019 година, императорот ги набројува сите епархии на бившата Самоилова држава, а меѓу нив и Струмичката епархија, која што се појавува како одделна целина. Во грамотата се определува бројот на закрепостените селани, клирици и парици, што им се даваат на епископите. Петтото место од овој список на епархиите го зазема Струмичката епархија, за која е речено следново: „Епископот на Струмица да има во самата Струмица, во Радовиш и во Конче 12 клирици и 12 парици". Овој податок покажува дека Струмица и во Самоилово време била, а и подоцна останала, седиште на епископ. Како што видовме, таа била такво седиште и порано, пред Самоила. Од ова време Струмица станува седиште и на тема, со која управувал византиски стратег, а со тоа нејзиното значење за Византија уште повеќе пораснало.

Едновремено со византиската превласт на Балканот и со зголеменото византиско влијание во Македонија, кои уследиле во резултат од победите на Василие II, се зголемила и експлоатацијата на македонските народни

маси. Македонија цврсто била вклучена во византискиот феудален систем, а процесот на феудализација до крајот на XII век веќе бил завршен. Овој процес на народните маси им носел губење на личните слободи и закрепостување, бесконечно зголемување на државните, црковните и феудалните ангарии, даноци и такси, а честопати и најотворено пљачкање. Тоа било и причината во текот на XI век да се кренат две поголеми, но неуспешни востанија, чии раководители се наслонувале како врз незадоволните народни маси, така и врз сè уште свежите традиции на Самоиловата држава. Тоа биле востанијата на Петар Делјан во 1040 и на Ѓорѓи Војтех во 1072 година. Но, арената на востаничките дејства, и во обете востанија, не ја зафатиле и Струмичката област. Таа останала надвор од овие дејства. По овие две македонски востанија, сè до пред крајот на XII век, во Македонија завладеал релативен мир коешто време било искористено за зацврстување на византискиот феудален систем во неа.

На самиот почеток од XII век Струмица пак се споменува во византиските извори. Имено, при едно свое минување низ Струмица императорот Алексеј I Комнен, го посетил во 1106 година наскоро основаниот манастир „Света Богородица Елеуса", кај селото Вељуса, при што му подарил земји и имоти.

Крајот на XII и почетокот на XIII век во историјата на Македонија биле исполнети со една крајно тешка и анархична положба, во која несигурноста за животот и имотот на луѓето се зголемиле до опасни размери. За еден многу краток период повеќе од десетпати во македонските предели се сменувале нејзините господари. Византиската моќ брзо опаѓала, зашто била разјадувана од династички борби, од стремежот на крупните феудалци за самостојност и нивните борби како меѓу себе, така и со централната власт. Крупни опасности го загрозиле Балканот и Македонија, и од нападите на Кумани и Печенеги од север, на Венецијанци, Нормани и крстоносци — од запад. Во 1204 година крстоносците го

освоиле и опљачкале и Цариград, разбивајќи ја за повеќе од половина век Византија, на чие место изникнале неколку мали латински и византиски државици. Солун, заземен исто така од крстоносците, станал седиште на Латинското Кралство. Во исто време на балканската политичка сцена се појавуваат средновековна Србија на Немашиќите (по 1170 година), и таканареченото Второ бугарско царство, по востанието, кренато во 1185 година.

Во условите на слабеење, а потоа и привремено пропаѓање на Византија, на успешните ослободителни востанички и други борби на Срби и Бугари, и во Македонија се појавиле сепаратистички стремежи кај крупните феудалци. Таков бил феудалецот Добромир Хрс (или Хрис), со чија појава Струмица станала центар на неговата краткотрајна феудална државица.

За потеклото на Хрса нема сигурни податоци, но се претпоставува дека потекнувал од македонското феудално племство. Сигурно се знае тоа дека околу 1185 година Хрс, имајќи ја в раце Струмичката тврдина и околу 500 војници под своја команда, се прогласил за самостоен господар на Струмичката област. Византиските историчари го опишуваат Хрса како човек превртлив и вероломен; човек кој постојано ги менувал сојузниците. Меѓутоа, во овие нестабилни, анархични времиња, таков не бил само тој; такви биле сите крупни феудалци и дворски клики.

Чувствувајќи се слаб и кокетирајќи со византиската централна власт тој, во прво време, се поврзал со неа и учествувал во борбите против бугарското востание. Како пак во исто време продолжил да ги шири своите земји за сметка на Византија и да ја затврдува својата лична кнежевска власт, од Византиците бил фатен и затворен. Затворањето може да било и превентива, за да се осуети евентуалното поврзување на Хрса со крстоносците коишто, заземајќи ги привремено градовите Бер, Воден и Петрич „со целата нивна околна територија", дошле до Хрсовите области. Но, Хрсовото затворање се покажало

краткотрајно, зашто по неколку месеци, тој не само што бил ослободен, туку му била дадена областа околу Струмица со задача да ја брани „од варварските навлегувања". Овде веројатно византиските извори мислат на нападите од Бугарија. Очигледно е дека и Византија била принудена да кокетира со Хрса, да го искористи за свои цели, до толку повеќе што тој имал извесна популарност среде населението од Струмичката област.

Добромир Хрс, користејќи се со династичките борби во Византија, со присуството на крстоносците, со навлегувањето на Бугарија од една, и на Србија од друга страна во Македонија, пак ги изневерил Византиците и продолжил да работи на создавањето на својата државица. Тој ја снабдил Струмичката тврдина со потребното оружје и храна, склучил сојуз со бугарскиот цар Калојан и со војска навлегол во Серската област. Потоа се свртел кон долината на Вардар и ја освоил тврдината Просек, на влезот на Вардар во клисурата кај денешната Демир Капија. Сите новоосвоени земји Хрс ги приклучувал кон своето феудално кнежевство. По овие успеси Хрс го избрал Просек за свое седиште, зашто неговата тврдина, изградена врз една од високите стрмни карпи на влезот во клисурата, не само што била стратегиски важна, туку за тогашната воена техника и неосвоива. Просек за Хрса сега станал поважен и од Струмица.

Плашејќи се од засилувањето на Хрса, новиот византиски император Алексеј III, поодамна се готвел за поход, но до војна дошло дури во 1199 година. Тогаш византиските војски, командувани лично од императорот, преку Солун дошле под тврдината на Просек. Но, тврдината се покажала неосвоива и походот безуспешен, поради што императорот ја кренал опсадата и се вратил назад. Во византиските извори овие борби за Просек, како и самата тврдина, се опишани мошне релјефно. Не можејќи понатаму да војува, ниту да остане со војските во Македонија, Алексеј III бил принуден да

стапи во преговори со Хрса. Дошло и до склучување на мир, според кој Византија го признала Хрса за независен владетел на Просек, Струмица и многу други околни земји и помали тврдини. По ваков начин било создадено ново независно феудално кнежевство во централна Македонија, коешто главно ги опфаќало земјите по средниот тек на реките Струма и Вардар. Меѓу владеењата на Византија и Хрс била поставена и граница, која на запад допирала до Прилеп, а на исток до Серската област.

Своето натамошно војување и проширување на државните територии Хрс го вршел со својот дедо (се женел неколкупати за Византики) византискиот големец и крупен богаташ Мануил Камица кој, откога паднал во немилост во Цариград, преку Бугарија, се склонил во Просек. Хрс и Камица сега всушност се сојузиле против Византија, војувајќи заедно, но и секој за себе. Во 1201 година тие презеле заеднички поход во Пелагонија, каде што нивните војски набргу ја зазеле Битола, а без борби влегле и во Прилеп. Со тоа и овој дел од Македонија влегол во границите на Хрсовите владееења. По освојувањето на Пелагонија тие своите напади ги свртеле кон Тесалија, каде што Мануил Камица, изгледа, освојувал територии за своја сметка. Тие успеале дури да ги кренат на бунт против централната власт Стара Грција и Пелопонез.

Во исто време и во Смолјанската област се отцепил друг еден крупен византиски феудалец.

Успесите на Хрс и Камица му покажале на императорот дека нивните амбиции се преголеми и опасни. Затоа при прв погоден момент тој собрал голема војска и тргнал против нив. Еден дел од војските се упатил во Смолјанската област, а другиот, поголемиот, тргнал против Хрса и Камица. Меѓутоа, овој поход се покажал долготраен и безуспешен, поради што императорската дипломација вложила напори, прво да ги скара и раздвои сојузниците, за потоа секој поодделно да го бие. На Хрса, кој се повлекол во Просек, му биле

дадени богати подароци и византиската убавица Теодора за нова жена, така што тој ја набркал ќерката од Камица и го оставил него во Тесалија сам на сопствената судбина. Потоа набргу дошол редот и на Хрса. Византиските историчари тврдат дека Алексеј III му ја одзел во 1202 година и Струмица која, изгледа, претставувала негово последно упориште. А тоа станало само две години пред освојувањето на Цариград од крстоносците. Што се случило потоа со Хрса не е познато. Неговото име по 1202 година воопшто не се спомнува, па се можни само претпоставки врз основа на некои индиректни соопштенија. По исчезнувањето на Хрса, неговите владеења си ги поделиле Византија и Бугарија — Струмица му припаднала на византискиот император, а Просек — на бугарскиот цар Калојан.

При повторното освојување на Струмичката област Византиците извршиле пљачкања и пустошења, а дел од нејзиното население го одвеле во ропство.

Меѓутоа, одвај што бил ликвидиран Хрс, во Просек се затврдил друг самостоен крупен феудалец — Добромир Стрез (1208—1214 г. ). Појавата на Стрез во Македонија била сврзана со династичките борби околу бугарскиот престол по убиството на Калојан, со помошта што на Стреза му ја дал српскиот владетел, како и со поддршката од месното македонско население кое очекувало дека тој ќе го одбрани од честите опустошувачки навлегувања на крстоносците и бугарските војски. Имено во Бугарија, од каде што дошол, Стрез застанал на чело на феудалната опозиција против узурпаторот на царската круна Борил. Стрез инаку му бил близок роднина на убиениот цар Калојан. Паѓајќи во немилост во бугарскиот двор, Стрез избегал во Србија кај великиот жупан Стеван Немања (Првовенчани. Овде Стрез се збратимил со српскиот владетел, добил од него, како што соопштуваат српските извори, „многу коњи и војска" и тргнал во освојувања во Македонија. Земјите овде тој ги освојувал од Бугарија. Српскиот владетел во оваа помош и поддршка вложувал

свои сметки и интереси, што наскоро и отворено се манифестирало низ антагонизмот меѓу него и Стрез.

За свое седиште Стрез го избрал Просек и наскоро создал самостојна феудална државица на местото од Хрсовата, чија граница на југ допирала до Солун, а на запад — до Охрид. Тогаш и помали делови од Охридската архиепископија влегле, за кратко време, во составот на неговите владееења.

Во истото ова време, на исток од Струмичката област, со седиште прво во Родопската област, а потоа во тврдината на Мелник, се одметнал од бугарската држава крупниот феудалец деспот Слав. Сојузувајќи се Стрез и Слав започнал да војува на разни страни, при што заеднички освоиле некои земји по средниот тек на Струма. Тогаш Струма, всушност, станала нивна заедничка граница: на исток од неа се наоѓале владееењата на деспот Слав а на запад — земјите на Добромир Стрез. Според тоа, и Струмица, со сета нејзина поблиска околија влегла, но за кратко време, во составот на Стрезовата државица. Во почетокот на 1209 година бугарскиот цар Борил тргнал со војска против Стреза, но до војна не дошло, па тие заемно се измириле.

Осигурувајќи се од напади од Бугарија и од Србија, и склучувајќи сојуз со епирскиот деспот, Стрез презел во 1212 година поход на југ, против Солунското латинско кралство. Меѓутоа, во Пелагонија Стрез претрпел тежок пораз, изгубил голем дел од војската и се повлекол на север во Просек и кон Скопје. Набргу потоа во 1214 година, Добромир Стрез станал жртва на заговор во Просек, веројатно организиран од српска страна.

Во следните стотина години до паѓањето под српска власт, во Струмичката област, како впрочем и во останатите македонски краишта, повеќепати се смениле нејзините политички владеачи. Отпрвин, по смртта на Стрез, таа влегла во составот на владееењата на деспот Слав, а по пропаѓањето на Солунското латинско кралство, била вклучена во византиската Епирска деспотовина. По поразот на Епирците во битката кај

Клокотница, во денешна јужна Бугарија, во 1230 година, и Струмичката област, за еден период од десеттина години, била вклучена во бугарското царство на Иван Асен II, за наскоро по неговата смрт повторно да влезе, за подолго време, во составот на Византија која во 1261 година била обновена.

Приближно од ова време, од последните години на византиското владеење овде, се зачувал еден мошне ценет опис на градот и на неговата околија, направен од византискиот историчар и писател Никифор Грегора. Имено, Грегора патувал со мала воена придружба, со дипломатска мисија во Србија, и во 1326 година се задржал неколку дена во Струмица. Описот е даден во вид на писмо до еден негов пријател и содржи ценети податоци за политичката положба и за етнографијата на Струмичко и на неговите соседни области.

Грегора најнапред ја опишува областа околу реката Струма, што ја минале на чунови, а потоа ноќе го продолжиле патот на запад кон Струмица, навлегувајќи во „густа и непроодна шума, испресечена овдеонде од ридови и долини", каде што „капините им ги кинеле чевлите и облеката". Учениот Византинец зборува и за сè уште видливите последици од честите пустошења што станувале порано и кои „брзо ги претвориле овие краишта во пусти и ненаселени". Судејќи по сведочењето на Грегора дека утредента патувале уште еден цел ден до Струмица, па и по описот на месноста на нивното ноќевање, треба да заклучиме како групата ноќевала околу Кључката клисура, а во секој случај, источно од Ново Село.

Доцна во ноќта пред Византиците изненадно се јавила група месни луѓе, вооружени со лесно оружје, составено од копја, секири, а понекои носеле и стрели. „Изненадување и страв одеднаш ги фати нашите луѓе", вели тој, зашто се нашле „во туѓа земја и во такво (ноќно) време. Живеејќи во оваа земја, и свикнати да прават заседи по клисурите, тие можеа да се борат со нас, кои бевме туѓинци", вели Грегора. Сепак до напад не дошло,

а вооружените „варвари", т. е. Македонци, со неколку зборови објасниле дека на ова место стоеле за да „ги бранат патиштата, реките, од оние што би посакале тајно да се префрлат во соседните краишта за пљачкање".

На неколку места во писмото Грегора споменува дека во овие краишта се зборувало на „еден варварски јазик"; дека месните луѓе не го знаеле грчкиот јазик; дека со вооружената стража во клисурата можеле да се разберат, благодарејќи на тоа што меѓу Византинците имало некои кои „донекаде го знаеја нивниот јазик". Зборувајќи за народноста на месното население, Грегора вели, дека ова население, „во најголем дел по потекло било од мизиските колони", т. е. од Словените, коишто византискиот цариградски Грк, по седумте изминати векови од нивното доаѓање, ги претставува за доселеници, за колони.

За самиот град Струмица вели дека луѓето од овој крај него го викале Струмица, што уште еднаш укажува на словенското потекло и на месната народна употреба на ова име, наспроти името Тибериопол кое било византиско и импортирано.

Струмица, при што се мисли на тврдината, била „сместена врз една стрмна планина, така ѓаволски издигната, што оние — се вели понатаму во писмото — што седат на нејзините ѕидови личат на не знам какви птици кога човек ги гледа од рамницата". Во Струмица, седејќи во нејзината тврдина, Грегора го отпразнувал и Велигден кој се паднал токму во овие денови. „Ние останавме на ова место цел ден, вели тој, го празнувавме како што доликува овој празник и направивме мала почивка и забава. Се наведнувавме од ѕидовите на тврдината и ги гледавме долу во рамницата веселбите што се прават при вакви случаи, а особено различните ора што ги играа младите и старите луѓе".

По тридневно ново патување мисијата на Никифор Грегора, заедно со вооружената придружба, стасала во Скопје кое во ова време веќе било во српски раце.

Учениот Византинец, навикнат на удобен и безгрижен живот, со истанчен вкус на жител од високото цариградско општество, ни малку не останал задоволен од својот престој меѓу словенското население во Македонија и во Струмица. Тој жали што е далеку од столнината и со високомерен тон пишува за луѓето чиј „говор е овчарски и планински"; кои „ја сметаат за глупост... сета ритмована и хармонизирана музика на светите химни"; за оваа „туѓа и варварска земја". Одбележуваме дека овој тон се задржал и до денес во грчката историографија кога таа пишува за Македонците, продолжувајќи ја традицијата на високомерните византиски историчари, хроничари и други автори.

Едновремено со ова во северна и централна Македонија се затврдила младата и експанзивна српска феудална држава, која сè поуспешно ги проширувала своите граници кон југ, а за сметка на Византија.

Војните на српските владетели против Византија биле и успешни и долготрајни и во нив страдале и одделни области од јужна Македонија. Така, кон крајот на 1283 година кралот Милутин навлегол длабоко во Македонија, ги опустошил Струмската и Серската област и кај Кавала Србите првпат излегле на Егејско Море, по кое пак се повлекле. Милутин вршел походи што главно имале пљачкашки карактер, но без да ја помрдне границата на југ која тогаш минувала на север од Струмица, Прилеп и Охрид. Во ова време во Скопје била пренесена и столнината на српските владетели кој акт јасно ја покажувал насоката на идните српски освојувања. Потоа настапил еден триесетгодишен период на релативно мирни српско-византиски односи, исполнет со засилено византиско културно влијание на српскиот двор.

Овие односи ги нарушил српскиот владетел Стефан Душан (1331—1355) кој отпрвин носел кралска титула, а во 1346 година се прогласил за цар. Наскоро по доаѓањето на Душана на српскиот престол тој го освоил

од Византија и преостанатиот јужен дел од Македонија (без Солун), приклучувајќи ја неа кон своите дотогашни и наследени владеења. Во походот од 1334 година во српски раце, според тврдењето на едни извори, паднала и Струмица. За ова еден српски извор го соопштува, меѓу другото, и следното:

„А другите области и градови грчки (се мисли освоени од Грците б. н. ) што ги зазеде и присоедини кон земјата на својата татковина, и многу други земји... чии имиња се: прво, славниот Охрид, и славниот град Прилеп (во кој благочестивиот крал соѕида за себе двор за живеење), и пак славниот град Костур, и градот Струмица, градот Лерин... И сето ова го зазеде за три години од своето кралуваше... " Овие земји Душан ги освоил, изгледа, без да сретне организиран и силен отпор, а некои градови, како што бил, изгледа и случајот со Струмица, сами му се предавале.

Од друга страна некои податоци укажуваат дека уште пред доаѓањето на Душана на српскиот престол во Струмица веќе се зацврстил самостојниот феудалец, протосевастот Хрељо, во српските народни песни познатиот „Реља Крилатица". Познатиот српски буржоаски историчар Стојан Новаковиќ со право забележува дека уште во времето на Стеван Дечански српската граница кон Византија минувала јужно од Струмица. Индиректно ова го потврдува и погоре цитираниот Никифор Грегора, со своето сведочење дека по минувањето на Струма влегле „во туѓа земја"; дека тука биле „туѓинци". Па и податокот за пресретнувањето од вооружената стража која и ја исплашила византиската делегација на чело со Грегора, укажува на тоа дека таа можела да биде и гранична стража на преминот кон Струмица. Дека феудалецот Хрељо створил своја полунезависна држава на теренот околу Штип и Струмица уште пред 1334 година покажуваа и дарувањата на цркви, имоти и села сосе селаните што тој ги подарил на светогорскиот манастир Хилендар. Имено, во една повелба на српскиот крал Урош III

(претходникот на Душан) од 1328 година се потврдуваат извршените од Хреља дарувања на Хилендарскиот манастир „Свети Архангел" во Штип, што Хрељо пред тоа го подигнал како своја задужбина. За одбележување е и тоа што од наброените во повелбата села и места во Струмичко, врз кои подоцна повеќе се задржуваме, ни едно не се наоѓа источно од селото Конарене („Кунарани") и Кључ што може да посочи до каде во таа насока и во ова време допирала власта на Хреља. Во повелбата српскиот крал го наречува Хреља „верни и многовозљубљени властелин" што исто така покажува дека во ова време тој бил полусамостоен владетел", кој веројатно стапил во вазални односи спрема Србија. Четири години подоцна, во една од првите повелби на Душана, од 1332 година и тој го наречува протосевастот Хрељо „правоверни властелин кралевства ми. "

Инаку, за потеклото на Хрељо, не се знае многу. Узурпаторот на византискиот престол, познатиот Јован Кантакузен вели дека, „војводата Хрељо, кој владеел во Струмица и Петрич, бил од македонско потекло", но го наречува Србин.

Издигањето на Хреља како полусамостоен владетел во овој дел од Македонија, станувало под слични околности, какви што биле оние во кои пред него се издигнале Хрс и Стрез. Имено, на Балканот, во и околу Македонија, се создала една крајно нестабилна и несигурна положба кога во Византија се воделе вистински граѓански династички војни, отпрвин меѓу претендентите за престолот Андроник II и Андроник III (дедо и внук) и нивните приврзаници, а потоа и помеѓу привремениот победник Андроник III и неговиот наследник, од една, со Јован Кантакузен — од друга страна. Во овие долготрајни и опустошувачки војни се замешувале, или самоиницијативно, или на барање од византиските ривали за престолот, и српските владетели кои ги користеле овие поводи за постојано освојување на нови територии во Македонија, Албанија и Грција. Во ваквата поволна ситуација и Хрељо можел да лавира, да

ги менува по потреба сојузниците, а во исто време да ја зацврснува и проширува својата лична власт. Отпрвин, уште во времето на Уроша III, и по негово барање, Хрељо го помагал Андроник II, во борбата против неговиот внук. Тогаш, изгледа, тој и ја добил византиската дворска титула протосеваст. Хрељовото приближување кон Андроник II станало во времето кога овој извоевал извесни победи во Албанија и Епир и кога на друга страна, Душан во 1340 година паднал тешко болен. Тогаш, фактички, Хрељо го отфрлил српското вазалство, се одметнал од Србија и зазел нови земји, меѓу кои и градот Мелник. Душан останал озлобен на својот бивш вазал и барал момент да му се освети во што сè пак не ќе успее.

Во меѓувреме, Кантакузен се прогласил Во октомври 1341 година за византиски цар и дошол во Скопје, во 1342 година, каде што склучил сојуз за заедничко војување со Душана, а против својот соперник, императорот Јован V. На средбата во Скопје, во преговорите бил вметнат и Хрељо кој во последно време му се приближил на Кантакузена. Душан барал да му се предаде Хрељо, на што Кантакузен не се согласил. Договорот во Скопје уште не бил склучен, а од Хреља стигнало писмо во кое го молел Душана за прошка и ветувал дека својата област ја става под сизеренство на Србија. На крајот договорот бил склучен, со тоа што кон сојузот се приклучил и Хрељо. Во пролетта 1343 година војските на Душан и Кантакузен се појавиле под ѕидиштата на Серес кој, во 1345 година, и паднал. На следната година, секако на свиканиот Државен собор, Душан се прогласил за „цар на Србите и Грците".

Меѓутоа, Хрељо наскоро умрел, откако пред самата смрт се покалуѓерил земајќи го црквеното име Харитон. Жена му го погребала во Рилскиот манастир, кој бил негова задужбина и од него основан. И денес во кругот на овој манастир постои висока камена кула што се вика „Хрељова кула", со што се зачувал споменот на основачот на овој вонредно значаен манастир.

Штом Душан ја научил веста за смртта на својот несигурен вазал, го оставил Кантакузена под Серес, а самиот на чело на своја одбрана војска се упатил кон Струмица и ја зазел, приклучувајќи ја дефинитивно и неа и сите Хрељови владееења кон своите државни територии. До ова време во негови раце паднал и градот Мелник, а границата на средновековна Србија на исток допрела до горниот и средниот тек на реката Места. Како погранични српски тврдини тогаш станале Велбужд (денешен Ќустендил), Мелник, Драма и Филипи (над денешна Кавала).

Со паѓањето и на Серес и на некои други градови, не само Струмичката област, туку и цела Македонија (без Солун) биле вклучени во Србија, но не за долго. Дали при ова заземање на Струмица се воделе борби не е познато, но судејќи според една Душанова повелба од март 1343 година, може да се заклучи дека градот му бил предаден на Душана без отпор. Имено, со оваа повелба Душан му потврдил дел од дотогашните привилегии и имоти на некој си „властелин на Струмица Рудл", што овој ги имал добиено од Хреља. Секако, овој Рудл, по покалуѓерувањето на Хреља чиј крупен феудалец и бил, управувал за кратко време, т. е. до доаѓањето на Душана, со градот Струмица.

Овој Рудл, „властелин града того", т. е. на Струмица и му ја предал неа, на Душана.

Одбележуваме уште дека за Хреља се зборува и во некои грчки извори. Во нив тој е окарактеризиран како мошне богат и силен феудалец; човек кој „меѓу благородниците од својата нација со храброст и со сите воени почести се величаше" и кој во својата столнина Струмица имал „тврдина што се издига кон облаците".

По конечното вклучување на Струмица и нејзината околија во српската држава, како нејзин царски наместник (управник) се споменува српскиот феудалец „кефалија Дабижив", кој веројатно на оваа должност бил поставен од самиот Душан. Што станало со него подоцна, не е познато.

Меѓутоа, скорешната и ненадејна Душанова смрт (умрел за време на воен поход „под Бер", пред самиот Солун, на 20 декември 1355 година), како да претставувала сигнал за српските крупни феудалци да се зафатат со распарчувањето на неговото опширно царство. А тоа како да им го овозможил самиот Душан, доделувајќи им огромни феудални поседи во освоените земји и давајќи им функции на царски наместници на цели покраини, разни почести, српски и византиски титули итн. Времето на Душана било период на најбрзо збогатување, на економско и политичко зајакнување на српските крупни феудалци, кои по неговата смрт веднаш ќе пристапат кон борба и за потполно политичко осамостојување. Идната феудална распарченост Како да ја навестил протосевасторот Хрељо кој, како што веќе видовме, се одметнал од централната српска власт и неколку години во своите односи со Србија и Византија се држел како самостоен владетел. Својот опис за распаѓањето на српската феудална држава и за меѓусебните борби за власт на Душановите наследници и крупни феудалци, спомнатиот Кантакузен го завршува со мошне карактеристичната мисла: „И на иљаду страни разединети, почнаа меѓусебно гложење. "

Распаѓањето на пространата српска држава особено се засилило по 1366 година кога таа, според Стојан Новаковиќ, се поделила во два дела: јужни и северни држави. Македонија, која покрај Тесалија, Епир и делови од Албанија, влегла во јужниот дел ја заграбиле голем број крупни феудални владетели. Во земјите со центар во Серес се утврдила во прво време жената на Душан, царицата Елена, со група крупни феудалци и црквени великодостојници, а малку подоцна — деспот Угљеша. Неговиот брат Волкашин, откако потиснал некои свои соседи и ја сместил својата столнина во една од бившите Душанови резиденции, утврдениот град Прилеп, до толку се засилил што во 1365 година се прогласил за крал. Волкашин бил татко на легендарниот крал Марко, вонредно богато опеан во народниот епос.

Со земјите помеѓу Серес, Солун и Струмица, до Беласица, т. е. западно од Угљеша господарел војводата Богдан, за кого не се знае скоро ништо поконкретно. Областите околу Бер и Воден, на северо-запад од Солун, ги заграбил друг еден војвода, Хлапен (дедо на крал Марко), кој на овој терен се задржал сè додека спомнативе тврдини не ги зазеле Турците. Во североисточна Македонија отпрвин се затврдиле моќниот деспот Оливер и крупниот феудалец Влатко, за наскоро по нивната смрт, во целиот североисточен дел од денешна СР Македонија, па и надвор од него, и заедно со Струмичката област да се формира нова опширна феудална држава на браќата Деановиќи. Во земјите околу Радовиш и на југ од него, за извесно време како крупен феудален господар, се затврдил војводата Никола Стањевиќ, кого повторно ќе го споменеме при анализата на една негова повелба издадена од 1366 година. Нешто подоцна и неговите владеења влегле во составот на државата на браќата Деановиќи.

Браќата Деановиќи — деспот Јован Драгаш и „господин" Константин — биле синови на Душановиот властелин и зет Деан Жарковиќ, кој бил оженет за неговата сестра Теодора. Деан откога се оженил за Душановата сестра ја добил дворската титула деспот и владеел во областа Жеглигово, околу денешно Куманово. Оваа титула по неговата смрт ќе ја наследи син му Јован Драгаш, кој во изворите најчесто се спомнува само со името Драгаш. Деановата жена која по неговата смрт се покалуѓерила, земајќи го црквеното име Евдокија. во неколку повелби издадени од неа себеси се наречува „царица", секако заради своето „царско" потекло. Остатокот од својот живот таа го поминала во Ќустендил и Струмица, во која издала и три повелби за подарување на имоти на светогорските манастири. Државата на Деановиќите во прво време не била голема и како што веќе спомнавме се простирала во старата жупа Жеглигово, граничејќи се со околу Штип и Кратово — на југ и исток, и со Прешево — на север. Како според некои

историчари нивниот татко Деан, деспот Оливер и војводата Богдан биле родени браќа, тоа може да се претпостави дека двајцата браќа Деановиќи, по смртта на овие двајца нивни стриковци, ги зазеле и нивните земји и наскоро создале мошне опширна држава. Од север кон југ таа се простирала од Прешево и Жеглигово — до Халкидик и до границите на Серската и Солунската област, опфаќајќи ги градовите и земјите околу Кратово, Штип, Велес (денес Титов Велес), во Тиквеш, околу Кочани, Струмица, Петрич, Дојран и други градови и тврдини во јужна насока и на југ од Беласица. Надвор од Македонија во оваа држава влегувале Прешево и Велбужд. Овој последниов град, Велбужд, оттогаш и ќе почне да се наречува Ќустендил. Некои моменти укажуваат на тоа дека покрај Велбужд и Струмица била седиште на Деановиќевата феудална држава. До кое време земјите на југ од Беласица останале во нејзиниот состав не е познато, но е сигурно дека тие први отпаднале од нејзините граници. Инаку, браќата Деановиќи дефинитивно се отцепиле од составот на српската средновековна држава, т. е. само единаесет години по смртта на Душан. Државата на браќата Драгаш и Константин Деановиќи, или поточно нејзиното македонско население, меѓу првите во Македонија ја доживеало трагичната судбина на паѓање под многувековното османско ропство, на што поподробно се осврнуваме во следниот дел од нашата монографија.

## 8. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКА ПОЛОЖБА ВО СТРУМИЧКАТА ОБЛАСТ ВО XIII И XIV ВЕК

Проширувањето во Македонија и во Струмичката област, прво, на обновената бугарска држава, а потоа и на средновековна Србија, ги спречило тенденциите на самостојните македонски и други феудалци да

формираат каков и да е потраен државен организам. Но, од друга страна, нејзиното вклучување во овие држави, особено во Србија, кое се покажало далеку подолготрајно, како и владеењето во Струмичко на самостојните феудалци, многу придонело за потиснување на засиленото и опасно грчко културно влијание и на грчкиот етнички елемент одовде. Овој процес на отстранување на грчките и нивната замена со српски и македонски словенски феудалци, и управници, и со словенски црквен клир, во почетокот бил побавен, а подоцна, особено во текот на српското владеење и позабрзан. Тој го поткопувал и смалувал значењето и влијанието на грчката феудална-управувачка класа во Македонија во која грчко население, со исклучок во градовите, скоро и немало. Во македонските градови и тврдини, па дури и надвор од нив, Душан сместил српски гарнизони, сите главни носители на новата државна власт биле Срби, па дури и дел од високиот грчки клир бил заменет од српскиот феудален, воен и црковен владеачки елемент. Дел од грчкиот привилегиран слој сам се повлекол пред српското настапување, додека на други им биле одземени феудалните земји и служби.

Сепак, грчкиот етнички елемент ни во ова време не бил потполно отстранет, особено не од градовите. Нешто повеќе: мошне бргу, уште во Душаново време српските феудалци се сродиле и испопохрзале, со останатиот по местата грчки привилегиран слој во Македонија. Сепак биле извршени значителни етнички промени во корист на словенскиот елемент што ќе биде од далекусежно значење, особено со обѕир на фактот што ваквата положба на создадената словенска предност, наскоро ќе ја наследат Турците и во голема мерка ќе ја конзервираат.

Оваа смена на феудално-владеачката класа ја опфатила и Струмичката област. Видовме дека уште пред дефинитивното нејзино вклучување во тогашна Србија, на местото од грчките управници во неа владеел

словенскиот феудалец Хрељо, на кого му биле потчинети пониските домашни феудалци. Него го заменил Рудл, а подоцна Душановиот наместник Дабижив, додека пак, уште подоцна, во целата област се зацврстиле браќата Деановиќи со својата пониска српска и македонска феудална класа. Имињата и на другите околни феудалци, како војводата Никола Станевиќ во Радовишко, исто така го посочуваат нивното потекло.

Промени станале во составот и на ниското племство. Од една повелба од 1328 година, со која се потврдува Хрељовото подарување на земји од Струмичко на Хилендарскиот манастир, се гледа дека до ова време како ситни феудалци (пронијари) во селото Секирник биле Ласкар Котаниц, во селото Штука „пронијарите грчки Тутко, Осан, Ласкар и Сидерофан", кои со припаѓањето на овие села на Хилендар, биле истерани од нив. Воопшто, со ширењето на српската држава биле протерувани „грчките пронијари", а на нивните поседи се населувале српски феудалци со својата придружба.

За етничкиот состав на масата од населението кое, како што сведочи и Никифор Грегора, си останало словенско, ни дава податоци и таканаречениот Кончески практик од 1366 година. Овој документ бил издаден од спомнатиот радовишки феудалец Никола Станевиќ. Во него се споменуваат имињата на овие селани и селанки од Конче и некои помали и блиски до него села: Мара, Радица, Новак (ситен феудалец, вазал на Н. Станевиќа), Воин Ников, Мано, Стан Коман, Драгиња Поповиќ, Гергелица, Драгана, Драгија, Михаљ, Герго Дедославов, Драгослав, Славе, В'лкуш, поп Симон итн.

Во друга една повелба, од 1348 година, во која се споменува за подигањето на црква во подножјето на Беласица кај селото Габрово, се вели дека нејзин основач бил „дијак Драгое", а ја осветил „јепископ бански кир Калиник". Овој пример јасно укажува на потеклото на ѓакот и владиката, односно на нискиот клир во Струмичко во ова време.

Но дека во градот се задржало не само грчко, туку дека имало и друго инородно население се гледа и од тоа што на едно место во документите се споменува некој си „кнез Кириак" кој имал „људи, виногради и земља"; на друго, пишувачот на една повелба се потпишал со „ја Хартофилаковиќ Дмитр, писах у граду Струмици", додека во една повелба се подарува „И чловек у Струмици Бале Екса Арменин с детију", што покажува дека во Струмица се наоѓал и понекој Ерменец.

Што се однесува до црквата, спрема неа и Душан и сите српски феудалци се покажале мошне дарежливи и благонаклони. Душан, на пример, им ја зачувал автономијата на светогорските манастири, и на негово барање, спрските феудалци се повлекле од нивните поседи што првобитно ги имале заземено. Биле извршени бројни дарувања на села, земји, имоти на овие манастири кои ја посведочуваат оваа дарежливост. И Охридската архиепископија ја зачувала својата автокефалност во српската држава, иако многу изгубила од своето некогашно значење.

Триенаесеттиот и четиринаесеттиот век во Македонија, па и во Струмичката област, забележале значаен прогрес во развитокот на производните средства и во поделбата на општествениот труд. Во овие векови биле освојувани нови земјишни површини за обработување, се подобрила земјоделската и друга техника (се споменуваат: рало, плуг, срп, коса, палешник и други орудија); се применувало вештачко наводнување на нивите и градините итн. Во исто време била извршена поголема поделба на производителниот труд: се јавуваат бројни и различни стопански занимања во земјоделието, занаетчиството и рударството. Во Македонија било познато и развиено и свиларството. Во Струмичко, како и во другите соседни македонски предели, посебно било развиено лозарството. Житото се мелело во воденици, а правото на држење на воденицте го заграбиле исклучиво за себе феудалците и манастирите.

Од занаетите и занаетчиите најраспространети биле ковачите, и потковачите, потоа златарите, седларите, шивачите, грнчарите, уздарите, ѕидарите и други. Со цел да се оневозможи неконтролирано ковење на пари, златарите биле задолжени да живеат и работат во градовите. Во Македонија била развиена и трговијата, голем дел од чијшто промет се вршел по манастирите и панаѓурите.

Класната структура на населението и во ова време се изразувала низ двете основни антагонистички класи: владеачката, феудална класа и зависната, експлоатирана, селанската класа. Српските, а пред нив и византиските феудалци имале големи поседи заедно сосе селаните кои ја сочинувале потребната работна рака на овие имоти. Во познатиот Душанов законик, кој претставува ретко значаен споменик на средновековното феудално право, сето селско население било опфатено во поимот себри. Но, ова население, според степенот на својата зависност, бројност, занимање и имотна состојба, внатре се подразделувало на повеќе категории: меропси или парици, сточари или Власи, сокалници, занаетчии и отроци или робови. Најбројна категорија биле селаните меропси, а најретки но и најсиромашни — отроците. Тие биле остаток од некогашното робовладетелско општество.

Со цел да се осигури работната сила и редовната експлоатација на ова зависно население тоа било принудно држано, т. е. закрепено за земјите што ги обработувало, а донекаде и за занаетите што ги вршело.

Затоа се вика дека Ова население било закрепостено, приврзано за земјата. Државните закони строго забранувале како бегање на крепосници од нивните феудални господари така и примање на туѓ крепостен селанец или занаетчија. Избеганите, кога ги наоѓале, ги казнувале и враќале на нивниот господар.

Меѓутоа, и имотната и правната положба на зависното население не била на сите категории еднаква. Најтешка била положбата на отроците, додека меропсите

можеле да имаат и своја земја, „баштина", предавана по наследство. Над оваа земја феудалците немале права. Меропсите добивале парцели кои од шуми ги претвораде во обработливи површини и така се здобивале со свои земји. Црковните и манастирските селани (меропси) најчесто биле ослободени од разни давачки и ангарии во корист на феудалците и на државата што во многу ја олеснувало нивната положба. Затоа имало случаи кога селаните бегале од господарите и се населувале врз манастирски имоти.

Инаку, сето ова зависно и експлоатирано население било задолжено со бројни даноци, давачки, ангарии, такси, задолженија и кога експлоатацијата би се зголемила тоа кревало буни и востанија. Зависното население живеело, главно, на феудални и манастирски земји. Бројни биле и разните воени обврски: ѕидање и поправање на тврдини, („градозиданије"), стражарење („градобљуденије"), служење во војската и сл. Сокалниците и занаетчиите биле ослободени од многу давачки и обврски и задолжени да ги послужуваат и снабдуваат со производи своите феудални господари или манастирите. Понекогаш, особено за потребите на државата, цели села биле ангажирани со изработка на определени предмети, по што некои ги добиле и своите имиња (на пример: Седларци во Радовишко).

Привилегираната, феудална класа, според своето богатство и општествена положба, исто така не претставувала единствена и компактна маса. Најбројна била категоријата на ситните феудалци. Нивните поседи обично биле мали и се состоеле од едно село или некаков поголем имот. Овие феудалци и поретко се споменуваат во документите. Над нив стоеле средните, па големите (крупните) феудалци. Последниве го сочинувале феудалниот слој на велможите кои носеле и разни словенски или византиски титули. Се разбира, во феудалното општество овие категории, особено од редот на феудалците, не биле кастински затворени, така што малите феудалци можеле да станат и крупни господари.

Меѓу најкрупните од нив спаѓале и сите феудални владетели на Струмичката област со нејзината тврдина. Од редот на феудалната класа се регрутирала и државната бирократија, односно феудалците добивале и државни функции, додека селанската класа била отстранета од државната власт. Високото свештенство исто така се регрутирало од феудалната класа.

Поради немање на изворна документација не може поконкретно да се утврди структурата на феудалното општество и обемот на феудалните имоти во Струмичката област во ова време, но се претпоставува дека поседите на световните феудалци биле повеќе и поголеми од црковните и манастирските. Од друга страна, од бројните и до денес зачувани манастирски повелби, се гледа дека светогорските манастири имале во Струмичко многу села и земји. Најбогат бил манастирот Хилендар чиј вкупен посед опфаќал околу 360 села и селца, расфрлени на просторот од Солун до Поморавје. На територијата на денешна СР Македонија Хилендарскиот манастир имал 80 села. Во повелбите конкретно е забележано од каков вид е земјиштето, разните стопански објекти што ги добивал и имал манастирот. Се споменуваат ниви, ливади, пасишта, шуми, лозја, бавчи рибарници, ловишта, воденици, рударски окна, ливници и ковачници, па дури и води за наводнување, потоа пазари и панаѓури, поточно приходите од нивните пазаришни такси, поилишта и пладништа за стока итн. Притоа, овие манастирски имоти не претставувале единствени земјишни комплекси, туку биле расфрлени насекаде по Македонија, па и надвор од неа.

Во Струмичко, манастирите исто така имале големи имоти што ги добиле како подароци од световната феудална класа. Така, со една своја повелба Душан му ја дал на манастирот „Свети Архангел, Михаил и Гаврил" кај Призрен „црквата во Струмица на име „Свети петнаесет" со луѓето, и со земјата и со лозјата, и со воденицата, и со сè (друго) што оваа црква си го имала

отпорано". Во случаи каков што бил овој помалата и подарена црква, заедно сосе своите имоти и „луѓе" станувала метох на поголемата црква, односно манастир. Од цитираниот текст се гледа уште дека и во ова време во Струмица не само што постоела црква на името на „Светите петнаесет", туку и какви сѐ имоти имала таа.

Метох на Хилендарскиот манастир станал и манастирот кај Конче, „Свети Стефан", со сите негови имоти и селани. Него на Хилендар му го подарил војводата Никола Станевиќ. По овој повод и бил составен веќе спомнатиот документ, наречен „Кончески практик". Овој имот го опфаќал горниот тек на реката Крива Лакавица со селата Конче, Лубница, Трескавец и Сеништа.

Значителни имоти во Струмичко, особено во селата западно од градот, имал и манастирот „Света Богородица" во Вељуса, основан, како што видовме, во крајот на XI век.

Дарувања на имоти на разни манастири извршиле српските феудалци уште пред Душана, што овој им ги потврдил, такви се вршеле и по неговата смрт. Така, уште Хрељо му подарил на Хилендар имоти во Лакавица, во Кључ и Конарене „трг Светаго Илије", „Планина Беласица", всушност, пасишта меѓу Кључ и Конарене, селото Секирник, селото Штука, пасишта во Огражден и слично, а селаните ги ослободил од дотогашните обврски што ги имале кон нивните феудални господари.

Во друга повелба како подароци се споменуваат „селиште В'лчи Луг у Струмичком поли", планината (секако пасиште) Огражден и „пашиште Чрвена Пољена", веројатно, Црвено Поле во Огражден.

Веднаш по заземањето на Струмица, Душан и самиот извршил дарување на Хилендар, по кој повод во повелбата се споменуваат „Село Боруево... со луѓето" и со сета нивна баштинија; две ниви и воденица што се наоѓале „во градот и во Банско" со луѓето и со ливадите; селото Робово, со сѐ што имало во градот и во полето. „И

сето ова го приложи и записа кралевство ми на Богородица Хилендарска да ест до века црковни и никим неотемлемо", (т. е. неотуѓиво). Градот Струмица и селата Конарене, Секирник и Штука се споменуваат и во една друга повелба од ова време. Сè во ова време, во друга повелба, се спомнува и селото Просениково.

Дарувањата на Хилендарскиот и на другите атонски (светогорски) манастири зеле уште поголем замав по смртта на Душан. Но, за разлика од порано, во ова време, кога Турците давале сè поубедливи докази дека сигурно ќе ги ликвидираат феудалните државици и во Македонија, дарувањата на манастирите имале и конкретни овоземски причини. Имено, сега феудалците им ги отстапувале некои од струмичките села на овие манастири, под услов манастирските управи да им осигураат сносен живот и еден вид азил на дарителите, па дури и на нивните потомци, бидејќи се плашеле дека ќе бидат развластени од страна на турските завојувачи на Македонија. Во Струмичко дарувања со ваква цел извршила и мајката на Деановиќите, „царицата" Евдокија. Таа во времето од 1377 до 1381 година, а тоа било време по Морничката битка, во Струмица потпишала четири подарувачки повелби. Со првата од нив на светогорскиот манастир „Свети Пантелејмон" му биле дадени селата Мокрени, Макриево, Зубово, Борисово и Габрово „со синорот, со планината, со брдата, со лозјата, со овошките, со водениците" и така натаму, Едновремено, како манастирски метох на „Свети Пантелејмон" му била дадена и „црквата (света) Богородица кај Габрово" всушност меѓу Габрово и Банско, за која веќе спомнавме. Во врска со обврските на селаните од овие села во повелбата се вели: „Освободисмо од всех работ и поданк царских: да им ни градозиданија, ни градобљуденија, ни соќа, ни иномистра, ни травнине, ни орања, ни жетве, ни вршитбе, ни сена кошенија, ни виногради работаније, ни поноса, ни провода, ни псара, ни соколара, буде иштено", т. е. барано.

Во втората повелба, од 1378 година, покрај горните села, веќе дадени на овој манастир, како нови дарувања се споменуваат неколку цркви за кои денес е тешко да се утврди каде биле, потоа се набројуваат селото Сушица, „селото Торњево (веројатно Турново б. н. ) што узесмо од властелина нашего Тодора", како и селото Напод. Ова последново село денес не постои. Но фактот што под Беласица на едно плато и денес постои месност „Пот" помеѓу селата Габрово и Колешино, со остатоци од урнати градби како и тоа што Напод се споменува веднаш после Габрово, покажува дека токму овде се наоѓало ова село, кое во меѓувреме, веројатно, во раното турско доба, исчезнало. Во повелбите се споменуваат и други месности, чии имиња и денес се познати или можат да се идентификуваат, како на пример, реката Василица, источно од Ново Село; Црвено Поле и други, додека за други локалитети не може да се утврди на кои села или места се однесуваат (на пр. В'лчи Луг).

Повеќето од овие струмички села, почнувајќи на исток со Кључ и Конарене и завршувајќи со градот, со Вељуса и со Конче што го сочинуваат Подгорот, во наредните векови, изгледа за долго останале сопственост, а нивното население зависно од светогорските манастири. Секако и со овој факт делумно може да се објасни појавата што имено подгорските села, и особено една група од нив, долго време ќе останат, во времето на македонската преродба во XIX век, под власта на Грчката патријаршија.

Инаку, од сите зачувани повелби и други документи, се согледува дека во XIII и XIV век и во Струмичката област имало меропси, занаетчии (особено ковачи и грнчари) и отроци; велможи, болјари, кнезови, војводи и пронијари; попови, калуѓери, ѓакони и владици. Сето ова покажува дека населението и во Струмичко се состоело од сите класни и социјални категории на едно развиено феудално општество, какво што било и македонското во ова време.

Во документите се наброени и повеќето од задолженијата, кулуците и даноците што зависното население, а пред сè нашето селанство, ги плаќало или одработувало за сметка на световните и црковните феудалци.

## 9. КУЛТУРНИ СПОМЕНИЦИ ВО СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ОД СЛОВЕНСКО-ВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД

Според сегашните научни сознанија, Струмица во овој период посебно не се истакнувала како позначајно книжевно средиште. Во тој поглед таа далеку заостанувала зад Охрид и неговата поширока област која, особено во времето на Наум и Климент Охридски и нивните ученици, претставувала првостепено книжевно и културно жариште не само за Македонија, туку и за многу други словенски земји. Оригиналните дела и преводите на црковни книги од грчки јазик особено од Климент и подоцна биле радо читани и препишувани од словенскиот свет, а за задоволување на црковните и верски потреби. Црковните книги, потребни за литургија и проповед биле пишувани на оној словенски јазик што го говореле македонските Словени од околината на Солун, кон средината на IX век. Ако тој не бил јазикот на нашите Струмјани, не можел многу и да биде различен од него, зашто Струмјаните непосредно граничеле со Солунската област. Со тоа пак, говорот на солунските Словени си ја спечалил славата на најстар македонски книжовен јазик и прв литературен јазик за поголемиот дел од Словените воопшто, за низа векови.

Со голема основа може да се претпостави дека и во Струмица се вршело препишување на овие книги. Големата и древна водочка епископска црква, секако, била најпогодно место за една ваква работа.

Од спомениците на словенската црковна и друга архитектура во Струмичко, по својата древност, на прво место стои спомнатата црква „Свети Леонтиј" кај Водоча. Земајќи ја во обѕир идентичноста на ликовните изрази на нејзините фрески, со оние во охридската „Света Софија", може да се одреди и староста на водочката црква: таа, веројатно, била изградена во X или XI век, ако не и порано. Некои автори сметаат дека била изградена во Самоилово време. Еден автор тврди дека кај народот доскоро постоело предание како водочката црква била големо средиште на првите христијани во Струмичката област. Преданието, понатаму, зборува дека во оваа црква долго време се наоѓала епископската резиденција. Тогаш „Св. Леонтиј" била владичка црква. Тоа веројатно е и точно, зашто и во некои историски извори овдешните епископи се споменуваат, освен како „струмички" и „тивериополски", уште и со титулата „водочки". Значи, ако се бара одговор на прашањето зошто некои епископи се споменуваат и како „водочки", треба да се каже дека ова име доаѓало од седиштето на епископијата кое се наоѓало во водочката манастирска црква. Од друга страна, врз основа на некои акти се заклучува дека водочката црква била потполно зачувана сè до времето на Константин Деановиќ, т. е. до нашето паѓање под османско ропство. Според тоа, овој споменик започнал да пропаѓа наскоро по доаѓањето на османските завојувачи. Притоа, водочката црква била импозантна и масивна градба, со големи димензии. Таа и не можела да биде обична селска или манастирска црква, туку епископска резиденција и големо религиозно културно средиште. Еден автор, кој во поново време ги испитувал нејзините урнатини, тврди дека оваа црква била двапати преправана и доградувана.

Во поглед на основното архитектонско решение, оваа црква претставувала базилика со три паралелни брода (трикорабна) со трансепт, чии сводови формираат крст. Карактеристично за неа било тоа што целиот

среден главен кораб бил одвоен од двата странични со полн ѕид и само со неколку помали отвори меѓу нив. Поради тоа, внатрешниот простор бил прерграден, непрегледен и без успешно естетско решение.

Внатрешноста на ѕидовите била украсена со геометриски орнаменти од црвени тули (опашки од ластовица, меандер, запци итн. ), кои доскоро биле и зачувани. Цела уметничка ризница претставувале фреските во водочката црква. Заедно со оние во охридската „Света Софија" во нив се појавуваат првите елементи при формирањето на одделна, македонска ликовна школа, во склопот на поширокта византиска уметност. Одделни, позначајни фрагменти од нив се зачувале сè  до времето на Првата светска војна, кога од некои бугарски историчари биле сликани. Остатоците од овие фрагменти пред десеттина години се реставрирани, конзервирани пренесени во Музејот во Штип, каде што и денес се чуваат. Врз основа на овие слики и остатоци и денес се проучува овој наш средновековен споменик, зашто тој низ долгите векови на турското владеење бил оставен на сопствената судбина и се рушел, за денес сосема запустен, се сведе само на купишта од урнатини. Но, не била таква неговата положба до пред триесеттина и повеќе години. Еден автор, кој во 1928 година на самото место го проучувал, меѓу другото пишува: „И ден-денес, црвените како крв тули, зеленикавиот и сивкаст камен, прошарен овде-онде со жолтеникав малтер, во онаа маса што плива на јужното небо, со импозантната Беласица... □ даваат душа дури и на оваа плачевна урнатина".

Сосема поинаку стои ситуацијата, во секој поглед, со манастирската црква над селото Вељуса, што исто така се наоѓа во овој дел од Струмичката Котлина. За неа се знае кога постанала; таа и денес е добро сочувана и ставена под заштита на Законот. Таа го носела името „Света Богородица Елеуса" што значело „Милостива", по ова име, највероjатно, и селото го добило своето име.

Основниот и првобитен нејзин дел бил изграден во 1080 година од струмичкиот епископ Мануил. Истиот тој Мануил го основал и манастирот, назначувајќи го за негов прв игумен калуѓерот Илија. Наскоро потоа, византискиот император Алексиј I Комнен, кој и ја посетил Струмица, на двапати му подарил земји и зависни селани (парици). Тој го ослободил манастирот од секакви даноци и давачки и од потчинетост на црковната власт. Со вакавите подароци и привилегии, манастирот уживал потполна автономија. И некои подоцнежни византиски императори и државници продолжиле да му ги потврдуваат привилегиите, да му подаруваат нови имоти и да го штитат. Кон средината на XII век точно биле определени неговите имоти (тогаш изнесувале 849 модии) и парици, а на струмичкиот управник му било наредено манастирот да го помага годишно со по 30 жолтици. Во XIII век бил составен инвентарен список од кој се дознава дека манастирот, покрај игуменот, имал и 23 калуѓери, а од инвентар: седум икони со сребрени или позлатени рамки, многу неукрасени икони, четири евангелија со сребрени или позлатени украси, други 64 црковни книги, некои од кои биле со златни наслови или пердиња итн.

Не се знае точно кога Вељушкиот манастир станал метох (црковно-вазална сопственост) на светогорскиот Иверски манастир, но се знае дека тоа станало пред времето на цар Душан кој од своја страна, со хрисовула од 1346 година, му ги потврдил правата на сопственост на манастирот Ивер. Тогаш Вељушкиот манастир и ја изгубил својата самостојност.

При крајот на XIX Век манастирот сè уште имал доста имоти, но само две лица: игуменот, назначуван на пет години од Иверскиот манастир, и еден свештеник. Ништо до ова време не останало од богатата манастирска библиотека, а во меѓувреме исчезнале и други скапоцености. Вељушкиот манастир бил метох на Иверскиот и во годините на стара Југославија.

Првобитниот дел, црквата во Вељуса, е мала по размери, чртвртаста чија основа има форма на детелина со четири листа. Црквата денес има три дела, секој со посебна купола. Основата била покриена со убав мозаик од кој средишниот дел, во вид на квадратно поле, се зачувал и денес. Архитектонското решение на црквата било мошне вешто и успешно изведено. Црквата во целост претставувала луксузен уметнички објект од висок стил. Меѓутоа, подоцна, околу најстариот дел (црквата) биле градени и додавани нови градби што сите заедно го сочинуваат денешниот манастирски ансамбл. Од подоцнежните доградби пак, црквата само изгубила од своите архитектонски и уметнички вредности. Околу овој ансамбл подоцна биле изградени приватни одаи, што го сочинувале манастирскиот конак.

Но, и Вељушкиот манастир, иако помалку, бил подложен на уништување. Во летото 1913 година струмичките гркомани ги изгореле неговите конаци, зашто повеќе од нив биле нивна сопственост. Според некои српски автори, бугарските окупаторски власти, при нивното повлекување во 1919 година, однеле во Софија една камена плоча со грчки натпис што требало да датира од настанувањето на манастирот.

Пред десеттина години вељушките манастирски фрески беа реставрирани и конзервирани од наши, македонски специјалисти, со цел за нивното што подолго зачувување од забот на времето.

До наше време се зачувала и спомнатата манастирска црква „Света Богородица" кај селото Конче кое е доста далеку и уште поназапад од Вељуса. Овој манастир постоел уште во XIV век, а кога бил изграден не се знае. Кон почетокот на нашиот век во него сè уште имало двајца калуѓери.

Во Струмичко имало и други манастирски или обични цркви, градени во словенско-византискиот период, Но нивните остатоци денес се наоѓаат под површината на земјата, а дека навистина постоеле дознаваме од некои остатоци и особено од литературата.

Такви имало кај Чам-Чифлиг до Струмица, во самиот град црквите „Свети Петнаесет" и „Свети Анаргир", кај селата Макриево и Банско и меѓу Габрово и Банско. Еден локалитет, меѓу последните две села и денес се вика „Манастир". Во почетокот на XX век селаните од Макриево откопале камена плоча со словенски натпис, но таа попаднала во рацете на грчкиот владика и била уништена. Остатоци од „Св. Петнаесет", доскоро можеле да се видат, а што го забележале некои автори.

Близу до селото Баница, во нивите постои некаква ниска градба, веројатно гробница, пак од ова време. Таа претставува правилен куб со размер од 2 метри. Изградена е од делкан камен, тули и малтер. На неа нема ни врата, ни прозорци, ни пластика, ниту натпис, та е тешко да се одгатне што е и од кота е. Поради тоа, за овој споменик постојат само легенди. Се раскажува дека, имено, овде бил гробот на легендарната мома Струма, за која постои народно предание. Ова бил наводно, „Струминиот гроб".

Малку е позната историјата и на Струмичката тврдина, наречена подоцна од месното население „Цареви кули". По првпат, во документите таа се спомнува во времето на цар Самоил, а за кое веќе зборувавме.

Во одбранбените војни на Самоиловата држава, Струмичката тврдина одиграла многу важна улога додека, најпосле, во 1018 година и таа не им се предала на Византиците. Понатаму, преку Хрс, Стрез и српските владетели можевме да ја следиме нејзината историја сè до доаѓањето на Османлиите од кои подоцна, како што соопштува Евлија Челебија, таа била напуштена. Во текот на повеќе векови Струмичката тврдина била доофромувана и доградувана, што може и денес да се забележи.

Инаку, тврдината се наоѓа врз платото од едно брдо кое мошне стрмно се издига над градот. Тоа можело полесно да се брани и кога не би било утврдено, зашто со стрмнина е обиколено дури и од јужната, планинска

страна. „Цареви кули" до толку доминираат над градот што дури и во последните борби, во деновите пред ослободувањето на Струмица, во ноември 1944 година, една германска единица се утврдила овде за да ги контролира едновремено трите влеза во градот.

По самите рабови, ова плато било утврдено со дебели ѕидишта од кои западниот, во должина од четириесеттина метри, и денеска е добро видлив. До денес останала неразрушена, иако е многу оштетена и една од кулите-бојници. Таа е југозападната кула. Во нејзино соседство била југоисточната кула, но таа одамна се срушила. Може да се претпостави дека вакви кули-бојници имало уште две: северозападна и североисточна, зашто целата тврдина има форма на четвороаголник.

Сето ова го сочинувало надворешниот дел на тврдината. Во внатрешниот дел се наоѓаат добро сочувани остатоци од друга кула, што претставувала живеалишна зграда, цитадела. Таа и ден-денес е доста зачувана. Однадвор таа има форма на неправилен шестоаголник, со два остри агли (носеви), свртени едниот кон север, а другиот — на југ и следени од по два бочни, тапи агли. На тој начин, гледана однадвор, градбата има изглед на брод со два остри клунови.

Внатрешноста на кулата имала два или повеќе ката; таа била простор за живеење и има четириаголна форма. Димензиите на ѕидовите, мерени однадвор, се: 5,50 x 12,5 метри, дебели околу три, а во клуновите и над три метри. Највисокиот дел од сега зачуваниот ѕид изнесува околу 9 метри височина. Целата кула во должина се протега од север кон југ, а северната половина била изградена врз една природна карпа.

Кулата е градена главно од неделкан и не многу крупен камен, а овде-онде има и четвртасти црвени тули. Сета маса е споена со тврд малтер, варосан.

На педесеттина метри северно од оваа кула, се наоѓа издлабена во земјата четвороаголна просторија за

која се претпоставува дека била складиште за храна, вино, можеби и вода.

На источниот крај од градот, во циганското маало, постои уште една ваква кула, што е и повисока и позачувана, но кога била изградена и каква била нејзината намена не се знае. Веројатно и таа имала задача да го штити градот од источната страна. И со неа се сврзани легендите за римскиот цар Тибериј и неговата ќерка Струма кои, меѓутоа, сами по себе ништо сигурно не можат да кажат.

И така, бурната историја на Струмица и долгите векови на робување и рушење, ги уништиле најголемиот дел и од најстарите културно-историски споменици кои, како што се гледа, не биле ни малку, ни безначајни.

# ДЕЛ II

## Струмичката област во периодот на османското ропство (од крајот на XIV до крајот на XVIII век)

### 1. ПАЃАЊЕ НА СТРУМИЧКО ПОД РОПСТВО НА ОСМАНСКИТЕ ФЕУДАЛЦИ И СУЛТАНИ

Поцврстото вклучување на македонските земји, а во тој број и на Струмичката област, во границите на српската средновековна држава се покажало, како што видовме, краткотрајно. Наскоро по смртта на Душан

српската државна територија се распаднала и врз нејзините урнатини се создале голем број помали феудални држави. До 1366 година веќе се оформиле две групи од вакви државни творби — северна, во вистинските српски земји и јужна — во Македонија. Во наредните децении тие имале и различна судбина. Струмичко, како што веќе видовме, паднало под власта на браќата Деановиќи, но не за долго време.

Наспроти феудалната раздробеност и меѓусебните војувања на балканските феудалци, на исток, во Мала Азија, во ова време започнала да израстува една нова политичка сила — државата на Османлиите. Уште во времето на Душан тие ја пренеле својата власт од азискиот и врз европскиот континент. Освојувајќи ги Дарданелите, и особено по паѓањето на Одрин во 1361 година, Турците ги поделиле византиските владеења, го одвоиле Цариград од Солун и ја изолирале византиската столнина. Веднаш потоа ја пренеле својата столнина во Одрин и ги продолжиле освојувањата во две насоки: по долината на Марица — кон Бугарија, и преку западна Тракија — кон јужна Македонија. Од македонските краишта први на удар дошле државите на деспот Угљеша, чие седиште бил Серез, и на Деановците. Затоа Угљеша и прв ја почувствувал потребата за давање на оружен организиран отпор. Здружен со својот брат, кралот Волкашин, кој владеел со поголемиот дел од западна Македонија, двајцата браќа собрале околу 60.000 војници и во септември 1371 година се упатиле кон Одрин. Во историските извори се тврди дека тие тргнале со намера „да ги изгонат муслиманите од Македонија". По сè изгледа дека за овој поход дале војска и браќата Деановиќи. И нивната држава, наоѓајќи им се на пат на Турците, со кои дошла во непосреден допир кај Самоков, била загрозена, не помалку од државата на Угљеша. А тоа ги принудило и нив да дадат војска за битката на Марица, во која самите не учествувале. Шеесетилјадната војска, собрана (главно од Македонија) и предводена од Волкашин и

Угљеша, кои формално биле сè уште српски, а фактички — самостојни македонски владетели, дошла во долината на Марица и се улогорила на ноќевање кај местото Черномен (Чирмен). Но, во ноќта на 25 спроти 26 септември 1371 таа била одненадеж нападната од турскиот војсководец Лала-Шахин, и буквално сотрена. Обата нејзини команданти, крал Волкашин и деспот Угљеша, загинале. По ваков начин, обидот да се запре османското навлегување на Балканот, претрпел целосен крах. Тоа била познатата, и за балканските народи, судбоносна и трагична Маричка битка.

Српскиот историчар С. Новаковиќ аргументирано тврди дека за овој поход војски дале само земјите на југ од Шар Планина, т. е. Македонија, и тоа државите на Волкашин и на Угљеша, на Богдан (околу Дојран, Кукуш и Гевгелија) и на Деановиќите, меѓу кои и Струмица. Според тоа и Струмичката област дала свој дел од феудални војници кои и настрадале кај Марица. Тоа, воедно, биле и првите турски жртви што народот од овој македонски крај ги дал.

По поразот на Марица османската власт се проширила уште повеќе во јужна Македонија. Мурат I (внукот на основачот на династијата Осман) пред крајот на своето владеење, т. е. пред неговата погибија на Косово во 1389 година, го освоил и Солун.

Македонија, веднаш по поразот кај Черномен се нашла не само во специфична, туку и во страшно тешка ситуација. Во дел од централна и северна Македонија, Османлиите и натаму ги оставиле како свои вазали дотогашните владетели, но тие сега останале без сили. Такви вазали станале браќата Деановиќи Крал Марко (познат во народните легенди и песни) син на Волкашин и други. Меѓутоа, турските султани не дозволиле феудалната власт на домашните владетели да се пренесе по наследство. По загинувањето на Константин Деановиќ (брат му Драгаш тогаш веќе не бил жив) во битката со влашкиот војвода Мирче, во 1395 година, во која учествувал како турски вазал, и неговите земји биле

дефинитивно покорени. Македонија тогаш станала турска гранична воена област, од која турските војски тргнувале во извидувања, пљачкања и освојувања на нови територии во соседните грчки, албански и српски земји. Таа прва од балканските земји паднала под ропството на Османлиите и, како што ќе видиме, последна го отфрлила него.

Од друга страна, во крајот на XIV и почетокот на XV век македонскиот народ бил подложен, како никогаш во својата историја, на пљачкање, убивање, преселување и бегање, одведување во ропство, со еден збор, на уништување. Особено тешки биле годините непосредно по поразот на Марица. Еден современик, монах, ова го илустрирал со следните зборови:

„И таква невоља и несреќа ги залеа сите градови и земји западни, какви што ни уши слушнале, ни очи виделе. По убиството на овој храбар човек, деспот Угљеша, Исмаилчаните (Турците) се распрснаа и полетаа по сите земји како птици во воздух, и едни од христијаните со меч ги колеа, други во ропство ги одведуваа, а останатите немила смрт ги покоси; оние пак, што ја избегнаа смртта (убиството) гладот ги погуби, зашто завладеа таков глад по сите страни, каков што не е имало од создавањето на светот.... Остана земјата опустена од секакви богатства: од луѓе, од стока, и од други плодови, зашто немаше ни кнез, ни водач, ни наставник меѓу луѓето. И навистина луѓето тогаш ги сметаа за среќни оние, кои беа порано умреле".

Ова жестоко време во Македонија со сличен тон е насликано и во записите на некои манастирски книги. Во нив се вели дека народот бил предаден „во раце беззакони и мрски", дека, завладеало „запуштение и скорб велика од безбожних Исмаилтјан" итн.

Историските извори што ја опишуваат очајната положба на македонскиот народ во овие децении, Струмичко изрично, не го споменуваат. Меѓутоа, не Треба да има сомнение дека и тоа не можело да ги

одбегне пустошењата. Големиот број на колонизирано турско население во Струмичко, делумно населено во опустошените македонски села (од кои некои и исчезнале), најдобро ја потврдува ваквата претпоставка.

Исто така, врз основа на постојните изворни податоци може само да се претпостави кога Струмица дефинитивно паднала под турска власт. Заземањето на македонските градови започнало веднаш по Маричката победа на Османлиите. Во следната, 1372 година, нивни војски тргнале во поход на Ќустендил, седиштето на Константиновата држава. Константин Деановиќ, немајќи сили да им се спротивстави, морал да стане турски вазал. По таков начињ, тој задржал некаква внатрешна самостојност, но под услов да им плаќа годишен данок и војнички да ги помага нивните идни походи. Вазалството на Константин, а тоа значи и на дел од неговите земји, продолжило до неговото загинување, како турски вазал, во битката кај Ровине (денес во Романија) во 1395 година. А дека веднаш по Маричката битка и Струмица не паднала под османска власт се потврдува и од веќе спомнатите дародавници, издадени во Струмица и Ќустендил помеѓу 1377 и 1381 година од мајката на Деановиќите, „царицата" Евдокија.

Меѓутоа, по сѐ изгледа дека турската страна ги прекршувала спогодбите со Константина за кои, впрочем, и тој не сакал да се придржува. Така, се тврди, дека во годините 1382 и 1383 османските завојувачи ги зазеле градовите Серес, Штип, Прилеп и Битола. Во овие години секако била заземена и Струмица што може да се заклучи од следниве познати факти: прво, таа лежела на стариот и веќе добро познат пат кој водел. од Тракија и Серес, преку Струмица кон Штип и Овче Поле, второ, дека последната дародавница од мајката на Деановиќите (која загрижена за својата лична судбина како да го распродавала „царството" и забрзано подарувала села на светогорските манастири) била од 1381 година. Освен тоа, дека Турците во Струмичко дошле од Серско, се потврдува и од едно народно

предание кое тврди дека се појавиле од таа страна, т. е. од југоисток. Поради тоа и еден од најистакнатите врвови на Беласица, над селото Макриево, бил наречен Турковец. Тој и ден-денес го носи ова име. Според тоа, нема да згрешиме ако речеме дека Струмица паднала во турски раце во 1382 или уште поверојатно во 1383 година, а тоа било само десет години по Маричката битка. Со освојувањето на градот била заземена и неговата околија.

Владеењата на Константин Деановиќ во ова време, веројатно, биле смалени на уште помал простор и тоа на север околу Кратово, Кочани и Куманово. Со погибијата на Константин и на Крали Марко (1395), по паѓањето на Скопје во 1392 и Охрид во 1408 година, цела Македонија била дефинитивно освоена од Османлиите. Триесетгодишната воена бура поминала над неа, оставајќи пустоши и ги продолжила своите освојувања на други страни, меѓу кои и на север — во другите југословенски земји. Во меѓувреме, во 1389 година, станала и познатата турска победа на Косово којашто уште повеќе им ги зацврстила позициите во нашите земји.

## 2. ДОСЕЛУВАЊЕ НА ТУРСКО, ЈУРУЧКО И ЕВРЕЈСКО НАСЕЛЕНИЕ И ИЗМЕНА НА ЕТНИЧКИОТ ЛИК НА СТРУМИЧКО

Османското завојување на Македонија, а во нејзиниот состав и на Струмичко, само по себе и гледано низ една подалечна историска проекција, не ќе ги оставеше оние крајно лоши последици врз народниот живот ако турските султани уште веднаш не доселиле, и тоа прилично масовно, турско и друго инородно население во неа. Притоа, новите доселеници биле и му останале туѓи на македонскиот народ по своите политички позиции (тие биле господаречки народ), по

етничко потекло, јазик, вера, култура и менталитет. И сето ова, како и големиот број на доселените завојувачи, ќе го спречи мешањето и евентуалното претопување на господаречката со поробената народна група. Од друга страна, тоа ќе биде силна, речиси непремостлива пречка за ослободителните напори на нашиот народ. А османските владетели, изгледа, свесно си поставиле за цел што повеќе да го изменат етничкиот однос на населението во своја корист. Македонија, со уште некои соседни земји, како Тракија (денес јужна Бугарија и на југ од неа), Тесалија и јужна Србија била најсилно населена со турско население.

Доселувањето на турско население во опустошените македонски градови и села започнало веднаш со нивното освојување, а продолжило и во подоцнешните векови. Со војската обично доаѓале поголеми турски маси, сосе жени и деца со стока и покуќнина, а со цел на колонизација. Колонизацијата, притоа, главно преследувала воено-стратегиски цели. Со неа се целело да се зацврсти новата власт во одделни градови или појасите околу стратешки значајните патишта. Еден современик изрично кажува дека султанот Бајазид, откако го освоил Скопје „го населил со многубројни Турци... со нивните жени и деца" за да може полесно одовде да презема походи кон Албанија. И навистина, Скопје потоа станало вонредно значајна турска појдовна база во нивните походи кон запад и север.

Наша Струмица пак, бидејќи лежела на важниот стратегиски пат од Тракија и Драма, преку Серес и Петрич, кон Штип и Скопје исто така, дошла под силни колонизациски удари. Освен тоа и плодната Струмичка котлина била привлечна за новите доселеници.

Во првиот колонизационен бран, турското население се населило во самиот град и во околните села. Турскиот географ и патеписец Евлија Челебија, кој ја посетил Струмица во 1670 година тврди дека турското население во Струмичко потекнувало од една група од туркменското племе Огузи. Тој споменува дека во

Струмичко имало и Југуци, кои биле „правоверни и добри муслимани". Доселувањето и на југучкото население започнало доста рано, но во почетокот нивниот прилив бил послаб. Некои, и до денес зачувани султански акти, потврдуваат дека турската централна власт и сама го поттикнувала доселувањето на Југуци во Македонија. Но процесот на нивното помасовно и постојано доселување се засилил особено во втората половина на XVI век.

Инаку, Југуците отпрвин биле само номади (сточари) и во потрага за пасишта, за своите стада, постојано се селеле од еден во друг крај. Тие не биле вистински Турци и се разликувале од овие по потекло, а донекаде и по јазик, иако етнички им биле блиски. Турската влада нив не ги допуштала до државната власт, но ги третирала како одделен (донекаде привилегиран) социјален слој. Подоцна, тие во нашите краишта преминале кон заседнат живот, т. е. постојано на едно место, образувале села и започнале да се занимаваат (иако помалку) и со земјоделие. Југуците во Македонија, како номади, ги привлекле одличните планински летни пасишта и благата клима која овозможувала користење и на зимски пасишта во плодните котлини и полиња како Струмичката Котлина, Серското и Солунското Поле, и други. Со нивното доаѓање тие ги истиснале од голем дел од Балканот, дотогашните сточари — Власи.

Денес не може да се утврди каква била бројноста во различните временски периоди на турското население во Македонија.

Сигурно е само тоа дека турскиот елемент никогаш не бил бројно понадмоќен и поголем од основното македонско население. Таков бил односот на населението и во Струмичко. Во самиот град турскиот елемент, секако, по бројност далеку го надминувал македонското и друго христијанско население. Евлија Челебија, кој е пристрасен, па според тоа, како извор и несигурен (тој насекаде како да гледа само Турци и муслимани) тврди

дека Струмица имала 2040 куќи, но не соопштува категорички какво било нивното население. Сепак, кога се земат во обѕир некои други негови сведочења, а имено, дека во градот биле добро застапени трговијата и занаетчиството, дека овде само повремено навраќале ерменски трговци, дека имало две христијански и неколку манастирски цркви, може Да се заклучи како и во ова време христијанскиот елемент бил застапен. На едно место во својот опис на Струмица тој изрично тврди дека во нејзината тврдина живееле „нешто христијани, мартолози". Македонското население живеело во одделна маала. Овој турски патеписец споменува уште дека во негово време во Струмица имало и „едно еврејско маало". Нешто пред него, но пак во XVII век, Струмица ја посетил уште еден турски патеписец и писател, Хаџи Калфа. Неговиот опис е далеку пократок, но и тој зборува само за турските куќи, за верските и јавни објекти во градот, без да спомене што и да е за составот на населението. За овој состав сосема одредено и сигурно зборува еден турски попис (дефтер), од XVI век. Според него во Струмица имало 455 муслимански, 138 христијански и 3 еврејски домаќинства. Христијаните биле македонско словенско население.

Спомнавме дека во Струмичко во тоа време имало и Евреи. Во историската литература е утврдено дека нив во балканските земји ги имало уште пред доаѓањето на Турците. Но нивното помасовно доселување и во Македонија станало по втората половина на XIV век. Тие дошле од Шпанија, Португалија и јужна Франција каде што биле прогонувани од католичката инквизиција. Во Македонија најбројни еврејски колонии се формирале во Солун, Скопје и Битола, но ги имало и во многу други градови, меѓу кои и во Струмица. Тие се населувале во позначајните трговски центри и многу придонеле за оживување на трговијата и занаетчиството во Турција, поради што биле радо примани од османските власти. Солун дури, со време, станал претежно еврејски град, во

кој во средината на XVI век имало околу 3.000 еврејски куќи. Струмичките Евреи, секако дошле преку Солун, со кој трговски биле и тесно поврзани. Според некои тврдења, во Струмица кон крајот на XIX век имало околу 700 души Евреи. Но во текот на војните за Македонија (1912—1918 година) тие се иселиле, а некои биле и истепани. Околу 1920 година, преостанале уште 3—4 лица Евреи. Во историската литература се зборува и га некој Евреин од XVII век, по име Даниел Иструса (што значело од Струмица) кој бил учен теолог, филозоф и раководител на Солунската равинска (еврејска богословка) академија. Тој оставил и еден теолошки публикуван труд.

Турското население, како што веќе се рече, се населило и по селата во Струмичко. Со тоа настанале и големи етнички и други промени во составот и во бројниот однос на населението, како во одделни села, така и во целата околија. Од селата за кои со сигурност знаеме дека постоеле од порано, едни станале мешани, македонско-турски со одделни македонски и одделни турски маала (Вељуса, Банско, Габрово, Макриево, повеќе петрички села во Подгорот); други — чисто турски (Штука, Сушица, Борисово), а биле создадени и нови, чисто муслимански села. Не е познато дали турските села како Свидовица, Еднокуќево, Нова Маала и некои други постоеле и дотогаш, но имајќи ги предвид нивните очигледно македонски имиња, тоа може да се претпостави. Дека во овие села порано живеело македонско население сведочат и народните преданија. А на некои од нив Турците дури им ги измениле и имињата: Добрево — Добрешинци, Алексино — станало Нова Маала, а Каменица — Чанакли. Едно подгорско, веројатно мало село, Напод, кое и понапред се спомена, по доаѓањето на Турците исчезнало. Таква судбина доживеале и други, особено помали села.

Новите села, што судејќи по нивните имиња и муслиманско население, ги основале Османлиите, биле малку. Една нивна група, а тоа се Хамзали, Чанакли и

Гечерли, населени со турско и јуручко население, биле на североисток од градот, во реонот на Огражден. Другата група се на југ од Струмица, во планинските предели, што гравитираат кон Валандово. Тоа се селата Чепели, Мемишли, Дорлобос и некои други, населени со муслиманско јуручко население.

Доселувањето на бројни муслимански маси кои дошле со силата на оружјето, му донело на нашиот народ во она време силен притисок, протерување од сопствените земји и огништа, поробување и зголемена експлоатација, а во поглед на неговата иднина — ослабнување на народната отпорна сила, поради тоа што била разбиена дотогашната словенска народносна компактност. Во таа смисла положбата во Македонија, па и во Струмичко, била за македонското население далеку понеповолна отколку, на пример, во Шумадија каде што Турци имало само по градовите. Овој факт оставил далекусежно негативни последици врз историскиот развиток на нашиот народ.

Од опишаното разместување на муслиманското население се гледа уште дека него најмалку го имало во струмичките полски села, што исто така покажува дека турските селски маси биле позаостанати. Тие при нивното доселување сè уште биле повеќе сточари, па и преселници — номади, отколку земјоделци.

Османлиите не успеале да ги изменат и имињата на македонските села во Струмичко. Конечно пропаднал, заедно со турското господство, и изменетиот турски назив на Струмица. Имено, во духот на турскиот јазик тие Струмица извитоперено ја викале како што бележи и Челебија, Уструмџе или Уструмџа.

Во текот на повеќе од пет векови на турско владеење на Струмичко, не може да се следи како се менувала бројната состојба и на муслиманското население. Може да се претпостави само дека неговиот број се зголемувал, но побавно, зашто дел од машкото население гинел во многубројните војни. Поради тоа може да се тврди дека македонското население побргу се

зголемувало, а тоа и така било секогаш во бројна надмоќност. Ова зголемување го помагал и фактот што христијаните биле исклучени од воена служба.

Својата бројност Турците во извесна мерка ја зголемиле и во Струмичко, со нови доселувања и тоа во осумдесетте години на XIX век. Имено, со Српскотурската (1876—78) и големата и последна Рускотурска војна од 1877—78 година, Турција изгубила нови пространи територии (Бугарија, делови од јужна Србија, Босна и други) поради што во Македонија од овие соседни земји надошле нови турски доселеници, таканаречените мухаџири (маџири). Според испитувањата на проф. ЈБубен Лапе, само во Солунскиот вилает, на кој тогаш му припаѓала Струмичката каза (околија), се настаниле 60.000 мухаџири. Еден знатен дел од нив дошле и во Струмичко. Во градот, тогаш и настанал нов квартал „Маџир-маало" чие име и до денес се зачувало. Нови муслимански доселеници се настаниле и во селата. Во селото Габрово, на пример, доскоро беа зачувани урнатините од 7—8 куќи кои се викаа „мааџирски" куќи.

Триесеттина години подоцна, во 1909 и 1910 година младотурските владеачи, исто така, доселиле неколку илјади мухаџири во Македонија, но дали некои од нив се настаниле и во Струмичко, не е познато. Познато е само дека раководителите на македонското ослободително движење во Струмичко остро се спротивставиле на овој младотурски потфат, додека Јане Сандански успеал да го спречи населувањето на мухаџири во Серскиот округ.

Заедно со Турците во Струмичко се населиле и муслимански Цигани, и тоа особено во градот, но и во некои села во кои имало Турци.

## 3. ВОВЕДУВАЊЕ НА ТИМАРСКО-СПАХИСКИОТ СИСТЕМ ВО СТРУМИЧКО. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО

Паѓањето на Македонија, а во нејзиниот состав и на Струмичко, во империјата на Османците му донело на македонскиот народ нов по форма феудален систем на потчинетост и експлоатација. Македонската (словенска) феудална класа била отстранета и уништена. Домашните крупни феудални семејства биле први лишени како од политичката власт, така и од нивните земјишни и други поседи. Но и тие, (на пример Константин Деановиќ) за кратко време, како турски вазали, биле вклучени во османскиот воено-феудален систем. На еден дел од ситните феудалци, таканаречените пронијари, привремено им биле оставени земјите откако примиле определени обврски, но со време и тие се изгубиле: едни биле лишени од привилегиите, а други го примиле исламот и се стопиле со вистинските Турци. По ваков начин, Македонија била лишена од своја домашна феудална класа којашто во Средниот век единствено и била носител на државноста. И овој факт оставил далекусежни негативни последици врз идниот статус на Македонија. Така, местото на домашните феудалци било земено од новодоселената османска феудална класа.

Неколку векови по ред класата на спахиите, наречени уште тимариоти, била главно војнички сталеж, макар што од неа се регрутирал и сиот општествен и државен владеачки апарат. Османскиот тимарски феудален систем се изградил врз принципот дека секоја освоена земја му припаѓала на султанот. Тој пак, откако задржувал делови од неа, за свое користење, поголемиот дел од земјите ги делел на лично уживање на крупните воени команданти-спахии. Последните, од своја страна, им доделувале земји и привилегии на своите потчинети, феудалци и на војниците. За добиените тимари (земјишни поседи), чијашто големина зависела од војничките способности и заслуги на командантите, секој еден од нив бил должен на барање од султанот да

се јави со определен број вооружени коњаници. По овој начин се регрутирала спахиската војска.

Токму со оглед на ваквите потреби, Османците уште веднаш по заземањето на некоја територија, вршеле катастарски пописи на земјите, преку кои целата мрежа од спахилаци (тимари и зиамети) и со нив сврзаните спахии, била распростирана врз дадена област. Заедно со земјите се доделувало и македонското селско население, кое и натаму останало крепостно, но под нови господари. Муслиманското селско население, иако во ова време се сметало за раја не било закрепостено. Едновреме со ова, но врз подруга основа, била изградувана и јаничарската турска војска, пешадијата. Уште во ова време централната власт располагала и со платеничка војска.

Се разбира, овде ние ги изнесуваме само контурите на тимарско-спахискиот систем, без да навлегуваме во подробностите, ниту во промените што тој ги трпел. Овој систем, изграден веднаш по турското освојување се задржал повеќе или помалку до околу 1839 година, кога него ќе го замени чифличкиот турски феудален систем. Цела Струмичка околија исто така била вклучена во османските феудални општествени односи.

Едновремено со ваквиот воено-феудален систем била изградувана и османската управна, судска, верска и друга месна власт. Поради фактот што Струмичка околија до турското освојување влегувала во Константиновата држава чиешто седиште, како што видовме, бил Ќустендил, таа неколку векови ќе влегува во составот на Ќустендилскиот санџак. Ваквата административна делба, по инерција се провлекувала сè до кон средината на XIX век, кога со управните реформи во Турција Струмица била влучена во Солунскиот вилает. Балканските војни го затекле Струмичко исто така во составот на Солунскиот вилает (и Солунски санџак), додека северните соседни предели — Радовишко и Малешевијата, тогаш влегувале во составот на

Косовскиот вилает (Скопски санџак) со седиште во Скопје.

Дека Струмица во XVII век била административно седиште на околијата посведочува и Евлија Челебија. Тој пишува дека таа била војводилук, во кој управувале муфтија, градски војвода, сердар на јаничарскиот одред, претставник на владините спахии, баџар (пазаришен даночен чиновник), повеќе првенци и угледни граѓани итн.

Поданиците на османската држава и во Македонија, неколку векови по ред, се делеле во две основни класи: војничка класа (аскер) и трудбеничко население, раја. Меѓутоа, оваа основна сталешко-класна поделеност не го исклучувала постоењето и на други меѓукласни категории и слоеви коишто ги имало многу. Така, на пример, статусот на градското население, муслиманско или немуслиманско, иако и тоа се сметало за раја, бил далеку подобар, отколку на селското раја-население. Од друга страна, и селското раетско население, зависно од тоа дали било христијанско или муслиманско, по својата положба се разликувало. Муслиманите секогаш би се наоѓале во поповолна положба. Од нив, на пример, не се собирале најтешките државни даноци.

Бидејќи македонското население и во Струмичко, сè до кон крајот на XVIII век, си останало главно селско, тоа масовно се нашло во категоријата на вистинската турска раја. Како трудбеничко и поробено население тоа било подложено на груба експлоатација како од феудалците-спахии, така и од страна на државата.

Неговите обврски спрема спахијата биле бројни: македонскиот селанец не можел да го напушти селото, односно земјата што ја обработувал без согласност на господарот; бил должен да му плаќа разни даноци во пари, во натура или во работа на спахијата врз чиј спахилок живеел. Но, од своја страна и селанецот остварувал извесни права врз земјата што ја обработувал: таа се предавала по наследство; а под

определени услови можел дури и да ја продаде. Од неа селанецот не можел да биде самоволно истеран. Така земјата што ја обработувал и врз којашто го нашле османските завојувачи била сопственост, во извесна смисла, и на селанецот. Тој сам го водел своето стопанство и понекогаш се стремел да ја прошири обработуваната земја. Оваа положба ја истакнуваме овде, за да можат полесно да се сфатат подоцнешните промени кои ќе настапат со почифлигувањето на македонското селско население кога тоа ги изгубило правата на делумна сопственост врз земјата која дотогаш се сметала и царска, и спахиска, но и негова.

Но, освен овие раетски земји, постоеле и имоти, најчесто составени од ниви, лозја, ливади и воденици што претставувале исклучива сопственост (на спахијата или) на султанот, или на неговите роднини и везири. Тие биле таканаречените хасови, хаса-имоти. Нив имено како и земјите на спахиите и ваколите главно, биле должни бесплатно и по пат на ангарија да ги обработуваат закрепостените македонски селани. Наедно со тоа, спахиите собирале и разни такси и давачки од селаните кои живееле на нивните тимари.

Бројни биле и даноците и другите давачки што рајата и ги плаќала на државата. Основниот данок бил ушурот, кој изнесувал една десеттина од приносот. Потоа, се ределе разни други даноци, давачки и ангарии. Сите државни даноци оделе во државната каса и се трошеле главно за издржување на јаничарската (и друга наемничка) војска. Особено тешки биле вонредните даноци, расфрлувани најчесто во време на големите турски воени походи. Така, на пример, во мај 1566 година султанот од Цариград, со најостри закани им наредил на кадиите во Струмица, Штип, Скопје и уште десеттина други соседни македонски, бугарски и српски околии да соберат од населението вкупно 223.690 овци за клање и да ги испратат во Белград. Турција тогаш се готвела за поход против Австрија и султанот наредил овој контингент од овци, во потполност, на време, здрав

и читав, да биде во Белград пред пристигањето „на царската армија". Во наредбата до кадиите стои овците да ги одведат сопствениците или нивните полномошници. Струмичкиот кадилук бил должен за овој контингент да даде стадо од 25.900 глави овци. Овци од Македонија се собирале за потребите и на столнината — Истанбул.

Доста тежок и понижувачки државен данок бил и харачот (или џизи) кој се собирал по глава од христијанското машко возрасно население. Се сметало дека тој претставува компензација за тоа дека султанот — победител, им ги „подарил" животите на победените машки глави од покорените народи. Според тоа, муслиманите и од овој данок биле ослободени. Но, нашиот народ најтешко го поднесувал „данокот во крв", наречен девширме, што се состоел во насилно одземање на христијански деца за пополнување на јаничарскиот корпус: „Данокот во крв" се собирал сѐ до почетокот на XIX век, кога бил укинат јаничарскиот корпус како војнички ред.

Па, сепак, и покрај бројноста на овие даноци и давачки нивниот вкупен обем, сѐ до околу средината на XVI век, не бил неподнослив. Секако, најтешко се поднесувал „данокот во крв. " Дури, за извесно време, македонското село плаќало помалку данок отколку во предосманско време. Но тоа така продолжило релативно кратко време. Веќе во XVII век положбата на нашиот народ силно се влошила, а во наредните векови таа уште повеќе ќе се влошува. Покрај зголемувањето на даноците, сега се вршеле и разни злоупотреби при нивното собирање, додека селаните започнале да ја губат сопственоста врз земјите што ги обработувале.

Смалените давачки, стабилизацијата на османскиот поредок, релативниот општествен мир што настапил по првите пустошења, кога границата, а заедно со неа и војните, се поместиле далеку на север, овозможиле во Македонија да настапи извесно стопанско оживување. Тоа се огледувало во релативната развиеност на

одделните стопански гранки. Покрај производството на жито, како мошне важна стопанска гранка и натаму останало сточарството. Тоа го потврдува и големиот број на реквирирани овци од Струмичко, што погоре го одбележавме. Во Македонија се одгледувале и многу коњи. Развојот на сточарството го стимулирале и самите Турци, што се налагало од нивните воени потреби — коњите за спахиската коњаница, а овците за храна на војската и на градското население. Тие во нашите краишта, па и во Струмичко, донеле и нов вид на запрежна стока, биволи, кои дотогаш во Македонија не биле познати. И биволите им биле потребни за влечење на тешки товари, особено на топови.

Турците со своето доаѓање донеле и повеќе нови земјоделски култури, како памук, ориз, и сусам, а подоцна се прошириле тутунот (донесен од Америка) и афионот. Сите овие. (со исклучок на оризот) индустриски земјоделски култури, и подоцна, па и до наше време, ќе претставуваат основа на земјоделското производство и на стопанската сила на Струмичката котлина. Во Македонија тогаш, преку Турците, бил донесен и бостанот. Исто така и во турско време во Струмичко имало многу лозја што се задржале од порано.

Во истото ова време, пораснале и македонските градови кои до XVI и XVII век не знаеле за волкавиот свој број на куќи и население. Тие сега станале не само судско-административни центри и муслимански културни средишта, туку и места на жива размена, на трговија и зголемено занаетчиско производство. Во нив биле воведени и некои нови занаети што дотогаш биле застапени само во источните земји.

## 4. ОПИС НА ПАНАЃУРОТ ДОЛЈАН И НА ГРАДОТ СТРУМИЦА ВО XVII ВЕК

За развитокот на трговијата, а преку неа и на стопанството воопшто, многу помогнале и некои панаѓури во Македонија. Меѓу најважните панаѓури уште во XVI век се споменува и панаѓурот во Долјан кај Струмица. Каде точно се одржувал овој панаѓур во науката не е расчистено. Можност за неговото сигурно лоцирање не даваат, пред сè  самите турски патеписци Хаџи Калфа и Евлија Челебија кои и го опишуваат овој панаѓур. Првиот, притоа, само приближно го лоцира местото Долјан, додека Евлија Челебија за тоа ништо не зборува. Постои мнение дека овој панаѓур се одржувал кај петричкото село Долене, сместено доста длабоко во Огражден, што е доста неприфатливо. Нашето мнение е дека овој панаѓур се одржувал на теренот околу селото Банско и тоа, можеби, околу самата бања. На тоа нè наведува, во прв ред. следниот опис од Хаџи Калфа:

„Близу (до Струмица) се шири едно широко поле низ кое тече река со многубројни воденици. Во август овде се одржува славниот панаѓур, кој се вика Тујан и на кој доаѓа многуброен свет од сите страни. *Топлата бања Тулјан, исто така е во Струмичкиот кадилук, близу до самата Струмица и до градот. Еднаш годишно (т. е. во август б. н. ) овде се собираат жителите од околните предели и во текот на две седмици вршат значителни трговски работи.* Под брегот извираат многубројни врели, а понекаде и ладни извори. Во бањата, под камениот свод, тече вода од три чешмурки во една бања. Оваа вода е толку врела што во неа, за миг може јајце да се свари. Затоа, за капење, таа мора да се меша со ладна вода".

Овој опис, несомнено и скоро потполно соодветствува на топлите минерални извори и на бањата кај селото Банско што постојат и до денес и се користат од населението. Стојан Новаковиќ кој го превел делото

на Хаџи Калфа од германски јазик во свое време се распрашал за бањата и за панаѓурот и од некои луѓе од Струмица му било одговорено дека бањата е во Банско, а панаѓурот, во август, се одржувал кај селото Василево, до Струмица. Секако, споменот за панаѓурот од XVI и XVII век кај Долјан, до почетокот на XX век бил заборавен, а кога тој бил пренесен кај Василево, не е познато. При споменувањето на името на ова место се јавува и една разлика (Тујан, Тулјан), ко секако, станува збор за едно и исто место. Разликата во називот најверојатно постанала при дешифрирањето на турскиот оригинал кога тој бил преведуван на германски јазик.

Евлија Челебија, според преводот од Хазим Шабановиќ, ова место го наречува Долјан, тврдејќи дека тој во него дошол од Струмица и дека панаѓурот се одржувал во атарот на Струмичкиот кадилак. Но тој ништо не зборува за бањата. Наше мислење е дека треба да се смета како обајцата овие турски автори, и покрај разликата во запишувањето (или при дешифрирањето), на пр. Тујан, Тулјан, Долјан, зборуваат за едно и исто место, дотолку повеќе што и едниот и другиот ја посетиле Струмица во XVII век, па, и изрично тврдат дека панаѓурот бил кај Струмица. Потоа, некои места од описот на Евлија Челебија исто така како да укажуваат на селото Банско. Тој, имено, тврди дека панаѓурот бил „сместен во едно излетничко и шумовито место, богато со пространи и цветни пасишта, на рамен и плоден терен, богат со птици".

Евлија Челебија во еден мошне распеан тон, со многу накитена ориенталска фразеологија, детално го опишува овој панаѓур, неговата големина, ѕиданите и други постројки; зборува за трговците, за стоката што се продавала итн. Панаѓурот, воопшто, е опишан во стилот на фантастичните ориентални приказни. Авторот тврди дека на панаѓурот доаѓале „по сто илјади луѓе од Румелија, Арабија, Персија, Индија, Самарканд" и други далечни земји од тогаш познатиот свет. Според Челебија овде се продавало сè : кадифе, атласи, рубини, смарагди,

елмази и многу други скапоцени ткаенини, камења и накити. Потоа, имало одделни пазари за стока — за овци, за кози, за говеда и биволи, за коњи, и за камили. На одделен пазар се продавале и робови, при што особено високо се ценеле „црнокожите Арапи". „Овде, вели тој, дури и жените својата тајна стока ја продаваат јавно".

Дека Челебија во својот опис на панаѓурот кај Струмица, многу нешто презголемил, се заклучува и од описот што го дава Хаџи Калфа, каде што тој е предаден во далеку поскромни размери. Притоа, треба да се има на ум дека Хаџи Калфа пропатувал низ Македонија, што значи, и низ Струмичко, само триесеттина години пред Евлија Челебија за кое време панаѓурот во својот развој не можел да направи кој знае каков скок.

Од интерес се описите на овие двајца патеписци што ги оставиле и за самиот град Струмица. Хаџи Калфа зборува сосема кратко за градот, споменувајќи само дека тој бил сместен „под еден брег, на чиј врв се наоѓа опустело гратче", а тоа се, познатите „Цареви кули". „Водата се доведува по канали, вели овој автор, и се распределува на џамиите, бањите и бавчите".

Описот од Евлија Челебија е пак во негов стил, доста опширен и со многу детаљи. Тој одделно зборува прво за тврдината, потоа за „дивниот шехер Струмица", а на крајот дава и еден додаток за гробовите на најпознатите турски првенци во Струмица. Струмичката тврдина, бидејќи се наоѓала длабоко во внатрешноста на Турција, била скоро потполно напуштена и започнала одамна да се руши. Во неа седеле само неколкумина христијански платенички војници-мартолози. Таа била без куќи и други згради и само зиме во неа „живееле христијани, чобани со своите овци и кози". Тврдината, освен овие мартололози, немала друга војничка посада, ниту свој командант, диздар. Челебија додава дека тврдината била изградена многу цврсто, во „старо време" кога била „тешко достапна, цврста и добро утврдена".

За градот под тврдината вели дека бил „многу богат, добро населен и изграден", врз терен што бил испресечен со брегови и суводолици. „Тоа е голема населба со лозја, градини и бавчи, кои како да се рајските бавчи". Куќите биле „убави, градени од тврд материјал, нанижани една над друга и покриени со црвени ќерамиди". Градот се делел на четиринаесет муслимански, една христијанска и една еврејска маала. Во него имало две цркви, по неколку џамии, медреси, бањи, дванаесет јавни чешми и други турски верски, културни и општествени установи.

Трговијата и занаетчиството исто така биле добро застапени. Во Струмица тогаш имало петстотини дуќани, но немало безистен, и по неколку трговски и карван-сараи, во кои ноќевале трговците и патниците. „Сето население, вели Челебија, се занимава со ткаење и производство на бело сукно, што го носи на дољанскиот панаѓур и таму го продава".

Сокаците биле чисти, со понекое високо израснато дрво, климата — пријатна а „младичите и девојките.... убави, бодри и здрави". Откако се збогувал „со првенците на овој шехер", Евлија Челебија, со својата придружба, ја напуштил Струмица и по извесно време стигнал на панаѓурот во Дољан.

Од овие соопштенија следува да се заклучи дека и Струмица во овие векови имала изглед на турскоориентални град. Таа била таква и по својот надворешен вид и по население. Масата од нејзиното трудбеничко население, турско и муслиманско, се занимавала главно со занаетчиство и било организирано во занаетчиски, еснафски (или цеховски) организации од источен тип. Со занаетчиство започнале да се занимаваат, особено во XVII и XVIII век, и јаничарите во македонските, па и во другите градови во Турција.

Што се однесува до трговијата, таа се наоѓала во рацете на разни инородни, нетурски елементи, како Евреи, Ерменци, Грци, Власи, потоа Дубровчани, Венецијанци и други. Тие, главно, биле носители и на

трговско-лихварскиот капитал во Турција. Таков бил случајот, како што веќе видовме и со Струмица. Турско-муслиманската етничка група продолжила да репродуцира, сточарско-земјоделско (по селата) и занаетчиско население (во градовите) како и феудални господари; потоа, да дава кадри за војската, и за чиновничкиот апарат, без да се сврти кон помасовно исфрлување на своја сопствена трговско-лихварска, а подоцна и индустриска буржоазија. А овој факт ќе остави катастрофални последици за Турција што особено ќе се почувствуваат во XVIII и XIX век.

Во текот на првите четири векови од османското владеење многу македонски градови, па и Струмица, претставувале значајни културни центри. Во нив биле подигнати муслимански верски и други турски училишта, џамии, текии, бањи, караван-сараи, безистени итн. Евлија Челебија споменува дека пред неговото доаѓање во Струмица живееле учени луѓе, писатели, муслимански теолози, чиишто гробови тој и ги посетил. Веќе спомнавме и за еден еврејски теолог и писател од Струмица. Но, сета оваа муслиманска културна средина му била потполно туѓа и немала никаква врска со македонското население што масовно си останало и живеело во селата.

Според тоа, македонските градови, а во тој број и Струмица, во ова време станале центри на оние општествени сили (турската феудално-бирократска класа, трговците и лихварите) кои по сите линии единствено и само го експлоатирале македонското селско население. Оддалечен во секој поглед од градот, изолиран и експлоатиран од него, македонскиот човек се повлекол во себе, во својот селски и патријархален начин на живеење, кој и го зачувал од исчезнување. Со право, во еден историографски труд е речено дека „овие градови, како центри на турската власт, со мнозинство од муслиманско население, со преовладување на ориенталните форми на живот, со муслимански дух и

култура, израснале како туѓи тела, во однос на огромното мнозинство (од нашиот) народ кој живеел на село".

Денес од сето она што во Струмица постоело во времето на Евлија Челебија, а долго останало и по ова време, не постои скоро ништо. До пред десеттина години можеа да се видат урнатини од турските бањи (амами) користени, во дваесеттите години од нашиот век, од српските власти за затвор, но денес, на нивно место се изградени нови, убави куќи. Останала единствено една џамија, наречена „Орта-џамија", но и таа, бидејќи е напуштена и незаштитена ако не се стави под заштита на Заводот на културните паметници, брзо ќе се руинира. Постојат две-три џамии и во селата, но и тие ја доживуваат судбината на струмичката џамија. Многу селски џамии биле срушени во есента 1912 година, во време на Првата балканска војна, кога во Македонија се срушила и Османската империја. Како турски градби единствено се зачувале зградите на бањата во селото Банско што и денес продолжуваат да служат на својата намена.

## 5. ВООРУЖЕН ОТПОР НА НАШИОТ НАРОД ВО ТУРСКО ВРЕМЕ

Повеќе причини од кои како најважни би ги спомнале: честите и неуспешни турски војни што голтале огромни материјални средства; приливот на странска луксузна и скапа стока; финансиската криза што им ја смалувала вредноста на парите, предизвикале засилен притисок врз македонска раја, од која се барале сè поголеми даноци, такси и давачки. Кон тоа се придружиле самоволијата и злоупотребите на турските феудалци и собирачите на државните даноци. И сето ова морало да предизвика отпор кај македонското население кој, почнувајќи некаде од почетокот на XVI век, сè посилно и ќе расте. Селаните, најрано, погрешно мислеле

дека од зголемениот притисок ќе можат да се одбранат по пат на тужби и протести, до повисоките власти, а кога тоа не помогнало, започнале да се одметнуваат во ајдути и да креваат локални побуни. Ајдути имало за сето време на турското владеење, особено од XVI век наваму, и насекаде во Македонија. За Струмичко познатите извори за тоа не даваат податоци, но најверојатно ајдути имало и овде. За делувањето на ајдути се споменува во соседните околии и тоа во Штипско, уште во 1502 година и во Петричко во втората половина на XVII век. Евлија Челебија тврди дека во планините околу Петрич имало толку многу ајдути и арамии што дури и имотите не биле добро обработени, а во градот не можеле да живеат,. чесните луѓе". Поради тоа софискиот беглербег, презел казнена експедиција со 10.000 војници, ги прогонувал „неверниците — ајдути", а фатените од нив ги беселе „по сите ќошиња" во Петрич, Ќустендил, Дупница, Самоков и Софија. Овде можеме само да претпоставиме дека меѓу овие ајдути во соседното Петричко, секако се наоѓале поединци и од струмичките села.

Струмичката област непосредно не била вовлечена и во бурните, и за нашиот народ трагични настани, сврзани со длабокото навлегување на австриските војски и со големото Карпошово востание во Македонија. Во што, кратко речено, се изразиле овие настани? Големиот турски воен поход против Австрија, преземен во 1683 година, по неколку години, се претворил во серија од турски порази и привремено губење на големи територии. Австријците, прогонувајќи ги поразените турски трупи, влегле во почетокот на октомври 1689 година и во Скопје, кое од нив било страшно опожарено. На 27 ноември една австриска претходница, по еднодневни борби, го освоила и Штип кој исто така доста настрадал од опожарување. Австријците привремено го освоиле и Велес, спуштајќи се дури и јужно од него.

Токму во овие години пламнало и големото Карпошово востание, со центар во североисточна Македонија — околу Кратово, Куманово, Крива Паланка. Многу од востаниците биле дотогашни ајдути, а се претпоставува дека ајдутин бил и самиот Карпош. Инаку Карпош бил шеф на мартолозите на неколку околии во источна Македонија. Ајдутското движење во Македонија, всушност, во овие години достигнало кулминација кога и прераснало во широко востаничко движење. Карпошовото востание, според тоа, било и временски и функционално сврзано со привременото рушење на турската власт во овој дел од Македонија. Затоа, заедно со Австријците војувале и македонските Карпошови востаници. Меѓутоа, како што австриските војски се повлекувале на север, Турците се враќале, така со време и востанието било задушувано.

Иако Струмичко останало вон од теренот на воено-востаничките дејства и во него не можеле да не се почувствуваат извесни одгласи од овие дејства. По австриското навлегување во Македонија, и особено откако бил освоен Штип, Турците во Струмица до толку се исплашиле што биле готови да го напуштат градот. Исплашеноста кај поробувачот пак, ја потхранила надежта и ја поттикнала борбата за ослободување кај македонскиот човек.

Меѓутоа, Карпошовото востание било наскоро свирепо задушено, а со тоа за долго време му бил нанесен силен удар и на ајдутското движење. При задушувањето на востанието тешко настрадало македонското население во Скопско, Тетовско, Кумановско.

Притисокот врз македонското население, како реакција по востанието, веројатно се зголемил и во Струмичко, иако за тоа не се располага со конкретни историски податоци. Ваквата претпоставка се потврдува донекаде и од фактот што во април 1690 година, султанот издал ферман до кадиите во неколку градови, меѓу кои и до струмичкиот кадија, со кој им

наредувал да не земаат повеќе христијани за мартолоска служба. Во ферманот се вели, за стрелци, што за плата и со пушка се задолжуваат да го чуват вилаетот да не се запишуваат „неверници" — мартолоси, туку само муслимани кои ракуваат со пушки. Тогаш, веројатно, и биле отпуштени од служба оние мартолоси во струмичката тврдина за кои зборуваше Евлија Челебија.

Меѓутоа, оружениот и друг отпор на нашиот народ не престанал и во наредниот, XVIII век а во XIX век тој ќе ја достигне својата највисока развојна точка.

## 6. ПОЛОЖБА НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ НА ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ

Положбата на христијанската црква во Македонија, во текот на долговековното османско ропство, била подложена на поголеми промени и тоа зависно од односот на централната власт кон црквата. Во принцип и согласно со учењето на шеријатот, османските владетели го допуштиле постоењето и делувањето на православните цркви во Империјата, давајќи и потврдувајќи им и извесни привилегии. По целосното освојување на Балканот, во границите на Турција се нашле четири самостојни православни црковни организации: Цариградската (грчка) патријаршија, Пеќската (српска) патријаршија, Трновската (бугарска) патријаршија и Охридската (главно македонска) архиепископија. Во црковен поглед, положбата што Турците ја затекнале на Балканскиот Полуостров, битно и долго време не ја измениле.

Сепак, во зависност од односот на централната власт спрема Охридската архиепископија, се менувале и границите на нејзиниот црквен дијацез. Меѓутоа, во сето време од нејзиното постоење Охридската архиепископија успеала да ја зачува својата црковна

власт над девет митрополии и пет епископии, повеќето од кои биле македонски. Една од овие била и Струмичката митрополија, која постојано влегувала во составот на Охридската архиепископија.

Инаку, во вршењето на своите функции, како црковна организација, Охридската архиепископија била самостојна и независна. Привилегиите добиени од султаните се состоеле во тоа што и на Охридската архиепископија ѝ биле оставени (но не сите) црковните и манастирски имоти, како и правото да собира разни такси од својата паства. Освен тоа, архиепископите и епископите добиле извесни судски компетенции и тоа не само над црквените лица, туку и над сите свои верници: решавање на брачни спорови, на спорови околу наследство и друго. Охридската архиепископија и манастирите добивале приходи и по пат на подароци и завештанија од верниците. Се подарувале и завештавале различни стоки и имоти — товар зејтин годишно, куќи, лозја, ниви, пари итн. Значителни приходи од тој вид собирале и некои светогорски манастири, особено Зографскиот манастир. Во неговиот поменик, воден од 1527 до 1728 година биле запишани и имињата на голем број дарители-верници од Македонија. Меѓу нив некои биле и од Струмица, Радовиш, Велес, па дури и од некои села како Дедино, Радовишко, Чичево, Велешко, Росоман во Тиквеш итн. Најголемиот број од подароците се однесуваат на времето по средината на XVI век, што од своја страна укажува на определено стопанско оживување во Македонија. Во крајот на XVIII век струмички граѓани му подариле пари и на манастирот Трескавец, кај Прилеп.

Сите овие извори во прво време, и осигурувале на Охридската архиепископија една подносслива финансиска состојба, а за покривање на нејзините расходи. Меѓутоа, во текот на XVII, и особено во XVIII век, нејзината материјална положба се влошила. Таа, како впрочем и населението, била облагана со сѐ потешки државни и други даноци и запаѓала во долгови;

владичките и други места се продавале и купувале за пари; биле одземени црквени и манастирски имоти итн. Некои цркви, особено во градовите, и тоа најубавите, биле претворени во џамии; било забрането градењето на нови цркви, а се појавиле случаи и на масовно присилно исламизирање на македонско население. Турската верска толеранција како да започнала да исчезнува.

Охридската архиепископија, поради овие причини западнала во големи долгови од кои не можела да се извлече. Кон тоа се придружиле и интригите на Цариградската грчка патријаршија (на фанариотите), која со различни средства и систематски работела на тоа да ја укине неа и да и ги присвои митрополиите. Најпосле, во почетокот на 1767 година, тоа и станало, откако нејзиниот последен архиепископ, Арсение, Македонец по потекло „доброволно" си дал оставка. Тогаш, имено, Охридската архиепископија, по осум векови на самостоен живот, била уништена. За овој акт придонел. меѓу другите, и струмичкиот митрополите Анание кој во судирот меѓу двете цркви застанал на страната на Цариградската патријаршија.

По укинувањето на Охридската архиепископија и со заграбувањето на нејзините митрополии се создале услови за крупни промени и во црковниот живот на Македонија. Оттогаш, имено, започнало сè позасилено да се појавува експлоататорскиот карактер и елинизаторската улога на грчката Цариградска патријаршија. Црковните даноци, такси и давачки биле постојано зголемувани; на сите владички и други раководни места биле поставувани лица од грчка народност (обично од цариградскиот фанариотски круг); во градовите, и особено во епископските градски центри, литургијата и црквените книги биле на грчки јазик, на местото на словенските книги кои биле исфрлени од употреба итн. Подоцна грчкото високо духовенство започнало да отвора и училишта во Македонија на грчки јазик. Со сето ова биле потиснувани црковно-словенската богослужба и

словенската писменост. И како резултат од тоа, во некои градови и меѓу македонското граѓанство, групирано околу црковниот клер, ќе се создадат групи од Македонци, Власи па и Албанци, кои ќе ја напуштаат својата народносна свест и со текот на времето ќе се погрчуваат.

Сепак, словенската црковна и писмена традиција не ќе можат да бидат истиснати дури ни од поголемиот дел од градовите. Нејзе ѝ останале верни селските маси и нивните попови кои биле домашни луѓе; повеќето од манастирите со нивните ќелијни училишта, како и поголемиот дел од градовите чие христијанско население сè повеќе ќе го сочинува македонскиот елемент. Со други зборови, грцизаторските стремежи на фанариотите не успеале да ја засегнат огромната маса од македонското, во тоа време, сè уште во своето претежно мнозинство, селско население.

По ваков начин, наскоро по уништувањето на Охридската архиепископија, ќе почне да се создава и основа за идната преродбенска борба на нашиот народ која ќе се води, главно, врз барањата за враќање на словенската богослужба во црквите и манастирите и на месниот македонско-словенски јазик во училиштата во Македонија. А таа ќе продолжи низ целиот XIX, како и во XX век, речиси сè до наши денови.

Со ликвидирањето на Охридската архиепископија, грчките фанариоти од Цариград и доделиле мошне важно место и на Струмичката митрополија. Патријаршијата тогаш во црковен поглед ги подигнала во повисок ранг црковните центри на Костур, Битола и Струмица, давајќи им ја на нивните митрополити титулата егзарх, која стоела повисоко од обичната митрополитска титула. А за да го уништи и споменот за Охридската архиепископија, Охрид не само што не станал седиште дури на обична митрополија, туку од фанариотите бил преименуван во Лихнидес, како што гласело неговото предсловенско име. Со сето ова фанариотите — Грци покажале дека и за Струмица, како

еден од поголемите центри во внатрешноста на Македонија, биле посебно заинтересирани.

Кога се имаат пред очи овие историоки факти, може полесно да се сфати како дошло до тоа градот Струмица, кој е доста оддалечен од грчката етничка територија, во XX век да претставува мошне значаен центар на грчката пропаганда во Македонија.

Оценувајќи го местото на православната црква и христијанската вера и во Струмичко во турско време (до кон почетокот на XIX век), прилично јасно се согледува дека, за сето време на постоење на Охридската архиепископија, таа одиграла вонредно важна улога во зачувувањето на народот од исламизација, а во голема мера и во запазувањето на словенската богослужбена и писмена традиција. По укинувањето на Архиепископијата, словенската богослужба, писменост и традиции биле зачувувани, но во поограничени размери, единствено од понискиот клер — свештениците, ѓаконите, калуѓерите и други кои биле месни македонски луѓе.

# ДЕЛ III

## Учество на Струмица и Струмичкиот округ во македонската преродба и во борбите со туѓите пропаганди

# ГЛАВА I

## СТОПАНСКИ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКО-ПОЛИТИЧКА ПОЛОЖБА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА

### 1. АДМИНИСТРАТИВНА ПОЛОЖБА НА СТРУМИЧКО ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Во мугрите на новото доба, во времето на првите преродбенски акции на македонскиот народ, кон крајот на XVIII и во почетокот од XIX век, градот Струмица продолжил да биде седиште на турска околиска (казалиска) административна власт. Вакво седиште таа ќе остане сè до крајот на османското господство во Македонија. Струмичката каза влегувала во составот на Солунскиот санџак, односно и Солунски вилает, и под власта на струмичкиот кајмакам се наоѓале освен градот и шеесет и шест села. Но, турската каза Струмица територијално не се поклопувала потполно со подоцнешната, па и денешната Струмичка околија. Таа тогаш зафаќала и неколку денешни радовишки села како Владевци, Едрениково, и Седларци, додека на источната страна селата Смолари, Дражево, Конарене, потоа огражденските села Стиник, Бајкобо и Бадиле — влегувале во составот на соседната Петричка каза.

Меѓутоа, османската султанска администрација во текот на XIX и во почетокот од XX век не била и единствената власт што македонскиот човек ја чувствувал над себе, и плаќал даноци и ја издржувал.

Носители на власт и властодршци биле и многумина турски бегови, силници и чифлиг-сајбии.

Потоа, во доменот на црквата, на училиштата, во задоволувањето на сите верски и некои други потреби, своја одделна власт остварувал апаратот на Струмичкиот грчки епископ (владика), а по 1897 година овој владика својата власт морал да ја дели со својот бугарски (егзархиски) колега. На кој начин и со какви средства ја остварувале владиците својата власт, ќе утврдиме понатаму.

Во црковен поглед, власта на струмичкиот грчки митрополит се простирала далеку зад границите на Струмичката каза. Струмичката епархија тогаш ги опфаќала уште и казите на Радовиш, Малеш, Тиквеш, Гевгелија и Дојран, дури и на дел од Прилепско во дванаесет села од Мариово. Тоа што во Струмичката епархија влегувале и Радовишко и Малешевско, како и фактот дека тие одржувале мошне живи трговски и други врски со Струмица, ќе овозможи сите тие да поведат и заедничка борба, отпрвин против грчкото духовно ропство, а потоа и за отфрлање на турското господство.

При крајот на XIX и во првата деценија од XX век, со проширувањето на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) и вовлекувањето и на Струмичко во ослободителното движење, македонските народни маси ќе си изградат, и свои револуционерни органи на власт на кои доброволно им се потчинувале, а кои требало да бидат никулци на идната, македонска држава. За македонското население во Струмичко во овој поглед, највисок месен орган на ВМРО бил Струмичкиот окружен комитет. Во Струмичкиот револуционерен округ, кој бил еден од петте окрузи во Македонија, покрај денешно Струмичко влегувале револуционерните реони Радовишки, Малешевски, Петрички и Поројски. (Поројско лежи на југо-исток од Струмица, зад Беласица, а денес се наоѓа во Егејска Македонија. ) И затоа револуционерните

ослободителни напори на населението од Струмичко, во текот на близу две децении, ќе бидат најтесно сврзани со борбените напори на македонските маси од овие соседни краишта.

Таква била административната положба на Струмичко во текот на последните стотина години од турското владеење во Македонија. Градот Струмица, како што можеше да се види бил седиште, едновремено на кајмакам и другите претставници на османската поробувачка држава; на грчко-патријаршиски владика, кој во ова време бил висок претставник на асимилаторската грчка буржоазија, од 1897 година и на бугарско-егзархиски митрополит ваков претставник на бугарската буржоазија, како и, на окружен комитет на ВМРО — кој ќе се бори за ослободување од влијанијата и власта на сите овие туѓински претставници, а за извојување на македонска држава.

Заемните односи, судрувања и борби меѓу еден и друг, меѓу овој или оној од сите овие државни, црковно-пропагандни национални, општествени и политички фактори, зачинети уште и со односите и судрувањата на различните струи што постоеле во секој еден од нив и со мешањето на надворешните европски и балкански фактори, ја правеле ситуацијата вонредно сложена, а ослободителната борба отежната и скоро безизлезна.

## 2. НАСЕЛЕНИЕТО ВО СТРУМИЧКО ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Точна слика за бројот, а уште повеќе за етничкиот и верскиот состав на населението во турско време, во цела Македонија, па и во Струмичко, веројатно никогаш не ќе имаме. Секој автор на една или друга статистика, тргнувајќи од свои политички потреби, внесувал поголема или помала доза на зголемување бројот на припадниците од „својата", односно смалување, на оној

од противничката народносна или верска група. Притоа, црковната припадност на христијанското, во случајов на македонското население, секогаш била земана и како негова народносна припадност, а што го овозможувале самите турски закони. Затоа во овие статистики припадниците на грчката, цариградска Патријаршија (црква) најчесто се претставувани за Грци, додека оние на бугарската Егзархија (црква) — за Бугари. Турската власт пак, долго време сето население, главно, го делела на муслимани и немуслимани (неверници), а во XIX век и таа за македонското население ги прифатила туѓите национални имиња. За вистинска статистика биле потребни услови, за слободно изразување на народната волја, а такви во Македонија, не можеле ни да се замислат.

Поради сето ова, ние за македонското население во Струмичко ги отфрламе туѓите национални имиња, а исто така се задржуваме само на оние статистики што се релативно најверодостојни. Притоа, ја имаме пред очи, главно, целта да го истакнеме значењето на оваа или онаа етничка, верско-црковна или социјална група во општествените и политичките борби на населението во Струмичко.

Според една француска статистика од почетокот на XIX век, поточно од 1807 година, Струмичка околија (градот и 30 села) имала околу 10.000 православно и 5.000 души муслиманско население или вкупно 15.000 души. Со текот на годините овој број, до колку воопшто е точен, постојано ќе нараснува.

Подоцна, кога кон Струмичката каза биле придодадени нови села и со редовниот прираст, бројот на населението се зголемил. Според неколкуте турски, бугарски и руски автори и статистики, Струмичка околија имала во 1878 година 6.365 души муслимани и 18.732 Македонци — или вкупно 25.097; во 1881 година — 8.699 Турци и 19.220 Македонци, или вкупно — 27.919 души; во 1905 година — вкупно 36.833 души, од кои Македонци — 18.830 и Турци — 18.002; и во 1912

година — само Македонци 18.500 души население. Во градот и околијата, при крајот на турското владеење, имало и околу 1.500 Цигани, 700 Евреи и 400 Власи. Последниве се доселени по Илинденското востание, главно, од Крушово. Според тврдењето на постарите струмичани во Струмица и тоа само во градот живееле и десеттина грчки семејства чиишто предци се доселиле овде од егејскиот остров Мителин. Според еден автор чисто грчко население имало само 40 души.

Од интерес е да се види колку изнесувало и како нараснувало македонското население во градот. Пак според овие статистики, во 1807 година Струмица имала вкупно 3.000 души, а при крајот на XIX век, во 1894 година во градот живееле 5.800 Македонци и 3.100 Турци. Шест години подоцна, во 1900 година, бројот на македонското население се зголемил на 6.200, а сето население изнесувало вкупно 10.160 жители.

Меѓутоа, македонското население во градот, донекаде и во околијата, и сè до 1913 година му припаѓало, главно, на две црковни групи, од кои раководителите на грчката и бугарската пропаганда постојано се труделе да создадат два крвно скарани табори. Така, според некои податоци, во Струмица во 1897 година 265 домаќинства биле егзархиски, а 526 — патријаршиски. Двете пропаганди, бугарската и грчката, настојувале од нив да создадат слепи спроводници на завојувачката политика на бугарската, односно грчката држава, а за освојување на Македонија. Во текот на наредните години, по 1897-та, овој однос на егзархиско и патријаршиско население продолжил да се менува и тоа на штета на патријаршиската група. Имено, нашите луѓе и во градот, а особено во селата, продолжиле да ја напуштаат дотогашната патријаршиска црковна припадност и да преминуваат или кон Егзархијата или кон протестантските црковни општини.

Сепак, мнозинството од градското македонско население сè до летото 1913 година, останало

патријаршиско. Овој факт го спречувал разраснувањето на преродбенското и револуционерното движење во градот, зашто струмичкиот грчки митрополит будно внимавал неговите верници да не се откинат од „света Христова црква". Настојувањата на грчката пропаганда во таа насока, општо земено, се покажале за неа резултатни. Таа успевала поголемиот дел од македонското граѓанство на Струмица не само да го оддели и изолира од македонското движење, да ја добие неговата безрезервна поддршка, туку и еден значителен дел од струмичките „Грци" да впрегне во своите асимилаторски потфати, создавајќи своја домашна агентура за борба против македонското ослободително движење.

Прилично масовниот број од градското население кое ја признавало грчката црква, или активно работело за грчката пропаганда, налага за него да се каже нешто повеќе.

Различни биле причините кои го овозможувале одржувањето на силно грчко влијание во Струмица. За градските чорбации-трговци, лихвари и чифликсајбии, припадноста кон грцизмот означувало припадност кон повисоката, граѓанска класа. Да се откажат од грцизмот за нив било рамносилно да преминат кон сиромашната, необразована, селска маса. Нив ги врзувале и материјални интереси со грчката митрополија и грчката пропаганда. Потоа, на многумина, особено на помладите генерации што добиле образование во грчки училишта им импонирала грчката култура, грчката историја од кои тие не само што не се откажувале, туку станале нивни ревносни пропагатори. Тука била и црквата како фактор со традиционална конзервативна сила. За најголемиот дел од масата од ова население, за градската сиромаштија и селаните, грцизмот се изразувал единствено во тоа што не сакале да ја менуваат „верата" и да поминат под власта на бугарскиот Егзарх. Многу често, луѓето од овие слоеви, од чисто сентиментални мотиви не сакале да се откажат од својот енориски

свештеник, кој пак од своја страна, не сакал да ја напушти Патријаршијата од којашто бил плаќан. Како одговор од ваквите свештеници можело да се чуе: „Како ќе се откажам од дедо владика, тој ме ракоположил", а од верниците за свештеникот: „Тој ме венчал!" или: „Тој ми ги крсти децата!" На ваквиот конзерватизам му се придружувал и суеверниот страв од проклетство (анатема), страв од прогласување на оние кои се откажувале од Патријаршијата за шизматици, т. е. отпадници од Христовата црква, а за таква себе си се сметала грчката Цариградска вселенска Патријаршија.

Според тоа, мотивите за останување под грчко-патријаршиското влијание, за различните социјални слоеви биле различни: богатиот, чорбациски слој бил по сите линии — и материјални и духовни — цврсто врзан за грцизмот, но во општествените борби настојувал да се држи подостоинствено, поединци од градските безработници, простум биле купувани, поточно — поткупувани, додека масата — селска и градска, експлоатирана, а најчесто и економски зависна — и од градските чорбации и од владиката, освен со црквената припадност со ништо друго не се врзувала за грчкопатријаршиската пропаганда. Инаку, во времето до Балканските војни грчкото влијание се задржало само уште во шест села, од кои четирите биле мешани — патријаршиско-егзархиски, а во трите од нив живеело и турско население.

Меѓутоа, словенското потекло и припадност на ваквите струмички „Грци" се потврдувало на секој чекор, а главно, преку македонскиот јазик кој за нив бил мајчин говорен јазик. И денес некои грчки автори се согласни дека струмичките „Грци" биле „славофони", што значи говореле словенско-македонски јазик. Грчкиот јазик тие можеле да го изучат само во училиштата. Се разбира, тоа не се однесувало за оние од нив кои овој јазик веќе го освоиле, или за разните митрополитски и учителски кадри, меѓу кои имало и Грци по потекло.

Струмичките грчки митрополити пак, со своите верници комуницирале на турски јазик. Арсени Костенцев, чии мемоари натаму почесто ги споменуваме, ги пренесува изречените на турски јазик ругања и клетви, со кои митрополитот Јеротеј ги нападнал селаните од Робово, негови верници. За слабото, скоро никакво знаење на грчкиот јазик од обичните патријаршисти и денес во Струмица кружат анегдоти од кои една гласи: „Влепис то врапче стин гранка"?, т. е. „Го гледаш ли врапчето на гранката"? При средба на двајца вакви „Грци" поздравот гласел: „Калимера", а потоа продолжувал: „Како сте по дома, арни ли сте?" Во еден документ од Струмичката протестантска општина, од 1882 година, кој заслужува полна доверба, исто така се тврди дека домашниот јазик на христијанското население бил македонскиот, „иако во некои семејства, се вели во него, се трудат да го говорат грчкиот јазик".

Сепак, иако и денес некои грчки автори ја наречуваат Струмица „тврдина на грцизмот во Македонија" во турско време, грчкото влијание со текот на времето постојано ослабнувало. Тоа станувало, како со напуштањето на Патријаршијата, по што населението преминувало кон егзархистите, што делумно се должело на неговото словенско освестување, а делумно — на дејноста на бугарската егзархиска пропаганда, а од друга — и со основањето на протестантските верски општини во градот и во некои села. Грчко-патријаршиската општина во градот слабела и поради постојаното доселување на селско население или на поедини семејства од други македонски градови во Струмица што веќе ја имале напуштено Патријаршијата. По ваков начин и градот Струмица полека, но постојано се словенизирал и освежувал со доселеното селско население. Селата пак, како што веќе утврдивме, биле далеку од тоа да претставуваат некакви средишта на грчкото влијание. Со мали исклучоци тие доста рано и масовно започнале да ја напуштаат Патријаршијата.

Од сето горекажано произлегува дека во нашето натамошно излагање, и особено кога станува збор за општествените борби во градот, грчко-патријаршиската група во целост треба да се разгледува како противник на македонското преродбенско и револуционерно ослободително движење, каков што противник, во последните триесеттина години од турското владеење ќе бидат и најблиските помошници на бугарскиот струмички митрополит. Турската власт, исто така, ја третираме како непријател на ова движење, каков што фактички и била.

Наспроти сите овие застанала македонската национално-политичка развојна нишка која во прво време, до појавата на ВМРО, се стремела кон словенско-македонска свест и афирмација, а по ова време се борела за целосно ослободување и за своја држава. На овој македонски национално-политички развоен процес ние и му одделуваме најголем простор во овој труд. Овој процес и ја исполнувал содржината на национално политичките борби на нашиот народ во Струмичко.

## 3. СТОПАНСКИ РАЗВОЈ НА СТРУМИЧКО ВО XIX И XX ВЕК

Одделивме место, прво на некои статистички и други податоци за населението во Струмичко, зашто човекот со неговиот производен труд е првиот фактор и за стопанскиот развој, макар што и во нашиов случај потребите на развојот на стопанските дејности, особено во градот, ги привлекувале луѓето во Струмица, а со тоа растело и нејзиното градско население, како што јакнел и македонскиот национален елемент.

Во XIX и почетокот од XX век, што се однесува до природните услови, Струмичко имало можности за позабрзан стопански напредок. А ваквите услови ги сочинувале трудољубивото население, пространото и

плодно Струмичко поле, изобилството од води, топлата клима, како и погодната местоположба на самиот град. Градот Струмица во овој период се развил, пред сè , како мошне значаен трговски и занаетчиски центар и тоа не само за својата поблиска околина, туку и за многу соседни краишта. Во пазарните денови (прво во понеделник, а подоцна во сабота) на струмичкиот пазар се собирал многу свет — производители, консуматори и трговци од Малешевско, Радовишко, Петричко, од Штип, Велес, Прилеп, Тиквеш Дојран, Богданци, Кукуш, Мелник, Петрич итн. Овде се донесувале за продавање жита, ориз, грав, добиток, сточарски производи и храни, различни индустриски и земјоделски производи како памук, афион, сусам — од Струмичко, вино и ракија — од Тиквешко, риби — од Дојран, индустриски производи од штипски трговци, јаболка, компири од Малеш и Петричко итн.

Значајно прометно место станало и Ново Село, на чиј пазар, кој се одржувал секој четврток, се продавало и купувало добиток, ориз, грав, костени, разни мануфактурни и колонијални стоки. Свое место во стопанската стоковна размена имал и катагодишниот есенски струмички панаѓур, но тој постојано го губел своето значење за сметка на редовните неделни пазари.

Струмица одржувала постојани трговски врски и со подалечни македонски стопански центри — Серез, Скопје, и особено со Солун кој станал најважен македонски извозен и увозен центар. Патот за Солун отпрвин одел преку Дојран, а по пуштањето на вардарската железничка пруга во 1873 година — преку Удово, односно железничката станица Струмица. Овој железнички пат уште посилно го вклучил и Струмичко во европската размена на суровини и фабрикати, како и во капиталистичкиот стоковно-паричен стопански систем воопшто.

Паралелно со трговијата се развило и занаетчиството, и тоа пред сè  во градот, а помалку и во Ново Село. Во градот биле застапени разни занаети, од

кои некои се задржале и денес, додека други, на пример шарлаганџискиот — исчезнал. Многу струмички семејства ја ваделе својата живеачка со кираџилакот, кој исто така бил доста развиен, како и со земјоделството.

Од селскостопанските производи и во Струмичко најзастапени биле, покрај житата, оризот и други храни индустриските култури: афион, памук, свилени кожурци, тутун, сусам, овошје, бостан и друго. Сите овие, како и производите од сточарството, кожи и крзна од домашни и диви животни, не само што ги задоволувале потребите од суровини на струмичкото занаетчиство, туку преку Солун или по други патишта се изнесувале на странски пазари. Затоа, кога во есента 1912 година во Струмица, заедно со бугарските војски дошол и професорот од Софискиот универзитет А. Иширков, тој добил веднаш впечаток дека Струмица била богат и развиен град, во кој живееле многумина „богати Турци-чифликсајбии, македонски трговци, главно гркомани и богати Евреи".

Иако мнозинството од овој богат граѓански слој во општествените борби застанал на антимакедонски позиции, паралелно со стопанскиот развој, со доселувањето и порастот на градското население, и во Струмица се создала значителна и богата граѓанска средина којашто уште во педесетте години од XIX век во национален поглед се ориентирала словенско-македонски. А. Костенцев некои од овие граѓани ги споменува и поимено, како што биле браќата Араникови, Узун Ристоман, Кантарџи Пано, Ѓорѓи Спасов, Хаџи Трендо, кој во градот се доселил од Робово и други. Сите тие биле „богати и влијателни луѓе" кои користеле и туѓа наемна работна сила. Дека ова граѓанство потекнувало од селата покажуваат и семејните презимиња на некои струмички семејства, кои и до денес се задржале, како што се Ричлиеви (од селото Рич), Просениклиеви (од Просениково), Кончалиеви (од Конче), Робовалиеви (од Робово), Босилјанови (од Босилово) итн.

Овој дел од струмичкото граѓанство се чувствувал посилен и поради фактот што зад себе го имал селското македонско население, а одржувал стопански и други врски и со други градови како што биле Штип, Велес, Петрич, Радовиш, Малешевско. Во Струмица, на пример, се доселил од Велес богатиот трговец Костадин Шулев, кој изградил куќа и голема трговска магаза. Петмината браќа Шулеви многу го помагале македонското преродбенско движење во Струмица.

Во ваквата средина грчката пропаганда во голема мерка се чувствувала како усамена и изолирана база среде македонското словенско население.

И не само во градот, туку и во некои села, и посебно во полските како Робово, Дабиља, Босилово, Моноспитово, Ново Село и други, во периодот на стопанскиот просперитет кој особено се чувствувал до Рускотурската војна од 1877/78 година, се создал еден тенок слој на релативно богати селани коишто први ја отфрлиле грчко-фанариотската духовна потчинетост. Во македонски услови овој слој претставувал еден вид селска буржоазија. Типичен претставник на овој селски слој, како што може да се види од спомените на А. Костенцев, бил дедо Мицо Караџата од Робово. Дедо Мицо имал 500 до 600 декари плодна земја, 60—70 биволи и биволици, околу 300 овци, 150 свињи, околу 40 кози и секоја година произведувал по 700 до 800 оки свилени кожурци. Тој имал големо семејство, десеттина наемни работници, четири коли и друг имот и се занимавал, освен со земјоделие, уште и со трговија, иако повеќе со продавање на свои производи. Дедо Мицо го посетувал Солун. по трговски работи одел во Петрич и Серез, трговски и други врски одржувал со Малешевско, Тиквешко, со Радовиш и Штип. Во Солун се среќавал со познатиот македонски преродбеник, книжар и учител Константин Држилович, во Серес — со српскиот пропагатор Стефан Верковиќ, бил близок со Костадин Шулев итн.

Вакви и со слично богатство селани имало и во другите струмички села. Тоа се потврдува како од А. Костенцев, така и од монументалните цркви, изградени пред 1880-та година. На младиот штипски учител А. Костенцев, дедо Мицо, кога влегле во Дабиља, му соопштил дека ова село имало 80 куќи и било „село чорбаџиско", додавајќи: „ама и они немат, како нас — ни школо ни црква". И во Босилово имало десеттина семејство што ги сметале за чорбаџиски. Такви имало, секако, и во другите села и особено во Ново Село, вториот по Струмица пазаришен, трговско-занаетчиски центар. Дедо Мицо имал влијание и пред струмичките бегови и за нив тој бил „чорбаџи Мицо". Тој многу сторил за отпочнување на преродбенското движење, не само во селата, туку и во Струмица.

Па сепак, владеачките услови во Струмичко, како и во цела Македонија, биле неповолни за создавање на помасовен слој од средноимотни и побогати селски сопственици. Голем дел од обработливите и други најплодни земјишни површини во полските села одамна ги заграбиле турските бегови, претворајќи ги, во XVIII и XIX век, во чифлизи. Свои чифлизи накупувале и струмичките чорбаџии-гркомани. Треба да не се заборави и големиот број на турско население по селата што исто така поседувало многу земји. При овие услови, објективно, немало место за формирање на помасовен македонски богат слој од селски сопственици, каков што бил робовскиот дедо Мицо.

Со сето ова може да се објасни фактот зошто огромната маса од селско население била или малоимотна или, како сосема безимотно население, живеело на беговските и други чифлизи.

Според една непотполна статистика од 1911 година во Струмичко од четириесет села дваесет и едно биле наполно чифлички, осум — мешани, во кои некои селани имале и понекоја своја парцела и единаесет — со сопствена земја. Сликата за аграрно-сопственичките односи станува уште помрачна кога се има предвид дека

чифлички биле, пред сè , полските села, а тоа биле селата со најплодни земји. Такви биле во прв ред помалите села околу Струмица, како Градско, Балдовци, Баница, Сарај, Старо Балдовци, Петралинци, Просениково, Пиперево, Добрејци, Ангелци, Градошорци, потоа Василево и Турново, коишто се поголеми и други. Чифлиг било и цело едно маало од Струмица кое и денес го носи ова име, а чие население аргатувало на земјите околу градот. Мешани биле селата Сачево, Робово, Боруево, потоа подгорските села Банско, Габрово, Мокриево и други. Во Банско, близу до бањите, до пред дваесетина години стоеја ѕидиштата од голема беговска двоспратна куќа (конак), а во Габрово, во тамошниот, ист ваков конак, живееја две семејства, дојдени по војните од Кукушко.

Непочифличени (раетски) останале, главно, планинските села во Струмичко, зашто во нив и немало економски услови за создавање на чифлизи. Тие и во XIX век биле пасивни и сиромашни. А. Костенцев за селаните од Попчево, во кое за учител дошол од Робово во 1864 година, вели дека биле сиромашни, поради што и училиштето и црквата не биле убави како оние во Робово. Но и покрај пасивноста, овие села, бидејќи се чувствувале послободни отколку чифлишките, далеку порано и помасовно се вклучиле во македонското преродбенско и револуционерно движење.

Чифлигарското население и во Струмичко, несомнено, било не само најексплоатирано, туку и тотално, сестрано поробено. Чифлигарите од чисто чифлишките села биле без сопствена земја, а некои од нив (момоците, на пример) и без секаков друг сопствен имот. Тие живееле во феудална, крепостна зависност од беговите. Нешто подобро од нив стоеле таканаречените јараџии (исполичари) и кесимџии, а некои од нив, во мешаните села, освен беговска земја, обработувале и свои парцели. Сликата на нивната положба станува уште помрачна, ако не се заборави дека тие биле и од грчката митрополија во Струмица, едновремено и експлоатирани и држани во целосно духовно ропство.

Зборувајќи за ваквите селани во Македонија, организациониот војвода и социјалист Никола Петров Русински, со право вели:

„Тие беа поробени економски, политички, духовно и национално. Но, најсилно, најтешко го чувствуваа и го поднесуваа економското ропство". Според Русински, кај многу од овие чифлигари, било убиено дури и чувството за најелементарно човечко достоинство.

Селаните од чисто чифлишките села до толку безмилосно биле ограбувани што некои од овие села, сè до крајот на турското владеење не успеале да си изградат; ни најобични селски цркви, тогаш, кота на пример, планинското огражденско село Стиник не останало без црква и училиште. Ваквата нивна положба оставила тешки негативни последици врз менталитетот на ова население што го спречувало неговото вклучување во какви и да е општествени борби. Овие последици и денес се чувствуваат кај ова население. Со ова во најголема мерка може да се одговори на прашањето зошто во натамошниот текст, кој се однесува на ослободителното движење, ги споменуваме најчесто раетските (нечифлишки) или мешаните села од Струмичко.

Меѓутоа, економската положба и на нечифлигарите била тешка и тоа, едно, поради релативната неплодност на земјите што ги имале и, друго — поради прекумерната експлоатација, вршена по пат на даночното ограбување од страна на државата, на грчката и подоцна и егзархиската црква, како и лихварското — од струмичките трговци и чорбаџии. Начинот на кој биле собирани даноците, при што откупувачите на данок, ваделе огромни печалби за себе, исто така ја зголемувале експлоатацијата. Кон сево ова треба да се додадат и разбојничките пљачкосувања, подмитувањето кое за турските власти станало систем итн.

Од редовните „царски" (државни) даноци македонското население и во Струмичко, во ова време,

ги плаќало следните даноци: десеток од секакви земјоделски производи, десеток од стока (овци, кози, свињи, коњи, говеда, биволи и друго), данок на приходи и на неподвижни имоти, воен данок (бедел), приходи од разни други производи, десеток за просветата (меарифски данок), данок од занаетчиските дејности итн. Во 1893 година, според некои пресметнувања, турската државна каса од сите овие даноци добила приход од 2, 397. 808 гроша што претставувало мошне висока парична сума. Освен тоа, турската влада многу често наметнувала и вонредни даноци за итно пополнување на државната каса којашто бргу потоа пак се празнела. Од своја страна и крупните европски кредитори на Турција, бидејќи оваа не успевала да си ги врати долговите, воспоставиле систем на даноци и такси што ги собирале директно од населението во Македонија. И кога кон ова се додадат лихварските печалби на откупувачите кои од државата го откупувале правото на собирање на десетокот и кои најчесто биле турски силници, потоа — присвоениот труд во вид на ангарија, земјоделски производи или пари од чифлигарите, јараџиите и кесимџиите, кој одел во џебот на беговите (чифлиг-сајбиите), непосредните ограбувања и рушвети и слично, може приближно да се види со какви сè средства било ограбувано нашето население од страна на османските поробувачи.

Притоа, по 1878 година, кога Турција во војната со Русија изгубила огромни територии на Балканот и многу финансиски и други средства и уште повеќе западнала во финансиска, всушност, во полуколонијална зависност од големите западни империјалистички сили, економската состојба на народните маси и во Македонија доста бргу и силно се влошила. Турција, како целина, уште побездушно била сега експлоатирана од нејзините крупни европски финансиери.

По задушувањето на Илинденското востание во 1903 година, експлоатацијата на населението и во

Струмичко уште повеќе била зголемена, но тоа посебно го одбележуваме понатаму во книгава.

Што се однесува до прашањето кој сè ги почифличил струмичките села, денес се располага со малку и несигурни податоци. Но се знае дека овој процес и во Струмичко, како и во другите македонски краишта, зел најмасовни размери во втората половина на XVIII и во првите две децении од XIX век. Тогаш во Струмичко како човек со огромна власт се појавил некојси Сулејман Каргалија кој претворил многу села во чифлизи. Отпрвин, изгледа, тој бил крџалиски арамбаша, а подоцна Каргалија се ставил во служба на султанската власт. Каргалија заграбил огромни имоти и во Дупничко (Бугарија), а во Струмица имал многу имоти и во самиот град. Од неговите потомци и наследници посебно се истакнал Сулејман-паша, кој по ослободувањето на Бугарија, против кое и самиот се борел со руските војски, се доселил постојано во Струмица. По него, и еден од неговите наследници во Струмица ја носел титулата „паша". Нивна сопственост биле дуќаните и куќите околу денешното кино „Балкан" во Струмица. Ова турско спахиско семејство држело во ропство многу села во Струмичко, во Радовишко и во Малешевијата, а само во околината на Струмица, според некои тврдења, Сулејман-паша имал околу 11.000 дунума земја.

Друг голем турски силник кој претворил многу села во чифлизи бил некојси Исин-ќаја. Тој заграбил околу 3.000 дунуми селска земја. И тој основал свој чифлик-сајбиски род. При крајот на XIX век како крупен чифлик-сајбија се споменува и Назл'м-бej чиј син за кратко време бил заробен од една македонска чета, водена од Гоце Делчев. Тој, меѓу другите, го држел како свој чифлиг селото Василево. Свои чифлизи во некои струмички села имале и поедини радовишки бегови. Така, родот на Зеин Усеин-бег од Радовиш имал чифлизи, освен во многу радовишки села и во струмичките села Банско, Сарај, Три Води и Градошорци. Во подгорските и некои полски села свои

имоти накупувале и многу струмички граѓани — трговци и лихвари.

Средствата и методите со кои овие и други муслимански силници, особено основачите на ваквите „династии", се издигнале од обични грабачи до трајни владеачи на земји и други имоти, и во Струмичко биле исти, како и во другите краишта од Македонија, па и од Балканот. Тоа биле убиства, организиран притисок, заканувања, подмами, купување во бесцение и слично, низ кои селаните од дотогашни делумни сопственици на земја биле претворани во безимотни чифлигари. Некои од селаните во овие тешки години на преминот од XVIII во XIX век бегале од селата, населувајќи се во градот или пак по други села. Еден век подоцна положбата започнала да се менува во таа смисла што одделни селани или цели села ја откупувале беговската земја што самите ја обработувале како чифлигари и станувале нејзини сопственици. Но овој процес на откупување во Струмичко, при крајот на турското владеење само што бил започнат, поради што и селата што ги наброивме сè до 1912 година останале или чифлички или мешани.

# ГЛАВА II

## ПРЕРОДБЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ И ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО СТРУМИЧКО

## 1. ГРЧКАТА ЦРКОВНО-ПРОСВЕТНА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКО ВО XIX И ВО ПОЧЕТОКОТ ОД XX ВЕК

Словенската богослужба во црквите и манастирите, и манастирските ќелијни училишта, во кои се добивала црквено-словенска писменост сосема не исчезнале во Македонија и по укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година, иако со овој акт тие биле сериозно погодени. По овој настан фанариотската грчка црква, еден од своите најсилни удари во Македонија го спуштила врз Струмичко. Тука словенската богослужба и црквено-словенската писменост, во првите две-три децении од XIX век, биле скоро сосема уништени. Во тоа време богослужбата на словенски јазик, според тврдењето на митрополитот Герасим, се одржала единствено во селото Водоча. Ова се потврдува и од некои посредни податоци. Имено, повеќето од првите свештеници, кои во струмичките села започнале да изведуваат словенска литургија, што претпоставувало знаење и на црквено-словенско писмо, биле доведувани од Малешевско, од Радовиш и други соседни места. Во првите три-четири децении од XIX век, впрочем, селата и немале свои цркви, но свештеници секако имале. Во Струмичко немало и манастири во кои да се зачува словенската писменост, како што тоа било случај во многу други македонски краишта. Вељушкиот манастир одамна бил во рацете на грчката Патријаршија. Првите македонски словенски учители во Струмичко биле, исто така, неструмичани. Ова покажува дека грчката црква во овие децении го држела во свои раце сиот духовен живот на населението, макар што тој бил крајно скромен. Од својот епархиски црковен клир струмичкиот митрополит се трудел да создаде, а во тоа во многу и успеал, силно орудие за погрчување на словенското население, не само во Струмичко, туку и во целата епархија.

Кој сè ја остварувал асимилаторската политика на грчката црква и воопшто на грчката пропаганда во Струмичко? — За нејзин најзначаен носител треба да се смета струмичкиот грчки митрополит, на кого, како што видовме, Патријаршијата му дала повисок хиерархиски ранг. Под негова власт се наоѓало сето свештенство и сиот учителски кадар; зад него стоел богатиот градски гркомански слој, па дури и одделни селски првенци; нему му помагала месната турска власт која била подмитувана; а зад сите нив се наоѓале грчките политички кругови во Атина.

Но, иако Струмичката митрополија, по чисто верска линија, имала најголеми заслуги за држење на македонското население под грчка духовна власт, таа без училиштата и просветата не можела ништо посуштествено да стори на планот на грцизирањето на ова население. Патријаршијата, држејќи ги црквите, потчинувајќи ги нашите луѓе како свои верници, ги одржувала поширокиte, надворешни рамки на грчкото влијание, кое можело натаму да се реализира и зацврстува, единствено преку внесување на грчка писменост, просвета и култура. Од не помалу значење, како организатори и раководители на грчката пропаганда биле и грчките конзули во Македонија. Но нејзините крајни и подалекусежни цели, во крајна линија, мораle да претрпат неуспех, и тоа пред сè поради фактот, што таа требало да делува во туѓа етничка средина, која на сето згора, си го зачувала словенскиот бит; јазик, традиции, а исто така на поширок терен и словенската писменост и богослужба. Оние ограничени и привремени резултати што грчката пропаганда ги постигнала и во Струмичко, се должеле, во прв ред на училиштата.

Инаку, и некои денешни грчки автори тврдат дека грчката пропаганда за Струмица водела посебни грижи. Се сметало дека по оската средна Македонија — Струмица — Дојран — Солун, таа била последна „тврдина на грцизмот" во одбраната од „словенската

опасност", и штом таа паднела на ред доаѓал Солун. Овој град, според авторот на една брошура за Струмица, К. Бонис, претставувала „силна предна тврдина на грцизмот (во неговата борба) против туѓите елементи". Но колку оваа тврдина била силна и кој за кого претставувал „туѓ елемент" го посведочува и самиот овој автор, кога на друго место вели дека веќе по 1878 година сите села на север од Струмица — до бугарската граница, како и селата јужно од Беласица — до Солун, со цело Кукушко, ја напуштиле грчката Патријаршија и станале егзархисти. Очигледно е дека Струмица во овој дел од Македонија останала „грчки" остров среде словенското и турското етничко море.

Сепак, независно од потеклото, значителен дел од патријаршиското население на градот било проникнато со грчки национален дух и себе си се сметало за грчко. Поинаку не може да се објасни фактот зошто дел од него најактивно се вклучил, не само во борбата против македонската преродба, туку и против ВМРО која се борела за држава на рамноправни македонски граѓани.

Инаку, постоењето на грчко училиште во Струмица најрано, уште во 1844 година, го забележал рускиот научник Виктор Григорович, кој тогаш поминал и низ Струмичко. Дваесетина години подоцна, во Струмица работел три години како учител некој си Х. Папамарку, кој го имал завршено Атинскиот универзитет, а подоцна се истакнал и како педагог, организатор и реформатор на основното школство во Грција. Во 1869 година избувнал голем пожар во Струмица кој, меѓу другото, ги зафатил и црквата „Свети Димитрија" и училиштето што се наоѓало до црквата. Наскоро потем и црквата и училиштето биле обновени, а грчкото школство во градот се проширило. Веќе во 1873 година грчката пропаганда располагала со три училишта во градот.

Наскоро по ова, во септември 1875 година во Струмица (како и во низа други градови од јужна Македонија) било основано грчко „Ученољубиво друштво" кое ќе внесе нов импулс во ширењето на грчката

просветна пропаганда, не само во градот, туку и во неколку струмички села. Ова друштво претставувало филијала на „Друштвото за ширење на грчката писменост", со седиште во Атина. Покрај грчките конзули и грчките владици во Македонија, ова атинско друштво (на грчки силогос), се претворило во главен орган на атинските влади за ширење на грчката пропаганда. Најважното нешто во неговата работа биле големите парични средства, кои од грчката столнина, а преку овој Силогос, се давале за издршка на грчките училишта и за други, помалку познати цели. Само за пет селски училишта во Струмичко, во годините околу 1882-ра, овој грчки Силогос, трошел по сто турски лири годишно. Така, грцизмот, особено по селата бил со пари купуван. Што се однесува до училиштата во градот тие се издржувале од катагодишните квоти од Атинскиот силогос за грчка писменост, од прилози од митрополитската каса, од приходи на грчката црковна општина во градот, како и од одделни подароци и завештанија од богатите струмички граѓани. А овие граѓани давале не толку од патриотски побуди, колку од практичните потреби за описменување и школување на нивните синови, што било мошне важно за успешно водење на трговијата, до толку повеќе што грчкиот јазик имал богата традиција и наоѓал примена во стопанските врски на доста широк простор од опширното турско царство.

Овие стремежи на трговскиот слој во Струмица, нашле израз и во Статутот на струмичкото „Ученољубиво друштво", каде што било запишано дека тоа има за цел „општествено и интелектуално издигање на неговите членови и ширење на грчката просвета". По ваков начин, врз природниот стремеж на граѓанството за „интелектуално издигање", се надоградувала „грчката просвета", којашто во македонската етничка средина претставувала основа на сета грчка пропаганда.

Но, дека скриените цели на ова друштво, со наизглед невино име, не се ограничувале само врз јавно

формулираните просветни цели, наскоро покажала неговата политичка активност. Во 1878 година, на иницијатива на „Ученољубивото друштво" бил испратен мемоар до големите сили со кој грчката општина во Струмица, откако ја подвлекла својата верност кон „великата Христова црква и кон традиционалните убедувања", барала да се анулира Сан-Стефанскиот мировен договор, за да не дојде и Струмица во составот на бугарската држава. И со овој акт Струмичката грчка општина, како и грчката пропаганда воопшто, ги спечелиле за подолго време симпатиите и поддршката на турската влада, што ќе биде од огромно значење за позициите што таа ги имала во средината на македонскиот народ.

Обрнувајќи му големо внимание на школството во Струмица и во наредните децении, бројот на школите и на учениците бил зголемен. Во еден извештај, испратен до грчкиот генерален конзул во Солун во 1882 година училишниот инспектор Константин Јерсос, кој порано учителствувал во Струмица, констатирал значаен напредок „кој се должел на школите". Во оваа година, во градот имало четири грчки училишта со вкупно околу 370 ученици. Нешто подоцна овој број се зголемил. Тогаш во Струмица работела и една неполна гимназија со три класа. При крајот на турското владеење грчката пропаганда основала и бесплатен пансион за ученици од селата и за „децата чии родители биле убиени од бугарските комити". Но овој пансион бил кратковечен. По ваков начин, пропагандата се заложила од македонските селски деца, чии родители се огрешиле спрема законите на Македонската револуционерна организација и добиле заслужени казни, да направи нови поборници на грцизмот. Таа и воопшто обраќала поголемо внимание на помладите генерации. Во февруари 1909 година еден нов пожар ја уништил зградата на трикласната полугимназија, но за две години таа 5ила пак обновена.

Во резултат од долгогодишната работа на грчките училишта, според некои грчки автори, од Струмица уште пред 1912 година произлегле значаен број школовани луѓе, кои своето образование најповеќе го добиле како грчки стипендисти. Тоа биле: четворица лекари, двајца адвокати, двајца филозофи, еден математичар и околу стотина грчки учители. Сите тие, едни повеќе — други помалку, станале активни поборници на грчката пропаганда не само во Струмица, туку и во разни други места од Македонија. Константин Бонис, и самиот од овој круг на интелигенција (од семејството Боневи, кои и денес живеат во градот), посебно ги истакнува заслугите на Константин Јоанидис. К. Јоанидис во својата долгогодишна политичка кариера бил учител во Цариград, училишен инспектор во Битола, каде што бил виден соработник на конзулот Јон Драгумис во неговото организирање на грчкото андартство, издавач на весник во Лерин, висок чиновник во Костур итн. Грчката Академија на науките за неговите заслуги за грцизмот во 1857 година го наградила со Сребрена медалја и парично.

Сепак, при крајот на турското ропство, грчкото влијание, дури и во градот, осетно се смалило. Далеку позабрзано опаѓала грчката пропаганда во струмичките села, што го признаваат и некои денешни грчки историчари од кои и ги земаме овие податоци. Уште пред да започне да отвора и селски грчки училишта, словенската богослужба вовела и свои училишта и си отвориле, или (подоцна) од Патријаршијата се откажале, огромното мнозинство од струмичките села. Инаку, и во селата грцизмот се обидел да навлезе со помошта на веќе испробаните средства: црквата и, особено, училиштата. Но резултатите од неговите акции во селата, каде што наидувале на сè посилен отпор од самото население, останале не само ограничени, туку и привремени. Најрано биле отворени грчка црква и училиште во Колешино, и тоа во 1840 година; потоа во 1856 година — во Куклиш, и тоа прво училиште, а потоа и црква. Во

1865 година биле отворени црква и училиште во селото Габрово, а во 1874 година — во Макриево. Сите овие се подгорски села, од кои грчкото влијание ќе биде и најкасно потиснато. Според некои грчки извори, во цело Струмичко (без градот) во 1873 година имало дванаесет училишта, во 1878/79 — петнаесет, по кое време грчкото влијание во селата започнало бргу да ослабнува а исчезнува и од оние села, во кои дотогаш се имало задржано, и покрај зголемените парични средства за училиштата, испраќани од Атина. При крајот на турското господство одделни патријаршисти останале само уште во селата Вељуса (мешано со егзархисти и протестанти), Габрово (мешано со егзархисти), Колешино (мешано со егзархисти и протестанти), Макриево (мешано со егзархисти) и Мокрино. Во некои од овие села се задржале и грчките училишта, но во мешаните од нив имало и егзархиски. Грцизмот во струмичките македонски села, не фатил корен, а набргу по ликвидирањето на турската власт, и наполно исчезнал. Дури обратно, струмичкото селско население, мошне многу придонело за ослабнување на грчките позиции и во градот, кои систематски и постојано биле на удар и слабееле.

## 2. МАКЕДОНСКОТО ПРЕРОДБЕНСКО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО (ОД ПОЧЕТОКОТ НА XIX ВЕК ДО СОЗДАВАЊЕТО НА БУГАРСКАТА ЕГЗАРХИЈА)

Во нашата книга грчката црковна и просветна пропаганда најде место пред македонското преродбенско движење од две причини. Прво, при појавата на ова движење, грчката Митрополија, по укинувањето на Охридската архиепископија, веќе била присутен фактор, во животот на нашето население и во Струмичко, и второ — за да видиме појасно против кого се борело македонското преродбенско движење.

Временски ова поглавје од «книгата допира до формирањето на бугарската Егзархија во 1870 година, која станала втора самостојна национална црква во Турција, по грчката Патријаршија. Тоа го правиме од причини што до околу 1870 година, македонскиот народ, и во Струмичко и воопшто, борбата против фанариотите ја водел со сопствени сили, иако во заедница со бугарскиот и со дел од српскиот народ, од Нишката епархија. Последната, по формирањето на бугарската Егзархија, исто така, неколку години по ред ќе влегува во составот на Егзархијата. Станува јасно дека преродбата и за нашето население од Струмичко претставувала само мал дел од едно мошне широко антифанариотско движење на сето словенско (македонско, бугарско и дел од српското) население кое живеело во границите на тогашна Турција. Но, низ сето време на ова движење, и особено до формирањето на бугарската Егзархија, тоа (движењето) во Струмичко ќе се поврзува, пред сѐ , со другите поблиски македонски градови како Штип, Велес, Малешевско, Кукуш, Солун и други, отколку со оддалечените бугарски преродбенски центри.

Иницијатор и носител на македонското преродбенско движење во Струмичко бил градскиот трговско-занаетчиски и селскиот имотен слој, оние Хаџи Трендовци и дедо Мицовци, за кои веќе стана збор. Тие биле заинтересирани за описменување, за светска просвета, за повисока култура и образование, за словенско-македонски книги итн. Своите деца тие настојувале да ги школуваат и оспособат за поразвиено производство. Кога А. Костенцев во 1859 година, за првпат, како седумнаесетгодишно даскалче дошол во Струмица, пријателите на татко му браќата Araникови, го задржале месец и пол дена дома, за да им ги описмени децата. И не само во градот, туку и во селата се чувствувала жед за описменување, за образование и просвета. Робовецот дедо Мицо во еден момент им рекол на своите соселани: „Ако вие не го сакате за даскал, јас

ќе го држам дома, ќе му плаќам, за да ми ги учи синовите, ќерките, внуците и внуките". Во училиштето во Робово, кај Костенцев, за оние четири години додека учителствувал, учеле по „четири-пет чорбаџиски деца" од Дабиља, Сачево, Муртино, Моноспитово, Банско како и деца од Струмица. Во Попчево кај него учеле петнаесеттина ученици од Дојранската каза.

Македонскиот трговски слој, сепак, чувствувал најголема потреба од описменување и образование, кои на мајчиниот јазик можеле и најлесно да се добијат. На прашањето од еден селанец, зошто им е учител дедо Мицо одговорил: „Абе, ќе пишеш у Малеш — за борина, у Тиквеш — за ракија; зошто ни е!?" Воопшто, ова било време кога по првпат се покажале масовно и потребата и желбата од образование, од учење, од повисока култура. Желбата за здобивање со светско образование на свој јазик, за свои училишта и книги избивала на преден план во нашето преродбенско движење. Трговско-занаетчискиот и побогатиот селски слој и во Струмичко бил оној општествен фактор што се ангажирал со подигање и отворање на нови светски училишта, се грижел за нивната издршка, за изнаоѓање на учители, за набавка на ученици, се борел со фанариотите за да не се затворат овие училишта итн.

Заинтересираноста за просвета, за свои книги, се изразила и низ помагањето за печатење на ваквите книги. Така, книгата „Различни поучителни наставленија" од Јоаким Крчовски, што излегла во Будим (денес Будимпешта) во 1819 година, била отпечатена благодарејќи на помошта од различни македонски градови, трговци, граѓани и селани. Меѓу нив се спомнуваат и Струмица — со 50 гроша, и граѓаните „Илија — со 10, Трајко Абраш — со 10 и Мануил Икономович — со 10 гроша". Тие се појавиле како дарители и претплатници на оваа книга.

Меѓутоа, пред македонското преродбенско движење се испречиле грчката Патријаршија и грчкото културно влијание, кои во многу градови од Македонија, каков

што бил случајот и со Струмица, си освоиле доста силни позиции. Затоа на црковно-просветен план нашето движење се изразило како борба против црковноучилишната власт на Патријаршијата, против употребата на грчкиот јазик во црквите и училиштата, а за формирање на свои црковно-училишни општини, за словенска просвета, свој јазик во училиштата, свои книги итн.

Кон сето ова треба да се додаде и економскиот момент како еден од основните мотиви на борбата против Патријаршијата. Грчката Патријаршија во ова време станала крајно корумпирана установа која, по турската власт, се пројавила и како најголем експлоататор на македонските народни маси. Струмичката грчка митрополија, во остварувањето на оваа експлоатација, се поврзала не само со турската власт, туку и со поедини граѓани, гркомани, од градот. Патријаршијата во XIX век од својата македонска паства собирала, често пати најбрутално, различни даноци и такси, меѓу кои најпознати биле: за Великата црква, за Божји гроб, за свети Синај, владичнина, филотимо, за венчило, за миро, за црква светење, антимински, за мртовци итн. Приходите од овие даноци и такси, главно, оделе во џебот на високиот црквен клер, на неговите помагачи од редот на домашното одродено граѓанство, за грчки училишта, или во вид на поткупи — во рацете на турските властодршци.

Поради тоа, за масата од нашите верници кои влегле во преродбенското движење, откажувањето од Патријаршијата се сфаќало — за најсиромашните од нив — како ослободување од еден важен експлоататор, а од поимотните — и како борба за тоа, средствата што сами ги давале да се трошат за задоволување на сопствените духовни потреби, што сега нараснале.

Новоотворените училишта во Македонија, па и во Струмичко, во кои наставата се изведувала на македонски јазик, со многу примеси од црковнословенскиот, несомнено, зеле најзначајно место во

нашето преродбенско движење. Меѓутоа, на отворањето на овие училишта, најчесто им претходело изградување на нови цркви, што и до денес постојат по селата во Струмичко. Затоа и на оваа појава ѝ даваме попрво место. Инаку, за подигањето на секоја нова црква бил потребен султански ферман (дозвола) кој, во ова време, со малку рушвет на месните власти, лесно се добивал, а што не било случај пред XIX век. Скоро сите, и денес постојни селски цркви во Струмичко, се изградени, почнувајќи од четириесетте години па до пред крајот на XIX век. Веќе ја спомнавме црквата „Свети Спас" во Колешино, изградена со помошта од грчката струмичка Митрополија во 1840 година. Ист бил случајот и со црквата во Габрово, Макриево, изградена во 1874 и Мокрино, подигната во 1876 година. Во некои од овие цркви подоцна, богослужбата се вршела по ред — на црковно-словенски и на грчки јазик, додека Куклишката црква, изградена во 1862 година, станала егзархиска, зашто во селото не останале патријашисти.

Во Водочката црква литургијата се изведувала постојано на словенски јазик, а во ова време, најзаслужен за тоа бил попот Тодор Жилков, кој извесно време одлежал во затвор во Серес. Црквите, во кои веднаш или наскоро по нивната изградба се служело на црковно-словенски биле далеку повеќе. Нив селаните ги граделе со сопствени средства, со подароци и прилози, собирани во самото село или во другите околни села, како и со трудот на тие селани. Најрано, изгледа, била изградена црквата во Моноспитово, во 1838, а зографисана во 1858 година. Потоа, во 1842 година биле изградени црквите во Ново Село и Босилово. Доста стара е и црквата во Робово, изградена во 1864 и Дабиља во 1868 година. По нив следувале црквите во Попчево, подигната во 1866, па во Муртино, Пиперево, Рич и Смолари — сите изградени во 1870 година итн. Во црковните книги останал и понекој запис. Од нив може да се види кои и од каде биле поповите во овие цркви. Во Робово, на иницијатива од дедо Мицо, во 1867 година

дошол „папа Михаил папа Николов от Берово". По него, во Робово служувал попот Јане Темелкович, а уште подоцна попот Глигор, обајцата од Радовиш. Во некои црковни книги се забележани и одделни природни несреќи или настани што се случиле во текот на годините. Попот Марко од Ново Село во 1863 година забележал силен земјотрес кој се случил на 21 август наутро. Попот Глигор, кој служел во Робово, ја забележал во 1877 година познатата Руско-турска војна. На 25 март 1907 година Босилово па и другите села, ги зафатило голема поплава од реките Стара Река и Турија. Во записот стои дека целото село било поплавено и станал „голем зијан на селото".

Оставиле траги и градителите, и особено, зографите на повеќето од овие цркви. Црквите во Моноспитово, Босилово, Ново Село и Макриево биле зографисани од „смирениј зограф Андон Петрович, от село Гари, каза Дебар", како што тој самиот се потпишувал. Овој македонски зограф, кој произлегувал од прочуената Дебарска зографска школа, веројатно, зографисал и други цркви во Струмичко. Подоцна, како зограф на многу селски цркви се споменува Глигор Пецанов од Струмица. Пиперевската црква ја зографисал „Јосиф иконописец от дебарско, село Лазарополе", додека црквите во Мокрино и Смолари ги зографисал некој мајстор од Мелник.

Дека селските цркви биле изградени од самите селани, се гледа и од многу натписи и записи, кои ги одбележуваа имињата на дарителите. Во моноспитовската црква е забележано дека одделни икони биле подарок од Илјо Младенович, од Велко Панович, од селото Габрово, од Дино Манчо — од Бориево, од Коте Годев итн. Во црквата во Макриево два полилеа биле подарени од Стојан чорбаџијата, а еден од Ангел Кукачков. Во Новоселската црква, покрај името на зографот се запишани и имињата на двајца од епитропите и тоа „г. г. Велко Костадинович и Тане епитроп Маркович". Овие и други презимиња што ги

спомнавме бараат објаснување од каде дошол овој нивни завршок на,, -ич". Изгледа дека тој повеќе дошол преку контакти со српски, а помалку и со руски луѓе и книги. Меѓу другото и со овој завршок на презимињата се сакало да се потцрта словенската припадност на луѓето, наспроти туѓото грчко влијание. Такви случаи во ова време имало повеќе и на други места, и не само во Македонија, туку и во Бугарија. И овој факт, меѓу многуте други го потврдува заклучокот од проф. Б. Конески дека „кај нас во она време имаше изјаснета противопоставеност спрема грцизмот, а српското и бугарското (а во нашиот случај и руското б. н. ) минуваше општо како „славјанизам". (Зарем ние, по ослободувањето не го примивме масовно, свесно и по сопствена волја завршокот на,, -ски"?) Впрочем, треба да се смета, дека зографите и свештениците биле тие кои ги запишале и им дале вакви завршоци и на своите и на други презимиња.

На кој начин ги граделе селаните своите цркви и училишта јасно покажува случајот на Робово. Давајќи прв иницијатива и личен пример, и зафаќајќи се со организацијата за изградба и на црквата и на училиштето, познатиот дедо Мицо Караџата дал 10 турски лири, по што другите селани дале — од пет до половина лира. Потоа, дедо Мицо дал, од свое име и од името на своите домашни 40 бучука пченица (еден бучук изнесува 18 оки), потоа и самиот тргнал од куќа в куќа да собира прилози. Собраните средства, изразени во пари, наскоро ја стигнале сумата од околу 150 турски лири. Селаните, исто така, се зафатиле со превоз на градежниот материјал, потребен за црквата и училиштето. На предлог на учителот Костенцев, со овие средства прво било изградено убаво училиште, а дури потоа и црква. Од тие години останал уште еден убав обичај во Струмичко за собирање прилози за изградба на општествени постројки (цркви, камбанарии, училишта, камбани), а тоа биле русалиските игри по селата. Овој

обичај се беше задржал сè до пред почетокот на Втората светска војна.

Во самиот град имало две цркви, од кои едната, „Свети Димитрија" била митрополитска, соборна црква на грчкиот митрополит. Во големиот пожар од 1869 година, за кој веќе спомнавме, оваа црква пострадала, но наскоро била обновена. Еден изворен податок сведочи дека за нејзиното обновување биле потрошени околу 4.000 турски лири, „собрани од струмичкиот христијански народ". Поради тоа, привремено била запрена помошта за школите, која изнесува 50 до 60 лири годишно.

Меѓутоа, обете овие градски цркви, (другата се викала „Св. цар Константин и Елена"), сè до 1912 година, ги држеле само патријашистите, односно Струмичката грчка митрополија. Тие не само што не отстапиле од нив, туку служејќи се со дозволени и со недозволени средства, не дозволиле егзархискиот дел од населението да си изгради црква за себе. Дури при крајот на турското владеење во Македонија, егзархиската Струмичка општина успеала да издејствува султански ферман (градежна дозвола) за изградба на своја црква. Тогаш и започнала да се гради сегашната убава, монументална струмичка црква „Свети Кирил и Методија" која била завршена и осветена во 1911 година. Своите верски потреби овој дел од населението на градот дотогаш, а тоа значи низ целиот период на XIX век, ги задоволувало во еден мал параклис.

Изградбата на црквите и училиштата, грижите за нивното натамошно одржување и развиток и слично, претставувало голема придобивка, школа за општествено ангажирање и внело во општествениот живот на населението суштествени и длабоки промени. При секоја ваква црква постоел епитропски одбор, избиран од самите селани. Овие одбори, формирани уште со покренувањето на иницијативата за изградба на црква или училиште, претставувале први јадра на црковноучилишните општини, кои во ова време биле

најважните самостојни и самоуправни тела на нашиот народ за задоволување на неговите општествени потреби. По ваков начин народот, по првпат во својата историја, се впуштал во општествена активност и се привикнувал кон самоуправување, кон изградувањето на норми за граѓанска должност и слично, иако треба да се има предвид дека во ваквата активност земале учество пред сè имотните слоеви од населението. Воопшто речено, народот започнал да се буди од вековната општествена летаргија. Врз ваквата општествена клима, создавана уште во овие децении, подоцна ќе израсне и македонското револуционерно ослободително движење. Оваа страна од македонската преродба, повеќе отколку самите цркви, и ќе биде со трајно значење и ќе остави подалекусежни позитивни последици во народниот живот.

Скоро едновремено со изградбата на црквите врвело и воведувањето на црковно-словенскиот јазик во богослужбата, а потоа доаѓало и отворањето на народни македонски училишта. Таков бил случајот, на пример со Ново Село, каде што обидите на струмичкиот митрополит да го спречи тоа, останале безуспешни. „И покрај севозможните пречки, пишува еден автор во 1896 година, богослужбата во новоселската црква се извршуваше, од нејзиното изградување, па до денес на словенски јазик. Исклучок се правеше само кога во селото доаѓаше митрополитот. Тогаш тој служеше на грчки, а месните свештеници и тие што ним им помагаа — на црковно-словенски".

Во босиловската црква отпрвин се служело на грчки, но откако учителот А. Костенцев со група ученици, на Спасовден 1869 година учествувал во службата на словенски јазик, мнозинството од селаните веќе не сакале да чујат за грчки јазик во црквата. „Сите селани, вели Костенцев, останаа мошне благодарни". По овој случај овде доаѓале селани и од околните села за да чујат зборови што ги разбирале. Успешен, иако само привремен обид, во овие години бил направен, со

воведување на словенски јазик и во црквите во Струмица.

Па сепак, воведувањето на црковно-словенскиот јазик не одело ни бргу, ни лесно, поради што и борбата на населението за исфрлање на грчкиот јазик ќе продолжи уште многу децении. Тоа, пред сè , поради одлучниот отпор од Струмичката грчка митрополија, која зад себе најчесто ја имала месната турска власт. Во Струмичко недостасувал и свештенички кадар, кој да го знае црковно-словенскиот јазик.

Сè поради истите причини уште потешко се пробивало отворањето на народни, македонски училишта, иако првиот обид за воведување на мајчиниот јазик во едно приватно училиште во Струмица бил направен доста рано — во 1840 година.

За засилувањето на црковно-просветните борби во Струмичко во средината на XIX век многу придонел и нашиот најголем преродбенски борец — Димитар Миладинов. Влијанието од неговата широка преродбенска активност во Струмичко се почувствувало за време на неговиот двогодишен престој (1857-59) како учител во Кукуш. Така, во едно свое писмо, бугарскиот преродбенски деец В. Чолаков, кој на Д. Миладинов му гостувал во Кукуш, пишува дека Д. Миладинов бил главниот носител на преродбата, не само во Кукуш, туку и во многу други македонски градови и паланки, како Дојран, Струмица, Воден, Охрид и други. В. Чолаков се восхитил од неговата добро организирана и широка преродбенска дејност. Дека Д. Миладинов одржувал врски со луѓе од Струмичко се потврдува и од фактот што во прочуениот Миладиновски зборник од македонски народни песни биле вклучени и публикувани и неколку песни од Струмичко. Пак во овие години, и тоа во 1858-та, меѓу испратените од Д. Миладинов четири Македончиња на учење во Русија, едно било од Струмица. Тоа бил, изгледа, подоцнешниот Софиски митрополит Милетиј, кој своето црковно образование го завршил во Киев.

Од друга страна во шеесеттите години од минатиот век, црковнопросветните борби што се воделе во Штип и Велес, нашле свој одраз и во Струмица. Во еден момент отпорот против владиката Јеротеј, се изразил како незадоволство на граѓаните од неговото самоволно составување на месната црковна општина.

Меѓу преродбенските дејци од Струмица, кои оставиле траг во историјата, се споменуваат уште архимандритот Антим Ризов и неговиот внук, подоцнежниот Софиски митрополит Милетиј, кого веќе го споменавме. Обајцата, а посебно Милетиј во неговите зрели години, му припаѓале на високиот егзархиски црковен клир и рано го напуштиле родниот крај. Милетиј му припаѓал на егзархискиот владички круг. Тие обајцата непосредно не придонеле со ништо посуштествено за преродбенските борби на народот од кој произлегле. За Милетија дури, кој сè до 1891 година ја држел катедрата на Софиски митрополит, може да се тврди обратното, т. е. дека ѝ се ставил во служба на бугарската политика спрема Македонија. Неговата активност во таа смисла не може да не нè потсети на „заслугите" од грчкиот учител Константин Јоанидис, за кој веќе рековме нешто.

Но, да се вратиме кон нашите струмички селани и граѓани и нивните тогашни болки, стремежи и борби. Струмичкото село Робово ја имало таа чест да се нареди меѓу првите неколку села од Македонија, во кои најрано биле отворени световни училишта на народен македонски јазик. Дотогаш вакви училишта работеле само во Башино Село, кај Велес, и во Банско, Разлошко (денес во Пиринска Македонија). Во Робово четири години учителствувал (1860—1864) веќе многу пати спомнуваниот Арсени Костенцев, родум од Штип. И отворањето и постоењето на училиштето се должеле пред сè на енергичниот, интелигентен и богат селанец дедо Мицо Караџата. Училиштето работело по буквари и други учебници, набавени од печатницата на Константин Држилович, и донесени од Солун. (Овие

учебници К. Држилович ги пишувал на своето македонско воденско наречје, се разбира со многу примеси од црковно-словенскиот јазик, што во тие времиња било обична појава). Случајот со училиштето во Робово забележал и еден македонски парадокс, кој за тогашните политички услови во Струмичко, никако не е случаен. Имено, во ова училиште не само што учеле, туку и живееле, одејќи си само во саботите дома, пет деца од Струмица — три од Араникови и две на Кантаџи Панов Гогуш. Од самото Робово училиштето го посетувале 45 деца, а од неколкуте соседни села по „4—5 чорбаџиски деца". Евидентно станува дека Робово станало минијатурен школски и просветен центар за неколку соседни села, па и за градот Струмица. По четири години А. Костенцев се преместил во Попчево, каде што останал две години, а одовде — во Ваташа, Кавадарско. Не е познато кој го заменил него во обете овие струмички села, но може да се претпостави дека училиштата во нив веќе не биле затворени, зашто Костенцев тврди дека многумина од неговите ученици наскоро и самите станале учители.

Со залагањето на видниот селанец Димчо Хаџи Пенев, во 1866 година било отворено првото училиште и во Ново Село. Новоселскиот пример наскоро го проследувале и селаните од Дабиља, Василево, Водоча и Сачево, чии училишта биле отворени во истата година. Преродбата во Струмичко веќе зачекорила и немало сили што би можеле да ја задржат. Во наредните неколку години, до 1870-та, веројатно биле отворени и други народни училишта во селата од Струмичко.

Потешко отколку во селата, се покажало отворањето на македонско училиште во градот. Грчкиот владика се заложил со сите сили против намерата на струмичките граѓани да го наместат за учител А. Костенцев во градот, поради што тој отишол во Робово. Па сепак вакво училиште било отворено.

Во 1867 година бил ангажиран за прв народен учител во градот Ѓорѓи Милетич, Србин од Војводина, кој

пред тоа неколку години учителствувал во Велес. Ѓ. Милетич останал само една година во Струмица; прогонуван од владиката Јеротеј, тој се преместил во Штип. Со неговото одење, сепак училиштето не било затворено. По него, за кратко време учителствувале Захари Бобошевски и Христо Алексиев, но и тие еден по друг биле протерувани од Јеротеј. По нив за учител дошол архимандритот Агапиј Војнов, и тоа од Воден, каде што, поради отпорот од гркоманите, не успеал да отвори училиште. Во негово време одржувањето на училиштето во Струмица најрезултатно го помагале месниот свештеник Тодор Митев, зад кој пак стоеле крупните велешки трговци, браќата Шулеви. Но луѓето на Јеротеј, една група млади гркомани, ноќе го нападнале Војнова, обидувајќи се да го убијат, та и тој се видел принуден да бега, префрлувајќи се за учител во Петрич. А. Костенцев раскажува дека Јеротеј се држел како неограничен господар во својата епархија. „И Турци и христијани треперат од него", вели Костенцев. А се чуствувал силен, не само поради обилните рушвети давани на турските управници, туку дека бил и побратим, „суд-кардаши", брат по млеко на солунскиот валија Јусни-паша. Имено, тие обајцата биле родум од Цариград и како цицалчиња се доиле од една доилка. Одбележуваме само дека во овие години (1867-68) учителот А. Костенцев повторно се сретнал со својот гонител, владиката Јеротеј, сега во Пехчево, каде што за учител дошол по настојување на познатиот подоцна македонски револуционер Димитар Поп Ѓоргиев.

Во времето на големите и бурни настани во Македонија и на Балканот од 1875 до 1879 година (Разловечкото и Кресненското востание во Македонија, востанието во Босна и Херцеговина, Априлското востание во Бугарија и војните — прво Српско-турската, а по неа и Руско-турската војна), а и по овие настани, и училиштето во Струмица за подолго време било затворено. Во тие години уште помалку имало услови за борба со грчкиот струмички владика. Во наредните

години борбите за своја црква и училишта ќе продолжат со уште поголема сила, но и при значително изменети и внатрешни и надворешно-политички услови. Во тие години дошол и протестот на струмичката патријаршиска општина против Сан-Стефанскиот договор, за кој веќе стана збор.

## 3. ЦРКОВНО-УЧИЛИШНИТЕ БОРБИ НА НАСЕЛЕНИЕТО И АНТАГОНИЗМОТ НА ГРЧКАТА И БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ ПО 1870 ДО 1912 ГОДИНА

Во текот на четирите децении, кои уследиле по 1870 година, што значи — по создавањето на бугарската Егзархија, во борбите за цркви, владици, училишта и влијанија, во Струмичко заемно се испреплетувале, главно, три антагонистички сили: македонското население, кое продолжило да бара начини и патишта за откинување од грчката Патријаршија, како и од зголеменaта зависност од бугарската Егзархија, и грчката и бугарската пропаганда кои се бореле, како против ваквите стремежи на населението, така и помеѓу себе. Кон нив треба да се додадат турската корумпирана власт, акциите на католичката и на протестантската пропаганда и борбите на ВМРО, подоцна, против султанската власт и против бугарскиот и грчкиот владика, со сите нивни пропагандни машинерии. Како што се гледа — ситуацијата е повеќе од комплицирана, во која секој еден од овие (и уште некои други) ривали, ќе бара начини и средства да го наложи своето влијание и да ја оствари својата крајна цел.

Создавањето на бугарската Егзархија во февруари 1870 (санкционирана и од султанот во 1872 година) и особено формирањето на бугарската држава во 1873 година, повлијале врз карактерот и на преродбенското движење во Македонија. Бугарските буржоаски кругови,

кои дотогаш биле само сојузник во антифанариотските борби (иако далеку посилен и од македонското и од делот од српското граѓанство) сега, земајќи ја Егзархијата во свои раце, се заложиле да ги искористат исклучиво за себе борбите што македонските маси продолжиле да ги водат против фанариотите. Во тоа бугарската страна, постепено печелела терен, дури и во Струмица, каде што вонредно тешко се пробивала. Зад Егзархијата по 1878 година застанала и бугарската држава — со нејзината влада, со воената сила, со дворот и дипломацијата, и што било најважно — со отпуштаните парични средства. Еден висок егзархиски функционер од ова време отворено признава дека „бугарштината во Македонија, во многу случаи со пари се купувала".

Од друга страна, Егзархијата секогаш настојувала своето делување да го сообрази со месните услови во секоја одделна македонска епархија или град. Онаму каде што македонските маси биле компактни, единствени и веќе ја добиле битката со грцизмот, Егзархијата се трудела наеднаш да го наложи своето туторство. Спротивно од тоа, во епархиите, каква што била и Струмичката, каде што нејзе ѝ претстоеле долги борби со грчкиот ривал, таа настојувала да се прикаже во улогата на фактор кој ја „помага" борбата на месните сили против тој грцизам. Знаејќи ја слабоста на своите позиции во Струмичко, Егзархијата (сè додека во 1897 година не успеала да постави свој владика и овде) на Струмичката епархија ќе ѝ обрнува секогаш посебни грижи и внимание. Но, тоа многу не помогнало. Во султанскиот ферман, со кој бил санкциониран актот за создавање на Егзархијата, Струмичката епархија останала вон од егзархискиот диецез. Егзархиски владика тогаш бил испратен само во Велешката епархија, која единствена од македонските епархии, и влегла во егзархиската област. Струмичката епархија, исто така, како и сите други македонски епархии, и натаму останувала под власта на грчката Патријаршија. За Струмичката епархија, како и за оние другите, било

предвидено, според десеттиот член од султановиот ферман, да може дополнително да се приклучи кон Егзархијата, ако во неа, по пат на плебисцит (истилјам) најмалку 2/3 од населението се изјасни за тоа. И во борбата за зацврстување на своите позиции во Струмичко, Егзархијата ќе поведе повеќе од дваесетгодишна борба, а во прв ред за назначување на свој митрополит, кој да седи покрај грчкиот патријаршиски митрополит.

Со формирањето на Егзархијата поделбата на македонското население меѓу двете самостојни цркви, од кои едната била третирана за грчка, а другата се експонирала како бугарска, го оневозможило обединувањето на македонскиот народ под своја одделна македонска православна црква, што од своја страна го спречувало и неговото национално определување под македонско име.

Бугарската буржоазија уште при формирањето на Егзархијата ги зела клучните позиции во неа во свои раце и не допуштила делба на власта со македонското граѓанство. Ангажирајќи се во борбите за натамошно истиснување на Патријаршијата, во кои се трудела да ги впрегне и македонските маси, Егзархијата во исто време се заложила да ја насадува бугарштината во Македонија. Бугарската буржоазија го исклучила македонското граѓанство од управата на Егзархијата и неа ја организирало како чисто национална бугарска црква. Со актот на формирање на Егзархијата, било решено црковното прашање само на бугарскиот, но не и на македонскиот народ. Македонските епархии, со исклучок на велешката, во овој момент останувале во границите на патријаршиската област, а дали во нив покасно ќе дошле егзархиски владици, ќе зависело од натпреварот меѓу бугарската и грчката пропаганда — едната да ги освои владичките места и верниците, а другата — тоа да не го дозволи. Така, обете овие пропаганди во Македонија добиле широко поле за меѓусебни пресметнувања, а за сметка на македонските

народни маси. Нивната натамошна пропагандна активност водела само кон продлабочување на оној јаз што ги делел македонските маси на патријаршисти и егзархисти. Тие настојувале да ја претворат Македонија во објект на своите завојувачки планови. Тоа било случај и во Струмичко, особено во градот.

Македонските прогресивни општествени сили не можеле да се помират со ваквото решавање на своето црковно (и не само црковно) прашање и за сето време од овие четири децении преземале акции да ја отфрлат власта на грчката и на бугарската црква, да ја надраснат поделеноста во редовите на сопствениот народ и да создадат сопствена национална црква, откако ја обноваат автокефалната Охридска архиепископија. Тие не сакале да бидат објект на завладувања од соседните буржоазии. Подоцна, по појавата на ВМРО, овие сили се заложиле и црковното прашање да го решат, не веќе во рамките на Турција, која умирала, туку — по револуционерен пат, а во границите на автономната македонска држава, за која и се водела револуционерната борба. Но, бидејќи од една страна, сите вакви акции и движења останувале неостварени стремежи и безуспешни желби, од друга — словенското битие на Македонците сè поупорно ја отфрлувало грчката црква, а од трета — дејствувала бугарската пропаганда, соодносот на силите во Македонија, со текот на годините, се менувал. Имено, иако незадоволни од Егзархијата, за македонските маси, и особено за оние од нив кои не успеале да вникнат во нејзините суштински цели, бугарската црква, сфаќајќи ја неа по традиција како словенска (иако таа всушност била само бугарска), била далеку поприфатлива, отколку грчката Патријаршија. која за нив била во сè и потполно туѓа. На таа основа, делумно, и се должело постепеното проширување на Егзархијата и потиснување на Патријаршијата од Македонија. Процесот на ваквото словенско и македонско освестување го објаснува (но само делумно) напредокот на егзархиското дело и во

Струмичко, особено во периодот до кон крајот на XIX век, до кога црковното прашање било и актуелно.

Спомнавме, дека Егзархијата изразувала посебно внимание за Струмица. Но тоа, изгледа не дошло до израз веднаш по нејзиното формирање, туку подоцна. Тоа се потврдува и од едно „Изложение" од 1874 година на таканаречената „Македонска дружина" при Егзархијата во Цариград, во кое управата на Дружината, самокритички констатирала дека во претходната, 1873 година, парично не го помогнала училишното дело во Струмица. Собранието на Дружината било алармирано со тоа што грчкиот струмички владика лично отпатувал во Грција и успеал да собере нови, вонредни парични средства, што му биле потребни за борба против преродбенското движење во неговата епархија. Во рефератот меѓу другото се вели: „На прво место стои Струмица, град кој достојно ѝ дава отпор на наездата од елинизмот, па и денес уште е во непрестана борба со него". Понатаму се соопштува дека селата и помалите градови во Струмичката епархија биле во поповолна положба од Струмица, зашто Малешевско, Радовиш и Тиквешко „успеале да се ослободат од гневот на струмичкиот владика и да се управуваат сами", односно преку своите црковно-училишни општини. Но, материјалното помагање на училиштата во Струмица, во ова време за Егзархијата, по сè изгледа, стоело на втор план. За неа поважно било да ја вклучи на некој начин и Струмичката епархија во својата област, во која насока ќе биде свртена и нејзината основна активност по однос на Струмица. Гледајќи дека во Струмичката епархија во тие години не би имала успех со евентуален плебисцит, поради отпорот од Патријаршијата и турската влада, Егзархијата се обидела да ги спои двете епархии — Велешката и Струмичката во една — Велешко-Струмичка, со што диецезата на егзархискиот велешки владика автоматски би се проширила и врз Струмичката епархија. Затоа уште при назначувањето на велешкиот епископ

Дамсакин, тој бил ракоположен за владика и на Струмичката епархија. Меѓутоа, поради отпорот од Јеротеј, зад кој стоела турската влада, оваа комбинација, на која се инсистирало неколку години, пропаднала. Нов обид бил направен во мај 1874 година кога, по успешните за Егзархијата плебисцити во Охридска и Скопска епархија, Егзархијата побарала плебисцит (истилјам) и за Струмичката епархија, кој исто така пропаднал. Во следната, 1875 година турската влада ветила плебисцит, но ветувањето не го извршила. Потоа, дошле судбоносните и крупни настани за Турција на Балканот (во периодот од 1875 до 1879) кои, меѓу другото, го одложиле и прашањето за егзархиските владици во Македонија за подолго време. Востанијата во Македонија и на Балканот, Руско-турската војна, создавањето на бугарската држава и други вакви крупни настани за подолго време ги ослабиле егзархиските позиции во Македонија. Наспроти неа, Турците им излегувале во пресрет на грчко-патријаршиските агенти. Тројцата егзархиски владици и значителен дел од учителскиот кадар од домашната македонска интелигенција — биле протерани во Бугарија или во други земји. По неколку години владиците (велешки, скопски и охридски) се вратиле на своите места, но поголемиот дел од избеганите македонски учители и народни првенци останале во емиграција. Тоа бил голем удар за македонскиот народ чии раководни сили биле, простум, десеткувани. На тој начин, додека големата Руско-турска војна на Бугарија  дала ослободување, на македонскиот народ му донела влошување на неговата, и без тоа, тешка положба.

Откако, по неколкугодишни напори бугарската Егзархија успеала да ги стабилизира своите позиции во Македонија, а бугарската држава во 1885 година да се обедини, тие започнале да бараат нови владички места. Сега Егзархијата веќе не била сама — зад неа стоеле бугарските кнежевски влади. Паралелно со покренување на прашањето за добивање нови владички берати од

Портата (турската влада), од Софија се преземале разни акции за притисок врз Турција. Така, сите шумни акции во врска со формирањето и активноста на Врховниот македонски комитет (врховисти) во 1895 година биле координирани со дипломатски чекори во Цариград низ кои, меѓу другото, се барало примена на султанскиот егзархиски ферман и берати за бугарски владици во епархиите Струмичка, Дебарска, Мелничка и Битолска. Овој метод на работа на бугарската државна и егзархиска дипломација не останал безрезултатен.

Конечно, турската влада издала три берати (за Струмичка, Битолска и Дебарска епископија) и во декември 1897 година во Струмица за бугарски владика бил поставен архимандритот Герасим. Бугарската пропаганда добила уште една значајна битка во освојувањето на позиции во Македонија, а за сметка на грчкопатријаршиската митрополија. Меѓутоа, егзархискиот успех се покажал непотполн зашто, во овие години, македонските маси и во Струмичко, започнало далеку посилно да ги привлекува револуционерното движење предводено од ВМРО, отколку прашањето на владиците, дотолку повеќе што тие ниту произлегувале од пивна средина, ниту ѝ припаѓале на некаква македонска црква. Имено, калуѓерот Герасим, чие име натаму ќе го среќаваме почесто во книгава, бил Бугарин од Тракија, родум од градот Бунар — Хисар. Тој, како егзархиско доверливо црквено лице, дошол во Струмица неколку години пред 1897-та, со упорност работел на егзархиското дело овде, и го очекувал својот владички берат. Герасим бил роден во 1862 година, а умрел во Софија на 1 декември 1918 година. Извесно време, пред да биде поставен за владика, тој бил претседател на Струмичката егзархиска црковноучилишна општина. Со својот деспотизам над македонската паства, Герасим не заостанувал многу далеку од поранешниот грчки владика Јеротеј.

Паралелно со повеќегодишните напори за поставување на свој владика во Струмица, и

согледувајќи дека тоа скоро не ќе се оствари, бугарската пропаганда, по 1876 година му обрнала поголемо внимание на училишното дело. Нејзините раководители сметале дека без напредокот на ова дело, не ќе можат да го зацврснат своето влијание и во овој дел од Македонија. Нивните напори можеле да сметаат на успех само со поддршката од населението кое, не можејќи да добие свое македонско школство, ги прифатило и ги претпочитало бугарските егзархиски училишта пред грчко-патријаршиските. Егзархијата, сè до кон 1894 година го оставила на втор план владичкото прашање. Било јасно дека за да се реши позитивно тоа, требало да се создадат месни школувани кадри што би можеле да го понесат и успешно решат овој проблем. Без месни луѓе, особено во градот, влијанието на грцизмот не можело да се разбие. Затоа, почнувајќи од 1873 година, таа започнала да издржува стипендисти, испраќајќи прво, еден ученик во прочуената гимназија во Габрово (Бугарија), а подоцна уште двајца во својата гимназија во Солун, со обврска, по дипломирањето тие да се вратат како учители на работа во Струмица. Вкупно, до крајот на турското владеење Егзархијата стипендирала, во разни средни училишта, седум ученици, од кои шестмина од градот Струмица и по еден од Ново Село и Дабиља, и петнаесет ученички: четиринаесет од градот и една од Нивичино. По прашањето на школството, како што беше случајот п со црквите, Егзархијата имала повеќе успех во селата, отколку во градот Струмица. Во текот на осумдесетте и деведесетте години од XIX век струмичките села, поединечно или во групи, бараале патишта да се откажат од Патријаршијата и да станат егзархиски. Отпорот од Патријаршијата, зад која стоела турската власт, и немањето на егзархиски владика тоа го отежнувале, но не можеле да го спречат. Едновремено со тоа било отворани и егзархиски училишта во повеќето од овие села. Во текот на овие две децении од грчката црква се откажале селаните од селата Куклиш, Ново Село, Банско, Барбарево, Нивичино, Робово, Муртино,

Моноспитово, Петралинци, Добрејци, Василево, Градско, Балдовци итн., со еден збор — огромното мнозинство од струмичките села. Кон почетокот на XX век, според една статистика, од педесет македонски (или македонско-турски) села, егзархиски биле 37, патријаршиски — 8 и мешани — 5 села. Но бројот на патријаршиските села и домаќинства продолжил и натаму да се смалува, за на крајот да останат уште само пет, во црковен поглед, мешани егзархископатријаршиски села. Очигледно станува дека во селата и меѓу селското население, егзархиската партија водела, што не било случај со градот, каде што Патријаршијата ги задржала своите доминантни, иако ослабнети позиции. Според истата статистика, чии автор е Бранков (Д. Мишев), во почетокот на XX век Егзархијата имала 18 селски училишта со 20 учители и 502 ученици. Во тоа време егзархиски училишта имало во следните струмички села: Бориово, Босилово, Вељуса, Габрово, Градошорци, Дабиља, Добрејци, Колешино, Костурино, Куклиш, Моноспитово, Муртино, Ново Село, Пиперево, Попчево, Просениково, Робово и Сачево.

Од друга страна, како што растеле постигнувањата на Егзархијата, и таа се наложувала како тутор на општествениот живот, така постепено започнало да се јавува незадоволство и да се оладува населението кон нејзините потфати и тенденции. Тоа особено било видливо во најнапреднатите села. Владиката Герасим, на пример, се жали на новоселчани, кај кои изгаснала „онаа жед за учење" од 60-тите и 70-тите години и тие станале „незаинтересирани за учебното дело". Тие, секако, сфатиле дека Егзархијата станува сè повеќе само бугарска, а помалку македонска црква. Впрочем, ваквите појави биле забележани и во многу други места во Македонија, особено во последната деценија од XIX век, на што ние повторно ќе се осврнеме.

Егзархиското школство мошне тешко се пробивало во градот зашто овде наишло на одлучен отпор не само од великогрчките агенти, туку и од значителен дел од

месното патријаршиско население. Затоа и борбите за отворање на егзархиско училиште се покажале не само долготрајни, туку, како ретко на друго место во Македонија, и мошне жестоки и драматични. По настојување од неколкумина високи егзархиски функционери (Добри Ганчев, Петко Славејков, Никола Еничеров), во август 1881 година за учител во Струмица пак дошол познатиот Арсени Костенцев. Од Егзархијата му биле ветени достатни парични средства, што би му биле потребни за поткупи на турските власти, а за да се отвори и одржи училиштето. Меѓутоа, наскоро се покажало дека А. Костенцев со она што му било отпуштано за таа цел, не ќе може да се носи со противникот. Неговите малубројни привврзаници од Струмица, веднаш му одговориле: „Гркоманите ќе потрошат со илјади лири, но нема да допуштат бугарско училиште, зашто тие се силни и богати, а освен тоа им доаѓаат големи помошти од Грција, од Солун, Цариград, Измир, итн. Тие му плаќаат по сто лири годишно на Челеби Мито; а на внук му Костаки — башка, само за мизеверлук", т. е. за клевети и интриги.

Во Струмица А. Костенцев се потпрел на своите стари познати и пријатели, браќата Araникови, на нивниот зел Васил Кљамбов, на Панде Ружин, како и на своите бивши ученици, многумина од кои по селата сега биле свештеници, учители и селски кметови. Училиштето некако било отворено и тоа во куќата на Панде Ружин; се собрале петнаесеттина ученици, но едновремено со неговото отворање започнале интригите и притисокот од струмичкиот кајмакам, кој можел да се совладува само со рушвети. Како пак патријаршиската страна, во оваа своевидна лицитација на кајмакамот, секогаш се јавувала со поголеми рушвети („со илјади лири"), врз егзархиските училишта се правеле и нови притисоци. Но и покрај тоа, со помошта од месните егзархисти, пречките од противникот биле совладувани, а училиштето неколку години работело. Во 1883 година дошле уште двајца учители: Христо Бучков и учителката

Архимандритова, обајцата родум од Кукуш. Х. Бучков бил човек со широко образование — го имал завршено Цариградскиот турски лицеј и знаел грчки, турски и француски јазик. За тогаш постигнатиот успех А. Костенцев пишува: „Го уредивме училиштето добро, се собраа околу 200 ученици и ученички и започнавме работа, но не помина многу време, а Грците го поткупија и новиот кајмакам, и тој нареди да се затвори училиштето, а мене врзан да ме однесат во родното место (Штип)". Сè во овие години, Костенцев ја основал и егзархиската црковно-школска општина во Струмица, на чие чело, но подоцна, дошол архимандритот Герасим. Во тие неколку години А. Костенцев забележал уште еден успех: од Патријаршијата се откажал свештеникот Костадин Хаџи Глигоров, кој потекнувал од богато и влијателно гркоманско семејство, и своите деца ги запишал во егзархиското училиште. На К. Хаџи Глигоров, кој веднаш бил анатемисан од грчкиот владика Агатангел, му било дадено местото на претседател на егзархиската општина во градот кое, подоцна, ќе му го земе Герасим. Со неговото отцепување од елинизмот бил направен нов пробив во гркоманските редови. Нешто подоцна, по доаѓањето на Герасим за владика, од грчката митрополија се откажало и преминало кон Егзархијата сето население од маалото „Свети петнаесет". Сè во овие години и маалата „Чифлик" и „Бабјак" преминале кон Егзархијата. Со тоа, скоро сето посиромашно население, „градскиот плебс" се откинал од влијанието на елинизмот, чии позиции значително ослабнале.

Но, во меѓувреме се изменила мисијата и на учителот А. Костенцев, како и на неговите колеги. Додека во шеесетте години тој во Робово, и воопшто во Струмичко, бил македонски преродбенски учител и општественик сега, без и самиот да биде на јасно за тоа, станал спроводник на бугарското влијание во Струмица. Од сиромашното струмичко население, кое требало да биде носител на борбата со грчката митрополија, тој не

барал поголемо ангажирање, туку само „да се викаат Бугари, а потаму за сè би се грижела светата Егзархија". Овде дошла до израз стратегијата на Егзархијата: да се потиснува влијанието на грцизмот, но самото население да не се ангажира премногу во општествените борби, кои можеле еден ден да се свртат и против самата неа. Со други зборови, работите да се вршуваат од подбрани поединци, и главно. со поткупи на турските власти.

По двегодишен престој, за кое време А. Костенцев бил постојано под грчко-турски притисок, тој морал да ја напушти Струмица. Дури и самиот солунски валија Галиб-паша, во 1883 година ја известил Егзархијата дека „додека Костенцев е во Струмица, вашето училиште не може да работи, та затоа ќе треба да го преместите". Инсинуациите од владиката Агатангел и неговите агенти, околу личноста на А. Костенцев, дотолку се напластиле, што неговото останување било оневозможено. По заминувањето на А. Костенцев, машкото училиште уште понередовно започнало да работи, додека наскоро и не било сосема затворено. По 1883 година, продолжило поредовно да работи училиштето за девојчиња, и покрај притисокот од владиката Агатангел врз ученичките родители. Сепак, десетина ученички биле принудени да го напуштат училиштето. Но, работата и на ова училиште не продолжила долго. И повторно станало, како што се случило по веќе спомнуваните крупни настани од периодот 1875 до 1879 година, кога училиштето во Струмица било првпат за подолго време затворено. Имено, и сега, поради обединувањето на северна со јужна Бугарија во 1885 година, со што биле погодени интересите на Турција, на што се надоврзале антитурските митинзи во Софија, турската влада повторно станала „сочувствена" кон Струмичката грчка митрополија, и повторно — училиштата затворени, а учителите протерани. Станува јасно дека натамошниот од и сите појави на македонското преродбенско движење кое уште не било завршено, а зад кои веднаш и

секогаш се јавувала Егзархијата, прилепувајќи им ја бугарската национална етикета, попаднале во огромна зависност од политичките настани и комбинации, вршени надвор од Македонија или за нејзина сметка, и кои наоѓале свој негативен одраз во неа. На примерот на Струмица, оваа зависност мошне убедливо се согледува.

Кон почетокот на последната деценија на XIX век, како меѓународната положба на Егзархијата, така и општествените претпоставки што таа ги создала, особено со отворањето на училиштата по селата во Струмичко, уште еднаш биле создадени услови за отворање на егзархиски училишта и во Струмица. Егзархијата се обидела да најде погодна личност во Усеин ефенди Шахабидинов, Турчин, родум од Охрид. Тој имал завршено три класа во една софиска бугарска гимназија и во 1890 година бил испратен за егзархиски учител во Струмица. Но, не наоѓајќи достатна поддршка од месното население, кое било застрашено од грчко-турскиот притисок, и овој обид пропаднал. Егзархијата и сега не се обесхрабрила. Во резултат од нејзините натамошни напори, конечно во 1892 година, таа успеала и по третпат да отвори свои училишта во Струмица кои понатаму, сè  до 1919 година, не ќе бидат затворени. Во истата, 1891/2, учебна година новоотвореното училиште имало три одделенија со 156 ученици и ученички. По повод на оваа егзархиска победа еден софиски весник, три години подоцна, пишувал:

„Со тоа градот Струмица, кој беше најсилната тврдина на грцизмот во Македонија, пред три години... беше освоен". Но, оваа оценка не соодветствувала на стварната положба. Пробивањето на бугарската пропаганда во градот, не значело дека е тој и освоен од неа. Борбата со грчкото влијание морала и потоа да продолжи. Од друга страна, овие години биле време на брз пораст на ВМРО, која од своја страна, сериозно ќе започне да им ги заплеткува сметките и на Герасима и на сите оние бугарски кругови кои стоеле зад него.

Бегајќи од фанариотскиот гнет, чувствувајќи ја уште посилно потребата од школи и зачувувајќи си го мајчиниот јазик и традициите од минатото, македонското население, откако не нашло друг излез, ги прифатило егзархиските училишта и во Струмица. Сето ова придонело, по дефинитивното отворање на првото училиште, егзархиското школство во Струмица доста бргу да нарасне. Во учебната 1893/4 година училиштето прераснало во четвртоодделенско, со еден прогимназијален клас, а во идната година бил отворен и втори клас. Наспоредо со ова нараснал и бројот на учениците. Во 1895 година бил отворен и трети клас. Во ова исто време, па и подоцна, се менувале и зградите (куќите) во кои биле поместени овие училишта. Отпрвин, основното училиште (I и II одделение) било сместено во куќата на Коце Новаков, во маалото „Бабјак", а по две години тоа било преместено во куќата на Евреинот Мисим. Подоцна, кога тоа прераснало во училиште со три класа, прво се сместило во куќата на Горги Ичов, пак во маалото „Бабјак", а уште подоцна — во друга приватна куќа, во маалото „Варош".

Едновремено со тоа, како поголем центар Струмица привлекла многу ученици во егзархиските училишта, не само од самиот град, туку и од околните села, како и од радовишките и малешевските села. И подоцна, сè до наши денови, училиштата во Струмица ќе ги посетуваат и завршат многу младинци од овие и други соседни предели, како Валандовско, Гевгелиско итн. Воопшто речено, силниот пробив на словенската македонска свест и население, пред сè од селата од поблиската и подалечна околина на Струмица, го стеснувале кругот на грчкото влијание и во самиот град, кој сè побргу станувал македонски училишен и политички центар за поголем дел од овој крај на Македонија.

Егзархиското школство особено силно нараснало кон 1902/3 учебна година, кога во градот работеле едно класно и едно основно училиште со 18 учители и 359 ученици. Егзархијата тогаш назначила и поголем

учителски кадар, при што повеќето од учителите биле родум Македонци. Така, на пример, во трикласната гимназија, во оваа учебна година работеле учителите Илија Левков, родум од Велес (главен учител), Костадин Атанасов, од Струмица, Иван Бинев, од Воден и Асен Икономов, од Кукуш. Бројот на учениците изнесувал педесетмина, и тоа како од градот така и од околните села. Во овие години во градот работеле веќе три егзархиски основни училишта, од кои едното се викало „Свети Кирил и Методија". Егзархиското училишно дело и во следните петнаесеттина години, продолжило да се проширува, а паралелно со тоа и да го зголемува бугарското влијание врз духовниот живот на македонското население. Но, македонското битие и на ова население, како дел од македонскиот народ чувствително не било засегнато од бугарска страна. За тоа дека со преминот од една во друга црква или училиште, Македонците не станувале автоматски ни Грци, ни Срби, ниту пак Бугари, уште во овие години пишувал македонскиот револуционерен раководител, општественик и мислител Ѓорче Петров. Во еден свој обемен труд, за Македонија, публикуван во 1896 година, а во врска со „научните" српско-бугарски спорови околу националноста на Македонците, тој како Македонец и современик, меѓу другото запишал:

„Тврдењата на (егзархискиот весник) Новини, врз основа на некои факти од бугарската историја и на зборовите на разни историчари и патеписци, дури и историските споменици на населението за српските владетели, со кои споменици многу се силат „браќата (српски научници) или големото влијание на мизиските и тракиските Бугари врз Македонците и нивното *заедничко учество во разни движења*, нивната општа понова историја, најпосле „славата" (српска) на Милоевиќа и „курбанот" на господин Шопов, сето тоа се бессодржајни докази и аргументи, кои можат да даваат материјал за секојдневните весници, наменети за масата, но за науката не вредат ни колку едно луле

тутун". (Подвл. М. П. ). Овие констатации на длабокомислечкиот и набљудателен Ѓорче, и денес звучат актуелно и сосема им прилегаат на оние кои узурпаторски го присвојуваат македонското минато.

## 4. КАТОЛИЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКАТА ЕПАРХИЈА ВО XIX ВЕК

Во мошне сложените услови, исполнети со борби за црковни, просветни, културни и политички влијанија во Турција, а во нејзиниот состав и во Македонија, нашла место да се замеша и католичката пропаганда. Нејзините носители во Македонија биле одделни католички мисионери и друштва, кои работеле по дозвола од турската влада. Зад нив стоела Римската црква, а ги помагале и големите католички земји Франција и Австро-Унгарија. Католичката пропаганда, во крајна линија целела, преку привлекување на македонското население кон себе да го истиснува православието и влијанието на православна Русија од Балканот. А делот од македонскиот народ, кој се согласил да се откине од грчката Патријаршија и да ја признае врховната црковна власт на папата, бил носител на таканареченото унијатско движење во Македонија. Католичката пропаганда, преку унијата со Рим, им овозможувала на македонските христијански верници, ослободување од гнетот на грчката црква, владици, богослужба на словенски јазик, црквени обреди — исти како и во православието, отворање на училишта на мајчин јазик и слично, што за дел од македонскиот народ, кој барал излези за да се ослободи од омразното грчко потчинување, не можело да не биде привлечно и прифатливо. Меѓутоа, комбинациите со унијатството останале ограничени, и во крајна линија — безуспешни, а унијатските католички следбеници — малубројни. На поширокиот терен од Струмичката епархија,

унијатството се пробило и зацврснало единствено во некои села од валандовско-гевгелискиот предел, додека во Струмичко и Малешевско биле направени само неколку безуспешни обиди. Но, иако само обиди, тие зеле определено место во црковните борби на македонското население од овој терен, поради што заслужуваат одбележување.

И за Струмичката епархија, најважниот центар од каде што го започнала своето ширење католичката пропаганда, станал Солун. Одовде, уште во педесетте години од XIX век таа се проширила во Кукуш и кукушките села, најголемиот дел од чие население станало унијатско. Во Кукуш бил поставен и унијатски епископ, кој останал сѐ  до периодот на војните. Католичката пропаганда, нешто подоцна, нашла свој помагач и во лицето на Митхад паша, кој во 1872 година бил поставен за солунски валија. Овој прогресивен и истакнат турски државник, творец на првиот Устав во Турција, се заложил, преку фаворизирање на унијатството, да го потиснува влијанието на Русија, од која во овие години оправдано и се плашел. Тој дури им сугерирал на македонските првенци во Солун дека тие се Македонци и одделен словенски народ во Турција.

За да се свртат неколку македонски општини и од Струмичката епархија кон унија со Католичка црква, придонела уште една околност. Руската дипломација во овие години се занесувала со мислата да ги помири грчката и новосоздадената бугарска црква (Патријаршијата и Егзархијата), а бугарскиот егзарх Антим, се покажал расположен за тоа под услов да се повлече изречената патријаршиска анатема (проклетство) на неговата црква. Некои бугарски кругови околу егзархот, како компензација за ова, биле готови да ги остават за секогаш македонските епархии под патријаршиска власт. Македонските црковни општини од Солун, Дојран, Воден, Кукуш, Струмица и Малеш, револтирани од потајната трговија на двете цркви со нив, што била на видикот, побарале

објаснување од Егзархијата дали таа е готова за ваква спогодба со Патријаршијата. Кон нив се придружила и општината на Гуменџе. Во својот протест до егзархот Гуменџенци ја подвлекле и суштината на оваа зделка велејќи: „Ние не сме спечелен имот па да го продавате и подарувате, туку народ кој ги бара своите права. Но, мислете и на тоа дека ако ја обесправите Македонија, или барем дел од неа, ќе бидете осудени не само од обесправеното население, туку и од беспристрасниот суд на историјата".

Едновремено со ова македонските општини се обратиле до англискиот дипломатски претставник во Цариград со молба за прием и покровителство од Англиканската црква. Оваа нивна молба била одбиена од англиската дипломација, но телеграмата, испратена до католичките мисионери — била прифатена. Од Струмичко петиција за премин во унијатството поднеле 12 села. Категоричкото спогодување на егзархископатријаршиските спогодувачки комбинации, зад кои стоела Русија, направило егзархот да се откаже од нив. Веднаш потоа, Егзархијата се ангажирала да го потисне ова движење за унија, кое се проширило и во други делови од Македонија. Набргу потоа, ова раздвижување спласнало.

Ситуацијата, создадена во Македонија по Берлинскиот конгрес (1878) повторно дала услови за активирање на католичките мисионери. Македонските маси пропиштеле од грчко-патријаршискиот терор, та во многу места побарале спас во унијатството. Тоа, дотолку повеќе што Католичката црква ветувала духовно и политичко ослободување на македонските епархии од грчките владици. Во Струмичко унијатските мисионери го користеле оправданиот народен револт од митрополитот Агатангел. Во 1883 година, во Струмица дошол мисионерот Бонети Пароко, со намера да отвори гимназија со интернат за учениците-унијати од епархијата.

Во својата мисија тој не успеал, зашто го сретнал одлучниот и комбиниран грчко-турски отпор. По наклеветување од Агатангел, за божемно бунтовништво (секако придружено со поткуп) турските власти во 1883 година испратиле в затвор во Солун петнаесеттина луѓе, со кои Б. Пароко се ангажирал да го отвори училиштето. Меѓу затворените македонски првенци од Струмичката епархија се споменуваат имињата на Ј. Митрев, Г. Панов, Хаџи Трендов, Дончев, Јанев, Китанов и други, чии имиња не се познати. Така и овој обид на католичките мисионери за проширување на унијата, главно, пропаднал.

Нови обиди направила католичката пропаганда во деведесетте години од XIX век, но и тогаш можела да постигне уште помал успех, меѓу другото и затоа што населението веќе не го загрејувале црковните борби, туку револуционерното движење.

Според некои тврдења, во цела Македонија, во времето околу Берлинскиот конгрес, унијати биле околу 12.000 луѓе. Кон 1897 година во Струмичко унијати имало само 40 домаќинства со пет свештеници. Но во поширокиот простор од Струмичката епархија, околу Валандово и Гевгелија, унијатството се зацврснало за подолго време. Унијатски биле (или унијати имало во) селата Пирава, Валандово, Миравци, Марвинци, Градец, Петрово, Милетково, Гопеш, Грчиште, Давидово и некои други. Меѓутоа, со текот на времето, и особено во војните (1912—-1918) бројот на унијатите постојано опаѓал, за на крајот во многу места и сосема да исчезне. Во Струмичко нив ги ликвидирала Егзархијата кон 1892 година, дотолку полесно што тие и така биле само неколку домаќинства. Денешните унијати во Струмица, и во селото Радово, се дојдени како бегалци од Кукуш и Кукушко во текот на војните (1912—1918), кога и овој македонски крај дошол под власта на грчката држава.

Неуспехот на католичката пропаганда и во Струмичко се должел не само на традиционалната приврзаност на народот кон православието, туку и од

едновремениот отпор од повеќе страни: од грчката и бугарската црква, од руската дипломација, а во извесни периоди и од турските власти. Иако меѓу себе во непрестани борби, секоја од овие страни, водена од свои побуди и сметки, работела на ликвидирањето на католичката пропаганда и на западното влијание во Македонија.

## 5. ПРОТЕСТАНТСКАТА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКО ВО XIX ВЕК

Политичките услови што овозможиле во Струмичко да навлезе и да се зацврсне протестантската верска пропаганда биле скоро исти како во случајот и со католичката пропаганда. Населението во Струмичко, како и во другите краишта, барало излез од сестраниот притисок на грчкиот митрополит, поради што некои луѓе ја прифаќале онаа христијанска црква, која им нудела изгледи за ослободување од фанариотскиот гнет и некаква заштита од турските власти. За илустрација на ова споменуваме два настани. Во 1864 година околу 200 велешки семејства испратиле молба до протестантскиот епископ во Софија за прием во оваа црква, надевајќи се со тоа да се ослободат од грчката црковна власт и од плаќање на владичнината. Дваесеттина години подоцна, околу 1886 година, близу до Муртино биле убиени двајца Турци, по што во Муртино и Моноспитово дошол аскер, Турците одвеле во Солун околу четириесеттина селани. Тие одлежале по 10—15 години во солунските затвори, каде што ги посетувал англискиот конзул, давајќи им помош и поддршка, а тие по враќањето дома станале протестанти.

Од друга страна, протестантството за дел од верниците било прифатливо, особено поради тоа што тоа им носело поголема просвета, книги, училиште, болници итн. Пропаганда за ширење на протестанството во

Македонија се вршела и преку весникот „Зорница" кој неколку децении излегувал, на бугарски јазик, во Цариград.

Во Струмица протестантски мисионери првпат дошле околу 1886 година, а потоа, повремено доаѓале како мисионери, така и патувачки книжари, продавајќи разни црковни и други протестантски изданија. Протестантството во Струмица било пренесено од Битола, каде што Друштвото „Американски Борд" имало своја Мисионерска станица. Во еден документ од струмичката протестантска општина од Струмица, од 1882 година, се тврди дека Битолската станица „и до денес се грижи за евангелизирањето на овој град и неговите села". Како мисионери во Струмица тогаш доаѓале некои си Ценни, Берд и Бонд. Подоцна протестанството се зацврснало, а повремено доаѓале и мисионерите Е. Хаскел, д-р И. Хаус, познатата во нашата историја мис Елена Стон и други. Нивните непосредни контакти со населението се покажале доста резултатни.

Во 1882 година во Струмица се формирала и првата, иако малубројна протестантска општина, која подоцна ќе го зголеми бројот на своите членови. До ова време се создале и месни, македонски кадри, на кои главно ќе се потпира протестантската активност. Така, во 1882 година за пастор (проповедник) во градот дошол Димитар Анастасов, родум од Битола, којшто тогаш го завршил Американското богословско училиште во Самоков (Бугарија). Д. Анастасов останал во Струмица над десет години, и бил плаќан, главно од протестантската мисија. Од 1884 година, како пастор и тоа повеќе за селата, се јавува и Божин Белев од Струмица. Во 1895 година Д. Анастасов се вратил во Битола, а за проповедник бил избран Грачанов, родум од Јакоруда, Разлошко, кој не дошол на работа, та при повторниот избор бил избран струмичанецот К. Кимов. Подоцна како пастори работеле Ѓорѓи Петров, и Захариј

Даскалов, обајцата од Кавадарци, Седлоев — од Банско, Разлошко и други.

Поголемиот број на протестантски верници овозможил формирање на Евангелистичка црква во Струмица, создадена во ноември 1890 година. Дотогаш вакви цркви постоеле во Радовиш и во Банско, чии претставници учествувале во работата на струмичкиот основачки собор. По тој повод мис Е. Стон и неколкумина други заслужени мисионери, биле примени за почесни членови на Струмичката протестантска општина.

Од градот протестантството се проширило, најрано и најмногу, во селата Моноспитово и Муртино, донекаде и во Вељуса, а подоцна и во Колешино. Освен гореспомнатите солунски затвореници од Моноспитово, за ова проширување најмногу придонел Ставре Тимов, богат граѓанин од Струмица, кој во Моноспитово имал и свој чифлик. Од Моноспитово најзаслужен пропагатор бил Спасо Бушев.

Втора Евангелистичка црква била формирана во Моноспитово, на која ѝ припаѓале и верниците од Муртино и Колешино, додека оние од Вељуса и поединци од селата Варварица, Попчево и Дабиља биле приклучени кон Струмичката црква.

Од 1 јануари 1895, обете овие цркви, како и протестантите од многу други места, „сè до Приштина и Разлог" поминале под надлежност на Солунската мисионерска станица, раководена од д-р Хаус и Е. Хаскел.

За молитвен дом во Струмица, отпрвин служела куќата на Ставре Тимов, а подоцна — на Хаџи Андон, под ќирија, обете во маалото „Бабјак" или „маало папа Димитрија", како што уште го викале овој градски квартал. Во 1888 година бил купен плац за изградба на црковна зграда, „но противниците го спречија, па и денес (1882), се вели во еден документ, го спречуваат нејзиното изградување".

Во Струмица, Моноспитово и Муртино, работеле и по едно основно протестантско училиште. За градското училиште се знае дека постоело сè  до крајот на 1919 година, додека она во Моноспитово било отворено во септември 1890 година. Раководителите на протестантството посебно се грижеле да школуваат ученички, кои како пропагатори се покажале попогодни. Така, околу 1892 година од Струмичко се школувале во Битолското женско евангелистичко училиште седум девојки, кои подоцна станале учителки. Една од нив, Ефа Бушева од Моноспитово, подоцна учителка во Струмица, до пред дваесеттина години, како пензионер, сè  уште живееше во Софија. Други учителки во Струмичко, до кон крајот на XIX век, биле Донка Илиева, од Битола, Елена Димишева, од Крива Паланка, Вела Чондева и учителката Херувима, од Банско, Разлошко. Споменуваме само дека Банско и Разлог, со неколку околни села биле најсилните центри на протестантството во Македонија, со кои струмичките протестанти одржувале живи врски. Треба да се каже и тоа дека протестантските мисионери и во Струмичко, како и воопшто во Македонија, се покажале вонредно активни и настојувале да воспостават што поблиски врски со нашите луѓе, што им осигурувало и поголем успех. А преку тоа тие го ширеле културното и политичкото влијание на Англија, и особено на САД, во Македонија.

Кон почетокот на XX век, според статистиката од Бранков, бројот на протестантите во Струмичко изнесувал 624 лица, од кои 144 во градот, 208 во Муртино, 184 во Моноспитово, 40 во Вељуса, 16 во Колешино итн. Струмичкото училиште, според оваа статистика го посетувале 27 ученици (со двајца учители), моноспитовското — 24 ученици (со еден учител) и муртинското — 22 ученика, со еден учител.

Бројот на протестантските верници, во текот на XIX век, и особено по појавата на ВМРО и Илинденското востание, во Муртино, и особено во Моноспитово брзо и значително опаднал, во Струмица — стагнирал, во

Веѓуса и другите села — сосема исчезнал, и единствено во Колешино, бил постојано во пораст. Денес ова село е единствениот појак протестантски центар во Струмичко. Меѓутоа, нашиот современ социјалистички развој, како и општиот културен и духовен развој на населението, ѝ оставаат сè  потесни простори за активност и на протестантската пропаганда, та таа и во Струмичко, воопшто, бележи опаѓање.

## 6. МЕТОДИ И СРЕДСТВА ЗА БОРВА НА ГРЧКАТА ЦРКОВНА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКО ВО XIX И XX ВЕК

Треба уште веднаш да се каже дека методите и средствата со кои великогрчката пропаганда во Струмичко се служела за да ги одбрани своите позиции биле до толку нечесни што човечката совест со револт се одвраќа. Притоа, не биле во прашање само големите парични средства, трошени за училишта, книги, цркви, или за подмитување на турските властодршци, што донекаде го правеле и другите пропаганди. Во прашање бил целокупниот морален пад и крајната бруталност во средствата кон сè  што ѝ се спротивставувало, а што било нејзината главна предност, пред другите пропаганди. Тоа и ни дава право, на грчките методи и средства да им оделиме одделно место во книгава.

Од кои причини фанариотските владици се фатиле за вакви средства? Прво, патријаршиската црква, со текот на времето, сè  повеќе се експонирала како најдоследен спроводник на асимилаторските великогрчки стремежи на грчката буржоазија и држава, по однос на Македонија и нејзиното христијанско население. Тоа го потврдуваат и некои одлично верзирани современици. Да ги цитираме зборовите од 1890 година, на познатиот српски научник и дипломат Стојан Новаковиќ: „Познато е, вели тој, дека во

политичките аспирации, поголеми грабачи, поголеми шовинисти и поголеми тврдоглавци од Грците нема. Бугарите се само нивни ученици. Во Атина се мисли дека или цела Македонија, до Шар Планина и до Качаник е грчка земја, или дека северна и средна Македонија не може да им се отстапи на Словените. Ова последното е мислење на најумерените кругови. *А што мислат во Атина, тоа го прават во Патријаршијата* (Подвл. М. П. )"

Втората важна причина била таа што грчките митрополити во Струмичко биле принудени да работат среде компактна словенска маса, која својата народносна афирмација ја наоѓала надвор од патријаршиската црква и од грцизмот. Со поблаги средства на работа и без поддршката од турската влада, грчката пропаганда мошне бргу би ослабнала и пропаднала.

Основниот метод се состоел во подмитувањето на турските владодршци, кои пак се јавувале во улога на извршители на желбите од владиката и неговиот антураж. Грчкиот владика, во лицето на месната турската власт имал, во голема мерка, свој извршен орган. По Руско-турската војна и создавањето на бугарската држава, турските кајмаками и месни бегови, исплашени за самите себе, започнале зад секоја македонска преродбенска и антифинариотска акција да ги гледаат Русија и пансловенската опасност, со што се нашле сосема на иста политичка линија со Грците. Турските власти тоа дури и не го криеле. А струмичките фанариоти ваквата божемна опасност постојано им ја сугерирале на месните турски „политичари", спроведувајќи ги со нивна помош сопствените освојувачки планови. Учителот А. Костенцев, на пример, трипати бил наклеветуван и трипати затворан од власта под обвинение дека е дојден од Московијата. Првиот пат бил наклеветен пред струмичкиот кајмакам, вториот пат — пред солунскиот валија, а третиот пат, преку Патријаршијата — пред централната турска власт во

Цариград. И секогаш распитот започнувал со зборовите: „Кажи ни даскал ефенди од кој град од Московијата си, и кога си дојден за учител?" И откако А. Костенцев ќе докажел дека е од Штип, „царски поданик", иследниците му се лутеле пак нему, зашто така им рекол „деспот ефенди", т. е. владиката, а тој како високо црковно лице, не лажел. Работата најчесто завршувала со интервенцијата од одделни повидни граѓани, кои се јавувале како гаранти, и со контрапоткуп, на некој чиновник, или џандар. Но, клеветите понекогаш завршувале и со „сурѓун", заточеништво, во некоја турска тврдина.

Откако Јеротеј го протерал А. Костенцева од Попчево, помислил дека се ослободил од него. А кога, во 1868 година, пак го сретнал како учител во Пехчево, му се развикал: „Тука ли си бре куче? Илјаду пати ти реков, твоја нога да не стапи во мојата епархија, скоро дев да се чиниш!" А на селаните им рекол: „Не само него, туку со него заедно и вас ќе ве испратам на сурѓун. Скоро, уште сега, да му го исплатите целиот ак, и до утре очите да не ми го видат!"

Колку бил сесилен, охол и опасен Јеротеј (и не само тој) зборува и овој случај. Тој барал од својот вооружен придружник, јасакчија, секој оној што не ќе му стане на нога, да добие удар со бастун. И кога еден ден владиката поминал покрај Турчинот Ќор Алија, инаку познат како необуздан човек, но сега добил бастун, придружен со укорот „Стани бре ќорав ли си, не гледаш ли дека владиката поминува!", Турчинот кој навистина бил слеп со едното око, се почувствувал толку осрамотен, што по неколку дена од јад и срам умрел.

Станува јасно дека во Струмица, па и надвор од неа, власта си ја делеле турскиот кајмакам и грчкиот Владика.

За тепањето и бегањето од Струмица на учителот А. Војнов, веќе спомнавме. Да спомнеме дека бил направен обид А. Костенцев да биде отруен со кафе. Тој се спасил, но свештеникот Васил Поп Тодоров од Струмица бил

навистина отруен од Грците во Серес. Со клевети врз А. Костенцев се нафрлил и грчкиот цариградски весник „Неологос", што ги препечатувале и некои турски весници. А најмногу палеле клеветите за бунтовништво, за учество во завери, востанија итн.

И не само учителите и поповите, туку и селаните, особено селските првенци биле постојано на удар од струмичкиот владика. Кога владичкото проклетство (анатема, или афоресување) не помагало, што најчесто било случај, се преминувало кон поткуп, заврбување, во мрежата на владиката, а најчесто — до најгруб притисок. Струмичките грчки владици дошле до најостри судрувања со селаните од Робово, Ново Село, Босилово, Колешино, со граѓаните од Струмица, со населението од Малешевијата итн. Кога во 1883 година кајмакамот, за сто лири поткуп, добиени од владиката, ги затворил и училиштето и учителите Костенцев и Бучков, учениците и некои граѓани извеле своевидна протестна демострација пред зградата на ќуматот. Децата ги организирал и довел овде Панде Ружин, кој бил јак и храбар човек. Турците него го викале Дели Панде. По овој случај биле затворени 38 лица, заедно со попот Костадин Хаџи Глигоров. Додека овие седеле во затворот, агентите на владиката, на чело со Челеби Мито, се растрчале со поткупи, ветувања и заплашувања по куќите на затворениците да ги убедуваат да се вратат во Патријаршијата. Дванаесетмина се исплашиле, со откажале од Егзархијата и биле ослободени, но останатите изјавиле: „Не на заточение, туку да знаеме дека утре ќе нè обесите, пак нема да си се откажиме од јазикот и народноста". А грчките агенти заплашувале со заточение, затвор и владичко проклетство за „неверниците", наречувани од нив уште и „шизматици".

За среќа работата и овој пат завршила со поткуп. Кајмакамот отворено му рекол на Костенцев: „Грците ми дадоа сто лири (некои тврдат дека овој пат тој зел 200), за да ви го затворам училиштето, дајте вие 50 пак ќе го отворам, инаку — не, иако имате одобрение од Солун".

Најпосле дадов 30 лири, вели Костенцев и го отворивме; кајмакамот смалил 20 лири.

Подоцна под удар од фанариотските интриги бил неколку години по ред бугарскиот владика Герасим. Иако и Герасим се држел како туѓ агент и неограничен деспот, поради што и се судрил со Окружниот комитет на ВМРО од кој добил и смртна казна, тој а заедно со него и Организацијата, со години бил клеветен како организатор и водач на комитите, та Турците за малку не го протерале од Струмица.

Едновремено со ова грчките владици, особено Агатангел, се пројавиле и како уништувачи, по селата, на зачуваните словенски писмени културни споменици. Тие ги гореле црковните и други словенски книги, а во 1890 година од нив била однесена и уништена една голема камена плоча со старословенски натпис, што била најдено во Макриево.

Грчката црковна пропаганда, како заколнат непријател на сѐ она што ја признавало негрчката припадност на населението, еднакво им се спротивставила и на католичката и протестантската пропаганда во Струмичко. За масовното затворање на луѓе во врска со дејноста на мисионерот Б. Пароко, веќе рековме.

Таа уште во 1884 година започнала да ги прогонува и протестантите. Во веќе цитираниот архивски материјал од Протестантската општина меѓу другото за ова се вели: „Отпрвин грчките митрополити почнаа да го клеветат проповедникот пред месната власт, та г. Д. Анастасов требаше да си набави посебна дозвола (емирнаме) од Солунската вилаетска власт. Треба да се наспомни дека ова емирнаме се доби со помошта на англискиот генерален конзул во Солун, господинот Блунт". Но, кога во истата оваа година во Моноспитово, во дворот на Спасо Бушев се собрале поголема група селани, за да чујат што ќе им кажат протестантските мисионери, по клеветите од владиката, биле затворени десет лица, осум од Моноспитово и двајца од Струмица.

„Сите тие, отпосле беа одведени врзани во Солун, се вели во спомнатите документи, каде што се оправдаа и ослободија, со помошта пак на англискиот генерален конзул". Сепак, сите одлежале по три месеци затвор, додека да се оправдат.

Останал во затворот повеќе години само Ставре Тимов, можеби како најтешко наклеветен, зашто тој го организирал собирот.

Потребни се уште многу страници за да се изложат сите вакви и слични махинации, клевети и интриги на струмичките грчки владици, со кои тие му станале крајно омразни на населението. А одвај би можеле денес да ги изнајдеме, во книги и архиви, сите наши луѓе што на некој начин настрадале и станале фанариотски жртви во овие долготрајни борби. Но и од она што овде беше речено, читателот се здобива со претстава и за тежината и за важноста на овие борби во Струмичко и Струмица. Да додадеме уште дека подоцна, особено по Илинденското востание, грчкиот владика ќе се послужи и со вооружени терористи, во борбата против македонското население, кое барало слобода и своја држава.

# ДЕЛ IV

## Револуционерното национално ослободително движење во Струмичко во периодот до балканските војни

# ГЛАВА I

## РАЗЛОВЕЧКОТО И КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО 1876 И 1878/9 ГОДИНА И НИВНИОТ ОДГЛАС ВО СТРУМИЧКО

Едновремено со борбите за свои цркви и училишта во Струмичко, во кои главниот противник биле струмичките грчки владици, од кон средината на XIX век започнал и оружениот отпор на населението против турските насилници и властодршци. Овој отпор, во почетокот ајдучки и стихиен, постепено, со текот на времето, ќе станува сè поосмислен и поорганизиран.

Какви економски, социјални и политички причини го условувале и предизвикувале него? Веќе утврдивме дека претворањето на селското население од слободно во чифличко, што траело со децении, му носело влошување на неговата економска и политичка положба. Почифличувањето било спроведувано со притисок, со убиства и измами, со лихварско заробување итн. Муслиманските силници, кои се јавувале со претензии да се создадат чифлизи се служеле и со оружени банди, а со цел да потчинат едно или друго село. Така, на пример, некој си Исим-ќаја, откако претходно самиот го малтретирал селото Три Води, се јавил во улогата на негов „заштитник" за, на крајот, да го почифличи. Исим-ќаја потоа станал голем чифликсајбија. Така постапил со многу села и познатиот Каргалија. Од муслимански банди, заортачени со одделни бегови биле напаѓани

многу села. Во Ново Село одеднаш биле извршени неколку убиства; често било напаѓано селото Рич; од Амзалија биле протерани неколкуте македонски семејства; во Куклиш, куќата на Аџи Велко била четирипати напаѓана итн. Одделни семејства, особено од поблиските села, бегајќи од опасностите се населиле во градот, каде што животот бил посигурен.

Струмичките патријаршиски митрополити не заостанувале многу зад турските владеачи. А. Костенцев раскажува како во Робово, гавазот на Јеротеј ги нападнал селаните, по што синовите на дедо Мицо и други селани го разоружале, врзале и заедно со владиката, ноќе и по снег, ги протерале од селото. Веќе спомнавме многу случаи на масовно затворање на луѓе по барање и наклеветување од грчкиот владика и неговите месни агенти. Ако поединци од селските чифлигари, судрувајќи се директно со беговите станувале ајдути, побогатите селани и градските еснафлии, со турската власт се судрувале посредно, преку црковнопросветните борби, водени против грцизмот. Тие по првпат во својот живот попаѓале под удар на власта, излегувале пред суд, попаѓале в затвор — токму поради своето учество во овие борби. Па, всушност преродбенските црковно-училишни борби за масите значеле едновремено и политичко движење, во кои се внесувале и пошироки ослободителни тенденции. Ова најдобро го потврдува примерот на познатиот револуционерен раководител Димитар Поп Георгиев — Беровски, кој по првпат паднал во турски затвор поради учество во црковните борби. Поради тоа е и тешко да се тврди во кои случаи и до која мерка при затворањето на луѓето било во прашање клевета од владиката, а до која — револуционерна расположба, кои пак, нормално предизвикувале страв кај властите. За турските владеачи било едно важно: рајата започнала да се буди, а тоа било опасно за нив, поради што и самите ќе ги бараат услугите на патријаршискиот апарат. Будењето на македонската раја еднакво било опасно и за грчката

црковна доминација. Овде и се криеле причините на турско-патријаршискиот сојуз во Македонија. Така, судирите со власта, која и во црковните борби не можела да остане неутрална, ги опфатиле и селата (иако нив далеку повеќе) и градот.

Меѓу првите борци, што им дале оружен отпор на беговите се споменува некој си Корчо, наречен Левент Корчо, чија личност е доста нејасна. Се спомнува дека Корчо бил родум од селото Сарај, дека му го изгорел чифлигот на Каргалија и го ослободил од плен татка си, дека стигнал до Србија и Грција итн. Сето ова станало кон средината на XIX век, кога во пределите северно од Струмица се борел прочуениот дедо Ињо Малешевски.

Првите сознанија за ослободените балкански земји, изгледа, во Струмичко ги донесол познатиот емисар на српската влада Стефан Верковиќ, кој повеќе години живеел во Серес. Нашиот дедо Мицо од Робово, кој контактирал со Верковиќа, секако под негово влијание, во еден разговор со Костадин Шулев, кога овој се фалел дека ќе добијат свои владици, му одговорил: „Друго, друго нешто да ми кажеш. Пак тие црнокапци ние ќе треба да ги раниме и облекуваме. Јас сакам таква (слобода), каква што имаат Грците, Србите, Власите и другите".

Во седумдесетте години од XIX век економската и политичката положба на населението уште повеќе се влошила. Ангаријата се зголемила поради градбата на пругата Солун — Скопје и други споредни колски патишта; во 1874 година летината била слаба а фатил и помор по добитокот. Во август 1875 солунскиот валија Омер Февзи-паша, кој бил задолжен со изградбата на патиштата, лично дошол во Струмица и назначил Градежна комисија под претседателството на Јеротеј и со учеството на струмичкиот кајмакам. Но владиката се потрудил, своето претседателство во Комисијата да го искористи за собирање на неисплатената владичнина. Населението на тоа дало силен отпор, поради што многу луѓе биле затворени. Во Струмица тогаш дошол

жандармерискиот полковник Селим-беј за да го испита случајот, по што Јеротеј бил отстранет од претседателското место, а кајмакамот — преместен од Струмица.

Едновремено со тоа, по 1875 година, кога избувнале Босанско-херцеговското и другите оружени востанија и војните (предизвикани од турските насилби на Балканот) и самите тие доведувале до опожарувања, колежи, жестокости и грабежи, кои едни со други се сменувале и вртеле во круг. Што се однесува до Македонија, во неа настанало едно **perpetuum mobile** од вооружени востанија и судири од една и турски репресалии од друга страна, кое ќе престане иако не потполно, дури по осум години, кога оружениот отпор ќе биде, главно, совладан од Турците. Сите крупни настани на Балканот и во Македонија од ова време, наоѓале свој одглас и во Струмичко. Така, на пример, кога во 1876 година Србија и Црна Гора започнале војна против Турција, турските власти во целиот Солунски вилает, се зафатиле по насилствен пат да собираат „доброволна" помош, всушност вонреден воен данок, за да ги покријат зголемените државни расходи. Во ваквите влошени политички прилики на 8 мај 1876 избувнало Разловечкото востание. Тоа било локално востание и го добило името по селото Разловци, Малешевско.

Да фрлиме еден поглед и на Малешевско во овие години. Отпорот против фанариотската црква во овој крај се појавил доста рано, и со посилен интензитет отколку во Струмичко. Тој наскоро прераснал во антитурско селско востание. Малешевско уште во 1868 активно се вклучило во преродбенското движење. Во 1873, поради судирите на населението со владиката Јеротеј, во Струмица биле доведени и затворени десетина првенци од Малешевијата. Спречено од власта да премине кон Егзархијата, населението се свртело кон Унијата која, сепак, тука не фатила корен. Поради немирите што настанале во овие борби, и овде, со цел да изврши притисок врз населението, дошол солунскиот

валија. На притисокот населението одговорило со поплаки до централната турска власт, но со тоа си спечелило само нови апсења. Така, отпорот против грчките фанариоти се испреплетувал и прераснал во судрување со турската власт. Политичкиот притисок бил придружен со ограбувања, сиромаштија и глад.

Како непосреден повод за пламнување на востанието послужиле зулумите на еден чесен турски падар и доаѓањето на данокособирачи во Разловци. На чело на востанието стоеле месниот свештеник поп Стојан и неговиот зет Димитар Поп Горгиев, наречен Беровски, кои уште отпорано се подготвувале за него, набавувајќи и нешто оружје, главно од Солун. Востанието по неколку дена било задушено, но неговиот организатор и инспиратор Д. Беровски формирал чета, продолжувајќи го и натаму оружениот отпор од малешевските планини. Две години подоцна, Д. Беровски се нашол меѓу раководителите на Кресненското востание (ден. во Пиринска Македонија) во својство на „Началник на Штабот на Македонското востание". Заслужува одбележување и тоа што името „Македонија" стои и на знамето на Разловечкото востание.

За да се оцрта револуционерниот лик и организаторските зафати на Д. Поп Горгиев — Беровски, изнесуваме нешто од неговата биографија. Д. Поп Горгиев бил син на попот Горги Димитриев од Берово. Бил роден во 1840 година. Две години учел во Одеса (Русија), но во 1860 година го напуштил училиштето и стапил, како доброволец, во српската војска во Белград, каде што се здобил со солидни војнички знаења. Д. Беровски учествувал и во акцијата против турскиот гарнизон на Калемегдан, во познатото бомбардирање на Белград во 1862 година. Потоа, преку Цариград, се вратил во Берово за учител, а извесно време работел и во Струмица, каде што дошол во судрување со фамозниот Јеротеј. Д. Беровски организирал акција против струмичкиот митрополит, којашто завршила со.

истерување на Јеротеја од Берово. За овој период од својата активност тој самиот запишал:

> „Во мојата татковина бев го започнал црковното движење на своја сопствена издршка и при различни страданија во Струмица, Скопје, Солун и Цариград. Десет години работев, до 1876 година, а на осми мај за да им дадам на напорите политички вид, го кренав востанието во Пијанечко, Разловци и во Малешево".

Обвинет како бунтовник, каков што всушност и бил, тој и неговите двајца браќа прво биле затворени во Струмица. По кратко време бил пуштен од затворот и заминал во Солун, планирајќи го и подготвувајќи го одовде востанието, за кое испраќал и оружје во Беровско.

Д. Беровски планирал Малешевијата, како планинска и централна област за низа соседни околии, да стане центар и база на едно пошироко востаничко движење во овој дел од Македонија.

Замислата била востанието да ги опфати Пијанец, Малешевско, Штипско, Кочанско, Радовишко, Струмичко, Петричко и Мелничко. Но, најголемиот дел од овие замисли останале неостварени. Турската власт, сфаќајќи ја опасноста уште во зачетокот, сурово го задушила движењето. Поради тоа покрај Разловци, востаници можеле да дадат само уште Берово и селата Владимирово и Митрашинци.

За да го спречат проширувањето на востанието, Турците довлекле бројни војнички и башибозучки единици, во сите спомнати околии и градови. Во Струмица и Радовиш довеле по 500 души, во Петрич — 1000 војници итн. Едновремено со ова започнале и масовни затворања на повидни луѓе што биле замешани или се претполагало дека се замешани во движењето. Затворите во Пехчево, Струмица, Ќустендил, Софија, Скопје, Солун и други места биле преполнети со луѓе, врзани во синџири. Низ турскиот суд во Софија

поминале 57 души од Малешевско и седуммина од Струмица. Во Скопскиот затвор биле тешко мачени 18 души од Кочани и единаесет од Радовиш.

Во некои извори од она време со соопштува дека „Струмичкиот кајмакам затворил шест души од христијанските првенци, замешани во буните во Малешево". Тие биле спроведени прво во Пехчево, а отаде во Софија за да бидат судени. Некои од затворените умреле од рацете на нивните мачители. Така безуспешно и со тешки последици завршил овој прв поголем и поорганизиран ослободителен обид на македонскиот народ од источна Македонија, кој нашол свој одраз и во Струмичко.

Додека Разловечкото востание се одвивало во условите на едно пошироко раздвижување во Македонија и на Балканот, и во исто време со големото Априлско востание во Бугарија (со кое пак организационо не било поврзано), Кресненското востание, уследило во сосема изменети и битно подруги услови. Тоа станало откако турското господство во Бугарија било срушено од ударите на руските војски; кога руски единици ја ослободиле и неколку месеци останале во Горна Џумаја (ден. Благоевград) и во мошне усложнета меѓународна ситуација. Кресненското востание траело неколку месеци, привремено биле ослободени поголеми селски предели од двете страни на Струма и тоа како во Кресна, така и јужно од Кресненската теснина. Во првата половина на 1879 востанието особено силно ги зафатило огражденските села од Петричка околија, таканаречениот „Каршијак". Меѓутоа, поради бројните малтретирања и затворања, извршени во 1876, Кресненското востание не нашло позабележителни одгласи во Струмичко. Извесно раздвижување се јавило само во огражденските петрички и струмички села, иако во некои тогашни весници се тврдело дека во 1878 и Струмичко било готово да востане. Тие соопштуваат уште дека кон Струмичко се упатиле војводите Иљо Малешевски и

попот Костадин Буфски. Но овие новински вести, засега не се потврдуваат од други извори, што ги прави несигурни.

Едновремено со ова, ситуацијата и во Струмичко станала уште понесигурна. Стравот кај турската власт, предизвикан од Руско-турската војна и востанијата, ги присилувал нив да го зголемат притисокот. По патиштата се јавиле муслимански банди, поради што од Струмица до Удово можело да се патува само во придружба на вооружени муслимани, кои за пари, служеле како гавази. Турците започнале да доселуваат и мухаџири, избегани од Бугарија, Босна или од Србија. Настапило време на чести убиства, на скапотија, глад и емигрирање, најчесто кон тогаш ослободената Бугарија. Кон Бугарија бегале луѓе од разни средини, но најчесто интелигенцијата, народните првенци и бунтовни поединци — учесници во востанијата и немирите. Многумина од овие се заложиле и натаму да ја продолжат ослободителната борба. Меѓутоа, во нивните акции и настојувања сега се вмешал уште еден фактор — официјална Бугарија, бугарската држава, која веднаш по своето создавање ќе почне да го експлоатира македонското ослободително движење за свои цели, и пред сè , за освојување на Македонија.

Вооружениот отпор, пламнат во 1876, практично повеќе не стивнал. Османските поробувачи успеале да ги задушат востанијата во Македонија, но чети составени од разни бунтовни, најчесто — ајдучки елементи, продолжиле повремено да навлегуваат преку границата, од Бугарија или од Грција.

Сè  во овие години, иако не може да се определи точно кога, и Струмичко дало вакви бунтовници. Еден од нив бил Костадин, наречен Банскалијата. За него, понешто раскажуваат анкетираните постари луѓе од некои села, а го споменува и неговиот современик Арсени Костенцев. Според податоците што ги собравме од анкетираните, Костадин бил родум од Барбарево, а презимето Банскалија го добил откако дошол домазет во

селото Банско. Неговото одметнување било слично на многуте други од она време. Во Банско дошле бегликчии (собирачи на данок од ситна стока), со кои тој се судрил и, за да не биде затворен или убиен — се одметнал. Наскоро се префрлил во Ќустендил — едно од најголемите свирталишта на македонски бунтовници, а подоцна, и револуционери. Потоа К. Банскалијата формирал чета, во која влегле еден четник од Богородица, Гевгелиско, Спиро од Шугово, Поројско, Ташко Богданцалијата, некој Цоко од Моноспитово, Димитар Салмата од Штипско и други. Четата имала свои јатаци во селата Белотино, Рич, Варварица, Три Води и други. На овој терен Костадин се судрил со аскер и еднаш бил ранет. Во Сушица тој присилил еден чифликсајбија да им го продаде чифлигот на селаните. Основано може да се претпостави дека и убиството на двајцата Турци на „Елезов мост" кај Муртино, за кое веќе стана збор, стои во некаква врска со Костадин Банскалијата.

По ваков начин и во Струмичко, како што тоа било случај и во други краишта во Македонија, преку поединечните, неповрзани и неорганизирани востанички и други оружени акции, кон почетокот на деведесетте години од XIX век, ќе се стигне до организираното револуционерно движење, започнато и раководено од Внатрешната македонска револуционерна организација.

## ГЛАВА II

## ФОРМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВМРО ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

### 1. ОСНОВАЊЕ НА ВМРО

На почетокот од деведесетте години од минатиот век во Македонија биле на лице сите објективни услови, македонските ослободителни стремежи да земат една квалитетно нова и повисока форма. Македонското национално-револуционерно движење, кратко време по своето конституирање, успеало да ги обедини сите прогресивни народни сили, расфрлени и неповрзани дотогаш собирајќи ги во една силна револуционерна организација. Таквата организација, покрај постоењето и на други организирани групи во движењето, била Внатрешната македонска револуционерна организација — ВМРО. Поставувањето на темелите на ВМРО станало на 23 октомври 1893 година во Солун, во станот на Иван Хаџи Николов. Покрај него, на овој прв собир зеле учество уште петмина, меѓу кои подоцна одиграле крупна улога Даме Груев, учител од Смилево, Петар Поп Арсов, учител од Богомила, Велешко, и Христо Татарчев, лекар од Ресен. Сè во исто време, во Битола, меѓу еснафот и младината работел Горче Петров, а неполна година дена подоцна и Гоце Делчев, кој дошол за учител во Ново Село, кај Штип. Покрај овие, меѓу кои треба посебно да се подвлече улогата на Гоце, Горче, Даме и Поп Арсов, и со текот на времето, како организациони раководители ќе се истакнат Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и Пере Тошев. Би можело да се набројат уште десеттици и стотици други заслужени имиња, но тоа би нè одвело далеку.

На четврттата по ред поголема средба, наречена и конгрес на ВМРО, одржана пак во Солун, во летото 1896 ги наоѓаме и Гоце Делчев — најмаркантниот организатор и агитатор, Горче Петров — теоретичар и долгогодишен

задграничен претставник на ВМРО и други. Солунскиот конгрес од 1896 ги задолжил Гоце Делчев и Горче Петров да го изработат и Уставот на Организацијата. во кој беа определени целта, како и методите и средствата на идната ослободителна борба на македонските маси.

Од полното име на Организацијата, кое беше внесено и во Уставот, како и од другите нејзини основни документи, произлегуваше дека таа е внатрешна, што значеше дека го прокламира своето право на полна самостојност и независност, особено во сопствената територија — во Македонија и Одринско. Целта беше преку револуција да се извојува полна политичка автономија на Македонија и Одринско, откако Организацијата ќе ги сплоти во едно цело *сите незадоволни елементи,* без разлика на народност.

Имајќи ја предвид постојната политичка положба во Македонија, и пред сѐ , настојувањата на надворешните пропаганди да го разбијат народното единство, ВМРО изјавуваше дека ќе се бори за отстранување на шовинистичките пропаганди и националните расправии, кои го разединуваа и обессилуваа населението во неговата борба против општиот непријател. Еден член од Уставот одредуваше дека „член на Организацијата може да биде секој Македонец и Одринец, кој не се компромитирал со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството, кој ветува и се задолжува да му биде полезен на револуционерното ослободително дело".

Треба уште во почетокот да се подвлече дека начелата за македонската државна самостојност, изразени низ формулата за автономија на Македонија; за самостојност и независност на движењето; за потпирање, во прв ред, на сопствените сили во ослободителната борба, секогаш ќе стојат во основите на ВМРО, додека таа беше предводена од најдоследните македонски национални револуционери.

На Конгресот од 1896 беше доградена и организационата структура на ВМРО. Беше изработена

шифра за кореспонденција, псевдоними, организационата територија беше поделена на окрузи и околии итн. Основната организациона клетка станала месната организација, раководена од месен комитет или управително тело. Комитетите, како раководни органи се делеле на селски, околиски и окружни. Над сите нив стоел и со сета активност на Организацијата раководел Централниот македонски таен револуционерен комитет, со седиште (до 1904) во Солун. На Конгресот од 1896, биле определени седум револуционерни окрузи, со по неколку околии. Еден од нив бил и Струмичко-Горно-Џумајскиот округ. Но праксата наскоро наложила нивниот број да се смали на шест, при што биле создадени поодделно Струмички и Серски округ. Во составот на последниот влегло и Горно-Џумајско. По ова време, Струмичкиот револуционерен округ, како одделна најкрупна организациона единица, ќе постои сè до Младотурската револуција, па и подоцна. Во него влегувале околиите Струмичка, Радовишка, Малешевска, Петричка и Поројска. Според тоа, Струмичкиот револуционерен округ опфаќал територии кои денес влегуваат во три држави, односно во трите дела од Македонија.

Освен тоа револуционерното движење во Струмичко успешно соработувало со движењето во соседните окрузи и околии, и особено со Серскиот округ п со Гевгелиска и Кукушка околија, кои влегувале во составот на Солунскиот револуционерен округ.

## 2. ИЗГРАДУВАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА МРЕЖА НА ВМРО ВО СТРУМИЧКО

Наскоро по основањето на ВМРО нејзината мрежа започнала да се проширува и во Струмичко. Првите искри на револуционерната идеја и тука ги фрлил самиот Гоце Делчев. Во есента 1894 тој дошол за учител

во Штип (Ново Село) и по кратко време ги проширил револуционерните врски, меѓу другите, и кон Радовиш и Струмица. Велигденскиот распуст во 1895 Гоце Делчев го поминал во родниот Кукуш, го посетил Солун и на враќање за Штип, поминал низ Дојран, Струмица и Радовиш, насекаде поставувајќи ги основите на првите месни организации. Ова му било, во исто време, и првата поголема организационоагитаторска обиколка на Гоцета. Како ова прво, така и наредните негови престојувања во Струмичко, ќе одиграат вонредно значајна улога во развојот и зацврстувањето на револуционерното движење во Струмичка околија.

Првиот месен човек, кој ги прифатил идеите на Гоце и се зафатил да ги остварува на овој терен, бил Стојан Горгиев, родум од блиското село Дабиља, тогаш главен егзархиски учител во градот. Оттогаш, па до својата смрт, кога во есента 1915 бил убиен од бугарските врховисти, Стојан Горгиев, иако не секогаш во првите редови, останал следбеник на идеите од Делчев. Во текот на 1895 тој успеал да собере околу себе група од околу триесеттина учители и граѓани, формирајќи ја месната организација на ВМРО во градот на која ѝ станал и прв раководител.

Од првите организирани граѓани како најактивен. во овој најран период од развојот на Организацијата, се истакнал кондураџијата Доне Лазаров, човек со забележителни организаторски способности. Тој му станал прв помошник на Стојан Горгиев, а долго време бил и член на Окружниот комитет. Самиот Стојан Горгиев бил избран од Конгресот на ВМРО од 1896, за главен раководител на Струмичкиот округ. Подоцна, според потребите што се налагале поради затворања, одење во илегалство, преместување во службата и друго, легални раководители на Округот станувале, сменувајќи се еден друг, Христо П. Василев, родум од Берово, Костадин Самарџиев — Џемото, од Дабиља, Горги Варналиев, од Велес, Мануш Горгиев — Турновски, од Ново Село и други. Според тогашната организациона

структура на ВМРО, составите на окружните, и околиските комитети се состоеле од легални и нелегални членови — раководители. Како нелегални членови на Струмичкиот окружен комитет, а во исто време и негови окружни војводи (главно по 1903) најмногу се истакнале Христо Чернопеев (вистинско име Черњо Пеев), Петар Китанов, од Горно Џумајско, Мапуш Горгиев и други. Х. Чернопеев заслужува посебно одбележување. зашто во поилинденскиот период долго време бил најважната раководна личност и мошне популарен меѓу населението, кое на свој македонски јазик го викале едноставно Црнопеев или Ристо Црнопејо. Чернопеев бил Бугарин, родум од селото Дерманци, Луковитско во северна Бугарија. Кратко време бил подофицер во бугарската војска по што, преку некои македонски раководители, се вклучил во револуционерното движење, останувајќи во него скоро до пред својата смрт, кога во составот на бугарската војска загинал на 23 X 1915 година во Првата светска војна, кај Криволак. Погребан бил во штипските градски гробишта. Во предилинденскиот период тој работел прво во Кукушко, потоа во ГорноЏумајско, и на крајот — во Струмичко. Чернопеев, сè до почетокот на 1910 успешно соработувал со Јане Сандански, на кого тогаш му бил доста близок по идеи и дела. Тој се истакнал како способен војвода, организатор и воен (четнички) инструктор, за што му помогнала и неговата воена подготовка што ја добил во бугарската војска. (Да одбележиме дека во македонското револуционерно движење зеле најактивно учество и многумина други прогресивни синови на бугарскиот народ кои, не можејќи да ја поднесуваат душната атмосфера во фердинандова Бугарија, дошле да се борат за слободата на македонскиот народ и ги дале своите животи во таа борба).

Со активноста на Организацијата за извесно време, во овој период, во Струмичко е сврзано името и на еден друг познат револуционер — Михаил Герџиков. родум од Пловдив. Струмичко го обиколил во овие години и еден

од првите војводи на Организацијата, Михаил Апостолов — Попето. И тој отпрвин бил подофицер во бугарската војска што ја напуштил откако станал симпатизер на социјалистите и преку Г. Делчев се вклучил во македонското революционерно движење. Во борбата со аскерот Попето загинал на 3 април 1902 кај селото Гаваљанци, Кукушко. Одбележуваме дека ВМРО, особено во почетниот период, чувствувала голема потреба од кадри со војничко образование, поради што четите на Чернопеев, на Попето и други се претвориле во школи за изградување на месен војводски и боречки кадар. Сепак, во таа насока најмногу придонел Гоце Делчев, на кој малку време му недостасало да ја заврши офицерската школа во Софија, од која бил исклучен поради читање на социјалистичка литература.

За брзото масовизирање на Организацијата во градот и особено во селата во Струмичко најмногу придонел, иако повеќе посредно самиот Гоце Делчев. Уште во првите денови од својот престој во Штип тој го свртел вниманието кон селската маса. Тој прв се ослободил од дотогашната пракса на поединечен прием (и главно од градското население) во нејзините редови. Секако, под негово влијание, основачите на Струмичката организација — С. Ѓоргиев, Д. Лазаров и други, до крајот на есента 1895, основале организации во петнаесеттина села. Дотогаш биле основани месни комитети во селата Муртино, Робово, Моноспитово, Василево, Вељуса, Куклиш, Ново Село, Костурино, Попчево, Дабиља, Нивичино и други. Проширувањето на организацијата во селата продолжило и во наредните години, и тоа како во другите села, така и во смисла на опфаќање сè помасовно на македонското население. Со непосредната помош од Гоце Делчев, во 1897 година месни комитети биле создадени и во четири подгорски патријаршиски села. За неколку години скоро не останало македонско или мешано село без поголема или помала месна организација. Пак и во самиот град прво била организирана сиромаштијата од маалото „Чифлик"

која живеела, главно, од земјоделие и сточарство, како и селаните.

По 1897 масата на организираните луѓе уште побргу нараснала. Тоа уследило од две причини. Прво, следствие на обиколките од Гоце Делчев и второ, што во овие години повеќемина младинци од градот и од некои села, по завршувањето на разни средни училишта дошле за учители. понесувајќи го натаму революционерното дело во околијата. (Од важно значење било и тоа што по 1898 започнале да се создаваат и околиски чети кои работеле, во прв ред, сред селското население).

Така, во 1901 година го завршил Скопското педагошко училиште Костадин Самарџиев — кој веднаш потоа дошол за учител во Дабиља, а подоцна бил преместен во соседното село Робово. Тој бил припадник на ученичкиот револуционерен кружок во Скопје, и веднаш по дсаѓањето во Струмичко и особено во Робово, развил плодна револуционерна активност.

Во источниот дел од Струмичко, како организатор, уште во годините пред Илинденското востание, се истакнал Мануш Ѓоргиев — Турновски. Тој учел во Серското педагошко училиште, каде што активно работел во ученичкиот револуционерен кружок, што бил раководен од Организацијата. Поради тоа Мануш Ѓорѓиев бил исклучен од училиштето, се вратил за учител во Ново Село, станувајќи потоа, за кратко време, учител во селата Стиник и Барбарево.

Неколку години порано за учител во Робово дошол струмичкиот младинец Ристо Бабамов, кој како ученик во Скопје, исто така му припаѓал на младинскиот револуционерен кружок. Бабамов другарувал уште од Педагошкото училиште со македонскиот социјалист Алексо Мартулков од Велес. Според Мартулков, Р. Бабамов ја истакнувал потребата од вклучување и на македонските социјалисти во револуционерното ослободително движење. Во Робово, со својата работа се истакнувал и месниот поп Васил Петров (Истирски) за кого Мартулков (а и други современици) тврдат дека бил

човек енергичен, храбар и популарен во Струмичко како борец на Организацијата.

По завршување на Скопското педагошко училиште, учител станал во Струмичко и Илија Маказлиев, родум од Струмица. И тој се истакнал како способен организатор и во градот и сред селското население. Како учител работел во селата Конче, Русиново и други, а подоцна станал и војвода на чета и загинал уште во 1902 година.

Во Дабиља извесно време бил учител Атанас Караманов, родум од истото село. И тој подоцна бил војвода на чета, а загинал во 1910 година.

Скопското педагошко училиште го завршил и Костадин (Коста) Мазнејков, исто така родум од Струмица. Извесно време тој бил учител во Добрејци, Просениково и други села, а подоцна се истакнал како радовишки околиски војвода. Коста Мазнејков загинал во 1903 година.

Како крупна раководна личност, главно по Илинденското востание се истакнал Иван Илиев Ајдински, од Ново Село, Струмичко. Тој завршил гимназија во Солун, а подоцна и Правен факултет во Софија. Пред 1903 година, како учител и револуционерен раководител, работел кратко време во Штип и во Струмичко, каде бил едновремено прогонуван и од бугарскиот владика Герасим. Во Организацијата, уште како ученик во Солун него го вклучил Гоце Делчев. Во исто време, Иван Илиев, читајќи литература се оформил како социјалист, а загинал во Горна Џумаја во 1923 како познат и истакнат комунист.

Заедно со него во Солун учел, а потоа се истакнал како смел организационен агитатор, и учителот Гошо Илиев, исто така, родум од Ново Село.

Свој ценет прилог за револуционерното дело во Струмичко дале и Костадин Димков, потоа Димитар Бујуклиев, Тимо Бабамов и многумина други. К. Димков учел во Одеса (Русија), а потоа како учител работел во Валандово, Моноспитово и други села. Д. Бујуклиев ја

завршил машката гимназија во Солун и работел во Пехчево и Струмица. Во 1900 година во Организацијата се вклучил и Мито Ковачев учител од Струмица, а загинал во април 1902 во Делчевско.

Малкумина од сите овие умреле од природна смрт, уште помалку — доживеале длабока старост, зашто огромното мнозинство изгинало во македонските ослободителни борби, во различно време и од различни непријатели.

Едновремено со другата работа, месните раководители рано обрнале внимание на градската младина. Во прво време за агитатори и организатори на младината биле определени учителите Петар Хаџи Јорданов, родум од Кавадарци, Иван Чонтев, од Велес и Костадин Самарџиев. За кратко време тие постигнале задоволувачки резултати во работата со младинците од егзархискиот дел на населението, но не успеале помасовно да ја организираат младината од струмичките патријаршисти. Овде на Организацијата најмногу  помогнале младинците Ѓорги Хаџи Котарев, Панде Кујумџиев и Славчо Кљамбов, кои биле и први привлечени во неа. Тие тројцата, и самите од патријаршиски семејства, долго време и успешно работеле сред патријаршискиот дел од населението, особено сред младите. Од овој дел на младинци како најактивни се истакнале Ѓошо Грчев, извесно време благајник на месната организација, Томе Аџи Глигоров и други. По ваков начин, благодарејќи на начелната ориентација и на работата на ВМРО да се отстрануваат пропагандните размирици и да се привлечат сите незадоволни и борбени елементи, и во Струмичко, низ самата борба започнал да се изградува единствен македонски ослободителен фронт, во кој доста масовно започнале да влегуваат и месните патријаршисти.

Од војводите на Организацијата во Струмичко (кои не биле учители) се истакнале, (но по 1903) Крсто Ѓоргиев Новоселски, од Ново Село, и Иван Тодев, наречен Бељал Чауш, родум од селото Смол, Гевгелиско.

Но и за нив ќе стане повеќе збор, во наредните страници од книгава.

За натамошното проширување на организационата мрежа, особено во селата, се покажало потребно ВМРО да располага и со сопствена оружена сила, т. е. да не остане само на усната агитација. Затоа, во есента 1898 раководството на Организацијата одлучило да се премине кон формирање на постојани околиски чети. Оваа задача му била доверена на Гоце Делчев. Отпрвин четите вршеле само агитација и организирање на населението, за подоцна да преминат и кон пренесување на оружје, за кое собирале и набавувале и парични средства; кон вршење на функции на судска и извршна власт итн. Подоцна биле создадени и таканаречените центрови чети (една за неколку села) и селски чети, по една од секое село, составена само од легални членови, мобилизирани по потреба. Селските чети биле познати и под името организациона, или селска милиција. Сите чети ја сочинувале воената сила на Организацијата и над нив стоела инспекторската ревизорска чета, раководена од Гоце Делчев. Делчев се сметал за началник на сите оружени сили на Организацијата.

Во ова време, како војводи на чети делувале на поширокиот терен на Струмичко или престојувале во него, повеќемина познати раководители. Треба да се каже и тоа дека четите, што биле определувани за Струмичко до 1903, повеќе се движеле во Огражден и Малешевијата и на теренот западно од градот. За Струмичка околија, изгледа, долго време не била формирана посебна чета.

Прв, уште во 1897, со конкретна задача и со една мала чета во Струмичко дошол Гоце Делчев. Некои краеви од Струмичко потоа биле обиколени од Михаил Попето. Подоцна, овде се задржал и Михаил Герџиков. Низ Струмичко поминувал и тиквешкиот војвода Петар Јуруков. Една група од четниците кои во 1900 година дошле со него останала во Струмичко. П. Јуруков имал намера да фати некој од богатите струмички бегови,

заради откуп. Меѓутоа, „Струмичкиот раководител Илија Маказлиев не се согласил" зашто тоа можело да предизвика нова афера (провала). П. Јуруков поминувал низ Струмичко и во 1901 година. Одовде минувале најчесто и четите за Гевгелиско.

Струмичка околија тогаш не била гранична, но се наоѓала во соседство со пограничната Малешевска околија, поради што и низ неа врвеле важни нелегални канали за внатрешноста на Македонија. Тие од Бугарија иделе, главно, преку Малешевско — до селото Нивичино. Еден канал минувал од Нивичино, низ селата Трибичино, Варварица, Рич — за Костурино, а одовде кон Гевгелиско и Кожув Планина: друг — од Нивичино преку Дрвош — Дабиља — Сачево — Куклиш и пак за Костурино, а одовде за Дојранско и Гевгелиско, и трет — преку Барбарево — Стиник — Габрене и преку Беласица. По овие канали се префрлувале чети, илегалци, се пренесувало оружје, муниција и пошта. Современиците тврдат дека оружјето и другите материјали, купувани во Бугарија, се донесувале најпрво во Нивичино. Тие минувале низ рацете на Атанас Нивички — Брадата, кој одиграл вонредно важна улога во животот на Организацијата во овој крај. Мошне активни и заслужени за револуционерното дело биле и селските раководители Атанас Јовев Муртински, Васил Наков од Дрвош, Алекса Иљашов во Попчево, Ѓорги Митушев во Три Води, Божин Ѓоргиев во Барбарево, Миљко Витанов во Робово, Панде Филев Смиљков, во Дабиља, Атанас Галев, Доне Јуруков, Трајко Барбутов и други, во Моноспитово итн. Заради зачувување на конспирацијата многу села биле именувани со псевдоними. Така, Моноспитово било наречувано — Беласица, Муртино го добило името Слива, Сачево — Ниш, Куклиш — Дебар, Пиперево — Бунар, Дрвош — Даб и други.

Во работата на Организацијата се вклучиле и многу жени: учителки, од градот или селанки. Како такви се споменуваат учителките Ленка Данева, родум од Струмица, Атина Бабамова, Фанија Николова (од Охрид),

Јорданка Јанчева, од Радовиш, Евантија (Ванта) Алабашева, учителка во Моноспитово, баба Фидана — селанка од Моноспитово која ги криела и лекувала ранетите четници и уште многу други, мажи и жени, чии имиња останале непознати. Организираната активност на жените ја посведочува и Павел Шатев, еден од солунските „гемиџии". Кога, по солунските атентати во мај 1903, како еден од нивните извршители бил затворен и спроведен и низ Струмица, една група жени нему и на другите затвореници им донеле во затворот храна и облека. Овие факти несомнено посведочуваат дека населението, и тоа од сите средини, масовно се вклучило во револуционерното движење.

## 3. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО СТРУМИЧКО

Фактот што Организацијата и во Струмичко, веднаш по своето создавање, зела правилен идејно-политички курс во својата работа, од кој во целост не ќе отстапи сè до 1910 година, во голема мерка се должел на агитацијата што овде ја вршел Гоце Делчев, при неговите неколкукратни обиколки. Веќе одбележавме дека првпат тој ја посетил Струмица во 1895 на пат од Кукуш за Штип. Тој повторно престојувал во Струмичко, и тоа на двапати во 1897 година. Така, Гоцевиот прв биограф П. Јаворов соопштува дека околу Петровден (12 јули 1897) Гоце Делчев, по агитација се наоѓал во Варварица. Откако воспоставил врска со струмичките раководители, тие му го испратиле за курир Атанас Наков од Дабиља, кој го довел Гоцета во Струмица. Одовде, со Атанаса тие дошле во Дабиља, останувајќи неколку дена во неговата куќа.

Во септември истата година Гоце Делчев, со една мала чета, останал повеќе дена во Струмичко. Овој негов престој бил сврзан со познатото фаќање на Назл'м беј заради откуп, но во исто време Гоце и агитирал.

Фаќањето на Назл'м беј, со цел да се набават покрупни финансиски средства, што биле потребни, пред сè , за купување на оружје, не бил усамен случај во практиката на Организацијата. Такви, особено во првите години, имало повеќе и многу од нив завршиле со тешки последици. Притоа, биле фаќани само бидни странци или богати Турци, но со успех завршило единствено грабнувањето на Американката мис Елена Стон, за чие ослободување Организацијата зела 14.500 турски лири. Овој подвиг се остварил под раководството на Јане Сандански.

Четата со која по овој случај дошол Гоце била составена од неколкумина младинци, кои како питомци во подофицерското училиште во Софија, формирале револуционерен кружок, потоа го напуштиле училиштето и се префрлиле во Македонија. Меѓу нив најпознат ќе биде Никола Петров — Русински (од селото Русиново, Беровско). Тој бил македонски социјалист, револуционер и талентиран војвода. Кружочниците се запознале со Гоце Делчев во Софија, уште пред 1894 година. Откако не им успеал еден обид за грабнување во Виница, Кочанско, четата, раководена од Гоце Делчев, се префрлила во Радовишко. Од Струмица четата добила соопштение дека струмичкиот чифлик-сајбија Дервиш-бег ќе патувал за Тиквешко, што било згоден момент да се фати. Групата го чекала бегот на позиции, прво во царевките кај Баница, а потоа кај Попчево, но тој не минал. А. Динев тврди дека за ова прашање Гоце се посоветувал и со Стојан Ѓоргиев и Доне Лазаров, влегувајќи преоблечен во градот. Од Попчево, преку „Цареви кули", до кои дошле и да ги разгледаат, четниците се спуштиле под градот, во атарот на селата Василево, Добрејци и Дабиља. Тука се обиделе да го фатат Нефи-беј, чифлик-сајбија на Пиперово, но и тоа не им успеало. Потоа бил скроен нов план: да се фати младото бегче Назл'м-беј, за кого се дознало дека ќе оди на бања во Банско. Во текот на неколку дена четата преку курири одржувала постојано врски со месните

организации во градот и во некои села. Но, место на пат за Банско, Назл'м-беј бил фатен одејќи кон својот чифлиг во Василево, и тоа под самиот град. Со нето патувал, се разбира обајцата на коњи, уште еден Турчин, кого го ослободиле, а бегот го одвеле во Пљачковица, кон Нивичино. Во акцијата за фаќање на Назл'м-беј учествувале како нелегални (четници) Никола Петров — Русински, Васил Чочев и Иван Биковски, од Берово. Атанас Ризински, од Будинарци, Малешевско, Стоица Чорбаџиски, Васил Јуруков, од Струмица, Михаил Попето, А. Маринов и Ф. Григоров, од Бугарија, а од легалните — Стојан Ѓоргиев, Доне Лазаров и Петре Кончелиев, од Струмица како и неколкумина селани од Дабиља и други села.

Меѓутоа, поради Гоцевата хуманост и великодушие, бегот откако бил оставен со одврзани раце и во еден момент се нашол сам во една колиба, избегал и успеал да се врати во градот. Заедно со тоа пропаднал и планот за земање на 6.000 турски лири, кои биле на пат, испратени од неговите родители. По овој повод турските власти кренале големи потери, но ништо не успеале да откријат. И другите слични потфати, што ги извршил Гоце, пропаднале, поради што тој подоцна се откажал од ваквата пракса. И М. Герџиков направил обид, во 1901 година за фаќање на некој струмички бег, во што му помагал Атанас Караманов од Дабиља, но и тој не успеал.

Додека се подготвувала клопката за Назл'м-беј, кај Гоце Делчев дошле селани од некои мешани, егзархиско-патријаршиски села, да молат за помош за да ги одземаат црквите и училиштата од патријаршистите. Овој случај му дал повод на Гоцета, и на селаните и во градот, да ја објасни политиката на Организацијата по ова прашање. Имено, Гоце тогаш објаснил дека Организацијата не се ангажира во пропагандните борби на страната на бугарската Егзархија, туку се бори да го собере сето население околу револуционерното знаме, да не ги разединува, туку да ги обединува егзархистите и

патријаршистите низ нивната заедничка борба за ослободување на татковината. И во резултат од ваквата агитација, според Русински, наскоро биле формирани комитети во четири подгорски патријаршиски села. Гоце Делчев не сакал да создава внатрешни табори, во чии заемни борби би се истрошувала револуционерната енергија на населението. Неговите инструкции во таа насока биле при~ фатени и од градската организација, која своето внимание го свртела и кон патријаршистите.

Гоце Делчев повторно го наоѓаме во Струмичко во есента 1900 година, и како обично, кратко време се задржал тука. За овој негов престој еве што вели Иван Анастасов — Грчето (Иван Анастасов, по народност бил Грк од Мелник, поради што од некои проврховистички елементи во Петричко бил прогонуван. Подоцна станал војвода и активно учествувал во борбите со врховистите):

„Во селото Моноспитово (Струмичко) првпат се сретнав со Делчева. Тој ме разбра што човек сум, и ме зеде под своја закрила. Тој за првпат подробно ме информира за делото. Дотогаш бев во магла. Бев тргнал со четата, но што ќе правевме, точно не знаев. Дотогаш мислев дека револуцијата е лесна работа, само да се внесат нешто пушки итн. Делчев објасни: не може да се надеваме на туѓа помош, да не чекаме од Бугарија помош, ни од која и да било друга сила, туку треба да се подготвиме однатре — секој селанец во душата да се проникне од таа идеја, сè да се подготви и тогаш да се крене масовно востание. Дотогаш никој однадвор да не се меша во нашата работа итн. Делчев агитираше да им проповедаме на селаните да не одат по турските судови, кои само ги дерат, туку да си основат селски судови и сè сами да си расправат; да се пропагира идејата на слободата, да се посочува како живеат луѓето во други, слободни земји; да му се расправа на населението како станувале револуциите што им ја дадоа слободата на соседните земји — Влашко, Србија, Грција, Крит; да се дејствува да се избираат по селата раководни тела, да се постават курири. Делчев тогаш беше нешто како ревизор и ги беше свикал тамошните чети, што беа дошле во Малешевската гора, за да му дадат отчет и да примат од него упатства. Делчев

секогаш одеше сам, со куса манлихера... со два револвера (едниот му го даваше на куририот). Тој секогаш одеше со курир, бидејќи не ги знаеше местата. Тој сам беше ги изодил сите села. Прииот впечаток од Делчева беше дека тој е чист и непорочен, а при тоа решителен човек. Тој зборуваше доста литературно, та не сите го разбираа. Луѓето се прашуваа: аджаба убаво зборува, ама што, не можевме сè да му разбереме".

И овој Гоцев престој во некои струмички села, оставил длабоки траги по себе, зашто најдобро од него можело да се разбере што и како треба да се работи за да се стигне до слободата.

Неполни две години подоцна Гоце Делчев, за последен пат дошол во Струмичко. Тоа станало во март 1902 година, кога по големата обиколка низ Македонија се враќал дури од Костурско. Во овие денови само што завршила крајно напорната акција со пленувањето на Мис Стон и нејзината придружничка Цилка. Двете жени, заедно со бебето на Цилка, биле доведени по организациониот канал откај Малешевско и преку Нивичино, до селото Градошорци, по што тие сами и пешки влегле во Струмица. Мис Стон отпорано ги знаела струмичките протестанти и се упатила во куќата на Белеви. (Овој настан и денес се раскажува од постари луѓе, особено од Петар Белев. ) По неколкудневен одмор, двете жени се одвезле во Солун.

И додека се случувало сето ова, а турските потери се растрчале по сите страни не би ли фатиле некој комита, последниот спроводник на Мис Стон, војводата Андон Ќосето се засолнил во колибите околу Нивичино — со помошта од Атанас Нивички, а Гоце Делчев, од југ допатувал во Костурино. Тука тој и разбрал за настанот на денот и го повикал Андона Ќосето во Костурино, веројатно да се информира за многу нешта и да го чуе подвигот со протестантската мисионерка во кој најактивно учествувал и Ќосето. Една вечер Андон Ќосето и Гоце, придружен од неговиот верен придружник Иван Манолев, се сретнале кај Костурино.

Гоце бил преоблечен во селски искинати алишта. За средбата А. Ќосето подоцна раскажал:

„Се стрчав кон него, се прегрнавме, седнавме да починеме и седнувајќи на Гоце му се белнаа колената низ искинатите потури". Тие потоа, по утврдениот ред и канал, преку Куклиш и Сачево, се упатиле за Дабиља, веројатно кај старите пријатели.

„Штом разбраа селаните дека дошол Делчев, вели Ќосето, нè сместија во една голема соба. Тука се собраа околу 15 до 20 души, нè пречекаа, влеговме во собата и сите се поздравија со Делчева. Сите стоеја прави, никој не седнува. Никој не седнува, пред да седне Делчев... "

Гоце Делчев разговарал со селаните, се распрашал за акцијата, за Мис Стон и утредента групата се упатила кон малешевските планини, каде што ќе попадне на заседи од врховистите, испратени од Софија за да го рушат она што Гоце со толку труд и напори го изградувал. Овој пат Гоце без задржување ги поминал Малешевско и Горно Џумајско и дошол во Софија, каде што жедно го очекувале негови другари, зашто опасноста од врховистите ја достигнувала кулминацијата. Еден нивни приврзаник во Малешевско, дури се обидел да го предаде Гоцета на Турците.

Ова му било последно доаѓање на Гоце Делчев во Струмичко, зашто, на 4 мај 1903 година, тој загинал во селото Баница, Серско.

## 4. БОРБАТА СО БУГАРСКИТЕ ВРХОВИСТИЧКИ ЧЕТИ ВО СТРУМИЧКО

Брзото нараснување на револуционерното движење во Македонија, организирано и предводено од ВМРО, силно ги исплашило бугарските владеачки кругови. Перспективата на идната македонска држава, за која се борела Организацијата, ги доведувала во прашање сите нивни завојувачки и мегаломански планови. И, за да го

спречат нејзиното извојување, тие се зафатиле да работат на тоа, Македонија и натаму да остане под власта на османските поробувачи, очекувајќи го денот, кога по пат на војна би ја одзеле неа од Турците. И додека Организацијата сѐ поуспешно го наложувала своето влијание, и станувала сѐ помоќен општествен и политички фактор, во Бугарија увиделе дека не се достатни егзархот, владиците, конзулите итн., туку, покрај нив, е потребен и еден оружен орган, кој да □ се спротивстави, да ја поткопува и слабее Македонската революционерна организација. Ваквиот орган беше формиран во 1895 година, и се нарече Врховен македонски комитет чие седиште стана Софија. Одовде и терминот — врховисти.

Врхавистичките кадри ги сочинуваа три вида луѓе: бугарски офицери, кои го имаа политичкото и воено раководство и кои директно контактираа со кнежевскиот двор или со военото министерство; арамии, со долгогодишен разбојничко-пљачкашки стаж во Македонија, и разни злоупотребители, болно амбициозни недоволници, кариеристи, авантуристи итн., кои се судрија со строгите закони на Македонската революционерна организација.

Уште со своето конституирање како комитет, врховистите започнале со подготовки за помасовно навлегување со чети. Под шумните кампањи, дека доаѓаат да се борат за ослободувањето на Македонија, тие ќе започнат една систематска, безочна, долгогодишна војна против ВМРО и против македонскиот народ. И веќе во летото 1895 биле испратени, со еден невиден шум, четири одреди во Македонија. Првиот од нив бил наречен „Струмичка чета". Тој се состоел од 160 души, под командата на поручникот Начев. Тој добил задача да ја нападне турската артилериска единица во Струмица. Меѓутоа, одредот бил десеткуван од Турците уште во Џумајско, по што неговите остатоци се вратиле назад во Бугарија. Така, овој прв обид за навлегување на врховистите во

Струмичко — пропаднал, како што ќе пропаѓаат и сите други натамошни обиди.

Раководството на ВМРО уште веднаш и категорички им се спротивстави на бугарските врховисти. ЦК на ВМРО побара да се распушти Врховниот комитет (скратено: ВК), или ако и натаму остане, тој да не навлегува во територијата на Организацијата, да не испраќа никакви чети или агитатори, да ги признае и почитува самостојноста и независниот карактер на борбата на македонскиот народ итн. ВМРО предупредуваше дека, во спротивно, ќе биде безмилосна спрема сите оние домашни елементи или неканети „гости", кои не ќе им се потчинат на нејзините закони и правилници.

На таа основа и започна борбата за одбрана од врховистите.

Притоа, врховистите ги користеа сите средства во борбата со ВМРО: поткупи и врбувања, деморализација на населението, предавства и убиства итн. Во нивните планови беше предвидено да се убијат дури и Гоце Делчев и Ѓорче Петров. По една провала во Солун, во ЦК на ВМРО, успеа да се вовлече Иван Гавранов, познат врховистичко-егзархиски приврзаник. А малку пред тоа, Гавранов беше формирал неколку домашни врховистички групи: во Прилеп, Кукуш, Гевгелиско. Тој се обидел врховистички комитет да создаде и во Струмица, но во тоа не успеал, зашто не нашол луѓе. Струмичани цврсто стоеле на позициите на Внатрешната македонска организација.

Неколкугодишните кокетирања на ВК со ВМРО, исполнети со подмолни планови за нејзиното освојување, завршиле во 1901 година, иако повремено и дотогаш биле испраќани врховистички чети. Тогаш на чело на ВК бил поставен бугарскиот генерал Иван Цончев, кој започнал систематски да уфрлува чети и тоа особено во крајграничните реони на Македонија. Новата врховистичка четничка инвазија започнала кон крајот на летото 1901 и се зголемила во наредното лето, за да

заврши во септември 1902 со една инсценирана буна во Горно Џумајско, која оставила кобни последици врз македонското револуционерно ослободително движење.

Организациите и четите на ВМРО, особено во блиските до границата околии: Горно Џумајска, Петричка, Малешевска, Мелничка и други целосно се ангажирале во одбивање на врховистичката напаст. Во тоа посебно се заложил Јане Сандански, а Х. Чернопеев тогаш се борел во Горно Џумајско. До Струмичка околија, како подалечна, помалку можеле да допрат врховистичките чети. Но и таа сосема не била поштедена од нив. Така, во 1901 до селото Костурино успеал да дојде познатиот (подоцна) Александар Протогеров, офицер од бугарската војска, но селската милиција го вратила назад. Во Струмичко тој не нашол соработници, за да може да се задржи.

Скоро во исто време, додека Гоце Делчев се наоѓал во Радовишко, на пат за својата голема обиколка во западна Македонија, во Нивичино стигнал прононсираниот разбојник Хаљо, сега во улога на војвода на ВК, со чета од 30 души, барајќи да му се даде пат за внатрешноста во Македонија. Атанас Нивички, на кого му се видела сомнителна оваа збирштина, убаво наоружана во Софија, намерно ги задржал неколку дена, додека не собрал информации за нивниот идентитет. И откога бил известен чија била оваа чета, тој ја собрал селската милиција и ја прогнал до границата, назад во Бугарија. Во прогонувањето зел учество и М. Герџиков со неколкумина четници. За важноста на пунктот Нивичино, и за неговиот раководител, М. Герџиков пишува:

„Заминавме за Малешевско (во јуни 1901 б. н. )... и продолживме за Струмичко, до селото Нивичино, клучот на каналот на Организацијата за надолу; врховистите оттука натаму не можеа да влегуваат. Еден многу добар селанец, бај Атанас Нивички, ја имаше заслугата што не пропушти ни еден врховист низ својот пункт. Тој имаше големо влијание кај населението; тој одеше сам (по

селата), беше човек умен, вешт, итер, но благороден и чесен". Атанас Нивички и по Илинденското востание верно ќе ѝ служи на Организацијата.

Меѓутоа, иако Струмичка околија била одбранета, во соседните, особено во Петричко и Малешевско, врховистите успеале да се загнездат во некои села, да создадат свои групи и повремено своите акции да ги насочуваат и кон Струмичко. Поради врховистичката четничка кампања во 1902 во Џумајско и Петричко, станале судрувања со турскиот аскер и во струмичките села Бориево и Барбарево, кои однеле многу селани в затвор. А тоа оставило тешки последици врз натамошниот развој на ослободителното движење.

## 5. АКЦИИ НА ТУРСКИТЕ ВЛАСТИ ЗА ЗАДУШУВАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО

Македонското национално револуционерно движење наскоро по своето конституирање, се нашло лице в лице со својот најопасен непријател — војската и државниот апарат на султанска Турција. Но колку и моќен да бил тој во однос на силите на ослободителното движење, турската власт не успеала да ја уништи народната борба за ослободување.

Од друга страна, иако султанската власт правела постојани напори да го потисне и уништи револуционерното движење, таа можела да му нанесува посилни удари повремено, чии резултати биле повеќе или помалку од привремено значење. Струмичката околиска организација, во периодот до Илинден доживувала неколку вакви удари, поточно — провали, во тогашната терминологија наречувани и афери. Една од првите во животот на Организацијата воопшто, била така наречената Дединска афера од 1897 година. Таа ги зафатила радовишките села Дедино и Ињево. Пред судот биле изведени и осудени на разни временски казни со

затвор 9 лица. Провалата, за среќа, била брзо локализирана и не се пренела во соседните околии. (Инаку најмасовна и најтешка по своите последици, воопшто во историјата на Организацијата била познатата Виничка афера од крајот на 1898 од која целиот источен дел од денешна СР Македонија, бил потресен. Но и Виничката афера, иако допрела до Радовишко, не го опфатила Струмичко. )

Провали станувале, и тоа многу на број, и во другите соседни околии во Струмичкиот округ, како и по цела Македонија.

Првата тешка провала во Струмичко била така наречената Новоселска афера од пролетта на 1900 година. Месниот комитет во Ново Село, обидувајќи се да дојде до парични средства, организирал убиство на неколкумина Турци-трговци и бегови, кои доаѓале од Петрич. Телата на убиените биле закопани во една нива, што веднаш била изорана, парите им биле одземени, а коњите — по канал префрлени до Никола Малешевски, пунктов началник на Организацијата во Дупница и продадени во Бугарија. Меѓутоа, на лице избиле слабост во конспирацијата, нетактичност од некои раководители и конечно, едно предавство, кое завршило со ново убиство. Имено, за да се спречи предавството Крсто Ѓоргиев-Новоселски, го убил предавникот, но тоа само уште повеќе придонело турската власт да преземе посериозно иследување на настанот. Во септември истата година, во селото дошол со едно одделение од војска струмичкиот кајмакам, наречен „Црната брада". Тој веднаш уапсил десеттина осомничени селани, додека други, всушност авторите на акцијата, привремено се склониле, а потоа се вратиле и предале на власта. Меѓу илегалците се нашол и Крсто Новоселски, кој подоцна станал војвода на чета. Затворените биле подложени на страшна тортура и некои од нив започнале да откриваат тајни, поради што апсењата се прошириле, како во Ново Село, така и во некои соседни села.

Последиците од провалата биле мошне тешки, како за затворените луѓе, така и за Организацијата во овој крај, особено во Ново Село. Вкупно биле затворени 214 луѓе од кои дваесет и тројца биле ѕверски тепани и осакатени. Пред суд биле изведени 70 селани од Ново Село и околните села, а 17 лица станале нелегални со цел да се спасат и себе си и Организацијата од натамошно проширување на провалата, која застрашувала да го опфати целиот Струмички крај. Некои од илегалците стапиле во четите на ВМРО.

Групата на затворените била пренесена во солунскиот затвор „Једи куле", каде што биле и судени. Но на процесот делото добило поволен тек, свидетелите ги измениле искажувањата, и повеќето од затворените поради недостиг на доказен материјал, биле казнети со поблаги казни со затвор. Некои од нив биле ослободени. Тоа уследило како резултат на тврдото држење на огромното мнозинство пред полицијата. Во оваа афера било затворено и скоро сето членство на Месниот комитет во Ново Село: Януш Малчев, Мито Гочев, Илија Паљошков, Гоне Милански, Коце Стаменов, Иван Стаменовски, кој го започнал предавањето на врските, и други.

Едновремено со ова и сето население во Ново Село било подложено на жесток притисок и ограбување. Од една жалба, испратена од селаните до солунскиот валија, се гледа дека во Ново Село, долго време по ова била стационирана војска од околу 1.000 војници по куќите на селаните од кои биле истерани жените и децата. Аскерот вршел претреси, грабежи, тепања, обиди за силување на жени итн. Притисокот бил вршен под изговор дека се бара оружје, поради што некои се откупувале со рушвети, а други дури мореле да купат некакви пушки — пак од Турци — за да ги предадат и да се ослободат од натамошни малтретирања. При овие претреси извесен број пушки Турците и одзеле. Ново Село тешко го поднесувало присуството на волкав број на аскер, кој бил присилно разместен по селските куќи.

Новоселската провала му нанесла доста тежок удар на револуционерното движење во Струмичко, дотолку поголем, што Ново Село за целиот струмички крај било еден од столбовите на Организацијата. Но со неа движењето не можело да биде уништено, стремежот за слобода не можел да се задуши.

Негативен одглас во Струмичко имала и познатата, судбоносна солунска провала од јануари 1901, кога бил затворен скоро целиот легален состав на ЦК на ВМРО. Провалата се потсилила и поради еден оружен судир на Чернопеев во Кукушко, и се проширила, меѓу другото, и кон Струмичко. Од Струмица, тогаш, според некои податоци биле затворени 22 лица, меѓу кои и Доне Лазаров. Потерите и претресите се прошириле и во некои поблиски и подалечни села, поради што биле затворени поединци од Попчево, Габрене (Петричко), Богданци и други. Во овие денови (пролетта 1901), низ Струмичко поминал со чета М. Герџиков, кој тврди дека власта особено се нафрлила врз учители од Гевгелиско, кои работеле во Струмичко, поради што двајца од нив (едниот се викал Бардаров), □ се приклучиле на четата, за да ги избегнат апсењата. Овој пат меѓу затворените имало и многу учители.

Нова, крупна провала го потресло Струмичко во септември 1902, во исто време, кога станало врховистичкото „востание" во Горно Џумајско во кое биле вовлечени и некои петрички и малешевски села. Како повод послужило едно судрување на турски аскер со четата на Андон Ќосето (тој бил родум од Велешко), во селото Бориево. Четата била опсадена и цел ден водела борба, а вечерта ја пробила опсадата и се извлекла кон Беласица, давајќи и една жртва. Ова судрување, освен во литературата што настанала подоцна, било одбележено и од некои тогашни странски конзули во Солун. Утредента војската запалила дел од Бориево, и извршила низа жестокости и грабежи. Веднаш биле затворени 17 лица од селото, додека четворица станале нелегални и се вклучиле во четите на Организацијата.

Започнатото полициско иследување, и судскиот процес ја прошириле провалата во низа други села: Моноспитово, Босилово, Куклиш, Дабиле, Муртино, Ново Село, Робово, Сачево, Пиперово, Попчево, Белотино, Дрвош, Вељуса, Барбарево, Нивичино и други. Само од Ново Село, повторно биле затворени околу сто селани. Вкупно во овие рации биле затворени 428 лица, но поради непризнавање на обвиненијата, биле осудени и затворени во Солун само 26 лица. Други дваесеттина успеале да избегаат — едни привремено, други — во четите, а со тоа и да се спасат од мачењата. И во овој случај најмногу се „прославил" кајмакамот „Црната брада", кој и овојпат со посебна жестокост се нафрлил врз Ново Село.

Треба да не се заборави и тоа дека и размерите и жестокостите на оваа провала не би биле толку масовни, ако таа не станала во исто време со врховистичката провокација во некои петрички и малешевски села. А тоа значи дека и врховистите, што дејствуваа по директиви од бугарскиот двор, имаат свој удел во нив.

Во Струмичко имало и други помали апсења и судења, вршени по разни поводи, и во овој период, па и подоцна. Тоа се потврдува и од податокот дека во цело Струмичко, за периодот од 1898 до крајот на 1902 година станале вкупно пет провали, со 741 апсења.

Оваа импозантна бројка, сама по себе најавтентично ја посведочува масовноста и широчината на револуционерното движење и во Струмичко. Па, според тоа, да се каже дека движењето било сенародно, значи да се каже една вистина, една стварност, а не празна фраза.

Сепак, провалите, особено последната, Бориовската, во многу придонеле во Струмичко да не дојде до повидлив израз востаничкото движење во 1903 година, во времето на Илинденското востание.

## 6. СТРУМИЧКО ВО 1903 ГОДИНА

Со настанатите провали и апсења Организацијата во Струмичко била прилично силно погодена. Голем дел од оружјето, кое и без тоа било малку, паднало во рацете на турските власти. Од друга страна Окружната организација, особено во Петричко и Малешевско, во 1902 година морала да се ангажира во борба против врховистите, кои правеле напори да се прошират и кон Струмичко.

Со цел да се залечат раните од турските удари, да се окуражи населението и да продолжи работата на Организацијата, кон почетокот на 1903 година во Струмичко бил испратен, со чета од десетина души Х. Чернопеев. Целата зима тој ја поминал посетувајќи ги настраданите села. Чернопеев во своите спомени тврди дека турските власти по пат на претреси, тепања и мачења го собрале најголемиот дел од оружјето од населението.

И, во ваквите, сосема неповолни услови во Струмичко, во јануари 1903 било донесено решението во Солун за кревање на востание во Македонија во истата година. Конгресот во Солун во јануари 1903 бил свикан од прикриениот врховист во ЦК на Организацијата, Иван Гарванов и зад грбот на најеминентните организациони раководители. Притоа Гарванов повикал на Конгрес луѓе за кои сметал дека ќе го поддржуваат неговиот став, а со цел да ја спроведе својата замисла. Како делегати од целиот Струмички округ се појавиле двајца — Иван Ингилизов, за Струмичко, и Ѓорги Варналиев — за Радовишко. (И. Ингилизов подоцна, во Пиринска Македонија се пројавил како истакнат следбеник на Ванчо Михајлов). Чернопеев му го оспорува статусот на делегат на Ингилизов, велејќи: „Тој не беше никаков делегат, но него го нашле". А такво било огромното мнозинство и од другите делегати што си ги „нашол" Гарванов. На монтираниот Солунски конгрес Ингилизов гласал за востание, иако според Чернопеева

немале ни 200 пушки. Како и на многумина други и нему му било речено дека ЦК ќе се ангажира за преку Солун да се набави оружје од Грција, откаде што Струмичко требало да добие уште 300 пушки. За да дојде до нив Х. Чернопеев одел и до Солун, но не добил ништо. Во потрага по оружје и муниција тој се свртел и кон Горно Џумајско и Софија, но и одовде не успеал да набави.

За сето ова време по селата се движела четата, која во отсуство на Чернопеев ја воделе — еднаш К. Асенов, а другпат — месни луѓе. Сè во склопот на подготовките за претстојните борби, група учителки во градот изработиле востаничко знаме, кое му било предадено на А. Нивички, но што станало со него не е познато. Кон сето ова треба да се додаде дека како последица од врховистичката провокација од 1902 Турците наставиле мали воени гарнизони во некои села (Владимирово, Беровско, Ново Село, Струмичко) во кои дотогаш ги немало.

При ваквата состојба на работите вистинските организациони раководители не можеле да се согласат со решението за кревање на едно неподготвено востание, кое само би ги испровоцирало Турците. Затоа Чернопеев, слично на Јане Сандански, за ова вели: „Кога ми го соопштија тоа (решението за востание б. н. ) ќе полудев (од јад б. н. )".

Струмичката окружна организација не одржала ни конгрес, како што тоа го сториле некои други окрузи (Битолскиот, во Смилево, Серскиот, во Пирин) на кој да се изготви план за востанички акции. Во Струмичко за време на Илинденското востание не дошло ни до посилни акции на чети, иако такви се предвидувале.

При ваквите сосема неповолни услови Организацијата во Струмичко се ангажирала кон тоа да им го олеснува движењето на оние чети кои, идејќи од Бугарија, патувале за другите окрузи во внатрешноста на Македонија (или обратно); да ги дочекува и препраќа по каналите, да ги снабдува со храна итн. Но ваквото раздвижување на чети и луѓе предизвикало чести

оружени судрувања со турските потерни единици, кои доаѓале во контакт со четите. Така, на 12 февруари 1903 една поголема чета, под команда на К. Асенов, била откриена кај Владимирово, по што започнала борба што продолжила преку целиот ден. Вечерта четниците си пробиле пат, оставајќи 8 души мртви, додека Турците изгубиле 30 војници.

Една од најкрвавите битки во овој период станала на 6 април 1903 на врвот Готен, во Малешевските планини. Овде се бореле три организациони чети, кои една подруга, во текот на борбата. си притекнувале на помош, но и на аскерот му доаѓале засилувања. Струмичката чета ја командувал Х. Чернопеев, а радовишката во борбите учествувала под командата на Коста Мазнејков. Четите изгубиле 25 души на бојното поле, додека аскерот дал над 200 жртви. Штом паднал мрак, четниците, со бомби си пробиле пат и се упатиле кон Нивичино.

Во почетокот на мај била нападната и четата на Алексо Поројлијата во струмичкото село Смолари. Напаѓачите биле 30 души-војници, а четата дала една жртва.

Ново судрување станало на 8 мај, кога две чети, од кои едната ја командувал Х. Чернопеев, со околу 75 четници, биле нападнати од 400 души војници во Огражден. Ова судрување поминало без човечки жртви.

Две нови крвави судрувања уследиле потоа во радовишките села. Првото — на 11 мај, кај селото Дедино, кое траело преку целиот ден. Тука загинале војводата на четата Костадин (Коста) Мазнејков, четникот Ристо од Конче, 8 селани од Дедино, двајца од Војславци и еден од Негреновци, кои во состав на селската милиција  се притекнале на помош на опседнатата чета. Коста Мазнејков бил тешко ранет и истиот ден издахнал.

Турската војска дала многу повеќе жртви.

Второто судрување станало на 21 мај, со четата на радовишкиот војвода Стамен Ораовски, при што

паднале петмина четници, повеќето од кои биле од радовишките села. Во овие денови во Радовишко станало уште едно судрување, но жртви дала само војската.

Според тоа, во текот на првата половина од 1903, и особено во текот на мај, судрувањата на четите со аскерот на овој терен многу зачестиле, при што станувале сè пожестоки и крвави. Тие претставувале придонес на населението од Струмичкиот округ за македонската епопеја од 1903 година.

Овие раздвижувања, во кои четите биле помагани со храна, со курири и милиција од селата, предизвикувале и нови апсења на луѓе. Во ова време на пр., бил затворен Стојан Ѓоргиев, и осуден во Солун на 101 година затвор, подоцна е амнестиран.

По избувнувањето на Илинденското востание, станала уште една крвава борба, во која паднале и неколкумина четници, родум од Струмичко. На 5 август 1903 една група од 7 чети, со вкупно од околу 250 борци, ја минале границата во планината Осогово, во реонот на селото Витоша, Кочанско. Овие чети биле определени и патувале за разни реони од востанатата Македонија. Меѓу нив била и Струмичката чета, под команда на Чернопеев, и таа требало да дојде во Струмичко. Групата била откриена, започнале борби, што траеле два дена. Поради силната планинска бура и паднатата магла, четите се разбиле во два одреда, поради што дале и многу жртви. Чернопеев споменува дека од едниот одред кој во маглата залутал, паднале 40 души. Другиот одред, во кој се наоѓал и Чернопеев изгубил 25 души четници, меѓу кои двајца биле од струмичкото село Бориово — Христо Јанчев и Томе Петров Љатев. Тие се наоѓале во составот на Струмичката чета, командувана од Чернопеев.

Разбиена уште при влегувањето во Македонија, Струмичката чета не успеала да развие дејства во Струмичко, во текот на Илинденското востание.

По задушувањето на Илинденското востание и во Струмичко настанала нова, изменета, посложена и потешка ситуација, отколку што била онаа до востанието. Но и револуционерното движење зело нов замав.

# ГЛАВА III

# РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО ВО ПОИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД (1903—1908)

## 1. РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО СТРУМИЧКО ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Една од основните карактеристики на ситуацијата што настанала по Илинденското востание била зголемувањето на експлоатацијата, особено на селското население во Македонија. Дел од неа продолжил да се остварува по пат на одземање на разни даноци. Повеќе од нив тежел начинот на кој се собирале даноците, што бил придружен со злоупотреби. Некои современици соопштуваат дека висината на давачките во годините непосредно по Илинденското востание се покачила за 50%, во однос на предвостаничкиот период. Притоа, сите собирани средства или оделе во џебовите на шпекуланти или се трошеле за издршка на огромниот бирократски апарат, за војската и полицијата, а по 1904 — и за издршка на чиновниците — реформатори, кои во

Македонија дошле од некои европски земји по силата на т. н. Мирцштегска реформа (програма. ) Солунскиот вилает, а во неговиот состав и Струмичка околија, согласно со овие реформи, дошле под контролата на руските реформни органи.

На експлоатацијата, вршена од турска страна се надоврзале пљачкањата од врховистичките банди кои допирале, главно, до Малешевско и Петричко.

Организацијата и во Струмичко, веднаш по неуспехот со Илинденското востание била во значителна мера растроена, се јавиле тенденции на самоволија и губење на верба во сопствените сили. За среќа оваа деморализација потраела сосема кратко време. Од друга страна пак, фактот што во Струмичко не дошло до масовно востание овозможил, главно, да се запазат раководните и други кадри на Организацијата. Повеќето од нив веднаш по прекратувањето на востаничките операции се зафатиле со работа за санирање на положбата, за зацврснување на организационите редови.

Во исто време неуспехот на востанието исфрлил бројни проблеми од најразличен карактер кои барале одговор и решение, а со цел да се доизгради една јасна перспектива во името на која се продолжувала борбата. За да се чујат мненијата, да се сумира постигнатото и изгубеното во востанието; за да се изработат насоки на идната дејност, требало да се одржат стотина советувања, состаноци, селски, околиски и окружни конгреси и да се стигне до Општиот конгрес на Организацијата во есента 1905 година. При сево ова, во редовите на Организацијата сè повеќе се издиференцирале, главно, две идејно-политички струења: левица и десница. Левицата во Организацијата, предводена од раководителите на Серскиот округ на чело со Јане Сандански, а во која постојано ќе влегуваат и „струмичани", одлучно му се спротивставила на какво и да било надворешно мешање во работите на Македонија, отстојувајќи ја нејзината самостојност и самобитност. Десната струја, предводена од Х. Матов, со

текот на времето, сѐ повеќе ќе се изродува за, на крајот, да се изедначи со врховизмот, кога го добила и името „неоврховизам", или „внатрешен врховизам".

Првиот од оваа низа на собири било советувањето што се одржало во текот на јануари—февруари 1904 во Софија. На него зеле учество сите повидни раководители, скоро од цела Македонија, кои по востанието се затекнале во Софија. Од Струмичкиот округ на советувањето учествувале Х. Чернопеев, Сандо Китанов, Мануш Ѓоргиев, Стојо Хаџиев и други. Јане Сандански, Х. Чернопеев и другите од левицата ги анализирале тешките последици од Илинденското востание, извлекувајќи заклучок дека Организацијата во иднина треба да се постави на нови основи, да се реорганизира и децентрализира. Советувањето донело и еден важен документ — „Директива за идната дејност на Организацијата" која требало да послужи за акциона програма до Општиот конгрес. Х. Сиљанов тврди дека „Директивата" била изработена со заедничкото учество на македонските социјалисти и на серските и струмичките раководители, и дека таа ги изразувала стремежите на најлевите сили во Организацијата. Натамошната активност во Струмичко, според него, се инспирирала пред сѐ , од „Директивата".

Присутните раководители не можеле да останат само на советувања. Повеќето од нив биле луѓе на акцијата, и наскоро, со свои добро екипирани чети, тргнале за разни реони во Македонија, за да им се придружат на оние раководители кои и по востанието не се одделиле од народот. Прв заминал и тоа за Струмичко, Х. Чернопеев, следен од Ј. Сандански — за Мелничко, Мише Развигоров — за Штипско итн.

Активноста на Организацијата во Струмичко по ова советување се одвивала во следниве неколку насоки: напори за зацврстување и проширување на организационите редови; одбрана од различните внатрешни и надворешни непријатели и подготовки за одржување на окружен конгрес. Натамошното опфаќање

на населението во ВМРО се вршело масовно, при што продолжила праксата, воведена уште од Гоце Делчев, за вклучување и на патријаршиско и протестантско население во неа. Егзархискиот митрополит Герасим, во неколку свои извештаи од овие години, сведочи дека четите на Организацијата прибирале кај себе „гркомани и протестанти"; дека освен во четите и „во Организацијата имало многу други гркомани"; дека „Комитетот не настојувал гркоманите да се откажуваат од Патријаршијата и да преминат кон Егзархијата". Организацијата, според него, била „парично помагана од гркоманите" и во неа влегле „многу млади гркоманчиња" итн. И некои постари струмичани и денес го потврдуваат ова, додавајќи дека Чернопеев (и не само тој) радо бил приман дома од одделни повидни струмички патријаршисти. Герасим бил озлоеден од тоа што „Комитетот не ги терал луѓето да си ја осознаат својата (бугарска) народност", туку напротив, го спречувал преминувањето од една во друга црква. Затоа Герасим, како што тоа го правеле и врховистите, струмичките револуционери ги наречува „интернационалисти", односно „предавници", „безотечественици", „родоостапници", „злосторници" итн. Според Герасима, „Комитетот во Струмичко бил поставен на интернационална почва што било погубно за бугарското дело во овој крај".

Всушност пак, Организацијата и во Струмичко била само и единствено македонска, и општа за сето потиснувано население, што најдобро го потврдуваат нејзините дела.

Одејќи по патот на собирање на сите чесни и прогресивни луѓе, Организацијата понекаде ги уживала симпатиите и поддршката и од одделни Турци. Како такви се споменуваат Јумар-ага и Исин Чауш од Макриево, одделни Турци од Банско итн.

Доследни на ставот за внесување на најширок демократизам во движењето, струмичките раководители пред да поминат кон Окружниот конгрес, одржале

реонски конгрес — само за Струмичка околија. Обата конгреси биле одржани во 1905 — првиот во мај, а вториот, изгледа, во текот на август.

Паралелно со тоа, се преземале мерки за организационо зацврснување на Организацијата. Тоа јасно се гледа и од Окружницата од Околискиот конгрес, со чиј препис располагаме, и која требало да им се прочита на сите организациони членови. На овој Конгрес дотогашното раководство било сменето, а новоизбраното било составено од 12 члена — 7 члена од градот, четворица од селата и началникот на околиската чета. На Околискиот конгрес бил донесен правилник за судовите на Организацијата, со кој судската надлежност се пренесувала од месните комитети на избраните судски тела. Градот бил поделен на неколку реони (маала), во кој, покрај комитетите, функционирале и вакви судски тела.

Бил усвоен и Правилник за така наречените „легални (градски и селски) чети", всушност за организационата милиција, според кој рокот на служење во нив се определувал на една година.

Од расположивите материјали не можеше да се види кои лица во ова време го сочинувале околиското раководно тело.

Окружниот конгрес, како што веќе видовме, бил одржан наскоро по околискиот и тоа во месноста „Црвено Поле", во Огражден. На него учествувале голем број делегати (се споменуваат различни бројки, но преку сто) и тоа како од Струмичко, така и од другите четири околии од Округот. Повеќето од делегатите биле легални раководители, но имало и нелегални, односно војводи на чети, како Х. Чернопеев, Мануш Ѓоргиев — Турновски, Сандо Китанов, Мирчо Икономов (родум од Кукуш) и други. Според некои учесници, Конгресот работел недела дена, а само од Струмица учествувале десетина делегати. По отворањето било избрано работно претседателство на Конгресот во кое влегле Х. Чернопеев, Иван Илиев — Ајдински — во својство на секретар (тогаш тој бил млад

правник), Панде Кујумџиев, Костадин Самарџиев — Џемото и Славчо Василев Кљамбов. Дневниот ред го образложил Иван Илиев и во него влегле овие прашања: борбата против врховистите; односот на егзархискиот митрополит Герасим спрема Организацијата; создавање на организациони судови и бојкотирање на турските државни судови; економската и просветната политика на Организацијата; дискусија по Проект-статутот на ВМРО (што претходно бил добиен) и избор на делегати за Општиот конгрес на Организацијата и на реонски војводи во Округот.

Иван Илиев веќе тогаш се истакнал како интелигентен и способен идејно-политички раководител на Округот.

За делегати на Општиот конгрес биле избрани Х. Чернопеев, Стојо Хаџиев (тој повеќе им припаѓал на „серчани"), Иван Илиев, и Мануш Ѓоргиев. Конгресот ги избрал и војводите на реонските чети и тоа: Пандо Поп Манушев — за петричката, и Герасим Огњанов — за малешевската, додека за радовишката и натаму останал Иван Тодев, наречен Бељал Чауш. Мануш Ѓоргиев, како член на Окружниот комитет, бил избран за

помошник на окружниот војвода. А окружен војвода бил Х. Чернопеев.

Во работата на Општиот конгрес на ВМРО, одржан во Рилскиот манастир, во текот на октомври 1905 („Рилски конгрес") делегатите од Струмичкиот округ дале голем прилог, како во дебатите, така и при донесувањето на конгресните документи и одлуки. Меѓу другите, и со нивното залагање во централните раководни тела на Организацијата биле избрани Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов и други. Хаџи Димов станал редактор на официјалниот орган на Организацијата, „Революционерен лист", кој станал најважна борбена трибина на революционерните борци.

На Рилскиот конгрес победа однеле левите и други доследно македонски организациони сили, а проврховистите биле поразени.

Меѓутоа, веднаш по Конгресот десното крило, раководено од Х. Матов, Б. Сарафов и И. Гарванов и поддржувано од бугарската влада, преминало во контраофанзива која, конечно, во пролетта 1908 ќе заврши, не само со формален туку и со дефинитивен расцеп во ВМРО. Во своето агресивно настапување десницата ги газела решенијата на Рилскиот конгрес, поради што наидувала на силен отпор, меѓу другите и од страна ва Струмичката окружна организација. Во текот на следните две години — 1906 и 1907, иако многумина, и посебно „струмичани", чинеле напори да се одржи втор општ конгрес, до него не дошло. Во еден момент, во есента 1907, Б. Сарафов и неговиот антураж, правејќи напори да ги завладеат Серскиот и Струмичкиот округ кроеле планови за убиство на Ј. Сандански и други раководители. Меѓутоа, заговорот бил откриен и место нив, Тодор Паница ги убил во Софија Бориса Сарафов и Ивана Гарванов. Впрочем Б. Сарафов бил условно осуден на смрт уште од Рилскиот конгрес, додека за Гарванов и Матов пресудите ги изрекол Серскиот окружен комитет.

Веднаш по двојното убиство во Софија била спроведена полициска хајка, во резултат на што биле затворени многумина раководители кои во моментот се нашле овде, а кои и немале врска со убиството. Тогаш во неколкумесечен затвор паднале и Х. Чернопеев и П. Китанов, иако се докажало дека тие немале никаков удел во убиството. Прогонувањата на струмичките раководители во Бугарија, а со цел преку притисок да се определат за „неоврховистите", продолжиле и по овие настани.

Во ваквите напнати услови „внатрешните врховисти" одржале „Општ конгрес" во март 1908 во Ќустендилско, на бугарска територија, на кој серските раководители не можеле, а струмичките — не сакале да

земат учество. Слабо бил застапен со делегати и Солунскиот округ. Поради тоа, средбата во Ќустендилско не можела да има важност на општ конгрес, каков што бил Рилскиот.

По повод на сето ова, струмичките раководители излегле во јавноста со едно опширно Отворено писмо, во кое ја објасниле својата позиција во ВМРО, давајќи една продлабочена анализа како на изминатиот пат, така и на актуелната ситуација во македонското ослободително движење, и посебно во Организацијата. Тие ги осудиле решенијата на „новите врховисти", донесени на собирот во Ќустендилско. Според А. Динев потписници на Писмото биле Чернопеев, И. Илиев, К. Самарџиев, Мирчо Икономов и Пандо Поп Манушев.

Останувајќи цврсто на позициите за тесна соработка со серските и други прогресивни дејци, неколкумина делегати од Струмичкиот округ зеле учество и на третиот по ред (по 1905 г. ) Окружен конгрес на Серскиот округ, кој се одржал во мај 1908 година. На овој Конгрес учествувале и делегати од Солунскиот округ, поради што тој имал карактер на конгрес на целата левица во македонското револуционерно движење. Конгресот работел по неколку дена во градчето Банско и во Пирин. Од Струмичкиот и Солунскиот округ во неговата работа зеле учество Х. Чернопеев, Мишо Шкартов, Павел Делирадев и Герасим Огњанов. Исто така, учествувале и некои претставници од Одринско.

Покрај земањето на низа решенија по оние прашања, кои и во претходните окружни конгреси се претресувале, учесниците на овој Конгрес одлучиле да воспостават врски и соработка со младотурците, кои во ова време ја зголемиле својата активност против хамидовскиот деспотски режим во Турција. Присутните делегати оцениле дека нивната идна дејност, треба да доведе во подалечна иднина до создавање на една балканска федеративна држава, во која Македонија би

го нашла своето одделно место. По ова прашање бил поднесен и посебен реферат.

По ваков начин, веќе од почетокот на 1908 започнале да се создаваат услови, како за соработка со младотурците, така и за заеднички акции на трите окружни организации: Серската, Струмичката и Солунската.

Според тоа, Струмичката окружна организација, иако во одделни моменти се дистанцирала од „серчани", долго време, во идејно-политички поглед и во практичните акции, стоела веднаш до нив, или чекорела заедно со Ј. Сандански и неговите следбеници.

## 2. СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКАТА И ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО СТРУМИЧКО

Една од основните концепции во активноста на Организацијата во Струмичкиот округ била да се заштитува осиромашеното чифлигарско и малоимотно македонско население од безогледната експлоатација на разни експлоататори; да се брани неговиот имот, живот и човечко достоинство, а со цел уште во текот на борбата тоа да се почувствува материјално посигурно и послободно, а преку тоа и трајно да се вклучи во ослободителното движење. Со ваквата активност, која се реализирала низ една јасно определена социјалноекономска и просветна политика, се целело уште да зајакне и бројно да се зголеми оној слој од ситни и средни сопственици, кој најмногу и можел да го понесе ослободителното движење на своите плеќи. Тоа се налагало до толку повеќе што во овие години, како што веќе утврдивме, и османските поробувачи ја зголемиле експлоатацијата, та отпорот против неа станал уште понеизбежен.

На своите советувања и конгреси струмичките раководители, инспирирани, меѓу другото и од

спомнатата „Директива", изработиле подробна платформа за економска, правна и друга заштита на населението. Тоа може најдобро да се види од спомнатата Окружница, која ги сумирала решенијата на Околискиот конгрес од мај 1905 година. Постојната друга литература, од своја страна, потврдува дека и на Конгресот на „Црвено Поле" биле донесени слични или исто вакви заклучоци, иако нив за сега ги немаме прирака.

Во поглед на заштитата на плодовите од селскиот и занаетчиски труд, било одредено, при земање на кредит, лихвата да не смее да изнесува повеќе од 12% годишно, како и да се анулираат неисплатените државни и други давачки од пред 1902 година. Конгресот заклучил да се поднесе петиција до европските реформатори, така наречените цивилни агенти, потпечатена со сите селски печати, а „против турскиот даночен систем кој го сосипувал населението". Во петицијата требало да се одбележи точно, какви сè даноци плаќало населението и кои од нив најмногу му тежеле. Конгресот се искажал и против оние градски занаетчиски еснафски организации кои ги имале нормирано цените на своите производи и не допуштале меѓусебна конкуренција.

Со цел да се бојкотираат, изолираат и материјално ослабнат сопствениците на чифлизи, се забранувало секакво аргатување и работа на Турци, и тоа како од месните жители, така и од жетварите кои в лето доаѓале од Малешевско. Тоа било допуштено за градските аргати и чифлигари и тоа само во градскиот реон, а не и по селата. Некои зеленаши од градот кои и премногу се огрешиле, биле бојкотирани, со тоа што се забранувало купување на стоки од нив.

Согласно со решенијата од конгресите се препорачувало македонското население да откупува неподвижни имоти од Турци (ниви, ливади, куќи итн. ), додека чифлизите требало да се откупуваат колективно од селаните. Организацијата од своја страна вршела

секаков притисок врз беговите да ги продаваат чифлизите.

Основното образование, според овие решенија, станувало задолжително поради што на селаните им се наредувало „да ги праќаат своите деца до четврто одделение в училиште".

Сакајќи да си обезбеди солидна материјална подлога, Струмичката окружна организација разработила цел систем на прогресивно оданочување на населението во своја корист. Практиката на полуарамиските ограбувања на бегови веќе била отфрлена. Организацијата и во тој поглед се потпрела на македонските маси. Данокот од селското население, воопшто, изнесувал 5% од производите; градските занаетчии — плаќале членски внос, „а на едрите трговци и лихвари им се поднесувале расписки" со определени од комитетот Суми. Таксите од судските парници, исто така, оделе во касата на Организацијата, која под своја заштита ги земала и семејствата на сиромашните затвореници, а често пати, и самите затвореници. Затоа, пак се барало четите да си ги плаќаат трошоците во селата.

Во исто време, биле преземени мерки за здравствена заштита и просветување на Населението. На жените-домаќинки во некои села, како Мокрино, Смолари и други, преку месните комитети им било наредувано да обрнат поголемо внимание на чистотата и хигиената во куќите. На селаните им се препорачувало да ги исфрлат од носење старите и непрактични потури и да си шијат панталони. Во едно од селата се јавила венерична болест, веројатно донесена од аскерот, та Комитетот барал потешко забелените да се праќаат на лекување. Едновремено биле преземени мерки, дури под страв на изгорување на целото село, да се ограничи ширењето на опасната болест.

Секако, сите овие распоредби и наредби не можеле во полна мера Да се остваруваат, но тие вонредно јасно покажуваат кон што сè се стремел македонскиот народ,

и за какво ослободување ги давал жртвите. Но и она што било постигнато, било многу и влевало надежи за конечно и скорешно ослободување. Еден добар познавач на тогашните услови и близок симпатизер на струмичките и серските раководители, за постигнатите резултати, во април 1908 година, запишал:

„Во тие околии грчки, српски и врховистички чети тешко се пробиваат и биваат истепувани; турските разбојници не виреат, полицајците несвесно земаат пасивно држење, црковно-училишните општини се организираат врз начелото на изборноста, даночната система битно се коригира; имотните односи се регулираат по насилствен пат, се создава нова култура и нов живот. Успехот го окуражува и успокојува населението".

Очигледно е дека македонските маси, во овие години и во Струмичко, направиле крупни чекори по патот на своето самоослободување.

## 3. СТРУМИЧКАТА ОКРУЖНА ОРГАНИЗАЦИЈА И МИТРОПОЛИТОТ ГЕРАСИМ. ОДНОСИ И СУДРУВАЊА СО БУГАРСКАТА ЕГЗАРХИЈА

Непријателствата и судрувањата меѓу Струмичкиот окружен комитет и бугарскиот митрополит Герасим, кои дошле до драстичен израз во 1905 година, не биле ни усамен случај, ни нова појава во Македонија. За Струмичко овде правиме една ретроспекција на овие непријателства од самиот нивни почеток.

Но, пред сè , што лежело во нивната основа, што ги предизвикувало нив? — Стремежите на ВМРО, како организирана национално-политичка сила на македонскиот народ, можеа да се согледаат од доовде реченото во нашиот труд. Наспроти овие стремежи, Егзархијата целела да ја насадува што пошироко бугарската национална свест сред македонските маси,

оттргнувајќи ги нив од грчката црква, да ја шири бугарската култура, јазик, воспитување итн., за да подготви терен за едно идно вклучување на Македонија во бугарската држава.

Според тоа, таа и особено на политички план, била присилена да работи против оформувањето на Македонија во одделна држава, а тоа довело до нејзиното конфронтирање со ВМРО, борејќи се и самата да му го продолжи векот на турското господство додека Бугарија не се подготви за војна со Турција. И затоа бугарскиот историчар Д. Косев, со право забележал дека Егзархијата ѝ станала сојузник на Турција во нејзината борба против ВМРО. Иако од различни мотиви тие, практично, се нашле на исти антимакедонски позиции.

Практичните спроводници на егзархиската политика во однос на ВМРО биле, во прв ред, нејзините митрополити во Македонија. А судрувањата избиле веднаш откако Организацијата се засилила и ги опфатила македонските маси. Во Струмица односите за првпат се заостриле уште во 1898, т. е. веднаш по доаѓањето на Герасима. Окружниот комитет тогаш му побарал сума од 150 т. лири, која Герасим откажал да ја даде. Тогаш двајца терористи на Организацијата, со револвери в раце, ги одзеле бараните пари.

До ново, уште посилно, заострување дошло во почетокот на учебната 1899/1900 година. Окружниот комитет тогаш, водејќи грижа за потребите на револуционерното движење, и во согласност со Централниот комитет, му доставил на митрополитот список на учители, определувајќи кој каде да биде назначен. Герасим не само што го одбил тоа, туку преминал во контранапад, обидувајќи се наеднаш да премести дваесеттина учители-револуционерни раководители. Тој особено се нафрлил врз Стојан Ѓоргиев и Давче Наков. Притоа, Герасим ја барал помошта и на месната турска власт. Во едно свое лично писмо до егзархот од 1903, тој меѓу другото пишува:

„А за учителите, врз кои јас не можам да вршам влијание или да ги изгонам од училиштата, секогаш сум ја барал помошта на власта која пак не обраќаше внимание на моите известувања... “

И како одговор на преместувањето на С. Ѓоргиев, Д. Наков и другите учители, Окружниот комитет донел смртна пресуда за Герасима. Меѓутоа, плашејќи се од предизвикување на провала, до толку повеќе што во аферата се вплеткал и архиерејскиот наместник од Радовиш, извршувањето на пресудата било одложено од страна на д-р Х. Татарчев, како член на ЦК на ВМРО.

Митрополитот Герасим, за кого сите тврдат дека бил тврдоглав и властољубив калуѓер, ја добил оваа битка, со тоа што повеќето од нему непожелните учители ги протерал од епархијата.

По Илинденското востание, особено во текот на 1904 и 1905 година, Герасим ги продолжил непријателските акции против Организацијата. Со многу свои потфати и сега продолжил да се огрешува спрема револуционерното движење. Тој се кренал против Организацијата дека таа му пречела да придобива нови верници; дека организационите судови суделе и за дела, од кои тој сакал да извлече корист за бугарската пропаганда; дека Комитетот вршел назњачувања и преместувања на учители итн. Герасим се судрил со Организацијата и поради тоа што нејзините луѓе му фатиле писмо, испратено до наместникот во Малешевско, со кое барал во Струмичко да дојдат дваесеттина девојки-жетварки, за да работат на чифлигот на некој си Аџи Нафи-беј, кој му бил личен пријател. Писмото било покажано пред сите делегати на Окружниот конгрес. Неговата најтешка вина се состоела во тоа, што и покрај спогодбата меѓу ВМРО и Егзархијата за назначување на некои учители по предлог-листа од ЦК на Организацијата, Герасим во својата епархија откажал да ги изврши предложените назначувања. Затоа и сета негова активност по однос на ВМРО од конгресистите на

Окружниот конгрес била оправдано оквалификувана како „контрареволуционерна дејност".

Но, за разлика од пред 1903, Организацијата сега презела широка контраофанзива против митрополитот и бугарската политичка пропаганда воопшто. Меѓу другите решенија, донесени на Околискиот конгрес едно гласело: „Бидејќи владиката Герасим □ пречел, а и сега продолжува да □ пречи на Организацијата, се зедоа некои мерки против него, меѓу кои е и таа, никој да не влегува во митрополијата". Митрополитот практично се нашол бојкотиран и изолиран од населението. За ова и самиот Герасим, во еден овој извештај се жали: „На народот, и тоа како на граѓаните, така и на селаните, им е забрането од Комитетот да ја посетуваат митрополијата, со што сакаат да ме Изолираат од населението, а во кое нешто пополека и успеваат. Сега собирале за мене обвинителен материјал од 1899 година наваму, та откога ме убијат даможеле да ја оправдат својата постапка".

Внесено како посебна точка прашањево во дневниот ред на Окружниот конгрес, тоа било разгледувано и од него. Конгресот по долги дискусии ја донел следната пресуда: „Се осудува повторно, но условно, на смрт струмичкиот митрополит Герасим". Условот, меѓу другото, бил Герасим да се „откупи" со 200 т. лири, што тој, изгледа, морал и да ги плати.

Од друга страна, митрополитот Герасим, седејќи со години во Струмица, успеал да најде и меѓу учителите свои приврзаници и соработници. Поради тоа, Организацијата сега презела санкции и против ваквите поединци. Притоа се забележува дека и одделни лица од постарата генерација на учители и организациони раководители, попуштиле пред притисокот од Герасим. Затоа во неговите извештаи стои дека Организацијата ги протерала од Округот учителите Иван Чонтев, Н. Крстев, А. Куркчиев, Б. Минчев, В. Иванов и Владимир Радев, учителката Варналиева, главниот учител во Пехчево В. Јанев, и „многумина други учители од

Пехчевско и Струмичко". Учителот во Куклиш бил казнет; со тепање од четата и морал да бега од селото. На местото од протераните, Организацијата вршела притисок да бидат назначени нејзини луѓе. Какви биле повеќето од овие луѓе се согледува од В. Радев, брат на познатиот бугарски царски дипломат Симеон Радев (инаку родум од Ресен). Владимир Радев, откако бил протеран од Струмица, за секогаш се прибрал кај брата си во Софија.

При ваквата крајно затегната положба митрополитот Герасим се нашол пред дилемата: или да се потчини на Организацијата, или да ја напушти епархијата и Струмица.

Затоа преку егзархот, на помош била повикана и бугарската влада, односно кабинетот на Рачо Петров. Судирот на Окружниот комитет на ВМРО со бугарскиот митрополит Герасим, станал за Бугарија државно прашање. Но бугарскиот премиер можел само толку што му наредил на својот министер за внатрешни работи да ги уапси поистакнатите струмички раководители, се разбира, ако стапат на бугарска, територија.

На помош, со совети и куражења, на Герасим му се притекнал и неговиот претпоставен, раководител, егзархот Јосиф I.

Овие мерки, преземени од страна и на бугарската држава, изгледа, повлијаеле врз струмичките раководители, поради што тие го ослабнале притисокот врз митрополитот и неговите довереници. Но и Герасим извлекол поуки за себе, го коригирал донекаде своето држење, со што и он го овозможил натамошното останување во епархијата. Иако неговото непријателско држење продолжило, како што продолжил и антагонизмот меѓу него и Окружниот комитет, до поостри конфликти меѓу нив не дошло, сè до кон 1911 година, кога митраполитот Герасим ќе се судри со граѓанството во Струмица.

## 4. БОРБИ ПРОТИВ ВРХОВИСТИЧКИТЕ ЧЕТИ ВО СТРУМИЧКИОТ ОКРУГ

На Окружниот конгрес одржан на „Црвено Поле", како прашање кое барало најсериозно претресување било она за натамошен отпор на врховистичката четничка инвазија која продолжила да иде од Бугарија. Се разбира, претресувањето на ова прашање не било случајно.

Бугарските државни фактори, и пред сè  дворот и военото министерство, наоѓајќи дека на македонското революционерно движење, со Илинденското востание му биле нанесени тешки удари, уште посилно се нафрлиле врз него за преку врховистичките четнички походи да создадат атмосфера на страв и несигурност меѓу македонскиот народ, да го дезорганизираат и деморализират" неговиот морал.

Од гледиштето на бугарската политика и ВМРО и македонските маси и по востанието, биле уште далеку од тоа да бидат разбиени и дезорганизирани до таа мерка, што да □ се потчинат и да □ служат нејзе. (Впрочем, таа политика ваквата своја цел во потполност никогаш и не успеала да ја постигне, иако постојано се стремела кон неа. )

Врховистичките четнички походи во поилинденските години претставувале највидлив и најкондензиран израз на оваа политика.

Во исто време со бугарските врховисти во Македонија надошле и грчко-андартски и српски чети, кои со кама и пушка в раце, исто така, го присилувале македонскиот човек да им се покорува. Но, додека акциите на грчките чети и терористи допреле и до Струмичко, оние на српските останале подалеку, зашто Струмичко останало вон од интересната сфера на тогашна Србија. А бидејќи териториите на Серскиот и Струмичкиот округ, по бугарските сметки, не само што влегувале во бугарска „неспорна сфера", туку се наоѓале

и на патот за подлабоко навлегување во Македонија, тие дошле под најсилен врховистички притисок, до толку повеќе што и отпорот од македонската страна бил овде организиран и силен.

Иако во годините по востанието врховистичките чети постојано правеле напори да се затврдат и во Струмичкиот округ, нивните походи се покажале најопасни во есента 1904 и, особено, во првата половина на 1905 година. Нов врховистички бран, но повеќе вон од Струмичко, бил регистриран по Рилскиот конгрес, но тогаш тие настапувале веќе под фирмата на „сарафистички чети".

Меѓу првите врховистички главатари, кој со чета успеал да стигне до Струмичко во есента 1904 бил мајорот (подоцна генерал) А. Протогеров. Меѓутоа, струмичката околиска чета, помогната од селска милиција ги опсадила и разоружала врховистите, протерувајќи ги назад во Бугарија. А. Протогеров морал да даде „чесен" збор дека за секогаш се повлекува од македонското движење.

Втор, исто така неуспешен, пробив направил офицерот од бугарската војска Асен Партениев. Откако се зацврснал во некои петрички села тој, во декември 1904, успеал да допре до Костурино, откаде бил подгонет и протеран од неколку селски чети.

Но, додека потесниот реон на Струмичко и не настрадал, особено не од врховистите, дотогаш Малешевско и Петричко, биле неколку години пустошени од нивните безмилосни удари.

Успевајќи да опфатат во својата мрежа поединци со разбојничко-грабачки менталитет од некои села во Малешевијата, врховистите се нафрлиле врз Организацијата и населението што ја помагало. Војводите Атанас Дуневски и Бакалов ги прогонувале и убивале најсвесните членови нејзини — учители и селани, ги натерале селаните од Будинарци да ја предадат организационата чета на турските власти итн. Тие го убиле раководителот на селото Добрилаки; во

селото Игуменец, исто така Петричко, изгореле пет куќи и убиле една жена и едно дете. Тие јавно говореле дека од своите претпоставени имале наредба да ги убиваат членовите на Организацијата, што и го правеле, кога им се давала можност. Во селото Чифлик, Беровско, Атанас ограбил некои селани, па се свртел и на црковната каса. Порано овој новопечен „ослободител" бил крадец на коњи и друг добиток, сега неговите потфати стигнале дури до Истевник, Штипско, до Нивичино и Дрвош, Струмичко итн. Својот зет тој го направил ортак на некој турски бег — од Пехчево, закупник на данокот, та и по ваков пат го пљачкал населението. Друга група врховистички главатари го опљачкале селото Русиново, чии селани морале да се „откупат", кога извршиле и две убиства. Од селото ги протерале учителите, со закана дека ќе бидат убиени ако се вратат повторно. Тие им зборувале на селаните дека не им се потребни учители. Во една дописка во весникот на ВМРО „Революционерен лист" нивната активност кратко и правилно е резимирана вака:

> „Од една страна тие (врховистите) го прогонуваат сè она што е побудно во народот, а од друга безмилосно го ограбуваат оголениот роб, — тие го вршат истото, што го прават и претставниците на султанот".

Новиот врховистички налет, кој започнал во рана пролет 1905 година бил уште посилен и во Струмичкиот округ. Врховистите сега доаѓале со намера да го освојат и овој Округ, откако ги истепаат најсвесните сили на Организацијата. На 8 март бугарскиот офицер и врховистички главатар Лефтеров, одненадеж влегол во Нивичино, со задача да го фати и истепа селскиот комитет, на чело со Атанаса Нивички. Тој се обидел да ја запали куќата, сосе децата на Атанаса, качувајќи се самиот на покривот, со канта газје. Но селаните успеале да го спасат селото, а врховистите дале тројца ранети. Лефтеров сакал сурово да му се освети на Атанаса

Нивички, за сето она што овој го сторил во одбивањето на врховистичките чети уште пред востанието.

Врховистички чети, во овие години навлегле и во селата Бајково и Барбарево. Во мај 1905 истиот Лефтеров ја нападнал организационата чета на Душко Желев во Русиново, Малешевско.

На 23 мај истата година Струмичката реонска чета се судрила, некаде во Огражден, со четата на врховистот — офицер Настев, на кого на помош му дошле Протогеров и Лефтеров. Борбата траела пет часа и организационата чета дала две жртви, а од врховистите на бојното поле паднале тројца.

Редакцијата на „Револуционерен лист", јавувајќи се во улогата на координатор на антиврховистичкиот отпор, во својот број од 15 мај 1905 излегла со уводна статија под наслов „Борбата со врховистите". Таа им сугерирала на „раководните сили на Серскиот и Струмичкиот округ" да дејствуваат по заеднички план и здружено; да стапат во врска и со другите окрузи за добивање помош, зашто „врховистите ја водат борбата против целата Организација".

Во планот што требало заеднички да го изработат, на серчани и струмичани им се сугерирало да обрнат посебно внимание на тоа дека „од Бугарија можат да се очекуваат постојано врховистички чети, за да ги помогнат оние кои веќе се наоѓаат во внатрешноста: затоа, се вели во статијата, е неопходно, пред сè , добро да ја чуваат границата за да го оневозможат преминувањето на нови врховистички чети".

Тоа што „Револуционерен лист" му посветил истакнато место на антиврховистичкиот отпор говори, колку било значајно во 1905 година ова прашање и колку врховистичките налети биле опасни.

Одбраната на границата, на кое инсистирал „Револуционерен лист" е нов и интересен факт, кој покрај многуте слични упатува на определени поопшти заклучоци, за какви што во овој труд ние не одделуваме место.

Врховистичките главатари од Софија организирале напад и на Окружниот конгрес во „Црвено Поле". Тие се надевале дека со еден силен удар овде ќе успеат не само да го осуетат одржувањето на Конгресот, туку и да ги истепаат највидните раководители, кои се собрале на едно место. Но и конгресистите не биле неопитни организатори. Тие си поставиле воено обезбедување, помагачи, курири, кои уште на вториот ден јавиле дека една врховистичка чета од стотина души водена од Лефтеров и Настев се движела кон местото на Конгресот. Делегатите морале да ја запрат работата, а Чернопеев, радовишкиот војвода Иван Тодев и другите војводи, да заврзат битка, во резултат на која напаѓачите биле разбиени и протерани назад во Бугарија. Во судрувањето што траело околу три часа врховистите изгубиле петмина, а од македонска страна паднале Наќе Аџи Глигоров и Димитар Гелинов, обајцата од Струмица. По одбивањето на нападот и погребувањето на двете жртви, Конгресот ја продолжил работата.

Во вакви услови Окружниот комитет и не можел да не донесе решенија за најенергично спротивставување на бугарските врховистички налети.

Сепак, најкрваво, едновремено и најпоразувачко за врховистите во целата оваа нивна кампања од 1905 било судрувањето меѓу четите и милицијата на Јане Сандански и неколкуте здружени врховистички чети, под командата на капетанот Јордан Стојанов, кај селото Кашина, Мелничко. Врховистите овде биле потполно разбиени, многумина паднале истепани и ранети, 37 души биле заробени и разоружани, а и самиот војвода бил ранет и одвај се спасил.

Одлучниот отпор од Серската и Струмичката окружна организација и претрпените порази, покрај останатото, придонеле бугарските државни фактори по 1905 година да го променат методот на дејствување, па и да престанат со испраќање на чети од чисто врховистички тип. На врховизмот во неговиот

првобитен вид веќе му одѕвонило. Отсега тој ќе почне да се пројавува под други форми и имиња.

## 5. ГРЧКО-АНДАРТСКА ОРУЖЕНА ПРОПАГАНДА ВО СТРУМИЧКО И БОРБАТА ПРОТИВ НЕА

И грчките државни органи, во координација со одделни претставници на грчката пропаганда во Македонија, веднаш по задушувањето на Илинденското востание, а во некои места и пред него, започнале да се служат со оружени чети со цел да го уништат македонското ослободително движење. Нивните чети, наречени андартски, вршејќи поединечни и масовни убиства и соработувајќи со турските власти, војувале против македонскиот народ, главно во јужна Македонија.

И бидејќи и Струмичко влегувало и во „грчката сфера" на претензии, наскоро и овде биле преземени чекори за загнездување на грчката оружена пропаганда.

Инаку и грчката оружена пропаганда започнала да се надоградува на црквената и школска пропаганда, иако, како што веќе видовме, Организацијата не им пречела, туку напротив, ги толерирала грчките црковни и училишни институции.

Грчкиот митрополит Григориј, изгледа најрано и прв го изразил своето непријателство во Струмица.

Некои автори тврдат дека тој во времето на солунските атентати и Илинденското востание, по цели ноќи седел во турската околиска управа и ги клеветел затворените Македонци. Некои луѓе, меѓу кои се споменува и богатиот трговец Каратанев, попуштиле пред комбинираниот турско-грчки притисок и, за да се спасат, повторно станале патријаршисти..

Грчката пропаганда во Струмица прва започнала да се служи и со оружје во борбата со противниците. Во април 1904 година нејзините агенти први извршиле еден

неуспешен атентат. Тие сѐ побезобѕирно ги шпионирале припадниците на Организацијата.

Инаку, агентите на грчката оружена пропаганда и во Струмица инструкции за работа, а и помош, добивале од грчкиот конзулат во Солун или од атинскиот „Македонски комитет", со кој одржувале редовни врски. Според овие инструкции прво се пристапило кон формирање на младински терористички групи, вооружени со ножеви и револвери. Во текот на 1904 година, една ваква група, со благослов од митрополитот, била формирана во куќата на Никола Коѓушката (Авгиопласту) и дејствувала под негово раководство. Со друга една група командувал Никола Цицимов (Цицис). Како членови на овие групи, курири, помагачи итн. биле организирани околу 40 лица, меѓу кои имало учители и учителки.

За да ги помогне овие групи грчката пропаганда, под фирмата на трговец, за инструктор испратила некој си Спирос Куртис, грчки државјанин. Но тој не успеал да стори што и да е зашто, наскоро, во пролетта 1905 бил убиен од двајца младинци, членови на Организацијата.

И грчкиот митрополит, од своја страна, се заложил да врати некои селани под своја црковна власт, кои потоа би биле вклучени во андартската мрежа. Патувајќи еднаш со ваква (и кој знае уште каква) цел кон подгорските села, тој попаднал на организациона заседа кај селото Габрово, но куршумите од селската милиција го одминале.

Од друга страна, раководителите на грчката оружена пропаганда не сакале да останат само на терористичките групи во градот, кои и не успееле да појават некаква активност. Ним им требале андартски чети кои да крстарат по некои села. Тоа пак не можеле да го постигнат против волјата на Организацијата, со која дошле во судир. Со цел да најдат некаков излез во првата половина на 1905, во Струмица дошле двајца емисари на грчката пропаганда, за да се состанат со претставници на Организацијата. Според Панде

Кујумџиев тие биле некој професор Стеријадис и полковникот Хаџи Кирјакис. Во преговорите од страна на Окружниот комитет на ВМРО учествувале П. Кујумџиев, Ѓорѓи Аџи Котаров и Славчо Кљамбов кои, како некогашни ученици во грчките училишта, го знаеле грчкиот јазик. Двајцата Грци состанокот го барале под мотивација „да се спогодат за соработка" за да се „избегнат" братоубиствата, поради што преговорите и биле прифатени од македонска страна. Македонската група, пред сè , ги изнела широките ослободителни цели и идејно-политичките основи на Организацијата од што Грците останале зачудени и изненадени. За оваа средба, меѓу другото, еве што вели П. Кујумџиев:

„Потоа Хаџи Кирјакис нè праша на кој начин можат да учествуваат и тие. Ние им рековме дека, ако сакаат, можат да нè помогнат со доброволци, или ва друг начин (на пр. со оружје), а луѓето што би ги дале тие ќе влезат во нашите чети и братски ќе се бориме рамо до рамо. Тој рече дека тоа не може да биде. На овој ред ние прашавме: „Како мислите вие?" Тој одговори дека нивните ќе биле одделни чети, а нашите одделни и заеднички ќе сме работиле. Ние тогаш прашавме каде ќе се движат нивните чети, а тој ни одговори дека нема да минувале на север од подножјето на Беласица. А кога ние прашавме зошто, тие одговорија „и ние имаме тука наши села". Ние им рековме дека тие села не се нивни, туку дека се македонски, дека од нас се организирани и учителите им се назначени од наша страна. На крајот им рековме: „Вие сосема на друга страна влечете, вие сакате да го цепите народот, а тоа не може да остане без наш одговор... " Прашавме дали имаат уште нешто да кажат. Тие одговорија дека си остануваат при своето, а и ние, исто така, им рековме дека си остануваме при нашето".

За овие преговори П. Кујумџиев реферирал пред Окружниот конгрес кој ги одобрил постапките на тројцата претставници на Организацијата.

Откако оваа грчка диверзија пропаднала во Струмица, во септември 1905 бил испратен Власис Цироjанис, подофицер од грчката војска, а под формата на директор на грчките училишта во градот. Тој, всушност дошол за инструктор и раководител на грчката оружена пропаганда. Тој ги реорганизирал терористичките групи во градот и со помошта од некои учители се зафатил да организира андартски чети.

Преку некои железничари — Грци — биле донесени и малку пушки (систем „Гра"), коишто од станицата Удово до Струмица ги пренеле, за пари, група Турци. Напорите за формирање на андартска чета дале сосема слаби резултати. Но подоцна, имено, во летото 1906 со Х. Чернопеев се скара неговиот дотогашен четник Панде Атанасов-Кад'нката, родум од едно подгорско село, поради што попаднал во мрежата на грчките агенти. Тој веднаш бил испратен на „школување" во андартскиот логор кај Атина. Откако ја завршил обуката, Панде бил вратен со една десеточлена чета во Струмичко. Окружниот комитет навреме разбрал за ова и презел мерки за нејзиното уништување. Во меѓувреме четата била ликвидирана во Макриево од турска потера. Струмичкиот кајмакам потоа изјавил дека тоа станало по грешка, зашто потерата не знаела дека биле во прашање андарти, за кои имала инструкции да не ги прогонува.

Правејќи натамошни напори да создадат нова чета, грчките андартски раководители успеале да го доведат во Струмичко Панде Грчето, син на селскиот поп од Колешино, кој како андартски четник порано служел кај некои грчки војводи. Тој дошол во летото 1907 година. Но и оваа чета не успеала да се задржи подолго време. На 26 август 1907 и неа една турска потерна единица ја обиколила и ја разбила во селото Колешино, при што загинал и Грчето.

По разбивањето на оваа чета, од оние андарти што останале живи и од неколкумина други, била образувана нова чета под раководството на Љамо Буов, братучед на

Грчето. Таа била помагана од терористичката група од Струмица, раководена од Димитар Цицимов. И оваа, како и другите чети пред неа, извршиле неколку терористички акции во подгорските села. Но наскоро четата на Буов се распаднала и исчезнала. За тоа придонела и општата расположба на населението, кое ги напаѓало и разбивало андартските чети и платежници. Андартството во Струмичко не фатило корени. А со тоа бил ставен крај и на напорите за загнездување на грчката оружена пропаганда во Струмичко. Тие овде, фактички, и не биле грчки, туку чети составени од мештани, од разни отпадници од ВМРО и платеници на грчката пропаганда.

Грчките агенти во Струмичко поттикнале и неколку предавства, кои завршиле со убиства, контраубиства, провали и затворања на луѓе. Така, во 1905 поради нивно предавство бил убиен од турската жандармерија раководител на селото Габрово, Панде Брадев. Подоцна во одговор на ова, една приквечер во селото влегла околиската чета и ликвидирала тројца осомничени селани, што предизвикало судски процес и затворање во Солун на други петмина организирани селани. Меѓу затворените бил и членот на селскиот комитет Панде Гоцев Китанов. Тие биле ослободени дури во јули 1908, т. е. по победата на Младотурската револуција.

Сè во ова време, и поради убиството на П. Брадев, двајца младинци — членови на Организацијата — го застрелале во Струмица андартскиот раководител Никола Поп Костакев и го раниле неговиот телохранител.

Сепак, благодарејќи на правилната ориентација на Организацијата, имено, да ги собира во своите редови и патријаршистите, андартството не успеало да најде никаква општествена подлога во Струмичко.

Дел од патријаршистите влегувале во Организацијата, или ја помагале, друг дел се држел резервирано и настрана од андартските злосторства и само поединци и тоа под инструкции и раководство на однадвор дојдени агенти, се пројавиле како андартски

четници и терористи. Тие, за своето служење на грцизмот, најчесто биле и посебно плаќани.

## 6. БОРБИ СО ОСМАНСКИТЕ ПОРОБУВАЧИ

Султанско-турскиот апарат, помаган од месните бегови и силници, продолжил да биде и по Илинденското востание за македонското револуционерно ослободително движење најзначаен, иако не и единствен непријател. Исплашена од ширината на востанието кое довело до замешување на европските сили во Македонија, односно во работите на турската империја, турската влада во овој период преземала ефикасни и далеку побрутални мерки за уништување не само на четите, туку и на селата или куќите во кои такви би се откриле. Ваквата практика, вршена со благонаклоност од претставниците на некои големи сили, пред 1903 била поретка. Во одделни случаи турските властодршци кревале и бесилки за фатените македонски револуционери.

Едновремено со тоа, покрај војската, полицијата и сето она што може да се нарече јавна власт, тајно биле создавани месни муслимански оружени банди кои, исто така, се вклучиле во потери, прогони и убиства.

Но, и Организацијата, иако примала тешки удари често пати поминувала во напади врз противникот. Тоа најдобро се гледа од нејзините конкретни акции. Така, недоволен од држењето на некои европски претставници во Македонија, Окружниот комитет уште во 1904 година донел решение за атентати по вардарската железничка пруга со цел да им наштети на нивните економски и политички интереси во Македонија. Еден ваков атентат бил извршен во истата 1904 година. Темпираната пеколна машина ја предал како пакет на станицата Удово Ристоман Василев, млад член на Организацијата од селото Попчево. Динамитот за оваа справа бил

донесен по каналот преку Нивичино, а машината ја приготвил војводата Никола Џеков. Се планирало справата да експлодира на мостот на Вардар, но тој бил промашен, а експлозијата станала пред Гевгелија. Атентатот станал на 4 јули 1904 година. Турската полиција веднаш потоа уапсила повеќемина лица од Струмица — кирации и други, кои тој ден доаѓале во Удово, а меѓу нив бил и атентаторот. Во Струмица привремено биле уапсени и учителот Петар Хаџи Јорданов и членот на Окружниот комитет Доне Лазаров, Полициската истрага го раскрила случајот, поради што Ристоман Василев во Солун бил осуден на смрт. Власта отпрвин планирала пресудата да ја изврши во Струмица, но откако дознала дека четите и селската милиција се подготвуваат по патот Удово—Струмица да го ослободат осуденикот, се откажала од ваквата намера. Затоа, бесилката на која увиснал храбриот Ристоман, набрзина била издигната во Гевгелија. Ристоман Василев бил обесен во летото, според изјавата на син му, на 25 јули 1904 година.

За одбележување е дека турската влада, со благослов од европските сили, ги осудувала на смрт пред сè извршителите на атентати на оние објекти (железничките пруги, на пример) во кои биле вложени европски капитали. Како таков атентатор настрадал и Ристоман Василев.

Друга крупна акција од 1904 година била палењето на зградите во чифликот „Три води". Таа била изведена по одлука на Окружниот комитет и според претходно подготвен план со чие извршување биле задолжени учителите Петар Хаџи Јорданов и Костадин Самарџиев. Иако во акцијата учествувала и селска милиција, палењето на чифликот било прикажано за дело само на четите. Поради тоа кајмакамот само привремено затворил некои селани, од кои меѓутоа, не успеал да извлече ништо поконкретно. Со ваквите и слични акции Организацијата се зафатила за на одделни чифлик-сајбии да им се нанесе материјална штета, па и да се

натераат чифлизите да им ги продадат на македонските селани.

По овие и слични акции, беговите од Струмичко, доаѓајќи во ситуација на несигурност, а со помошта од власта, започнале да формираат муслимански оружени чети за следење и откривање на организационите чети и за тероризирање на сè она меѓу населението што било будно и борбено. Отпрвин, во почетокот на 1905, била создадена една ваква трчлена банда, која ги обиколувала селата под форма на бегликчии—собирачи на данокот беглик. Тие соработувале со жандармеријата и војската, набележувајќи луѓе за затворање, барајќи скриено оружје итн. Во пролетта 1905 тие убиле еден селанец од Барбарево. Во врска со оваа банда, во една дописка во „Революционерен лист", испратена од „Сандо", се вели дека лажните бегликчии биле нападнати од четата на Х. Чернопеев во „Црвено Поле" и двајца од нив биле истепани. По повод убиството на селанецот, селаните од Барбарево, секако по иницијатива од Организацијата, дошле во Струмица и се жалеле кај руските жандармериски офицери. Тие писмен протест испратиле и до цивилните агенти во Солун, но митрополитот Герасим, кој требало да го препрати протестот, не го сторил тоа.

Наскоро се покажало дека лажните бегликчии, всушност биле оружени агенти на бегот Ислам-ќаја кој, по нивното разбивање, создал нова чета со која започнал и самиот да го пљачка и тероризира населението. Меѓутоа и оваа банда била кратковечна. Околиската чета, помогната и од еден прогресивен Турчин (Асан) од Банско, го дочекала овој силник некаде кај бањите и го убила. Во гореспомнатата дописка се вели дека Ислам-ќаја „од чиишто злосторства страдале некои села" бил одамна осуден од Организацијата на смрт, и егзекутиран на 5 мај 1905 година. Некои бегови потоа се одмаздиле со тоа што го убиле воденичарот Мито од Дабиља, кого го сметале за важна курирска врска на Организацијата.

И во Петричкиот реон војводите Мануш Ѓоргиев и Пандо Поп Манушев ликвидирале една муслиманскоандартска чета, што ја водел Јусеин Пеливан. Оваа (турско-грчка) чета, извршила неколку убиства во селото Кључ. Муслимански банди во овие години, кои извршиле и неколку убиства, се појавиле и во Радовишко.

Сè во ова време, во врска со едно ново злосторство, во Струмица била изведена масовна протестна демонстрација, какви што имало само уште во неколку македонски градови. Во демонстрацијата зеле учество повеќе од 8.000 луѓе. Имено, во почетокот на 1906 година една муслиманска банда истепала шестмина селани-дрвари од селата Дабиља, Добрејци и Водоча, во Попчевската Планина. Ова веднаш се дознало во градот и Организацијата, преку селските комитети го повикала селското население на масовна протестна демонстрација. Во подготовките на акцијата најмногу се заложил Костадин Самарџиев. Штом почнал протестот, сите дуќани во знак на протест биле затворени, а и градското население се вклучило во нето. На чело на демонстрантите застанал попот Васил Истирски од Робово, зашто Герасим откажал да се вклучи во неа, иако за тоа бил поканет од една делегација. Демонстрантите запреле пред околиското управление (уќуматот) и во истиот момент биле растоварени труповите на истепаните селани. Со силни удари на портите еден селанец од Моноспитово извикал: „Кажете ни каде да се иселиме, штом не можете да ни го гарантирате животот", Врз портите се нафрлиле и други демонстранти. Тоа го принудило исплашениот кајмакам да излезе на балконот, да ветува и да ги смирува разгневените селани и граѓани. На кајмакамот потоа му била предадена протестна резолуција од името на демонстрантите, со која се барало да престанат убиствата и да се казнат виновниците. Оваа масовна легална политичка акција, како нова појава во Македонија, била забележена и им била препорачана и

на други градови од страна на редакцијата на „Револуционерен лист". Таа покажувала дека зад македонското револуционерно движење уште поцврсто и помасовно застанале македонските маси, кои и по ваков начин барале за себе сигурност и слобода.

Кратко време по овој настан митрополитот Герасим го отпуштил К. Самарџиев и неколкумина други учители, од работа. Герасим со тоа сакал да  нанесе нов удар на Организацијата, откако го натера К. Самарџиева, оставајќи го без работа, или да му се потчини или да ја напушти Струмица. Но, Околискиот комитет, на една од своите седници наскоро го решил прашањето. За да може да остане и натаму во градот, К. Самарџиев со средства на Организацијата отворил бакалско дуќанче, кое едновремено служело за главен пункт на нелегалните куририрски врски. По ваков начин К. Самарџиев продолжил одблизу да го следи држењето на кајмакамот и на митрополитот, кои во многу работи се надополнувале. Во исто време тој бил избран за секретар на градскиот комитет во Струмица. Секогаш весел и расположен, неговата омилена песна била:

*„Не седи Џељо слободен*
*Слободен Џемо распашан...*

заради што од другарите и го добил името Џемо.

По извесно време полицијата фатила едно организационо писмо, та К. Самарџиев бил затворен, но веднаш успеал да избега и се нашол кај околиската чета. Отпрвин бил избран за нејзин секретар, а малку подоцна и за титуларен војвода на Струмичката околија.

Од друга страна продолжиле судрувањата и меѓу четите и турските потери. Така, на 1 март 1905 околиската чета, поставувајќи му заседа на околискиот управител (кајмакам) кој ја напуштал Струмица поради сменување од должноста, се судрила со војската и башибозук, од кои истепала петмина. Еден од нив бил војник; на кого пушката му ја зеле четниците. На 12

април истата година, истата чета попаднала на аскерска заседа кај Колешино, од која се извлекла без жртви, но власта уапсила 12 селани од селото. На 21 август, Струмичката чета се судрила со аскер меѓу селата Ангелци и Градошорци, по коешто војниците извршеле грабежи и зулуми. Во оваа, 1905, година загинал во селото Едрениково, Радовишко и војводата Иван Тодев („Бељан Чаум").

Судрувањата продолжиле и натаму. Две години подоцна, во август 1907 година бил свикан редовен околиски конгрес близу до селото Куклиш, но поради предавство на еден грчки агент, насобраните чети и делегати биле опсадени од аскер. Четниците и милиционерите фрлајќи бомби, од кои Турците неверојатно многу се плашеле, во еден силен налет си пробиле пат и се спасиле, изгубувајќи сепак, четворица борци: тројца од Моноспитово и четникот бај Иван, родум од Разлог. Од турска страна паднале седум души. Потоа четата и делегатите се повлекле во Беласица, а работата на конгресот продолжила. И ова судрување предизвикало затворање на луѓе од Куклиш, Сачево, Муртино и други села. Некои од нив биле затворени во Струмица, а други — во Солун.

Низата од судири, провали, убиства и слично била бескрајна. Денес тешко може таа во целост да се реконструира, расветли и опише. За илустрација само нека послужи овој податок. Селото Габрово, кое одвај да имало 350 жители — Македонци, во овие неколку години, по разни причини дало 6 лица убиени и петмина затворени.

Но најтешките удари ги доживеале како Организацијата, така и населението од овој крај во февруари 1905 и три години подоцна, во 1908 година. На трети февруари војводата Крсто Ѓоргиев Новоселски, со чета од петнаесеттина луѓе, се настанил во селото Куклиш. Штом била откриена четата (во прашање изгледа било предавство), уште истата ноќ селото го опколила војска, испратена од Струмица. Турците

довлекле и околу 150 души башибозук од градот и од околните села. Одејќи од куќа до куќа, заедно со селскиот кмет, една турска патрола била дочекана со плотуни од четниците. По наредба од војводата биле направени бојници по ѕидовите на куќата. В зори започнала и главната битка. Големиот студ и снег ја поставиле во тешка положба војската, но тие биле непријател и за четата. Судрувањето траело цел ден, сè до полноќ. Турците на неколку пати се обидувале да се доближат и да ја запалат куќата, но секојпат бивале одбивани со големи загуби. Околу полноќ опсадените, со силен налет, и фрлајќи бомби, си пробиле пат и се извлекле кон Беласица. Четниците поминале без ниедна жртва, а од Турците загинале 18 души, меѓу кои и еден офицер. Во овој број се нашол „пеливанот" Сефедин чауш, од блиското село Габрово.

Една група четници од истата чета, што се наоѓала по агитација доста далеку, околу 6 часа пат, собрала 90 души селски милиционери и тргнала на помош на опсадените, но поради длабокиот снег, додека да стигнат до Куклиш, опсадената чета се извлекла од селото.

Четата се спасила, но тешко настрадало селото. Откако четата отстапила, аскерот и башибозукот веднаш започнале со пљачкања, убивања и палење на селото. Во заклучокот на званичниот извештај на анкетната комисија, што веднаш дошла на лице место да го испита случајот, за погромот на Куклиш е даден следниов биланс: „38 убиени селани, од кои две жени и едно дете, петмина селани ранети, единаесет силувани жени. Војниците и башибозукот го ограбиле целото село, го одвеле сиот добиток, и изгореле, откако ги полеале со газје, 64 куќи од 105 колку што ги имало целото село". Црквата и училиштето, исто така биле ограбени, а потоа — изгорени. Пет селани живи изгореле во пламенот на своите куќи.

Биле уапсени и многумина селани, меѓу кои и учителот К. Лазов. (Инаку селото Куклиш се наоѓа само на три километри, источно од градот). Во неделата

учествувале и хамидовските „чувари на редот", турските жандари. Воениот турски лекар, кој се нашол во селото, покажал апсолутна бездејност, го погазил својот позив, поради што дури утредента бил повикан „христијански лекар од Струмица, кој се погрижил за ранетите селани".

Во извештајот меѓу друго се вели:

„Поведението на војската во текот на претпладнето на 4 февруари беше одвратно. Потврдувам и самиот дека аскерот тепаше, рануваше и убиваше незаштитени селани дури и тогаш кога трубата свиреше отстапување, т. е. откако сите воени дејства против четата требаше да престанат... Моето лично мнение е дека најголемата одговорност паѓа врз мајорот Махмуд-беј, кој ја командуваше војската".

Овој извештај пишуван на самото место, го испратил до своите претпоставени рускиот жандармериски капетан Симитиер. Во анкетата, на третиот ден, учествувал и рускиот генерал Шостак, кој за оваа цел дошол од Солун со свои придружници.

И сè останало на анкети, извештаи и голи констатации, од кои постраданото население ништо не можело да добие.

На помош на селото единствено му се притекнала пак Организацијата. Комитетот во Струмица наеднаш организирал собирање на различна помош за настраданите Куклишани. А за да ги утврди загубите, жртвите и штетите, и да види кому каква помош му треба, раководството на Организацијата составило детална листа на жртвите, изгорените куќи, ограбената стока и покуќнина итн. Тие биле и објавени во „Револуционерен лист", откаде што, накратко и ние ги предаваме. Во народното сеќавање овој погром останал под името „куклишко муарабе", т. е. војна, борба.

Вандализмот на османските поробувачи имал за главна цел да го деморализира и одврати населението од борбениот пат по кој беше тргнало, но во тоа тие не можеа да успеат. Најдобар доказ за тоа дека селото

Куклиш и натаму ѝ останало верно на Организацијата е фактот што во август 1907 редовниот околиски конгрес бил одржан во неговата околина.

Четата на К. Новоселски потоа се повлекла кон Костурино и другите околни планински села. Во средината на декември 1905 таа била откриена во Костурино, и сакајќи да не го изложи селото на слични опасности, го напуштила остро судрувајќи се со турската потера. Обидувајќи се да го пробие обрачот, четата била скоро целата уништена. Војводата Крсто Новоселски, ранет во ногата се спасил и, за да се лекува, се прибрал во Моноспитово. Овде него го лекувала баба Фидана, на која ова не ѝ било прв случај да крие и лекува македонски илегалци.

Но поради разбивањето на четата уследиле и предавства, придружени со апсења на селани и било откриено скривалиштето на К. Новоселски. И веднаш потем во Моноспитово дошол турски аскер и ја блокирал куќата на баба Фидана. Исцрпен и останат без муниција, Крсто Новоселски, откако видел дека секое извлекување е невозможно, го извадил сопствениот револвер и се самоубил. Така достојно и бестрашно загинал овој виден, самобитен војвода и македонски револуционер, што го даде народот од Струмичко. Инаку, во историјата на македонските револуционерни борби од овој период се познати и многу други случаи на самоубиства на борци (има ги над сто), кои не сакајќи да им паднат во рацете на поробителите, претпочитале да си го одземат сами животот.

Таков бил, ете, и подвигот на Крсто Ѓоргиев Новоселски.

Командирот на турската единица, погоден од храброста и патриотизмот на војводата, наредил неговиот труп да се пренесе во Струмица, да ѝ се предаде на македонската црквена општина за да се погреба според христијанските обичаи. Меѓутоа, митрополитот Герасим, доследен на себе си и на своите наредбодавци, не само што одбил самиот да го погребе

„царскиот душман", туку им забранил и на сите свои потчинети свештеници тоа да го сторат. Револтот на населението против овој деспот и калуѓер, бил неопислив. Со залагањето на Организацијата, најпосле се нашол младиот месен поп Панде кој ја извршил својата службена и народна должност, но за тоа бил анатемосан и отпуштен од Герасима. Месното раководство на ВМРО му организирало достоинствено и масовно погребение на својот храбар и долгогодишен соборец.

Три години подоцна, со загинувањето на Мануш Ѓоргиев-Турновски, исто така родум од Ново Село, на Организацијата во Струмичко и Петричко □ бил нанесен нов тежок удар. Заедно со Мануша загинале уште неколкумина други раководители, четници и милиционери.

Видовме дека во 1905 година Мануш Ѓоргиев станал помошник на окружниот војвода. Храбар борец и способен организатор тој ја зел на себе сега задачата да го искоренува врховизмот од петричките огражденски села, за да не се дозволи прекинувањето на врските меѓу Струмичка и Мелничка околија, а со тоа и меѓу Струмичкиот и Серскиот округ, односно со Јане Сандански. А бугарскиот врховизам, ширејќи се од север, работел на тоа да се забие како клин, сѐ до Беласица, меѓу овие два округа. Мануш Ѓоргиев во тоа постигнал видни резултати, иако неколку години по ред бил преследуван и од врховисти и од Турци.

На 8 февруари 1908 година, со својата мала чета тој дошол во селото Долна Рибница, Петричко, кое се наоѓа во подножјето на Огражден, лево од патот Струмица—Петрич. Мануш Ѓоргиев дошол овде со задача да одржи проширено советување со околиските и селски раководители. А Долна Рибница било добро организирано село, со стегната селска милиција, составена главно од селската младина. Советувањето продолжило до доцна во ноќта. Но се нашол и предавник, веројатно врховистички агент, поради што, уште во текот на ноќта селото било цврсто блокирано од

многуброен аскер и башибозук. Во селото биле довлечени воени единици од пет околни селски и други гарнизони.

Четата и селската милиција морале да ја прифатат нерамномерната борба, дотолку понерамномерна што четниците биле приморани да заземат незгодни позиции. По десетчасовна борба, во која изгинале сите делегати на советувањето, сите четници и повеќето милиционери — вкупно 24 луѓе, судрувањето кај Долна Рибница, привечер на 9 февруари, стивнало. Во борбите загинал Мануш Ѓоргиев, секретарот на неговата чета Васил Скендерски, родум од Малешевијата и четворицата делегати од Петрич. Но и Турците дале уште повеќе жртви: некои современици од Петричко тврдат дека тие имале до 150 мртви и уште толку ранети. На македонска страна, во борбата учествувало скоро сето село.

Оваа крупна загуба за македонскиот народ од овој крај привремено ги сопрела масовните убиства на селани, загинувања на четници, на војводи, раководители и милиционери, зашто само неколку месеци подоцна, на 24 јули 1908 година, во Македонија ќе победи Младотурската револуција, која на македонските маси им донела краткотрајно здивнување.

# ГЛАВА IV

## ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ НА МЛАДОТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (1908—1912)

## 1. ЛЕГАЛНИ ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ БОРБИ ВО СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО

Од почетокот на 1908 година Струмичката окружна организација на ВМРО сосема определено се ориентирала кон соработка со младотурското и секое друго ослободително движење во Турција кои по 1905 година ја зголемиле борбата против султанскиот хамидовски режим. На исти идејно-политички позиции застанале и санданистите во Серскиот округ, како и раководителите на Солунската окружна организација. Овие три окружни организации, и една група тракиски активисти, сега ги стегнале и зголемиле редовите на револуционерната македонска левица, која сè порешително му се спротивставувала на десното бугарско-врховистичко крило во Организацијата.

Ориентацијата за воспоставување врски и соработка со младотурското и другите ослободителни движења во турското царство била јасно определена на заедничкиот Конгрес во Пирин. Барајќи внатрешни сојузници за борба, левицата нужно се свртела и кон младотурците. Другите одлуки на Конгресот и општата ориентација на левото крило, внесувале нови насоки и во методите, а донекаде, и во целите на движењето.

Место автономија, основно барање сега станало извојување на обласна самоуправа за Македонија, при коренито внатрешно преуредување на Турција, во која би постоела национална самоуправа и за другите нетурски провинции. Наглото откинување на Македонија од империјата било непожелно, опасно, па затоа и отфрлено.

Благодарејќи на ваквата нова ориентација биле воспоставени врски со младотурците уште пред избувнувањето на Младотурската револуција. Во пролетта 1908 илегалниот младотурски комитет во Струмица се поврзал со Окружниот комитет на Организацијата, пристапувајќи кон координирани и

заеднички акции во борбата против месните султански властодршци. За да ја докаже својата намера дека бара соработка со македонските револуционери, младотурскиот комитет во Струмица ликвидирал еден поткажувач на власта во градот. Впрочем, Организацијата во Струмичко, уште отпорано ја уживала поддршката на одделни прогресивни Турци.

Конечно, во јули 1908, по три децении деспотско владеење на Абдул Хамид II, настапил и почетокот на неговиот крај. Младотурците — офицери, војска, турска прогресивна интелигенција и други, кренале оружено востание, за чие задушување султанот се покажал сосема немоќен. Револуционерниот сигнал на востанието го дал турскиот гарнизон во Ресен, по што востанието брзо се проширило во западна Македонија и во некои делови од Албанија.

Револуционерниот бран наскоро се пренел и во градовите, во кои избувнале масовни антисултански демонстрации. Тие биле особено масовни и бурни во Солун и Битола. Младотурците, поддржувани од напатеното население, го прогласиле уставно-парламентарниот политички систем во Турција. Поставен пред свршен чин и неможејќи да се спротивстави, и Абдул Хамид се „согласил" да □ го „подари" Уставот на земјата. Враќањето во живот на Уставот било прокламирано на 24 јули 1908 година. Тоа бил ден на слободата, или ден на хуриетот.

Хуриетските денови насекаде во Македонија биле пополнети со манифестации на збратимување на народите: Македонци, други христијани, Турци и муслимани; со свечено пречекување во градовите на четници и војводи; со амнестирање и ослободување на илјадници политички затвореници итн. Во Струмичко, главно од солунските затвори, се вратиле стотини затвореници.

Народните маси поверувале дека на анархијата, на пљачкањата и убиствата им дошол крај, а дека сега претстои мирен творечки и сигурен живот.

На 25 јули во Струмица свечено влегла околиската чета на чело со Х. Чернопеев. На масовниот собир тој го изразил следното расположение:

„Се радувам што ги гледам слободни моите браќа. Слободата открива мирен и културен живот. Давам збор дека чесно ќе ја чувам извојуваната слобода. И запомнете дека, ако го изневерам новиот режим што сега се воведува и излезам по некаков повод одново со пушка в рака, дозволувам каде и да ме најдете да ме разоружате и врзан да ме доведете во градот. "

Ќе видиме дека Чернопеев не го одржал ова ветување, иако за тоа врз него паѓа далеку помал дел од вината. Веднаш по победата на револуцијата трите окружни организации од ВМРО — Серската, Струмичката и Солунската, како и многумина раководители од другите окрузи, презеле низа организациони и други чекори, насочени кон тоа да ги потиснат и изолираат врховизираните елементи и да ја обноват неа на нови, легални основи. За таа цел во почетокот на август во Солун биле одржани низа советувања, на кои била изработена и нова Проект-програма на Македонската револуционерна организација. Се пристапило кон подготовки за нов општ конгрес, кој требало да се одржи во втората половина на септември, и на кој со усвојувањето на новата Програма, со изборот на ново раководство итн. би се обновило единството и отстраниле великобугарските агенти од Организацијата. И Програмата и другите документи покажуваат дека македонската левица одлучила да остане и натаму револуционерна, иако легална организација, да соработува со младотурците, но под услов на решавање аграрното, даночното и други слични прашања, на коренито реформирање и децентрализирање на Турција и добивање обласна самоуправа за Македонија. Во работата на овие состаноци зел учество и Х. Чернопеев, по што тој извршил една поголема агитаторска турнеја,

посетувајќи ги Велес, Скопје, Куманово, Кратово, Кочани и преку Штип се вратил во Струмица. Целта на оваа негова обиколка била да ѝ се придружат организациите и од овие места, кои влегувале во Скопскиот револуционерен округ, на иницијативата за одржување на Општиот конгрес.

На раководителите од Струмичкиот округ сега им станал мошне близок и Димитар Влахов, тогаш млад, образован, способен и амбициозен општествено-политички работник.

Меѓутоа, напорите за одржување на Општиот конгрес, наидувајќи на бројни пречки и силен отпор од врховистичката агентура, наскоро пропаднале. За да го спречат Конгресот, врховистички атентатори стрелале во Солун на Јане Сандански, успевајќи лесно да го ранат. А со тоа, привремено, за неколку месеци, било одложено и пожелното обединување и реорганизирање на Македонската револуционерна организација.

Од друга страна, останале ненадминати и разидувањата (иако тие не биле такви што да ја исклучуваат секаквата соработка) помеѓу серчани од една, и Струмичката и Солунската окружна организација, од друга страна.

Во текот на септември младотурците пристапиле кон одржување на парламентарни избори, кои внесле нови елементи на разидување. Највидлив израз добило разидувањето со појавата на весникот „Единство" во Солун, на 27 септември, како гласило на струмичани а редактиран од Д. Влахов. Тој се појавил и посвои луѓе да ја соберат милицијата што требало да тргне за Дојран. Од Струмичко доброволците тргнале под раководство на Атанас Караманов, Костадин Самарџиев и Крсто од Сачево. Доброволци имало од градот, од Дабиља, Сачево, Ново Село и од некои други села. Панде Филев Смиљков, учесник во походот, од Дабиља, соопштува дека од Струмичко имало до 50 милиционери — доброволци, на кои во Дојран им се придружил и Х. Чернопеев, и оттаму со воз тргнале за Цариград.

И доброволците од Струмичко, како и од другите краишта на Македонија, учествувале во борбите за задушување на султанската контрареволуција. Абдул Хамид II бил победен и симнат од султанскиот престол. Уставниот поредок во Турција бил одбранет, благодарејќи на помошта и политичката поддршка што на младотурците им ја дале македонските маси.

Во есента 1909 година, месни организации на НФП биле формирани, освен во Струмица, и во селата Дабиља, Робово, Муртино, Моноспитово и Ново Село. Тогаш, за агитација, ги посетил и Димитар Влахов.

Воведувањето на политичките слободи овозможило народот да ги изрази своите барања, освен преку Програмата на Македонската револуционерна организација, односно на НФП, и преку низата масовни политички собири по македонските градови. Еден ваков митинг бил одржан на 12 ноември 1908 година и во Струмица, на плоштадот „Саат-мегдани". Собирот констатирал дека државните чиновници и некои бегови, по 24 јули, ги зголемиле злоупотребите, самоволијата и злосторствата, и барал тие да прекратат, а виновниците да се казнат. Тие биле турски реакционерни кругови. Во донесената резолуција, со чиј текст располагаме, се барало да се формира една мешовита анкетна комисија за да ги утврди овие произволи и злоупотреби. Собирот барал да се бришат застарените неплатени даноци, намалување износот на бегликот на ситна домашна стока, прекратување на старите судско-политички дела итн. Во посебна точка било поставено барањето да престанат ангариите „без да можат беговите да ги отпуштаат своите чифлигари".

Сè со цел да се реша аграрното, даночното и чифлигарското прашање во полза на македонските маси, на кое НФП посебно инсистирала, во пролетта 1909 година, било организирано потпишување на една петиција од чифлигарите, потоа испратена до Отоманскиот парламент. Во организирањето на нејзиното потпишување во Струмичко посебно се

заложил К. Самарџиев, но и во оваа акција тој се судрил со митрополитот Герасим.

Раководните луѓе на НФП од Струмичкиот округ, во овие месеци истакнале и мошне радикални барања за реформирање и преземање на школството и на просветното дело во Македонија. Едно од барањата во веќе цитираната резолуција гласело: „Учителите да се плаќаат од државниот буџет". Во исто време Х. Чернопеев и Д. Влахов работеле на тоа турската власт да отвори во Солун неколку основни и едно трикласно училиште (со пансион за македонските ученици однадвор), кои не би биле под власта на бугарската Егзархија, туку меарифски, т. е. општински училишта. Еден великобугарски автор загрижено тврди дека струмичките раководители биле на мислење да ги намалат часовите по бугарски јазик во училиштата, за сметка на часовите по турски јазик. Бугарскиот јазик, според нив, немал перспектива во Македонија.

Овие и вакквите настојувања ги помагале и македонските учители, кои формирале и во Струмица околиско учителско друштво. А тоа било само едно од бројните други учителски друштва, што ја сочинувале Македонската учителска организација.

Се раздвижиле, во овие години и работниците во Македонија, што нашло свој израз и во Струмица. Имено, уште пред хуриетот и во Струмица била формирана работничка група, а во 1904 година шивачките работници во градот извеле и прв штрајк. Нивните тарифни и други акции продолжиле и по хуриетот, кога за тоа имало и подобри политички услови. Некои изворни податоци укажуваат дека кон крајот на 1911 година во Струмица, веројатно, постоела и една конспиративна анархо-социјалистичка младинска група, која повеќе се појавила во Солун.

По ваков начин, населението во Струмичко, предводено од своите дотогашни раководители, продолжило и во новите услови низ разни форми да се

бори, следејќи го упорно патот кој требало да го доведе до ослободување.

## 2. ОБНОВУВАЊЕ НА ОРУЖЕНИТЕ БОРБИ ВО СТРУМИЧКО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ОСМАНСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ

По дефинитивната победа над Абдул Хамид II во април 1909 година, младотурците започнале еднолично владеење, доаѓајќи сѐ посилно во судрување со ослободителните стремежи на потиснатите народи, а во европскиот дел на Турција, главно, со стремежите на македонскиот и на албанскиот народ. Тие не им направиле никакви суштествени отстапки, кои и минимално би ги задоволиле македонските маси. Беговската експлоатација на македонските чифлигари и малоимотни селани останала, даноците и натаму се собирале со насилби и злоупотреби, понекаде експлоатацијата била зголемена, разорните дејства на туѓите пропаганди не биле ограничени, работничкото и социјалистичкото движење биле прогонувани итн.

Со цел да ги зајакнат своите позиции, младотурците започнале да населуваат муслимански доселеници (мухаџири) во Македонија (главно од Босна), што носело нови притисоци и неправди. Во литературата најдовме податок, на пример, дека турската власт го откупила чифликот во селото Трибичино, Радовишко, ги истерала од него селаните — Македонци, за да им создаде место на мухаџирите. Такви случаи имало и на други места во Македонија.

Кон средината на 1910 младотурците презеле воено-полициски акции за насилно собирање на оружјето од македонското население, со што широко ги отвориле вратите за злоупотреби, затворања, претепувања и прогонување на луѓето. По селата пак тргнале воени единици, кои што вршеле насилства. Младотурците ги

уништиле и легалните политички партии, поради што во август 1910 година исчезнала и НФП. Во средината на 1910 младотурците се вратиле на хамидовските методи на владеење, што Турција брзо ја водело во пропаст.

Сепак во Струмичко, плашејќи се од организиран отпор, младотурците не населиле нови мухаџири, ниту акцијата за разоружување била масовна.

Сето ова вонредно тешко се одразило во македонската револуционерна левица, и пред сè во редовите на струмичките раководители, кои не можеле да останат пасивни пред новите налети на турската реакција. Во првите денови на 1910 година Х. Чернопеев, откако попаднал во мрежата на бугарските врховистички и државни агенти, се одметнал и поминал во илегалство. Тој од Солун дошол во Струмица и започнал да ги обиколува селата, обновувајќи ја растурената мрежа на ВМРО. Но најголемата несреќа била во тоа што таа не била веќе старата ВМРО: нејзиното раководство, помагано отворено од бугарската влада, го узурпирал по зло познатиот Тодор Александров. Во него навлегле и маса други стари и нови врховистички кадри од сите бои и лагери. Еден од нив бил врховистичкиот авантурист и пијаница Михаил Думбалаков, кој заедно со бугарскиот конзул во Солун, А. Шопов, одиграле најважна улога во врбувањето на Х. Чернопеев за ВМРО. Заедно со Чернопеев и тој прокрстарил, во ова време, многу струмички и малешевски села.

Како најтешка последица од одметнувањето на Х. Чернопеев се покажало тоа што во Струмичката окружна организација, по првпат се вовлекле расцеп, меѓусебни обвинувања и прогонувања, убиства итн. Со непромислениот акт на Х. Чернопеев (од кој тој изгледа се срамел) во Струмичко се вовлекол врховизмот. Струмичкиот округ наскоро бил разбиен и станал лесен плен на неоврховизмот.

Х. Чернопеев потоа не се вратил повеќе во Струмичко. Во пролетта 1910 година се обидел да

организира четништво во Кукушко, но не успеал, зашто и Кукушани му откажале поддршка. Во 1912 година, кратко време пред Балканската војна, го наоѓаме во Разлошко, каде што и зел учество во војната.

По одметнувањето и откако дошле во Софија, Х. Чернопеев и К. Самарџиев — Џемото, наскоро увиделе дека попаднале во бугарско-врховистичка клопка и попусто се залагале да ја обноват старата ВМРО. Но, веќе било касно и сè изгубено. Враќањето назад било невозможно. Врвовите на ВМРО постепено ги освојувале најдоследните великобугарски агенти, во чиишто круг за луѓе како Х. Чернопеев, К. Самарџиев и други, немало место. А ситуацијата во овие врвови циничниот М. Думбалаков мошне успешно ја карактеризирал на следниов начин: „Животот на революционери и македонствујушти минуваше со Софија, во севозможни обединувачки и разединувачки акции".

Низ ваквите акции, придружени и со поединечни убиства на македонски револуционери, врвел процесот на дегенерирање и врховизирање на Организацијата.

Некаде во есента 1910 година за околиски раководител на обновената ВМРО во Струмичко дошол Костадин Самарџиев. Кон него се придружиле војводите Кочо Хаџи Манов, родум од Струмица, и Ристо Џолев, од Моноспитово, луѓе без идеализам и образование, како и други поединци од градот и селата.

Меѓутоа, дел од организационите работници и поголемиот дел од населението му дале отпор на обновеното четништво, од кое што народот бил преморен и заситен. Тие и натаму настојувале да соработуваат, колку-толку со младотурците, пред сè очекувајки по ваков начин да се зачува мирот и да се спречи војната, од која ништо добро не очекувале. Еден од првите луѓе што се кренале против новото четништво бил Атанас Караманов од Дабиља, поради што наскоро од противниците бил осуден на смрт. Ваквата пресуда Џемото, изгледа ја примил многу болно, зашто Панде Филев тврди дека тој го рекол следното:

„Јас на Карамано пушка не теглам; тој ми беше учител, тој ме научи да се обувам! Ако тоа го сторам, сакам и јас да загинам".

И во јули 1911 година тие обајцата, еден со друг се истепале (иако Џемото прв стрелал), на патот меѓу Струмица и Дабиља, кај познатите врби. Нешто подоцна бил убиен и Гаљо од Сачево, приврзаник на А. Караманов. Против новото четништво се кренал и Мирчо Икономов, поранешен член на Окружниот комитет, а во ова време, според еден податок — судија во Струмица.

Во есента 1912 година, по наредба од Т. Александров бил убиен и познатиот малешевски раководител Герасим Огњанов. Во една дописка во солунскиот весник **„Le Progre+s de Salonique**" од октомври 1910 се тврди дека врховизираната ВМРО издала смртни пресуди, освен за А. Караманов, уште и за четворица други и тоа: за познатиот трговец Каратанев, архимандритот Паисиј, Мирчо Икономов, и Атанас Нивички. По ваков начин Атанас Нивички, Атанас Караманов, и Мирчо Икономов доживеале да бидат судени, од оние против кои долго и успешно се бореле. Неоврховистите посебно се нафрлиле врз Мирчо Икономов, зашто тој најрешително се кренал против новото четништво. Преку ликвидирањето, особено на некои од овие луѓе, требало да се обезглави антиврховистичкиот отпор во Струмичко.

Пресудите по сè изгледа, уследиле поради тоа што свие луѓе кои уживале неподелен авторитет меѓу населението, во текот на 1910 година организирале два протестни митинзи против обновениот четничко-врховистички терор. Од нив бил убиен само А. Караманов, но жртва на врховизмот, во крајна линија станал и К. Самарџиев, иако минал во неговиот лагер.

Прогонувањата и убиствата продолжиле и натаму, и тоа не само на оние што отворено му се спротивставиле во 1910 година на врховизмот и новото четништво, туку

и на луѓе, сметани за „централисти", т. е. неврховисти, кои се вклучиле во ВМРО. Настапило време на убиства, на скршување на карактери на луѓето — една бескрајна низа од бугарско-врховистички злосторства и уништувања. Во есента 1912 година, во Ново Село бил убиен уште еден, во Струмичко добро познат централист — младиот учител Иван Николаев, родум Бугарин од Пловдив. По наредба од стариот врховист Александар Протогеров, тој бил убиен од Кочо Хаџи Манов. Претходно М. Думбалаков зел од Иван Николаев 400 турски лири, средства на Организацијата, собрани од населението за купување на оружје. М. Думбалаков, наводно ги предал „во бугарската државна хазна", зашто таму им било местото!

М. Думбалаков тврди, а тоа се заклучува и од наредбата на Протогеров, дека И. Николаев и други раководители во Струмичко му давале отпор на врховизмот кој сега се камуфлирал со името на ВМРО, за да ги експлоатира нејзините традиции.

Во овие месеци, и особено од почетокот на 1910 година, кренале глава и грчко-андартските агенти, коишто исто така извршиле неколку убиства. Тие, на пример, ги убиле на патот кај Чам Чифлик попот на селото Попчево и неговата жена.

Конечно, победила политиката на разбивање на македонските прогресивни сили, започната од младотурците, продолжена и од други, победила политиката на повторното крвно скарување на муслиманското и македонското население, на враќање општествениот хаос во Македонија, во што предничела официјална Бугарија. — Таа победила и во Струмичко. Таа политика, за која се фатиле и турските владеачи и балканските управувачи ги подготвила условите за избувнување на балканските војни, кои наскоро и уследиле.

# ДЕЛ V

## Струмичка околија во периодот на војни и воени окупации (1912—1919)

### ГЛАВА I

### 1. СТРУМИЧКО ВО ТЕКОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ (1912—1913)

Четирите балкански државици — Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора, морално-политички одамна подготвени за војна против Турција, и откако претходно се испо별зале со договори и сојузи, во есента 1912 година, најдоа вонредно погодни внатрешни (во Турција) и надворешни, меѓународни услови за нејзиното отворање. Воените дејства прво ги започнала Црна Гора, а на 18 октомври 1912 година во војната влегле и другите тројца балкански сојузници.

Под комбинираниот притисок на балканските сојузнички војски однадвор и на масовното и разновидно учество на македонскиот народ одвнатре, турската армија трпела, едно по друго тешки воени порази. Воените порази и распаѓањето на гнилата турска власт ја изненадиле сета меѓународна јавност.

Турската влада, и покрај големите воени и дипломатски напори, морала да го признае својот целосен пораз. Според договорот за мир, меѓу балканските сојузници од една, и Турција од друга страна, склучен 17 март 1913 година во Лондон, последната ги изгубила без малку, сите свои дотогашни европски владенија. Таа задржувала само еден тесен појас пред Цариград.

Македонскиот народ зел масовно и разновидно учество во оваа војна, залудо надевајќи се дека таа му носи ослободување од петвековното ропство. Со илјади Македонци (некои современици ја спомнуваат бројката од сто илјади), како доброволци, четници, ополченци и слично, најактивно се вклучиле и учествувале во војната против Турција. Тие учествувале во низа битки, особено на тракиското боиште. Со илјади Македонци дошле и од емиграција, некои дури од далечна Америка, за да земат учество во војната. Победите на сојузниците во голема мера уследиле со заслугите и на Македонците, поради што една македонска група во Русија (Петроград) побарала и на македонскиот народ да му се признае статус на петти балкански сојузник во анитурската коалиција.

Уште истиот ден, на 5 октомври 1912 година, и во Струмица се пренел глас дека војната започнала. Четири дена подоцна населението сосема реално ја почувствувало воената атмосфера: прво од Малешевско, а потоа и од кон Радовиш, во Струмица и по селата надошле со илјади турски бегалци, повеќето од кои го продолжиле бегањето кон Дојран — Кукуш и Солун. Еден современик и очевидец дава морничава слика за овие бегалци, иако таа ќе биде само првата. Меѓу другото тој запишал:

„Управата, беговите и граѓаните (од Малешевско и Радовишко б. н. ) дојдоа први, а после, ете ти ги и сите турски села потекле во долги кервани од воловски и биволски коли и натоварени коњи и магариња, потерале стада овци и кози.

Повлекле жени и деца, натоварени со завивки и, овде-онде, со покуќнина... Не по волја на човека му се сакаше да плаче пред ваквата слика. Но тешко на народ што има управници какви што беа турските. Војската која требаше да го брани овој исплашен народ... напротив, прва избега. За срам на нивното петвековно царување!"

Ние би го додале само уште ова: тешко и на македонскиот народ со турските управници, зашто и тој беше не помалку погоден од турските народни маси. И уште една мала корекција: османско-турското господство во Струмичко траело точно 529 години.

Со цел да не се допушти меѓусебно неконтролирано пресметнување во овие денови на **interregnum**, кајмакамот затворил во касарната 600 граѓани и селани како заложници, кои по паѓањето на Струмица биле ослободени. Турската власт му забранила и на турското население да бега од градот, поради што струмичките Турци, главно останале во Струмица.

Од средината на октомври воениот виор сè повеќе се приближувал и кон Струмичко. По краткотрајно судрување кај Радовиш, на 21 октомври 1912 година, во Струмица влегла една чета од бугарската војска. Утредента бугарските единици влегле свечено и масовно, продолжувајќи го напредувањето во правец на Солун. Истиот ден влегле и српски војски во градот. Воената власт во Струмица му била дадена на командантот на српските единици, кои се сместиле во градот.

Движењето на бугарските и српските единици кон Струмица и на југ од неа било успешно, благодарејќи и на помошта од македонските чети и доброволци, во чии состав се бореле и многумина месни четници и милиционери. Тие успешно ги уништувале телефонските и други врски, вршеле напади на вардарската железничка пруга итн., со што уште повеќе ја дезорганизирале турската војска.

Но, едновремено со ова врховистичките главатари, како што веќе одбележавме, ги убивале и своите

некогашни и сегашни противници — македонските „централисти" и во Струмичко, како и по други места.

Предизвикани од акциите на четници и доброволци, Турците својот последен бес го истуриле врз незаштитеното македонско население. Со брдски топови од градот тие го бомбардирале селото Куклиш, при што истепале 20 селани и опожариле многу куки. Многу куклишани се разбегале по околните села.

А само неколку дена потоа, масовно настрадале струмичките Турци. Под градот, на десната страна од патот за Радовиш, биле исклани 5.000 Турци. Многу турско население било истепано и по селата, иако бугарските и српски офицери, при влегувањето во градот ветувале гарантирање на животот на сите граѓани.

Со тоа овој прв крвав воен виор, во кој настрадало главно турското население, поминал, оставајќи ја зад себе Струмичка околија.

Меѓутоа, едновремено со заземањето одело и распарчувањето на Македонија, при што тројцата балкански сојузници, не можејќи да се спогодат при делбата на пленот уште веднаш започнале меѓусебни воени и други судрувања. Непријателствата меѓу нив со секој изминат ден, рапидно се зголемувале, за на крајот, но наскоро, да доведат до една краткотрајна, но вонредно жестока војна. Втората балканска војна започната од Бугарија, избувнала на 16 јуни и завршила со Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година. Фактички војната завршила многу порано од 10 август. Во неа Бугарија морала да војува против четворица противници — Србија, Грција, Романија и Турција, која повторно влетала во војната и си го вратила Одрин со околните територии. Српско-бугарските и грчко-бугарските воени дејства ги опфатиле македонските краишта, меѓу кои и Струмичко. Според Букурешкиот мир Струмичка околија останала бугарско владение, додека соседните Малешевка, Радовишка и Гевгелиска — ги задржале Србите. На југ од

Беласица териториите ги заграбиле Грците. Границата со Србија на југ врвела јужно од селото Костурино, делејќи ги Струмица од Валандово.

## 2. ОПОЖАРУВАЊЕ НА СТРУМИЦА ОД ГРЧКИТЕ ОКУПАТОРИ ВО 1913 ГОДИНА

Во текот на летото 1913 година, Струмица и околијата доживеале уште една, втора по ред, краткотрајна, но вандалски жестока окупација од грчките војски. На 25 јуни, само девет дена по избувнувањето на Втората балканска војна, грчките војски ги разбиле бугарските позиции јужно од градот, и утредента влегле во него. Тие го прогнале непријателот на североисток, кон Малешко, Петричко и Кресненската Клисура. Неполн месец дена потоа се дознало дека Струмица и околијата, ќе □ бидат отстапени на Бугарија. По телеграфското соопштение за тоа од Атина, грчките воени власти ги започнале подготовките за евакуација на Струмичко. И за да се присили патријаршиското население масовно да го напушти градот, заедно со окупаторите, грчкиот командант, митрополитот Арсение и најфанатизираните струмички гркомани донеле решение, „градот да им го остават на Бугарите" изгорен и во пепелишта. Едновремено со ова грчкиот Главен воен штаб отпуштил превозни средства (коли, запрежен добиток и камиони) за масовна евакуација на населението. Иселувањето започнало на 28 јули и продолжило сè до 8 август 1913 година. Заедно со македонското патријаршиско население, градот го напуштиле, бегајќи кон југ, кон Солун и Цариград, и многу Турци, како и скоро сите струмички Евреи. Не мала улога во ова одиграла и масовната психоза на страв и несигурност, од претстојното доаѓање на новите окупатори, од кои поголемиот дел од овие луѓе, и тоа со право, не можеле ништо добро да очекуваат, иако

масата од нив не носела политички греови по однос на егзархискиот дел од населението. Да наспомнеме дека во метежните денови пред и по 5 октомври 1912 година, биле истепани не само со илјади Турци, туку и многумина невини Македонци, од обете партии — патријаршиска и егзархиска.

На 8 август грчките војски го запалиле градот. Следниот ден, Струмица повторно била запалена од повеќе страни. Во пламенот на војната, зафатена од стихијата на балканскиот шовинизам, таа доживувала денови на средновековно разурнување. Пожарите стивнале дури на 15 август 1913 година. Биле изгорени над 1900 јавни згради, цркви, куќи, кафеани, дуќани, магази, скоро сите објекти од културно-историска вредност итн. Патријаршискиот, турскиот и еврејскиот дел од градот биле скоро целосно опожарени, а тие и го сочинувале најголемиот дел од тогашниот град. Останале неопожарени само маалата „Бабјак" и „Чифлик". Благодарејќи на интервенцијата од протестантскиот мисионер У. К. Кунер, кој нарочно за тоа дошол од Солун, бил спасен од пожарите преостанатиот дел од градот. Струмица и нејзиното население, по доаѓањето на Турците, не доживеале поголема масовна катастрофа. Опожарувањето на Струмица се покажало најтрагичен и со најтешки последици настан за градот.

Согласно со одредбите на Букурешкиот договор, на 17 август грчките окупатори го напуштиле градот, оставајќи  го на бугарската војска, која истиот ден дошла во него. Новите завојувачи навистина ја нашле Струмица во пепелишта и урнатини. Освен градот настрадале и многу струмички села. Од Грците биле изгорени, целосно или делумно, селата Костурино, Раборци, Попчево, Дабиља, Ново Село, Зубово и Чам Чифлик. Последното село повеќе и не се обновило. При своето заминување грчката војска го запалила и прочуениот манастир во Вељуса, чии конаци, а делумно и цркви, исто така изгореле.

И по сиот овој вандализам и денес слушаме, како од грчка, така и од бугарска страна дека тие во 1912 — 1913 година ја ослободувале Македонија, па и Струмица. Тие, навистина „ја ослободиле" Струмица, но од нејзиното население и нејзините културни и материјални вредности, кое со векови живеело во ова катче и создавало за себе и за идните поколенија.

Но, не треба да се мисли, како што тоа го тврдат некои грчки автори, дека струмичките „Грци" доброволно и сами го запалиле она што го имале тие и нивните турски и еврејски сограѓани. Некои постари струмичани и денес раскажуваат дека палењето го извршила војската, помагана само од поединци — бивши андарти, терористи и разни нeранимајковци. Струмичките патријаршисти — домаќини, не се фатиле за огинот. Тоа го потврдуваат и некои новопубликувани документи. Впрочем, до денот на горењето на Струмица, тие и не останале во градот, туку сѐ уште патувале кон Дојран, Кукуш и Солун.

Присилно иселеното патријаршиско население, било потоа населено, главно во Кукуш (кој исто така бил разурнат од Грците) на местото од протераните Македонци, а делумно и во Солун. Предиспонирани уште во Струмица кон грцизмот, во новата држава кај ова население, грчката национална свест со текот на времето уште повеќе ќе се затврди.

Во времето и по Втората балканска и Првата светска војна, поради силниот грчки притисок или заради повлекувањето на линијата на Солунскиот фронт, од јужна, Егејска Македонија, избегале големи маси од македонско население кон север, барајќи засолниште во границите на тогашната бугарска држава. Голем дел од нив се населиле и во Струмица и нејзината околија, и тоа главно, на местото од протераното турско население. Овде дошле главно луѓе — бегалци, наречени „бежанци", од градовите Кукуш, Дојран, Порој и други места и од нивните села. Некои бегалци дошле и од солунските села. Тие се населиле, главно, во напуштените турски куќи и

села и тоа во Иловица, Штука, Добрешинци, Нова Маала, Сушево, Сушица, Секирник, Рабово, Турново, Борисово, Макриево, Габрово, Свидовица, Градско, Балдовци, Сарај, Гечерли, а најмногу семејства — во самиот град Струмица. Според еден податок од 1921 година, само во градот имало 2.700 лица бежанци.

По ваков начин, со воените метежи, пустошења и со присилните масовни миграции во една или друга насока битно се изменил и етничкиот и пропаганднополитичкиот состав на населението. Едновремено со ова, населението, особено во градот, нагло се смалило. Од 25.000 жители во 1910 година, неговиот број спаднал на околу шест и пол илјади жители во 1921 година. Од град со средна големина, Струмица станала опустошена, опожарена, и осиромашена паланка.

## ГЛАВА II

## СТРУМИЧКО ВО ВРЕМЕТО НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НЕПОСРЕДНО ПО ВОЈНАТА (1915—1919 ГОДИНА)

Со повторното воспоставување на бугарската воена и цивилна управа во Струмичко, воените дејства, пожарите и масовните протерувања на населението

престанале, но сосема за кратко време. Освојувачките апетити ја терале Бугарија да продолжи да се стреми кон нова војна и нови завојувања во Македонија, дотолку повеќе што светската, и особено балканската ситуација, станала повторно предвоена. По долги подготовки за првиот голем воен конфликт во Европа, конечно, во крајот на јули 1914 година Австрија ја нападнала Србија, по што воениот пожар мошне бргу се проширил и станал светски.

Бугарија одвај се додржувала нешто повеќе од година дена, да не влезе директно во војната. И, по едногодишната лажна неутралност нејзините управувачи, го турнале бугарскиот народ во нова воена катастрофа и тоа на страната на така наречените Централни сили — Германија, Австро-Унгарија и Турција. Во октомври 1915 година бугарската армија ја нападнала Србија, главно пак во Македонија, и за кратко време ја окупирала цела Вардарска Македонија, горе-долу, до линијата на денешната југословенско-грчка граница.

Всушност, бугарските непријателски акции против Србија, која од првиот ден на Светската војна војувала, започнале уште пред војната, а по нејзиното избувнување само се засилиле. Бугарската солдатеска и ВМРО на Т. Александров, Струмичка околија ја претвориле во истурена база за четнички напади против Србите. Струмица станала седиште на еден од двата најважни излезни пунктови на Т. Александровската ВМРО. Функцијата на пунктов началник на ВМРО овде ја вршел Костадин Ципушев, инаку зет од сестра на Т. Александров.

Но, најтешки воено-политички и дипломатски последици оставил врховистичкиот напад против српската војска од 2 април 1915 година, кога под командата на бугарски и австриски офицери и специјалисти (пиротехничари) биле нападнати српските гарнизони во Валандово и Удово. Овој напад □ го отворил патот за влегување на Бугарија во војната, кое

станало во октомври 1915 година. Во напнатата атмосфера во овој дел на Балканот, создадена со валандовската воена провокација, на 22 април 1915 година, што значи скоро во исто време, врховистите го убиле во Пирин и Јане Сандански кој активно му се спротивставил на бугарскиот воено-подбуцнувачки надворешно-политички курс.

Од друга страна, непосредно пред влегувањето на Бугарија во војната (14 октомври 1915 година) англофранцуски сили дебаркирале во Солун, со намера да ѝ дадат помош на Србија и да ја спречат Грција да влезе во војната на страната на Централните сили. Антантините (англо-француски) сили, по вардарската долина наскоро продреле до Криволак, со што се создал широк воен фронт во овој дел од Македонија. Во борбите кај Криволак, во овие денови, загинал како припадник на бугарската армија и Христо Чернопеев.

Овие преместувања на фронтовата линија го зафатиле и Струмичко. На 20 октомври 1915 година антантините сили ги разбиле бугарските позиции јужно од Струмица, а девет дена подоцна, неа ја окупирале француски единици кои, меѓутоа, останале овде само кратко време. Борбите продолжиле и во текот на идните два месеца, сè до почетокот на јануари 1916 година, и тоа сосема близу до градот Струмица. Во текот на ноември градот го бомбардирале неколку пати антантини авиони кои однеле и неколку човечки жртви.

Конечно, во јануари 1916 година, фронтовата линија се стабилизирала на југ од Струмичко, по ртот на Беласица и на Голак Планина, јужно од Костурино. Костурино, како и некои други села околу него, наоѓајќи се до самата фронтова линија, повторно настрадале. Едновремено со ова во градот и во селата Сачево, Добрејци и Робово, биле стационирани германски војски.

Линијата на Солунскиот фронт, минувајќи само десетина километри јужно од градот и подгорските села, носела нови разурнувања, страдања и ограбување на населението. Со трудот на воени заробеници и на

присилно мобилизираното месно македонско население биле изградени и два патишта од подножјето до сртот на Беласица — меѓу селата Габрово и Колешино, и над Смолари, по кои со коли и камионети биле снабдувани единиците на фронтот на Беласица. По нив била качена, до сртот на планината, и артилерија која ги биела антантините позиции од другата страна на Беласица.

Солунскиот, или наречен уште македонски фронт, конечно, во септември 1918 година бил пробиен од сојузничките војски, во што видно учество зела и српската армија. Пробивот на фронтот ја навестил скорешната капитулација на Бугарија. На 29 септември 1918 година, една бугарска владина делегација во Солун склучила примирје. Бугарската делегација успеала да издејствува Струмица да биде окупирана само од англиски и француски единици, без учеството на српска војска, очекувајќи неа да ја задржи и натаму за себе. Три дена пред тоа, англиски единици влегле во Струмица. Според одредбите на примирјето Струмица и Струмичка околија останале под привремена управа на бугарските цивилни власти, и на воените претставници на француската и англиската војска. Тоа бил некој вид кондоминиум, или заедничка бугарско-сојузничка цивилна и воена управа. Бугарска војска во Струмичко не останала. Во градот биле стационирани само 150 војници од француската колонијална пешадија, меѓу кои имало и африкански Црнци.

Привремената заедничка управа во Струмица завршила во ноември 1919 година. Според одредбите на Версајскиот (Нејски) мировен договор, на Бугарија  било наложено Струмица и нејзината околија да му ги отстапи на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, или Кралство на С. Х. С. Два момента најмногу придонеле да стане и оваа последна смена на туѓинските владеачи на Струмичко. Прво, нејзината близина до вардарската железничка комуникација, чие нормално функционирање не можело да биде обезбедено од нови четнички упади (слични на

оној од 2 април 1915 година кај Удово) и барањето на дел од населението да престанат безогледните грабежи од бугарскиот апарат и со него заортачените врховистички елементи, кои најчесто биле едни и исти лица. Затоа, на 16 ноември во Струмица влегле српски трупи и четници, а на 24 ноември 1919 година била извршена смена и на цивилната власт. Французите се повлекле од Струмица. Освен градот Струмица, Кралството на С. Х. С. добило и 66 села. Една мешовита воена комисија, уште пред тоа, ја повлекла граничната линија со Бугарија таму каде што таа и денес се наоѓа. Струмичко станало разурнат, периферен и зафрлен крај во стара Југославија. Впрочем тој бил крваво погоден и станал периферен и во составот на бугарската држава.

За сиот овој седумгодишен период од воени виори и пожаришта и од туѓински воени окупации на овој македонски крај, се вршела и најбезобѕирна денационализација, асимилација и најбездушна експлоатација на населението. Се ограбувале, по пат на воени реквизиции или на друг начин, селскостопански производи, домашна стока, запрежни превозни средства, присилно се мобилизирала работна рака, сето работоспособно машко население било мобилизирано во бугарската војска, во која многумина ги оставиле и своите животи по фронтовите во Македонија, или осакатени се вратиле од нив. Стопанството до толку било разорено што во пролетта 1919 година се јавила и глад во овој, инаку, вонредно плодороден македонски крај.

Но, и покрај воените режими и честите сменувања на туѓинските воено-окупаторски власти, македонскиот народ и во Струмичко наоѓал сили во себеси за давање на отпор, а за изменување во своја корист на постојната тешка ситуација. Одбегнувајќи да се борат за туѓи интереси, во текот на антантината воена кампања по долината на Вардар, во есента 1915 година, 670 војници само од Струмичкиот округ дезертирале кај Англо-Французите, или се одметнале во планините. Антивоената расположба која набргу прераснала во

револуционерен бран го опфатила и населението, и особено војниците на фронтовите. На фронтот на Беласица, со својата дејност се истакнала една група Македонци — социјалисти, додека при крајот на војната Малешевскиот крај станал центар каде што се собирале револуционизирани војници (Бугари и Македонци) и незадоволни Македонци од бугарската воеНоокупаторска власт. Тука се зачнал и оттука почнал походот на револуционизираните војници против Софија, против царот Фердинанд и владата на В. Радославов. Сите овие настани биле повлијани и од победата на Октомвриската социјалистичка револуција во Русија.

Своето незадоволство и револуционерна расположба населението ги изразило и на првите повоени парламентарни избори во Бугарија, во август 1919 година, кога на изборите во Струмица победа извојувале кандидатите на тогаш формираната БКП.

За ова, како и за останатата политичка активност во Струмичко во текот на последната година дена, па и потоа, големи заслуги имал Иван Илиев Ајдински. Тоа го потврдуваат и некои документи што останале од српските власти. Српските воени власти знаеле за неговата активност, знаеле дека Иван Илиев, веќе тогаш, бил познат македонски револуционер и комунист, адвокат при Окружниот суд во Струмица. Тој бил заштитник на сиромасите во судот и пред разни силници, та уживал голема популарност и поддршка од населението. Поради тоа, на молба од српските власти Иван Илиев бил протеран од страна на Французите од Струмица, уште пред да стане последното „примопредавање" на власта. Еден автор за неговата активност во овие години и подоцна, со право забележал:

„По политички убедувања и партиска припадност Иван Илиев беше комунист. Но преку него секогаш говореше Македонецот-комунист, кој секогаш ја имаше предвид Македонија, а судбината на поробениот македонски народ беше чест предмет на неговите

зборови и дела". Иван Илиев и во емиграција, во Горна Џумаја продолжил да игра важна раководна улога како комунист и Македонец, за што и бил ѕверски убиен од врховистите во септември 1923 година, против кои се борел цели дваесет години.

Веднаш по капитулацијата на Бугарија, и особено во текот на 1919 година (главно до склучувањето на Нејскиот договор), во Бугарија, Тракија и Пиринска Македонија, а во нејзиниот состав и во Струмица, меѓу македонските маси се разгорело едно широко народно движење, чие основно барање било силите — победителки да создадат од Македонија одделна македонска држава на Балканот, откако ја одземат од нејзините соседи и повторно ја обединат нејзината територија. Ова движење го започнале преостанатите живи санданисти, а на негово чело се нашле Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Михаил Герџиков, Никола Пушкаров и многумина други познати македонски револуционерни ветерани. Тие докажувале дека македонскиот народ не бил учесник во Првата светска војна на страната на победените, односно на Фердинандова Бугарија, туку и самиот бил жртва на оваа војна, поради што не заслужувал да биде третиран како победен. Тој не требало да биде распарчан и повторно поробен. Особено македонската емиграција, во Бугарија и надвор од неа, масовно се вклучила во ова движење и застанала зад своите сакани стари народни раководители.

Тоа било случај и со емиграцијата, бежанците и населението во Струмичко. Во Струмица и Струмичко се нашле многу емигранти и бегалци од Дојранско, Кукушко, Гевгелиско, Eнице Вардарско, Солунско и други места, кои на собири и со резолуции им дале поддршка на Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров, вклучувајќи се и самите во движењето за извојување на македонска автономна држава. Под резолуциите ги наоѓаме потписите на над 150 лица, мнозинството од кои останале тука и по 1919 година. Некои од

потписниците на овие документи и денес се живи и се граѓани на Струмица, додека на повеќето потомците им живеат во градот. За одбележување е и тоа, што меѓу нив најдовме и стари, поранешни жители на Струмица и активни учесници во револуционерното движење.

Меѓутоа, антантините сили — победителки, следејќи ја својата империјалистичка политика на Балканот, и посебно опрема македонскиот народ, ги санкционирале и поделеноста и новото национално ропство на македонскиот народ, не почитувајќи ја неговата општонародна волја за самостоен државен живот. Со воведувањето на големосрпската власт, кое уследило до крајот на 1919 година, било ликвидирано и ова ослободително движење на емиграцијата и на македонското население во Струмица и Струмичко. Од крајот на 1919 година го започнала своето владеење големосрпската буржоазија во Струмичко.

# ДЕЛ VI

## Струмица и Струмичко во времето на стара Југославија (1919-1941 година)

### ГЛАВА I

# ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА, ВЕЛИКОСРПСКИТЕ БУРЖОАСКИ ПАРТИИ И ТЕРОРИСТИЧКАТА ВМРО ВО СТРУМИЧКО ВО ПЕРИОДОТ ОД 1919 ДО 1941 ГОДИНА

## 1. ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА ВО СТРУМИЧКО

Тешките последици од Првата светска војна и влијанието од Октомвриската револуција која победи во Русија, се одразија силно врз револуционерното работничко движење и во Југославија. Буржоазијата во југословенските земји што се ослободија од Австро-Унгарија беше немоќна да му се спротивстави на револуционерното движење, мораше да испрати свои претставители во Белград да бараат да се соединат со Србија. Таа буржоазија мораше да се согласи на создавање на државата на Србите, Хрватите и Словенците. Од друга страна кон обединување на југословенските народи се стремеа и нивните најнапредни синови, но тие, исто така, го поставуваа прашањето во каква положба ќе се најдат одделните народи во новата држава. Тие оправдано се плашеа да не дојде до тоа едно национално угнетување да се замени со друго. При ова обединување и создавање на државата на СХС, дојде до спогодување на буржоазијата, која сакаше да го спречи ширењето на револуционерното движење и да си обезбеди ограбување на работниците, селаните и воопшто на трудбеничките маси.

Обединувањето донесе национално угнетување и бездушна експлоатација на трудбеничките маси и терор од страна на жандарите. Се случи она од што

напредните луѓе најмногу страхуваа. Националното и социјалното угнетување спроведувано во Австро-Унгарија и Турција до војните, беше заменето со ново, со она на великосрпската буржоазија.

Уште за време на изборите за Уставотворното собрание во есента 1920 година, а покасно и во самата Скупштина, при донесувањето на Уставот, се покажа дека ќе мора да се води тешка борба против државните концепции за великосрпска хегемонија на чело со кралот. Уставот наложуваше централистичко уредување кој го негираше постоењето на одделни нации во државата на СХС. Великосрпската буржоазија во новосоздадената држава веднаш отпочна да спроведува свој режим на национално обеспразување и угнетување, со што напнатоста во земјата растеше.

Политиката на великосрпската буржоазија кон Македонците започната уште во 1912 година, не се измени ни по создавањето на новата држава. Таа се сведе на терор, експлоатација и ограбување на македонскиот народ. Ваквата политика, спроведувана со помош на жандарите, „државните комити" и слично, даваше можност за збогатување на великосрпската буржоазија.

Влегувањето на српските единици при крајот на 1919 година во Струмичка околија народот не го прими како ослободување. Народот на нив гледаше како на туѓинци дојдени против негова волја. Македонскиот народ и во Струмичко бараше автономна македонска држава, а доби нова туѓинска окупација по силата на империјалистичкиот Версајски договор.

Во Струмица во тоа време владееше безработица; селаните беа во тешка положба, поради нерешеното аграрно прашање, а занаетчиството — во опаѓање, поради продорот на поевтина индустриска стока. Малубројната интелигенција беше шиканирана, без можности да го најде своето место во новата држава. Кога на тоа се додаде и жестокото национално угнетување, може да се објасни зошто сè повеќе

широките работни маси ги зафаќаше едно масовно незадоволство. Заедно со српските војски дојдоа не само жандари, кои ги имаше во секое второ или трето село, туку се назначуваа од Србија и сите чиновници, во сите установи и служби. Тие во поголем дел беа полуписмени.

Бројот на населението во Струмица во тој период спадна на околу 6.500 жители. Во градот останале само околу 500 души Турци, додека другите беа Македонци. Од овој број во градот живеат околу 2.700 бежанци, доселени најповеќе од Кукушко во Втората балканска војна. Исто така, и во селата останувааат да живеат Турци, а некои села беа населени со бежанци. Струмица беше седиште на околија, во составот на Тиквешки округ. Во Струмица уште со доаѓањето на српските трупи се установува околиско начелство, финансиска управа, околиски економат и други слични установи кои требаше да ја обезбедат експлоатацијата и угнетувањето на македонското население.

Основните занимања на населението и натаму останале дотогашните. Според податоците од 1922 година, Струмица и околијата најповеќе се занимаваа со земјоделство, сточарство, трговија и занаетчиство. Покрај тоа што земјоделското производство е екстензивно, Струмичка околија се јавува како стоков производител на голем дел земјоделски производи, а особено на индустриските што се наменети за пазар и добар дел од нив се извезуваат на странските пазари. Најодгледувани земјоделски култури се житото, пченката, оризот, памукот, афионот, свилената буба, тутунот и друго. Сообраќајот, се до 1930 година, се одвива најмногу преку железничката станица Удово, оддалечена околу 42 км. од градот, како и со запрежни коли (коњски и биволски), товарана стока, дури и со камили. Слабиот сообраќај го сопира стопанскиот развиток на околијата. Трговијата најповеќе се одвива со Скопје, додека врските со Солун постепено слабеат, за на крајот и сосема да исчезнат. Трговијата на големо е во рацете на неколкумина крупни трговци, кои наедно

се и извозници, како Зекри Алилов, браќата Темкови, Илија Каратанев и други.

Занаетчиството беше во постојано опаѓање. Македонското занаетчиство го упропастува внесената индустриска стока од другите краеви на Југославија. Многу занаетчиски дуќани се затвораат. Тоа доаѓа до израз особено по 1929 година, кога занаетчиите се претвораат во паупери, бидејќи не можеа да се запослат како индустриски работници. Неопременоста на занаетчиите со помодерни средства за работа, исто така, придонесе за пропаѓање на занаечиството. Така, на пример, кондураџиските дуќани масово се затвораат, по отворањето на продавниците за кондури на претпријатието „Бата". Барајќи излез, тие испратија делегација во Белград, со молба да се затвори продавницата на „Бата", за да можат натаму некако да живеат, но наместо тоа, „Бата" отвори свои продавници и во некои поголеми села. Во таква тешка положба беа и другите занаетчии и многумина од нив се враќаат на селско-стопанска работа.

Паѓањето на цените на земјоделските производи, особено по воведувањето на шестојануарската диктатура во 1929 година, кога започнува и големата економска криза, ја влоши состојбата на селаните во Струмичко. Големата презадолженост за откупената земја од турските чифликсајбии, и високите камати на добиениот кредит, уште повеќе ја влошува нивната положба. Ваквата лоша состојба на селанството се одрази и врз занаетчиството и трговијата во градот. Голем дел ситни и средни трговци ги затворија своите дуќани и се приклучија кон и така големиот број безработни, или се ориентираа на земјоделие, бидејќи индустриски претпријатија во Струмица не постоеа сè до 1945 година.

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА АГРАРНАТА РЕФОРМА И КОЛОНИЗАЦИЈАТА НА СТРУМИЧКО

Аграрната реформа и колонизацијата на таканаречените „јужни краишта" претставуваше ново средство во рацете на великосрпската буржоазија за ограбување, притисок и денационализација на македонското население во Струмичко.

Во 1920 година, се изврши прогласувањето на таканаречените „Преодни одредби", во „Законот за подготовка на аграрната реформа", со што се настојуваше да се спречи отстапувањето и поделбата на беговската земја на селаните во Вардарска Македонија, што тие ја обработуваа, а овој земјишен фонд да се задржи за спроведување на колонизацијата. Тоа е потврдено и со „Законот за колонизација" донесен во 1922 година. Со разни мерки се одлагаше спроведувањето на аграрната реформа и постојано се поврзуваше со колонизацијата, која претставуваше една од мерките за денационализација и асимилација на македонскиот народ.

Голем дел од струмичките села, а особено полските, беа чифлизи, сопственост на турските бегови сѐ до 1912 година. Селаните на овие земји беа чифлигари. Со Балканските и Првата светска војна, се создаваат повеќе слободни селскостопански имоти, главно со откупување на земјата од Турците. По создавањето на државата на СХС, селаните се надеваа дека земјата што со векови ја обработувале, ќе им биде доделена и дека аграрното прашање ќе биде решено во полза на сиромашните селани и беззмејашите. Наместо тоа, се отпочнува со населување на колонисти од другите краеви на Југославија, а за остварување на денационализаторски и воено-стратешки цели. Според Уредбата за „Ново ослободените" и присоединети краишта, право на населување имаа сите граѓани во државата на СХС кои се занимаваат со земјоделство, а немаат земја или немаат достатно сопствена обработлива земја. Според дефинитивниот Закон за

колонизацијата на „јужните краишта" од 1931 година, покрај на сиромашните селани, им се даде право да бараат земја како колонисти и на селски и градски занаетчии, чии занаети се во опаѓање; на пониските државни чиновници, на служба во пограничните краеви, на доселениците кои купиле земја во „јужните краеви" или би купиле таква за создавање на угледни економии, на агрономи, аграрни задруги, оптанти, доброволци од војните — „солунаши", четници за кои се предвидуваа поголеми права и други.

Овој Закон им даваше можност на голем број шпекулантски елементи да се здобијат со земја — како што се жандари, граничари, општински и други чиновници, учители, попови и други. Така, наместо да добијат земја оние што ја обработуваат, т.е. македонските селани, таа им се делеше на луѓе што не се занимаваат со обработка на истата, ами ја даваа под наем на сиромашните селани. Проблемот дотолку повеќе тежеше што тие беа доселени туѓинци. Познати беа во Струмица Перо Ровчанин, Радивоје Јанковиќ и други, кои како жандари добија земја крај самиот град, а им ја обработуваа други. Нов бег стана и учителот Васо Браевиќ во селото Турново, чија земја ја обработуваа наполичари итн.

Меѓу двете светски војни во Струмичка околија беа создадени 28 колонии, со околу 200 колонистички семејства. Најмногу колонисти имаше во самиот град, каде што до 1924 година за нив беа задржани 260 хектари земја, а се опфатени бавчите и местата предвидени за градежни плацеви. Оваа земја беше поделена на „сигурни" елементи. Месните аграрни интересенти, селаните кои немаа земја, за цело време на стара Југославија беа измамувани, земја им се ветуваше пред изборите, а кога ќе поминат тие, се одеше по старо. Покрај градскиот синор, се населија колонисти или се создадоа колонии во селата: Баница, Анѓелци, Градашорци, Гечерли, Секирник, Ново Коњарево, Ново Село и други.

Сето ова, кај месното македонско население, држано во неизвесност долги години, предизвикуваше револт, и тие изгубија секоја доверба и надеж дека ќе добијат земја. Неочекувајќи дека ќе дојде до промени што ќе ја подобрат нивната положба, во 1935/36 година, 42 македонски семејства од Струмичка околија, поднесоа молби, со кои бараа да се иселат од Југославија, зашто немаа никакви услови за живот. Тие во своите молби наведуваа: „дојдов до заклучок дека во Југославија не можам да живеам, па решив да се иселам", или други изјавуваат „изгубив доверба во целата држава Југославија која не нè третира подеднакво со другите граѓани од старите граници". Од овие изјави се гледа во каква положба биле ставени селаните во Струмичко.

На турските бегови, бивши сопственици на земји, им се дозволи да ги продаваат своите чифлизи на селаните. Последните пак беа принудени да се задолжуваат во банките и кај градските зеленаши, за да ја откупат земјата од беговите. Поради тоа многу селани се најдоа во тешка положба, бидејќи мораа да отплатуваат високи камати, а своите производи, особено по 1929 година, ги продаваа по многу ниски цени. Секојдневно беше појавата да се продаваат имотите, инвентарот и работниот добиток на селаните на лицитација. На тој начин, многу градски лихвари и трговци се здобија со големи површини земја. Им беше дозволено и на избеганите бегови во Турција да се вратат, или преку полномошници да ја продаваат земјата на селаните.

Иако во Македонија постоеше глад за земја, се настојуваше да се колонизира граничниот појас спрема Бугарија и Грција и тоа од посебни причини. Така и во Струмичка околија поголемиот дел од земјишниот фонд беше доделен на колонисти, меѓу кои поголемиот дел беа жандари, четници, чиновници и слично.

## 3. ПРОСВЕТНА И ЗДРАВСТВЕНА ПОЛОЖБА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СТРУМИЧКО

Просветната политика што ја спроведуваше великосрпската буржоазија во Македонија, за остварување на своите денационализаторски планови, драстично се почувствува и во Струмичко. Работата на училиштата, на културно-просветните и други организации и друштва, беше подредена на официјалната политика за посрбување на македонскиот народ. Со создавањето на државата на СХС неписменоста во Струмичка околија започна рапидно да расте. Особено по селата ретко можеа да се најдат писмени луѓе, но ситуацијата не беше многу подобра и во градот. Школи имало дотогаш малку, но наместо да се градат школски згради, скоро во секое село се гради жандармериска станица. Оние села кои сами си изградија училишта не добиваа учители. Народот се остава да живее непросветен, за полесно да може да биде поробуван и експлоатиран. Во 1921 година, според статистичкиот преглед на Вардарска просветна област, во цело Струмичко работеле само четири основни училишта со 16 одделенија, во кои учат вкупно 582 ученика. Во Струмичка околија, со преку 70 села, работеле 16 постојани учители, 4 повремени и 3 вероучители (свештеници). Во повеќето села имало некакви училишни згради, останати од пред 1912 година, но тие стојат по неколку години затворени и се изложени на распаѓање. Седумнаесет училишта со 25 училници, поради „немање" на учители, не работат. Покасно се отвораат основни училишта во поголемите села, а во 1924 година и неполна гимназија во градот, што беше сместена во една стара турска куќа. Под какви услови работела гимназијата се гледа од написот на Ј. Гашпаревиќ кој меѓу другото вели: „Не влегувајте во зградата на гимназијата. Во неа ќе најдете неволја и сиромаштија. Таа зграда е наша национална срамота.

Попусто енергичниот и способниот директор Џамоња се довива на многу начини да ги дотера в ред ѕидовите и скалите и да го поправи подот. Свири ветар низ дупките кои зјапат меѓу штиците. Достојни се за почитување наставниците и многубројните деца што поучуваат и се учат во таквите училници. Ние присуствувавме еден ладен ден на пробата на хорот. Сеедно, иако од устата навира врел воздух, во ладниот воздух одекнуваат младите гласови и срца"*(1)). Состојбата на основните училишта беше далеку полоша од гимназијата.

Кога големосрпската владеачка буржоазија се увери дека процесот на асимилација не оди така брзо како бил замислен, се пристапи кон укинување на гимназиите. Покрај другите во Македонија е укината и неполната гимназија во Струмица, и е сведена на нижа гимназија. По воведувањето на диктатурата на кралот Александар од 6 јануари 1929 година, е укината и нижата гимназија и на тој начин е оневозможено секаквото натамошно школување. Само најбогатите граѓани можеа да ги праќаат и издржуваат своите деца да се школуваат во другите градови, каде што постоеја гимназии и други училишта. Многу мал број младинци можеа да добијат стипендии за да се школуваат во вишите школи и факултети. Една единствена училишна зграда е подигната за дваесетдвегодишното владеење на кралска Југославија, на местото на некогашната „грчка" црква. Наставата се изведуваше на српски јазик, а во школите им се забрануваше на децата и во слободното време да се служат со македонскиот јазик. Малиот број Македонци — учители, кои работеа во градот и околијата, по шестојануарската диктатура беа преместени во разни други краеви на Југославија, да не би влијаеле врз развивањето на националната свест на децата. На Турците, покрај тоа што преставуваа незнатно малцинство во градот, им беше дозволено да отворат комбинирана паралелка во градот во „Горното училиште", и децата да се учат на турски јазик, а за

наставник беше одреден бившиот турски капетан Селами Хашим-бег.

Огромниот дел од децата што завршуваа основни училишта, беа принудени да се определуваат за изучување на занаети или за земјоделие. Најголем дел од младите останува општи работници, и оттука голем број општа и евтина работна сила во Струмица и околијата.

Во есента, 1929 година, во Струмица беше отворена Нижа граѓанска гимназија, на местото на укинатата Нижа гимназија. Покрај тоа што граѓаните не беа во доволна мера запознаени со статусот на таканаречените граѓански училишта, пројавија голем интерес за запишување на учениците. Овој интерес не се намали ни по одлуката на Министерството на просветата, учениците од граѓанските училишта да не можат да го продолжат школувањето во гимназиите и другите средни училишта. Во ова училиште просечно учеа околу 150—160 ученика, но и по неговото свршување, пак се определуваа за изучување на занаети, бидејќи понатаму не можеа да се школуваат. Училиштето немаше своја зграда, туку беше сместено во една зграда на крајот на градот. Со големи маки граѓаните успеале да ги добијат училата и инвентарот од затворената гимназија. Наставата не била на висина, поради немање на наставнички кадар. Во училиштето работеа 5 постојани наставници и 3 хонорарни од кои еден лекар, еден судија и еден инжењер. Училиштето беше издржувано исклучиво од општината во Струмица.

Ваквата систематски спроведувана просветна политика, имаше за цел да не се дозволи прогрес на интелектуален, политички и на економски план на македонскиот народ; да не се издигаат месни интелектуални кадри, а со цел да се олесни ограбувањето и однародувањето на нашиот народ.

Ни дваесетгодишното големосрпско владеење не донесе подобрувања во просветната положба на народот. Во Струмица и околијата во 1940 година имало 18.157 неписмени лица, спрема 16.382 писмени, што изнесува

околу 53% неписмени. Или на околу 1.100 жители доаѓаше едно училиште. Овој резултат беше полош отколку во турско време, иако некогаш македонскиот народ и во Струмичко немаше свои училишта, туку ги користеше училиштата на туѓите пропагатори.

Во стара Југославија ни на планот на народното здравје не се обрнуваше скоро никакво внимание. Во Струмица и околијата, и покрај тоа што кон неа гравитираа уште неколку други околи (Малеш, Валандовска и Радовишка), немаше ни болници, ни каква и да е друга здравствена установа. Во градот работеа неколку лекари во своите приватни амбуланти и тоа беше сè . Некаде пред Втората светска војна, основана е Здравствена задруга, која назначи свои лекари, прво во Босилово, а покасно и во Ново Село. Смртноста на население, поради лошите животни услови и слабата исхрана, била голема. Покрај туберкулозата што го косела, населението најмногу боледува и умира од маларија. Струмичка околија била позната како крај каде што имало најголем процент на заболувања од маларија. Маларијата го уништувала овој крај, не само здравствено, туку и економски. Поради големата сиромаштија и скапите лекарски интервенции, народот повеќе се лекувал со бапски лекови. По отворањето на таканаречената Маларична станица во 1925 година, лекувањето на маларијата се одвива нешто подобро и на сите заболени им се дава кинин. Во 1925 година, процентот на заболени од маларија изнесува околу 65—85% од вкупниот број на населението. Тоа беше тешко социјално зло. Покрај здравствениот дом во Струмица, отворена е и здравствена амбуланта во селото Моноспитово. Во здравствениот дом, сè до 1934 година, работи само еден лекар и неколку болничари, а од 1934 — 1941 година два лекара. Низ здравствените маларични амбуланти во текот на 1926 година поминале 21.525 заболени лица од маларија, во 1927 се јавува 26.690, во 1928 — 22.407, а во 1930 — 35.232. Годишно е трошено од 70—125 кгр. кинин. Овие цифри сепак не

го покажуваат точниот број на заболените од маларија, бидејќи голем број заболени не се јавуваат на лекар или во здравствената станица за лекарска помош. Здравствената станица како и амбулантата во Моноспитово примаа болни само заболени од маларија, додека од други заболувања не примаа. Домот на здравјето, покрај тоа што даде голема помош во лекувањето на заболените од маларија, не успеа да ја искорени маларијата, зашто и не се преземаа никакви мерки за нејзиното искоренување, за исушување на мочуриштата во Струмичка околија што беа легла на комарците, ниту се преземаа други мерки за сузбивање на изворите на заразните заболувања. Познато е дека Струмичка околија, особено полските села, немаа текушта вода за пиење и се употребуваше вода од нехигиенски бунари. Дури помеѓу 1935—1941 година, во десеттина полски села, со сопствени средства, селаните ископаа артерски бунари и го решија прашањето на вода за пиење. Од маларијата најповеќе страдаа колонистите и доселениците, кај кои и смртноста од ова болест е најголема, особено кај нивните деца. Поради тоа 1935—1937 година, дел од колонистите од селото Гечерли (Личани и Херцеговци), иако беа населени на богато земјиште, ги напуштија имотите и се вратија во своите краеви, бегајќи од маларијата.

Овие проблеми се „решаваа", само пред општинските, а особено пред парламентарните избори. Тоа беа главните адути на сите кандидати од буржоаските партии. Сите тие, од д-р Аџи Велко, преку Бесарабиќ, па до д-р Фиданчев и Милчо Стојанов, ветуваа пред изборите дека покрај решавањето на аграрното прашање, ќе го исушат и Моноспитовското блато. Од 1920 па сè до 1941 година, не само што не се презеде ништо за исушување на блатото, ами под вода остануваа, секоја година, сè поголеми обработливи површини. (Моноспитовското блато е исушено 1947/1948 година). Во 1924 година, биле отпуштени 700.000 динари државни средства за претходни работи

(проекти и друго) за исушувањето на Струмичкото Поле, но не се извршени никакви работи. Каде пропаднале овие пари, до денес останува неразјаснето.

Така и по прашањето на здравството во Струмичка околија не е вложено ништо. Големосрпските владеачи во овие краеви како и во другите краеви на Македонија, единствено настојуваа што повеќе да извлечат и да се збогатуваат на сметка на тешкиот живот на македонското население.

## 4. ВЕЛИКОСРПСКИТЕ БУРЖОАСКИ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ ВО СТРУМИЧКО

Напомнавме дека во Струмичка околија по доаѓањето на српските трупи и под строгиот режим на власта била забранета секаква политичка активност на прогресивните сили. По воведувањето на Обзнаната, уште повеќе се заоструваат условите за политичка активност во Македонија, а посебно во струмичкиот крај, каде што дејствуваат терористите на ВМРО на Тодор Александров, уфрлувани од Бугарија. Тешките удари, нанесени од страна на централистичката власт против КПЈ, внесоа уште повеќе дезориентација кај населението, а на великосрпските буржоаски партии помагани од власта, им беше овозможено да шират своја активност и да се јавуваат како единствени политички фактори. Дел од населението, кое воопшто беше антирежимски настроено, немајќи други можности се ориентира, по 1920 година кон Демократската партија која во тоа време беше опозициона, а друг дел привремено се сврте и кон Тодор Александровската ВМРО.

Сè до шестојануарската диктатура во 1929 година, во Струмичко дејствуваа главно две партии —

Радикалската и Демократската, кои во однос на политиката кон македонскиот народ не се разликуваа. И едната и другата не му признаваа на македонскиот народ национална индивидуалност.

На општинските и парламентарните избори во 1920 година, овие две партии истакнуваат свои кандидати, ослонувајќи се на дел од градските трговци и одделни поимотни селани. На изборите 1923 година, Радикалската партија ветува дека ќе им дозволи пословодно делување на елементите на ВМРО и во резултат од ваквата политичка диверзија, Панде Црнгаров — Куклишки, раководител на Околискиот комитет на ВМРО, се определува селата што се под негово влијание да гласаат за радикалите.

Но обете овие партии не можеа да најдат поткрепа кај масата од населението. Тие успеаја да придобијат неколку поимотни луѓе од градот и селата, ветувајќи им обезбедување на претседателски места по општините, пратенички мандати и друго. Овие партии во Струмичко, главно, ги поддржуваа чиновници, доселеници и колонисти. Дел од домашната буржоазија, кој се беше поврзал со нив, а покасно и со Земјоделската партија, претставуваше послушно орудие на партиските штабови од Белград. Овие поединци од средината на македонското население не успеаја да се претворат во политички фактор со сопствени гледања и сопствена програма за политичкиот и општествен развој, а основно им беше — кариеризам и збогатување. Оттука произлезе тоа што масите набргу се разочаруваат во нив.

Активноста на овие партии беше поголема само пред општинските и парламентарните избори, во борбите за места во општините и парламентот. Интересно е да се спомне дека пред секој парламентарен избор беа истакнувани нови лица, за да не им се даде можност на месните луѓе, иако се тие без сопствена политичка платформа, подолго време да бидат бирани во општините и парламентот. Обична беше појавата еден кандидат, помаган и фаворизиран од власта, да биде

избран на едни избори, и веќе на следните, полицијата да е против него, а за новоистакнатиот негов противник. Обично беа избирани оние (освен на изборите во 1920 година, кога е избран кандидатот на КПЈ и на општинските избори во 1936 година, кога се избрани општински управи во три општини од листата на здружената опозиција), што се поддржани од власта. Не беше редок случајот и на радикалската и на демократската листа, на изборите да се истакнуваат кандидати од српска националност, при што постојано се намалуваше бројот на пратениците — македонци. Така, кандидирани се Бесарабиќ 1923, Аќимовиќ — 1935 и 1938 година и други. Како се сменуваа буржоаските партии на власт, така ја менуваа својата партиска припадност и месните граѓански политичари во Струмица. Така, на пример, д-р Фиданчев во 1927 година е избран на листата на Радикалската партија за претседател на општина Струмица. По шестојануарската диктатура, кога беа ограничени и оние минимални права на народите на Југославија, потврден е мандатот на д-р Фиданчев за претседател на општината, а во 1931 година, со благослов и поддршка од полицијата, е избран за пратеник на листата на Југословенската национална странка (ЈНС). Во 1935 година, на петомајските избори е кандидат на листата на ЈНС, но сега полицијата е против него, а за д-р Јордан Аќимовиќ, за во 1936 година д-р Тома Фиданчев да стане активен приврзаник на Југословенската радикална заедница (ЈРЗ), што ја формира Милан Стојадиновиќ. Таков беше случајот скоро со сите граѓански политичари. Од страна на великосрпските граѓански партии беа кандидирани само оние Македонци, кои се беа претвориле во извршители на волјата на нивните наредбодавци и на режимот.

Населението од Струмичко не им даде активна поддршка и не пројави интерес кон активноста на овие партии. Напредните елементи од Струмичко, особено од 1935 година наваму, беа известувани и ориентирани од работниците-струмичани, кои работеа во Белград, каков

став да земат и за кого да гласаат на изборите. Тие пред изборите доаѓаа во Струмица и на нелегални собори и излети ги упатуваа напредните работници како да се однесуваат на изборите. Така, во 1936 година, на општинските избори се зема став да се агитира и гласа за кандидатите на здружената опозиција. Во резултат на тоа, во две селски општини — Босиловска и Муртинска, како и во градот, беа избрани кандидатите на здружената опозиција. Работниците и селаните гласаа за опозиционерските кандидати, не затоа што се солидаризираа со програмската политика на партиите што ја сочинуваат здружената опозиција, бидејќи таа суштински не се разликуваше од политиката на владеачките партии, туку барем на овој начин го искажуваа своето незадоволство од политиката на владеачката великосрпска буржоазија во Македонија. Влијанието и авторитетот на напредни младинци, кои беа во контакт и под влијание на работниците работеа во Белград, а најповеќе под влијание на Благој Јанков — Мучето, по изборите во 1936 и 1938 година, знатно нараснаа, а покасно тие младинци се истакнаа како носители на македонски и прогресивни идеи во предвоениот период во Струмичко.

Со ваквото свое непостојано и безлично држање, граѓанските политичари не успеаја да спечалат кај народот ни авторитет ни доверба. На населението му станувaше сè појасно дека сè тие спроводници на великосрпската политика, раководени не од интересите и стремежите на народот, ами од своите сопствени интереси, за полесно збогатување и приграбување на положаи. Оттука доаѓа фактот што тие немаа поддршка ни како личности, ни како месни раководители на овие политички партии.

## 5. ТЕРОРИСТИЧКАТА ВМРО ВО СТРУМИЧКО

Природното незадоволство на македонскиот народ од жандарскиот режим на великосрпската буржоазија уште веднаш се зафатија да го експлоатираат и искористат за свои цели владеачите во соседна Бугарија, кои ја продолжија својата политика спрема Македонија иако беа поразени во Првата светска војна.

Тие пак се послужија со ВМРО, сега претворена во нивно терористичко орудие со кое комадуваше Тодор Александров. Веднаш по доаѓањето на српските трупи во Струмица, почнуваат да дејствуваат вооружени групи на ВМРО. Така една чета дејствува под водство на Димитар Димашо, во која влегуваат Атанас Чонев, Борис Изворски и други. Димашот за својата успешна пљачкашка и терористичка работа, покасно бил поставен за „околиски војвода" во Кукушко. Оваа група се движи по Струмичка околија, и најмногу работи со уценување на поедини поимотни лица кои се принудени да ги исплаќаат бараните суми, до колку не сакаат да бидат ликвидирани. По низата извршени убиства, пљачки и уцени (а по убиството на Кочо и Афродита Каратаневи во јули 1921 година, во бањите Банско, затоа што одбиле да ја исплатат уцената од 50.000 динари), подгонета од жандарите, оваа банда ја напушта територијата на Струмичка околија и се засолнува на територијата на Бугарија.

Истата година се јавува друга група од неколку души и тоа составена од луѓе на Тодор Александров, која го тероризира и ограбува населението во околијата. Неа ја предводел Томе Филев, роден од село Сачево — Струмичко, со Панде Грозданов и Харил Драганов. Оваа група се криела во село Сачево, кај некои роднини на Томе Филев. Тие наскоро се откриени од жандарските потери и се разбегуваат на разни страни. При самото судирање, паднал убиен Панде Грозданов. Харил Драганов бил фатен во близината на Ново Село, а само Томе Филев успева да се префрли на бугарска територија. Томе Филев прв почнал да шири гласови во

Струмичка околија дека ВМРО е обновена и го повикува населението да ја помага.

Во пролетта 1922 година, ВМРО во Струмичка околија испраќа вооружена чета, која броји 20—30 опробани терористи на чело со војводата Ѓорѓи Вндев, и секретар Костадин Мишев. Вндев е роден во Еницце Вардарско, инаку бил човек колку ограничен толку суров и крволочен. Горѓи Вндев одамна бил четник кај врховистите. Оваа чета била наречена — „Струмичка околиска чета". Таа отпочнува со посистематско организирање на недоволните луѓе низ Струмичка околија. Оваа предизвикува власта да формира свои контрачети, покрај тоа што имала на располагање многубројна војска и жандари. Формирана била контрачета од Коста Печанац, на чие чело бил поставен Илија Трифуновиќ — „Луне војвода". Таа престојувала во Струмичка околија 2—3 месеци и по наредба на власта се повлекла, зашто предизвикала огорчување кај населението. Наместо да водат борба против уфрлените чети на Тодор Александров од Бугарија, српските четници одат по селата, пијанчат, злоставуваат и пљачкаат, со што придонесуваат народот уште повеќе да се определи против власта и да ги помага четите испратени од Бугарија. Бил испратен и еден одред, составен од Руси-белогардејци, но тие биле уште потежок товар за селаните. Била организирана уште една контрачета на чие чело се наоѓа Иван Пањошов, отпадник од ВМРО. Тој неколкупати се судрува со четата на Вндев, поради што таа одлучува да го убијат Пањошов. Во 1922 година, во кафеаната на Гоно Ѓунулиев биле испратени терористите Панде Николов — Струмички и Петар Костурски да извршат атентат. Од фрлената бомба биле убиени синот на Гоно Ѓунулиев и еден студент од Пехчево, а неколку невини лица се ранети. Потоа терористите на ВМРО вршат нови атентати и убиства. Тие ги убиваат месните луѓе — Македонци, под изговор дека се соработници на Србите, додека државните великосрпски органи — полициски

писари, жандари, општински деловоѓи, даночни чиновници и други биле поштедувани, освен ако не се работи за вооружени судири помеѓу бандите на ВМРО и жадармеријата, каков што бил случајот со судрувањето во селото Белотино на 22 март 1922 година, кога се истепани десеттина жандари.

Кон организирање на инаку незадоволното население, од страна на групата на Тодор Александров, се пристапило уште во 1921 година. Најпрвин се создаваат организации по селата. Формиран бил Околиски комитет, чиј раководител станал Панде Црнгаров-Куклишки, од селото Куклиш. Во прво време на селаните им пристапуваат луѓе кои пропагираат дека се борат за „слободна" или „автономна" Македонија. За остварување на таа своја цел тие го експлоатираат недоволството од суровите методи на владеење од страна на власта. Исто така тие го користат авторитетот на Костадин Мишев, секретарот на четата на Вндев, кој бил доста познат во околијата и вешт организатор. Потоа се присилуваат луѓето со разни притисоци да ѝ пристапат на терористичката ВМРО. Секој кој би одбил да соработува со нив бил прогласуван за шпион, соработник на србите и ликвидиран. Во прво време седиште на Околискиот комитет е селото Куклиш, а од 1923 година — Моноспитово. По убиството на Панде Црнгаров-Куклишки. раководител на Околискиот комитет станува Атанас Ансаров.

Во пролетта 1922 година е создаден и Градски комитет на ВМРО. Прв раководител на Градскиот комитет бил Дончо Илиев, даночен чиновник, а покасно — Глигор Киров; секретар Арсо Кујумџиев, а за градски војвода бил поставен Васил Катин — Голаш. Главна и основна активност на Градскиот комитет била собирање пари во злато за терористичката ВМРО преку уцени на населението. Комитетот добива налог од ЦК на ВМРО во Бугарија да состави список на имотните и „сомнителни" граѓани, кои покасно биле приморани да платат определена сума. Градот бил задолжен да плати 3.000

турски лири во злато. Граѓаните одбивале да го платат обложениот данок и за да ги заплашат, посебно оние кои им било веќе наложено да платат определена сума, во 1922 година, терористите обесуваат двајца Турци од селото Свидовица крај градот, во маалото „Свети Петнаесет" и на градите им прикачуваат натписи „така се казнуваат шпионите", со снимката на Вндев. Од овој ѕверски акт се исплашуваат многумина во градот, особено оние што биле задолжени да предадат пари. Луѓето кои дотогаш одбивале да ги предадат парите на терористичката ВМРО, потоа сами ги барат членовите на Комитетот за да се „откупат". Власта по извршените убиства во селата Босилово, Пиперево, Свидовица и други, започнува да им дели оружје на сите лица — чиновници, колонисти и доселеници од српска националност, за одбрана од четата на Вндев. Не само на градот, туку и на селата им било наложено да предадат поголеми суми злато на терористичката ВМРО. Селата биле задолжени да исплатат од по неколку стотини до две илјади лири, во зависност од големината и имотната состојба на селото.

Селата во Струмичка околија биле поделени на два реона. Оние во подножието на Беласица биле потчинети на Панде Црнгаров-Куклишки, а полските и огражденските на Атанас Ансаров. Со градот раководел Градскиот комитет, потчинет на Околискиот комитет, а обата — на околискиот војвода Ѓорѓи Вндев. Во повеќето села постоеле селски раководства, на чело со селски раководител. Улогата на раководителот била да го собира наложениот „данок", да обезбедува сместување и храна за околиската чета, префрлување на одделни четници или нелегални од едно село во друго и одржување на врски со комитетот и четата. Селската чета требало да  помага на околиската чета на Вндев, во извршувањето на разните терористички акции. Селските и градскиот војвода биле извршители — екзекутори на одлуките на околискиот војвода. По ваков начин терористичката ВМРО, обилно се користела со богатото искуство, и го

експлоатирала името и традицијата на некогашната вистински македонска и народна организација од времето на Гоце Делчев.

Многу наивни луѓе од градот и околијата, во периодот од 1920—1923 година, веруваа дека од оваа организација ќе добијат некаква заштита и дека таа се бори за ослободувањето на Македонија, бидејќи со такви пароли истапува пред населението. Но, не требаше да мине многу време за луѓето да увидат дека тоа се обични пљачкаши и разбојници, во служба на бугарската држава. Убиствата, пљачките и теророт што ги спроведуваа во Околијата, набргу им домачна и луѓето почнаа, во прво време поединечно, а покасно и цели села, да се откажуваат од терористичката ВМРО, а потоа и да се борат против неа. Од селаните власта почнала да формира месни контрачети за борба против Александровските банди. Прва контрачета формира Ињо Кацарски, а потоа се формираат уште неколку во Околијата. Тие биле наоружани од власта и се плаќани како привремени жандари. Ако контра четите составени од Коста Печанац — Срби и Руските белогардејци, уште повеќе го зголемија недоволството кај народот во Струмичко и придонесоа тоа да бара заштита однадвор, контра четите составени од мештани дадоа неспоредливо поголеми резултати. Веќе во 1924 година, скоро сите села откажувале да ја помагат терористичката ВМРО. И не само тоа, туку народот често води борба против неа. Околискиот комитет се распаѓа, Градскиот комитет по убиството на Костадин Цеков (од село Колешино) во 1923 година, од страна на градскиот војвода Васил Капин — Голаш и Атанас Скрнаков, емигрира во Бугарија.

Иако по 1924 година се распаѓаат комитетите и не дејствува постојаната чета во Струмичка околија, сепак повремено биле уфрлувани, од бугарска територија, од Петричко во Струмичка околија, чети од по 10 до 15 души, предводени од Горѓи Вндев или Гоно Раборски. Тие сега се ослонуваат на оддделни лица, вршат убиства

по селата и го тероризираат населението. Такви чети дејствуваат повремено сè  до 1926 година. Еве нешто и од резултатите од нивните дејства. Од 1922 до 1926 година биле убиени во Струмичка околија од четите на Вндев, Гоно Раборски или од месните и градските војводи — 72 лица, главно за тоа што одбиле да □ служат на терористичката ВМРО. Но, не биле само тие жртви дадени во тој период од Струмица и околијата. Репресалии се вршат и од страна на жандарите и власта над мирното население, по секое убиство или терористички акт на бандите. Не располагаме со точни податоци за убиените од страна на жандарите и органите на власта во Струмичка околија, но тој број не е помал од убиствата извршени од Вндев и другите терористи. Бројот на уапсените бил огромен; се смета дека се уапсени, во тој период, неколку илјади лица од градот и околијата. Така народот и од овој крај се нашол под двоен терор.

Изгубувајќи секаква поддршка од населението покасно терористичката ВМРО испраќа атентатори во> градот и околијата. Се фрлаат бомби по кафеаните и на други јавни места. Од атентатите ги губат животите или биле тешко осакатени повеќе граѓани. Но тешкотиите за масата од населението настапувале по секој атентат или терористичка акција. Затворите се полнеле со невини луѓе, изложени на страшни маки. Во затвор била претворена и една стара турска бања, бидејќи недостасувал затворски простор. Бањата била фактички претворена во мачилиште. Поплочена со камен, без прозорци, туку само со мали отвори на покривот кои некогаш служеле за излегување на парата, оковани во тешки железни пранги, претепувани до смрт, држани по неколку месеци, па и со години — тоа беа резултатите за македонскиот народ од овој крај од атентатите и терористичките акции на Тодор Александров, Александар Протугеров и Ванчо Михајлов, и прокламираната слобода од кралот Александар и неговите жандари. Затворот можеше да го напушти

само оној кој можеше добро да плати. Адвокатите беа ортаци на органите на власта и судиите. Еден современик во листот „Оковани радник" (легален орган на КПЈ), во број 8 од 15 X 1924 година, вака ја опишува положбата на народот во Струмичка околија:

„Во минатата недела слегнала една чета, составена од пет комити, во селото Робово. Селаните ја дочекале со огин од пушки, и таа се повлекла истата вечер во насока меѓу селата Амзалија и Гечерли. На другиот ден ноќта, четата упаднала во селото Петралинци, каде што дигнала две овци и одвлекла двајца селани.

Околискиот началник го испратил својот љубимец — полицискиот писар Јагош (Марковиќ б. н.), не во потера на комитите, туку на лов на селаните. Од Робово собрал 10 селани и ги претепал; кметот од тепање пред смрт.

Во Петралинци ги уапсил сите петмина полнолетни селани, колку што ги има селото. Во селото Дрвош, уапсил шестмина, а во Амзалија 14 души. Од нив барал да признаат дека ги дочекале комитите.

Кај адвокатите се чувствува живост и радост, а меѓу селаните и граѓанството, вознемиреност и страв од утрешниот ден".

Народот, за да го одбрани својот живот, бил принуден не само да се откупува од комитските пљачкаши, туку и од власта, поради тоа што по секое упаѓање, атентат или друга провокација, во затвор паѓаа и по неколку стотини души. Животот на нашиот народ за време на дејствувањето на александровистичките и михајловистичките банди во Струмичко бил вонредно тежок. Покрај бездушната експлоатација, пљачкања, убиства и страотии по затворите што доаѓаа од великосрпските власти, тука беа и бандите на терористичката ВМРО. На македонскиот народ не му веруваа ни едните ни другите. Првите ги гонеа и убиваа луѓето наречувајќи ги бугараши или Бугари, а вторите србомани или Срби. А нивната „вина" се состоеше во тоа, што не беа ни Срби ни Бугари, ами Македонци, а за тоа не можеа да ја прифатат лажната пропаганда што

доаѓаше од Бугарија, ниту да ја помагаат власта на големосрбите што им беше наметната против нивна волја.

Парите собрани од народот се предавале на „околискиот војвода" и главно се користеле за збогатување на поединци — раководители на терористичката ВМРО. „Околискиот војвода" Горѓи Вндев, во Петрич изградува цела улица од згради од опљачканото злато во Струмичка околија. Исто така познатиот негов колач Милан Постоларски живеел на висока нога во Горна Џумаја.

Како одговор на терористичките акции на ВМРО, во 1921 година власта создала посебна воено-четничка организација, т. н. „Удружење против бугарских бандита" со седиште во Штип. Мрежата на оваа организација се проширила во сите краеви источно од Вардар, па ја зафаќа и Струмица. Раководителите на оваа организација имале неограничени овластувања и честопати го мобилизирале населението за гонење на комитите кога земјоделските работи биле во полн ек. Покрај тоа што во Струмичка околија, како и во други краеви на Македонија, скоро во секое село постоеше жандармериска станица, а честопати беше употребувана и војската за гонење на четите, селата беа принудени да ги издржуваат сите нив додека се наоѓаа во потера на теренот. И наоѓајќи се помеѓу два огина, населението најмногу страдаше.

## 6. ОБИД ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКАТА ВМРО И СОЗДАВАЊЕ НА ТАКАНАРЕЧЕНАТА „МЛАДЕШКА ВМРО" ВО СТРУМИЧКО

Нешто покасно условите за дејствување на терористичката ВМРО станале за нив неповолни, но нејзините главешини не се откажале од настојувањата да продолжат со својата злочинечка активност. Така во

1926 година, Димитар Ѓузелов, како студент во Скопје, бил едновремено и претседател на „Македонската студентска организација" во чие раководство покрај него биле и Димитар Чкатров, Коста Црнушанов, Иван Попов и други. Тие прават усилби да создадат во сите градови во Македонија во составот на СХС, младински организации на ВМРО. Таква организација била формирана и во Струмица, на која  испраќаат нелегална литература, за да се шири меѓу младите во Струмица. Летото истата година Ѓузелов отпатувал во Виена — Австрија каде што одржува состаноци со раководни луѓе од ВМРО и добива инструкции за работа.

Од Виена, Ѓузелов оди во Бугарија, каде што исто така се среќава со раководни луѓе на ВМРО, па и со членот на ЦК на ВМРО стариот врховист — генералот Александар Протугеров, во Петричко. Нив ги следат и ги обезбедуваат за време на престојот четниците од четата на Ѓорѓи Вндев — Милан Постоларски, Јосиф Киров и Атанас Гоцев. На состаноците било разгледано што треба да се преземе за да се обнови организацијата ВМРО во Струмица, која во тоа време била распадната. Се сложиле дека во Струмичко треба да се дејствува од Скопје преку Ѓузелов, како и директно од територијата на Бугарија. Протугеров барал Гузелов да му именува лице кое да биде погодно, да има авторитет и влијание во Струмица, да биде испратено за да ја обнови организацијата во градот. Ѓузелов побарал од Бугарија во Струмица да се врати Арсо Кујумџиев. По враќањето на Ѓузелов, преку Австрија во Скопје, Арсо Кујумџиев бил повикан кај генералот Протугеров, и му поставиле задача да замине за Струмица. Плашејќи се од властите тој одбива да се врати во Струмица. Во барањето на погодно лице изборот паднал на стариот организационен деец Дончо Лазаров и Костаќе Стојков, кои се согласиле да се вратат во Струмичко. Тие пред власта се претставиле како покајници, наводно се разочарале од ВМРО и од Бугарија и дека сакаат да бидат лојални граѓани на државата на СХС. Кусо време по

пристигањето во Струмица, Костаќе во село Моноспитово во пијана состојба почнал да расправа дека тој и Дончо Лазаров се испратени од Бугарија да ја обноват ВМРО. Некои селани ги доставиле до полицијата и тие двајцата биле веднаш уапсени. Дончо Лазаров бил ликвидиран без суд, а Костаќе осуден на 12 години робија. Така и некогаш авторитетниот и заслужен организационен раководител Дончо Лазаров станал жртва на комбинираниот српско бугарски терор, а неговото име го експлоатираат бугарските окупатори и по 1941 година. Инаку, Дончо Лазаров бил еден од првите основачи на Гоцевата ВМРО во Струмичко. Меѓутоа, во Струмица, сепак, се создава организација — така наречена „Младешка ВМРО", по иницијатива на Ѓузелов. Иако не успева да се прошири и опфати поширок круг луѓе, таа се одржала како група сè до 19941 година. Членовите на оваа организација беа големи пропагатори на големобугарските идеи и подоцна во Струмичка околија. На парламентарните избори во 1938 година, тие прават обид во Струмица да го кандидираат за пратеник Димитар Ѓузелов. Кога тоа не им успеа, на листата на Земјоделската странка го истакнуваат како свој кандидат Коте Пецанов од селото Дабиља, кој добил минимален број гласови. Оваа група за време на бугарската окупација (од 1941—1945 година), заедно со Димитар Ѓузелов беше во услуга на бугарските окупатори и отворен противник на Народноослободителното движење.

## ГЛАВА II

## ОСНОВАЊЕ, РАЗВОЈ И АКТИВНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА КПЈ ВО СТРУМИЦА ВО ПЕРИОДОТ ДО 1941 ГОДИНА

# 1. ОБИД ЗА СОЗДАВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА НА КПЈ ВО СТРУМИЦА ВО 1920 ГОДИНА

Под суровиот режим на српските владеачи, во првите денови по воведувањето на великосрпската власт во 1919 година, во Струмица замира секаква политичка активност на напредните сили. Полковникот Мишковиќ со уште некои други офицери и претставници на власта, биле страв и трепет за населението. Во тој период се чувствува и економско опаѓање на населението во околијата и градот. Младината е без работа, особено интелигенцијата (иако е таа малубројна), а се назначуваат службеници, полуписмени Срби, кои уживаат доверие кај власта. Тоа предизвикува незадоволство и револт против виликосрпската власт, кој набргу се канализира по линијата на КПЈ. Младинците почнуваат да се состануваат јавно и конспиративно, и покрај силниот терор, тие се обидуваат да го искажат своето незадоволство. Своето незадоволство го искажувале и на тој начин што во неделите и празничните денови, по улиците и куќите пееле револуционерни и македонски песни, оделе боси по јавни места, за што повеќепати некои од нив биле малтретирани во Околиското началство. Тогаш е формиран и Македонски хор кој подготвувал и пеел македонски песни, под раководство на некој капетан по народност Словенец. Поради тоа хорот бил набргу забранет од власта.

Во мај или јуни 1920 година, по иницијатива на Епаминонда Попандонов и група младинци направен е прв обид да се формира организација на Комунистичката партија на Југославија во Струмица. Во тоа време млади луѓе ги посетуваат селата и вршат агитација за создавање на Комунистичка организација и пропагирање на комунистичките идеи. Власта ги прогонува и честопати, повеќето од нив се апсени и претепувани. Одржани биле неколку состаноци на оваа

група младинци. Избран бил иницијативен одбор и бил направен список на лицата што изразиле желба први да се зачленат во Партијата. На еден состанок одржан надвор од градот — во „Орманот", каде што требало да се избере месно раководство на организацијата, се дискутирало кои лица за тоа доаѓаат предвид. Но, избор на раководство на тој состанок не бил извршен. Пред тоа учителот Кокиќ (бидејќи не го знаеле српскиот јазик), бил задолжен, да изработи правила, со кои да излезат пред власта, со барање да им се одобри формирање на организација на КПЈ. Откако Кокиќ бил повикан во Околиското начелство, ги известил присутните на состанокот дека власта не дозволува да се формира организација на КПЈ, бидејќи Струмичка околија била „воена зона", во која биле на сила воените закони и до колку би формирале таква, ќе бидат судени од воените судови. И самиот Кокиќ, застапувал мислење дека во Струмица е прерано да се формира Комунистичка партија, со што негативно повлијаел и врз останатите младинци. Дел од оваа група, која и натаму настојувала да се создаде партиска организација, биле повеќе ученици и млади службеници, па поголем дел од нив биле набргу преместени од Струмица или мобилизирани во војската. А со тоа и обидот за формирање на партиска организација, во тој период пропаднал.

## 2. ПОБЕДА НА КОМУНИСТИЧКИОТ КАНДИДАТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ И БОЈКОТ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ВО 1920 ГОДИНА

Кога биле распишани парламентарните избори за Уставотворна скупштина на државата на Србите, Хрватите и Словенците, во 1920 година, во Струмица се истакнати кандидати на великосрпските буржоаски партии: Радикалската и Демократската. И покрај тоа што во тоа време во Струмица не постоела организација

на КПЈ е истакната кандидатура на Комунистичката партија на Југославија и тоа, на окружната кандидациона листа на комунистите. Тогаш Струмица, според административната поделба, влегувала во составот на Тиквешки округ. Кандидат за Струмичката изборна единица, на листата на Комунистичката партија на Југославија бил учителот Иван Давчев. Тој бил роден во Тиквешијата и бил близок соработник на Иван Илиев. Повеќе години се наоѓал на служба како учител во Вељуса и во некои други села во Струмичка околија. Незадоволни од власта и режимот во државата на СХС, во предизборната агитација земаат учество и се истакнуваат голем број лица од градот и селата, а особено младинците. Во тој период уште се чувствувало влијанието од работата на познатиот македонски револуционер и комунист Иван Илиев, од Ново Село — Струмичко, кој по доаѓањето на Србите бил протеран во Бугарија. Тој многу придонел за ширењето на социјалистичките и комунистичките идеи во Струмица и околијата. Во изборната кампања, од младинците најмногу се истакнуваат: Епаминонда Попандонов, Димитар Ѓорѓиев, Кочо и Томе Босиљанови, Илија Ричлиев, Васил Карчев, Наќе Просениклиев, Михаил Витанов, Ѓоше Попандонов. Покрај нив видно учество земаат Спиро Захов, Благој Горгиев, Петар Попдимитров, Коста Кљамбов, Васил Велков, Ристо Николов, Киро Петрушев, Штерјо Џованлиев, Мануш Стаменов, Ристо Проданов, Костадин Караќиров, Димитар Чорев, Ташо Комитов и други. Од напредните занаетчии и ситните трговци, кои во поголем дел исто така се изјаснуваат за листата на комунистите и за кандидатот Иван Давчев, со поголема активност се истакнуваат и некои дејци на старата ВМРО како: Панде Кујумџиев, Наќе Туфекчиев, Наќе Абрашев, Илија Мудинов, Ѓорѓи Белев, Глигор Божинкочев, Тимо Тренчев и други.

Иако изборите се вршат со терор, особено против комунистите и нивните приврзаници, кога се апсени и

протерани многу комунистички агитатори, сепак на изборите во есента 1920 година, за пратеник на Уставотворната скупштина е избран комунистичкиот кандидат Иван Давчев, со огромно мнозинство на гласови. Три четвртини од гласачите го даваат својот глас за Комунистичката партија на Југославија. Во Попчевска општина од сите запишани бирачи имало само еден кој гласал за радикалите, за демократите ниеден, а останатите за комунистите, односно за кандидатот Иван Давчев.

Кога со терор не успеаја да го спречат народот да гласа за комунистичкиот кандидат, тогаш власта, за да ги компромитира комунистите и да го заплаши народот, ги наречува сите што гласале за комунистите бугарски агенти. Великосрпската власт во Македонија ја помогна во ова и Тодор Александровата ВМРО, која на 20 јуни 1920 година, испратила циркуларно писмо до своите членови и симпатизери вон границата на Бугарија, главно во Вардарска Македонија, со кое ги повикува да гласаат за најдобрите месни „водачи" кои останале да живеат во Југославија (се подразбира за членовите на ВМРО), и кои најдобро ќе се „борат" во Уставотворното собрание, со останатите пратеници — Хрвати, Словенци, Босанци и други. Но ако Српската власт не дозволи да се изберат луѓе на ВМРО, тогаш да се гласа за кандидатите на КПЈ, под услов, комунистите да го прифатат федеративното уредување и применување договорот за малцинствата, сметајќи ги Македонците за бугарско малцинство во Југославија. Влијанието во тој период на ВМРО во Струмичко било минимално. Таа нема формирано организации ниту раководства, а во околијата дејствуваше врховистичката банда на Димитар Димашо, која со пљачкања, убиства и терористички акти му нанесе многу зла на народот. Веројатно поради ова писмо, власта сакаше да ги претстави сите оние што гласале за комунистите за бугарски агенти. Еден современик во „Радничке новине" во број 226 од 23 септември 1920 година ги побива овие

гласови на власта со следните зборови: „Како најдобар демант на клеветите на буржоазијата дека нашите другари во Македонија се комунисти, затоа што биле бугарски агенти, зборува фактот што во Струмица, додека била под Бугарија, на парламентарните избори во август 1919 година, три четвртини од сите гласачи гласале за Комунистичката партија. Онаа една четвртина што тогаш гласала за бугарската буржоазија, сега гласаше за српската буржоазија". Работниците, земјоделците и занаетчиите од Струмица и околијата, гласајќи за листата на Комунистичката партија на Југославија, се искажуваат против режимот на големосрпската буржоазија.

Додека на парламентарните избори во Струмица, комунистите постигнаа убедлива победа, на општинските избори, власта, со најгруб полициски терор не дозволи да се истакне кандидатска листа на Комунистичката партија на Југославија. Тогаш напредните луѓе од Струмица донеле одлука изборите да се бојкотираат. Тие како од градот така и од селата, и покрај невидениот терор агитираат и го повикуваат народот да не излегува на избори. Бојкотот потполно успеал. Од 1.649 запишани бирачи во избирачките списоци во градот, на гласање излегле само 410, кои гласале за Демократската и Радикалската партија. На изборите излегле да гласаат само чиновниците и дел од градската буржоазија. Слично се случило и во селските општини во околијата. И на овие избори доаѓа до полн израз расположбата на народот. Бидејќи не им. е дадена можност да изберат луѓе што вистински ќе ги застапуваат и ќе се борат за нивните интереси избирачите, со бојкотирање на изборите, се искажуваат против великосрпската буржоазија и полициските методи на управување. По општинските и парламентарните избори, теророт на народот достигнува уште поголеми размери. Напредните сили биле уште повеќе потиснати, а Иван Давчев по пуштањето од затвор бил принуден да емигрира во Горна Џумаја.

## 3. ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИСКА ЈАТКА ВО СТРУМИЦА ВО 1926 ГОДИНА

По иницијатива на некои комунисти од Велес, а со цел да се создаде партиска организација и во Струмица, во јуни 1925 година, доаѓа во Струмица Тодор Зографски, каде што отвора часовникарски дуќан. Тој во тоа време бил член на Комунистичката партија, а порано извесно време и секретар на Комитетот во Велес. Пред да дојде во Струмица тој се познавал само со двајца струмичани. Набргу по неговото пристигање во градот, неговиот дуќан станува свратилиште на напредните младинци од градот.

По пристигањето во Струмица, се поврзал со повеќе напредни младинци, од кои еден дел биле националистички настроени. Тодор Зографски во прво време одржува врски со Епаминонда Попандонов, Илија Ричлиев и некои млади службеници. Формирана била напредна група во која биле опфатени десеттина младинци, во прв ред интелектуалци и ученици. Меѓу останатите во групата влегувале Милентије Стоиљковиќ, наставник во гимназијата и судијата Пантиќ. Групата се собирала често под форма на вечеринки, на кои присуствувале поширок круг луѓе. Средбите се претвораат во политички конференции на кои се дискутира за политичката ситуација во Југославија и во светот.

Во почетокот на 1926 година, доаѓа до формирање на првата партиска јатка, која ја сочинуваат: Тодор Зографски, Епаминонда Попандонов и Милентије Стоиљковиќ. На своите состаноци тие дискутираат за натамошната активност на веќе оформената група, врз која имаат полно влијание и со која раководат. Нивната работа има предимно пропаганден карактер. Добивале нелегална и друга напредна литература, и ја ширеле не

само меѓу членовите на групата, туку и меѓу поширок круг луѓе. Единствена жена — член на групата — била сопругата на Тодор Зографски, Родна. Меѓу другите материјали во 1926 година, го добивале и листот „Балканска федерација", кој излегувал во Виена, бил „орган на народните малцинства на поробените балкански народи" и се печател на повеќе јазици. Низ „Балканска федерација" говореле всушност сите балкански комунистички партии. Во овој лист, соработуваат поголем број комунисти — емигранти, меѓу кои Ѓуро Ѓаковиќ, Димитар Влахов и многумина други. Во групата со која раководи партиската јатка членуваат и младинци кои ѝ припаѓаат на ВМРО (Обединетата) и членови на Независната работничка партија на Југославија (НРПЈ), која била формирана по забраната на КПЈ. Најчесто се дискутирало за националното прашање кое било и прифатено така, како што било поставено во една од резолуциите на НРПЈ.

Во групата се дискутирало и за ВМРО (Обединетата) и за поставувањето на македонското прашање во познатиот Мајски манифест во 1924 година. Тие агитираат меѓу народот да не ја помага ВМРО на Тодор Александров и бандите на Ѓорѓи Вндев во Струмичко, кои во тоа време доаѓаа од бугарската државна територија, од Петричко. Исто така настојуваат да ги оттргнат луѓето од великоспрските буржоаски политички партии, чии претставници во градот и Околијата беа спроводници на великосрпската политика.

Партиската јатка, пропагирајќи ги своите сфаќања, успеала да повлијае врз групата и да си осигури раководна улога во неа. Но и покрај тоа што. јатката делувала во градот скоро една година, таа не успева да постигне позабележителни резултати, освен што развила широка агитациона дејност меѓу народот, главно меѓу младината.

Дејноста на партиската јатка во Струмица не останува незабележана од месните власти. Чести „гости" во дуќанот на Зографски стануваат и полициските

агенти. Групата била изложена на притисок и од власта и од некои членови на Тодор Александровската ВМРО во градот, иако во тој период последната нема големо влијание.

Во откомври 1926 година, на Тодор Зографски му било наредено што поскоро да се изгуби од Струмица, или можат да му се случат „незгодни работи". Така тој бил принуден веднаш да ја напушти Струмица и се преселува во Скопје. Со протерувањето од Струмица на Тодор Зографски и преместувањето на Милентије Стоиљковиќ, престанува активноста на партиската јатка, поради што сè до 1939 година во Струмица не постоела никаква организација на КПЈ. Делувањето на оваа партиска јатка во Струмица доаѓа во време кога се спроведува неописив терор од страна на четите на Александровската ВМРО на територијата на Струмичка околија, а исто така и од властите и кога безбедноста на граѓаните не била со ништо гарантирана.

## 4. ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИСКО ПОВЕРЕНСТВО ВО СТРУМИЦА ВО 1939 ГОДИНА

Суровиот полициски режим кој владееше во стара Југославија, особено по воведувањето на шестојануарската диктатура во 1929 година, не даде можност во Струмица да постои и организација на КПЈ. До нејзиното формирање дојде дури подоцна и тоа благодарејќи, во голема мерка, на оние напредни младинци од Струмица кои работеа или студираа во Белград. Во периодот од 1936—1939 година, уште пред да се оформи Партиското поверенство во Струмица, група напредни работници и студенти, што работеа или студираа во Белград, одржуваа врски со извесен број напредни младинци во Струмица. Такви беа Васил Цилев, Ката Поцкова и Ванчо Фончев. Некои од овие младинци што живееја во Белград, беа веќе членови на

КПЈ, како што беше Благој Мучето, додека други активно работеа во синдикатите или беа членови на СКОЈ. За време на нивното престојување во Струмица, доаѓаше до средби и состаноци меѓу нив, се разговараше за политичката положба кај нас и во светот, за општественото уредување во првата земја на социјализмот — СССР, и посебно за тешките работни и животни услови на работниците и селаните во Струмица и Околијата. Пред поважните политички настани, како што беа парламентарните и општинските избори, тие се договараат каков став да земат работниците од Струмица. Целта на овие состаноци и разговори беше да се подтотват овие млади луѓе за членство во КПЈ. односно за формирање на месна организација на Комунистичката партија во Струмица. Активноста на младите што работеа во Белград нарасна по 1937 година, а тоа се совпаѓа со доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на Комунистичката партија на Југославија. Тогаш пред комунистите се поставува задачата за обновување на партиските организации во оние места каде што беа уништени од полицијата или таму каде што порано не постоеле да се формираат, каков што беше случајот со Струмица. Месните комунисти се ориентираа кон монополските и занаетчиските работници, зашто индустриско работништво во Струмица не постоеше. Најголема беше концентрацијата на работници во монополот (Тутуновата станица), во кој во сезоната работеа од 400—500 работници. Имаше само два занаетчиски дуќана во кои работеа по петнаесеттина работници, неколку влачари и тоа беше се. Многумина работници работеа кај разни занаетчии и трговци: по еден, двајца или најмногу троица, кои беа синдикално неорганизирани. Затоа иницијаторите за формирање на организацијата на Комунистичката партија во Струмица и се ориентираа прво кон занаетчиските и монополски работници. А покасно, од втората половина на 1938 година, и кон оние работници и младинци кои членуваа во Есперантскиот клуб, каде што веќе повеќе од една

година читаа разна литература и печат, слушаа предавања за животот и борбата на работничката класа, повеќепати дискутираа за организирана борба на работниците и кај значителен дел од нив беше созреана решеноста за политичка борба. Поточно, многумина беа веќе готови да се вклучат во политичка борба. Особено се настојуваше да се формира месна организација на КПЈ, која да ги поведе во организирана борба работниците во Струмица. Од друга страна, Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија укажуваше на блиската опасност од војна, поради што се налагаше подготвено да се дочека фашистичката опасност. Буржоазијата, ниту беше подготвена, ниту имаше желба да ја брани земјата од ваквата опасност, плашејќи се во една ваква ситуација да не ги изгуби своите позиции. За граѓанските претставници раздвиженоста на работничката класа претставуваше поголема опасност, отколку опасноста од фашистичките сили. Од друга страна, Струмица скоро и немаше своја интелигенција, или до колку и ја имаше таа во голем дел се беше одвоила од работните маси. Многумина од интелектуалните кадри беа блиски пријатели или соработници на Димитар Ѓузелов, кој и самиот потекнуваше од Струмица, од семејство кое беше дојдено од Егејска Македонија. Тие луѓе ги беа прекинале сите врски што требаше да ги сврзуваат со работните маси од градот и селата во Струмичко. Положбата во тој однос започна повидливо да се менува дури во годините пред војната.

Имено, во март 1939 година, по завршените студии во Белград доаѓа во Струмица Јосиф Јосифовски — Свештарот*[(2)]) (во Струмица беше познат како Јоската), и се запослува како адвокатски приправник во адвокатската канцеларија на Глигор Димитров. Јоската во Струмица дојде по задача и како член на КПЈ. Во членство на Партијата бил примен во 1937 година во Белград. Во Струмица се поврзува со Васил Цилев и Ката Поцкова, кои му биле препорачани во Белград, од Благој

Мучето и Тошо Арсов. Тие ја разгледуваат тешката положба на работните луѓе и посебно положбата на монополските работници, како и работата на синдикалната организација. Јоската се вклучи во работата на Есперантското друштво, често присуствуваше на часовите и состаноците. Тој за кусо време воспостави блиски другарски односи со младите членови на Друштвото, во кое стана многу сакан и ценет.

На еден состанок во пролетта 1939 година, со учество на Јоската, Васил Цилев и Благој Мучето, привремено дојден во Струмица, донеле одлука повеќе да не се одложува работата за формирањето на организацијата на Комунистичката партија во Струмица. Тие одлучиле да појде Јоската во Скопје, за да воспостави врска со Партиското поверенство на КПЈ за Македонија. Десеттина дена подоцна Васил Цилев ја добил конспиративната врска со Партиското поверенство во Скопје.

Во мај 1939 година, дошол во Струмица членот на Поверенството на КПЈ за Македонија Кочо Попов. Кај Ката Поцкова бил одржан состанок на кој, покрај Кочо Попов присуствувале Јосиф Јосифовски, Ката Поцкова и Васил Цилев. Кочо Попов ги запознава присутните дека по одлука на Партиското поверенство на КПЈ за Македонија, треба и во Струмица да се формира Месно партиско поверенство на КПЈ. На состанокот Васил Цилев и Ката Поцкова биле примени за членови на Партијата, а сите тројца го сочинувале Месното поверенство. Веднаш било разгледано прашањето за идната активност на Поверенството. Првите комунисти од Струмица си поставиле задача да навлезат во монополот со цел да се формира партиска ќелија од монополски работници. Се сметало на успех овде, имајќи ја предвид големата концентрираност и безочната експлоатација на работниците. Исто така било поставено како задача, Есперантското друштво да се постави под непосредно влијание на Партиското поверенство.

Во периодот од формирањето на месното Партиско поверенство, па сè до септември 1939 година, него го сочинувале само тројца членови. Тие одржувале повремено состаноци, но поголема активност не постои, освен што успеале да остварат целосно влијание над работата на Друштвото на есперантистите, во кое беа собрани многу младинци, предимно работници. Ова влијание се остваруваше преку нивното политичко воспитување и подготвување за прием во Партијата. Покрај тоа се влијаело и врз поедини членови на синдикалните подружници на монополот и на шивачките работници.

Во септември 1939 година, Поверенството ја согледало потребата да се прошири со нови членови. Тогаш бил примен за член на КПЈ Ванчо Фончев, а во ноември истата година Глигор Новаков. Тие и двајцата биле членови на Управата на Есперантското друштво и спаѓаат меѓу најактивните во него. Партиското поверенство го раководел Јосиф Јосифовски, и тоа од неговото формирање, сè до мај 1941 година, кога е формиран прв Месен комитет на КПЈ за Струмица. Во ноември 1939 година на еден од состаноците бива извршена поделба на работата на членовите од Поверенството по сектори. Ванчо Фончев бил задолжен да работи меѓу селското население, Васил Цилев по културно-просветната работа, младинскиот сектор го добил Глигор Новаков, Ката Поцкова била задолжена за работа со монополските работници и добила задача да формира партиска ќелија во монополот.

Сите овие членови на поверенството беа млади и неопитни, поради што и покрај големото залагање во работата, во многу потфати не успеале да сè снајдат и не постигнале некои позабележителни резултати. Кон ова треба да се додадат и страхувањата на поединци, да не дојде до откривање на работата на партиската организација од полицијата. Оттука доаѓало и до поткленкнување во извршувањето на некои задачи, како што беше испишувањето пароли со политичка содржина

по ѕидовите, кое како одлука било донесено, но не е извршено. Може да се рече дека Повереноството и покрај малубројноста на членството, можело да постигне повеќе, кога би постоела поголема одлучност кај сите членови. Но Поверенството одигра значајна улога за понатамошното омасовување на партиската организација во Струмица.

Самото создавање на партиската организација во Струмица, тесно е сврзано со личноста на Јосиф Јосифовски — Свештарот, роден во Гевгелија. Јосиф Јосифовски, иако беше запослен во адвокатската канцеларија на Глигор Димитров, поголем дел од времето го посветуваше на прибирање на напредните младинци, во прв ред, од редовите на синдикално организираните и од членовите на Есперантското друштво. Тој за цело време на својот престој во Струмица беше во секојдневен контакт со напредните младинци и работници, непосредно влијаеше врз нивната активност, подготвувајќи ги за стапување во редовите на КПЈ.

Популарниот Јоска разви широка политичка активност. Тој беше присутен на сите нелегални состаноци на напредните работници; на Друштвото на есперантистите; во синдикалните подружници и на излетите по селата.

Со името на Јоската се сврзани формирањето на партиските организации во Струмица и во Валандово, како и на Партискиот актив во 49 пешадиски полк во Струмица.

Успесите на струмичката партиска организација, од пролетта 1939 до есента 1941 година, се заслуга во прв ред на Јосиф Јосифовски.

Кога Партиското поверенство на КПЈ за Македонија, во февруари 1940 година, прерасна во Покраински комитет во присуство на Светозар Вукмановиќ Темпо, на проширената партиска конференција, Струмичката партиска организација ја претставувала Ката Поцкова. На оваа конференција била извршена анализа на работата на партиската

организација во Македонија, а со цел да се зацврсне и масовизира.

Спроведувајќи ги решенијата од конференцијата, Повереноството во Струмица решило да ги прошири своите редови со прием на нови членови и да ја зголеми активноста. Во април или мај 1940 година, била формирана првата партиска ќелија во Монополот, составена од петмина новопримени членови. Неа ја сочинувале: Ката Поцкова — секретар на ќелијата и членовите Ташка Србинова, Ана Арапова, Павлина Караманова и Нада Караманова. Ќелијата во монополот, во текот на 1940 година, формирала четири воспитни групи од симпатизери, во кои влегле 12 работници и работнички. Таа го проширила своето влијание врз работата на синдикалната подружница во Монополот. Во пролетта 1940 година, за член на КПЈ бил примен поручникот д-р Миољуб Кициќ, гарнизонен лекар на 49 пешадиски полк, кој сега како член на Партијата продолжува да раководи со активот во Струмичката касарна. Во членство бил примен во ова време и Славчо Маглешев.

Во ова време започнало да му се обрнува поголемо внимание и на македонското национално прашање и на минатото на македонскиот народ. Така, во јули 1940 година, Повереноството добило материјал во кој се обработувало Илинденското востание од 1903 година. Тој бил проучен од сите членови на КПЈ и од членовите на воспитните групи, со кои тие работеле. Потоа, Повереноството донело решение да се организира прослава на Илинденското востание. Бил организиран излет на 2 август 1940 година, во месноста „Свети Илија" над Струмица. На излетот бил прочита1н реферат за Илинденското востание сврзувајќи го него и со актуелната меѓународна политичка ситуација. За првпат по две децении, организирано, и пред поголем собир, сега се зборуваше и во Струмица за Илинденското востание. Поголемиот дел од младинците — работници,

за првпат можеа да слушаат за овој голем настан од историјата на својот народ.

Но и полицијата не спиела. Таа ги опколила учесниците на излетот. Но не интервенирала. Некои од учесниците во излетот, откако ги забележиле, предложиле поединечно веднаш да се разотидат. Но комунистите решиле да се вратат заедно и масовно, како што и дошле. Излетниците се вратиле во градот со револуционерни песни и групно.

Есента 1940 година, Партиското поверенство на двапати добило поголем број летоци од Покраинскиот комитет. Во едниот од нив се зборувало за ѕверското убиство на Бранко Петрушев-Бранд во Белград. Овие летоци членовите на Поверенството ги растуриле по градот. Најмногу летоци биле растурени во маалата „Чифлик" и „Маџир маало", во кои живеат претежно работници.

Партиската организација во 1940 година, доби и други материјали, меѓу кои и втората глава од Историјата на СКП(б) (Сесојузна комунистичка партија на болшевиците). Проучувањето на оваа глава станувало групно. Покрај историјата на СКЛ(б), се проучуваат и други материјали, со кои располагала партиската организација. Со идеолошката работа раководеше Јосиф Јосифовски. Воспитните групи проучуваат разни брошури и статии од напредниот работнички печат, како што беа „Раднички тједник", „Наша реч" и други, што партиската организација ги добиваше во Струмица. Овие работнички листови ги читаа и повеќе работници-симпатизери на Партијата, кружејќи од рака на рака, како што беше случајот и со повеќе романи и стихови од прогресивните писатели. Најчитани дела беа романот „Мајка" од Максим Горки и песните на Кочо Рацин.

Иако партиската организација беше малубројна, таа живееше со секојдневните настани во Југославија. Одлуките на Петтата земска конференција на КПЈ, отворија ново поглавје во работата на организацијата. Тие ги мобилизираа масите во борбата против

предавничката политика на владата Цветковиќ—Мачек и на предавниците на македонскиот народ — михајловистите. Кога се пренесе глас дека владата на Цветковиќ — Мачек склучила пакт со фашистичка Германија и ја приклучила Југославија кон тројниот пакт, партиската организација во Струмица на 27 март 1941 година, организира улични демонстрации против пристапувањето на Југославија кон фашистичките сили. На демонстрациите учествуваа неколку стотини граѓани. Поголемиот дел од монополските работници излегоа на улиците, предводени од членовите на Партијата и бараа да се раскине пактот со фашистичка Германија. Предводени од членовите на Партијата демонстрантите минаа низ неколку струмички улици, се запреа и пред влезот на касарната, барајќи и војската да се приклучи кон демонстрантите. Помошник командантот на полкот одговорил дека војската не се занимава со политика и не може да демонстрира. Тој побарал од демонстрантите веднаш да се оддалечат од влезот на касарната. Демонстрантите неколку часа по улиците на Струмица ги извикуваа паролите: „Долу пактот", „Не сакаме пакт, сакаме војна", „Поарно гроб, одошто роб", „Сакаме сојуз со Советскиот Сојуз" и слични други пароли против владеечката клика и фашизмот.

Членовите на Партијата во Струмица добиле директива 1941 година, пред нападот на фашистичките сили на Југославија да стапат во редовите на бившата Југословенска војска и да ја бранат земјата од фашистичките напаѓачи. Членовите на Повереноството кои биле воени обврзници, стапиле во војската и се бореле против фашистичките агресори. Со окупацијата и на Струмичко во април 1941 година, заврши уште едно поглавје од неговата понова историја.

## 5. ПАРТИСКИ АКТИВ ВО 49 ПЕШАДИСКИ ПОЛК ВО СТРУМИЦА

Формирањето на актив на КПЈ во овој полк, е најтесно сврзано со активноста на воениот лекар, кој и денес како висок специјалист работи во Воено медицинската академија во Белград — д-р Миољуб Кичиќ.

Имено, во текот на 1936 година, за лекар во 49 пешадиски полк во Струмица беше поставен д-р Миољуб Кичиќ, роден во Врање. Д-р Миољуб Кичиќ, и покрај тоа што факултетот го завршил со одличен успех, бил распореден во овој полк, кој бил сметан за казненици, т. е. во таква единица, во која голем дел од раководниот кадар, па и од војниците биле испраќани да служат по казна. Најчесто тоа беа луѓе политички противници на режимот. Во тоа време тој не бил опфатен во редовите на КПЈ, но се осведочил како противник на политичкото и општествено уредување на стара Југославија и слободарски расположен, до толку повеќе што потекнувал од сиромашно семејство. Кичиќ уште во ученичките години, а потоа и како студент, се запознал со научниот социјализам и си изградил здрави политички погледи на светот. По доаѓањето во Струмица, тој за кусо време станува многу популарен и ценет, како човек и лекар, и не само во касарната, туку и меѓу струмичката сиромаштија. Тој беше лекар за оние што не можеа да ја платат лекарската помош. Кичиќ, не само што ги лекуваше, туку во многу случаи ги плаќаше и лековите на своите пациенти. Со својот висок хуман однос кон секого, придонесе неговата популарност постојано да се зголемува.

Кусо време по своето пристигање во Струмица, тој се спријатели со помлади офицери, а во прв ред со поручникот Стјепан Диздар (загинат во април 1941 година), со кого нашле заеднички јазик за многу политички прашања. Покасно, меѓусебната доверба меѓу нив пораснува и тие често претресуваат разни политички прашања: за ненародниот режим во стара

Југославија, лошото устројство и нечовечните постапки кон војниците во војската итн.

Во 1937 година, за писар во својата амбуланта во касарната д-р Кичиќ го зема Милан Варичак, графички работник од Загреб, член на КПЈ и активист во синдикалната организација на графичките работници на УРС*(3)). Варичак започнал да ги собира во амбулантата оние војници што биле лево ориентирани и со нив разгледувал различни прашања, најчесто запознавајќи ги со борбата на работничката класа. Кога во ноември 1937 година, Варичак требало да биде демобилизиран, добил задача од д-р Кичиќ, да си најде замена, кој ќе биде добар, сигурен и во кого ќе може да се има доверба, како што се имало доверба во него. Тие денови во Струмица стигнале група регрути од Белград, Загреб и Војводина, меѓу кои Варичак го нашол загребскиот артист Јожа Рутиќ, со кого се запознал, работејќи во синдикатите во Загреб. На местото од Варичак, писар во амбулантата станува Јожа Рутиќ, кој бил исто така, член на КПЈ. По неговото одење од Струмица, во амбулантата на касарната го наследува Драгутин Којиќ, исто така член на КПЈ. Непосредно пред започнувањето на војната, писар во амбулантата на д-р Кичиќ бил антифашистот Фиш Имре*(4)). По ваков начин лекарот Кичиќ и војникот Варичак, ставиле почеток на една вонредна корисна активност, која ќе продолжи 4 години и ќе даде свој прилог во големата антифашистичка ослободителна борба на нашите народи. Јожа Рутиќ како и неговиот претходник Варичак, со знаење и помош од д-р Кичиќ, продолжуваат да одржуваат контакти со групи од војници. Во резултат од ова во 1938 година, во струмичката касарна се создал актив на КПЈ, со кој во прво време, раководел Јожа Рутиќ, а покасно други новодојдени војници. Активот продолжил да постои и работи сè  до пропаста на стара Југославија, во април 1941 година.

Во текот на 1938 и 1939 година, активот броел седум до осум члена. Тие од Загреб добивале партиска и

друга прогресивна литература, испраќана на адресата на д-р Кичиќ, а потоа групно ја проучувале во амбулантата на 49 пешадиски полк. Се разбира, читањето и проучувањето на литературата секогаш било конспиративно и добро камуфлирано, со божемно читање на правила за војничката служба. Ваквата литература потоа била предавана, преку браќата Цони од Струмица, за читање на струмичката работничка младина. Преку војникот Лазо Црепајски, кој бил ордонанс на д-р Кичиќ, активот добива на читање дневен печат, што овозможувало да биде редовно информиран за секојдневните политички настани и во земјата и во светот. Треба да се каже дека на војниците од бившата Југословенска војска им беше забрането читањето на весници. Дневниот печат на активистите од касарната им беше неопходно потребен за секојдневното запознавање со настаните и за делување меѓу војниците. Просториите на амбулантата им овозможувале непречено и скриени од офицерите и подофицерите, редовно да се состануваат и дискутираат за животот на војниците, за одделни реакционерни офицери, како што биле Милутин Радојевиќ, Предраг Гугл и други. На дневен ред биле и оние офицери кои ги малтретирале војниците и се барале можности како тие да се заштитат од нив. Така во 1938 година, претходно здоговорен со Јожа Рутиќ, д-р Кичиќ поднесол тужба против потполковникот Радојевиќ, поради неговиот груб однос и тепаше на војниците, а покасно и против некои други офицери и подофицери.

Во пролетта 1938 година, повеќе денови, војниците добивале мошне лоша и безвкусна храна. Активот донел одлука да се испита зошто добиваат таква храна. Дознале дека интендантот на полкот потпоручникот Николиќ имал кусок од сол, па го запрел снабдувањето на кујната со сол. Активистите на еден од своите состаноци се договориле војниците да дојдат пред казанот, но ни еден да не ја прими храната. Тие претходно известиле повеќе војници од сите чети во кои

имале доверба, за да можат да ја изведат акцијата. На денот на овој војнички штрајк, членовите на активот застанале на чело на колоната и кога паднала командата да се дели храната, војникот Марко Шикиќ, член на активот извикал: „Другари, вака повеќе не може, храна нема да примиме!" *(5)) Ниеден војник не се доближил до казанот. Интендантот на полкот со викотници избеснет од лутина сакал да ги натера војниците да ја примат храната викајќи: „Ајде, селани, примајте храна". Кога војниците и потоа одбиле, од дома бил повикан заменикот на командантот потполковникот Радојевиќ, кој наредил веднаш да се затвори војникот Марко Шикиќ, и псувајќи ги терал војниците да ја земат храната. Но ни тогаш никој не се доближил до казанот. По апсењето на Шикиќ, отпочнало испитување на војниците, за да се пронајдат организаторите на војничкиот отпор. Но ниеден војник од присутните војници колку биле во стројот не се нашол да ги поткаже своите другари. Потоа бил повикан д-р Кичиќ да ја прегледа храната, а тој констатирал дека таа е неквалитетна, без сол и неупотреблива. Бидејќи организаторите останале неоткриени, Марко Шикиќ по издржаната дисциплинска казна, бил ослободен од одговорност и истрага.

Во втората половина на 1938 година, активот донесува одлука секој негов член да формира група од војници, врз кои да може агитационо да делува и политички да ги воспитува. Групите биле формирани и во нив се проучувале разни брошури, до кои можело да се дојде. Сета нивна активност се одвивала, со знаење и согласност на д-р Кичиќ, кој во одделни моменти и ги помагал активностите. Така, на пример, кога за Јожа Рутиќ стигнал акт од полицијата од Загреб за неговата политичка активност до стапување во војската, д-р Кичиќ, божем случајно влегол кај иследникот на полкот, додека Рутиќ бил испитуван и влијаел врз него (со кого иначе бил пријател), да го ослободи Рутиќа и да го остави на мира.

Д-р Кичиќ од своја страна, си создал круг од пријатели, меѓу младите офицери, во кои покрај спомнатиот Диздар, спаѓале Ѓуро Врцељ, Радован Шурлан, Рајко Богдановиќ, Лука Живковиќ, Милорад Јелиќ и други. Задачите што ги спроведувал и активот и д-р Кичиќ биле: редовно информирање за актуелната политичка ситуација, создавање на антифашистичка расположба кај војниците и младите офицери, како услов за нивната готовност за борба против фашизмот, а за одбрана на земјата. Кога во 1939 година, полкот бил активиран и биле мобилизирани многу војни обврзници-резервисти, и активот и офицерите од кружокот на д-р Кичиќ, претпазливо развиваат агитација меѓу мобилизираните војници.

По формирањето на Поверенството на КПЈ во Струмица во 1939 година, членовите на Партијата од градот разбрале дека во касарната работи воено-партиски актив. Поверенството, преку Јосиф Јосифовски се поврзува со д-р Миољуб Кичиќ и преку него се обидуваат да влијаат и врз активот. Било одлучено Поверенството да не одржува директни врски со активот во касарната, туку некои инструкции да му ги пренесуваат преку д-р Кичиќ. Имено, се имале предвид специфичните услови за работа на активот во касарната, а со цел да не биде откриен. Јосиф Јосифовски и д-р Кичиќ најчесто се состанувале на улица, како божем случајно, а само понекогаш во адвокатската канцеларија кај Јоската, или во приватната амбуланта на Кичиќ. Д-р Кичиќ сега добил задача, иако тоа и дотогаш правел, да не зема хонорар за лекарски прегледи од работниците и сиромашните; да развива поширока агитациона дејност во касарната, да собира народна помош, која му се предавала на Јоската итн. Честопати авторитетот на д-р Кичиќ помагаше во интервенциите, за запослување во Монополот на одделни симпатизери на Партијата или работници кои беа подолго без работа.

Во пролетта 1940 година, Поверенството донело решение да биде примен за член на КПЈ д-р Кичиќ. Ката Поцкова, од името на Поверенството, одлуката за прием му ја соопштила во неговата амбуланта. Потоа Кичиќ некое време партиски живеел на лична врска преку Ката, а по нејзиното заминување за Белград, врска одржува со Јоската, и тоа сè до април 1941 година. Поверенството дискутирало за член на КПЈ да биде примен и поручникот Стјепан Диздар, но поради неговото скорешно преместување од Струмица, до тоа не дошло.

Формирањето на партискиот актив во струмичката касарна е дело на лична иницијатива на спомнатите напред комунисти, и се совпаѓа со доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на КПЈ. Тогаш од членовите на Партијата се бараше да создадат или да ги обноват партиските организации секаде каде што такви не постоеја, а имаше услови да бидат формирани. Иницијативата на Милан Варичак, Јожа Рутиќ, Драгутин Којиќ и другите војници — членови на КПЈ — во таа смисла одиграа вонредно значај:на улога, како за популаризирање идеите на КПЈ, така и за идејно политичко воспитување на дел од војниците од 49 пешадиски полк. Воедно со ова, активот ги организираше војниците за давање отпор на постојаните нечовечни постапки спрема војниците во бившата Југословенска војска. Членовите на активот често ги бранеа војниците што беа тепани и малтретирани. Така, на пример, членот на активот Бранко Вукобратовиќ, за да одбрани еден војник, физички се пресметнал со еден бд подофицерите, кој бил познат како најгруб во полкот.

Повеќепати, на интервенција од активот, д-р Кичиќ ги задржувал „на амбулантно лекување" војниците, кои биле исцрпувани од малтретирањата со цел да се одморат, иако биле здрави. Тие им помагаат на војниците да ги совладаат тешкотиите, како и да се подготвуваат за одбрана на земјата од фашистичката опасност што се ближеше. Поврзувајќи се со партиското

Поверенство во градот тие дејствуваа по инструкциите добивани од партиската организација. Во резултат на ваквата работа на активот, во НОВ покрај членовите на активот, учествуваат и многу војници, со кои партиските активисти од касарната работеле во групи или биле нивни симпатизери. Меѓу најактивните од активот во 49 пешадиски полк, кој постоеше од 1937—1941 година, покрај Варичак и Рутиќ беа: Драгутин Којиќ, Драгутин Траншек, Бранко Вукобратовиќ, Марко Шикиќ, Фиш Имре и Стјепан Галац*(6)).

Припадниците на партискиот актив во касарната ги уживаа симпатиите на војниците. Кота на војниците им било најтешко, тие се обраќале до нив за совети и помош. Од друга страна, и покрај тоа што кај полковиот иследник доаѓале податоци од цивилната известувачка служба во градот, дека д-р Кичиќ се бавел со политичка активност, а некои реакционерни офицери зборувале во касарната дека амбулантата на 49 пешадиски полк мириса на крајно левичарство, постоењето на активот останало непознато за командата се до април 1941 година.

## ГЛАВА III

## ПОЛОЖБА НА РАБОТНИЦИТЕ, СИНДИКАЛНО ДВИЖЕЊЕ И ШТРАЈКОВИ

## 1. ПОЛОЖБА НА РАБОТНИЦИТЕ. ФОРМИРАЊЕ НА СИНДИКАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ШТРАЈКОВИ ВО СТРУМИЦА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Првата синдикална организација во Струмица во овој период е формирана доста касно, дури во 1936 година, од кога што струмичките работници можеа организирано да истапуваат во заштита на своите права и да се борат за подобри работни услови и плати. Меѓутоа, помали работнички штрајкови беа изведени и пред формирањето на овие организации. Но, пред сè , да видиме како се зголемуваа работничките редови во Струмица во овој период од нејзината историја. За зголемување бројот на тутуновите и други работници придонесе општата и крајно влошена економска ситуација, која упропасти многу ситни занаетчии, трговци и селани. Во текот на големата економска криза, што ја зафати и Југославија, многу занаетчии во Струмица не можеа да опстанат, принудувајќи се да ги затворат занаетчиските дуќани, а потоа да ја нудат својата работна рака по сосема ниска цена. Многумина од нив станаа безработни, нивниот број се зголемуваше, а работа сè  потешко се наоѓаше, или воопшто не се наоѓаше. Од друга страна и многу селани, особено сиромашните, беа принудени да ги напуштаат своите неплодни имоти, преминувајќи по градовите да бараат каква и да е работа. Тоа беше случај и со Струмичко, иако Струмичкото Поле се сметаше за едно од најбогатите во Македонија, бидејќи покрај плодната земја и поволните климатски услови влијаеја за одгледување на повеќе индустриски култури. Цените на најважните земјоделски култури паднаа толку ниско што на производителите не им преостануваше, по исплаќањето на даноците, ни за голиот живот. Така, на пример, опиумската смола до 1929 година се продаваше по цена од 700—1.200 динари килограм, во 1933 падна на 150—170 динари. Кожурците што во 1924 година се

продавале по 145 динари ока, во 1933 година се откупуваа по 10 динари килограм, а во 1934 година паднаа на 6 динари. Производителите ги уништуваа црницовите бавчи, или ги прекалемуваа за производство на ракија. Од друга страна, нивјето засадени со црници беа класирани како земја од највисока класа, на која се плаќаше и највисок данок. Опадна производството на памук поради ниските откупни цени. Производството на памук се покачи дури по 1938 година, кога беше донесена уредба за задолжителен откуп на домашниот памук по цена од 17,5 динари за килограм.

Скоро секое семејство од градот се занимаваше со производство на тутун (пред сѐ занаетчиите и работниците), бидејќи од ниските заработувачки не можеше да се живее. Цените на тутунот, исто така беа многу ниски — од 4—40 динари по килограм. Голема количина од произведениот тутун беше изгоруван, но на селаните и производителите им земаа данок и за изгорениот тутун. Од друга страна, дел од тутунот одреден за горење, навечер се враќаше во магацините, од организирана група чиновници во Монополот, кои го наплаќаа, но не за производителите, ами за себе.

Од 1931—1941 година, во Струмица се изградуваше патот Струмица — селото Костурино, во должина од 12 километри. Иако неколку километри — од овој пат беше изграден со принудна работа на граѓаните, на неговата изградба работеа долго време и повеќе работници. Но ни патот, ни Монополот, не можеа да ја апсорбираат слободната работна сила на струмичката сиромаштија.

Во 1936 година, во Струмица имало регистрирано вкупно 1.265 работника, од кои 400 беа постојано без работа, што изнесува околу 32%. Сепак, овие бројки не даваат вистинска слика за безработицата. Многумина работници кои работеа кај занаетчиите и трговците не беа нигде регистрирани, за да се избегне плаќањето на данок и такси на Уредот за социјално осигурување на работниците. И самите работници одбегнуваа да се осигуруваат во овој Уред, бидејќи не ја добиваа

потребната здравствена и социјална заштита. Најчесто не беа регистрирани општите работници, кои работеа како надничари било каква работа. Во градот секое утро можеа да се видат групи надничари како чекаат да најдат каква и да е работа за 5—8 динари надница и да купат леб, барем за еден ден за своите семејства. Најмногу работници беа запослени во Монополот — околу 400—500 души, но и таму не се работеше во текот на цела година. Во летните месеци, додека траеше изградбата на патот Струмица—Костурино и овде работеа околу 400 работници, додека другите работеа кај занаетчиите и трговците.

Како што веќе рековме, сè до 1936 година, во Струмица не постоеше никаква работничка организација, која да ги штити интересите на работниците. Но и покрај тоа, во Струмица беа изведени два штрајка и тоа еден во Монополот, 1924, и еден на патот Костурино— Струмица, 1931 година. Во Монополот, во декември 1924 година, работеле околу 50 работника. Надниците во Монополот изнесувале 30 динари. Работниците барале да им се покачат надниците на 35 динари. Но управникот на Монополот, Милорад Константиновиќ, ги одбил барањата на работниците. Тие тогаш се договораат токму во екот на откуп на тутунот, да ја прекинат работата. На 15 декември, работниците дошле пред Монополот, но ниеден не влегол на работа. Тогаш, управникот на Монополот го испратил шефот на работилницата да ги наговори работниците да дојдат на работа. Тие одбиле да отпочнат со работа, барајќи да им се покачат надниците за 5 динари. Управникот на Монополот бил принуден да ги задоволи барањата на работниците, кои потоа ја продолжуваат работата. Овој штрајк, иако не постоела работичка организација, завршува успешно. Тој траел само неколку часа. За неговиот успех придонело тоа што бил изведен кога во Монополот има најмногу работа, кога селаните масовно го носеле својот тутун на откуп. Покрај тоа, единственоста и солидарноста на сите запослени

работници ја принудиле управата на Монополот, да ги задоволи барањата на работниците. Сепак овие барања биле минимални. Ако се земат предвид тогашните високи цени на прехранбените артикли, барањата на работниците се мали.

Во текот на мај 1931 година, кога се градел делот од патот кај сегашните варцилници, со инвестиции од Управата на Вардарска бановина, претприемач беше Томо Стоиљкови, од Сурдулица. Платите на општите работници на патот се движеле од 8—12 динари на ден, додека на минерите и мајсторите-ѕидари — 14—20 динари. Работниците биле експлоатирани и на друг начин. Тие морале да се хранат во кујната на претприемачот, за што плаќале 6 динари на ден. На работниците им било забрането да се снабдуваат со храна од друго место. Работниците биле сместени во една барака што имала само покрив, а без секакви хигиенски услови. Неделните денови биле денови кога работниците можеле да се исперат, да се закрпат или напишат писмо до своите домашни. Работното време зависело од годишната сезона. Се работело од 5 часот наутро до 7 навечер. Одмор имало само околу еден час. Претприемачот Томо Стоиљковиќ, „газда Томо", еднаш дошол во сабота навечер, а во неделата навечер сакал да си отиде, па затоа наредил во неделата да се работи, за да види како му работат работниците. На иницијатива на група работници од градот и некои минери, дојдени од Босна, работниците одбиле да работат во неделата, па не излегле тој ден на работа. Претприемачот се почувствувал засегнат од тоа и веднаш ги известува жандармериските станици во блиските села Костурино, Триводи и Попчево. Истиот ден пристигнала голема група жандари, кои се ставиле на располагање на претприемачот. Утредента, во понеделникот, сите работници биле отпуштени од работа. Тие ниту имале, ниту можеле некому да му се жалат, а немало ни кој да ги заштити. Безработицата беше таква што само по два дена веќе работеле преку 400 нови работници, за уште

пониски дневници. Така безуспешно и под притисок од „газда Томо" и жандармеријата, заврши овој неорганизиран работнички штрајк.

Занаетчиските работници исто така беа безмилосно експлоатирани. Ни во еден занаетчиски дуќан немало одредено работно време. Се работело и по 14 часа дневно. Најтешка била положбата на чираците — учениците во стопанството. Мајсторите и трговците ги примале на работа без никакви договори и ги држеле колку што сакале. Најчесто ги држеле по една до две години, па потоа ги отпуштале. На чираците полни три години ништо не им се плаќало, а се користеле за секаква работа, било во дуќаните или дома, за работодателот. Честопати чираците работеле во лозјата и нивите на своите работодатели. Покрај тоа чиракот морал да ги служи и калфите, а работното време било за него саат — два подолго. И во неделните и празничните денови чираците работеле домашни работи кај мајсторите и трговците. Ваквиот бесправен и тежок живот на работниците покажува колку било потребно нивното синдикално организирање. И за него вонредно многу помогнал Благој Јанков — Мучето.

Имено, по издржаната казна од 6 месеци затвор во Белград, осуден како комунист, тој беше протеран во Струмица во пролетта 1936 година. Иако беше под постојана полициска контрола, веднаш по пристигањето, Мучето почнал да бара луѓе, со кои да отпочне организирана борба. Благој се зближил со група работници кои од него добиле напредна литература, ја читале и ја ширеле меѓу младите работници и чираците. Состаноците се одржувале на излети и по куќите. Се истакнувало дека е нужно нешто да се преземе за заштита на интересите на работниците во Струмица. На први мај 1936 година бил организиран излет во месноста „Свети Илија", во кој земаа учество Љамо Цатев, Киро Попандонов и Кочо Ѕингаров — монополски работници; Томе Козев, шивачки работник; Алеко Каракашев, ѕидарски работник и Благој Мучето. На собирот, Благој

зборувал за значењето на меѓународниот празник на трудот — Први мај и за потребата од создавање синдикална организација во Струмица, која дотогаш не постоела. По десетина дена Благој, Алеко, Кочо и Киро, одржале состанок во месноста „Безденик", на кој подетално е разгледана положбата на работниците во Струмица. Присутните на состанокот можеле да констатираат дека експлоатацијата е преголема, дека работниците се лишени од секакви права, бидејќи се угнетувани од работодателите и од големосрпската власт и дека нивната положба станува сè потешка. Вечерта, истиот ден, состанокот бил продолжен во куќата на Киро Попандонов. На овој состанок, со кој раководел Благој, било одлучено да се формира прво синдикално раководство во Струмица. Донеле решение и кој сè да влезе во раководството на синдикалната организација. Иницијаторите за формирање синдикална организација, писмено барале појаснување и материјал за зачленување од Централниот одбор на Обединетите работнички синдикати, тогаш наречувани УРС (Удружени раднички синдикати). По десеттина дена потребните материјали, за зачленување во Обединетите работнички синдикати биле добиени. Тие по тоа развиле жива пропагандна активност меѓу работниците, зборувајќи им за потребата од формирање синдикална организација. Состаноците со работниците се одржувале поединечно и во групи. Посебно се настојувало да се привлечат тутунските работници и да се формира синдикална организација во Монополот, каде што беа запослени најголемиот број од работниците во Струмица. Во летните месеци на 1936 година, беа формирани четири синдикални подружници. Прва од нив била подружницата на шивачките работници, а потоа уследило создавањето на подружници на монополските, ѕидарските и кондураџиските работници. Собирите на работниците по бранши се одржувале во кафеаната „Југославија", каде што и се формираа овие синдикални подружници. Подружницата на монополските работници била

најголема. Во неа членувале поголемиот дел од работниците од Монополот.

На 26 септември 1936 година, било одржано и Основачкото собрание на Обединетите работнички синдикати во Струмица. Бил поканет и присуствувал и делегат од Управата на УРС од Белград. На Собранието одржано во преполнетата кафеана „Југославија", покрај работниците дошле и некои работодатели. Присуството на великосрпската власт била застапена со еден полициски писар и дваесеттина жандари. Додека се читал рефератот, некои од струмичките капиталисти побарале полицискиот писар да го растури Собранието. Присутниот полицаец Јовановиќ се обидел тоа да го стори, но на одлучната интервенција од делегатот од Белград и на собраните работници, Собранието продолжило со работа. Откога завршиле рефератот и дискусиите се поминало кон избор на Околиски одбор на УРС-овите синдикати. Предложената листа за Управниот одбор била прифатена со акламација и радост. Во неговиот прв состав влегле: Благој Јанков — Мучето, Киро Попандонов, Васа Виранова, Кочо Ѕингаров, Ѓорѓи Тупаров, Томе Козев, Алеко Каракашев, Вера Бисерова, Ѓорѓи Божинов, Ѓорѓи Шаклинов и Дончо Патароков. Во Управниот одбор биле избрани: тројца ѕидарски работници, двајца тутунови и шест шивачки работници. На првата седница на Околискиот синдикален совет за претседател бил избран Благој Мучето, за секретар Алеко Каракашев, за благајник Киро Попандонов, за нагледна агитација Кочо Ѕингаров, а за работа со жените-работнички Васа Виранова. Делегатот од Белград, го повикал Советот, да ги поведе струмичките работници во борба за осумчасовно работно време, за поголеми надници и за заштита на чираците. Тој им ветувал помош од Централниот одбор на УРС и им дал упатства за натамошна работа.

Синдикалната организација во Струмица, се издржувала само од членарина, немала никакви други приходи. За да дојдат до некакви средства, за помагање

на незапослените и болни работници, се пристапило кон организирање на забави и игранки. Дел од собраните средства биле употребени за купување на бројна прогресивна литература, за потребите на работниците. Основањето на синдикалната организација било топло примено од работните луѓе во Струмица. За првпат по повеќе години во ова еснафско-земјоделско гратче, кое во својата историја видело многу господари и поробувачи, се создавала организациона сила што се подготвувала да ја уништи експлоатацијата на човек од човека. Работниците во Струмица, дотогаш биле препуштени на волјата на работодателите, кои ја диктирале цената на нивниот труд и условите на нивната работа.

## 2. ШТРАЈК НА ШИВАЧКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО 1936 ГОДИНА

Во есента 1936 година, со почнувањето на сезоната на шивачите, Управата на шивачката синдикална подружница, по неколку состаноци и извршената агитација, донела одлука да поднесе барање до работодателите — шивачките мајстори, за покачување на платите и скратување на работното време. Барањето било ултимативно: ако не бидат прифатени овие услови, работниците да ја прекинат работата и да стапат во штрајк. За таа цел во кафеаната „Југославија" бил одржан општ собир на шивачките работници во почетокот на ноември 1936 година. Управата на подружницата се договорила со работниците со какви барања да истапат пред работодателите. Биле повикани претставници на мајсторите, за да се запознаат со барањата на работниците. Работодателите ги одбиле барањата од работниците. Управата на подружницата, во договор со работниците, донела одлука да стапат во штрајк. Штрајкот почнал на 12 ноември 1936 година, во

10 часот. Активноста на работниците и интересот кон работата на подружницата, во тоа време, знатно нараснала. Собиралиште на организираните работници станала кафеаната „Југославија", зашто друго погодно место за тоа немало. Некои од мајсторите почнале да ги исмејуваат барањата на работниците. Тие беа навикнале од работниците да бараат само што повеќе работа, а особено во сезоните пред верските празници, кога се работело и по цели ноќи. Тие ја одредувале висината на платите, при што, со секој работник поединечно се договарале колку ќе биде плаќан, додека за групни договарања не сакале ни да чујат. Тие и сега се надевале, а тоа јавно го искажувале, дека полициската власт ќе се вмеша во спорот и на сето ова ќе му стави крај. Одделни работници, особено оние што биле во Управата на подружницата, биле наречувани бунтовници и неработници. Главниот виновник за нив бил Благој Јанков — Мучето, за кого барале да биде затворен или протеран од Струмица. Пред почнувањето на штрајкот, некои од нив се обиделе да го разбијат единството на работниците, согласувајќи се да ги покачат платите само на одделни работници. Но последните ги одбиле ветувањата на мајсторите, изјаснувајќи се против поединечното спогодување со нив.

Спроти денот на штрајкот биле отпечатени летоци и поделени во сите шивачки дуќани. Во нив работниците биле повикани да ја прекинат работата, бидејќи е објавен штрајкот. Сите шивачки работници стапиле во штрајк, со исклучок на четворица, кои останале бојкотирани и извикани, и тоа не само од шивачките, туку и од другите работници во градот. На овие четворица работодателите веднаш им ги зголемиле платите. Мајсторите се надевале дека работниците по ден два сами ќе се вратат на работа, бидејќи ќе немале од што да живеат. Веднаш по објавувањето на штрајкот е известена Централата на шивачките работници во Белград, со молба за поддршка и помош во нивните напори, а за извојување на полна победа. Со задача

штрајкачите да издржат до крај, подружницата одлучила да се собира помош од останатите работници од градот, како и почесто да се приредуваат другарски вечери со игранки во кафеаната „Југославија", а собраниот приход да оди за издршка на штрајкачите. Најголема помош била собрана од монополските работници. Парична помош била добиена и од Белград и Скопје. Прилична сума била собрана и од другарските вечери. Тогаш на игранки почнале да доаѓаат и младинци, кои дотогаш никогаш не посетувале слични приредби. Тоа било манифестација на солидарност со штрајкачите, со желба да издржат до крај и успеат во својот прв потфат. Со некои од штрајкбрехерите, штрајкачите и физички се пресметнале.

Додека траел штрајкот, полицијата во Струмица добила зајакнување со доаѓање на агенти од Скопје, кои веднаш започнале со повикување и испитување на одделни работници, со цел да ги заплашат и да ги откријат организаторите на штрајкот. Некои мајстори, како и полицијата, сакале по секоја цена да докажат дека штрајкот е дело на Благој Јанков — Мучето, а не потфат на експлоатираните работници. Се сакало да се докаже дека штрајкачите се подбуцнати од Благој Мучето. Тие сакале штрајкот да го прикажат не како борба на работничката класа, туку како дело на поединци недоволници и неработници. Отворено се барало Управата на синдикалната подружница да биде затворена. Штрајкот, започнал на 12 ноември 1936 година, траел 13 дена. Отпрвин поголемиот дел од мајсторите несериозно и со потсмев гледале на штрајкот говорејќи: „Нека се прошетаат неколку дена и кога ќе останат и без леб, сами ќе се молат да ги примиме на работа". Кога не се исполниле овие предвидувања, биле принудени да седнат за иста маса и да преговараат, до толку повеќе што ни полицискиот притисок не ги исплашил работниците. Во преговорите работниците ги застапувал Штрајкачкиот одбор и Управата на синдикалната подружница, односно нивните членови

Дончо Патароков, Томе Козев и Ристо Виранов. Во штрајкот вкупно учествуваат 38 работници. На 25 ноември 1936 година се постигнува спогодба со работодателите и на следниот ден работниците се вратиле на работа. Овој штрајк, организиран и раководен од шивачката синдикална подружница, завршил со победа на работниците. Со склучениот колективен договор работодателите и работниците се обврзале во следното:

I. Признавање на работничката синдикална организација, со тоа што работодател кој ја признава организацијата не може да држи неорганизирани работници.

II. Покачување на дневниците и тоа: работник кој имал дневно дваесет и повеќе динари, да добие 20% зголемување. Работник кој имал помалку од дваесет динари дневно да добие 30%, а работник кој имал дневно десет динари добива зголемување 40%, пресметнувано на дотогашните плати.

III. Работното време се нормира на девет часа дневно.

IV. Да се задржува придонес за социјално осигурување, само онолку, колку што е тоа со законот предвидено.

V. Отказ на работниците може да се даде според законот, односно 14 дена порано.

VI. Работата во дуќанот работниците заеднички и подеднакво да ја завршуваат. Мајсторите немаат право на своите работници несразмерно да им даваат работа, ами тоа да биде подеднакво на секој работник.

VII. Секој работодател ќе ги плаќа своите работници, за прекувремена работа, според неговата дневница — зголемена за 50%.

VIII. До напред изнесените услови од колективниот договор, ќе се придржуваат како работниците, така и работодателите и тоа од денот на потпишувањето на договорот за идните четири

месеци. Во случај една од страните да не го раскине договорот, тој автоматски се продолжува за уште четири месеци. *(7))

Сите работници се примени на работа, но оние места каде што работеле и до штрајкот. Оттогаш работодателите-мајстори отпочнале да ги плаќаат минимално и чираците.

Победата на шивачките работници беше примена во градот и во Околијата со радост и од шивачките и од другите работници. Работниците на дело се уверија дека со организирана борба преку синдикалните организации и единство на работниците, можат да се подобрат условите за работа, да им се зголемат платите и да се подобри односот на работодателите кон работниците. И по одржаниот штрајк, шивачките работници продолжија да се среќаваат, да се договараат и информираат за условите на работа и за држењето на поедини мајстори.

Покрај потпишаниот колективен договор со работодателите, со важност од четири, односно осум месеци (договорот по истекнување на четири месеци никој не го раскина), работодателите ги почитуваат одредбите на договорот додека траеше сезоната. Но веќе во мај 1937 година, скоро сите мајстори, продолжија по старо. Работното време пак го покачија на 12 часа дневно. Со чираците се постапуваше полошо, отколку пред штрајкот. Но сега работниците добиваа некаква помош од синдикатот. Покрај тоа, приходите од другарските вечери, кои и понатаму се одржуваа, се користеа за помош на безработните, а за време на летото поголемиот дел од шивачките работници беа без работа.

## 3. СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ШТРАЈКОТ НА МОНОПОЛСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЈУЛИ 1936 ГОДИНА

Кон крајот на мај 1936 година, Љамо Џатев, монополски работник, доби материјал од УРС, од Белград, со упатства како да се постапи при формирањето на синдикалната подружница на тутуновите работници. За формирање на синдикалната подружница на монополските работници пред Околискиот совет беше одговорен Кочо Ѕингаров. Тој се поврзал со група работници од Монополот, и во летото истата година била формирана првата синдикална подружница на УРСовите синдикати во Монополот. Управата на подружницата ја сочинувале: Трајко Андреев — претседател, Јанко Манушев, Танка Павлова, Славчо Чинков, Ристо Трајков, Васе Калапоцев, Ката Николова, Мицо Дрешев, Елпа Јакова, Ирина Прошева, Киро Попандонов и Кочо Ѕингаров. При формирањето на подружницата беше определена комисија од три члена и тоа: Кочо Ѕингаров, Танка Павлова и Киро Попандонов, со задача да ги посетуваат работниците дома и да ги зачленуваат во синдикатот. За кусо време биле зачленети околу 360 работници. Во истото ова време во втората половина на јуни 1936 година, Управата на подружницата на еден од своите состаноци, донела одлука, работниците да стапат во штрајк, до колку не им се покачат надниците, намалени во тоа време. Тогаш надниците изнесувале 6—12 динари.

На 26 јуни 1936 година, на работниците им била пренесена одлуката на монополската синдикална подружница дека штрајкот е објавен, работниците да дојдат пред Монополот, но да не влезат на работа. Основните барања биле покачување на минималните работнички надници. Управата на Монополот се најде изненадена. Таа ништо дотогаш не знаела за подготовките и за одлуката на синдикалната подружница за кревање на штрајкот. Кога штрајкот бил објавен, управата на Монополот побара од властите заштита, и веднаш во Монополот дошле поголем број жандари. Пред овој притисок работниците се раздиниле. Еден дел од околу 30—40 работници одбиле

да штрајкуваат и влегле во работилниците. Штрајкот не бил добро организиран. Барањето на работниците не биле прецизирани и само усмено било пренесено до работниците и управата, дека бараат зголемување на надниците. Одлуката за штрајк била донесена на брзина и во време кога во Монополот престанува сезоната за работа. Покрај тоа, тогаш бил управник на Монополот Момчило Ристиќ, познат со своите груби и нечовечни односи кон работниците. Кога управникот на Монополот увидел дека дел од работниците се десодализирале со штрајкачите, им наредил на работниците да им се соопшти дека оние што до започнувањето на работата не влезат во работилниците, ќе бидат отпуштени од работа. Меѓу штрајкачите настанало колебање, поради страхувањето да не останат без работа, до толку повеќе што бројот на безработните во тоа време во Струмица бил голем. Поради тоа скоро сите работници влегле во работилниците и ја продолжиле работата. До крај упорни останале само околу 30 работници, кои веднаш биле отпуштени и никогаш повторно не биле примени на работа во Монополот.

Работните услови кои и дотогаш биле тешки во Монополот, по овој неуспешен штрајк уште повеќе биле влошени. Работниците биле казнувани и за најмали ситници. Казните најчесто биле одземање на половина или цела надница. Работниците биле задржувани да работат прекувремено, често и во неделните и празничните денови. За прекувремената работа тие не добивале никакви парични додатоци. Бесправноста и самоволијата во работата на управата се чувствува на секој чекор и секој ден. На одделни чиновници им „пречеа" добро облечените работнички па ги казнувале, но ги казнувале и оние што не можеле да си купат кондури и доаѓале на работа со налани. Под страв од отпуштање од работа, работничките биле принудувани да се зачленат во хорот на друштвото „Реља Крилатица" и три четири пати неделно да ги посетуваат пробите и тоа по работното време. Тоа се правело поради тоа што

великосрпските владеачи во градот не можеле да најдат доволен број хористи кои доброволно би пееле во хорот. Ист бил случајот и со соколското друштво. Младите работнички, не сакајќи да ја изгубат работата морале да бидат активни вежбачи во соколската секција во Монополот. За бесправието, малтретирањата и навредите на кои биле изложени работниците во Монополот зборуваат и следните факти. Денот на трудот, Први мај 1938 година, бил неделен ден, па наместо празнување, управникот на Монополот им наредил на 50 работници, кои биле порано казнети, да дојдат на работа за да ги одработат казните. Управата на Монополот се плашела, да не дојде до прослава на работничкиот празник, па поради тоа најактивните синдикалисти биле натерани и на овој ден да работат. Тоа требало да биде и своевидно понижување на овие работници. Еден од најзлогласните во Монополот бил Марко Драшкиќ, чиновник и долгогодишен член на повеќе режимски „културно-просветни" и други друштва. Тој бил познат како голем шовинист и вистинско страшило за работниците. Марко ниеднаш човечки не прозборел со работниците. Неговиот речник бил исполнет со најгруби викотници, со најнавредливи зборови и пцости. Ги казнувал работниците и за ситници: ако се свртат или прозборат меѓу себе. А со казните се намалувале и така ниските надници, што преставувало дополнително пљачкање и ограбување. Ретки биле оние работници кои секој месец, поради казнување, не „заработувале" два до три дена неплатени. Од волјата на Марко и други како него зависело дали некој ќе биде примен или отпуштен од работа од Монополот.

Синдикалната подружница во Монополот, иако не успеа со штрајкот 1936 година, продолжува да работи меѓу работниците, во резултат на што скоро сите работници биле синдикално организирани. Тие редовно ја плаќале членарината и присуствувале на собирите. Паралелно со тоа се проширил и културно-забавниот живот. Кон крајот на 1938 година, биле формирани

драмска и музичка секција при подружницата. Во зимските месеци ги изведе драмите: „На седенка", „Зона Замфирова", „Пат околу светот" и други. Музичката секција секоја сабота и недела приредувала игранки, од кои собирала и извесни парични средства. Приредбите и игранките во Монополот биле редовно и секогаш добро посетувани од работниците во Струмица. На оваа активност на тутунските работници се задржуваме, за да ја истакнеме заемната самопомош што работниците сами си ја организираа. Имено, собраните средства, како и оние од членскиот внос, се користеле за помагање на најзагрозените работници, особено вон сезоната. Овие средства се користени за помагање на отпуштените работници, како и за лекување на болните, бидејќи од Уредот за социјално осигурување тие не добивале ни лекарства, ни болничко лекување. Во ваквите случаи работничката солидарност доаѓаше до својот потполн израз и уште повеќе ги сплотуваше работничките редови.

Во 1938 година беше одржан IV конгрес на обединетите работнички синдикати на Југославија во Загреб. Конгресот бил одржан на 17 и 18 април. За делегат од Струмица бил избран монополскиот работник Јанко Манушев. Прашањето за делегат било искористено од управата на Монополот, за разбивање на единството на синдикално организираните работници. Со помошта на управата, своја кандидатура истакнал и Јанко Аџијанков, чиновник во Монополот во Струмица и режисер на драмската секција при синдикалната подружница. Тој посакал да биде избран за делегат на Конгресот и да отиде во Загреб. Но, бидејќи ја немал довербата и симпатиите на работниците, со кои немал ништо заедничко, не бил избран за делегат. Тој веднаш писмено се откажал од драмската секција и изјавил дека ќе ја бојкотира синдикалната подружница и ќе поведе акција за формирање на ЈУГОРАС. (Југословенски работнички синдикати). Овие синдикати биле формирани од владата за време на Милан Стојадиновиќ,

поради што и биле наречени „полициски синдикати". Махинациите за кусо време отпочнаа. Закани за отпуштање од работа, казни и малтретирања — тоа беа средствата за разбивање на единството на работниците. Јанко Аџијанков и Перо Миладиновиќ, поддржани од власта и од управата од Монополот, биле главните иницијатори и агитатори за создавање на Југорас. И навистина, во летото 1938 година, во Монополот била формирана синдикална подружница на Југорас. Но, покрај сите заканувања и казни, во Југорас се зачлениле само 16 работници, додека подружницата на УРС-овите синдикати броела околу 400 члена. Меѓу занаетчиските работници Југорас воопшто не успеа да продре. Ист беше случајот и со другите работници. Работниците од Струмица, одбивајќи да членуваат во Југорас, го искажувале не само своето неслагање, туку и протестот против ваквите псевдосиндикати, помагани директно од полицијата, која им служеше на капиталистите и големосрбите и безмилосно го угнетуваше и експлоатираше македонскиот народ.

## 4 ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ НА СИНДИКАТИТЕ ВО 1940 ГОДИНА

Разбивачката дејност на Јанко Аџијанков, зад кој стоела месната власт, не остана без последици. Активноста на синдикалната организација во Струмица, наскоро опласна. Притисокот од полицијата и малтретирањето од управата од Монополот, доведе до привремено поколебување кај некои членови на синдикатите. По ова, дури во 1940 година, дошло до обновување на синдикалната организација и до нови барања за подобрување положбата на работниците. Затоа, најмногу придонесе партиската организација во градот, помогајќи ги синдикалните организации. Во

меѓувреме, до 1940 година, работодателите-шивачи повторно им ја влошија положбата на своите работници.

Какви биле животните услови и положбата на шивачките работници во Струмица во ова време се гледа од една статија печатена во „Раднички тједник" (бр. 17 од 1940), под наслов: „Положбата на шивачките работници во Струмица". Во статијата меѓу другото се вели:

„Тукашните шивачки работници живеат многу тешко. Животот станува сè поскап, а надниците останаа исти. Нивниот реален износ од ден на ден се срозува. Денеска веќе надниците не стигат за задоволување ни на најосновните потреби, а тоа тука значи само за лебот. Надниците се движат од 5—20 динари.

Шивачките работници во Струмица, иако работат, формално гладуваат. Нивната сезона трае 6—7 месеци во годината. Тешкотиите се уште поголеми, кога се знае дека Струмица не е индустриско место, а нема ни училишта, па сите млади луѓе наместо во училиште или во фабрика, мораат да одат на занает, поради тоа што други можности нема. Така, на мајсторите им се дава можност, младата работна сила да ја искористуваат до максимум. Тие примаат и чираци само на три—четири години, и секој мајстор има по два до четири чираци, и покрај тоа што на тоа нема право.

Шивачките работници не можат повеќе да ја поднесуваат оваа страшна експлоатација. Бидејќи работодателите не сакаат ни да чујат за некакво покачување на надниците, иако цените на стоките за живеење многу се покачија, на работниците не им останува друго освен да ја продолжат борбата што ја започнаа уште во 1936 година. На сите нам ни е познато дека тогаш по тешка борба, успеавме да ги зголемиме надниците за околу 30°/о и да го регулираме работното време. Потоа, поради неискуство и младост на нашите другари, повеќе не успеавме да извојуваме, но денеска нашите противници го губат секој ден теренот и не ќе можат да ја спречуваат нашата борба. Започнатата борба пред четири години не можевме да ја продолжиме, поради тоа што во нашите редови имаше колебливци, кои не сакаа да се судрат со мајсторите, и со тоа  наштетија и на организацијата и на своите другари. Поради тоа не беше продолжен колективниот договор.

Затоа сега е крајно време шивачките работници да стапат во акција, зашто вака повеќе не се може. Да се наредиме во

редовите на оние наши другари, кои еднаш веќе успеаја да постигнат победа, да поведеме борба за подобри работни услови и плати, за на некој начин да го намалиме товарот што го носиме".

Ваквите сознанија и расположби, што најдоа место и во работничките весници, придонесоа за повторно активирање на синдикатот. Тоа наскоро и се почувствува во Струмица. На 15 септември 1940 година, се одржа Годишно собрание на подружницата на шивачките работници. Се избра Управен одбор на подружницата. За негов претседател е избран Дончо Патароков. На подружницата им пристапија сите шивачки работници во градот. Се повела дискусија за подобрување на работните и животни услови и за повторно потпишување на колективен договор со работодателите. Нешто подоцна, на 28 октомври, беа упатени барањата до работодателите, за регулирање на работните односи. Беа поставени условите за потпишување на колективен договор. Работодателите, изненадени од борбеноста и солидарноста на работниците биле спремни за отстапки, за да не дојде до несакани последици. Обидите за поединечно спогодување, како што бил случајот во работилницата на Славчо Китанов, биле најенергично отфрлени, бидејќи на работниците веќе им било јасно дека тоа е стара метода на работодателите за разбивање единството и солидарноста на работниците. Во почетокот на октомври, повторно дошло до штрајк, кој траел само два дена. Шивачките мајстори биле принудени да ги покачат надниците за околу 25%, додека работното време и натаму останува девет часа. Но положбата на чираците и по овој штрајк не се подобрила. Тие останале и натаму бесплатно да им работат и да им слугуваат на мајсторите.

Во 1940 година, се зголеми синдикалната активност и на монополските работници, но до поголеми акции во синдикалната подружница на Монополот не дошло.

## 5. ШТРАЈК ВО КОНДУРАЏИСКАТА РАБОТИЛНИЦА НА КИРО КАЛКАШЛИЕВ

Во 1940 година, дојде до обновување на активноста и во синдикалната подружница на кондураџиските работници, која била формирана порано. Есента 1940 година во работилницата на Киро Калкашлиев, работеле околу 15—16 работници. Покрај работилницата, тој имаше и трговски дуќан каде што, меѓу другото, продавал и кондури. Поради тоа работниците кај него работеле постојано, а не како во другите кондураџиски дуќани, само во зимските месеци. Се дала инцијатива, преку подружницата, во штрајк да стапат сите кондураџиски работници во градот, но во тоа не се успеало. Само работниците кај Калкашлиев донеле одлука да стапат во штрајк. Барањата и сега биле покачување на надниците и намалување на работното време. Штрајкот бил изведен во октомври 1940 година и траел 15 дена. По две недели неколкумина работници, оставени без секаква помош, се вратиле на работа. И покрај тоа, Калкашлиев се видел принуден, макар и симболично, да ги покачи надниците на работниците, додека работното време останало и натаму 12—14 часа дневно, а плаќањето на заработеното и натаму било нередовно. Некои од работниците, не ги вратил веднаш на работа, туку тоа го сторил по месец—два по штрајкот. Покрај останатите мерки за зголемување бесправието и експлоатацијата на работниците, што се применувани и од другите мајстори-работодатели, Калкашлиев понекогаш ги тепал не само чираците, туку и работниците. И овој штрајк не заврши со успех на работниците. Тоа уследило од слабата подготвеност и недоволната солидарност меѓу кондураџиските работници во градот.

## 6. ЗАБРАНА НА УРСОВИТЕ СИНДИКАТИ ВО СТРУМИЦА ВО 1941 ГОДИНА

На 28 декември 1940 година, владата на Цветковиќ—Мачек, која отворено се стремеше да ја фашизира Југославија, донесе одлука за забрана и укинување на УРС-овите синдикати. Оваа одлука требаше да се примени и во Струмица, кон што и пристапија месните великосрпски власти. За таа цел полицискиот писар Лебеда ги повикал членовите на Управата на синдикалната подружница на шивачките работници, им ги зел печатите, соопштувајќи им дека за во иднина се забранува секаквата активност на подружницата. Биле повикани, исто така, и неколкумина членови на Управата од монополската синдикална подружница, од кои, покрај печатите и материјалите, Лебеда побарал да ги предат и синдикалните парични средства. Тогаш монополската синдикална подружница располагала со 30.000 динари. Само еден ден пред да бидат повикани во Околиското начелство управникот на Монополот Рељa Димитријевиќ, ги известил членовите на Управата на синдикалната подружница дека полицијата има намера да им ги одземе и парите и ги наговорил, парите и музичките инструменти да му ги предадат на Соколското друштво што овие, пројавувајќи наивност, и го направиле. На ваков начин монополските работници, поточно нивната синдикална организација, биле најбесрамно опљачкани, а синдикалната подружница — растурена. И по распуштањето на УРС-овата синдикална подружница, активноста на работниците во Монополот сосема не престанала. Синдикална дејност продолжила да пројавува дотогашната управа на организацијата, како и по некои поактивни членови, иако подружницата формално не постоеше. Тие повремено се состанувале нелегално по куќите и се договарале кога и што треба да

се преземе и да се стори за заштита на правата на работниците. Нивната активност и влијание меѓу работниците не престанува ни по сломот на стара Југославија и фашистичката окупација на Македонија, односно и на Струмица.

Од друга страна синдикалното движење и штрајкачките борби, колку и да беа скромни по обем во Струмица, претставуваа школа за политичко издигање на работниците. Преку учеството во работата и борбите на синдикалните организации, повеќе работници се здобија со искуство, за водење не само на економска, туку и на политичка борба. А тоа многу придонесе повеќемина работници, раководители и членови на синдикалните организации, да земат активно учество во народноослободителната борба во периодот од 1941 до 1945 година.

# ГЛАВА IV

## КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО СТРУМИЦА

### 1. СПОРТСКОТО ДРУШТВО „БЕЛАСИЦА"

Бидејќи во Струмица немаше можности за поширока активност на културно-просветното поле, набргу по Првата светска војна младинците отпочнаа сами да си бараат такви можности, создавајќи по

маалата оркестри, спортски клубови и друго, а преку нив започнаа да развиваат културно-просветна и спортска активност.

Нешто подоцна, во Струмица веќе се пристапило кон формирање на културно-просветни и спортски друштва. Меѓу првите било формирано спортското друштво „Беласица". За првпат, младите од Струмица се запознале со спортската игра — фудбал, а по пробивот на Солунскиот фронт, кога англиските војници што биле стационирани во Струмица, во близина на касарната играле фудбал. Младината и децата веднаш ја засакале оваа игра; по маалата веднаш се создаваат повеќе „клубови" и се игра фудбал со топки од крпа. Првата кожна топка е набавена во селото Баница, што останала кај некој селанец од англиските војници. Група младинци ја откупиле од селанецот и долго играле. Неколку години потоа се одржувале натпревари на „дивите" маалски клубови по празните места на Струмица опожарена во 1913 година. Кога се дознало дека во Скопје постои фудбалски потсојуз, и дека се одржуваат натпревари на веќе регистрирани клубови од повеќе градови на Македонија, група младинци решиле да формираат Спортско друштво и да се зачленат во потсојузот. Пролетта 1922 година, одржано е основачкото собрание на кое е формирано Спортското друштво „Беласица". Првиот службен натпревар е одигран во мај истата година, со Спортскиот клуб „Победа" од Скопје. Во „Беласица" се собираат многу младинци, главно од занаетчиската младина, кои покрај фудбалски клуб имаат тамбурашки оркестар и пеачка група. Повеќепати, по фудбалските натпревари, тие настапуваат и со музички приредби. Најзначајна е турнејата на друштвото „Беласица" во 1924 година, кога играчите гостуваат во повеќе градови на Србија, Босна, Херцеговина и Далмација. Друштвото „Беласица" постоеше за сето време на стара Југославија и беше собиралиште на голем број напредни младинци и љубители на спортот.

Покрај „Беласица" во Струмица се создава уште едно спортско друштво — „Тиверија", формирано исто така од група занаетчиски работници.

Овие спортски друштва одиграа значајна улога за прибирање и заеднички друштвен живот на младината, бидејќи сè до 1931 година во Струмица не постои ни едно друго културно-просветно друштво, кое би можело да развива некаква културно-воспитна дејност. Ако додадеме дека во градот не постоеше ни кино, или некоја друга културно-забавна институција, тогаш е разбирливо, зошто голем дел од младината времето го проведуваше по кафеаните, што во Струмица во тоа време ги имаше во рекорден број — околу 70.

Покрај фудбалските друштва, во Струмица, кон крајот на 1923 година, формирано е и Соколското друштво. Во него членувале училишната младина, раководена од учителите, управата на Соколското друштво ја сочинувале чиновници и режимски лица, дојдени од други места од Југославија и од неколку месни трговци. „Соколите" биле великосрпска режимска организација. Но и покрај тоа во Соколското друштво членуваа еден мал број напредна работничка младина која земаше активно учество во неговата работа. Исклучок прави Монополот, кадешто членови на „Сокол" беа скоро сите управни кадри на Монополот и младите работнички, кои под притисок беа принудувани да се зачленат во него. Друштвото „Сокол", оформило свои клонови привремено и во некои поголеми села како Дабиља, Иловица и Ново Село. Долгогодишен претседател на „Сокол" бил д-р Светислав Атанасковиќ, познат големосрбин кој живееше во Струмица.

Покрај Друштвото „Сокол" постоело и Скаутско друштво во кое членувале дел од струмичката младина.

## 2. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНОТО ДРУШТВО „РЕЉА КРИЛАТИЦА"

Во Струмица, повеќе формално, постојат неколку културно-просветни друштва како: „Рељa Крилатица", „Јадранска стража", „Коло српских сестара", „Занатска омладина" и други, кои не покажуваат некоја особена активност. Сите тие требаше да развиваат големосрпска културна активност. Сите овие друштва беа режимски, создавани и раководени од месната власт, со цел преку нив да се проширувааат големосрпските идеи и да се врши асимилација на македонското население. Оттука и многу слабото учество на граѓаните во работата на овие друштва, кои беа бојкотирани.

Поголема активност од сите нив покажа Друштвото „Реља Крилатица". Тоа го носеше името на средновековниот „српски" феудалец во Струмица, за кој во нашата книга веќе стана збор. Тоа беше формирано во 1927 година. Друштвото имало музичка секција, хор, драмска секција, народен универзитет. Покрај тоа во статутот на Друштвото беше предвидено да организираат излети и да им даваат помош на другите друштва во градот. Друштвото се издржувало од членски внос, но главно од субвенција добивана од државата. Активноста на ова Друштво, главно ја одвиваше преку хорот, кој во последните пет—шест години, пред 1941 година, беше раководен од Богољуб Цвијановиќ, учител во селото Куклиш. На неколкупати голем дел од хористите го напуштале Друштвото, и тоа кога биле поставувани на репертоар песни со великосрпска шовинистичка содржина. Затоа хорот се истакнал главно како црковен, а на тоа најмногу и работеше. Тој неколкупати одржал концерти во Струмица, како и во некои други градови во Македонија. Така, хорот на „Реља Крилатица" во 1930 година дал приредби во градовите Штип и Кочани. Активноста на другите секции на Друштвото биле незнатни.

Во 1937 година, на десетгодишнината од постоењето на „Реља Крилатица", по иницијатива на некои младинци, членови на Друштвото, се донело

решение, драмската секција да го одбележи десетгодишното постоење на Друштвото со прикажување на драмата „Печалбари" од познатиот македонски писател од Струмица Антон Панов. Меѓутоа, д-р Атанасковиќ, протата Поповиќ, диригентот Цвијановиќ и други се спротивставиле на неколкупати во тек на подготовките и се обиделе да го спречат изведувањето на драмата. Отпорот доаѓаше поради тоа што „Печалбари" беше пишувана на македонски јазик и третираше проблеми од македонскиот живот. Постоела опасност членовите на драмската секција и хорот да го напуштат Друштвото, поради што Управата беше принудена да попушти и се сложи со поставувањето на „Печалбари". Спорот помеѓу членството и управата траел неколку месеци, поради што драмата била прикажана дури на 7 ноември 1937 година. Бидејќи таа им била блиска и разбирлива на гледачите, „Печалбари" била топло поздравена од граѓанството.

Во 1938 година, управата и диригентот одлучиле хорот да вежба некои песни со изразито шовинистичка великосрпска содржина, но хористите почнале да се откажуваат, а дел од нив поминале во секцијата на есперантистите. Се поставило прашањето дали хорот ќе го продолжи своето постоење или ќе се распадне. Тогаш управата на „Реља Крилатица" решила заедно со управникот на Монополот — хорот да го пополнат со работници и работнички од Монополот и оние од нив што биле одредени за тоа биле ставени пред дилемата — да се согласат или да бидат отпуштени од работа. Преку нивното принудно зачленување во хорот, тој бил спасен од распаѓање. Активноста на Друштвото „Реља Крилатица", поради сè посилниот отпор на младината отпадна во периодот 1938—1941 година. Тоа на крајот се свело до учество на неговиот хор во црковните служби.

## 3. МОНОПОЛСКОТО РАБОТНИЧКО ПЕАЧКО ДРУШТВО

За колку-толку да се повлијае и врз работниците во Монополот, како и со цел тие да добијат некакво образование во 1931 година, на иницијатива од инспекторот Драгутин Вуличевиќ, било основано „Монополското пеачко друштво" во Струмица. Ова е првото работничко друштво, формирано во Струмица во годините меѓу двете светски војни. Веднаш по своето формирање Друштвото започнало со доста активна просветна и образовна работа меѓу тутунските работници. При Друштвото биле формирани повеќе секции: театарска која изведе повеќе драми, едночинки и друго. Освен театарската била формирана и музичка секција, снабдени се музички инструменти и формиран е оркестар, единствен во градот во овој период, раководен од работникот Киро Митров. Друштвото успеало да издејствува за употреба еден магацин во старата монополска зграда, кој служел за сала и во него се одвивале активностите на секциите. Работничкото друштво се издржувало од приходите од приредби и игранки, како и од членскиот внос. Приредбите на Монополското работничко друштво биле масовно посетувани од струмичкото работништво.

Воедно бил формиран и хор во кој членувале исклучиво работници и работници од Монополот. Хорот броел околу 90 члена, а бил раководен од учителот Душан Радовиновиќ. Хорот, особено во зимските месеци, подготвил и извел повеќе концерти за работниците и граѓанството.

Покрај наброените секции, при ова Друштво работел и аналфабетски курс, постојано посетуван од околу 80 работници и работнички од Монополот. Аналфабетскиот курс работел од 1932—1934 година и тој овозможил описменување на голем број работници. Со

овие курсеви раководеле учителите Вук Петровиќ и Милисав Јововиќ.

И покрај фактот што ова Друштво било формирано на иницијатива на спомнатиот монополски инспектор и некои чиновници од Монополот, во неговата управа биле вклучени и добар дел работници и работнички. Тие, всушност, и биле вистинските носители на неговата активност. Управата на Монополот, како и месните власти, будно внимавале раководењето на Друштвото да не го преземат напредни работници и месни луѓе, за да се оневозможи развивање на политичка активност. Но, сепак, од ова Друштво израснаа повеќемина работници, кои покасно станаа активисти на работничкото движење и се истакнаа во работата на синдикалната подружница на УРС-овиот синдикат во Монополот. Можеме да заклучиме дека Монополското работничко друштво постигнало задоволувачки резултати во културно-забавниот живот на работниците, како и за нивното описменување и образование. Активноста на Друштвото престанало со формирањето на подружницата на УРС во Монополот, кога сите овие секции биле приклучени кон синдикалната подружница.

## 4. ДРУШТВОТО НА ЕСПЕРАНТИСТИТЕ

Формирањето на Есперантското друштво во Струмица, кое одигра вонредно значајна улога во собирањето на напредната и работничката младина е сведено на активноста на народниот херој Благој Јанков — Мучето. За време на неговиот привремен престој овде, кој траел скоро две години (од пролетта 1936 година до почетокот на 1938 година), Благој Мучето придобил голем број младинци, кои станале и негови лични пријатели. На многумина од нив им помогнал да го зацврстат своето македонско национално сознание и ги заинтересирал за својот народ и за работничката класа.

И по своето заминување на работа во Белград, Благој Мучето одржувал врски со овие младинци, со што продолжил врз нив да врши големо влијание. Уште пред да ја напушти Струмица, се разгледувало прашањето на кој начин да се придобие и останатата младина, а со цел политички да се воспитува и подготви за борба за остварување на работничките права. Во 1937 година бил одржан состанок во куќата на Милчо Шеќерџиев со учество на Васил Цилев, Ката Поцкова, Мито Поптодоров и Благој Мучето. На состанокот тие дискутирале за ситуацијата во градот, а посебно за положбата на работниците, барајќи можност за формирање на друштво, во кое ќе можат да ги соберат младите работници, со цел да се развие поширока политичка и агитациона работа; да се создаде можност за ширење на идеите на научниот социјализам, што би овозможило создавање и организација на Комунистичката партија во градот. Учесниците на овој состанок се согласиле сето ова да се постигне преку формирањето на едно есперантско друштво во градот. Во тоа веќе се имало добро искуство. Имено, во повеќе места во Југославија, пред војната, друштвата на есперантистите се покажале како мошне погодна форма за развивање активност на партиските активисти. Благој Мучето со уште некои негови другари — комунисти, кои работеа во Белград, користејќи го ова искуство и во Струмица пристапија кон формирање на друштво на есперантистите. Преку него, тие можеа директно да влијаат врз младите работници и да ги подготвуваат за натамошна политичка активност. Во истото време Киро Минанов, шивачки работник од Струмица, завршил во Белград курс по есперанто и прилично добро го совладал овој јазик. Киро Минанов бил поканет да се врати во Струмица за предавач на курсот, кој требало да се организира. Тој се согласил и во летото 1938 година, се вратил назад. На еден состанок на група напредни младинци било решено во Струмица да се формира Друштво на есперантисти. Но се сметало дека власта не

ќе дозволи Друштвото да биде формирано, па се барале други можности. Неговите инцијатори го искористиле постојното Друштво „Реља Крилатица", со тоа што Есперанто да биде негова секција. Васил Цилев добил задача да издејствува преку членовите на Управата на „Реља Крилатица", а посебно преку д-р Светислав Атанасковиќ, кој имаше големо влијание кај власта, да се оформи и секција на есперантистите. Управата на „Реља Крилатица", на својата седница од 4 јули 1938 година, решила да се организира есперантски курс, под услов, есперантската секција да работи исклучиво на изучување на овој меѓународен јазик, и тоа на сопствено материјално издржување. По тоа била спроведена агитација меѓу младината, за да се изврши упис на членови на секцијата. Оваа иницијатива наишла на голем интерес кај работниците и младината. Првото собрание на секцијата на есперантистите била одржана во јули 1938 година, во зградата на Женското занаетчиско училиште. По уводното излагање за значењето на меѓународниот јазик и за потребата за самообразование на работниците, отпочнал првиот курс на есперантистите во Струмица. По конституирањето на есперантската секција за нејзин претседател во Друштвото „Реља Крилатица" бил определен Васил Цилев, а за секретар Димитар Маџунков. Месец дена потоа, на еден од своите состаноци, есперантистите избрале управа на секцијата, која долго време потоа раководела со нејзината работа. Во управата биле избрани: Васил Цилев, претседател, Ванчо Фончев, Ристо Беќаров, Ката Поцкова, Ѓорѓи Стоев, Глигор Новаков, Ленка Чопкова, Сандо Масев, Ванчо Зеленков и Киро Минанов. Киро Минанов во исто време бил и предавач на есперантскиот курс. Во прво време додека траел првиот курс, кој го посетувале околу 60 курсисти, работата на секцијата се состоела само во изучување на јазикот — есперанто. Првиот курс бил посетуван само од работници, а исто така и управата на секцијата била составена од работници. Покасно, во другите курсеви се

вклучиле и некои млади интелектуалци како: браќата Боро и Киро Џони, Коѓо Ѓуров-Ѓаволо, Атанас Мучето и други, како и одделни ученици. При крајот на 1933 година, покрај изучувањето на јазикот, се одржувале и други предавања, се читала прогресивна литература што им се давала на читање и на други работници кои не биле членови на секцијата итн. Покрај тоа почнале да се организираат и излети по околните села, на кои честопати се изведувало забавни програми и се читале реферати.

Во зимата 1938/1939 година, секцијата ја закупила салата на сегашното кино „Балкан" во која организирале забави и игранки во саботите и празничните денови. Популарноста на секцијата на есперантистите меѓу работните луѓе за кусо време порасна. Со отпочнувањето на секој нов курс, бројот на членовите се зголемувал, а годишно се одржувале три—четири курса. Предавањата се одржувале 3—4 пати седмично во вечерните часови. Меѓутоа, во просториите на училиштето дел од членовите на секцијата доаѓале скоро секоја вечер. Тоа станало нивен постојан клуб. Во градот можело да се чуе како млади работници зборуваат на јазикот есперанто, кое уште повеќе го зголемувало интересот на работниците и младината кон работата на есперантистите.

Првите несогласувања помеѓу секцијата на есперантистите и управата на Друштвото „Рења Крилатица", настанала кога извесен број хористи го напуштиле хорот на Друштвото и станале активни членови на есперантската секција. Реакцијата од д-р Атанасковиќ и неговите истомисленици била остра; тие се заканувале дека ќе ја растурат секцијата; зборувале дека тоа е работа на комунистите и барале да се прекине со секаква друга активност вон од изучувањето на јазикот. На управата на „Рења Крилатица", морало да и се вети дека нема да се организира никаква друга активност. Но, секцијата ја продолжила својата работа, активноста се зголемувала и се вовеле нови форми на работа со младината.

Во есента 1938 година, секцијата без знаење на управата на „Рељa Крилатица" донела одлука да подготви програма, во која би биле внесени повеќе песни и хорски рецитации и едночинката „Марс бог на војната". Членовите на секцијата со ентузијазам и радост се зафатиле за работа. Во женското занаетчиско училиште се одржувале проби до касно во ноќта. Со подготовките раководеле Боро Цони и Кољо Ѓуров-Ѓаволо. Приредбата требало да се изведе на 8 јануари 1939 година. Управата на „Рељa Крилатица", на своето заседание од 28 декември 1938 година, го одобрила изведувањето на програмата, по што секретарот на секцијата требало да извади дозвола од Околиското началство. Пред да се добие дозволата, есперантистите со вкусно изработени плакати, ја објавиле програмата и денот на нејзиното изведување. Околискиот началник по неколку дневно одбивање ја издал дозволата. Меѓутоа, полицискиот писар Ѓорѓевиќ, не ја потпишал бараната дозвола. Кога веќе се мислело дека дозволата е добиена, во Околиското начелство дошле д-р Атанасковиќ, протата Миодраг Поповиќ, диригентот на хорот Богољуб Цвијановиќ и Марко Драшкиќ од Монополот. Потоа полицискиот писар се вратил и соопштил дека не може да се добие дозвола, а приредбата се забранува. На инсистирање на секретарот на есперантската секција, дозвола била дадена само за игранка. Тоа на соодветен начин му било соопштено на граѓанството, а имено дека програмата е забранета од власта. Управата на секцијата донела одлука програмата да се изведе по делови, во ќошињата на салата, а не во целост и на сцената. Вечерта салата на „Балкан" била преполна. Голем дел од посетителите стоеле, но дошле токму поради тоа што програмата била забранета. Тие дошле да ја покажат својата солидарност со есперантистите.

Кога отпочнала игранката во „Балкан" дошол чиновникот на Околиското началство Ѓукан Ѓукиќ. Тој се спријателил со некои есперантисти и се сметал за нивен симпатизер. На еден член од управата му соопштил дека

полицијата разбрала што подготвуваат есперантистите, и дека е тој испратен со група жандари, ако се изведе програмата да ги уапси есперантистите. Меѓу другото тој рекол: „Не сакам вас да ве апсам и ве молам да не ја изведувате програмата". За да се избегнат апсењата, управата на секцијата одлучила програмата да не се изведува. Па, сепак, некои рецитации и песни биле изведени во разни делови од салата, а Ѓукиќ или не виде, или се правеше дека не гледа и не интервенираше. Есперантистите, поради сето ова не се пасивизирале, а напротив со уште поголем ентузијазам ја продолжиле работата. Популарноста на секцијата на есперантистите, по овој настан, се зголемила. Во септември 1939 година, се направил уште еден обид, да се прикаже едночинката „Марс бог на војната". За таа цел бил изменет насловот во „Пет континенти", но ја доживеал истата судбина; власта и овој пат не го дозволила нејзиното поставување на сцената.

Најприменувана форма на работа во есперантската секција во периодот 1939—1941 година е организирањето на излети по селата. Биле посетувани селата Вељуса, Пиперево, Просениково, Смолари, Банско, Куклиш, месноста „Свети Илија". Тоа им овозможило на есперантистите да се зближат со поголем број селани. При овие излети одржувани се програми и предавања, се зборувало за тешката положба на селаните, за експлоатацијата, за грабежите од корумпираниот чиновнички апарат и од градските лихвари. Се зборувало за националната поробеност на македонскиот народ, за неговата поделеност меѓу соседните балкански држави, за националното угнетување итн. Есперантистите и селаните се запознавале со поважните настани од историјата на македонскиот народ. На излетите се читале стихотворби од македонските пролетерски поети Кочо Рацин, Коста Абрашевиќ, потоа од Алекса Шантиќ и други. Ваквата дејност на есперантистите им донела бројни симпатизери како во градот, така и во селата.

Секцијата на есперантистите дел од средствата со кои располагала ги употреби за набавување на прогресивна литература, како на српскохрватски, така и на есперантски јазик. Книгите кај младите пробудиле жед за учење. Сепак, литературата со која се располагало била недостатна да ги задоволи растечките потреби. Добар дел од литература донеле другарите што работеле или студирале во Белград, кога во летните месеци доаѓале во Струмица. Во тоа време во градот и Околијата не постоела јавна библиотека или читална. Како пак аптекарката Мима Радивојевиќ имала голема лична библиотека, тоа и членовите на есперантската секција, како и други младинци, ја користеле преку внукот на Мима, Зоран Симиќ, тогаш студент на Правниот факултет во Белград. Тој често престојувал во Струмица, и се здружил со многумина струмички младинци.

По формирањето на повереанството на Комунистичката партија на Југославија во Струмица, во пролетта 1939 година, таа го презела исцело раководењето со секцијата. Во прво време преку членовите на управата Васил Цилев и Ката Поцкова, а подоцна и преку Ванчо Фончев и Глигор Новаков. Оттогаш повеќе внимание му се придавало на политичкото образование на младите, покрај изучувањето на јазикот. Скоро по секој одржан час се држеле и политички предавања.

Се дискутирало за политичката положба кај нас и во светот. Часовите ги посетувал и Јосиф Јосифовски, честопати зборувајќи за фашистичката опасност во Европа, како и за народите на Јутославија. Во секцијата на есперантистите, уште во 1939 година, бил формиран актив од млади работници и интелектуалци, кои спроведувале сите директиви добиени од Партиското повереанство во градот.

Летото 1939 година, есперантистите од Струмица ги избрале за свои делегати на Конгресот на есперантистите од Југославија, кој се одржал во Карловец, Ристо Беќаров и Глигор Новаков. Дискусиите водени на

Конгресот за задушувањето на Шпанската република и меѓународната ситуација, им разјасни многу политички прашања на делегатите. Тие се запознале со многу истакнати есперантисти од Југославија, со кои размениле мисли за разни политички прашања и за работата на есперантските друштва. За нив и за струмичките есперантисти тоа беше од голема полза.

Повеќе членови на Есперантското друштво од Струмица, се запознале со животот и борбите на работниците од повеќе европски и азиски земји, допишувајќи се со свои колеги од овие земји. Покрај литературата на есперанто, во Струмица се добивале и листови печатени на овој јазик како: „Пополо фронто" од Шпанија, „Пролето" од Советскиот Сојуз, „Фоџо де ла ориенто" од Кина, „Хералдо" од Чехословачка итн. Скоро сите членови биле претплатени на есперантскиот весник „Ла суда стело", кој излегувал во Југославија. Есперантистите добивале и повеќе комунистички и други напредни весници како „Наша реч", „Раднички тједник" и други.

Есперантската секција во летото 1940 година, се одвоила од Друштвото „Рења Крилатица" и формирала свој клуб. Клубот ги изнајмил просториите на бившото училиште (куќата на Маџункови) и организирал своја библиотека што располага со 300—400 книги, дел од кој биле на есперанто. Управата на клубот потоа развила уште поголема активност меѓу работничката и училишната младина во градот и селата.

По окупацијата на Југославија, во април 1941 година, бугарските окупатори набргу по нивното доаѓање во Струмица, ја забраниле работата на есперантскиот клуб. Но целта била веќе постигната. Поголем дел од членовите на клубот, станале членови на СКОЈ и КПЈ и се вклучиле во борбата против бугарските и германските окупатори.

Ако накратко се резимира културно-просветната и национално-политичката активност на населението, пред сè  на работничката, училишната и другата

младина во Струмица, во периодот на стара Југославија, треба да се каже дека младите генерации секогаш наоѓале методи и форми на работа за да се здобијат со поголемо образование, да се поврзат со селското население, да се вклучат во борбата на македонскиот народ и на работничката класа од Југославија за извојување на слободен, човечки живот. Великосрпските властодршци имаа формирано неколку друштва во градот, со цел да ја денационализираат младината но во тоа не успеаја. Не успеаја затоа што овие друштва, како единствено дозволени места за културно-просветен и забавен живот, беа постепено преземани од младината која сѐ повеќе развиваше комунистичка активност. Тоа особено се покажа со примерот на есперантската секција, која како таква, беше скоро единствена појава во Македонија. Есперантското друштво вонредно многу придонесе за создавање на оние кадри, кои во годините непосредно пред војната, и особено во текот на фашистичката окупација, ќе застанат во Струмица и Струмичко на чело на Народноослободителното движење.

# ДЕЛ VII

## Развиток на народноослободителната борба во периодот од 1941 до 1945 година во Струмичко

# Г Л А В А I

# ОКУПАЦИЈА НА СТРУМИЧКА ОКОЛИЈА

## 1. ПРОПАСТА НА СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА И ОКУПАЦИЈА НА СТРУМИЦА

По настаните од 27 март 1941 година, кога народите на Југославија, предводени од Комунистичката партија на Југославија ја урнаа ненародната влада на Цветковиќ — Мачек, стана јасно дека Југославија ќе биде нападната од фашистичките сили. Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија на чело со Јосип Броз — Тито, укажа на блиската фашистичка опасност за Југославија од страна на фашистичките сили. Познато беше дека германските војни сили беа концентрирани во соседна Бугарија, согласно спогодбата склучена меѓу Хитлерова Германија и Бугарија. Од први март 1941 година, Бугарија стана воена германска база за напад на Југославија и Грција.

Струмица и Струмичко како граничен крај кон Бугарија, се наоѓаше на еден од мошне важните операциски правци, низ чија територија се излегува, преку Радовиш и Штип, во Брегалничката долина и Овче Поле, а на друга страна преку селото Костурино и Валандово — кон Вардарската долина, Дојран и Гевгелија, а понатаму кон територијата на Грција. Овие беа важни комуникации што ги сврзуваат сите спомнати правци и места и овозможуваат движење, префрлување и дејство на моторизирани и други сувоземни војски.

Во реонот на Петрич на бугарската територија, беа сконцентрирани 18-ти и 30-ти германски корпус, кои по заземањето на Струмица имаа за задача: преку Дојран и Гевгелија да ја нападнат Грција.

Кога на 6 април, Хитлеровата војска отпочна ненадеен напад по сите граници на Југославија, на кој му претходеше силно воздушно бомбардирање на важните центри во Југославија, пред сѐ на Белград, а во Македонија на Скопје и Штип, во раните утрински часови, по претходна силна артилериска и авио-подготовка, отпочна нападот на струмичкиот правец и веќе негде во претпладневните часови истиот ден, германските единици ја окупираа Струмица и поважните места во околијата, продолжувајќи ги своите дејствија во правец на Валандово и Дојран, а со друг дел од силите се упатија кон Радовиш и Штип.

Ваквиот брз успех на германските единици може да се објасни со тоа што германските сили беа апсолутно надмоќни во жива сила и воена техника. Воените власти во стара Југославија, па и во Струмица не беа извршиле целосна мобилизација, војската беше наоружена со слабо и застарено оружје. Дел од офицерите од 49-ти пешадиски полк и граничните единици беа петоколонаши и сееја дефетизам меѓу војниците и командниот кадар. Потоа, не беше извршена концентрација на силите во местата што требаше да го затворат и бранат правецот на германското настапување. Артилериската муниција и другиот воен материјал неопходен за војна, место да се префрли на позициите во близина на границата, бил истоварен во реонот на градот. Штабот на Брегалничката дивизија, не сакал да ги даде потребните транспортни средства за неговото префрлување до позициите. Мал дел од артилериската муниција бил префрлен до положаите со болничката кола на 49-ти пешадиски полк, и тоа на барање од некои млади офицери, а по иницијатива на поручникот д-р Миољуб Кичиќ, за што бил остро нападнат од командантот на дивизијата, со мотивација

дека болничката кола е за превоз на болни и ранети, а не на муниција. Тој барал муницијата, ако нема со што да се транспортува, да лежи таму каде што била. По доаѓањето на Германците во Струмица, муницијата паднала во нивни раце, како и голема количина оружје и друг воен материјал.

Отпорот, организиран од некои млади офицери на положаите во близина на границата, набргу бил совладан, и тоа со доста жртви. Поради недостиг на муниција, како и заради напуштањето на позициите од повисоките команди и штабови, војниците биле принудени да се повлекуваат неорганизирано. Повеќето од војниците потоа биле заробени од германските војски.

Мал дел од претставниците на буржоазијата, главно шпекулантски елементи и предавници, побрзаа да ги поздрават германските офицери. Тие беа истите оние луѓе, што само до пред еден ден, соработуваа со големосрпската власт во околијата и ја искажуваа својата лојалност кон ненародниот режим на стара Југославија.

## 2. ВЛЕГУВАЊЕ НА БУГАРСКИТЕ ОКУПАТОРИ ВО СТРУМИЦА

На 27 март 1941 година, кога Хитлер донесе одлука да ја нападне Југославија, тој имал и готови планови за поделба на нејзината територија, што подоцна било и докажано. Според овие планови, Бугарија за заслугите што ѝ ги направи во освојувањето на Југославија и Грција, го доби најголемиот дел од Македонија како и други југословенски територии. Тогаш меѓу останатите краишта од Македонија и Струмица беше окупирана од Бугарската армија. По таков начин бугарската империјалистичка буржоазија веруваше дека во лицето на фашистичка Германија ја нашла силата, за остварување на нејзиниот санстефански сон. Затоа,

неколку дена по германските војски, стигнаа во Струмица и некои големобугарски емисари, чија задача беше да го подготват народот за свечен пречек на Бугарската армија и полиција, односно за окупација и на струмичкиот крај. Меѓу овие се наоѓаа и неколкумина привrзаници на бившата михајловистичка ВМРО и емигранти кои  служеа на фашистичка Бугарија како: Васил Катин — Голаш, Атанас Нушката, Атанас Ансаров, Панде Арабаџиев, Љамо Комаров, Дончо Алаџов, Мирчо Лазаров и други.

Веднаш по навлегувањето на Германците, во Струмица бил формиран и таканаречениот „Македонски национален комитет", од привrзаници на Димитар Ѓузелов, кој им служел на германските окупатори во градот како цивилна власт до доаѓањето на бугарските единици. Тој вршел подготовки и за пречекот на бугарската војска и полиција, а по доаѓањето на последните, кога ја одигра својата улога, овој Комитет бил распуштен од Владата на Богадан Филов.

Партиската организација во Струмица го знаеше денот на пристигањето на бугарските единици во Струмица. Партиското поверенство на 8 април одржал состанок, на кој ја разгледа настанатата ситуација по окупацијата на градот и околијата, и донесе одлука што може да се резимира во следново:

1. Да се разбијат кај масите евентуалните илузии дека бугарската војска и власт се ослободители, — пропаганда ширена со децении, туку да се објаснува дека тие доаѓаат како фашисти и окупатори, со цел да го ограбуваат и експлоатираат македонскиот народ.

2. Да се поведе борба против сите шпекуланти, предавници и бивши соработници на српската власт, кои веднаш по доаѓањето на Германците почнаа да пактират со нив, и кои по доаѓањето на бугарските власти беа склони да соработуваат со истите, користејќи ја таквата ситуација за сопствено богатење и експлоатација на работните маси.

3. Да се спречи свечениот пречек на бугарските окупаторски војски, кои го подготвуваа одделни шпекулантски и фашистички елементи од градот како: Ефтим Бојчев. д-р Александар Белев, Никола Нанов, Динчо Скерлев, Томо Иванов и неколкумина други.

Партиската организација реши свеченостите да ги претвори во демонстрација против окупаторската бугарска војска. Овие акции се подготвувани и спроведени преку Клубот на есперантистите, кој работеше под раководство на Партиската организација. На состанокот во Клубот на есперантистите бил составен план на акциите и поделени задачите. Една група од 10 младинци добила задача на транспарентите да испише пароли: „Македонија на македонците", „Смрт на шпекулантите", „Долу шпекулацијата", „Долу скапотијата и експлоатацијата" и да се нацрта карта на цела Македонија што требало да се носи на чело на поворката од демонстрантите. На состанокот било решено хорот да се подготви и пее повеќе револуционерни песни. Членовите на Есперантскиот клуб добиле задача да спроведат широка агитација за што помасовно учество на граѓаните во демонстрациите, кон чија подготовка се пристапило во Клубот.

Месните шпекулантски елементи, како и оние што беа дојдени од Бугарија, а го подготвуваа свечениот дочек на бугарските фашисти, кога разбраа за подготовките на партиската организација почнаа со разни провокации и заканувања, настојувајќи тоа да го спречат. Ним најмногу им пречеше картата на Македонија. Пуштија гласови дека ако се носат транспаренти со испишани пароли, бугарските војници ќе стрелаат во масата. И покрај заканите и провокациите, партиското членство и младинците ги продолжиле подготовките за демонстрациите. Кога заканите не помогнаа, Ефтим Бојчев, со група негови истомисленици, се обиде населението така да го распоредат, давајќи им на луѓето бројчиња и

определувајќи место кој каде да се наоѓа и кој треба да присуствува на дочекот, а кој не. Со тоа смислено сакаа да ги разделат демонстрантите да не бидат на едно место, во група, ами да бидат раскинати. Истовремено бил подготвен и говор кој требало да го одржи некој од демонстрантите, но до тоа не дошло.

## 3. ДЕМОНСТРАЦИИ ПРИ ВЛЕГУВАЊЕТО НА БУГАРИТЕ ВО СТРУМИЦА

Кога на 18 април се пренел гласот за доаѓањето на бугарската војска, пред Клубот на есперантистите се собрало маса граѓани, предимно младинци и работници, и во поворка тргнале по улиците на Струмица, носејќи ја картата на Македонија и испишаните пароли, пеејќи револуционерни песни. Кога стигнале во центарот на градот, месните колаборационистички елементи се обиделе со сила да ја растурат поворката и да ги скинат транспарентите. Младинците и работниците не го дозволите тоа, пресметнувајќи се физички со нив. А поворката, приближувајќи се кон крајот на градот, сѐ повеќе се зголемувала, кон неа се приклучувале новопридојдени граѓани. Во таквата ситуација пробугарските елементи биле принудени да одделат група од пет до шест „благонадежни" струмичани кои да излезат надвор од градот и таму да ги одржат своите поздравни говори, но и тоа многу не помогнало. Кога бугарскиот 14-ти пешадиски полк, предводен од полковникот Димов влегол во градот, народот ги дочекал со извикување на антибугарски пароли, со работнички револуционерни песни и носејќи ги транспарентите на кои беа испишани паролите „Македонија на Македонците" и други, како и картата на Македонија. Со тоа на бугарските окупатори им беше ставено до знаење дека Струмица ги дочекува како непријатели. Исто така тоа значеше дека на македонците не им е до бугарските

„национални идеали" и до „велика Бугарија", туку до обединувањето на распокинатата Македонија и до слобода и социјална правда.

Партиската организација во Струмица, истапувајќи со пароли со политичка содржина и со картата на Македонија, следени од поголемиот дел на граѓанството, ја искажаа својата политичка и национална зрелост. И покрај постоењето на колебливост и страв кај одделни членови на Есперантскиот клуб, иницијативата на партиската организација за изведување на демонстрации против бугарите беше прифатена од широките слоеви на граѓанството.

По пристигањето на бугарската окупаторска војска, на неколку дена пристигна и бугарската полиција, како и административниот апарат. Сите чиновнички места во општините, во банките, поштите и другите установи биле пополнети со чиновници доведени од Бугарија.

Бугарската окупаторска власт и војската, уште од самото доаѓање, настојуваа да се прикажат како ослободители, а не окупатори на македонскиот народ. Тие започнаа да ја негираат македонската нација, настојувајќи да го искоренуваат македонскиот и да го заменуваат со бугарскиот јазик, и воопшто останаа верни на својата политика што ја водеше бугарската буржоазија уште пред ослободувањето на Бугарија, подвлекувајќи дека го „ослободиле" македонскиот народ после дваесетгодишно ропство под Србите.

Нашиот народ и во Струмичко ги виде „ослободителите" со нивната вистинска физиономија. Уште од првите денови тие започнаа со блокади и претресувања на градот и селата, а под изговор дека бараат оружје. Целта на овие претреси беше да се опљачка она што се може и каде што се може. Бил претепуван секој оној кој на каков и да е начин се обидувал да противречи. Селаните од село Сушица најдобро ги запомнија „ослободителите", и тоа уште во април 1941 година. При влегувањето на бугарската војска во селото биле опљачкани повеќе куќи и поголем

број селани. Еден бугарски војник, на селскиот оџа Ибраим Мустафа му го дигнал и саатот од џебот. Кога оџата отишол да се жали кај бугарските офицери и го посочил војникот, офицерите го избркале, тврдејќи дека тој војник не бил во селото Сушица. Вечерта војниците и старешините од „8 рота" на 14-ти полк, дошле пак во Сушица, упаднале во куќата на оџата и неколку други турски куќи, заедно со кметскиот намесник, поставен само неколку дена пред тоа, дигнале сѐ што нашле и убиле шестмина души Турци сосе оџата. Освен тоа, бугарските војници ги силувале жените и ќерките на убиените, а потоа им ги изгореле куќите. Во оргиите на бугарските војници, тие раниле и еден свој војник. Окупаторите го искористиле тоа и пред населението го прикажале случајот дека биле божем нападнати од селаните, меѓутоа народот од Сушица и околните села, ја знаеја вистината. Сите убиени од Сушица биле познати како многу поштени и работни луѓе.

# Г Л А В А II

## РАЗВИТОК НА ПАРТИЈАТА И СКОЈ

### 1 ФОРМИРАЊЕ НА МЕСЕН КОМИТЕТ ВО СТРУМИЦА И ПРВИ АКЦИИ ПРОТИВ ОКУПАТОРОТ

За партиската организација во Струмица како и за целото движење на отпорот, од големо значење беше

доаѓањето во Струмица, на први мај 1941 година, на делегатот на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија, другарот Страшо Пинџур. Тој, по директива на Покраинскиот комитет изврши реорганизација на партиското поверенство и формира Месен комитет во Струмица. Во куќата на Митко Китанов, во маалото „Чифлик", каде што живееше и Јосиф Јосифовски и со учество на осумина членови на Партијата, по уводни излагања на Јосифовски и Пинџур, е извршен избор на Месен комитет. Со тајно гласање, во Комитетот беа избрани следните лица: Јосиф Јосифовски, Ванчо Фончев, Благој Јанков — Мучето, Ташка Србинови и Глигор Новаков.

На овој состанок Страшо Пинџур ги запознава членовите на Партијата со новонастанатата политичка ситуација и им пренесува задачи за понатамошна работа и активност. Пинџур се залага да се земе курс за прибирање на оружје, без кое не може да се води борба под услови на фашистичка окупација. Месниот комитет, усвојувајќи ги образложенијата на Пинџур, донел одлука за собирање на оружје. Во натамошната работа на сите членови на Партијата и на СКОЈ во Струмица ова се поставило како едно од најпреките и основни задачи. Ним, веднаш по состанок, им е пренесено да собираат оружје, муниција и друг материјал потребен за водење на вооружена борба.

Новоформираниот Месен комитет на истиот состанок го критикувал секташкиот став на партиската организација во Струмица, според кој таа била затворена во себе и не работела доволно на прием на нови членови. Таа веднаш донела одлука партиската организација да се прошири преку прием на нови членови посмело, и тоа пред сè од — младинци и работници, кои веќе дотогаш преку легалните форми на работа се истакнале и докажале дека дораснале да стапат во редовите на Комунистичката партија на Југославија.

На состанокот исто така била извршена поделба на сектори за работа меѓу членовите на Месниот комитет. Јосиф Јосифовски бил избран за секретар на Комитетот и одговорен за агитација и пропаганда. Ванчо Фончев добил задача да работи на село, Ташка Србинови за работа со жените и била одговорна за работата на партиската ќелија во Монополот. Благој бил одговорен за работа со работниците, а Глигор Новаков за работа со младината. По ваков начин, поставувајќи ги основите на својата идна активност, во условите на бугарско-фашистичката окупација на Македонија, партиската организација сосема јасно се ориентирала да продре во сите општествени структури на населението во Струмичко.

Одлучено било да се формираат партиски ќелии во Чифликот и Маџир маало, во кој живееја претежно работници и градската сиромаштија. Од ова време, т.е. од почетокот на мај 1941 година, Месниот комитет започна да одржува директна врска со Покраинскиот комитет на Македонија.

Наскоро по ова, Месниот комитет презел иницијатива за изведување на една важна акција на партиската организација, која за тогашните услови претставуваше голем успех за Струмица. Имено, беше изведен штрајк на монополските работници и тоа во самиот почеток на мај 1941 година. Бугарските окупаторски власти беа одбиле да им ги исплатат заостанатите надници на работниците под изговор дека „парите ги однеле со себе Србите". Партиската организација го искористи овој случај и со цел да им помогне и да ги мобилизира работниците, донесе одлука во Монополот да се изведе штрајк. Работниците едногласно ја прифатија иницијативата за штрајк и ја прекинаа работата. Бугарските окупаторски власти, самите уште не стабилизирани, беа принудени да отстапат пред барањето на работниците и да им ја исплатат заработувачката. Непријатно изненадени од ваква еднодушна акција, окупаторите и нивните

помагачи. почнаа во Монополот да држат со работниците собири и по пат на закани се обидоа да ги заплашат работниците дека паднале под влијание на неколкумина комунисти од градот. Ваквите притисоци од окупаторот не ги дадоа очекуваните резултати. Напротив, монополските и други работници уште потесно се сврзаа со Партијата и посмело ја помагаа борбата на нашиот народ за истерување на окупаторите. По оваа акција, секретарот на партиската ќелија во Монополот, Ката Поцкова, веднаш била отпуштена од работа. А работниците од Монополот беа поставени да работат под вооружена стража на Бугарската армија и полиција.

Условите за работа во Струмица се изменија на подобро, благодарејќи на уште една околност. По окупацијата на нашата земја, дел од оние работници и студенти што се наоѓаа во Белград и во други градови на Југославија, се вратија во Струмица, меѓу кои беа: Благој Јанков — Мучето, Ценка Павлова, Мара Минанова, Коле Орцев, Киро Минанов, Јелка Јанкова, Марика и Митко Ѓеорѓиеви и други. Едни од нив веќе беа членови на Партијата или СКОЈ, а другите — синдикално организирани. Повеќето од нив веќе учествувале во демонстрации и штрајкови, имаа и извесно искуство за политичка и нелегална работа. Тие многу придонесоа да се засили интензитетот на политичката активност во Струмичко. По одлука на Комитетот за проширување на партиската организација, беа примени меѓу првите во членство на Партијата најактивните членови од Есперантскиот клуб како и лица кои се истакнале во работата на синдикалните организации. Пред крајот на мај 1941 година, месната партиска организација веќе броеше околу 20 члена. Во нејзината работа се почувствува живост и поголема активност.

Едновремено со ова беше спроведена реорганизација на организацијата, со цел да се одговори на новите потреби и услови. Кон крајот на мај 1941 година, во Струмица беа формирани две партиски бира.

Тие добија задача да раководат со партиската организација во два различни дела од градот. Секое биро имаше по три члена. За секретар на бирото во маалата Чифлик и Варош беше избран Ванчо Фончев, а за Маџир маало — Васил Цилев. Тие, меѓутоа, поради немање на искуство, ја намалија иницијативата во работата на Комитетот. Поради тоа, овие две тела беа укинати и Комитетот продолжи непосредно да раководи со работата на партиските ќелии. Обете бира постоеја неполни два месеци.

Остварувајќи ја одлуката за прием на нови членови, партиската организација во Струмица нарасна, и во јули 1941 година, броеше 37 члена. Тие беа групирани и работеа во шест партиски ќелии. Се пристапи кон прием и на првите членови и од селата Покрај нив, во градот партиски работеа и околу 12 воспитни групи, раководени од членовите на Партијата.

Со нападот на фашистичка Германија на СССР, на 22 јуни 1941 година, и во Струмичко се создаваат подруги услови и поодредени задачи за работа. По овој датум, односно напад, Месниот комитет на Струмица одржал состанок на кој ја разгледал новонастаната меѓународна ситуација. Била донесена одлука да се засили политичката работа меѓу масите, тие да се известуваат за ситуацијата на фронтовите, посебно на Источниот фронт, да им се говори за борбата на поробените народи од фашизмот, за успесите на сојузничките војски и друго. Комитетот, исто така ја истакнал потребата од прибирање оружје, храна, санитетски и други материјали, потребни за вооружената народноослободителна борба во Македонија.

Комитетот донел одлука преку излети по селата и околните места, преку собири и лични разговори да ја прошири својата активност и влијание во околијата.

По договор меѓу струмичката и радовишката партиска организација, во јули 1941 година, беше организиран масовен заеднички излет на младината од

Струмица и Радовиш. Излетот беше изведен на половина пат меѓу Радовиш и Струмица. Во него зедоа учество 400—500 младинци. Целта на излетот беше запознавање и зближување на младината. Покрај забавната програма, на излетот беше изнесен реферат за актуелната политичка положба.

Покрај оваа значајна средба партиската и скоевската организација организираа повеќе излети во летото 1941 година и во околните села. На сите нив истапуваше по некој од членовите на Партијата со реферат. Преку излетите во селата Моноспитово, Василево, Просениково, Банско и други, партиската организација се здоби со повеќемина симпатизери од селата. Повеќе летоци и друг нелегален пропаганден материјал почна да им се дели на селаните симпатизери на народноослободителното движење и да се собира народна помош во пари или храна.

Воедно, во градот се одржуваа собири со работниците и тоа по куќите. На овие собири со однапред подготвени реферати, комунистите ги запознаваа работниците во тек на целата 1941 година, со борбата на југословенските народи, раководени од Комунистичката партија на Југославија; се проучуваа материјали од билтени, летоци и друго. На овие собири присуствуваа по 15—20 работници. Најмногу вакви групни разговори беа одржани во маалото „Чифлик". каде што КПЈ имаше најголем број свои симпатизери.

Во 1941 година и 1942 година партиската организација во Струмица, им постави на членовите на Партијата и СКОЈ, да преземат акција меѓу населението од градот и селата да се спречи одењето на работници на работа во Германија, за која цел бугарските окупатори вложуваа големи усилби. Преку поединечни и групни разговори се успеа многу работници да се одвратат, иако веќе беа заврбувани.

Кон крајот на јуни или во почетокот на јули 1941 година Месниот комитет во Струмица, преку секретарот на Комитетот, бил запознаен со директивата на

Шарловото покраинско раководство дека партиската организација на Македонија □ се припојува на Бугарската работничка партија (комунисти), при што беше речено дека во иднина ќе добиваат директиви за работа од БРП(к). Сепак, со ова не беа запознаени партиските ќелии и членството, а исто така ни скоевските групи во градот. Комитетот во Струмица не дал отпор на оваа узурпација, спроведена преку Методија Шаторов — Шарло, сметајќи дека тоа се врши со знаење на Централниот комитет на комунистичката партија на Југославија. Кон тоа треба да се додаде практиката, партиските директиви да се примаат дисциплинирано и без дискусии. Но и покрај тоа, се насетувало дека нешто не е в ред, за што станало збор и на состанокот на Комитетот, штом со оваа директива не треба да се запознава членството на Партијата и на СКОЈ. Извесно расветлување на ова важно прашање стори Мирче Ацев, кога дојде во Струмица кон крајот на август (по некои податоци во почетокот на септември), давајќи објаснување на линијата на Комунистичката партија на Југославија и објаснувајќи дека Шарло самоволно ја приклучил партиската организација на Македонија кон БРП(к), со што внесол збрка во редовите на членството од Партијата во Македонија. Мирче Ацев го запозна Комитетот и со одлуката на ЦК КПЈ, за дигање вооружено востание во Југославија. На состанокот со Месниот комитет, тој дава инструкции за работа и подготовка за формирање на партизански одред. Тој, исто така, зборувал за изведување на диверзии и саботажни акции. Месниот комитет од своја страна го запознал Мирчета дека во Струмица нема индустрија каде што би можеле да се вршат саботажи, освен во Монополот. Било договорено да се организира работниците да ставаат сол во балите, со што тутунот се расипувал.

Партиската организација, по заминувањето на Мирче од Струмица, ја засили работата околу подготовките за формирање на партизански одред.

Месниот комитет организирал состаноци со членството на партиските ќелии, на скоевските и воспитните групи, со цел да ги запознае со одлуката на Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија за дигање вооружено востание. Повеќемина партиски членови и симпатизери ја усвоија одлуката, но кај мал дел од нив се јави колебање. Самиот Комитет и мнозинството од партиското членство имаа став за дигање вооружено востание. Месниот комитет констатира дека во Струмица постојат погодни услови за формирање партизански одред и дека веднаш треба да се отпочне со подготовки за неговото формирање.

Во таа смисла е донесен заклучок дека комунистите, скоевците и симпатизерите на Партијата, врз кој може да се влијае, не треба да стапуваат во бугарската војска, туку да поминат во илегалство. Исто така било решено студентите да ги напуштаат студиите и да стапуваат во одреди или да се вклучат во позадинска партиска работа.

Летото 1941 година, настанаа важни кадровски измени што непосредно се одразија врз подготовките за формирање на одредот. Во втората половина на август, Благој Мучето замина за Скопје, каде што во почетокот на септември, бил избран за член на Покраинскиот комитет, по суспензијата на Шарловото покраинско раководство. Во првата половина на септември помина во илегалство. Покасно Струмица ја напушти и секретарот на Месниот комитет Јосиф Јосифовски. Тој замина на партиска работа во Западна Македонија. Јоската помина во илегалство, зашто имал покана да им се јави на бугарските власти, по што најверојатно би бил интерниран некаде во Бугарија, или испратен во бугарска војска. Но и покрај нивното одење од Струмица, а тие беа најискусните партиски работници, Месниот комитет ги продолжи подготовките за формирање на одред.

Јосиф Јосифовски заминал во септември 1941 година за неколку дена, во Скопје. Во меѓувреме, во

Струмица пристигнал носејќи го со себе Отвореното писмо на ЦК КПЈ од 6 септември 1941 година, Страхил Гигов. Овде тој се поврзал со Ванчо Фончев, Ташка Србинова и Глигор Новаков. Овие тројца отпрвин се колебале, дали да се сретнат со Страхил Гигов, страхувајќи дека нешто не е в ред, бидејќи Благој и Јоска се во Скопје, а овде доаѓа Страхил Гигов. На инсистирање од Страхил Гигов бил одржан состанок во куќата на Глигор Новаков, на кој биле запознаени со Отвореното писмо. Тројцата членови на Месниот комитет го прифатиле писмото во целина и се согласиле со објаснувањата што ги дал Страхил. За да не остане работата само на излагањето, Глигор Новаков го препишал Отвореното писмо, за да се има како директивен документ *[(8)]). По ден-два, со Отвореното писмо беа запознаени сите членови на Партијата на состаноците на ќелиите, како и Месниот комитет на СКОЈ. Дури по запознавањето со содржината на писмото се имаше јасна претстава за линијата на Комунистичката партија на Југославија за водење вооружена борба; за штетното влијание од политиката на БРП (к) во Македонија, како и за улогата на Шарло. За сфаќањето на ставовите на ЦК КПЈ, посебно придонесоа исцрпните објаснувања од Јосиф Јосифовски кој присуствуваше скоро на сите состаноци на ќелиите.

Кога Мирче Ацев, пред крајот на септември 1941 година, повторно дошол во Струмица извршил реорганизација на Месниот комитет. За секретар бил одреден Ванчо Фончев, а за членови Ташка Србинова, Мара Минанова и Киро Минанов. Мирче Ацев овој пат поставил пред Комитетот да ги забрза подготовките околу дигањето на вооружено востание. До крајот на 1941 година, доаѓа до уште една реорганизација на Месниот комитет, извршена од страна на Благој Мучето во ноември 1941 година, по неуспешниот обид за исфрлање на партизански одред, кога за секретар на Комитетот е одреден Киро Минанов.

Активноста на партиската организација во Струмица во текот на 1941 година е исполнета со засилена работа и низа акции против бугарскиот окупатор, за кои ќе стане збор на друго место.

## 2. АКТИВНОСТ НА СТРУМИЧКАТА ПАРТИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ОКОЛНИТЕ ГРАДОВИ

Струмичката партиска организација во текот на 1941 година прави усилби да се создадат партиски организации во околните градови на Струмица, каде што дотогаш такви не постоеле, со цел поинтензивно да се поведе борба против бугарските окупатори во овие места. На тој начин беа создадени партиски организации во 1941/1942 година во Радовиш, Валандово и Малеш.

Во текот на мај 1941 година, во Валандово престојувал Јосиф Јосифовски. Овде тој се поврзал со Киро Узунов, познат уште пред војната како симпатизер на Комунистичката партија. Бил одржан состанок во куќата на Ѓорѓи Ѓорѓиев, на кој била формирана кандидатска група за членови на КПЈ, од четири члена. Групата ја сочинувале: Киро Узунов, Глигор Ружин, Васил Тошев и Ѓорѓи Ѓорѓиев. За одговорен на групата бил одреден Киро Узунов. На овој состанок од Јоската пред групата била поставена задачата да се разобличуваат бугарските окупатори, да се агитира меѓу селаните да не го даваат житото на окупаторот, да се ангажираат во изнаоѓање младинци од Валандово и селата кои би се придобиле за народноослободителното движење итн.

Во август истата година, Јоската повторно дошол во Валандово и на одржаниот состанок, надвор од градот, на местото наречено „Зелениште", групата поднела извештај за својата работа во периодот од мај до август 1941 година. На состанокот било одлучено

групата да се прошири со прием на нови млади членови. Јоската ги запознал со прогласот од Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија за дигање на вооружено востание. Тој инсистирал да се зајакне активноста на групата, да се отпочне со собирање на оружје, на народна помош и друго. Оваа група одржува врски со Струмичката партиска организација до формирањето на Окружниот комитет во Струмица, а оттогаш врската се пренесува на Окружниот комитет. Покасно некои од овие членови се примени за членови на КПЈ.

Кон средината на јуни 1941 година, Струмичката партиска организација формирала кандидатска група од три члена и во Радовиш. Минувајќи низ Радовиш, Благој Мучето ја видел на Автобуската станица Милка Газепова — Пауновиќ, што ја познавал како напредна работничка уште во Белград. Тој веднаш ја поведува со себе во Струмица, каде што добива задача да формира кандидатска група во Радовиш, со која таа би раководела. Во Струмица Милка добила упатства како и што да работи. Во наредните месеци, таа еднаш седмично доаѓала во Струмица да поднесе извештај и да добие задачи за работа на групата. Покасно другарите од групата во Радовиш биле примени за членови на Партијата. Во ноември или декември 1941 година, на еден состанок, на кој присуствувал и Благој Мучето, во Радовиш бил формиран Месен комитет во состав: Милка Газепова — Пауновиќ, која била избрана за секретар на Комитетот, Мито Стојанов — Пупанец, Илија Стевчев, Милан Трајков, Вејсел Нуман, Геро Атанасов и Мито Накев. Активноста и работата на Радовишката партиска организација била и подоцна помагана од организацијата во Струмица. На повеќе состаноци присуствувале и членови на Комитетот од Струмица, тие испраќаат материјали, а на еден од состаноците Благој Мучето ги запознава другарите од Радовиш со опортунистичката работа на Шарло и со одлуката на ЦК КПЈ за дигање вооружено востание.

Во времето на полициските затворања во Струмица, во јануари 1941 година, дојде иницијативата за поврзување и создавање партиска организација во Малешевијата. После разговорите на Мара Минанова со студентите Киро Медарски и Благој Брзев од Пехчевско, водени во Софија и неколкуте разменети писма, на 10 јануари 1942 година, од Пехчево во Струмица дошле Киро Медарски и Благој Брзев. Тие го напуштиле Софискиот универзитет, со цел преку Мара Минанова да се поврзат со Струмичката партиска организација, за да формираат организација во Берово и Пехчево. Но токму на овој ден, во Струмица беа извршени апсења, а меѓу затворените се наоѓаше и Мара Минанова Медарски и Брзев не познавале други до кој би можеле да се обратат и се вратиле во Пехчево, без да можат нешто да сторат, поради што и поврзувањето на Струмица и Малешевијата станува подоцна, преку Боро Ќосевски, во април 1942 година.

Окружниот комитет во Струмица дознал дека во Пехчево веќе постоела активност и поставуваат задача да ги поврзат. Состанокот бил одржан во местото „Суви Лаки", во планината Огражден, на половина пат меѓу Берово и Струмица, на 10 мај 1942 година. Од Окружниот комитет на Струмица во работата на состанокот учествувала Вера Ацева — инструктор на ПК КПЈ за Македонија во Струмица и членот на Месниот комитет Глигор Новаков, а од Пехчево — Благој Брзев, Киро Медарски и Боро Косевски. Овие тројца тогаш биле примени за членови на Партијата. Оттогаш тие одржуват постојани врски со Окружниот комитет во Струмица, но пресвртница во нивната активност настанува во јуни 1942 година, кога во Пехчево, со цел да ја помогне организацијата доаѓа секретарот на Окружниот комитет Благој Мучето.

## 3. СКОЈ ВО СТРУМИЦА

Активноста на скоевската организација во Струмица, тесно е сврзана со активноста и работата на партиската организација. Задачите на Партијата беа воедно и задачи на СКОЈ, и добар дел од своите секојдневни задачи Партијата ги спроведуваше преку членовите на скоевската организација како меѓу работничката така и меѓу средношколската младина. Во сите акции изведени од партиската организација, земаа активно и видно учество и членовите на СКОЈ.

Првиот Скоевски комитет во Струмица беше формиран во почетокот на мај 1941 година, веднаш по формирањето на Месниот комитет на Партијата. Дотогаш во Струмица не постоеше скоевска организација, иако во градот веќе две години делувала партиска организација. Затвореноста и неискуството на партиската организација во периодот од 1939—1941 година, придонесе да изостане формирањето на организација на младите комунисти, иако услови за тоа имаше. Првиот Месен комитет на СКОЈ го сочинуваа следните младинци: Глигор Новаков — секретар, и членови, Ценка Павлова, Мара Минанова, Ванчо Зеленков и Ристо Стамболиев, а покасно и Коле Орцев. Пред крајот на мај истата година, од Месниот комитет на СКОЈ беше повлечен Ристо Стамболиев, а на негово место беше примен Горѓи Стоев. При формирањето на скоевското раководство, членови на КПЈ биле само Глигор Новаков и Ценка Павлова.

Уште при самото формирање на Месниот комитет на СКОЈ, беше усвоена ориентацијата за што поголемо омасовување на организацијата во градот. Составот на Месниот комитет на СКОЈ, како и другите млади комунисти, добил задача секој од нив да формира скоевска група. И веќе во летото 1941 година работеа осум скоевски групи, со преку 40 члена, а во декември истата година преку 80 члена во 16 скоевски групи. Неколкумина добри скоевци беа задолжени да формираат и да раководат со групи. Групите беа

составени до ноември 1941 година, главно, од работничка младина. Скоевската организација во Струмичката гимназија беше формирана, кога почна работата на гимназијата, во ноември 1941 година. Скоевската организација избра раководство, кое контактираше со Месниот комитет на СКОЈ. Активноста на скоевската организација многу брзо се почувствува во Струмица. Влијанието на СКОЈ меѓу младите работници и учениците брзо порасна. Таа можеше да ги организира младите од градот да земаат учество во сите акции, што биле организирани од партиската и скоевската организација.

Скоевската организација добила задача да настојува да се вовлече во сите младински организации во градот, по можност и во нивните управи, за да осигури свое влијание во нив. Скоевците, заедно со членовите на Партијата учествуваа во работата на читалиштето „Гоце Делчев" и беа носители на неговата активност.

Во управата на Туристичкото друштво влегоа и скоевци. Преку нив скоевската организација оствари доста големо влијание во Друштвото. „Туристичкото друштво" организираше скоро секоја недела излети со голем број младинци — симпатизери на ослободителното движење. На излетите членовите на СКОЈ развиваа пропагандна работа, честопати се поднесувани реферати пред групи младинци за запознавање со најновите настани во светот и со борбата на народите на Југославија. Неколкумина од управата на „Туристичкото друштво", на неколкупати се обидоа да ја спречат активноста на скоевците во друштвото. Поединци дури отворено се закануваа дека ќе ги пријават на полицијата.

На своите состаноци, одржани еднаш неделно, секој член на СКОЈ поднесувал извештај за својата работа за времето меѓу два состаноци и добивал нови задачи за активноста. Посебно внимание се обрнувало на тоа кај младите комунисти да се создаде навика за точност и

свест за одговорност и упорност во извршувањето на задачите. Ретко се случувало некој да дојде на состанок, без да ги изврши поставените задачи. Преку критика и самокритика се укажуваше на сите добри и лоши страни во личниот живот, поради што скоевците служеа за пример во својата средина.

Покрај работните, се одржуваа и состаноци на кои членовите на СКОЈ теоретски се издигнуваа. Се проучувала разна прогресивна литература или се разработувал илегален материјал, добиван од партиската организација, како што беа публикациите: „Развиток на општеството", „Патување по Советскиот Сојуз", „Мајка" од Максим Горки, „Како се калеше челикот" од Николај Островски и други.

Со членовите на СКОЈ и напредната младина, организацијата остваруваше и културно-просветна работа и тоа преку организирање на излети, вечеринки, журови и други собири. На овие собири самите членови на СКОЈ, подготвуваа и изведуваа културнозабавни програми, се читаа реферати за актуелните политички настани, за тешкиот живот под окупацијата и за потребата од водење борба против бугарските окупатори и нивните домашни слуги.

Членовите на СКОЈ беа задолжени да собираат и народна помош од младинците нечленови на организацијата. Во оваа област на работа се постигнаа забележителни резултати. Тоа беше постојана задача, и на секој состанок, собраната помош им се предаваше на секретарите на групите. Во акциите за собирање помош во пари и храна беа опфатени широк круг на работничка и школска младина.

Во текот на 1941 година, Месниот комитет на СКОЈ има организирано две скоевски конференции. Едната била одржана во септември во куќата на Љуба Новакова, со скоевците од работничката младина, а другата со младинците од средношколската младина. Обете конференции беа свикани со цел да се извршат

подготовки за стапување во партизански одред, до колку дојде до неговото формирање.

Основна задача и за скоевците била подготовка на младината за стапување во партизански одред. Со дел од скоевците се изведувала и обука во ракување со пушка и пиштол. Освен тоа и скоевците добија задача да прибираат оружје и друг воен материјал, но и младината го пропушти најповолниот момент (како и партиската организација) во април 1941 година, поради директивата на тогашниот Покраински комитет.

Во јули 1941 година, на Месниот комитет на СКОЈ му било соопштено дека во иднина организацијата не ќе се вика повеќе СКОЈ ами РМС (Работнички младешки сојуз), и дека ќе биде вклучен во составот на оваа младинска комунистичка организација, која постоеше во Бугарија и го опфаќаше подмладокот на БРП(к), т.е. на Бугарската партија. На Комитетот не му било дадено никакво објаснување од каде и зошто доаѓа до ова отцепување од СКОЈ и припојување кон РМС. Поголемиот дел од членовите на Месниот комитет на СКОЈ беа млади, и новопримени во Партијата и во СКОЈ, без поголемо политичко искуство, и оваа директива беше примена без да се посомнева во нејзината исправност. Едноставно се мислеше дека тоа станува со знаење на ЦК КПЈ.

Оваа збрка во скоевската организација траеше нешто помалку од два месеца. По формирањето на новиот Покраински комитет на КПЈ за Македонија, во првата половина на септември 1941 година, и со Отвореното писмо на ЦК КПЈ испратено до сите членови на КПЈ во Македонија, и на скоевците во Струмица им стана јасно зошто дошло до овие промени. Сè ова внесуваше само дезориентација во редовите на македонските комунисти — и младинци.

Сепак, влијанието на СКОЈ меѓу работничката и средношколската младина со текот на времето постојано растеше. Членовите на Скоевскиот комитет, како и

поголемиот дел од скоевците беа готови во 1941 и 1942 година да стапат во партизански одреди.

Пред крајот на 1941 година бил избран нов Месен комитет на СКОЈ во Струмица кој сега го сочинувале: Глигор Новаков, Љубе Арапов, Мара Минанова, Ценка Павлова и Боте Боцев.

Во Струмица на двапати доаѓала, како делегат на Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија Љиљана Чаловска. Првиот пат, во ноември 1941 година, пред започнувањето на учебната година во гимназија. На одржаниот состанок станало збор за бојкотирање на гимназиите. Љиљана Чаловска инсистирала да се врши поинтензивна подготовка со поголем број скоевци кои требало да станат партизани. Вторпат Чаловска дошла во март 1942 година.

Да одбележиме уште дека Месниот комитет на СКОЈ, немал директни врски со Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија. Врските со него одеа преку Месниот комитет на Партијата во Струмица.

Струмичката гимназија, школската 1941/42 година, ја започна со извесно задоцнување. Откако во ноември отпочна работата на гимназијата, Месниот комитет на СКОЈ, реши во неа да се создаде скоевска организација. Од своја страна, и Партискиот комитет во градот задолжи неколкумина свои членови и активисти да се запишат како вонредни ученици во гимназијата, со цел да извршат подготовки за формирање на скоевската организација. Тие ги собраа околу себе сите понапредни ученици и развија значителна пропагандна активност меѓу учениците. Формирањето на скоевската организација стана малку подоцна, кога почнаа со работа вишите класови и беа дојдени ученици — струмичани како и од Малешевско, кои дотогаш учеле во штипската и други гимназии. Со дел од овие ученици Месниот комитет на СКОЈ и дотогаш одржуваше врски. Некои од нив веќе учествувале во дотогашните акции во Струмица. Дел од учениците се истакнаа со активност во читалиштето „Гоце Делчев".

Скоевската организација во гимназијата била формирана на 16 ноември 1941 година, во куќата на Кочо Цветинов. На состанокот, во присуство на Глигор Новаков и Коле Орцев, беше формиран првиот скоевски актив во гимназијата во кој влегуваа: Ињо Батев, Сандо Стаменов, Ѓуро Панов, Кочо Цветинов и Фроса Павлова. За секретар на активот бил избран Ињо Батев. На првиот состанок, активот донел одлука за формирање на воспитни групи во кои потоа беа опфатени многу прогресивни и борбени младинци — ученици. Преку воспитните групи, активот најмногу и ја реализираше својата активност во гимназијата. Наеднаш дваесеттина ученици биле вклучени во воспитни групи, што овозможи активот да се зголеми со уште неколку членови. Негови нови членови станаа: Ванчо Китанов; Димитар Баџаков, Никола Грчев и Зора Стефанова. Во почетокот на 1942 година, од гимназијата се испишаа Кочо Цветинов и Фроса Павлова, кои потоа влегоа во други скоевски групи вон гимназијата. Во ова време активот во гимназијата бил пополнет со два нови члена: Манчо Јанев и Каљопа Грчева. Во декември 1941 година се врши избор на Биро на активот, а за секретар на Бирото бил избран Димитар Баџаков.

Со формирањето на Бирото во гимназијата, бројно нарасна скоевската организација и во градот. Во декември 1941 година, СКОЈ во гимназијата броеше 25 души — скоевци, а во пролетта 1942 година организацијата на СКОЈ во гимназијата порасна на 47 души, кои беа поделени во осум групи. Во исто време преку 40 ученици, беа опфатени во воспитните групи, со кои работеа одделни поопитни скоевци. Скоевската организација во тој период развива широка политичка дејност меѓу учениците. На состаноците, школската младина проучува материјали, добивани преку Месниот комитет на СКОЈ. Се проучуваа разни брошури и материјали. На повеќе собири со учениците, скоевците секогаш излегувале со подготвена програма. Се изнесувале политички предавања, се дискутирало за

ситуацијата на фронтовите, за угнетувањето на македонскиот народ од бугарските окупатори, за развојот на НОБ во Југославија, за борбата на Советскиот Сојуз против фашистичките агресори итн. Се разработувале прашања од историјата на Македонија, за односот спрема бугарските професори во гимназијата и сл. На состаноците се читале творби од Коста Абрашевиќ, Максим Горки, Кочо Рацин, Христо Смирненски и други. Преку собирите, скоевската организација успеа да придобие многу ученици за Народноослободителното движење.

Скоевската организација во гимназијата во првата половина на 1942 година, изведе и неколку успешни акции. Крум Тошев од Прилеп, професор во гимназијата, кој му беше близок на движењето, со тактичниот однос спрема учениците и помошта што ѝ ја даваше на скоевската организација, заедно со професорот Љубен Лапе, си спечели голем авторитет меѓу учениците. За да го отстранат одовде, бугарските просветни власти, во почетокот на 1942 година, го преместија Крум Тошев во Бугарија. Кога учениците разбраа дека тој ја напушта Струмица, Иљо Батев се посоветувал со Глигор Новаков, секретар на МК на СКОЈ, што да преземат. Тие се договориле учениците тој ден демонстративно да ја напуштат наставата, за да го испратат својот професор. Скоевците ги повикале учениците да ја напуштат наставата. Први излегле учениците од V клас, а потоа и другите. Бугарските професори, со закани и викање се обиделе да ги одвратат учениците, но не успеале. Поголемиот дел од учениците отишле на Автобуската станица, а оттука и надвор од градот, но својот професор не го виделе. Полицијата, во раните утрински часови, беше го протерала Тошева од Струмица. Со ова бугарската полиција и училишните власти сфатија дека во гимназијата постои организација, способна да ги поведе учениците во акција, без оглед на фашистичко-полициските методи спроведувани во училиштата.

Кон крајот на 1941 година, Бирото на скоевскиот актив, одржал проширен состанок, на кој се дискутирало за мерките што треба да се преземат, за да се даде отпор на формирањето во гимназијата на бугарската младинска фашистичка организација „Бранник". Месниот комитет на СКОЈ беше зел став да се бојкотира организацијата „Бранник". Него го прифати и скоевската организација во гимназијата. Одлуката гласеше да се прави сè што може за да се спречи нејзиното формирање, или ако тоа не успее да не се зачленуваат оние ученици врз кои можеше скоевската организација да влијае. Во јануари 1942 година дошол од Штип еден раководител на „Бранник", кому му било овозможено во гимназијата да врши агитација и да ги врбува учениците за зачленување во „Бранник". Уште на предавањата, скоевците и други ученици му пречеле, давајќи му до знаење дека таа организација не е за нив. Кога организацијата „Бранник" не постигнала успех со „политички" предавања, тогаш преминале кон ветување, имено, дека учениците кои ќе се зачленат во „Бранник", ќе ја посетуваат касарната каде што би се запознале со разно оружје, ќе им бидат организирани излети и екскурзии, ќе ги возат со авиони итн. Но, ни ветувањата не дадоа особени резултати. Сепак, организацијата „Бранник" била формирана, под услови на притисок и закани над учениците и нивните родители, и тоа во почетокот на 1942 година. Во прво време нејзини членови станале мал број ученици, предимно синови на бугарските чиновници и на некои поимотни лица. За командир на „Бранник" во Струмица беше поставен Мирчо Лазаров по потекло од Струмица (до 1941 година емигрант во Бугарија), познат окупаторски соработник. Потоа дошол специјално подготвен и платен бранички функционер од Бугарија. Тој бил поставен за наставник во струмичката гимназија.

Организацијата „Бранник" не успеа да се омасови, поради активноста на скоевската организација меѓу учениците. Но, по апсењето на поголемиот дел од

членовите на Бирото од скоевскиот актив и други скоевци, во септември 1942 година, со закани и притисок за исклучување од гимназијата, со давање лоши оценки итн. еден дел од учениците формално се зачленија во оваа организација. Дел од учениците влегоа во „Бранник" поради облеката што ја добија, зашто значителен дел од населението постојано оголуваше поради ограбувањето на кое беше изложен македонскиот народ. Треба да се каже и тоа дека скоро сите професори во струмичката гимназија, со исклучок на Љубен Лапе, Крум Тошев и уште еден-двајца други Македонци (овие малку време останаа во македонска средина), на чело со директорот Асен Партениев, по убедување беа фашисти и големобугари, пробрани и доведени од Бугарија во Македонија. Тие од првите денови на својата работа во гимназијата и со најбрутални средства настојуваа во свеста на учениците да им вкоренат сознание дека се Бугари, а не Македонци и дека Македонија е само дел од Бугарија. На учениците им забрануваа да говорат на својот мајчин, македонски јазик. Тие го величеа фашизмот, Бориса и Хитлера, ја напаѓаа Комунистичката партија на Југославија и Советскиот Сојуз, и сè што беше македонско и напредно. Но и покрај систематската денационализаторска работа, тие беа далеку од тоа, од младите Македонци да направат Бугари. Кога Народноослободителната борба, организирана и раководена од Комунистичката партија на Југославија и Јосип Броз — Тито, се прошири и во овој дел од Македонија, најголемиот дел од учениците на струмичката гимназија како и работничката младина се вклучија во редовите на НОВ, борејќи се за истерување на окупаторите и конечното ослободување на Југославија.

Бугарско-фашистичката организација „Бранник", не најде никаква подлога ни кај работничката младина во Струмица. Во гимназијата вегетираше, благодарејќи

на секојдневните притисоци над учесниците и нивните родители.

По големите апсења, извршени на 5 јули 1942 година, скоевската организација во гимназијата немаше со кого да одржува врска, зашто сите членови на Месниот комитет на СКОЈ паднаа в затвор или живееја илегално надвор од Струмица. Но скоевската организација во гимназијата ја продолжи својата активност. Сега состаноците се одржувале поретко и работеле онака како што самите сметале за најдобро, немајќи врски ни со организациите од поблиските градови.

По извршените апсења на скоевците во струмичката гимназија, во септември 1942 година, скоевците што не се во затвор или во интернација во Бугарија, одржуваат меѓусебни врски и продолжуваат со активноста, иако со значително намален интензитет. По обновувањето на партиската организација во Струмица и по формирањето нов МК, скоевците во струмичката гимназија одново се поврзани со партиската организација.

Во јануари 1943 година Ванчо Николчев — Шопо. одговорен пред Месниот комитет за работа со младината, се состанал со Сандо Стаменов, бивш член на Бирото на скоевскиот актив во гимназијата и му поставил задача да ги собере околу себе не многу компромитираните скоевци во гимназијата и одново да се формира скоевски актив во струмичката гимназија. Сандо Стаменов прифатил да ја изврши оваа задача. За кусо време тој успеал да формира скоевски актив во гимназијата кој броел 6—7 члена. Во активот покрај Сандо влегле уште Ристо Аџи-Мишев, Васил Хаџи-Тосев, Велин Наков, Каљопа Грчева, Зора Стефанова, а покасно и други. Добиле задача да формираат и скоевски групи, како и воспитни групи во гимназијата. Тие успеале во воспитни групи да опфатат околу 25 ученици и преку нив да влијаат врз останатите ученици во гимназијата. Од Ванчо Николчев добиле задача да настојуваат да се

бојкотираат фашистичките организации „Бранник" и „Легионер", да собираат народна помош, оружје и облека и да ги подготвуваат членовите на СКОЈ во гимназијата за стапување во партизански одред, во колку дојде до неговото формирање. Поголемиот дел од членовите на скоевскиот актив во гимназијата изразиле спремност да стапат во партизански одред.

Активот делувал сè до 13 мај 1943 година, кога дел од истиот се уапсени, заедно со членовите на Партијата. По пуштањето од затвор, тие ја продолжуваат својата активност, иако немаат врски со Партијата, чија активност по апсењето привремено била прекината. Повторно се поврзуваат со Ванчо Николчев, во декември 1943 година, по неговото враќање од интернација и ја продолжуваат својата активност сè до јули 1944 година, кога настануваат нови апсења.

## 4. ФОРМИРАЊЕ НА ОКРУЖЕН КОМИТЕТ НА КПЈ ВО СТРУМИЦА

По неуспешниот обид за формирање на партизански одред, во октомври 1941 година, во партиските редови во Струмица дошло до извесни судрувања меѓу членовите. Неуспехот бил честа тема на дискусии и расправии и во текот на 1942 година. Постојано се барале виновните за овој неуспех, наместо да се отпочне со нови подготовки за формирање на одред. Тоа станувашe и покрај тоа што во првата половина на 1942 година, Месниот комитет донесе одлука да се продолжат подготовките за започнување на вооружената борба. Честите расправии во партиската организација, не дозволуваа да се ориентира целокупната работа кон ваквиот курс на работа. Ни со доаѓањето на Благој Мучето, работите не се расчистија. Новоформираниот Комитет имаше задача да ја расчисти ситуацијата во врска со недоволството кај одделни

членови на Партијата, но во тоа не успеа. Тие своето недоволство го искажуваа поради неуспехот околу исфрлувањето на партизански одред во октомври 1941 година, но всушност се работеше за одделни опортунисти, кои влијаеја врз некои млади и неопитни членови на Партијата да негодуваат против Месниот комитет. Дури ни Благој Мучето, иако беше неоспорен авторитет, кај дел од членството не успеа да го ликвидира недоволството. Помош од Покраински комитет на КПЈ за Македонија, на чие чело тогаш стоеше Бане Андреев, не уследи, иако беше потребна. Струмичката партиска организација како да беше заборавена од покраинското раководство. Благој Мучето не доби дури ни врска, за да присуствува на советувањето, свикано од Покраински комитет во јануари 1942 година, во Скопје, иако изрази желба за тоа. По септември 1941 година, не беше извршена ниедна контрола на работата на партиската организација.

Во ваквата ситуација, на 12 февруари 1942 година, во Струмица како инструктор на Покраинскиот комитет пристигна Вера Ацева. Со нејзиното доаѓање расчистувањето на нездравата ситуација продолжи. Благој Мучето од Вера Ацева и од дел од Комитетот, како и поголемиот дел од членството, доби поддршка, па по извесно време се успеа да се демаскираат оние, што најмногу се истакнуваа во овие расправии и некои да бидат казнети и исклучени од Партија. По исклучувањето на одделни членови од Партијата се пристапи кон организационо зацврстување и поинтензивни подготовки за исфрлање на партизански одред, иако недоволството кај поединци не беше дефинитивно отстрането.

Во напорите за зацврстување и реорганизација на партиската организација во овој дел од Македонија, во март 1942 година, во Струмица беше формиран Окружен комитет во состав: Благој Јанков — Мучето — секретар, и членови Ванчо Фончев и Киро Минанов од

Струмица, Милка Газепова — Пауновиќ од Радовиш, Киро Узунов од Валандово, а нешто подоцна и Киро Медарски од Пехчево. Окружниот комитет имаше јасно одреден став за започнувањето на вооружената борба во овој крај и отпочна со создавање врски и почести контакти со партиските организации во овој дел на Македонија. Врски и организации се создаваа таму каде што дотогаш не постоеја. Таков беше случајот со Пехчево и Берово и поврзувањето со мобилизираните трудоваци во реонот на Ново Село — Струмичко. Врските ги одржуваа членовите на Окружниот и Месниот комитет и инструкторите од Покраинскиот комитет. Но и покрај тоа, не можеше лесно да се дојде до консолидација на партиската организација во Струмица. Поединци се пасивизираа. Таканаречената „интелектуална" ќелија до толку се пасивизира, што Месниот комитет мораше да ја расформира. Од неа остана само секретарот, а другите мораше да бидат исклучени. Дел од членството, упорно продолжуваа вината за неуспехот од 11 октомври 1941 година, да му ја припишуваат на Благој Мучето. иако тој во тоа време не беше во Струмица.

Во таквата, сè уште нерасчистена ситуација, во април 1942 година пристигна Мирче Ацев. Уште на првиот состанок со Месниот комитет, тој ја изнел положбата во Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Мирче Ацев ги запозна Комитетот и Вера Ацева дека и приврзаниците на Бане Андреев отишле на терен, поради тоа што од повеќето партиски организации имало испратени писма, во кои тие протестирале против дотогашните ставови на Покраинскиот комитет и барале да се земе цврст курс кон вооружено востание, да не се одбегнуваат партиските документи да се потпишуваат со КПЈ, односно, јасно да се каже дека сме дел од Југословенската комунистичка партија. Се барало документите да се потпишуваат со „ПК КПЈ за Македонија", а не со „група Македонци", „одбор за народноослободителна борба", чесни Македонци" и

слично, како што во некои документи се среќаваше. Мирче Ацев и во Струмица често ја истакнувал својата, и не само негова, омилена девиза: „Единствена партија, единствена акција". Во тогашните услови тоа значеше и македонскиот народ неповратно да тргне по патот на другите југословенски народи кој беше пат на заедничка оружена борба и заеднички живот по ослободувањето.

Меѓу другите и струмичката партиска организација испрати писмо*[(9)]), во април 1942 година, во кое се бараше да се одржи советување на кое да се расчистат работите, за да се тргне напред. Во писмото се набројуваа овие факти: дека од есента 1941 не е извршена контрола на работата на партиската организација во Струмица, и покрај тоа што осумпати е барано да дојде некој од Покраински комитет; дека материјал не се добивало итн. Биле добиени сè на сè 5—6 летоци и еден билтен и тоа од советувањето во Скопје и по прашањето за тутунот. Иако бил испраќан човек два-три пати, од Скопје не се добило ништо, а тоа само ја изложувало организација на непотребни трошоци и ризици. Од Покраинскиот комитет било ветувано дека ќе биде испратен материјал по други, но тој не стигнал ни по тие „други". Месниот комитет ни на едно прашање не добил јасни директиви и работел онака како што самиот најдобро знаел. Никаква техничка ни материјална помош не биле добиени, а организацијата имала на издржување неколкумина нелегални. Затоа Месниот комитет на Струмица одлучно барал советувањето да се свика што побргу, на кое да се расчистат сите овие работи. Месниот комитет на Струмица за извесно време потоа ја затвора организацијата спрема Покраинскиот комитет, сè до формирањето на Привременото покраинско раководство, на кое за секретар беше избран Мирче Ацев. Новото раководство веднаш воспостави врска со ЦК на КПЈ, по што наскоро беа исфрлени партизански одреди во повеќе места во Македонија.

## 5. ПАРТИСКАТА РАБОТА НА ПАНЧЕ ПЕШЕВ ВО СТРУМИЦА

Во ситуација на уште нерасчистени односи во Струмица, во првата половина на јуни 1942 година, Покраинскиот комитет беше лично и детално запознаен со положбата на партиската организација од Глигор Новаков. тогаш член на Месниот комитет и секретар на МК на СКОЈ. Комунистите од Струмица му предлагале на Покраински комитет две алтернативи за заздравување на организацијата: или да се исклучат сите оние кои беа под влијание на одделни опортунисти, или да се повлече Благој Мучето од овој терен, да се изврши реорганизација, така што во раководството да дојдат „недоволните". По заминувањето на Вера Ацева од Струмица и враќањето на Глигор Новаков од Покраинскиот комитет од Скопје, во Струмица дојде Панче Пешев.

Панче Пешев е родум од Куманово. Тој дојде во Струмица на 14 јуни 1942 година, и тоа по директива на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, а во својство на инструктор при Месниот комитет во Струмица.

По опстојната анализа од Покраинскиот комитет за состојбата во струмичката партиска организација, а врз база на извештаите од Вера Ацева, дотогашен инструктор на ПК во Струмица, и на Глигор Новаков, ПК го испрати Панче Пешев да изврши реорганизација на партиската организација во Струмица и да ја забрза работата и подготовките за исфрлање на партизански одред. Веднаш по своето пристигање Пешев почна да се запознава со партиското членство и со ќелиите и да ја проучува состојбата во организацијата. Држејќи се за ставовите на ПК КПЈ за Македонија, тој изврши реорганизација на партиската организација, и на Месниот комитет на СКОЈ, додека во скоевските групи

не се извршија никакви промени. Беше формиран нов Месен комитет во состав: Киро Минанов — секретар, Ѓерас Цунев и Глигор Новаков — членови на Комитетот. Се формира и нов Месен комитет на СКОЈ, чиј секретар стана Коле Орцев. По тоа, беа расформирани сите постојни партиски келии, а на нивно место беа формирани нови. За секретари на ќелиите беа одредени комунисти кои дотогаш не беа на оваа должност.

Панче Пешев разговараше поединечно со секој член на Партијата. Разговараше и со оние кои подолго време се беа пасивизирале. По извршената реорганизација тој ги вклучи и нив во активноста на организацијата. Панче Пешев ја прекина дискусијата по прашањето за тоа кој е виновен за неуспехот од октомври 1941 година. Новиот Комитет не сакаше да дава никакви објаснувања и оценки за вината на одделни членови кои учествуваа во расправиите веќе неколку месеци. Партиското членство дисциплинирано ги прими одлуките за реорганизацијата, раководена од желбата за заздравување на партиските редови.

Новоформираниот Комитет на еден од своите состаноци одреди кој сѐ треба да се подготви за стапување во партизани и се пристапи кон создавање на врски со некои села во подогражденскиот крај, кои требаше да контактираат со одредот што требаше да се формира. Се пристапи кон зајакнување на врските со беровската и радовишката партиска организација, како и со членовите на Партијата на трудовата дружина кај Ново Село, Струмичко. Сето ова требаше да овозможи создавање на поброен одред, кој требаше да дејствува во реоните на Струмичко, Малешевско и Радовишко.

На состанокот, одржан на 4 јули 1942 година, Месниот комитет одлучи одредот да излезе на 8 јули. Беше одредено и раководство на идниот одред. Подготвен беше и испратен извештај до Покраинскиот комитет за извршените подготовки и одлуката за формирање на одредот. Но извештајот не стигна до Покраински комитет, зашто на 5 јули бугарската

полиција изврши масовни апсења, а Глигор Новаков, кој го носеше извештајот за ПК, беше уапсен на пат за Скопје. Тој успеал, сепак, извештајот да го уништи на Железничката станица Удово, за да не падне во рацете на полицијата.

Меѓутоа, кога беше речиси сѐ готово за исфрлање на одредот, се одиграа непредвидени настани кои го изменија развојот на настаните. На 4 јули 1942 година, партиското членство доби летоци со задача да ги растури меѓу селаните. Беше сабота — пазарен ден во Струмица. Овој ден беше најпогоден за ваква акција. Во летокот селаните беа повикани да не го даваат житото и другите храни на бугарските окупатори; да сокриваат сѐ што може да се сокрие и да ја оневозможуваат работата на бугарските реквизициони комисии. Селаните се повикуваа храната да ја чуваат за себе и за партизанските одреди, што се борат за ослободувањето на македонскиот народ. Летоците, главно, беа поделени на пазарџиите што беа познати како симпатизери на ослободителното движење. Меѓутоа, неколкумина од задолжените за оваа акција во саботата не успеале да ги разделат летоците, та во неделата на 5 јули се упатиле во некои села, за да ја довршат задачата. Во село Пиперево, еден леток попаднал во рацете на кметскиот намесник Јован Донков, кој веднаш ја известил полицијата. Наскоро во селото дошол со велосипед полицискиот агент Славчо Азманов, кој се распитал кои биле лицата што ги растурале летоците. Кметскиот намесник не ги знаел нивните имиња, но Азманов бил известен дека тие се упатиле кон селото Просениково. По нив и тој тргнал за Просениково и пред куќата на Иван Палифров, член на Партијата, ги сретнал Панче Пешев, Ѓерас Цунев и Палифров, кои туку што го завршиле состанокот на Воениот комитет.

Агентот Азманов го прашал Палифрова кој е Панче. Палифров му одговорил дека е од Скопје дојден да купува свињи и се вика Иван Ѓорѓиев Мишев. (На тоа име Панче Пешев имаше фалсифицирана лична карта).

Агентот Азманов им побарал лични карти. Панче Пешев наместо лична карта го извадил пиштолот и го вперил кон Азманова, но пиштолот затаил. Во тепаницата што настанала Азманов бил онесвестен и оставен да лежи на земјата. Веднаш потоа тие дошле во Струмица и се засолнуваат во куќата на Ристо Пандев, каде што останаа повеќе од 15 дена.

Некои селани од Просениково му притекнале на помош на Азманова, и кога се освестил, веднаш го уапсил Иван Палифров, доведувајќи го во полицискиот участок во Струмица. Партиската организација во градот останала неизвестена за овој настан во Просениково.

Иако престојот на Панче Пешев во Струмица е краток, но во тој период се разви жива политичка активност како и забрзана подготовка за исфрлање на партизански одред. Панче успеа заедно со Месниот комитет да ги консолидира редовите на партиското членство и да ги вклучи во работа и оние што привремено се беа пасивизирале.

## 6. ОВНОВУВАЊЕ НА ПАРТИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО СЕПТЕМВРИ 1942 ГОДИНА

По апсењата и судењата во почетокот на јули 1942 година на членовите на Комунистичката партија и скоевците, како и апсењата во гимназијата, во Струмица се создаде тешка ситуација. Влијанието кај народните маси, постигнато низ дотогашната активност на партиската организација, беше опаднато. Бугарските окупатори, од своја страна, се ангажираа апсењата да ги искористат не само за казнување на комунистите и скоевците, туку и да извршат притисок врз сите симпатизери, помагачи и приврзаници на НОД, кои на еден или други начин го помагаа или беа готови да му се приклучат. Оние скоевци и членови на воспитните

групи, што беа пуштени од затвор пред судењето, бугарската полиција ги подложи на притисок, за да ги искористи како сведоци на судот против своите другари што ги задржа во затвор. Со тоа целеше да предизвика разединување, да ги скара и разбие. Не само што се вршеше притисок врз нив, туку на малтретирање беа подложени нивните родители, од кои полицијата бараше на судот да го кажат она што им наложи полицијата. Се закануваше дека до колку не постапат така, тие ќе бидат пак затворени или интернирани. Но и покрај тоа сите сведоци кои беа изведени пред судот, со исклучок на три-четворица, одбија да ги теретат своите другари. Настапи колебање и кај некои членови на Партијата, кои не беа уапсени. Некои од нив се пасивизираа за да не паднат во рацете на полицијата. Случајот со Ванчо Фончев, кој во септември 1942 година дојде во Струмица по свое барање, а со согласност на Мирче Ацев, најдобро го потврдува тоа. Тој се поврзува само со Љубе Арапов, додека не успеа да се состане и да активира некои други активисти. Се малтретираа родителите и на оние комунисти кои беа осудени. Тие мораа по неколкупати дневно да се јавуваат во полицискиот участок, а тоа значеше да не можат да си ја гледаат работата и да извадат парче леб, зашто по цели денови се влечкаа по участоците. По ваков начин окупаторите сакаа да ги застрашат родителите и на другите младинци, да им покажат што ги чека и нивните деца или блиски ако се вклучат во работата на движењето. Како резултат на ваквото систематско мачење и прогонување, некои родители од страв им забранија и ги контролираа своите деца да не се дружат со оние што беа познати дека му припаѓаат на НОД или беа апсени, па се пуштени од затвор. Тоа посебно дојде до израз кај родителите на некои ученици што беа исклучени од гимназијата, но по интервенција на нивните блиски и одделни граѓани, повторно беа примени на школување. Ним им беше наложено да не се дружат со никого, во спротивно

повторно ќе бидат исклучени и никогаш не ќе бидат вратени в училиште.

Бидејќи во Струмица привремено беше прекината активноста на партиската организација, а со тоа и населението не можеше да биде информирано за настаните, немаше кој да организира нови акции. Тоа им олесни на Бугарите да шират дезинформации; ја олесни нивната бугарско-фашистичка пропаганда. Тие зборуваа дека младите се заведени од мал број престапници — комунисти, обидувајќи се НОД да го прикажат како дело на србомански настроени елементи кои пак во Струмица немале поле за работа. На судењето на комунистите од 26—28 август 1942 година, беше подметната сликата на бившиот крал Петар, „докажувајќи", како божем ја нашле кај еден од обвинетите кога вршеле претрес. Обвинетите остро реагираа на оваа подметнување, викајќи во еден глас дека никој од нив таква слика никогаш не држел дома, што се потврдуваше од опачината на фотографијата каде што стоеше името на сопственикот. Кога еден од обвинетите побара да се прочита што е напишано таму, Судот ја сокри и повеќе не ја покажа на претресот. Некои бугарски агенти им се придружуваа јавно на нашите другари, пуштени од затворот, за да ги види народот како „другарски" шетаат со нив, за да ги компромитираат, да ги прикажат за превртливци кај населението. Дотогаш сите акции што ги спроведуваше партиската организација, а посебно оние од економски карактер, народот широко ги прифаќаше и учествуваше во нив. Но по овој удар нанесен на организацијата, луѓето потешко се одлучуваа да прифатат акции покренати од Партијата. На луѓето им стануваше сè појасно дека окупаторите се безмилосни, не се шегуваат и дека се готови на сè . Стануваше јасно дека не ќе дозволат повеќе демонстрации и штрајкови. По 5 јули 1942 година, и покрај тоа што активноста на скоевската организација во гимназијата продолжува, не може да се рече дека постои организирана работа и активност во

Струмица, бидејќи не постои ни партиско ни скоевско раководство. НО движење беше обезглавено, оставено без свое раководство.

Меѓутоа, теророт и застрашувањата не можеа да го држат македонскиот народ под постојан страв. Народот не можеше и не сакаше да се помири со ропството што му беше наметнато од великобугарите. Пасивизацијата кај поединци не потраа долго. Од своја страна и Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија бараше начини да се обноват врските и најдат луѓе кои да ја продолжат борбата во Струмичко. Се пристапи кон поврзување и повторно активирање на оние другари кои останаа неоткриени од бугарската полиција.

Врската со Покраинскиот комитет сега била воспоставена преку Стојан Ќосев. Тој се познавал со Илија Нешовски, кој живеел во Скопје, а бил член на КПЈ. Стојан Ќосев го запознал Нешовски со ситуацијата во Струмица. Нешовски се открил дека е комунист и му закажал состанок во Скопје. Нешовски добил задача од ПК да воспостави врска со Струмица. Првиот состанок во Скопје, на кој требало да присуствува уште едно лице, пропаднал. По 15 дена тие — Нешовски и Стојан Ќосев — повторно се состанале во Скопје. На овој состанок се договориле, во Струмица како инструктор на ПК, да дојде Димче Аџи Митревски (се поставило прашање кој да дојде за инструктор, дали Нешовски или Аџи Митревски, поради што работата се одложила еден месец). Исто така се договориле Стојан Ќосев во Струмица да стапи во контакт со поединци кои биле пуштени од затворите и да им сугерира да се активираат. Кога во втората половина на септември 1942 година, Димче Аџи Митревски се вратил од Охрид во Скопје добил задача од членот на ПК на КПЈ за Македонија Кузман Јосифовски — Питу, дека треба да замине за Струмица, за да се обнови активноста на партиската организација, запознавајки го со ситуацијата во Струмица и упатувајќи го да се поврзе со Стојан Ќосев.

Пред да појде за Струмица Аџи Митревски му пишал на професорот Љубен Лапе, да се погрижи да му најде работа како адвокатски приправник, кај некој адвокат. Лапе му одговорил дека му нашол работа и може да дојде. Кон крајот на месец септември 1942 година Димче Аџи Митревски пристигнал во Струмица, се легализирал (тој до тогаш бил нелегален) и се запослил во адвокатската канцеларија на Илија Чилиманов. Адвокатот Чилиманов не знаел кој е и каков е Димче Аџи Митревски. По пристигањето во Струмица, тој се состанал со Лапе, кој го поврзува со Стојан Ќосев. Првите два состаноци биле одржани во станот на Лапе, на кој се поставува како прва и основна задача да се разговара со поедини другари. По разгледувањето на ситуацијата во Струмица, одлучиле кој со кого да стапи во врски. Меѓу првите со кои требало да се воспостават врски биле Европид Влахов, Ташка Србинова (која се наоѓала во Бугарија), потоа со Ванчо Николчев — Шопо, Љубе Арапов и Душан Бошковски. Сите тие, освен Бошковски, биле порано организирани во Струмица. Душан Бошковски тогаш наскоро и пристигнал во Струмица. Првиот партиски актив бил составен од само тројца — Димче Аџи Митревски, Стојан Ќосев и Љубен Лапе. Но и тој набргу останал без еден свој член. Имено, бидејќи окупаторите не сакаа да имаат каква и да е активност во гимназијата и се плашеа од луѓе каков што беше професорот Лапе, за еден ден го преместиле од Струмица во Елхово — Бугарија, а оттаму бил интерниран во логор. Во брзината Лапе имал само толку време да може да им даде врска со групата симпатизери во гимназијата, од која собирал народна помош. Бугарите го протераа Љ. Лапе од Струмица, секавично бргу, плашејќи се да не се случи нешто слично на она кога пред тоа го протераа професорот Крум Тошев. Не му дозволија ни да го смести своето семејство кое остана во Струмица.

Во резултат од активноста на Аџи Митревски и Ќосев, низ личните контакти со поединци и

активирањето на еден број другари, во ноември 1942 година бил формиран Месен комитет на КПЈ во Струмица (скоро сите членови на поранешниот МК паднаа во затвор со апсењата извршени во јули 1942 година). Него го сочинувале: Стојан Ќосев, Душан Бошковски, Ванчо Николчев — Шопо, Љубе Арапов, а нешто покасно и Љуба Новакова. За секретар на Комитетот бил одреден Душан Бошковски. На состанокот, кога е формиран Комитетот, била извршена и поделба на работата. Одговорен за собирање народна помош станал Љубе Арапов, Ванчо Николчев добил задача да се поврзе со Сандо Стаменов и други ученици од гимназијата, за да се обнови работата на скоевската организација. Душан Бошковски бил задолжен да воспостави врски со некои села и да пронајде луѓе преку кои да се развива активност во околијата. Стојан Косев — да работи на прибирање луѓе во градот, а Љуба Новакова била задолжена за работа со жените. Првите состаноци биле, главно, посветени на тоа да се соберат оние луѓе кои порано биле организирани, а сега останале без врски како и да се пронајдат други лица, од градот и селата, кои покажуваат готовност да се вклучат во НО движењето. Ориентација била собирање на сите сили и нивното вклучување во редовите на движењето.

Во декември 1942 година, агентот Азманов започнал да го следи Аџи Митревски како и другите комунисти и припадници на НОД. Дотогаш Димче живеел во куќата на Душан Бошковски, а повремено ја користел и куќата на Боро Џони, каде што одржал повеќе состаноци со поединци. Потоа се сместува во куќата на Џони каде што останува сè до јануари 1943 година. Азманов го повикал Аџи Митревски во јануари истата година во Околиското управление, кога Аџи Митревски вешто го избегнал апсењето. Тој му ја дал личната карта на Азманов и од другата врата ја напуштил зградата. Само неколку дена пред тоа, на Димче Аџи Митревски некој негов пријател во судот му покажал некаков бугарски полициски билтен, со

фотографиите на повеќемина илегалци од Македонија, меѓу кои била и неговата.

Веднаш потоа била донесена одлука Аџи Митревски да замине и да се засолни во Горна Џумаја. Таму тој се сместил кај некој учител. По десеттина дена. Душан Бошковски се состанал во станот на Љубен Лапе со Вера Оровчанец, која дошла да испита дали постојат услови Аџи Митревски да се врати во Струмица, а да не биде уапсен. Душан ја уверувал Вера Оровчанец дека Димче може да се врати, односно, можат да му обезбедат нелегален стан. По неколку дена Душан Бошковски и Димче Аџи Митревски се состанале во Горна Џумаја, каде што ја разгледале моменталната ситуација во Струмица. Врската меѓу нив и партиската организација во Струмица со Покраинскиот комитет, продолжила да се одржува и понатаму. Иако полека и со многу тешкотии партиската организација во Струмица се опоравувала од тешките удари што ѝ беа нанесени по 5 јули 1942 година.

Во февруари 1943 година, Душан Бошковски отишол во Скопје и повторно се состанал со Димче Аџи Митревски. Тој инсистирал повторно да се врати во Струмица. Било организирано и неговото префрлување од Удово до Струмица. Во Удово бил испратен Петре Камчев — Мишо, кој со велосипед го префрлува до Струмица. Димче Аџи Митревски прво се настанил кај Душан Панов, а потоа сменува уште неколку нелегални станови. За времето од одењето на Димче, до неговото повторно враќање, не бил примен ниеден член во партиската организација, иако имало неколку души набележени кои покажале активност. По неговото враќање во Струмица, организацијата си поставила задача да опфати поширок круг луѓе и пак да се зафати со подготовки за исфрлање на партизански одред. Се пристапило и кон тоа неколкумина младинци, што биле набележени да стапат во партизани, прво да се подготват, па тогаш да излезат. Набележаните лица поради поголема конспиративност, прво биле примани

во воспитните групи. Со сите кандидати за партизани е зборувано отворено дали се спремни да заминат в одред. Така се поставувало прашањето во март месец 1943 година. Оние што биле опфатени во тој период изјавиле дека имаат желба да стапат во партизански одред. Тоа било особено случај со членовите на СКОЈ. Меѓу членовите на СКОЈ и симпатизерите се укажувало дека има околу 10—12 души, спремни да стапат во одред, покрај членовите на Партијата.

Сите членови на Партијата добиле задача да формираат воспитни групи. Во почетокот на 1943 година, поголем дел од членовите формирале свои групи. Постоеле вкупно 8 воспитни групи со околу 35 лица во нив. Заради поголема конспиративност со членовите на групите, како форма на работа се применувала поединечни состаноци. Групните состаноци биле изоставени. Добиените материјали ги преработувале исто така поединечно. Овие материјали биле читани и од одделни симпатизери. Исто така се проширила активноста и за собирање на народна помош.

Како важна задача во 1943 година се поставува и пронаоѓањето на станови за илегалци, ако за тоа се укаже потреба. Најдени беа шест такви стана, од кои неколку се користени за состаноци, а во други од нив живеел Димче Аџи Митревски. Ванчо Новаков — Сечкото, го иселил и семејството од дома, за да може куќата да  ја стави на располагање на партиската организација.

Методот на работа на Комитетот во овој период се состоел, главно, во поставувањето на задачи за секојдневна активност на често одржуваните состаноци.

Времето до крајот на јануари 1943 година е исползувано за подготовки на оние лица што можеле да се вклучат во работата на организацијата. Состаноците редовно се одржувале еднаш седмично, а по потреба и почесто.

Комитетот одржувал директни врски со ПК, односно по март 1943 година, со ЦК на КПМ преку

Кузман Јосифовски — Питу. Извештаите од Комитетот во повеќето случаи ги носел Стојан Ќосев. Од ПК се добивале и материјали за струмичката партиска организација.

На еден од состаноците на Комитетот се дошло до заклучок дека во Струмичко дотогаш било недоволно работено на популаризирање на НОД во Југославија и дека масите малку знаеле за тоа. Се констатирало дури и тоа дека недоволно се знае и за движењето во Македонија. Исто така било одлучено луѓето да се запознаат со личноста на Јосип Броз Тито, како водач на НОБ на народите на Југославија. Некои од членовите на Партијата, дотогаш не знаеле нешто поодредено за него, и дури сега добиле појасна претстава за Јосип Броз — Тито. Тоа се поставило како многу важна задача бидејќи бугарскиот пропаганден апарат систематски го прикажувал Јосип Броз — Тито, како водач на банди што се борат за враќањето на стара Југославија и хегемонијата на големосрпската буржоазија.

Активноста на овој Месен комитет од ноември 1942 до мај 1943 година, т.е. до неговото паѓање во затвор, придонесе да се зголеми влијанието на партиската организација во градот и околијата и да се вклучат во движењето луѓе што дотогаш не биле опфатени.

## 7. РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА АКТИВНОСТ НА БЛАГОЈ ЈАНКОВ — МУЧЕТО

Благој Јанков — Мучето го положи својот живот, кога народите на Југославија се наоѓаа пред блиска победа над фашистичките окупатори. Тој беше ѕверски убиен, кога неговата долгогодишна револуционерна активност донесуваше плодни резултати — масовно учество на народот и од Источна Македонија во вооружената борба; кога поголемиот дел од Македонија

беше ослободен или се наоѓаше пред конечно ослободување.

Благој Мучето е роден во Струмица 1910 година, во сиромашно работничко семејство, од кое мнозина земаат активно учество во борбите на македонското национално-револуционерно движење за ослободување на Македонија од Турското ропство. Од гимназијата бил истеран поради пројавување на македонска национална свест. Благој бил, исто така, принуден како и многу негови врсници да се определи за изучување на шивачки занает. Не наоѓајќи секогаш работа во Струмица, тој заминува да работи во Белград.

За животот на Благој е од вонредно значење неговото доаѓање во Белград. Тој веднаш се вклучил во напредното работничко движење и набргу станува синдикален активист. Неговата активност е набргу согледана од партиската организација и тој бил задолжен да растура летоци и марксистичка литература меѓу младите работници. При една таква акција, во Белград во 1927 година, бил уапсен од белградската полиција. Иако бил жестоко мачен, тој пред полицијата не признал ништо, па бил ослободен од затвор и протеран во родниот град Струмица. Но Благој повторно се враќа во Белград и ја зголемува својата активност меѓу шивачките работници во синдикатите. Заради неговата голема активност, во 1935 година, е примен за кандидат за член на КПЈ. Тоа било за него нов импулс за сè  поголема активност во извршување на партиските задачи и во синдикалната подружница на шивачките работници. Извршувајќи ги партиските задачи, кон крајот на 1935 година, бил повторно уапсен и осуден на шест месеци затвор. По издржувањето на казната, тој е протеран на две години во Струмица.

Иако бил под постојана полициска контрола, Благој не седи со скрстени раце. Тој ги организира струмичките работници во УРС-овите синдикати и веќе во 1936 година организира неколку штрајкови во Струмица.

Авторитетот на Благој меѓу струмичките работници е голем. За време на својот принуден престој, тој создал круг на блиски и пријатели, преку нив развива широка политичка активност, и преку нив тој влијаел врз останатите работници. Тоа особено доаѓало до израз за време на општинските и парламентарните избори. Благој придонел еден поширок круг работници национално да се осознаат, а покасно да се вклучат во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување. Во 1938 година, на парламентарните избори, прави усилби да се истакне кандидат од редовите на прогресивните средини, но кога поради жестокиот терор од страна на големо-српските владеачи не успеал, ги наговара работните маси од градот и селата да гласаат за здружената опозиција.

Активноста на Благој зема полн замав по доаѓањето на Јосип Броз — Тито на чело на КПЈ. Тој во почетокот на 1938 година пак заминува на работа во Белград, но своите врски со напредните луѓе во Струмица не ги прекинува. По доаѓањето во Белград, во 1938 година, тој бил примен веќе за член на КПЈ. Активноста на Благоја меѓу белградските работници придонела да се здобие со голем авторитет. Поради тоа во 1940 година е задолжен да раководи со големиот штрајк на шивачките работници во Белград, во кој учествуваат повеќе од 2.000 работници. Штрајкот завршил со потполна победа на работниците. Благој бил крајно упорен во остварувањето на правата на работниците, непоколеблив и самоуверен; убеден дека со упорност и единство на работниците-штрајкачи, мора да се победи. Во тој штрајк работодателите одбиле да ги покачат платите и да ги подобрат работните услови на чираците, поради што Благој одбива, како претседател на штрајкачкиот одбор, да го потпише колективниот договор со работодателите, и штрајкот продолжил сè  додека не биле прифатени и овие барања на работниците.

Поради неговата голема активност, не само во синдикалното работничко движење, ами и во извршувањето на секојдневните партиски задачи, поради неговата способност за масовна политичка работа, во почетокот на 1940 година Благој е избран за член на Реонски комитет во Белград, којашто функција ја обавува до окупацијата на нашата земја во април 1941 година.

Есента 1940 година, во Белград Благој бил провален, но го избегнува апсењето и преоѓа во нелегалност. Со тоа неговата партиска активност не престанува, ами напротив се зголемува, иако е принуден постојано да се крие пред полицијата и да дејствува под мошне тешки услови. Во периодот од 1940—1941 година, тој бил испраќан во околните места на Белград да ги помогне тамошните партиски организации во нивното зацврстување и за зголемувањето на активноста. Благој во тоа време е вистински професионален револуционер. Тој можел да се види насекаде — на работничките излети, во УРС-овите синдикати, меѓу демонстрантите на белградските улици, меѓу младината, или кусо речено, секаде каде што било потребно да се спроведе некоја активност или акција на партиската организација и синдикатите. Благој, со својата едноставност и присност кон луѓето, секогаш успевал да ги раздвижи и вклучи во акциите на партиската организација.

Иако Благоја од 1938 до април 1941 година се наоѓал во Белград, тој не ги прекинува своите врски со родниот крај, ги користеше сите можности и вложуваше вонредни напори во Струмица да се создаде револуционерно движење, да се опфатат работниците и младината и да се вклучат во политичка активност и подготват за решавачките борби, пред кои се наоѓаа народите на Југославија. Тој, со група другари од Белград, често им испраќа напредна литература на струмичките работници. Во 1938 година, Благој и уште неколкумина другари во Белград, заедно со напредните

младинци од Струмица се инцијатори за создавање на друштвото на Есперантистите во Струмица, кое одигра голема улога во политичкото воспитување на младината. Своите повремени и куси престои во Струмица ги користел за одржување непосредни контакти со напредните младинци, поттикнувајќи ги кон поголема политичка активност. Благој, покрај Јосиф Јосифовски — Свештарот, е еден од иницијаторите за создавање партиска организација во Струмица во 1939 година.

Непосредно по распаѓањето на стара Југославија. во април 1941 година, Благој се враќа во Струмица и е избран за член МК. Тој се залага за усвојување одлука за прибирање оружје и подготовки за вооружена борба против окупаторот. Благој е веќе израснат комунист, со богато револуционерно искуство, непоколеблив, и многу ценет меѓу струмичките работници. Неговото присуство во Струмица веднаш се почувствувало. Партиската организација ја зголемува активноста и бројно нараснува. Под раководството на Јоската и Благој во 1941/42 година, во Струмица се изведуваат низа акции против бугарските окупатори, кои придонесоа да се разбијат илузиите кај поединци за ослободителната мисија на бугарските окупатори и да нарасне влијанието на Партијата. Создадена е организација на СКОЈ, која остварува големо влијание над младината во Струмица. Благој вложува големи усилби партиската организација да продре во селата на Струмичка околија.

Голема е заслугата на Благоја во создавањето, развитокот и зголемување на политичката активност на партиските организации во Радовиш, Валандово и Малешевијата.

По суспендирањето на Покраинското раководство на Шарло, Благој е избран во новоформираниот ПК. Оттогаш, па до ноември 1941 година, како член на ПК работи во Скопје. Благој јасно ја согледал линијата на ЦК КПЈ, за неделивоста на КПЈ и неопходимоста за дигање на вооружено востание во Македонија, и со своите ставови придонел да се земе курс и донесе одлука за

дигање вооружено востание во Македонија во 1941 година.

Во ноември 1941 година, Благој се враќа на работа во Струмица во својство на инструктор на ПК КПЈ за Македонија при МК на Струмица.

Во почетокот на 1942 година, Благој станува секретар на Окружниот комитет на КП во Струмица, кога видливо се проширува активноста на партиските организации од овој крај. Во јуни 1942 година, во својство на инструктор, се наоѓа во Пехчево, а во јули истата година му посветува посебно внимание да го зголеми партизанскиот одред кој дејствува на тој терен. Поради ударот со апсењата во јули 1942 година, во Струмица, и младоста и неопитноста на партиските организации во Пехчево и Радовиш, не доаѓа до проширување на одредот, ами тој е принуден во почетокот на август да се расформира.

По кусо престојување во Пехчево, Благој за некое време е повлечен на работа во Скопје, а во октомври 1942 година е одреден за инструктор на ПК во Штип. Благој има вонреден придонес за штипската партиска организација во нејзиното организационо зајакнување и расчистување на сфаќањата во врска со создавањето на партизански одреди. Тој неуморно работи на создавање на партизански одреди, заедно со комунистите од Штип, и како резултат на тоа се исфрлуваат одреди во декември 1942 година и пролетта 1943 година.

Со формирањето на Обласниот комитет на КПМ, во март 1943 година во Штип, Благој станува негов член. Кога се вршат подготовки, летото 1943 година, за формирање на нов партизански одред во Штипско, тој доброволно се јавува за командант на одредот. Апсењата извршени летото 1943 година во Штип, спречуваат да се оствари и таа желба на Благоја.

По апсењата, извршени во мај 1943 година во Струмица и разбивањето на партиската организација, нејзината активност за неколку месеци била запрена. Од оние партиски членови и симпатизери кои ги одбегнаа

бугарските затвори или интернацијата во концентрационите логори, иако продолжиле да одржуваат некакви меѓусебни врски, не потекнала иницијатива за обновување на партиската организација. Не потекнала иницијатива, исто така, и од некој друг форум надвор од Струмица, за да се пронајдат луѓе и обнови организацијата. Од друга страна, теророт на бугарските окупатори станува сè  пожесток. Биле контролирани сите влезови во градот. Тутунџиите и земјоделците се изложени на постојана полициска контрола, при одење на полска работа. Под постојан полициски надзор се сите оние, познати или осомничени од полицијата, како припадници на Народноослободителното движење, или како негови помагачи и симпатизери. Полицискиот апарат постојано се засилува. Неколкуте апсења и провали, по кои следуваа претепувања, ѕверски убиства и судења придонесуваат, одделни другари, поранешни членови на Партијата или активисти на НОД, да се исплашат и пасивизираат.

При ваквата ситуација, по настанатите апсења и убиства во Штип, бива ранет и Благој Мучето, на 17 август 1943 година. Тој, во тоа време нелегално работеше во Штип, како член на Обласниот комитет за Штипска област. Во Штип тој бил блокиран, но откако го пробил обрачот на бугарската полиција, се извлекол од него, прикривајќи се уште четири дена во Штип. Мучето направил усилби да се поврзе со Централниот комитет на КПМ, но не успеал да најде врска, поради тоа што поголемиот дел од членовите на Партијата и во Штип биле уапсени. Немајќи друг излез, одлучил да се врати во Струмица. Одвај стигнувајќи до Струмица, се нашол во вонредно тешка положба. Ранет, со незалечена рана и со искрвавени нозе, гладен и преморен од пешачењето, од Штип до Струмица, една ноќ доаѓа кај некој свој роднина, молејќи да се засолне. Но тие, плашејќи се од одмазда на бугарската полиција, одбиваат да го примат. Оттаму се упатува кон „Чифликот", и над чешмата кај

„жолтите конаци" паднал и се обесвестил. Во раните утрински часови, на 25 август 1943 година, го освестила вревата од тутунџиите, кои оделе на берење тутун. Со последни сили се упатил кон „Чифликот". Кога стигнал во куќата на Спиро Захов, кој исто така бил на тутун, влегол и се засолнил во подрумот. По враќањето на Спиро, Мучето му се јавил и, земајќи ја согласноста на домаќинот, останал кај него. Веднаш потоа отпочнува со опоравување и лекување. Тука Благој Мучето останал да живее и работи илегално сè до 12 јули 1944 година. Покасно, бил направен обид да се префрли во станот на Ташка Србинова, но се покажало дека таа живее некаде во Бугарија, а мајка ѝ не се согласила да го прими. Преку Горѓи Фончев, брат на Ванчо, бил направен уште еден неуспешен обид да се смести во куќата на работникот Панде Тасев, но и овој обид пропаднал.

Откако се излекувал и собрал сили, Благој отпочнал со работа. Кон крајот на септември, се поврзува со Ѓорѓи Фончев. Благој барал Фончев да ги прибере оние преостанати членови на Партијата и на СКОЈ како и поактивните симпатизери, со цел да се обнови партиската организација и НО движење во Струмица. Ѓорѓи Фончев ја примил на себе задачата да извиди кој сè се наоѓа во Струмица, со кого би можеле да отпочнат со работа. Поврзувањето меѓу нив и Благој Мучето, а преку Ѓорѓи Фончев станувало по писмен пат. По ваков начин се активирале, во прво време, околу 12 души. Треба да се каже дека Благој, во тоа време, немал врска ни со една партиска организација како ни со ЦК на КПМ во Скопје. Затоа правел усилби да воспостави врски со Штип, Гевгелија и Скопје. За таа цел бил испратен Томе Данков, во овие места, но бидејќи тој не познавал никого, не успеал да ги најде толку потребните луѓе. Во меѓувреме, кон крајот на октомври 1943 година, во Струмица веќе била создадена можност за поширока активност. Уште со првите контакти со преостанатите комунисти, скоевци и симпатизери, како најважна задача се поставила повторно подготвување за исфрлање

на партизански одред. Во овој период и под раководство на Благој Мучето активно работат: Ѓоше Дончев, Ристо Јанев, Ванчо Зеленков, Ванчо Николчев — Шопо, Ѓорѓи Фончев, Љубе Арапов, Милан Анѓелски од селото Куклиш и други. Како форма на работа се применуваат индивидуални врски, по пат на писмени или лични контакти со Благој. Како курири за разнесување на писма и пораки работеле Ѓорѓи Фончев, Спиро Захов, бабата Ленка Поп Тодорова и Марика Тренчева — Захова. Дуќанот на Гоше Дончев, бил користен како пункт за врски со Валандово и Штип. Преку Ѓоше Дончев се добивале материјали, што се испраќале во Валандово или до поединци во градот и селата. Повеќето од повторно активираните биле членови на Партијата од периодот 1941—1943 година. Благој Мучето примил уште неколкумина во Партијата, кои дотогаш не биле организирани, но се покажале активни помагачи на Народноослободителното движење.

Кога Благој се научил дека Милан Анѓелски се вратил во Струмица, во октомври 1943 година, веднаш преку Ѓорѓи Фончев го задолжил да се зафати за работа, во извршување на задачите што му ги поставил.

Од јануари до јули 1944 година, активноста на партиската организација и НО движење во Струмица, биле насочени кон реализирање на овие основни задачи:

— Создавање на партиска организација;

— Воспоставување врски со партиските организации во Штип, Валандово, Кавадарци и Пехчево;

— Подготовки за формирање и исфрлање на партизански одред;

— Популаризирање на борбата на југословенските народи, раководена од Комунистичката партија на Југославија;

— Формирање на народноослободителни одбори;

— Разобличување на бугарските окупатори и фашизмот;

— Собирање народна помош.

Во пролетта 1944 година, бројот на оние што се активирале во движењето се зголемил и биле опфатени и одделни лица, кои дотогаш не биле организирани. Во јуни било формирано Партиско поверенство од тројца членови. Со Поверенствовто раководела Марика Тренчева — Захова, која била во постојан контакт со Благоја. Покрај тоа бил формиран и еден актив со кој раководел Милан Анѓелски. Активот набргу прераснал во ќелија, која броела осум члена. Поради опасноста од провали, ќелијата не одржувала заеднички состаноци, туку поединечни врски на секретарот со одделните членови. Се одржувале и состаноци со по двајца до тројца члена. Активноста на партиската ќелија во тој период била ориентирана кон реализирање на секојдневните задачи, создадени од конкретната ситуација. До крајот на мај 1944 година, партиската организација најголемо внимание му придава на формирање партизански одред, но кога во тоа не се успеало. активноста е насочена кон организирање на народна власт, бојкот на различните мерки што ги преземала бугарската окупаторска власт. а посебно саботирање на економската експлоатација и ограбување на населението. Му било посветувано внимание и на активирање на младината и проширување дејноста на НО движење и во селата. Покрај тоа што во активноста на партиската организација биле вклучени поголем број младинци, скоевската организација во овој период не била обновена, освен постоењето на скоевскиот актив во гимназијата. Пред крајот на јуни и почетокот на јули,

биле правени усилби, да се формира скоевска организација, но сè до апсењата на 12 јули 1944 година, таква не била формирана во градот и околијата.

Како еден од секојдневните и важни задачи било собирање на народна помош. Во тој поглед биле постигнати добри резултати. Помош се собирала од поголем број работници и симпатизери на НОБ. Собраните средства се користат во прв ред, за покривање на трошоците околу воспоставување и одржување на врски со партиските организации од другите градови, набавка на материјали и издршка на Благој Јанков — Мучето, кој работел во услови на најстрога илегалност.

Со отпочнувањето на масовните апсења што ги извршија бугарските окупатори во Струмица на 12 јули 1944 година, бил откриен и нелегалниот стан на Благој Мучето. Кога дошла бугарската полиција да го затвори, Спиро Захов бил на нива, на берење тутун. Од нивата го водат дома, и пред да го затворат успеал да ѝ каже на жена си: „Мене ме апсат, но гледај да му овозможиш на Благоја да избега". Кога полицијата дошла дома да врши претрес, додека Спиро и ќерка му Марика Тренчева ги заговарале полицајците, бабата Кумјанија успеала да му јави на Благоја да бега. Откако ги уништил сите материјали, тој незабележано успеал да ја напушти куќата и избегал кон „Цареви кули". Во маалото „Коритниче", го забележале соработници на бугарската полиција и се обиделе да го фатат, но тој успеал да им избега. Вечерта се обидел да се сокрие кај некои луѓе за кои претполагал дека ќе го примат, но тие поради страв од бугарската полиција, одбиле да го засолнат. Потоа се засолнил кај Горѓи Џатев. Горѓи Џатев живеел во една соба во маалото „Чифлик", а жена му се наоѓала пред породување. Поради тоа, Благој не сакал да остане таму. Вечерта, на 13 јули 1944 година, ја напушта куќата на Џатев и се сокрил во плевната на својот другар од детинство, Миле Чиликов. Преморен од напорот, тој веднаш заспал. На 14 јули, наутро, кај Миле Чиликов

работел ѕидарот Мито Бјадов, кој забележал дека во плевната има човек. Тој отишол да го извести Чиликов, но за тоа сознала и бугарската полиција, која претполагала дека тоа е Благој Мучето. Полицијата веднаш ја блокирала плевната, но ниеден од полицајците немал смелост да влезе внатре. Тие почнале да тропаат на вратата. Кога Благој се разбудил, отворил огин од револверот и избегал. Полицајците, преплашени, се растуриле. Тој се упатил во правец на градскиот парк, пред складот на Темкови (сега склад на „Гранап"), се обидел да земе еден селски коњ, но не стигнал да го одврже, зашто полицијата се приближувала. Тој го оставил коњот и продолжил да бега кон градскиот парк. Инаку 14 јули се паднал во сабота, кога во Струмица е пазарен ден, а улиците полни со пазарџии. Луѓето се тргале настрана, за да му овозможат да избега. На влезот на градскиот парк, се нашол војводата на контрачетата од Василевска општина, Манчо Калпаков, скриен зад еден столб. Кога наишол Благој Мучето, тој се фрлил врз него, паднале обајцата на земја и почнале да се борат. По неколку моменти пристигнале бугарските полицајци и агенти и го убиле Благоја. Откако Благој бил веќе убиен, фашистичкиот агент Мирчо Лазаров *[(10)]) и во мртвото тело на Благоја, испалил неколку куршуми „за да си го намрси пиштолот", како што потоа се фалел низ градот.

Телото на Благој Мучето бугарските окупатори го одвлекоа на плоштадот пред општинската зграда, каде што беше оставено цел ден. Со тоа окупаторите сакале да го заплашат народот. Вечерта со ѓубреџиска кола, телото на Благој Мучето било однесено во реката Тракајна, но не го закопале, туку нафрлиле малку песок врз него, со намера да го развлечат кучињата. Од своето лојзе ова го посматрал стариот Дине Цилев. Кога полицајците отишле, тој дошол на местото и го затрупал телото со доволно камења и песок. По ослободувањето на Струмичко, посмртните остатоци на Благој Мучето беа пренесени и повторно погребани во градските гробишта.

На 14 јули 1944 година загина еден од најголемите синови и револуционери на Струмица и Македонија. Затоа неговата револуционерна активност, неговиот лик на херој ќе им служи за патоказ на младите поколенија, како треба да се борат за слободата на својата земја и како треба да ја сакаат татковината.

## 8. ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВРСКИ СО ДРУГИ ПАРТИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Една од големите пречки што ја спречувала работата на партиската организација во Струмица била нејзината изолираност и неповрзаност со другите организации, а и со ЦК на КПМ во периодот на 1943/1944 година. Затоа, Мучето правел големи усилби да се поврзе со соседните партиски организации. Во декември 1943 година, штипјанецот Киро Зенделски, кој се наоѓал во Струмица, добил инструкции од Благој Мучето да замине за Штип, за да ја обнови таму партиската организација. Кога стигнал во Штип, тој најпрвин се поврзал со Јоцо Поп Јорданов и Назим Фируз. Откога работата била обновена во Штип, воспоставена била врска со Струмичката партиска организација, т.е. со Благој Мучето. Како курир за Штип првпат бил испратен Ристо Јанев, а потоа неколку пати — Панде Дрвошански. Понатаму таа врска редовно се одржувала со курири, испраќани од Струмица или од Штип. Кога на 16 март 1944 година во Штип пристигнала Вера Циривири, Струмичката организација преку неа воспоставила врска и со Вера Ацева. Од неа неколкупати биле добиени материјали и директиви за работа. Покасно, куририте од Штип доаѓале до Милан Анѓелски во Куклиш, а овој писмата и материјалите ги предавал во дуќанот на Ѓошо Дончев, кои преку Спиро Захов му биле доставувани на Благој. Врската со Штип,

со еден краток прекин во април, се одржувала сè до јули 1944 година.

Покрај тоа, Струмичката партиска организација, со упорно настојување на Мучето, успеала да воспостави врска со Вера Ацева, во Кавадарци. Овој канал одел преку партиската организација во Валандово. Преку Ѓорѓи Фончев, Мучето го задолжува Гоше Дончев, да пренесе писмо до Валандово и го предаде на Киро Узунов. Треба да се спомне дека Благој уште во декември 1943 година се поврзал, преку Киро Узунов, со Валандово каде што дејствувала група од четири члена. Бил одржан и состанок меѓу Благој и Киро Узунов, над куќата на Спиро Захов. Тогаш Благој му поставува задача за поголемо активирање во Валандово, како и да пронајде човек кој ќе може да однесе и предаде писмо на партиската организација во Кавадарци. Од декември 1943 до јули 1944 година, се одржувале постојани врски со валандовската група, која за својата активност му поднесувала извештај на Благој Мучето. Писмото донесено од Гошето, Киро Узунов го испраќа преку Атанас Митков, од Кавадарци, а работел во рудникот Раброво. На вториот ден по доаѓањето во Кавадарци, Атанас Митков добил одговор, кој преку Киро Узунов и Гоше Дончев од Струмица, стигнал до Благој. По ваков набин Благој Мучето, и преку Валандово, одржувал врски сè до јули 1944 година со Вера Ацева, од која примал материјали и директиви за работата. Во Јануари 1944 година. бил одржан и втор состанок меѓу Киро Узунов и Благој Мучето при што Киро Узунов добил задачи за понатамошна активност на групата во Валандово.

Исто така од Богданци потекнала иницијатива за среќавање меѓу Благој Мучето и Мито Теменугов — Железни. Пред крајот на 1943 година, од Богданци во Струмица дошол Тошо Каркаљашев, барајќи од Ристо Арапов да го запознае со некои другари кои му припаѓале на НОД. Тој го запознал со Ѓорѓи Фончев и Љубе Арапов. Ѓорѓи Фончев за ова го известил Благоја

истиот ден. Преку Ѓорѓи Фончев бил организиран и состанок помеѓу Тошо Каркаљашев и Благој Мучето, во лозјата под Цареви Кули. Тошо се интересирал дали е тоа Благој Мучето, на што не добил потврден одговор. Благој го прашал дали може да го префрли во Богданци, на што овој му одговорил дека е поарно да остане во Струмица, и дека било тешко да се помине на тој терен. На овој состанок бил присутен и Ѓорѓи Фончев. Во март и април 1944 година, преку Ристо Арапов и Ванчо Николчев — Шопо, Тошо Каркаљашев донел неколку писма за Благој од Мито Теменугов, но до состанок меѓу нив не дошло. За воспоставените контакти со Мито Теменугов, Благој Мучето ја известил Вера Циривири во Штип.

Кон крајот на јуни 1944 година воспоставена била врска и со партиската организација во Пехчево. Благој Брзев за овие врски изјавува: „Во месец јуни 1944 година се воспостави пак врска со струмичката организација. Оваа врска се воспостави преку Милан Анѓелски, родум од селото Куклиш. Преку него почнуваат да пристигаат материјали и директиви за работа, ко таа врска е многу краткотрајна, така што овој материјал одвај можеше да ги ориентира луѓето до која фаза е дојдена НОБ во Југославија и во Македонија. Тоа беше кон половината на месец јуни, а во почетокот на јули 1944 година настанува голема провала во Штип, која се проширува на Радовиш и Струмица, а го зафаќа и Малеш". По овие апсења се прекинати сите наведени врски на струмичката партиска организација со другите организации.

До обновување активноста на партиската организација во Струмица доаѓа во првите денови на септември 1944 година.

## 9. ФОРМИРАЊЕ И АКТИВНОСТ НА ОКОЛИСКИОТ КОМИТЕТ

Во првите денови на септември 1944 година, кога Киро Минанов и Ѓорѓи Стоев стигнаа на Пљачковица, по бегството од затворот Идризово, добиваат задача да заминат на струмички терен и покрај останатото да ги опфатат и активираат членовите на Партијата што останале без врски по апсењата од јули истата година. Тие успеале да активираат повеќе членови на Партијата и да ги вклучат во извршување на партиски задачи.

По повлекувањето на нашите единици од Струмица, на 18 септември 1944 година (Струмички партизански одред влезе првпат во Струмица на 11 септември 1944 година), во селото Добрашинци беше формиран првиот Околиски комитет на КП на Македонија за Струмичка околија. Во неговиот состав влегоа бившите политички затвореници што беа избегани од бугарските затвори. Првиот состав на Комитетот го сочинуваа: Глигор Новаков — секретар, Јелка Јанкова, Мара Минанова, Киро Минанов и Ѓорѓи Стоев — Трнката. Како прва задача на Комитетот му беше да се обнови активноста на партиската организација, која за извесно време беше прекината. Најпрвин Комитетот ги собра и ги вклучи во работа членовите на Партијата, дојдени од бугарските затвори и концентрациони логори, потоа оние членови што поради апсењата и прогонувањата беа останале без врски и донесе одлука да се прошири партиската организација со прием на нови членови, од редовите на веќе проверените младинци, и пред сè од редовите на СКОЈ. Втора, исто така. важна задача беше да се формираат нароноослободителни одбори и во оние села во кои дотогаш не беа формирани; да им се даде помош на веќе постојните НО одбори, за поуспешно извршување на задачите итн. Покрај тоа, Околискиот комитет одлучи да се обнови скоевската организација, да се формираат одбори на Народноослободителниот фронт, одбори на Антифашистичкиот фронт на жените, пак со сите села во околијата. За кусо време партиската организација успеа да ги изврши сите овие одлуки и да формира општествено-политички организации во

повеќето села во околијата. Во активноста на партиската организација беа ангажирани голем број членови и активисти од градот и околијата. Нужно е да се спомне дека активистите од селата со голема воодушевеност се зафатија за што побрзото извршување на задачите добиени од партиската организација и вклучување на целото население на еден или друг начин во борбата против окупаторите. По обновувањето на партиската организација беа оформени партиски ќелии во повеќе села во околијата.

Комитетот си постави задача да преземе мерки за прифаќање на новодојдените борци и да го помогне спроведувањето на мобилизацијата. Заедно со градскиот Народноослободителен одбор беше изработен план за мобилизација на осум до десет годишта. Кон крајот на септември во стариот манастир во Вељуса, беше оформена и комисија за спроведување на мобилизацијата. Беа собрани мобилизациските списоци од општините и донесени во Вељуса. Од оние општини во кои мобилизациските документи беа уништени, се користеа црковните списоци. Во градот и по селата позивите за мобилизираните ги делеа членови на Партијата и активистите. Секој ден позивите беа носени во окупираните од Германците места. Исто така беа организирани пунктови за прифаќање на мобилизираните борци. Откако беа формирани команди на местата во Ново Село и Струмица и Команда на подрачјето, мобилизацијата се спроведуваше од нив. Мобилизираните борци беа испраќани од селата Баница и Анѓелци, преку Седларци, Владевци и Сушево — за Нивичино. За кусо време беа мобилизирани голем број воени обврзници и испраќани на определените места. Народот добро се одѕиваше на мобилизацијата. Обид за спречување на мобилизацијата е направен само во Муртино, но тој не успеа. Имено, на 10 октомври 1944 година, во селото дошле група активисти предводени од членот на комитетот Јелка Јанкова. На митингот присуствувале околу 400 души од Муртино и околните

села. По митингот Павле Азманов, познат од порано како човек на Ванчо Михајлов и татко на познатиот полициски агент Славчо Азманов, упаднал со зборовите: „Доста бевме под Срби и Грци. Не признавам нова Југославија, сакаме автономна Македонија". Откако активистите објасниле како изгледа нова Југославија, народот ги прифатил и се сложил со објаснувањата.

На другиот ден Павле Азманов и Гоце Митев, негов истомисленик *(11)), собрале група селани, изјаснувајќи се дека се против мобилизацијата. Овој собир организиран од двајцата михајловисти, немал за цел само да се расправаат со активистите, туку и да ги предадат на германците. Имено, претходно биле известени Германците во Струмица дека во селото има група комунисти и барале тие да дојдат и да ги пофаќаат. Групата била известена од селаните и успеала навреме да се повлече во селото Банско. Кога Германците стигнале, го блокирале селото и откако не ги нашле се упатиле кон Банско, но другарите заминале во други села. Во Банско никој од селаните не им дал податоци дека групата била во селото и каде заминала. За овој непријателски истап во Муртино, во својот извештај од 16 октомври 1944 година, Околискиот комитет, покрај другото известува:

„... Тоа што се случи во Муртинска општина е дело на двајцата — Азманов и Гоце Тие се приврзаници на Ѓузелов — михајловисти. Немаат свои вооружени луѓе. Дигаат глава поради тоа што Германците се близу, кои скоро секој ден минуваат низ тие села за да пљачкаат".

На мобилизацијата не сакаа да се одѕиваат селаните уште од две турски села од Костурска општина — Злешево и Чепели. Тие беа наговорени за тоа од некои реакционерни елементи од турска националност. По упорната работа на сите општествено-политички организации и органи, мобилизација и во овие села беше извршена во декември 1944 година.

Во текот на октомври, додека се вршеа подготовки за формирање на 51 македонска дивизија, кога имаше најголем прилив на нови борци што доброволно или по пат на мобилизација стапуваа во редовите на НОВ, се случи и дезертерство на група мобилизирани од околу 160 души од Широк Дол, во Пљачковица. Дезертерството беше организирано од одделни непријатели на народната власт, кои исто така беа мобилизирани. Тоа стана и поради недоволната будност на одговорните органи кои ги прифаќаа мобилизираните. Со својата подмолна дејност предничел полицискиот агент Кочо Т. Босиљанов, и уште неколкумина, кои успеваат да наговорат група мобилизирани да избегаат. Дел од овие навреме увиделе под чие влијание попаднале, увиделе дека згрешиле и се јавиле на Командата на подрачјето во Трибичино, од каде што беа вратени во своите единици. Друг дел биле вратени од патролите на Четвртата бригада, а поединци по неколку дена се вратиле во селото Варварица, каде што се преместила Командата на подрачјето. Преостанатите беа собрани по наредба на Командата на струмичкото воено подрачје на 6 ноември 1944 година. Организаторите на дезертерството беа осудени од судот на 51 дивизија и — стрелани.

Околискиот комитет, во периодот од септември до ноември 1944 година, постигна големи резултати. Покрај обновувањето на партиската организација и организацијата на СКОЈ, се прошири со прием на нови членови, создаде и ги активира во повеќето села од околијата општествено-политичките организации, даде значителна помош на органите на народната власт и создаде можности за натамошна активност во обновувањето и изградбата на нашата земја по ослободувањето на Струмичка околија.

# Г Л А В А III

## МАСОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ОРГАНИТЕ НА БОРБАТА ВО СТРУМИЧКО

### 1. СОЗДАВАЊЕ ОДБОРИ НА НАРОДНА ПОМОШ, АКТИВИ НА ЖЕНИ И ВОЕНИ КОМИТЕТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1941—1944 ГОДИНА

Партиската организација во Струмица за поуспешно организирање на народот за отпор против окупаторот, и за постигање поголеми резултати во работата, во периодот од 1941—1944 година, формира повеќе органи на борбата преку кои ги спроведуваше своите задачи. Така, формирани се одбори за собирање на народна помош, воени комитети, одбори на Антифашистичкиот фронт на жените, издавани се средства за информации како и спроведувана е одредена активност за зголемување влијанието на партиската организација во селата.

Иако една од важните и постојани задачи на партиската организација во текот на 1941 година, беше собирање на народна помош, одбор за собирање на народна помош при Месниот комитет во Струмица, до пред крајот на 1941 година, не беше формиран. Членовите на Партијата и СКОЈ во тој период собираа народна помош од свои симпатизери и познати и на секој состанок на ќелиите тие поднесуваа извештај за собраната народна помош што ја предаваа на секретарите на ќелиите. Пред Месниот комитет одговорен за собирање народна помош, до ноември 1941 година, бил Благој Мучето. Во ноември е формиран при

Месниот комитет Струмица првиот одбор за народна помош, Одборот го сочинуваа: Марика Ѓорѓиева, Љуба Новакова, Махе Минанова, Љамо Цатев и Славчо Чинков. Од неговото формирање, па сè до јули 1942 година, овој одбор раководи со акциите за собирање на народна помош, кога се постигнати и позабележителни резултати. Покрај тоа што народна помош се собираше од градот и селата, од голем број граѓани, највидни резултати се постигнати во Монополот, каде што се опфатени најголем број помагачи, а и поголемиот дел од членовите на одборот за собирање на народна помош се монополски работници.

Собраните средства од народната помош се трошеа за одржување врски со ПК и со партиските организации во соседните места, за издржување на илегалци, за набавка на материјали, за печатење и умножување на партиски материјали, а дел од помошта се испраќаше на Покраински комитет.

Од јули 1942 година, до ослободувањето на Струмичко, иако членовите на Партијата и активистите продолжуваат со собирање на народна помош и во тој поглед постигнуваат видни резултати, одборот за народна помош не е обновен по апсењето на неговите членови на 5 јули 1942 година. Таков одбор беше формиран дури по формирањето на Околиски комитет на КПМ во Струмица, кој опфаќа голем број лица од градот и селата и постигнува видни резултати.

Уште од мај 1941 година, со доаѓањето на Страшо Пинџур, во Струмица се отпочнува со собирање оружје и се вршат подготовки за водење на вооружена борба против бугарските окупатори. Воен комитет при МК на Струмица не постои сè до почетокот на септември 1941 година, т.е. до доаѓањето во Струмица на Мирче Ацев. Тогаш е формиран првиот Воен комитет, чија задача беше непосредно да раководи со акциите за прибирање на оружје, и со сите други подготовки за формирање и исфрлање на партизански одред на терен. Воениот

комитет го сочинуваат: Киро Минанов, Иван Палифров од село Просениково и Ванчо Фончев.

Воениот комитет раководеше со акциите и подготовките за создавање на партизански одред во октомври 1941 година. Поради неискуство, тој им верувал на поединци што изјавувале дека располагаат со оружје и други материјали, но не отишол лично да провери дали вистински располагаат со оружје или не.

При повторното доаѓање на Мирче Ацев во Струмица, кон крајот на септември 1941 година, на состанокот на Воениот комитет, беа разгледани сите конкретни можности за поведување вооружена борба. Констатирано е дека во Струмица постојат услови за создавање на партизански одред. Станало збор и за оружјето и за другите материјали со кои се располагало. Посебно било третирано прашањето за врските со селата и констатирано е дека такви постојат со Просениково, Штука, Дрвош и некои други. На овој состанок бил поднесен извештај дека Воениот комитет располага со 11 пушки, 4 пиштоли и 12 рачни бомби. Тогаш било одлучено оружјето да се прибере на едно место, за полесно да му биде достапно на одредот. Но тоа веднаш не е сторено. Така, на 11 октомври

1941 година, кога одредот требало да се формира, установено е дека се располага на лице само со една пушка, два пиштола и дванаесет бомби. Тоа беше еден од најголемите пропусти на Воениот комитет и партиската организација во Струмица. Главно поради немање на оружје, беше одложено формирањето на партизанскиот одред на тој ден.

Кон крајот на ноември истата година, кога е извршена реорганизација на партиската организација во Струмица и избран нов Месен комитет, расформиран е и дотогашниот Воен комитет и формиран нов кој го сочинуваат: Благој Јанков — Мучето, Ѓерас Цунев и Ѓорѓи Стоев. Овој Комитет дејствува до јуни

1942 година, и главно раководи со акциите за прибирање на оружје.

Во јуни 1942 година, по доаѓањето на Панче Пешев во Струмица, покрај извршената организација во партиската организација, извршена е реорганизација и на Воениот комитет, кој го сочинуваа: Герас Цунев, Иван Палифров и Панчев Пешев. Овој Комитет со помошта на Панче Пешев, презема низа мерки за поопстојни подготовки за создавање на партизански одред. Собрана е прилична количина оружје што била дадена на чување на Борис Цунев, набавени се извесна количина облека и храна, одредено е заедно со МК кои другари треба да влезат во прво време во одредот при евентуалното негово формирање, воспоставени се врски со неколку полски села и под планината Огражден, набавени се воено-топографски карти и друго. Меѓутоа, поради апсењата, извршени на 5 јули 1942 година, активноста на овој Комитет е прекината.

Пролетта 1943 година, кога повторно се вршат подготовки за создавање на партизански одред во Струмичко, формирана е воена комисија при МК Струмица со која раководи Душан Бошковски. Оружјето останато по апсењата од јули 1942 година кај Борис Цунев оваа комисија не го открила, и отпочнала одново да бара и прибира оружје. Меѓутоа, активноста на оваа комисија е краткотрајна, бидејќи наскоро (во мај 1943 година), бугарските окупатори вршат нови масовни апсења, кога паѓаат во затвор сите членови на оваа комисија, а со тоа се прекинува и нивната натамошна активност.

Со обновувањето активноста на партиската организација, од Благој Мучето есента 1943 година, и покрај тоа што се правени на двапати обиди за исфрлање партизански одред, не дошло до формирање на воен комитет, туку со подготовките околу создавање на одред и прибирање на оружје, раководел Благој Мучето, преку одделни членови на Партијата.

Карактеристично е за овие воени комитети, младост и недоволно искуство во нивната работа, та поради тоа

тие и не можеле и да постигнат позабележителни резултати.

Во Народноослободителната борба против германо-бугарските окупатори зедоа учество и голем број жени од Струмичко. За да се зголеми активноста на жените и за да се вклучат поголем број жени во таа борба, Месниот комитет на Партијата во Струмица во јуни 1941 година, одлучил да се формира Градско поверенство на Антифашистичкиот фронт на жените. Најпрвин е формиран актив на жени со кој раководела Ташка Србинова, а покрај неа во активот се Марика Ѓорѓиева и Јелка Јанкова. Покасно активот се проширил и прераснал во Поверенство. Главни форми на работа беа читачки групи и конференции со групи од жени. Конференциите се одржувани секоја седмица, зборувано е за актуелната политичка ситуација и за развитокот на Народноослободителната борба во Југославија. Се смета дека во оваа форма на масовна работа биле опфатени околу 100 жени. Активот на жените, исто така, прибира народна помош, изнаоѓа станови за илегалците и за одржување состаноци на партиската организација, учествува во демонстрациите и друго. Во работата со жените партиската организација постигна забележителни резултати. Работата со нив беше олеснета и со тоа што 80% од работниците од Монополот беа жени. Експлоатацијата, ниските надници, безработицата, отпуштањето од работа од Монополот, богатење на месните шпекуланти — заедно со придојдените управувачи, купонската система и друго, придонесоа партиската организација успешно да ги вклучи овие маси во борба за подобрување на економските и други услови во кои работеа и живееја работниците. Посебна активност во тие акции покажаа жените. Тие учествуваа масовно во демонстрациите и секојдневните акции против скапотијата, бараа од бугарските власти да ги намалат цените и да го подобрат снабдувањето на градот. Ова Поверенство делува до јули 1942 година.

Во декември 1942 година, бил одржан состанок меѓу Душан Бошковски и Љуба Новакова, која беше апсена во јули истата година и пуштена од затвор.

Се поставило прашањето, дали повторно сака да се вклучи во активноста на Партиската организација, на што таа се согласила. По неколку дена Љуба Новакова добила задача да формира актив на жени. Набележени биле и неколку жени што требало веднаш да бидат опфатени во активот. Повеќето од нив биле и порано организирани и апсени. При поединечните состаноци поголемиот дел од овие дале согласност. Од Монополот биле опфатени две другарки. Овие организирани жени се состанувале поединечно, поднесувајќи извештај и добивајќи задачи за натамошната работа. Тие имале, главно, задача да собираат народна помош: Во почетокот на мај 1943 година, биле опфатени 5—6 жени и некои од нив изразиле желба да стапат во партизански одред, на чие формирање се работело.

Овој актив работи кусо време, само неколку месеци и не можел да постигне позабележителни резултати. Апсењата од мај 1943 година ја прекинуваат работата на активот.

Кратко време по доаѓањето на Благој Мучето во Струмица. есента 1943 година, во движењето се активира Марика Тренчева —Захова, која извесно време служела како врска, пренесувајќи писма до членовите на Партијата и активистите во градот. Потоа таа добила од Благоја и задача да прибере околу себе група жени, симпатизери на НОБ, и да формира одбор на Антифашистичкиот фронт на жените. Во мај 1944 година бил формиран таков одбор составен од три, жени. За својата активност тие добивале задачи и му поднесувале извештај на Благој. Овој одбор растура материјали, добивани преку Штип и Кавадарци. Меѓу другите материјали била добиена и една статија, печатена во весникот „Пролетер", од Митра Митровиќ. Одборот собирал народна помош, одржувал конференции, пред сè  со монополски работнички. Во

март била одржана и конференција на која биле присутни 11 жени. На оваа, како и на другите конференции одржани покасно, се објаснувала суштината на борбата на народите на Југославија, борбата против бугарските окупатори и нивните помагачи, а под водство на КПЈ, се зборувало за поробувачката и денационализаторската политика на Бугарите и за потребата од вклучување на што поголем број жени во: вооружената борба.

## 2. СОЗДАВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 1944 ГОДИНА

Покрај создадените крупни воени единици на територијата на Источна Македонија во. 1944 година, од кој некои во септември од составот на 50-та дивизија дејствуваат на територијата на Струмичка околија, создадени беа во септември, скоро во сите села во Струмичка околија. Создадените до тогаш органи за борба лицето на Народноослободителните одбори. Околискиот комитет на КПМ — Струмица, веднаш по своето формирање во селото Добрашинци, во септември 1944 година, одлучи интензивно да се пристапи кон создавање на општествено-политички организации во Струмица во градот и околијата, по апсењата извршени од бугарските окупатори на 12 јули 1944 година, привремено ја беа прекинале својата активност, Околискиот комитет за остварување на својата одлука оформи пет групи од по 5—6. члена за секоја општина, членови на Партијата и СКОЈ. На чело на секоја група се наоѓаше по еден член на Околискиот комитет на КПМ. Кон групите беа доделени одговорни лица за организација на Народноослободителниот фронт, Антифашистичкиот фронт На жените и Младинската организација. Исто така беше формирана и група; одговорна по сите овие сектори, што работеше во

градот. Работата на овие групи беше олеснета со тоа што целата Струмичка околија претставуваше слободна територија, иако градот и некои села што се наоѓаа на комуникациите кои што водат од Струмица кон Радовиш, Валандово и Ново Село, беа сè уште окупирани од Германците.

Овие групи, од септември па до 5 ноември 1944 година, до ослободувањето на Струмичко, наполно ја извршија задачата од Комитетот. Општествено-политички организации по селата се бираа на јавни собири и митинзи, на кои во одборите на овие организации населението ги предлагаше лицата за кои сметаа дека ќе ги исполнат одговорните задачи што стоеја пред нив. Со голема радост и масовно пристапуваа жените од селата во АФЖ. Тоа беше и разбирливо, бидејќи по многувековно ропство, секогаш обесправувани, на жените од Македонија по првпат им се даваше можност активно да учествуваат во општественополитичкиот живот, рамноправно со мажите. Тие веднаш отпочнале да собираат храна и облека за Народноослободителната војска, да ги помагаат партиските организации во селата како и органите на Народната власт.

Исто така овие групи и Комитетот можеа за кусо време да ги извршат задачите, благодарејќи на огромната поддршка на народот од селата и градот. Создавањето на општествено-политичките организации, создаде услови партиската и другите организации да развијат широка општествена-политичка и пропагандна активност во Струмичко. Најмасовно беше учеството на народот во Народноослободителниот фронт. Скоро целото население од овој крај беше зачленето во организациите на НОФ и активно зеде учество во создавањето и зајакнувањето на органите на Народната власт и снабдувањето на нашата НОВ.

Покрај организациите на СКОЈ во околијата, во тој период се пристапи кон создавање и на организациите на Народноослободителниот младински сојуз на

Македонија. Поголемиот дел од младината кои не беа вклучени во составот на Народноослободителната војска, се вклучи во организацијата на НОМСМ и активноста на младинците беше видлива. Младинците, покрај помошта што ја даваа на органите на народната власт и другите општествено-политички организации, развија широка политичка и образовна дејност во околијата. Покрај тоа ги помагаа и семејствата со работни акции, чии членови се наоѓаа како војници во составот на НОВ.

Накусо речено, од формирањето на Околискиот комитет на Струмичка околија до 5 ноември 1944 година, во Струмичко скоро во сите села беа создадени општествено-политички организации, народот со голем елан и ентузијазам се зафати за создавање на овие организации, затоа што тие беа негови. Тој факт многу придонесе по ослободувањето на Струмица и околијата да се помине кон обновувањето на нашето стопанство и продолжување на борбата со поголем успех до конечното ослободување на нашата земја.

## 3. СРЕДСТВА ЗА ИНФОРМАЦИИ

Со проширувањето активноста на партиската организација во Струмица, а со цел да се постигнат подобри резултати во борбата со бугарските окупатори, за навремено известување на народот за настаните во земјата и светот, се наложи потреба за создавање на партиска печатница, или како тогаш се викаше партиска техника. Но, партиската организација немаше ни искуство, ни средства за остварување на задачите што се наметнуваа. Во текот на 1941 година, и дел од 1942 година, само се размножуваа добиените материјали.

Првата машина за пишување ја набавил Јосиф Јосифовски, во есента 1941 година, и тоа преку Милан Трајков од Радовиш. Потоа е набавена уште една

машина, но обете беа неисправни. Дотогаш неколку другари размножуваа материјали рачно, со печатни букви. По таков начин Глигор Новаков и Кочо Цветинов неколкупати размножуваа летоци и други материјали. Некои материјали беа умножувани во канцеларијата на комесарството за снабдување во кое работеше Ката Поцкова, откако беше отпуштена од работа од Монополот. По овој начин беа умножувани вести од радио-станиците „Москва", и „Слободна Југославија". Умножуваните вести го добија насловот , Информации" и се делеа во градот и селата меѓу симпатизерите на народноослободителното движење. Подготовките за создавањето партиска печатница се засилија во месеците мај и јуни 1942 година, а посебно откога во Струмица дојде Панче Пешев, кој имаше достатно искуство во организацијата и работењето со техниката. Едната машина беше оспособена и бил набавен шапилограф, хартија, индиго и друг материјал. Куќата на Спиро Захов била одредена за работа на техниката. Таа се наоѓа на периферијата на градот и сите домашни на Захов беа вклучени во отпорот, поради што постоела минимална опасност да биде откриена. Во средината на јуни, техниката почна редовно да работи. Пред Месниот комитет одговорен за работата на техниката беше Глигор Новаков. Додека се работело, синовите на Спиро Захов држеле стража во случај да дојде полиција или агенти. Глигор Новаков и Кочо Цветинов доаѓале рано наутро, а ја напуштале работата навечер. Било направено и засолниште во кое материјалите биле криени, што овозможи и покрај неколку претреси тие да останат неоткриени. Пишувањето на машина го вршел Кочо Цветинов, додека текстовите ги составувал и диктирал Панче Пешев. Глигор Новаков бил задолжен за набавка на материјали и помагал при умножувањето. Во ова време се изработени материјалите: „Упатство за членството на Партијата за држење пред класниот непријател", „Упатство на партиските организации за развивање на пропагандна дејност", „Извештај за

состојбата, развојот и успесите на партиската организација", како и еден леток во 200 примероци што беше поделен меѓу селаните на 4 јули 1942 година. Партиската техника работеше сѐ до 5 јули 1942 година, кога поголемиот дел од партиското членство беа уапсени. а некои минаа во илегалство.

Партиската печатница повторно отпочна да работи во јануари 1943 година, кога Месниот комитет набавил една машина за пишување. Душан Бошковски позајмил уште една машина од некој свој пријател, со цел да издадат билтен. Тие ги барале гештетнерот к другите материјали, со кои партиската организација порано се служела, но не успеале да ги пронајдат, бидејќи Кочо Цветинов кој работеше На печатење и умножување на материјали бил во интернација. Исто така не знаеле дека тие материјали се наоѓаат кај Спиро Захов. Материјали за печатење се набавувало од средствата на народната помош. Биле издадени два билтена. Во нив се печатени статии за меѓународната положба, за борбата на партизанските единици во Србија и Македонија, еден повик до населението за помагање на НОБ и друго. Во една статија е изнесена предавничката улога на Димитар Ѓузелов како експонент на бугарската поробувачка политика во Македонија и соработник на окупаторот.

Издавањето на билтенот требало да  парира на бугарската пропаганда. Постоела ориентација, да се печатат материјали за популаризацијата на НОБ. под водство на КПЈ и Тито, вести од фронтовите, емитувани преку радио Москва, радио „Слободна Југославија" и другите радио станици, а потоа и материјали за успесите на НОВ и партизанските одреди во Југославија, како и во Македонија. Билтенот не бил делен на поширок круг луѓе, туку само на членовите на Партијата, на воспитните групи и на оние што биле поврзани со нив. Истите имале обврска, по проучување на билтенот, да го вратат назад од кого што го добиле, да не би паднал во рацете на полицијата. Во пролетта 1943 година,

направен е обид да се откупи рачната печатница на Петре Поп Димитров, но тој одбил да ја продаде.

Билтените биле печатени во 10—15 примероци. Билтенот престанал да излегува поради недостиг на средства за материјали, а по одењето на Аџи Митревски од Струмица тоа и не било можно.

Во периодот од 1943 до 1944 година, во Струмица не постои партиска печатница. Во текот на 1944 година, до апсењата во јули се добивале материјали преку Штип и Кавадарци, потребни во работата и за популаризирање на НОБ. Овие материјали служат за поуспешна активност на членовите на Партијата и на другите активисти. Дел од овие материјали биле умножувани на машина во канцеларијата на кметското намесништво во Куклиш, од Марика Василева. Покрај другите материјали тука биле умножени и брошурите: „Стратегија и тактика", „За народноослободителните одбори" и други.

Широкиот размав на народноослободителното движење во струмичкиот крај во 1944 година, укажа на потребата од различно информирање на населението за политичките настани во земјата и светот како и од настаните на фронтовите но нашата земја и Европа, како во ослободените места така и на окупираните населби од Германците. За таа цел, а по одлука на Околискиот комитет на КПМ Струмица, беше обновена работата околу печатење на партиски материјали. Откако беа набавени радио апарат, машина за пишување и други материјали, веднаш се отпочна со издавањето на дневни билтени (вести) што беа растурани на терен. Како основен изворен материјал служеа вестите добиени преку радио станиците „Москва", „Слободна Југославија" и други. Издавањето на овие дневни билтени беше примено со одушевување од народот, а посебно од материјалите изнесени за успесите на нашата Народноослободителна војска во Југославија, за успесите на Црвената армија на Источниот фронт, како и на сојузничките војски на запад.

Покрај издавањето на билтените, печатницата се занимаваше со умножување и на други партиски материјали како писма, прогласи и извештаи за политичката и воена положба на теренот, за извршените акции на нашите единици што дејствуваа на територијата на Струмичка околија како и материјали добивани од повисоките партиски форуми. Исто така, тука се пишувани и покани до воените обврзници, бидејќи тогаш по наредба од Главниот штаб на НОБ и ПОЈ за Македонија, отпочна да се врши мобилизација.

Во прво време печатницата беше сместена и работеше во просториите на манастирот во село Вељуса. Покасно поради зачестените судири со германските единици, поради поголема безбедност, печатницата беше пренесена во една колиба на планината Еленица, над село Вељуса, каде што остана до ослободувањето на Струмица.

Пред Околискиот комитет одговорен за работата на печатницата беше Киро Минанов, со печатењето ракуваше Кочо Цветинов, кој и порано ја вршеше таа должност.

Иако со скромни средства, печатницата работеше редовно, билтените се издаваа секидневно, со успех се изврши задачата добиена од Комитетот.

## 4. НАПОРИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ОРГАНИ НА БОРБА ВО СЕЛАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1941—1944 ГОДИНА

Струмичката партиска организација, во текот на 1941 година, во градот постигна добри резултати и разви жива политичка активност. Но, активноста во селата не задоволуваше, не затоа што во селата немаше услови и луѓе спремни да се вклучат во НОД, туку поради неопитност на партиската организација за работа на село. По формирањето на Месен комитет на Партијата, во мај 1941 година, еден член на Комитетот бил

задолжен за работа во селата, но не е формирана комисија при Комитетот за работа на село, туку оваа работа му е препуштена само на овој член на Комитетот, поради што несистематски се приоѓаше на оваа работа. Овој свој недостаток Месниот комитет го согледал летото 1941 година, и на еден од своите состаноци одлучил да се продолжи со праксата од пред војната, кога партиската организација организираше излети по селата во околијата, со подготвени програми и со истапување со реферати со политичка содржина. Така, во летото 1941 година, се организирани повеќе излети во околните села, на кои селаните се запознавани со актуелните политички проблеми и со борбата на југословенските народи како и со ситуацијата на другите фронтови. Покрај тоа, за да го прошири влијанието во селата партиската организација секој член на Партијата и СКОЈ, добиле задача, најмалку еднаш седмично да посетуваат одделни села, да одржуваат групни и поединечни разговори со познати селани и блиски, преку кои разговори ќе го разобличуваат окупаторот и пронаоѓаат луѓе за вклучување во активноста на НОД. Во тој период партиската организација успеа да придобие одделни селани за Народноослободителното движење во селата Просениково, Дрвош. Штука, Куклиш и други. Тогаш се примени и првите членови на Партијата од околијата во селата Просениково и Штука. Покрај тоа, Партијата се здоби со низа симпатизери во повеќе села. При подготовките за исфрлање на партизански одред во октомври 1941 година, во прв ред се сметаше на помошта од овие организирани селани. Пошироко продирање во околијата во 1941 година, партиската организација не успеа да направи, како што веќе се рече поради неопитност на партиското членство и силниот терор на бугарските окупатори. По апсењата од јули

1942 година, се прекинуваат привремено и овие врски со селата.

Со обновувањето на активноста на партиската организација во Струмица, есента 1942 година, и

формирањето на нов Месен комитет, исто така не постоела комисија за работа на село, иако и овој Комитет развива одредена активност во околијата. Бидејќи новиот состав на Комитетот не ги познавал организираните луѓе од спомнатите села, тој се ориентира на други села и други лица. Така, преку Милчо Шеќерџиев во селото Вељуса е создадена, во почетокот на 1943 година, симпатизерска група од двајца учители и двајца земјоделци. Освен во селото Вељуса, воспоставени се врски со група симпатизери во Трибичино и Нивичино. За член на воспитна група е примен преку Боро Цони и попот од селото Босилово, Ристо Гавровски, кој изразил готовност да се вклучи во НО движење и дека може да спроведува некои директиви во селото. Биле примени за членови на воспитна група и браќата Благој и Томе Шарламанови, кои имале своја воденица во Водоча. Тие обајцата добиле задача да агитираат меѓу селаните да го сокриваат житото и не го предаваат на откупните станици на бугарските окупатори. Овој Комитет на неколкупати прави обиди да се поврзе со селото Куклиш и да вклучат во активност одделни селани, но не постигнале поголеми резултати. Исто така со апсењата извршени во мај 1943 година, дел од овие организирани поврзани со НОД селани, паѓаат во затвор и со тоа за некое време се прекинува нивната натамошна активност.

Кога во септември 1943 година, се враќа во Струмица Благој Мучето и ја обновува активноста на партиската организација, се прават усилби да се опфатат поголем број селани во НОД. Преку Милан Анѓелски и Панде Дрвошански, се продира во селата Куклиш и Моноспитово, во кои постојат група селани кои го помагаат активно НОД. Во овие села се делат илегални материјали, се собира народна помош, а некои од овие симпатизери изјавуваат и желба да стапат во партизани, до колку дојде до формирање на партизански одред, на овој терен. Во овие села се формирани и

првите народноослободителни одбори во Струмичка околија.

Во периодот од 1941—1944 година, партиската организација, прави усилби да создаде поширока база за работа во селата, но не успева да постигне поголеми резултати, иако постоеја мошне добри услови за тоа. Причините за тоа се неопитноста и недоволната снаодливост на членовите на Партијата, кои беа млади, а за тоа најмногу придонесоа честите апсења коишто привремено ја прекинуваа активноста на партиската организација.

Масовно продирање во селото се направи на територијата на Струмичка околија летото, а особено од септември 1944 година, кога на територијата на Струмичка околија дејствуваа вооружени формации од Народноослободителната војска и по формирањето на Околискиот комитет. Тогаш, за многу кусо време, партиската организација успеа да ги искористи сите можности и сили на селаните и да ги вклучи во политичка активност селските маси преку општественополитичките организации, коишто до ноември истата година беа создадени во сите села од околијата. Поголемиот дел од селската како и градската младина беа вклучени во редовите на НОВ. Тие учествуваа во борбите за конечното ослободување на нашата земја.

## ГЛАВА IV

## ОТПОР ПРОТИВ ОКУПАТОРОТ ВО СТРУМИЦА

## 1. ЧИТАЛИШТЕТО „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

Периодот од 1941—1944 година е исполнет со постојан отпор против окупаторите во разни периоди и низ разни форми. Ќе се обидеме да ги изнесеме најкарактеристичните акции на отпор во спомнатиот период.

Во првата половина на мај 1941 година, по иницијатива на окупаторските просветни власти, во Струмица беше формирано читалиштето „Гоце Делчев". Месниот комитет, сакајќи да го осигури влијанието во него, им даде директива на своите членови и симпатизери да се вклучат во неговата работа. И веднаш потоа, изби судрување меѓу фашистичко-бугарофилските елементи и членовите на КПЈ околу изборот на лицата во управата. Надојдените окупаторски власти и нивните домашни помагачи и во овој случај претрпеа пораз. Во управата на читалиштето „Гоце Делчев" беа избрани комунисти и нивни симпатизери — Томе Саздов, Христо Христоманов-Ичката, Ристо Стамболиев и други. По ова, читалиштето стана место низ кое патриотската организација спроведуваше свое влијание и активност, користејќи го како легална форма за работа. Наскоро беше набавена бројна напредна литература. Преку читалиштето се организираа излети, состаноци, приредби и слично. Посебно треба да се одбележи дека уште во јуни 1941 година, беше дадена приредба со добро подготвена, прогресивна програма. Салата на Монополот тогаш беше масовно посетена. Низ овие форми на работа, беше опфатен голем дел од младината во Струмица.

Кон крајот на јуни, на едно од собранијата на читалиштето, окупаторската власт и нејзините месни слуги се обидоа да ја сменат управата и да изберат свои луѓе за нејзини членови. Откога тоа го виде Месниот

партиски комитет донесе одлука да се настојува да остане дотогашната управа, или ако во тоа не се успее, тогаш во неа да се изберат пак членови на КПЈ и лица што беа нејзини симпатизери. На ова собрание помошник кметот на Струмичката општина, Томо Иванов, отворено се закануваше со овие зборови: „Ние знаеме по кој пат одеше досегашната управа на Читалиштето и затоа нема да дозволиме веќе вие да формирате управа". Следејќи ја својата решеност, бугарската власт насила ја суспендира управата на Читалиштето. Меѓутоа присутните граѓани-членови на Партијата, на СКОЈ и нивните симпатизери не допуштија да се формира управа од Бугари и профашистички елементи. И кога не успеаја да изберат управа што да им одговара, власта ја забрани работата на Читалиштето, а полицијата ја заплени Библиотеката.

Партиската организација постави пред своите членови да се вклучат во работата на сите културно-просветни и спортски друштва, каде што имаше можност да се влијае врз младината и да се придобијат за ослободителното движење, Неколкумина од младите членови на Партијата и СКОЈ се зачленија во спортските друштва „Беласица" и „Македонија", а поголемиот дел се вклучи во работата на „Младинскиот туристички сојуз" во кое Друштво членуваа многу младинци. Комунистите развија жива активност во ова Друштво. Особено се користеа излетите во природата, што Друштвото ги организираше секоја недела. Во непосредни разговори се настојуваше да се придобијат нови привrзаници на движењето. На овие излети, комунистите често истапуваа со свои излагања, со разни забавни точки во кои се исмејуваше окупаторот, со вести од фронтовите и друго. Но и ваквата активност не остана незабележена од окупаторската власт. Во втората половина на јануари 1942 година, Управата на Туристичкиот сојуз, во присуство на агентот Славчо Азманов и неговиот соработник Мирчо Лазаров, донесе одлука сите „сомнителни" лица да се исклучат од Друштвото. Во ова

Друштво значителна улога и влијание имаше Ефтим Бојчев, познат соработник на окупаторот, кој покасно стана околиски управител и обласен поддиректор. Потоа уследи објавување на список на исклучените, на огласните табли во центарот на градот. Беа исклучени 19 души и тоа членови на Партијата, на СКОЈ и симпатизери. Потоа, Туристичкиот сојуз го приклучија кон „Бранник", како негов колективен член. Тогаш Месниот комитет донесе одлука да се бојкотира Туристичкото друштво, по што него го напуштија напредните младинци кои дотогаш не беа исклучени.

## 2. МАНИФЕСТАЦИЈА ПРЕТВОРЕНА ВО ДЕМОНСТРАЦИЈА

На 18 мај 1941 година, месните комитети на Партијата и на СКОЈ во Струмица организираа излет во месноста „Свети Илија", над градот. Излетот беше добро подготвен и масовно посетен. Покрај комунистите и скоевците, во излетот зедоа учество околу 150—200 младинци-симпатизери и други напредни луѓе. Излетот, како и дотогашните излети, почна со пеење револуционерни песни и веселба. Членот на Месниот комитет на СКОЈ, Ристо Стамболиев, реферираше за политичката и економската положба. По неговото излагање, се разви дискусија во која учествуваа повеќемина присутни. Со жив интерес беше проследена дискусијата на Благој Мучето, кој опширно ја објасни положбата во Југославија по извршената фашистичка окупација и задачите на работничката класа и младината во оваа ситуација. Посебно ја образложи потребата од тоа македонскиот народ поинтензивно да ја продолжи борбата против новите поробувачи, фашистичките сили, сè до конечното ослободување.

Благој Мучето ги запозна присутните дека бугарската власт и бугарската црква се подготвуваат да

го пренесат таканаречениот „свештен огин", од Велико Трново, каде што биле крунисувани некои од средновековните бугарски цареви, во Охрид. Патот на „свештениот огин" водел прво низ Струмица каде што започнале подготовки за изведување на масовни пропагандни свечености, со учество на највисоки државни, воени и црковни функционери. Тој посебно истакна дека на овие свечености окупаторите им придаваат голема важност. Тоа дотолку повеќе што свеченостите при влегувањето на бугарската војска во Струмица не успеаја, та бугарските власти и профашистичките елементи од градот одлучија, да го надополнат изгубеното и да не го испуштат случајот да го манифестираат „приклучувањето" на „новите земи" кон Бугарија. Тие се ангажираа тоа да го изведат „најтржествено".

Партиската организација реши, по секој начин, свеченостите да ги спречи. Комитетот одлучи, манифестациите да се претворат во демонстрација против бугарските окупатори. Со ваква цел беше организиран и овој излет во „Свети Илија".

И додека окупаторите, спроведувајќи ја својата замисла вршеа подготовки, партиската организација исто така се подготвуваше. Ги подготвуваше работниците и народот, не за прослава, ами за демонстрации.

Меѓутоа, за оваа акција на партиската организација, бугарската полиција веројатно наслутувала, па за да спречи какви и да е истапи, на 9 мај, околискиот управител и полицискиот началник, повикаа неколкумина членови на Партијата и на СКОЈ во Околиската управа, заканувајќи им се со претепувања, затвор и стрелања, до колку се изведе акцијата. Повиканите ги отпуштија по неколку часовно држење, убедени дека нема ништо да се случи. Но застрашувањата не ги спречија комунистите и скоевците. Тие си поставија задача на 21 мај попладне, да доведат што поголем број свои симпатизери и блиски

на местото каде што требаше да се изведат свеченостите, за да учествуваат во демонстрациите. Исто така, партиската ќелија во Монополот, доби задача да ги изведе работниците на демонстрации, иако беше работен ден.

И, во моментот, кога на плоштадот во Струмица пристигна колона од автомобили и кога отпочнаа „свечените" говори на окупаторите, комунистите, скоевците, монополските работници и многумина напредни граѓани и симпатизери, отпочнаа со извикување на паролите: „Сакаме работа", „Сакаме леб", „Смрт на шпионите" и други. Маса народ собран на плоштадот ги прифати паролите на комунистите. Наместо свечености, отпочна гонење на демонстрантите, настојувајќи по секоја цена да ги растурат нив, во што сепак не се успеа. Бугарските „великодостојници" останаа скоро сосема сами и побрзаа да се одвезат во црквата, придружени од мал број пробугарски елементи и михајловисти. Не памогна ни апсењето на неколкумина комунисти. Во растурањето на демонстрантите учествуваше бугарската војска и полиција.

По апсењето на неколку демонстранти Месниот комитет на Партијата, на самото место одржа краток состанок и одлучи да се поведе нова акција, да се продолжат демонстрациите, сè додека не бидат ослободени затворените. И сега на акцијата ѝ се придружија многу граѓани, а една група, заедно со родителите на затворените се јавија кај командантот на Струмичкиот гарнизон, со барање, тие да бидат веднаш ослободени. Под притисокот на масите, окупаторите мораа да ги ослободат уапсените околу 11 часот навечер.

Околискиот управител, со застрашувања настојувал да дознае кои биле организатори на демонстрациите. Се заканувал дека затворените што му беа в раце ќе ги стрела. Тој им викал: „Ние знаеме кој сте вие. Вие сте комунисти. Ние уште при дочекот, при влегувањето на нашата Армија, разбравме за постоењето на таа група. Ние мораме да дознаеме кои ја сочинуваат оваа група и

кој ве раководи, кој ве тера да правите вакви истапи"*(12)).

Утредента по демонстрациите, на 22 мај, во Монополот дошол полковникот Димов со група полицајци и бугарски службеници. По извршениот прозив на работниците, биле затворени сите врати на Монополот, биле поставени на погодни места митралези и работниците беа присилени да присуствуваат на митинг на кој како прв говорник се јавува директорот на Монополот. Тој со највулгарни Зборови им се обратил на работниците, заканувајќи се дека ќе ги отпушти од работа, а посебно се нафрлил на комунистите, наречувајќи ги „црвени ѓаволи" и „бунтовници" што сакаат да ги искористат работниците за свои лични интереси, изјавувајќи дека сè додека се тие во Монополот нема да има мир. Работниците одвај чекаа да се ослободат од оваа тортура, бидејќи директорот им беше омрзнат.

Говорот на полковник Димов, исто така, се состоеше од закани и застрашувања. „Власта има свои средства да ги скроти сите непријателски елементи што сакаат да го нарушат поредокот и мирот на населението" *(13)). Полковникот пропушти само една „ситница". „Заборави" дека тоа исто население, за чиј заштитник сакаше да се прикаже, само еден ден порано масовно учествуваше во демонстрациите, дигајќи глас против таквиот „поредок" каков што му носеа тој и бугарските окупатори.

Околискиот управител, Г. Иванов, во поднесениот извештај до своите наредбодавци — Министерството за внатрешни работи во Софија, и до обласниот директор во Скопје, на свој начин ја прикажува демонстрацијата во Струмица. Во извештајот тој вели: „По пречекот на „свештениот огин" на 21 маја о.г. толпа младинци и девојки се собраа пред Општинскиот дом и во присуство на сите официјални лица, громогласно викаа: сакаме леб, дајте ни работа, доле скапотијата, доле шпекулантите, смрт на шпионите. Се вмешав веднаш. Кратко време

потоа и откако ги успокоив, ги поканив да се растурат, што тие и го направија *(14)).

Околискиот управител, чувајќи ја својата кожа, не зборува за апсењата, не зборува за тоа дека демонстрациите траеја од три часот по пладне до 11,30 вечерта. Тој го премолчува и фактот дека демонстрациите не се растурија ни тогаш кога на балконот од зградата на Општината полицијата постави митралези, а тој се закануваше дека ако не се престане, ќе нареди да се пука во демонстрантите. Во својот извештај тој не зборува за тоа дека и тој и сите главешини на околиската окупаторска власт беа принудени да ја напуштат прославата, да ги остават министрите и владиците сами да се упатат кон црквата, а тие го продолжија гонењето на демонстрантите. Но, сите мерки на окупаторот не помогнаа. Демонстрациите престанаа, откако беа ослободени уапсените и беше постигната целта поставена од Месниот комитет на партиската организација.

Тоа беше една сосема успешно изведена акција на Струмичката партиска организација; во која учествуваа повеќе од илјада демонстранти. Струмичката партиска организација и струмичани уште еднаш им ставија до знаење на Бугарите дека не ги сметаат за ослободители и дека со прослави и свечености не можат да го свртат вниманието на македонскиот народ, од неговите цели, во името на кои тргна во борбата за национално и социјално ослободување.

Оваа акција посебно придонесе да се зголеми престижот на Комунистичката партија на Југославија во овој крај.

### 3. СПРЕЧУВАЊЕ ДА СЕ ФОРМИРА ФАШИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА „ОТЕЦ" ПАИСИЈ" ВО СТРУМИЦА

Неуспесите што ги претрпеа окупаторите во Струмица и во другите краишта на Македонија, од самото нивно доаѓање, имено — да ги придобијат масите за себе, со често изведуваните свечености, прослави и манифестации — ги принуди да бараат нови патишта и нови начини за остварување на своите цели. И не само што не успеаја да ги придобијат масите, туку настапи разочарување кај одделни постари луѓе, меѓу кои сè уште живееја илузиите дека Бугарите ќе донесат некаква слобода. Прогонувањата и пљачкосувањата на нашиот народ, што окупаторите почнаа да ги вршат уште од првите денови на окупацијата, му носеше потешко и поцрно ропство на македонскиот народ од било кое дотогаш. Поради тоа бугарските окупатори беа решени со поорганизирана работа нешто да постигнат. Во летото 1941 година, тие се обидоа да формираат разни профашистички организации. Во таквите свои настојувања, окупаторите ги користеа познатите предавници на македонскиот народ, од типот на Димитар Ѓузелов, Д. Чкатров и други. Во таквата ситуација Месниот комитет, на состанокот од 10 јули 1941 година, донесе одлука да се бојкотираат сите фашистички и профашистички организации што настојуваа да бидат формирани во Струмица.

Во првата половина на јули 1941 година, во Струмица дојде Димитар Ѓузелов, со задача да формира огранок на фашистичката организација „Отец Паисиј". Претходно беше одржан собир во кафеаната на Тушо Маџаров, со учество на претставници на бугарската власт и Армија, и на некои истакнати профашисти и бугарофили од Струмица. На собирот тие беа запознаени со целите и значењето од формирањето на оваа организација. Бил извршен и избор на кандидати за управата на идната организација. Во кандидатската листа влегоа оние лица што од почетокот на окупацијата соработуваа со окупаторите и лица што беа следбеници на Ванчо Михајлов и Димитар Ѓузелов.

Затоа Месниот комитет презеде мерки да се спречи формирањето на оваа организација во Струмица. Партиските ќелии и скоевските групи добија задача на 14 јули да дојдат на конференцијата и да поведат што поголем број свои блиски и симпатизери. Комунистите и скоевците се распоредија така по целата сала. По одржаните говори од претставници на окупаторските власти и од Ѓузелов, се пристапи кон избор на управа на „Отец Паисиј". Но, кога отпочна со предлагање на кандидатите, граѓаните во кино „Балкан" чекаа што ќе речат комунистите. И обично по секое предложено име, некој од членовите на Партијата или СКОЈ, извикуваше: „Не го сакаме". Присутните во хор повторуваа: „Така е, не го сакаме".Така поминаа сите предложени кандидати. Под влијание на комунистите и нивните симпатизери и останатите присутни во салата не ги прифаќаа предложените кандидати, бидејќи се работеше за шпекуланти и меѓу народот компромитирани елементи.

За да ја спречи опструкцијата на комунистите на самата конференција, нејзините организатори се обидоа да кандидираат и комунисти во управата на „Отец Паисиј", меѓу кои беше предложен и Јосиф Јосифовски. Но комунистите категорички одбиваа да прифатат таква кандидатура.

На собирот зеде збор и Благој Мучето, запознавајќи ги присутните дека сето ова е однапред наместено, од истите оние лица што сакаат да ја имаат управата во свои раце и дека не треба да се гласаат оние кандидати што не уживаат никакво доверие. Говорот на Благој беше пропратен со аплаузи од присутните, а истото се случи кога се спомна името и на Јосиф Јосифовски.

На конференцијата зборуваше и еден поп, кој исто така изрази неслагање да се формира организација, на чело со несакани луѓе и на ваков начин. Тој бараше луѓе што да ги предложи и прифати народот. Но собирот не предлагаше никого и не прифаќаше ниеден од предложените. И на овој начин им се даде до знаење на

окупаторите дека струмичани не сакаат профашистичка организација во својот град.

Собирот во киното „Балкан" претрпе потполн неуспех за окупаторите и михајловистите. Фашистичката организација во Струмица не се формира.

По овој неуспех, командантот на Струмичкиот гарнизон, полковникот Димов, го прашал Ѓузелова: „Кој беа тие што ја минираа конференцијата?". Ѓузелов одговорил дека тоа се детишта. Тој се претставуваше за голем авторитет во Струмица, а наеднаш се најде во ситуација да биде извикан и исвиркан, затоа и сакаше организираниот отпор да го омаловажи, да прикаже дека не заслужува да се сфати сериозно. Полковникот му одговорил дека деца не се во состојба да организираат и спроведат таква акција и дека тоа е дело на комунистичката организација во градот. На полковник Димов тоа не му беше прво конфронтирање со комунистите. Тој нив ги знаеше и од дотогаш спроведените акции.

По собирот во киното, следниот ден, полковникот Димов беше го повикал и попот на испитување и остро го упрекнал дека се солидаризирал со комунистите.

Кога не успеаја во салата на киното, фашистичките окупатори направија уште еден обид. Тие во Монополот закажаа конференција со работниците. Настојуваа во управата да вовлечат неколкумина работници, а потоа да ја пополнат со свои луѓе од градот, т. е. со оние што беа бојкотирани во киното. Работниците незаинтересирано ги слушаа Ѓузелов и другите говорници. Кога се помина на предлагање на членови на управата, работниците живнаа. Под влијание на комунистите од Монополот, па и други што беа дојдени таму по задача на партиската организација, сите предложени кандидати од михајловистичките елементи и Бугарите беа отфрлани, а предлаганите работници откажуваа. И во Монополот се повтори истото, како и претходниот ден. Обидот да се турнат монополските работници во великобугарско-фашистичката

организација „Отец Паисиј" во Струмица пропадна, благодарејќи на отпорот од партиската организација зад која стоеше мнозинството од населението. И во Монополот Бугарите беа поразени.

Какви беа позициите на Ѓузелов во Струмица, т. е. неговото лично уверување дека со грст омрзнати соработници на окупаторот не може ништо да се постигне, се гледа и од едно негово писмо испратено до Д. Чкатров. Од последниот тој бара во Струмица да се постави за лекар еден стар михајловист, за да ги засили своите сопствени позиции. Самиот немајќи авторитет меѓу населението, и откога не можеше за својата слугинска работа да најде луѓе од влијание во градот и околијата, Димитар Ѓузелов бараше да се приберат во Струмица стари михајловисти, одамна емигрирани во Бугарија, надевајќи се со нив да постигне нешто повеќе. Во своето писмо до Д. Чкатров од 27 јули 1941 година, тој пишува:

„Ти пишувам нарочно за една работа, за да ми ја свршиш веднаш. Се работи за нашиот другар Михаил Христоманов. Тој сега е лекар во Нови Пазар — Шуменско, и сака да биде преместен во Струмица, бидејќи е од таму роден. Ти знаеш кој е Христоманов. Тој беше главниот фактор на нашата организација во Струмица. Тоа до толку повеќе што сега лекар во Струмица е еден струмичанец *[(15)]). Тоа го испитав кога бев сега таму (во Струмица б. н.), станал претседател на Читалиштето и околу себе ги собира сите леви елементи. Сето ова би се свршило добро само ако Христоманов биде во Струмица и ми биде десна рака, како што беше и во она време. Ти ќе го свршиш тоа, и веднаш со професорот Станишев *[(16)]), од кого зависи ова прашање. За тоа чекам веднаш, а јас уште денес ќе му пишам на Христоманов да биде готов да дојде" *[(17)]).

И со оваа акција организацијата на КПЈ во Струмица постигна уште една значајна политичка победа над бугарските окупатори и нивните измеќари.

## 4. ДЕМОНСТРАЦИИ ПРОТИВ ОБЛАСНИОТ ДИРЕКТОР РАЕВ ВО СТРУМИЦА

Кога во втората половина на декември 1941 година, се пренесе глас дека обласниот директор на Скопска област Димитар Раев, кој вршеше обиколка низ Македонија, ќе пристигне во Струмица, Месниот комитет одржа состанок на кој одлучи да се изведат демонстрации при неговото доаѓање. Бугарската власт, се подготвуваше да му приреди свечен пречек на Раева на плоштадот во Струмица.

Комитетот, од причини на претпазливост, одлучи во демонстрациите да учествуваат повеќе жени. Два дена пред доаѓањето на Раев, активот на жените во Струмица, по одлука на Месниот комитет, одржа состанок во станот на Марика Ѓорѓиева. И покрај противењето од еден член на Месниот комитет, кој својот став го правдал со тоа дека не треба да се истрчуваме поради страв од апсења, сепак било донесено решение да се оди на демонстрации. На состанокот е одлучено активот на жените да ја изврши задачата на Комитетот, а ако некој не се согласува со таква одлука, тогаш тоа прашање нека го расправи на Комитетот. Активистките жени добиле задача, секоја во својот реон и средина, да извршат подготовки за демонстрациите.

На 26 декември 1941 година, пред да пристигне Димитар Раев, членовите на Партијата, на СКОЈ и неколку стотини жени, се беа собрале на плоштадот пред Поштата. Демонстрантките — жени носеа во рацете пченкарен леб измешан со песок, каков што тогаш се делеше по 200 грама дневно на населението. Уште пред доаѓањето на Раев, полицијата забележа дека на пречекот има многу неканети што покажуваше дека нешто се подготвува. Затоа тие презедоа мерки да ги растераат жените. Околискиот управител Димитар (Мицо) Панов *(18)), бивш судски офицер, ја турна во еден куп камења Родна Ристова и некои други жени. Кметот

на Василевската општина, Арсо Кујумџиев, го истепа работникот Нанчо Туфекчиев. Полицијата по секој начин настојуваше собраните демонстранти да ги растера, но во тоа не успеа и покрај довлечувањето на засилување на полициското обезбедување. Сите оние кои беа дошле да демонстрираат, останаа на своите места.

Кога обласниот директор Раев излезе од колата, се разнесоа пароли од демонстрантите: „Бараме леб", „Гладни сме", „Дајте ни работа". Раев веднаш замина во Општинската зграда. Но и демонстрантите дојдоа пред Општината и продолжија со извикување на пароли и скандирање.

Димитар Раев се обиде да ги смири, за да одржи говор. Говорот го отпочна со опишување на тешкиот живот на народот од овој крај под „српското ропство". Жените му извикаа: „Сега е потешко; сега сме гладни!" Демонстрантите продолжија да викаат: „Не сакаме слатки зборови, сакаме леб и работа!". Кога не му овозможија да говори, тој се обрна кон насобраните со закани: „Јас знам од каде доаѓа ова, но ние ќе се справиме со нив" *(19)). Под „нив" тој мислеше на комунистите. Неколку жени му се доближија со пченкарниот, мувлосан леб и во очи му викаа: „Тоа не е леб, сакаме леб". Полицијата со кундаци и тепање ги прогонуваше жените. Четири жени и еден младинец беа затворени.

Кога Раев не успеа да го одржи говорот, слезе пред Општината и со цел да ги истера демонстрантите ги покани да дојдат попладне во салата на кино „Балкан", наводно, за да ги сослуша нивните желби. Полицијата одвај и со употреба на сила ги растера демонстрантите. Се разбира, Раев набргу потоа замина од Струмица, без да има смелост да дојде во салата на киното. Но ни демонстрантите не отидоа таму, зашто беше прозрена неговата лага. Тој сакаше само да се ослободи од демонстрантите.

Раев уште еднаш дојде во Струмица и тоа во мај 1942 година, но тогаш никој не беше известен за тоа.

Овојпат мина и без официјални дочеци, плашејќи се да не му се случи нешто слично како во декември 1941 година.

## 5. ПОДГОТОВКИ И ОБИД ЗА ИСФРЛАЊЕ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ВО ОКТОМВРИ 1941 ГОДИНА

Веќе спомнавме дека пред крајот на септември 1941 година, во Струмица повторно дојде Мирче Ацев, како делегат на Покраинскиот комитет и член на Воениот штаб на Македонија. Тој изврши проверка на подготовките околу формирањето на одредот и го запозна секретарот на Месниот комитет за датумот на кревање вооружено востание во Македонија. Мирче Ацев овојпат изврши реорганизација на Месниот комитет. Новоформираниот Комитет доби задача да ги изврши последните подготовки за исфрлање на одредот. Беа определени комунистите кои требаше први да заминат во одредот. За командант на одредот беше одреден Васил Цилев, а за политички комесар Глигор Новаков. Одредот во почетокот требаше да брои околу 20 души.

Мирче Ацев, секретарот на Комитетот и одговорниот за воена работа извршија контрола во работата на сите партиски ќелии. На состаноците беше проверена спремноста за заминување во партизани. Тогаш скоро сите комунисти изразија готовност да се вклучат во одредот. Овие што беа одредени да одат во партизани, беа ослободени од секаква друга партиска работа. Некои од нив отпочнаа да се обучуваат во ракување со оружје.

На 10 октомври, Месниот комитет одржа состанок, на кој секретарот на Комитетот ги запознал членовите на Комитетот со одлуката на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија — вооруженото востание да отпочне на 11 октомври 1941 година. На тој ден требаше да излезе и

Струмичкиот партизански одред. Но, во меѓувреме се случи една измена. Васил Цилев, на кого на

8 октомври Вачо Фончев му соопшти за ова, откажал под изговор дека е отстранет од членство во КПЈ и не бил консултиран по прашањето на одредот. Месниот комитет пред тоа сигурно сметал на него, бидејќи тој бил еден од најстарите комунисти во Струмица, а со тоа и најкомпромитиран пред власта. Васил Цилев на 9 октомври заминал за Скопје, без за тоа да го извести Фончева. За Скопје заминал под изговор дека ќе купува материјал за дуќанот. На 11 октомври пред пладне, барајќи го Цилева, Фончев дознал дека тој заминал за Скопје. Во таквата ситуација Комитетот за командант на одредот го поставил Ѓорѓи Стоев.

На 11 октомври, пред вечер, на кандидатите за партизани им беше соопштено спремни да излезат кај градските гробишта на патот кон селото Баница во 9 часот, каде што требаше да се формира партизанскиот одред. На определеното место и време, дојдоа само четворица: Коле Орцев, Ката Поцкова, Митко Батев и Ѓорѓи Стоев-Трнката. Други троица младинци од Штип и тоа Киро Зенделски, Александар Грличков и Панче Кусакатски, чекале во Струмица, засолнети во куќата на Љупчо Арапов, за и тие да се вклучат во одредот, одбивајќи да заминат во бугарската војска. Покрај нив и Панде Дрвошански, од село Моноспитово, и Милан Анѓелски од Куклиш, чекале да излезат во партизани, повинувајќи се на одлуката на МК Струмица за неодење во бугарска војска *[(20)]). Околу 11 часот вечерта, дошле Ванчо Фончев и Љупчо Арапов кај гробиштата и се донесе одлука кандидатите за партизани да се вратат. Фончев ги запозна присутните за тоа дека неколкумина од набележаните лица откажале да излезат во партизани. Голема пречка беше и тоа што немало достатно оружје. Имено, на 11 октомври се утврди дека на лице се има само една пушка, два пиштола и дванаесет бомби, иако дотогаш се сметаше дека се набавени над десет пушки и друго оружје, на кое што сметал Месниот комитет. До

тоа дојде поради фактот што не било проверено дали навистина се има толку оружје. Од друга страна, оружјето како што е веќе спомнато, не било прибрано на едно место. Со оружјето збрка внесе и Милчо Шекерџиев, во тоа време кметски намесник во селото Вељуса. Тој пријави осум пушки што ги имал сокриено во април 1941 година, негде околу Вељуса. Тие пушки не беа прибрани, иако Милчо Шеќерџиев неколкупати ветувал дека ќе ги даде кога ќе затребат. Непосредно пред 11 октомври, на двапати тие пушки беа побарани, но Милчо не ги дал. На враќање за градот се утврди дека за зборното место тргнале Глигор Новаков-Ќоро и Глигор Новаков-Гогољо, но откога беа запознаени каква е работата и тие се вратија назад. Останува фактот дека основна слабост за неуспехот беше недостигот на оружје. Потоа кон подготовките за исфрлање на одред се пристапи на брзина и недостатно организирано. Но, одредот ќе заминеше и со помал состав, под услов да се имаше оружје. Спомнатите осум пушки, Милчо Шеќерџиев ги ветувал и во 1942 и во 1943 година, но тие никогаш не беа добиени. Тие не беа предадени ни по ослободувањето на Струмица.

Утредента како што и требаше да стане, сите присутни кај гробиштата беа повикани на состанок во „Орманот". Тука присуствувал секретарот на Месниот комитет и одговорниот за воени работи. Се постави прашањето — што да се прави сега. И на овој состанок се констатира дека нема оружје, дека врски постојат само со неколку села и дека не се извршени сите потребни подготовки за формирање на партизански одред. Формирањето на одредот се одложи за извесно време, додека не се извршат сите неопходни подготовки. На овој состанок се бараше да се одговори кој е виновен за слабо извршените подготовки за формирање на одредот. Се бараше виновниците да се земат на партиска одговорност. Инаку, сè до овој момент во Струмичката партиска организација не постоеше некое поголемо несогласување меѓу членството. Сега за првпат

почнаа да се јавуваат сомневања за несовесно работење на поединци.

Отпрвин, дел од партиското членство, незадоволно од неуспехот, го обвинуваа Благој Мучето, не знаејќи дека тој е веќе член на Покраинскиот комитет и партиски работи во Скопје. Се пренесуваа и тенденциозни гласови дека се оддалечил од Струмица за да не отиде во партизани. На партиските состаноци, во ова време, најмногу се дискутираше за овој неуспех и се бараа виновниците.

Поради настанатите разногласија, Месниот комитет ја испратил Ташка Србинова во Скопје, со барање во Струмица да дојде еден член од Покраинскиот комитет кој да ја расчисти ситуацијата. Се барало по возможност да дојде Благој Мучето. Во текот на ноември, Благој пристигна во Струмица. Тој одржа неколку состаноци како со Месниот комитет така и со оние што требаше да влезат во одредот. При ова беше констатирано дека поголемиот дел од комунистите биле спремни за вооружена борба, но потфрлиле организационите подготовки, а посебно вооружувањето.

Неуспешниот обид со партизанскиот одред, кој би ја отпочнал вооружената борба во Струмичко повлија кај дел од членството на КПЈ, СКОЈ и симпатизерите негативно. Кај нив опадна ентузијазмот. Потоа, недоразбирањето се претвори во лични судрувања меѓу Благој Мучето од една и неколкумина други, од друга страна. Со Месниот комитет не се согласуваа и поединци што беа отпаднале од Партијата поради неактивност. А Благој, како инструктор на ПК, бараше активност од сите, па и од нив. Одделни другари не покажаа готовност да одат на состаноци и да извршуваат задачи дење и ноќе, поради што Благој ги критикувал. Наместо да се самокритикуваат, тие настојуваа да го оцрнат Благоја и да прикажат како тој избегал од Струмица, поради што наводно не можел да раководи со партиската организација.

Мучето остана во Струмица како инструктор на ПК. Веќе спомнавме дека во ноември 1941 година беше извршена реорганизација и избран нов МК. Меѓутоа и во новоформираниот Комитет се вовлече неединство. Поединци повеќе се занимаваа со ширење на нетрпеливост кон инструкторот на ПК, отколку со активност во извршувањето на партиските задачи. Несогласувањата се пренесоа и во партиските ќелии.

Но и покрај сите овие тешкотии, Комитетот наоѓал можност да ја насочи својата активност кон основното прашање — подготовки за исфрлање на партизански одред.

Во меѓувреме во ваквата нездрава атмосфера дојдоа промени и во Покраинскиот комитет на КПМ за Македонија. На чело на ПК дојде Бане Андреев, кој покажа колебање и падна >под влијание на делегатот на ЦК БРП(к). Тоа најде одраз и во Струмичката организација. ПК малку се интересираше за партиските организации на теренот. Во периодот од ноември 1941, па сè до формирањето на новото привремено Покраинско раководство во мај 1942 година, ПК не ѝ даде никаква помош на Струмичката организација. Благој Мучето, иако бил член на поширокиот состав на ПК, ни еднаш не бил повикан, ниту известен за одржувањето на состаноците на Покраинското раководство. И покрај тоа, партиската организација продолжи да развива активност. Нејзиното влијание меѓу работните маси и младината порасна, а омразата кон бугарските окупатори сè повеќе се зголемуваше. И покрај несогласијата и личната нетрпеливост, авторитетот на партиската организација стануваше сè поголем. Меѓутоа, подготовките за формирање на партизански одред одеа тешко.

Од огромно значење беше и тоа што во овој период, во Покраинскиот комитет се водеше борба за победа на линијата на КПЈ, па од ПК пристигаа контрадикторни директиви. Месниот комитет чувствуваше дека „горе" нешто не е в ред. Се прашуваа зошто Покраинскиот

комитет не инсистира да се вршат подготовки за формирање на партизански одреди.

## 6. СОЗДАВАЊЕ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ВО ЈУЛИ 1942 ГОДИНА

По извршените масовни апсења од бугарските окупатори во Струмица, на 5 јули 1942 година, поголемиот дел од партиското членство беше осудено или помина во илегалство. Одлуката на Месниот комитет, од 4 јули, да се создаде партизански одред на 8 јули, се мислеше како да пропадна. Петти јули □ донесе еден од најтешките удари на партиската организација во Струмица. Но, дел од партиското членство Бугарите не успеаја да го затворат. Тие поминаа во прво време во илегалство, засолнувајќи се во градот кај симпатизери и останувајќи неповрзани помеѓу себе. По 4—5 дена успеале да се пронајдат и поврзат, донесувајќи решение на 12 јули да излезат в планина и да формираат партизански одред, и на тој начин да ја остварат одлуката на Месниот комитет донесена на 4 јули — формирање на партизански одред. Одредот решил да дејствува на Струмички и Малешевски терен. За остварување на ова решение помогна и тоа што веќе беа направени достатни подготовки за формирање на одредот. Беше прибрано и оружје што се чуваше кај Боро Цунев, брат на Герас Цунев, а дел од оружјето се наоѓало кај Ванчо Фончев. Имаше прибрано храна и облека и беа воспоставени врски со селата Просениково, Дрвош, Штука и Нивичани, во кои имаше членови на Партијата и симпатизери готови да го помогнат одредот. Во вакви услови дојде до исфрлањето на првиот партизански одред од Струмица.

Првата група што излегла на терен ја сочинуваа: Ванчо Фончев, Мара Минанова, Невена Ѓорѓиева-Дуња, Боте Боцев *[21]). Панче Пешев и Ѓерас Цунев, меѓутоа не

успеаја да се поврзат со групата на Ванчо Фончев. Панче Пешев и Ѓерас Цунев беа се засолниле во градот. Без последните двајца одредот одржа состанок во месноста „Безденик", на кој за командир бил избран Ванчо Фончев. Тие решиле да се префрлат преку Огражден, во Малешевијата. По два дена пристигнале во реонот на село Ратево — Беровско, со намера да воспоставaт врска со партиската организација на Пехчево. Одовде двајца од одредот заминале за врска, а останатите се засолниле во некаква колиба. Врската со Пехчевската партиска организација, односно со Киро Медарски, Благој Брзев и Боро Ќосевски била наскоро воспоставена. Бил направен и план за акции на одредот. Потоа одредот се префрлува во месноста „Бреза", Беровско. За врска со одредот бил одреден еден член на Комитетот од Пехчево. На „Бреза" била изведена кратка обука со оние што не знаеле да ракуваат со оружје. Одредот морал постојано да го менува местото на престој, бидејќи бугарската полиција ја беше засилила контролата во овој дел од Македонија и беше навлегла во неговите траги.

Во тоа време во Пехчево престојувал, во својство на инструктор на Покраински комитет, Благој Мучето, со кого одредот воспоставува врски преку комунистите од Пехчево. Кога одредот се префрлува во Суви Лаки, добива писмо од Благој Мучето со кое ги известувал да останат таму сѐ додека се зголеми со нови комунисти и симпатизери од Струмица, Штип и Пехчево. Во писмото Благој ги известил дека Покраинскиот комитет барал одредот да се зголеми со нови борци. Неколку дена подоцна кај партизанскиот одред пристигнал и им се приклучил Ванчо Китанов *(22)), додека оние за кои Благој пишувал дека ќе се вклучат во одредот, не стигнале.

За да се поврзат со партиската организација од Радовиш и со поединци од Струмица, а со цел да се испратат од Струмичко и Радовишко нови борци во одредот, Ванчо Фончев бил испратен во деновите од 20 до 23 јули во Радовиш. Тој се состанал со Вејсел Нуман во селото Калуѓерица, но не успеал да добие врска со

организацијата во Радовиш. Вејсел го запознал Фончева дека во општинската управа во Калуѓерица стигнала за него, за Мара Минанова и другите илегалци, потерница со фотографии.

На враќање од селото Калуѓерица за Малешевијата, Ванчо Фончев свратил во една воденица кај Сушево, на околу 10 км. од Струмица, да проагитира меѓу група селани што биле во воденицата. Тој ги убедувал да ги помагаат партизаните и да не го предаваат житото и другите производи на бугарските окупатори. Воедно имал намера да земе неколку кила пченкарно брашно за одредот. Во воденицата се наоѓал Алеко Арабаџиев од Струмица, кој го известува кметскиот наместник, а овој организирал група од десетина селани, вооружени со пушки, да го заробат или убијат Фончева. Тој навреме забележал дека му се приближува група вооружена лица. По краткотрајна борба, фрлајќи бомба на напаѓачите, В. Фончев успеал да се извлече и да се врати во одредот на Суви Лаки.

На 18 јули во Струмица пристигна Киро Медарски, кој преку Ристо Јанев, се поврзува со Ѓорѓи Стоев — Трнката, кој уште не беше уапсен. Состанокот е одржан во куќата на Ристо Јанев. Киро Медарски го запозна Трнката дека Благој Мучето го испратил да му пренесе дека во Струмица треба да се обнови активноста на партиската организација и да се формира месен комитет, кој би го сочинувале Јелка Јанкова, Ристо Јанев и Горѓи Трнката. Потоа, дека овие треба да ги поврзат и активираат членовите на Партијата кои не се уапсени и да ги подготват за одење во партизани. Му предава адреси со кои треба да се поврзат и тоа со селото Чифлик — Пехчевско, со Вејсел Нуман од село Калуѓерица — Радовишко и со Киро Узунов од Валандово, како и со Асан Ќерим од трудовата дружина кај Ново Село. Но, во меѓувреме во полицијата се провалени Јелка Јанкова и Трнката и уапсени на 9 јули 1942 година.

Одредот што се наоѓаше на Огражден беше вооружен со две пушки, еден пиштол и десеттина бомби. Тие биле постојано во движење, бидејќи бугарската полиција им беше влегла во трагите, но секогаш доаѓала со задоцнување на местото на пребивувањето на одредот. За сето време додека се наоѓаа во Малешевијата, беа активно помагани и снабдувани со храна од партиската организација на Пехчево. Тие развиле жива пропагандна активност меѓу селаните во Малешевијата со кои доаѓале во допир.

Одредот потоа се префрлил на Готен каде што донеле одлука да се префрли на Конченската Планина. При преминувањето низ Радовишко Поле, кај селото Раклиш наишле на група вооружени лица што се обиделе да ги задржат — имале таква наредба од власта. Еден од нив почнал и да пука. По фрлањето на неколку бомби, прогонувачите се разбегале. Потоа ја менуваат насоката на движењето и се упатуваат кон Штип. По извесно престојување над селото Ињево, минувајќи меѓу селата Дамјан, Поголево и Бучин, по два дена марш пристигаат близу Штип, во местото „Струмина Чешма". Утредента, Ванчо Китанов бил испратен во Штип да воспостави врска со Штипската партиска организација. Тој успеал да го пронајде Славчо Стојменов, и истиот ден стига кај нив Киро, шивач од Штип, кој им донесол храна. Вечерта тој повторно доаѓа и ги води во Штип, каде што ги примаат Трајко Ставрев и Васил Доганџиски. По неколку дена Ванчо Фончев, Боте Боцев и Невена Ѓорѓиева се префрлени во Велес *(23)), а Мара Минанова и Ванчо Китанов задржани илегално во Штип. Одредот во Штип пристигнал негде во почетокот на август, останувајќи на теренот на Малеш—Пљачковица околу еден месец.

Одредот е расформиран, бидејќи не успеал да се пополни со нови борци поради големите апсења во јули 1942 година во Струмица. Младоста и неопитноста на околните партиски организации исто така придонесоа тој да се расформира.

## 7. НАПОРИ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ВО 1943 И 1944 ГОДИНА

Во мај 1943 година Месниот комитет во Струмица добил задача да се поврзе со Штип. Од Штип дошол курир кој преку Европид Влахов, се поврзал со Душан Бошковски, и ја пренел директивата — еден член од Комитетот на 4 мај да биде во Штип. За Штип тргнал Душан Бошковски и на 4 мај тој се состанал со Вера Ацева, која во тоа време се наоѓала во Штип. Покрај другите, како основна и најважна задача пред Струмичката партиска организација било поставено да се извршат подготовки за формирање и исфрлање на партизански одред. Струмичката партиска организација и дотогаш вршела подготовки за исфрлање на одред. Се планирало одредот да излезе кон крајот на мај. Душан Бошковски добил задача да одржува постојани врски со Штип и да воспостави такви врски со Кавадарци. Меѓутоа врските со Штип наскоро се прекинале, а со Кавадарци не се ни воспоставени, бидејќи по десеттина дена уследиле нови масовни апсења во Струмица. На Душан Бошковски му било речено и тоа, во одредот, до колку дојде до негово формирање, да се вклучи и Ванчо Фончев, за кого знаела Велешката партиска организација каде се наоѓа. Било поставено и прашањето дали постојат услови во Струмица за инструктор да дојде Благој Мучето. Душан Бошковски одговорил негативно, бидејќи Благој беше осуден на смрт. При заминувањето за Струмица, надвор од Штип го сочекал курир на Штипската партиска организација, кој му предал материјал и пет златни лири, со кои требало да се купи оружје. Со парите покасно бил купен еден пиштол и материјал за пропаганда. На 6 мај Душан Бошковски се враќа во Струмица и ги запознал, прво инструкторот, а потоа и Комитетот за состанокот со Вера

Ацева. И на овој состанок било претресувано прашањето на подготовките за формирање на партизански одред. Констатирано било дека можат со сигурност да сметаат на околу 15 души кои веднаш би влегле во одредот. Се сметало дека можат да се потпрат за помош на членовите на воспитната група во селото Вељуса, на симпатизерите од село Трибичино и во некои други села. Затоа и било предвидено одредот на тој терен прво да излезе. Душан Бошковски во Штип добил материјали и упатства за формирање на НО одбори, како и одбори на Народноослободителниот фронт на теренот.

Се поставило задача да се создадат и извесни резерви од храна и облека. Милчо Шеќерџиев ветил дека ќе го предаде житото собрано во село Вељуса, а Ванчо Новаков бил задолжен да го смеле во водочките воденици. Но, житото не  било предадено на партиската организација. Покасно било одвлечено од бугарските власти. Облека, исто така, не била собрана, туку секој што бил одреден да оди во партизани, требало сам да се снабди со облека.

По прашањето за собирање на оружје, до мај 1943 година, биле собрани 5 пиштоли, една пушка и нешто муниција. Исто така, и сега се сметало, како веќе спомнавме, на пушките кој ги ветувал Милчо Шеќерџиев, но и сега се свршило само на ветување. Покрај сите усилби по прашањето за собирање на оружје не се постигнало многу.

Новите апсења, извршени во мај 1943 година, ја спречија Струмичката партиска организација да ја изврши и оваа задача.

Во месец јули 1943 година, во Штип, Благој Мучето се сретнал со Милан Анѓелски, кога тој дошол од трудовите бугарски единици на отсуство. Милан Анѓелски и Благоја се состанале во куќата на Петар Трајков. Тогаш Благој го запознал Милана со развојот на Народноослободителната војна во Македонија и со плановите за проширување на вооруженото востание во Источна Македонија, како и со ситуацијата во

Струмица. Благој настојувал Милан да подготви група борци од Струмичко кои да се приклучат во Штипскиот одред, кој наскоро требало да биде исфрлен. Милан Анѓелски добил задача да замине за Струмица и од другарите што се наоѓаат таму да формира група. Оваа група требало преку Радовиш да се префрли во Пљачковица. Каде точно требало да се упати групата и со какви знаци за распознавање, требало да одреди Благоја, по добиениот извештај од Милан. Милан Анѓелски, располагал во селото Куклиш со две пушки, неколку бомби и извесен санитетски материјал. Но, ситуацијата во Струмица била таква што скоро сите другари што му ги посочил Благоја, биле во затвор или во интернација уште од мај 1943 година. Никој не знаел да му каже на Анѓелски каде е скриено оружјето што се чуваше кај Борис Цунев. Неколку дена по пристигањето во Струмица, Милан Анѓелски му испратил писмо на Благоја во Штип, по Ристо Јанев, во кое му ја опишува ситуацијата и го известил дека со неколкумина другари, со оружјето со кое самиот располагал се подготвува да се јави на определеното место. Воедно побарал врска и пароли. Ристо Јанев го предал писмото на одредената адреса, но одговор не добил. По неколку дена Милан Анѓелски заминал за Штип, се обидел да се поврзе со Благоја, но во тоа не успева, зашто токму во тие денови во Штип имало големи апсења.

Во декември 1943 година, повеќемина членови на Партијата и активисти добиле покани за воена вежба во Бугарската армија. Тие веднаш за тоа го известиле Благој. Се договориле наместо во Бугарска армија, да формираат партизански одред и да излезат во Беласица. Бил повикан и Борис Цунев кој, исто така, имал ваков позив, при што од него било побарано оружјето што му било предадено на чување од партиската организација уште во 1942 година. (Ова оружје дури на 11 септември 1944 година, Борис Цунев го предал на Градскиот НОО во Струмица, при првото влегување на Струмичкиот партизански одред во градот). Тој се согласил да го

предаде оружјето и да излезе во партизани. Љубе Арапов бил испратен во селото Костурино да испита, преку негови пријатели, дали можат во зимските месеци, во случај на потреба, да ја минат Беласица за да се префрлат во Егејска Македонија. По враќањето од Костурино, тој ги известил другарите дека во овие месеци не може да се премине Беласица, поради големите снегови. Планирано било првата акција, доколку се формира партизански одред, да се изведе на полицискиот участок во селото Банско, од каде што би се извршило снабдување со ново оружје. Попот Ристо Анѓелов од Куклиш, татко на Милан Анѓелски, добил задача да ја испита ситуацијата и распоредот во полицискиот участок во Банско, каде што имал пристап како свештеник. (Ристо Анѓелов беше обесен 1944 година од бугарските окупатори во неговото село Куклиш). Од него биле добиени точни податоци за количината на оружјето со кое располагал участокот, за распоредот на стражарските места и сè друго што било од интерес да се знае. За стапување во партизански одред дале согласност 12 души. Но, кога Борис Цунев требало да го предаде оружјето, се исплашил и без никому да се јави заминал во Бугарската армија. Кај него тогаш имало четири пушки, муниција и неколку бомби. Освен тоа оружје, партиската организација не располагала со друго, освен еден револвер кај Благој Мучето кој го добил од партиската организација на Валандово. Одредот требало да излезе во правата половина на јануари 1944 година. Бидејќи останале без секакво оружје, настапило колебање кај поединци и исфрлањето на одредот било одложено за покасно.

Во мај 1944 година, повторно биле направени усилби да се исфрли партизански одред. Сега и бројот на луѓето што изјавиле желба да стапат во одред бил поголем, и тоа не само од градот туку и од селата. Се предвидувало да се поврзат со единиците на Народноослободителната војска и да се приклучат кон нив. Но и покрај тоа што биле извршени подготовки,

планот не се реализирал, поради тоа што не успеале да фатат врска со единиците што дејствувале на овој терен. За воспоставување врска со III-та македонска бригада бил задолжен Милан Анѓелски, но и покрај направените усилби да се пробие на теренот Попчево—Рич, поради големата блокада на градот од бугарските воени и полициски сили, во тоа не успеал. Во еден извештај од јуни 1944 година, Благој Мучето за ова ѝ пишува на Вера Циривири во Штип: „Ми пишуваш дека другарката Доста (Вера Ацева, б. н. ) ти пишала дека јас сум се поврзал со Третата бригада, па и тебе да те поврзам. Кога тука се водеа борбите, направивме обиди, ама не успеавме. Сè беше блокирано, дури на народот не му даваа да сее тутун и други култури". Поради овие причини, во јуни 1944 година, група младинци од Струмица, кои биле спремни да одат во партизани, не успеале да се приклучат кон НОВ.

# ГЛАВА V

# ТЕРОР НА ОКУПАТОРОТ

## 1. АПСЕЊА ВО ТЕКОТ НА 1942 ГОДИНА

Теророт што го спроведуваа бугарските окупатори во тек на 1941 година, уште од самото нивно доаѓање во Струмица, во текот на 1942 година стана пожесток. Претепувањата се пренесоа од полицискиот участок на

улиците и во куќите. Имаше случаи кога бугарските полицајци и офицери претепуваа некого од чист бес, без никакви причини. Многумина по зло го запознаа потпоручникот Георѓиев, кој се прослави со претепување по улиците и кафеаните на мирни граѓани. Од друга страна дури и малолетните синови на бугарските чиновници — членови на младинските фашистички организации „Бранник" и „Легионер", беа вооружени со пушки и ги тероризираа македонските младинци. За да ја испробаат својата пушка, бранникот Дончо Лазаров, син на началникот на службата за државни имоти и синот на началникот на даночната управа кој беше „легионер" го убија во центарот на градот младинецот Томе Јанев, браварски работник. За убиството тие пред никого не одговараа. На погребот на Томе Јанев, Коле Орцев член на КПЈ, во пригодниот говор меѓу останатото рече:

„Ти не умре, тебе те убија оние што имаат слобода да убиваат мирни граѓани. Те убија тебе кој со тешкиот чекан заработуваше пченкарен леб за себе и мајка ти. По нашите куќи не оставаат ни пајажини, а во нивните се наоѓаат пушки да го убиваат мирното население"! *[24])

На терор беа подложени и тутуновите работници, кои работеа при крајно тешки услови, а за минимални надници. Во Монополот немаше ни елементарни услови за работа, не беше одредено време за појадок итн. Бугарските окупаторски власти беа донеле одлука тутунот од Струмица да го изнесуваат непреработен, а тутуновите работници останаа без работа, на улица. Месниот комитет во почетокот на април 1942 година, одлучи работниците да стапат во штрајк, за да си изборат подобри услови за работа.

На 7 април 1942 година, кога бугарските чиновници во Монополот со своите брутални постапки и малтретирања превишија секоја мера, беше даден знак за прекин на работата. Прв ја напушти работата Славчо

Туфекчиев, член на управата на монополската подружница на бившите УРС-ови синдикати и симпатизер на Партијата. По него ја прекинале работата и другите работници (тогаш во Монополот работеле 50—60 работници). Потоа работниците дошле пред Управната зграда. Но управата одбила да преговара со работниците и веднаш ја известува полицијата и војската, кои по кусо време пристигаат до заби вооружени во Монополот. Поставени биле митралези на влезовите на покривите и веднаш се отпочнало со испитување. Барале од работниците да ги поткажат организаторите на штрајкот. Одговорот од сите бил единствен, имено, дека прекинале со работа, зашто така повеќе не може да се издржи. Управата на Монополот, не само што не посакала да ги чуе барањата на работниците, туку со војската и полицијата ги втерала во работилниците, за да ја продолжат работата. Стражи од војска и полиција останаа во Монополот уште долго време по овој настан. Треба овде да се подвлече дека партиската организација оваа акција ја спроведува со помошта на членовите на управата на бившите УРС-ови синдикати, зашто за сето време на бугарската окупација не беше дозволено ни постоење ни активност на работничките организации.

Партиската и СКОЈ-евската организација во Струмица во текот на 1941 година, со својата активност успеаја да спроведат низа успешни акции против бугарските окупаторски власти. Окупаторската полиција, на неколкупати апсеше одделни лица или групи, членови на КПЈ или симпатизери, но не успеа да открие ништо поопределено. По неколкудневно држење во полицискиот участок тие беа отпуштани од затвор. Бугарските окупаторски власти во својата борба против Народноослободителното движење на македонскиот народ се користеа со услугите на поедини предавници од градот и селата, кои отворено им служеа, како полицајци или полициски агенти, какви што беа Славчо Азманов, и Мирчо Лазаров. Исто така, неколкумина им служеа на

окупаторите како општински кметови, околиски управители и тоа Ефтим Бојчев, Димитар Панов, Томо Иванов и уште неколкумина други.

Бидејќи окупаторската полиција и покрај сите усилби не можеше да ја спречи активноста на партиската организација, која имаше големо влијание, особено меѓу работниците и младината, настојуваше да ги открие комунистите, а преку нив и Месниот комитет, со цел да ја спречи нивната активност и да се пресметне со нив. По демонстрациите од 26 декември 1941 година против обласниот директор, полицијата сметаше дека ако ги открие и уапси членовите на Партијата и ги подложи на својата инквизиторска тортура (во тој поглед бугарскиот окупаторски апарат беше добро пробран и извежбан), ќе ги открие организаторите на акциите од 1941 година. Па и обласниот директор Раев, јавно се закани дека ќе се „справат с тех".

И не требаше многу да се чека на заканите од Раев. Во раните утрински часови на 10 јануари 1942 година, бугарската полиција уапси тринаесет (осум мажи и пет жени) комунисти и симпатизери, кои беа истакнати во Струмица со својата револуционерна активност. Поголемиот дел од уапсените беа членови на партиската организација. Меѓу уапсените, покрај Благој Мучето, инструктор на Покраинскиот комитет, се најдоа скоро сите членови на Месниот комитет. Веднаш по апсењето, полицијата ги подложи на сослушувања пропратени со мачења и претепувања, што траеја денонокно. Меѓутоа, полицијата не успеа да извлече никакви признанија. Во полицискиот затвор Благој Мучето како најискусен, апсен и суден уште пред војната од кралската полиција, влијаеше на сите уапсени. Тој постојано ги куражел да издржат и ништо да не признаваат, во што на крајот и успеал. Поголемиот дел од уапсените беа млади луѓе и тоа им беше првпат да се најдат во рацете на полицијата, и да се соочат со националниот и класен непријател.

По тридневно мачење, откога бугарската полиција не успеа да изнуди признанија од уапсените, бараше од

секој поединечно да потпише изјави со која се обврза „дека во иднина нема ништо да работи против царството Бугарија". Преведено на јазикот на логиката, тоа значеше дека со потпишување на таквите изјави, индиректно се признава дека дотогаш тие нешто работеле. Затворените комунисти ја сфатија намерата на полицијата — во случај да ги потпишат изјавите ќе треба да кажат и што работеле дотогаш. Затоа ниеден од затворените не потпиша изјава, одбивајќи ги сите обвинувања на полицијата. Кога ни тоа не помогна, дел од уапсените полицијата ги пушти, а ги задржа само Глигор Новаков и Ванчо Фончев, очекувајќи откога ќе ги изолира од другите дека ќе успее да ги скрши и да извлече од нив некакви признанија. Но, иако останати сами во затворот и тие ништо не признаа.

Од 10—14 јануари 1942 година, додека овие комунисти и родољуби беа во полицискиот участок во Струмица, дел од членството на партиската организација, по краток договор, одлучи да се собере помош за уапсените другари. Тие на населението му објаснуваа дека во полицијата затворените се подложени на тешки маки. Овој неочекуван настан во Струмица побуди револт кај сите поштени луѓе. Тие се искажуваа дека уапсените треба да бидат ослободени. Партиското членство, кое собираше помош, се обраќаше не само до симпатизерите, туку и кај поштени граѓани, работници, занаетчии, од кои дотогаш не е барана помош. Имало случаи кога од некои граѓани барале помош и по тројца комунисти, при што граѓаните им дале на сите тројца. Па и фактот дека беше собрана голема сума пари, дека никој не одбил да даде макар и минимална сума, ниту дека на полицијата ѝ е доставено за собирањето на помош, зборува дека граѓаните во Струмица беа солидарни со комунистите и нивната борба и ја осудуваа постапката на бугарските окупатори.

Нужно е посебно да се одбележи дека меѓу другите уапсени во јануари 1942 година, в затвор попадна и Сандо Масев, млад поштенски службеник, член на КПЈ и

истакнат активист во Струмица. И Сандо беше жестоко мачен и тепан од бугарските полицајци. Од полицискиот участок излезе како тежок болесник; нему просто му беше одземен животот и веднаш потоа беше отпуштен од работа. Четири месеци потоа, на 12 мај 1942 година, Сандо Масев умре во страшни маки во Скопската болница, каде што беше однесен само пред еден ден. Неговите сиромашни родители немаа можност да го пренесат, за да го погребат во Струмица. Ним им пријде на помош партиската организација. Месните комитети на КПЈ и СКОЈ одлучија да се собере помош од граѓаните, за пренесување телото на Сандо од Скопје во Струмица. Само за еден ден беа собрани, во вид на народна помош, потребните средства со што беше овозможено телото на Сандо да биде пренесено и погребано во Струмица.

Над гробот од Сандо Масев, на 13 мај 1942 година, се опрости од името на неговите другари, комунисти, скоевци и симпатизери, од младината и граѓанството — Благој Мучето. Во погребната процесија што се претвори во вистинска демонстрација, учествуваа неколку илјади граѓани од Струмица и селата, а гробиштата беа блокирани од бугарската полиција и војска. Благој зборуваше за Сандовиот лик, како борец за слобода и како примерен младинец кој беше многу ценет во редовите на струмичката младина и граѓанството. Благој имаше напишан говор наменет за полицијата што го држеше в раце, а го зборуваше она што требаше да се каже за Сандо. Веднаш по погребот на Сандо Масев, Благој беше одведен од агентот Славчо Азманов во полицијата каде што го дал приготвениот за нив говор, во кој немало ништо што да го компромитира.

Ни во деновите пред смртта, Сандо Масев не беше оставен на мир од бугарската власт. Тој беше постојано следен од агенти. Само два дена пред неговата смрт, кај него упаднал агентот Славчо Азманов и гледајќи го во каква тешка положба се наоѓа, барал да ги поткаже своите другари со зборовите: „Зошто тие да живеат кога

ти ќе умреш? Кажи ги!" Сандо собрал последни сили да го изгони Азманова од својата соба.

Како резултат од честите апсења, ѕверските претепувања од полицијата, кај неколкумина комунисти се појави колебање. Почнаа да не доаѓаат редовно на состаноци, да го одбегнуваат извршувањето на задачите, со еден збор речено да се пасивизираат, а покасно дури да отпаднат од членство во Партијата. Во случајот се работеше за луѓе кои станале членови на Комунистичката партија на Југославија недоволно подготвени и што не беа спремни да се борат во такви тешки услови. Но, повеќето од нив и натаму ја помагаа партиската организација. Но и со тоа активноста на партиската и скоевската организација не се намали; нивното влијание кај работните маси дури не само што не опадна, туку од ден на ден нараснуваше. Кон сето друго сега се придружуваше и револтот и одвратноста кон насилието и средствата со кои владееше бугарскиот окупатор.

По судирот на Панче Пешев и Ѓерас Цунев со полицискиот агент Славчо Азманов во селото Просениково за што веќе стана збор, и откако Азманов се вратил во Струмица, бугарската полиција и војска, започна да апси по градот. Беа затворени повеќе комунисти, скоевци и симпатизери за кои имаа податоци или претполагаа дека му припаѓаат на Народноослободителното движење. Само на 5 јули 1942. беа затворени околу 50 души, а апсењата продолжија и во наредните денови. Многумина од нив беа затворени во подрумот на полицискиот участок, на бетонот со вода, оставени неколку дена без храна и со врзани раце и нозе. Бугарската полиција веднаш ги подложи на страшни маки. Сослушувањата траеја деноноќно. Претепувањата беа основен метод во изнудување на некакви признанија. Уапсените добиваа по 300—400 удари од гумени палки или стапови по рацете, нозете и по целото тело. Не ги оставаа додека не се онесвестат и тоа по неколку пати. Потоа ги фрлаа во корито со вода,

за да ги освестат и пак продолжуваа со тепање. Со садистичко уживање ја вршеа својата инквизиторска работа полицискиот началник Симеон Попов, подначалникот Димитар Крстев *(25)), старшијата Добрев и други.

Но и покрај ѕверските мачења, полицијата полни 14 дена не успеа да извлече никакви признанија. По долгите мачења таа дојде до некои податоци, но уапсените водеа сметка да не се спомене ниедно лице што не се наоѓа во затворот. Изнудените признанија не соодветствуваа на вистинската организациона положба во партиската организација. Меѓу уапсените се наоѓаа секретарот и еден член на Месниот комитет на Партијата, како и секретарот на Месниот комитет на СКОЈ. Беше затворен поголемиот дел од членовите на Партијата и скоро сите секретари на ќелиите. Дел од нив што полицијата не успеа да ги уапси, помина во илегалство.

Од Струмица поголемиот дел од затворените беа префрлени во затворот во Скопје, каде што продолжија измачувањата. Истрагата во Струмица и Скопје траеше 45 дена. На крајот, пред судот беа изведени девет души, а на неколкумина им се судеше во отсуство. Судењето се одржа во Струмица и траеше три дена, од 26—28 август 1942 година. Затворените беа водени низ градот со железни пранги на нозете, тешки и до 20 кила. На судот, на самиот претрес, и обвинителот како и одбраната ги теретеа обвинетите, а им веруваа само на полицајците и полициските агенти, што се појавија како сведоци. Тројцата во отсуство — Благој Јанков — Мучето, Ванчо Фончев и Ѓерас Цунев беа осудени на смрт, а Киро Минанов, Елка Јанкова, Марика Ѓорѓиева, Иван Палифров, Глигор Новаков, Коле Орцев, Ценка Павлова, Петре Аризанов, Ѓорѓи Стоев и Мара Минанова на временски казни од 10—15 години строг затвор. Мара Минанова беше судена во отсуство, и како малолетна е осудена на временска казна. Пред судот продефилуваа и многу граѓани како сведоци. Како сведоци беа изведени

и неколкумина од затворените што беа пуштени од затвор, а тоа беа членови на СКОЈ или на воспитните групи. Скоро сите тие, и единствено тие, ги бранеа обвинетите како знаеја и можеа.

Поголемиот дел од оние што не беа осудени, веднаш по судењето беа интернирани во разни логори и краишта на Бугарија. Со ова апсење беше прекината активноста на партиската и скоевската организација во Струмица, со исклучок на скоевската организација во гимназијата за која полицијата не дозна ништо. Активноста на партиската организација беше обновена нешто подоцна, во месец септември 1942 година.

Околу 20 јули 1942 година, Панче Пешев и Ѓерас Цунев што биле засолнети во куќата на Ристо Пандев, го повикуваат, преку Борис Цунев, секретарот на скоевската организација во гимназијата, Димитар Бацаков. Закажуваат состанок на периферијата на градот на местото „Сомараница". На состанокот присуствуваат Панче, Ѓерас *(26)) и Бацаков. Поради тоа што поголемиот дел од членовите на Партијата беа во затвор и поради тоа што повеќе од 15 дена се кријат и немаат никаква врска со никого, а не можат повеќе да останат скриени, му поставуваат задача на Бацаков да организира, преку скоевската организација префрлување од Струмица за Штип. Бараат од него префрлувањето да се изврши со автомобил или не~ кое друго средство. Му поставуваат и задача да ги снабдува со храна, весници и, по можност, со информации за ситуацијата во затворот. Секоја втора вечер скоевците им носат храна и весници, но не можат да ги информираат каква е состојбата во затворот, затоа што не можеле да дојдат до точни податоци. По првиот состанок со Ѓерас и Панче, Бацаков закажува состанок со членовите на Скоевското биро во гимназијата — Ињо Батев, Сандо Стаменов и Ванчо Китанов. Бирото се запознава со задачата што им претстои — префрлувањето на Панче и Ѓерас за Штип. Одлучиле Сандо Стаменов да замине за Штип, за да воспостави

врска со штипската организација. Сандо во Штип не успеал да најде врска. На враќање тој се обраќа до Милан Трајков во Радовиш, каде што одржуваат состанок на кој е присутен и членот на МК на Радовиш, Вејсел Нуман. Тие одлучиле префрлувањето на Панче и Ѓерас да го изврши Милан Трајков. Тој доаѓа во Струмица, но ги известил другарите дека не може да обезбеди превозно средство, па за Штип треба да заминат пешки. Два дена Милан престојува во Струмица, додека го поврзат со Панче и Ѓерас. За тоа време го сретнал на улицата полицискиот агент Славчо Азманов и му наредил уште истиот ден да се изгуби од Струмица. Тој истата вечер ги поведува од Струмица Панче и Ѓерас, а бидејќи не знаел друг пат, освен џадето Струмица—Радовиш, покрај патот, по нивјето, стигнале рано наутро во близината на село Калуѓерица. Панче и Ѓерас остануваат в шумата над селото, а Милан оди во Калуѓерица, каде што се сретнува со Вејсел, од кого бара да им донесе леб, кажувајќи му го местото каде се наоѓаат. Тука останале цел ден, но Вејсел не дошол кај нив. Вечерта продолжуваат по стариот пат, по ридиштата, за Штип. Кога доаѓаат, на другиот ден, над Штипската болница, Панче го испраќа Милан во градот, да ги пронајде Киро Кукушев или Тошо Арсов. Тој успева да го пронајде Тошо Арсов в аптеката и го известува дека пристигнале со Ѓерас и Панче. Тошо ги презема и ги сместува во Штип. Оваа задача скоевската организација ја извршува успешно, но потоа доаѓа до нови апсења во Струмица кога се уапсени поголем дел членови на скоевската организација и во гимназијата.

Полицискиот агент од Радовиш, Ристо Шишков, научил дека во Радовиш престојувал некој кај Милан Трајков. (Се работи за одржаниот состанок со Сандо Стаменов). Покрај тоа, кога кон крајот на јули 1942 година, доаѓа до судир помеѓу група вооружени соработници на бугарските окупатори и партизанскиот одред кај селото Раклиш — Радовишко (за кое веќе стана збор), агентот Шишков поднесува извештај до

полицијата и го обвинува Милан Трајков дека е во врска со партизаните што минале низ Радовишко Поле. Врз основа на тој извештај е и уапсен Милан Трајков. На 14 септември 1942 година се уапсени во Струмица Димитар Бацаков, Ѓуро Панов, Сандо Стаменов и други членови на скоевската организација од гимназијата. Тогаш биле уапсени околу 13 скоевци. Близу три месеци траеше истрагата и мачењата на скоевците, а потоа се изведени на суд седуммина и тоа: Димитар Бацаков, Сандо Стаменов, Иљо Батев, Ванчо Китанов, Кочо Цветинов, Ѓуро Панов и Милан Трајков. Судењето беше одржано во Струмица и траеше 3 дена. На судот, подучени во Скопскиот затвор, од другарите што веќе беа осудени, обвинетите ги одбиваат сите обвинувања на обвинителот, изјавувајќи дека полицијата изнудила од нив признанија со тормоз и претепувања во полицискиот участок. Осуден е само Ванчо Китанов на 15 години строг затвор во отсутност, додека останатите обвинети се ослободени како малолетни, „ацамии", „заведени" и „подлажани" од постарите комунисти. Всушност, тие се ослободени поради страв од поголем отпор, бидејќи судењето на младите комунисти и појавата со тешки пранги пред судот предизвика обратен ефект од оној што го очекуваа бугарските окупатори.

Ослободувањето на скоевците се должи и пред сè на тоа што родителите на уапсените пред судењето собрале поголема сума пари и ги потплатиле судиите и обвинителот. Поголем дел од ослободените, по судењето, се интернирани во Бугарија.

## 2. ПРОГОНИ И АПСЕЊА ВО 1943 ГОДИНА

Покрај строгата конспирација во работата на поголемиот дел од членството на Партијата, во периодот 1942/1943 година, во мај 1943 година, доаѓа до големи апсења, со што  беше нанесен уште еден тежок удар на

партиската организација во Струмица. На тринаесетти мај 1943 година вечерта, Димче Аџи Митревски и Душан Бошковски имале состанок кој траел до касно во ноќта. Кога Душан Бошковски се вратил дома, куќата била блокирана и по извршениот претрес тој бил уапсен. Утредента апсењата се проширувaат. На 14 мај биле уапсени триесеттина другари и другарки. Скоро сите оние што биле вклучени во активноста на партиската организација биле затворени. Полицијата ги затворала како да имала список в раце. Таа ги затворила сите организирани, како и оние што биле предвидени да заминат во партизани. Овие апсења се вршат под неразјаснети околности. Уапсени биле сите во еден ден, иако претходно никој не бил викан или апсен од полицијата, ниту откриен некаков материјал. Сосема е веројатно дека до откривање на партиската организација дошло поради небудност и слаба конспиративност на поединци. И фактот дека апсењата дошле во моментот кога се вршат подготовки за исфрлање на одред, зборува дека бугарската полиција со апсењата ја спречува партиската организација да го изврши тоа. Овојпат биле уапсени сите членови на Комитетот, членовите на СКОЈ и Партијата, членовите на воспитните групи и други што ја помагале организацијата материјално, со давање на станови или на кој и да е друг начин.

Кога ја забележал опасноста, Димче Аџи Митревски успеал да го напушти станот и да избега во правец на Валандово. Тој стигнал до турското село Срзали, каде што селаните го спровеле во Валандово во полицискиот участок, а оттаму бил предаден на полицијата во Струмица.

Истражната постапка во Струмица траела преку 15 дена, а потоа бил префрлен во Скопје, во обласната полиција каде што продолжува истрагата. Уапсените биле подложени на ѕверско мачење и терор од бугарската полиција. Во овие апсења го изгуби животот Боро Џони. За време на истрагата на Боро Џони му го

скршиле 'рбетникот. Три дена тој живеел во ќелијата во неопишиви маки. Лекарска помош не му била дадена, ниту некој бил известен за неговата положба. Со ваквите методите тие извлекуваа признанија од затворените комунисти и припадници на НОД, за да можат да ги предадат на бугарските воени судови кои им судеа на најдобрите синови на македонскиот народ. На 23 мај 1943 година, престанале неподносливите крикови од затворската ќелија на полициskiот участок, во која бил затворен Боро Џони. Смртта ги прекинала неговите маки. Истиот ден во полноќ, со цел да го прикрие злочинот, полицијата дала тревога. Бугарските полицајци се растрчуваат по градот и селата, божем да го бараат Џони, кој наводно избегал од затворот, а всушност да го прикријат неговото ѕверско убиство. Меѓу населението ја прошириле лажната вест дека Боро Џони избегал од затворот. Затворениците од малата зграда во участокот ги префрлиле во другата зграда, за да не видат кога ќе го изнесат мртвото тело на Џони. Истата вечер неговото тело било однесено во Дервенска Река, на патот помеѓу Струмица и Костурино, фрлено во ужарената печка на варцилницата и изгорено, за да се сокрие секаквиот траг на бугарските џелати, кои и натаму сакаа да се прикажуваат како „ослободители" на македонскиот народ. Итни „потери" биле испратени во повеќе правци: кон Валандово, Дојран, Штип и Петрич. Во Дојран во „потерата" учествувале и околискиот управител Ефтим Бојчев и полицискиот началник Симеон Попов. Во една кафеана во Нови Дојран, приредуваат банкет со пијанка, за да ја прослават успешно извршената работа.

Ѕверското убиство на Боро Џони не можеше да се сокрие од народот во Струмица и околијата. Меѓу народот Џони беше познат уште како студент со своите прогресивни гледања и со својот македонски патриотизам. Народот набргу ја научи страшната вистина и покрај сите мерки таа да се сокрие. За иронијата да биде поголема, се продолжува лажната

пропаганда дека Цони наводно избегал. Претседателот на бугарскиот прек воен суд од Скопје на 24 јуни, и 3 јули 1943 година, со телеграми бара од полицискиот началник во Струмица (т. е. од убиците на Цони), на 15 јули 1943 година во 8 часот да биде приведено лицето Боро Цони од Струмица, обвинет по кривичното дело Бр. 242. Ако истиот бил во илегалност, требало тоа изрично да се спомне во одговорот. Во својот одговор струмичкото Околиско управление со акт Бр. 4700, од 29 јуни 1943 година, го известува претседателот на воениот суд со следното „Ве известувам, господин полковник, дека лицето Боро Илиев Цонев, од град Струмица, во моментот е во бегство и во неизвестност. Околиски полициски началник Симеон Попов". На 15 јули 1943 година, покрај останатите му се судеше и на убиениот Боро Цони. Пред судот биле изведени петмина: Димче Аџи Митревски, Стојан Косев, Душан Бошковски, Ванчо Новаков и Ванчо Николчев — Шопо. На доживотна робија бил осуден Димче Аџи Митревски, а Кузман Јосифовски-Питу на смрт, кому му е судено во отсуство. Останатите обвинети биле интернирани во Бугарија. Другите пак, што не беа осудени или интернирани, односно пуштени од истражниот затвор, биле подложени на секојдневни преследувања од агентите и поткажувачите на бугарската полиција во Струмица. Работата на партиската организација во неколкуте месеци пред овие апсења, мораше да му покаже на окупаторот дека НОД не може да биде задушено. Иако на партиската организација ѝ беа нанесени неколку тешки удари во 1942 и 1943 година, нејзината активност со мали прекини продолжуваше. Меѓутоа и овој удар донесе тешки последици. Активноста на партиската организација и НОД за извесно време прекинува, за да се обнови по неколку месеци.

Со останатите, на 14 мај 1943 година, беше уапсен, за да биде уфрлен меѓу затворениците, и провокаторот Кочо Т. Босиљанов. Како агент на бугарската полиција, тој беше уапсен во Струмица, а по префрлувањето на

затворените во Скопје, бива пуштен од затвор, за да се прикажува пред населението како припадник на НОД и со поголем успех да ја врши својата предавничка работа. Но, населението и пред да биде уапсен, знаеше дека тој е агент-провокатор.

## 3. АПСЕЊА ВО ТЕКОТ НА 1944 ГОДИНА

Последните масовни апсења што ги извршија бугарските окупатори во Струмица беа оние во јули 1944 година. Тие беа последни затоа што набргу дојде до капитулација на Бугарија. Во почетокот на јули 1944 година, настанува провала во Штип, која се проширува и кон Струмица, Валандово и Малешевијата. Во резултат на ова уапсени биле сите членови на Партијата, активисти и помагачи, како и членовите на месните народноослободителни одбори во селата Куклиш и Моноспитово. При апсењето кај некои другари полицијата пронашла и запленила писма и други материјали, што на бугарската полиција  дало можност да ги откријат сите, и да  нанесе уште еден, но и последен удар на партиската организација во Струмица. Поради капитулацијата на Бугарија и прогонувањето на нејзиниот окупаторски апарат од Македонија, па и од Струмица, тие не беа во можност да го продолжат теророт над македонскиот народ. Уапсените по долго мачење во полицискиот участок во Струмица, беа префрлени во Скопје, каде што инквизициите продолжија уште скоро два месеца. На бугарскиот прек воен суд беа предадени 17 души припадници на НОД и комунисти од Струмица и четворица од Валандово, кои биле непосредно поврзани со струмичката партиска организација. Но, судењето на затворените бугарските окупатори не стигнаа да го извршат. Во тоа ги спречи напредувањето и успесите на Народноослободителната војска на Југославија и на Црвената армија, во резултат

на кои настапи капитулацијата на Бугарија. Сите затворени другари по излегувањето од Скопскиот затвор, во почетокот на септември 1944 година, се вклучија во редовите на Народноослободителната војска на Македонија.

Во текот на бугарско-фашистичката окупација низ бугарските затвори и концентрационите логори минаа голем број припадници на народноослободителното движење во Струмичко. Покрај комунистите и припадниците на НОД, затворите ги полнеа и македонските селани и други производители, кои на еден или друг начин откажуваа да ги вршат наложените обврски кон бугарските реквизициони комисии и откупни центри. Овој период е период на страшен терор на кој беше подложен македонскиот народ.

## 4. ОБИД ЗА СОЗДАВАЊЕ КОНТРАЧЕТИ ВО СТРУМИЦА

Кратко време по преминувањето на Третата група батаљони преку Беласица и Струмичко, во текот на Февруарскиот поход, кај Бугарите се јавил страв од развојот на вооружената борба и во овој крај од Македонија. Покрај тоа што во Струмица и соседните места, Штип, Берово, Гевгелија и други, беа сконцентрирани силни воени и полициски сили на окупаторите, општинските кметови добиле писмени наредби да формираат, на територијата на своите општини, контрачети за борба против единиците на НОВ. Тие прво барале доброволци, но кога такви не се јавиле, отпочнале со мобилизација на селаните. И покрај натрупувањето на сè побројната бугарска војска и полиција во Струмичка околија, обидот да се создадат и контрачети за окупаторите имало посебна важност. Тие ги употребуваат сите можни сили и средства да задушат секаков обид за организирање вооружена борба. За нив

беше важно и тоа, вооружената борба од вардарскиот дел на Македонија да не се пренесе на територијата на Пиринска Македонија, особено во Петричко и Светиврачко, каде што исто така имаше отпор на македонскиот народ. Поврзувањето на борбата на македонскиот народ од двете страни на дотогашната гранична линија за нив би било кобно, а тие за тоа беа свесни.

Но и во овој свој обид окупаторите не можеа да се потпрат на македонскиот народ. Контрачетниците ги врбуваа од редовите на бившите терористи на Ванчо Михајлов, а тие беа ретки поединци или криминалци. Кога во 1944 година од Горна Џумаја (сега Благоевград), во Струмица пристигнал бившиот четник од четата на Ѓорѓи В'ндев, Милан Постоларски *(27)), стариот колач на В'ндов во Струмичко, а сега човек на бугарската полиција, да бара доброволци, добил поддршка единствено од поединиi бивши михајловисти кои до 1941 година живееле како емигранти во Бугарија.

Еден број селани биле мобилизирани за контрачетите во Муртинска општина. Војвода на контрачетата станал познатиот терорист, кој повеќепати вршел атентати во Струмица во годините од 1921 до 1930 врз невиното население. Тоа беше Дончо Алаџов од село Моноспитово. Во Новоселска општина за војвода бил поставен Атанас Нушката, родум од село Габрово, исто така познат терорист. До 1941 година живеел како емигрант во Бугарија. Во Габрово, до пред крај на окупацијата, бил кметски наместник и се истакнувал како голем пљачкаш. Во Василевска општина, кога не можеле да најдат кој да биде војвода на контрачетата, го пуштаат од Скопскиот затвор Манчо Калпаков, роден од село Русиново — Беровско, осуден за силување на десетгодишно девојче и го назначуваат за војвода на контрачетата. Полицијата со сила ги терала селаните во акции во планините, да се борат против партизаните или да ги известуваат полициските участоци. Но, селаните одбивале, а ако биле принудени да излезат по планините,

се криеле покрај селата или по трлата. Затоа нив повеќепати ги викале во полицијата, каде што полицискиот началник Попов им се заканувал дека ако не ги исполнуваат наредбите ќе бидат затворени, ќе им ги земат имотите и слично. Но и покрај заканувањата и притисокот, селаните одбиваа да водат борба против партизаните. Контрачетите во Струмичко фактички постоеја само на список, во канцелариите на окупаторската полиција.

Само еднаш, во мај 1944 година, Манчо Калпаков одвел група селани до селото Нивичино, а кога единиците од III-та бригада им отвориле огин, во панично бегство се вратиле во селата на Василевска општина. Затоа пак тој се „јуначел" по селата над голоракиот народ. Често ги претепувал селаните што одбивале да му подготват храна за гоштевање.

Во првите денови на септември 1944 година, контрачетниците беа разоружани од Струмичкиот партизански одред и од партиските работници на теренот. Оружјето, земено од нив, беше употребено за вооружување на новодојдените борци или било предадено на месните НО одбори за одбрана на селата од бугарските војници, кои пред капитулацијата на Бугарија одеа по селата да пљачкаат. Ни по ваков начин бугарските окупатори не успеаја да најдат поткрепа кај населението во Струмичко и тоа, ни за пари, ни со терор и закани. Не успеаја народот да го натераат, и покрај мобилизацијата, да се бори против народноослободителната војска, бидејќи таа беше составена од нивни синови и се бореше за ослободувањето на татковината.

## Г Л А В А VI

# РАЗВИТОК НА НАРОДНАТА ВЛАСТ

## 1. ПОДГОТОВКИ И ФОРМИРАЊЕ НА ПРВИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ

Напоредно со создавањето органи за борба и напорите за создавање на партизански одред, во 1943 и 1944 година партиската организација прави усилби за создавање и органи на народната власт.

Прв обид за формирање на месен народноослободителен одбор е направен во селото Вељуса во почетокот на мај 1943 година. Во ова село постоеле услови за формирање НОО, но поради апсењата извршени на 13 мај, не дошло до реализирање на оваа задача.

Во пролетта 1944 година, за спроведување писмото на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, со кое се даваат инструкции за организирање на НОО и избор на делегати за АСНОМ, струмичката партиска организација пристапила кон формирање на народноослободителни одбори. Благој Мучето се договара со одделни комунисти, од кои луѓе би можел да формира градски НО одбор. За најпогодно лице го наоѓа Ѓорѓи Василев, кој на први март 1944 година се вратил од болницата во Белград, каде што долго време се лекувал од тешкото ранување од бомбардирањето уште на 6 април 1941 година. Тој во Струмица бил авторитетен уште пред војната, особено меѓу работните маси. Ѓорѓи Василев по доаѓањето се запослил во Монополот како писар, иако бил дипломиран инженер. Наскоро по неговото пристигање во Струмица, Благој му испратил неколку писма, со кои го повикал да се вклучи во НО

движење. Во прво време тој помислил дека е тоа провокација од полицијата, бидејќи Благој се потпишувал со псевдоним „Спасо". Иако се познавале уште поодамна, тој не знаел кој е „Спасо", и затоа побарал да му пише Љупчо Арсов, со кого исто така од порано се познавал, за да се осигура дека не се работи за полициска провокација.

Во почетокот на јуни 1944 година, преку Марика Тренчева, добил две писма, од кои едното било од Благој Мучето со потпис „Спасо", а другото од Епаминонда Поп-Андонов, со кое го повикале да стапи во единиците на НОВ и дека „Спасо" ќе направи тоа што е потребно. Со ова писмо Мучето го повикал Горѓи Василев на состанок во куќата на Спиро Захов. Тој во придружба на жена си — (Ѓорѓи Василев беше тежок инвалид и не можеше да се движи без туѓа помош), доаѓа кај Благоја, каде што добива задача меѓу интелигенцијата во Струмица да пронајде луѓе за формирање на НОО. Ѓорѓи Василев дал согласност за работа, при што се договориле дека директиви за натамошна работа ќе добива од Благој. Ѓорѓи Василев покасно предложил, покрај него, членови на НОО да бидат Димитар Грчев и Митко Стојанов, тогаш аптекар. Покасно, откако Ѓорѓи Василев разговарал со уште некои, се договориле во составот на Одборот да влезат и Ристо Јанев, Ристо Стамболиев, Вачо Зеленков и некои други. Кон крајот на јуни и почетокот на јули 1944 година, овој Одбор почнува активно да делува во Струмица. Меѓутоа, апсењата извршени на 12 јули 1944 година, ја спречиле понатамошната активност на Одборот. По излегување од Скопскиот затвор (некои од членовите на Одборот го напуштиле затворот пред капитулацијата на Бугарија), Градскиот народноослободителен одбор продолжува со својата активност.

Градскиот народноослободителен одбор јавно беше избран и пополнет со нови лица на 11 септември 1944 година, при влегувањето на Струмичкиот партизански одред во градот. Во Одборот беа избрани инж. Ѓорѓи

Василев — Самарџитрајков, за претседател, а покрај него во одборот влегоа: Боро Поцков, Димитар Грчев, Стојан Ќосев, Киро Минанов, Сулејман Сулејманов, Ванчо Новаков, Ристо Јанев, Ристо Стамболиев, Паца Бишева, Митко Стојанов, Тинка Србинова, Васил Карчев, Иљо Богоев, Ѓорѓи Стоев, Милчо Шеќерџиев и Коле Орцев. За да може поуспешно да функционира и да ја врши својата должност, на членовите на Одборот им беа поделени сектори за работа.

По напуштањето на Струмица од нашите единици, членовите на ГНОО, во прво време, беа сместени во селото Вељуса, а покасно во селото Варварица, каде што продолжија да ја вршат својата должност сè до ослободувањето на Струмица на 5 ноември 1944 година, кога се враќаат пак во градот. Дел од членовите на Градскиот НОО, по напуштањето на нашите единици на градот, останаа во градот и делуваа илегално.

Покрај тоа, во почетокот на март Благој му поставил задача и на Милан Анѓелски да формира месен НОО од три члена во селото Куклиш. Претходно требало Милан Анѓелски да разговара со луѓето и да ги подготви доброволно да ја прифатат должноста на одборници. Истиот месец март 1944 година, бил формиран првиот Народноослободителен одбор во Куклиш, кој го сочинувале: Милан Анѓелски, Ристоман Гоневски, Јован Китанов и Славчо Димкин. Тој, воедно, е првиот Народноослободителен одбор — формиран во Струмичко. Меѓутоа, покрај Милан Анѓелски, поголема активност во работата на одборот покажале Јован Китанов и Ристоман Гоневски. Одборот добил задача да собира народна помош, го популаризирал НОБ меѓу селаните, ги разобличувал бугарските окупатори итн. Овој одбор бил предвиден, во случај на исфрлање партизански одред, да биде главна потпора за снабдување и врски со партиската организација во градот. Одборот дејствувал од март до 12 јули 1944 година, кога одборниците биле уапсени од бугарските окупатори. По капитулацијата на Бугарија, на 9 септември 1944 година, и враќањето на

Ристоман Гоневски и Јован Китанов во селото, тие продолжиле да работат како одборници.

Вториот НОО бил формиран, исто така, кон крајот на март 1944 година, пак по задача на партиската организација од Панде Дрвошански, во село Моноспитово. И во него влегувале три члена: Панде Дрвошански, Александар Гоџиров и уште еден младинец. Активноста на овој одбор била слична како на одборот во Куклиш.

## 2. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ ВО 1944 ГОДИНА

По пристигањето на Струмичкиот партизански одред на теренот на Струмичка околија, одредот формира народноослободителни одбори во селата низ коишто проаѓа. Имено, во почетокот на септември се формирани НО одбори во селата Вељуса, Рич, Белотино, Попчево, и општински НОО во село Василево.

Во почетокот на септември 1944 година Киро Минанов и Ѓорѓи Стоев добија задача да заминат на струмички терен. Покрај задачите за поврзување на партиските кадри, останати без врски поради апсењата, добија задача и да формираат народноослободителни одбори на територијата на Струмичка околија. Беше определен и теренот за работа. Киро Минанов ги доби селата на десната страна од патот Струмица — Ново Село, а Ѓорѓи Стоев на левата. Прво беше формиран НОО во селото Сушево.

Оттука Киро Минанов формира одбори во селата Едрениково, Седларци и доаѓа во Вељуса. Од Вељуса тој заминал за село Попчево каде што го нашол Струмичкиот партизански одред и останал со одредот до неговото влегување во Струмица.

Ѓорѓи Стоев, по Сушево ги обиколил селата Добрашинци, Нова Маала, Висока Маала, Чанакли, Сарај

и на крајот стигнал во Просениково. Во сите нив. се исклучок на Просениково, формира месни НОО. Тие села, освен турското село Висока Маала беа мешани од Македонци и Турци. Изборот на НОО се вршеше на јавни собири на кои селаните сами предлагаа и ја бираа својата месна власт. Во одборите беа застапени Турци и Македонци, според составот на населението. Изборот на НО одбори во некои села (Нова и Висока Маала) се претвори во свеченост. Во овие села имаше поедини мобилизирани четници, кои веднаш го предаваа оружјето, изјавувајќи дека не се бореле против НОВ и не им треба. Во Огражден меѓу селата Сушево, Добрашинци и Нова Маала беа се склониле поголема група селани од полските села Добрејци, Василево и други, со коли и жива стока, за да ги спасат од бугарската војска кои по тие села, насила, ги одземаше колите и добитокот, префрлувајќи ги во Бугарија. Селаните бараа партизаните да ги заштитат, оти бугарските окупатори ги оголеле. Во Просениково тогаш не беше формиран месен НОО, бидејќи Ѓорѓи Трнката веднаш отпатува за Струмица, поради тоа што беше информиран дека Струмичкиот партизански одред влегол в градот.

На 12 септември 1944 година се јавуваат во Одборот во градот голем број од порано организирани другари кои од јули до септември останале без врски, ставајќи ѝ се на располагање на Партијата и градскиот НОО. Од нив беа формирани неколку групи. Овие групи скоро во сите села од Струмичка околија формира месни НО одбори само за два дена. Веднаш по формирањето на одборите, од селата почна да пристига храна и облека за војската. Треба да се спомне дека НО одбори во Подгоријата, во селата Свидовица, Банско, Габрово, Колешино, Смоларе и други беа формирани уште пред влегувањето на одредот во Струмица, и тоа од групата во состав Ристо Стамболиев, Димитар Грчев и Митко Стојанов, аптекарот, а по задача од Ѓорѓи Василев. Во

исто време беа формирани и општински НО одбори во селата Попчево, Муртино, Ново Село и Босилово.

По формирањето на" Околиски комитет на КПМ Струмица, беа формирани месни народноослободителни одбори и во оние села во кои дотогаш не беа формирани, и кои се оддалечени најмногу од градот како Дорломбос, Орманли и други. Исто така, Комитетот со давање на секидневна помош на месните и општинските НО одбори придонесе со поголем успех да се обавува одговорната должност.

Во втората половина на октомври 1944 година, Околискиот комитет на КПМ го организира формирањето на првиот Околски народноослободителен одбор во селото Варварица од избрани делегати на сите општински НО одбори во околијата. За претседател на Околискиот одбор беше избран Иван Палифров. По своето формирање Околискиот НО одбор раководеше со работата на општинските НО одбори во Струмичко. Седиштето на одборот до 5 ноември 1944 година беше во Варварица.

Во овие денови, согласно со планот за натамошното разгорување на сенародната војна, беа формирани и воено-територијални команди, покрај оперативните единици. Во септември беше формирана Команда на струмичкото подрачје, а во почетокот на октомври командите на местата Струмица, Ново Село и Радовиш. Нешто подоцна беше расформирана Командата на местото Ново Село, а на Струмичката команда на подрачјето им беа додадени командите на местата Дојран и Гевгелија. Овие команди ги вршеа своите функции како на ослободената така и на територијата што сè уште ја држеа германските окупатори. При командата на подрачјето постоеше еден батаљон, а при командите на местата по една чета. Тие учествуваа, заедно со оперативните единици, во борбите за ослободување на градот и околијата. Овие команди одиграа значајна улога, освен за мобилизацијата, и во снабдувањето на оперативните единици со храна и

материјали; во заштита на населението од грабежи и насилства и прибирање на податоци од воен карактер. Тие одржуваа тесни врски со НО одбори и ги помагаа во извршувањето на нивните задачи.

Органи на народна власт во лицето на народноослободителните одбори, месни општински и околиски, како и органи на воено територијалната власт, беа формирани на територијата на Струмичка околија пред ослободувањето на градот и околијата. Оваа задача Околискиот комитет, со учество на сите членови на Партијата и на СКОЈ, а со помош и на другите општествено-политички организации и активисти ја изврши со успех. Работата беше олеснета и со тоа што населението од Струмичко даде сесрдна поддршка и помош, за што поуспешно и навремено создавање органи на власта во околијата.

По ослободувањето на градот и околијата, работата на партиската организација и органите на власта беше олеснета и можеше да се помине кон создавање услови за премин кон нормален слободен живот, и отпочнување со обновата и изградбата на нашата земја.

# Г Л А В А VII

## ОДРАЗОТ НА БОРБИТЕ ОД ФЕВРУАРСКИОТ ПОХОД И ПРОЛЕТНАТА ОФАНЗИВА ВО СТРУМИЧКО

### 1. ОДРАЗОТ НА БОРБИТЕ ОД ФЕВРУАРСКИОТ ПОХОД И ПРОЛЕТНАТА ОФАНЗИВА ВО СТРУМИЧКО

Додека во Струмица се правеа усилби да се обноват редовите на партиската организација и да се засили активноста на НОД, во текот на 1943 година вооружената борба на македонскиот народ брзо се прошири, се создаваат нови единици, што го разнесуваат пламенот на вооруженото востание по цела Македонија. Македонскиот народ веќе беше наполно свесен дека само под раководството на КПЈ, заедно со останатите народи на Југославија, може да ги истера окупаторите и да извојува национална и социјална слобода. Манифестот на Главниот штаб и одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, придонесоа уште поцврсто да се манифестира политичкото единство на македонскиот народ.

Борбите што ги водат единиците на НОВ на Македонија во декември 1943 и јануари 1944 година во Мариово, Тиквешијата, Гевгелиско и во Егејска Македонија, создаваат услови да се пренесе оружената борба и во другите краеви на Македонија. ЦК КПМ и Главниот штаб на Македонија со делегатот на Врховниот штаб, за остварување на оваа задача, разработија план за февруарскиот поход, кога доаѓа до преминување на крупни единици на НОВ во Македонија низ територијата на Струмичка околија.

На 10 февруари 1944 година, Третата група батаљони беше на јужното подножје на Беласица и го отпочна маршот од Егејска кон Источна Македонија. Под вонредно тешки временски услови, совладувајќи ги со крајни напори стрмите и завеани со длабок снег терени на Беласица, па преку Огражден и Плачковица, и преминувајќи ја Брегалница, тие излегоа на Осоговските Планини. Овие походи во Струмичко поминаа без поголеми борби со бугарските окупаторски војски, но затоа во тешка борба со зимата и снеговите. До тешки судрувања дошло кај селото Пекљане и на Брегалница — Кочанско, на 16 и 17 февруари 1944 година.

Тогаш за првпат низ неколку струмички села минале единици на НОВ. Иако батаљоните минаа само низ некои мали, планински села од Струмичка околија, овој настан најде силен одраз меѓу народот. Селаните што дошле во допир со овие единици и покрај сѐ поголемиот терор на бугарската полиција, со восхит зборувале за македонските борци. Народот се уверува дека тие не се борат за стара Југославија, односно дека ако победат партизаните тие ќе бидат истепани, како што тоа, уште од 1941 година, систематски го трубеше бугарската пропаганда. Селаните зборувале дека задивува редот и дисциплината кај борците, и дека односот на партизаните кон народот бил таков што тие веднаш ги придобиле нивните симпатии.

Бугарската пропаганда, имала извесно влијание во средината на неинформираното население. Постоел страв од враќање на стара Југославија и нејзиниот терор од жандарите. Преминот на единиците на НОВ низ Струмичко придонесе да се разбие овој страв и да се сфати апсурдноста на лагите на бугарските окупатори. Еве како ги опишува Благој Мучето овие настани, во својот извештај, испратен до Вера Ацева на 20 март 1944 година:

„Скоро секоја седмица се одржуваат собири на власта на кои се зборува за голема Бугарија, а против внатрешните непријатели (Бугарите ни тогаш, како ни сега не го признаваа постоењето на македонската нација б. н. ). Ако биде победена Германија, (а со тоа и Бугарија), ќе дошле Срби и сите ќе биле исклани. По селата владееше страв. Ама откако партизаните преминаа за Огражден, околу средината на февруари, и влегоа во неколку планински села, оттогаш друго почнаа да зборуваат. За да ги разбие нивните симпатии кон партизаните, власта испрати свои луѓе по селата да зборуваат дека тие се избиени во близината на Виница".

Со својата лажна пропаганда окупаторите не успеаја да постигнат поголем ефект. Народот веќе беше уверен дека постојат крупни единици, составени од

најдобрите синови на македонскиот народ и дека се тие единствени борци за неговата слобода. Населението, исто така, не веруваше дека партизаните се уништени.

Уште поголемо значење за популаризација на Народноослободителната борба, во овој крај од Македонија имаа борбите на таканаречената „Осоговска група", т. е. Трета македонска бригада и единиците на 6-та Јужноморавска и 1-ва Косовска бригада, водени во мај и јуни 1944 година, на теренот на Огражден и Беласица. Овие акции временски се совпаѓаа со воздушниот напад на Дрвар (25 мај 1944 г. ); тие беа дел од познатата пролетна офанзива во Македонија. Во тоа време борби се водеа во цела Македонија, во кои беше вклучен поголемиот дел од народот. Во Македонија се разви општонародно востание. Додека бугарските фашисти ја подготвуваа својата офанзива, Главниот штаб на Македонија планираше да преземе акции за натамошно ширење на востанието и во оние краеви, што уште не беа зафатени со вооружените борби. По тешките борби што ги водела „Осоговската група", составена од два батаљони од Третата македонска ударна бригада, потоа еден Косовски еден Јужноморавски батаљон, и Гевгелискиот партизански одред, Главниот штаб на Македонија донел решение да се премине во контраофанзива низ источна Македонија, за да се прошират борбените дејства во оваа територија, да се создаде слободна територија во тој дел на Македонија и да се подобрат условите за мобилизација на нови борци. По тешките борби водени од групата на Крива Река, Лисец, Косматица, Саса и Плачковица, таа на 25 мај 1944 година, избива на територијата на Струмичка околија во селото Нивичино. На 26 мај „Осоговската група" презема движење кон Малинска Планина. Кога излегла на гребенот на оваа планина, бугарската артилерија отвора огин од реонот на село Амзали. Во близината на кота 1258, реон Палазлија, било наредено групата да се прибере и подготви за борба, бидејќи било јасно дека до судир ќе дојде наскоро. Еден баталјон, што

бил испратен во извидување, открил дека котата 1285 е поседната од Бугарите, со проценет број од 500—600 војници. Вториот и Третиот баталјон биле одредени да појдат во напад. Косовскиот баталјон бил определен во резерва, со правец на движење како и Третиот батаљон, Јужноморавскиот бил оставен во заштитница, со задача да ги штити од бугарската колона што се движела зад групата.

Кога Вториот и Третиот баталјон се приближиле на 50 метри од бугарските позиции, со краток но силен огин од автоматско оружје и со јуриш, со бомби и борба гради в гради го разбиле, отфрлиле и продолжиле да го гонат непријателот по патот Берово — Струмица, а потоа се префрлиле на гребенот Палазлија. Бугарската војска оставила големи количини оружје, муниција и материјал, кој веднаш бил употребен за борба против нив. Непријателските војници во панично бегање не се запреле сè до Струмица.

Ноќта на 25 спроти 26 мај „Осоговската група" стигнала во селото Стиник, а на 27 мај — на врвот на Хаџиница, североисточно од Стиник каде што денувала. Предвечер, групата избила на реката Струмешница, ја минала неа кај Златарево, движејќи се по денешната југословенско-бугарска гранична линија и влегла во селото Габрене (дел на бугарска територија), каде што ја ликвидирала бугарската гранична караула. Ноќта, групата го продолжува движењето преку Беласица, и влегла во Егејска Македонија. По неколкудневни борби во овој дел од Македонија, Главниот штаб донел одлука групата да се префрли преку Беласица, во обратен правец, пак низ Источна Македонија, и тоа покрај Струмица, Радовиш, Штип и Кочани во Осоговските Планини.

Во ноќта на 31 мај, спроти 1 јуни 1944 година, групата со усилен марш, брзала да го премине патот Струмица — Валандово, кај селото Костурино, за да се пробие кон Конеченските Планини. Но и покрај сите усилби, поради тешките услови, не успеала да стигне до

Костурино. На 1 јуни, в зори избила кај Костурино, но предходницата открила јаки бугарски сили, пешадија и артилерија, западно од селото. Покрај тоа била забележена бугарска војска на врвот Голашец. Наредено било баталјоните веднаш да извршат јуриш, но поради недоразбирање бил пропуштен најпогодниот момент и непријателот отворил силен артилериски огин по единиците на групата. Откако единиците избиле на Бајерми Тепе, била донесена одлука, единиците да го променат правецот на движењето. Еден баталјон бил оставен на Бајерми Тепе, за заштита, а главнината имала цел да го обиколи Костурино, да го помине патот под селото Триводи, а потоа да го продолжи движењето кон селото Белотино. Во моментот кога главнината го преминувала патот Струмица — Костурино, наишла колона од 11 бугарски камиони кои сосе посадата биле заробени, а камионите запалени. Борбата на групата за преминување на патот Струмица — Валандово траеле скоро цел ден. Предвечер, на 1 јуни 1944 година, единиците се прибрале во село Белотино. Додека се воделе борби од Бајерми Тепе до Градешката Планина, бугарските единици од Струмичкиот гарнизон, ги запоседнале врвовите јужно од Струмица за одбрана на самиот град. Треба да се одбележи дека во борбите околу Струмица бил тешко ранет и Панче Пешев. Неколку часа подоцна, тој издахнал кај селото Кушкули, каде што бил и погребан од своите другари — соборци.

Населението со големи симпатии ги следело успесите на единиците од НОВ како на Огражден така и во Беласица и на патот Струмица — Валандово. Во тие денови голем број младинци од Струмица изјавиле желба да стапат во редовите на НОВ. Но поради јаката блокада на градот од страна на бугарската војска и полиција, и покрај направениот обид, не се успеало да се поврзат со единиците на НОВ. Овие успеси влеваат уште поголема увереност кај населението во конечната победа на Народноослободителното движење. За овие настани во

својот извештај до Вера Циривири од 4 јуни 1944 година, Благој Мучето пишува:

„Тука од 25 мај до денес се водат борби помеѓу Третата бригада и окупаторите. Откај вас (мислел од правец на Штип б. н. ), 20—30 камиони непрекинато пренесуваат војска, исто 20—30 камиони и од кај Петрич. На 25 мај ги блокираа патиштата Струмица—Радовиш, Струмица—Петрич и градот. Никој надвор не смееше да излегува. Истиот ден почнаа да се слушаат пукотници на рачни бомби и артилерија. Теснецот Струмица—Петрич беше претрупан со војска. Командантот на тукашниот гарнизон се пофалил јавно дека партизаните попаднале во јазел и дека ќе бидат до еден истепани. Но, борбата продолжуваше со уште поголема жестокост. Пукотот што беше отпочнал на Огражден, се пренесе кај Радовиш. Утредента отпочна поголема борба. Болничката кола донесуваше на двапати ранети окупаторски војници. Борбата траеше цел ден. Еден бугарски офицер расправал дека тие се (партизаните б. н. ) бореле со голем борбен дух и како лавови, а имале и многу добар распоред. Го прашале како така да се префрлат во Беласица, кога беше сè пренатрупано со војска. Тој рекол дека и за нив останува неразјаснето ова прашање". Понатаму тој пишува: „На 28 мај војската почна да се повлекува за Штип и Петрич, мислејќи дека тие се префрлиле во Грција. Каква беше изненадата за сите нив кога по два дена, почнаа пак да доаѓат нашите, кои наместо во Грција дошле во блиските села на Струмица".

Народот бил одушевен од личната храброст, од дисциплината и организираноста на Народноослободителната војска. Окупаторската војска не само што не успеа да ги уништи, туку даде и бројни жртви. Луѓето посебно биле восхитени од хуманоста на партизаните, кога во Дервенската Река кај варцилниците заробиле 11 камиони, а од заробените бугарски војници ниеден не бил убиен, туку биле пуштени да си одат. Наспроти тоа, двајца болни партизани, кои се изгубиле во Беласица, биле фатени и стрелани во Струмичката касарна. Едниот од нив бил Стојмен Стојменов од — Кривопаланечко. Тоа во многу придонесе само неколку месеци покасно, кога се

прошири вооружената борба на македонскиот народ и во Струмичка околија, голем број младинци да стапат во редовите на Народноослободителната војска.

# Г Л А В А VIII

## ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СТРУМИЦА

### 1. ФОРМИРАЊЕ И АКЦИИ НА СТРУМИЧКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

Уште во 1943 година, вооруженото востание во Македонија поприми изразит сенароден карактер, а во 1944 година, со вооружените борби се опфатени сите краишта на Македонија. Годината 1944 беше карактеристична уште и со големите успеси во борбата против бугарските и германските фашистички единици, со натамошниот развој и зацврстување на НОВ и ПОЈ во Македонија. Во пролетната офанзива, бугарските окупатори настојуваа да го спречат натамошниот развиток и да ги уништат постојните единици на НОВ во Македонија. Меѓутоа. непријателот не само што не успеа да ги уништи единиците на НОВ, туку офанзивата заврши со неговата пропаст. Резултатите од офанзивата беа такви што бугарските единици се повлекоа во градовите со што слободната територија се зголеми.

Така, кон крајот на август слободната територија се прошири во планинските терени на Осоговските

планини, Плачковица и Огражден. Проширувањето на слободната територија овозможи прилив на нови борци и формирање на нови единици. Во врска со новонастанатата ситуација ЦК на КПМ и Главниот штаб на Македонија, преземаа мерки да се прифатат и вклучат новите борци во воените единици и да се помине кон формирање на поголеми единици — дивизии и корпуси. Поради тоа Главниот штаб на Македонија изработи план, според кој е извршена реорганизација, а територијата на Македонија е поделена на четири оперативни зони и тоа:

I зона — Кумановски, Велешки и Скопски округ;

II зона — Битолски и Прилепски округ и Тиквешкото подрачје;

III зона — Штипски и Струмички округ и

IV зона — Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово и Струга.

По одржувањето на првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, ЦК на КПМ на 4 август одржа состанок на кој беа разгледани мерките што треба да се преземат, за спроведување решенијата на АСНОМ. Во прогласот од Првото заседание на АСНОМ, се повикуваше македонскиот народ да стапи во редовите на НОВ на Македонија, да се дигне против окупаторите, за да ја развива понатаму НО борба.

За проширување на вооруженото востание, на 10 јуни 1944 година, во источна Македонија е формиран Плачковичкиот одред, кој дејствуваше на теренот: Плачковица — Огражден — Малешевските планини. Покасно, на 23 јули 1944 година од луѓето на Плачковичкиот одред и новодојдените борци е формирана Четвртата македонска ударна народно-ослободителна бригада на Лисец, на планината

Плачковица. Веднаш по своето формирање, бригадата извршува низа успешни акции.

Во месец август 1944 година, на Бел Камен, во планината Плачковица, беше формиран Струмичкиот партизански одред од десетина борци од Четвртата бригада. За командант на одредот беше поставен Боро Поцков — Мирко, а за политички комесар Момчило Митревски. Одредот веднаш заминал на теренот кон Струмица, со цел да прибере нови податоци и да го прошири вооруженото востание. Тој доби задача да формира и народноослободителни одбори на овој терен. Одредот најпрвин влегол во селото Подареш — Радовишко, во кое ја уништува општинската архива. Потоа тој го минува патот Радовиш — Струмица и пристига во селото Калуѓерица — Радовишко. Во Калуѓерица борците го нашле Кољо Настев — калајџија од Струмица и му дале писма од Обласниот комитет на КПМ, испратени за Ињо Богоев, кмет на Струмичката општина и за Васил Карчев.

Вера Ацева му препорачала на раководството на одредот во Калуѓерица да се поврзат со Вејсел Нуман член на Партијата. На 30 август квечерината бил одржан митинг во селото и формиран Месен НО одбор. Од ова село доброволно стапуваат во одредот десетмина нови борци. На месниот одбор му биле поставени задачи за работа, меѓу кои и таа да не им се дава ништо на бугарските окупаторска власти, како и да собираат храна и податоци за одредот. Од Калуѓерица одредот продолжува за селото Липовик, а од овде за Конче. Во сите села низ кои минал одредот, ги палел архивите на општините и кметските наместници. По пристигањето во Конче, Струмичкиот партизански одред веќе броел околу 30 борци, но поголемиот дел од нив сѐ уште бил без оружје, поради што раководството на одредот одлучило да се врати на Бел Камен. И откако се наоружале, истиот ден гргнале назад и се враќаат пак во Конче. Од Конче одредот се префрлува на територијата на Струмичка околија и прво влегува во селото Вељуса, само на 10

километри од Струмица. Во селото населението набргу почнало да се прибира. На селаните, а посебно на турското население, окупаторот им одзел сè ; секири, ловциски пушки и слично. Одредот веднаш им ги вратил сите одземени оружја кои се наоѓале кај кметскиот наместник, и ја изгорел неговата архива. Преку кметскиот наместник му испратиле писмо на Арсо Кујумџиев, кмет на Василевска општина, наредувајќи му да ја предаде власта на НОО, да ги предаде општинските и други пари и да се предаде контрачетата, поточно, оружјето што го имала. Тој ги прифатил сите услови на одредот. Утредента дошле во село Василево командантот и заменикот на командантот на одредот и им наредиле на селаните, мобилизирани во контрачетата, да дојдат во Вељуса и да го предадат оружјето, што тие и го сториле. Со ова оружје биле наоружани новодојдените борци.

Со влегувањето на одредот во село Вељуса, од градот и селата почнале да пристигаат голем број доброволци, главно младинци. Одредот од Вељуса продолжува за селата Рич и Попчево. По патот до Попчево, кон одредот се приклучуваат голем број новодојдени борци. Само неколку часа пред да стигне одредот во Попчево, Општинскиот кмет, откако ги однел општинските и други опљачкани од народот пари, избегал во Бугарија.

Во тој период бугарските единици се беа повлекле во градот, и во сите споменати места одредот не најде бугарски сили. Бугарските војници во поголеми групи излегуваа во полските села заради пљачкање и брзо се повлекуваа во градот. Народот од сите села, низ кои мина одредот, го пречекуваше со големо одушевување и од сите овие села се јавуваа нови доброволци, така што, кога стигна во селото Попчево, одредот веќе броеше неколку стотини борци.

## 2. КАПИТУЛАЦИЈА НА БУГАРИЈА И ВЛЕГУВАЊЕ НА СТРУМИЧКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ВО СТРУМИЦА

На 9 септември 1944 година командантот на Струмичкиот партизански одред од Попчево, по капитулацијата на Бугарија, стапува во телефонска врска со командантот на Струмичкиот гарнизон — бугарскиот полковник Сарафов, на кого му ги поставува следните услови:

— Цивилната власт да се предаде на Народноослободителниот одбор;

— Да престане пљачкосувањето на магазините во градот, а стоката да не се носи во Бугарија;

— Да не се собира реквизиција од селата на Струмичката околија;

— Да не се малтретира населението.

Раководството на одредот не поставило безусловно разоружување на бугарските единици во Струмица или за нивното стапување во борба против Германците, и покрај тоа што не постоела наредба од Главниот штаб на Македонија во тој поглед, бидејќи командантот на 48-иот полк изјавил дека е сега „сојузник".

Во градот во тоа време функционирал НО одбор набележан уште од Благој Мучето и раководен од инж. Ѓорѓи Василев. Бугарскиот фашистички полковник Сарафов, командант на 48 полк, побарал од командантот на одредот Боро Поцков, одредот да не врши против нив никакви акции, зашто од овој ден станале „сојузници". Утредента на 10 септември, полковникот Сарафов, преку општинскиот кмет во

Струмица Ињо Богоев, побарал да му даде курир, за да однесе порака до командантот на Струмичкиот одред. Преку Васил Карчев, тој побарал од инж. Ѓорѓи Василев да одреди курир за тоа. За курир бил одреден Димитар Ѓрчев — Таќи (денес професор на Техничкиот факултет во Скопје). Полковникот барал средба за преговори со командантот на одредот. На средбата во која од бугарска страна учествувале група офицери, а од страна на НОВ претставници на Струмичкиот партизански одред, се согласиле на 11 септември 1944 година, одредот да влезе во Струмица. Одредот стапил во телефонска врска и со Валандово, односно со Мито Теменутов, од каде што добил податоци за движењето на германските единици. Во градот одредот влегол на 11 септември, но само со оние борци кои биле наоружани. Пред тоа биле испратени упатства до НОО во градот да изврши подготовки за пречек на одредот. Покрај другите пароли испишани и истакнати на општинската зграда биле и овие „Смрт на фашизмот — Слобода на народот!", „Да живее македонската војска" и други. Одредот бил пречекан од повеќеилјадно население од градот и околијата. Одушевеноста на населението била неопишана. Одржан бил и првиот митинг во ослободена Струмица, на кој зборувале командантот на одредот Боро Поцков и Киро Минанов.

За првпат по многувековното ропство во Струмица се вееше победоносното црвено знаме на слободата. Струмица беше ослободена од своите синови и ќерки, од својата Народно-ослободителна војска, израсната во четиригодишната и тешка борба на македонскиот народ, против бугарските, италијанските и германските фашистички поробувачи и нивните помагачи-предавници. Радоста на струмичани беше уште поголема, кога почнаа од своите редови, од редовите на работниците, селаните и интелигенцијата да избираат народна власт. Таа беше нивна, а не натурена од Срби, Грци или Бугари, ниту пак од предавници од типот на михајловистите.

Веднаш по влегувањето на Одредот во Струмица, градскиот НОО, издаде наредба, секој кој располага со оружје да го предаде. Беше собрана поголема количина оружје. Некои граѓани кои чувале старо оружје со десетици години, останато уште од Илинденскиот период, го донесоа и предадоа. Со него беа наоружани новодојдените борци на одредот, кој веќе броеше околу 400 души. Но оружјето, од страв, го предадоа и некои соработници на бугарската полиција и приврзаници на михајловистите.

Во градот немаше никакви резерви од храна ниту други стоки. Трговските дуќани беа празни. По издадената наредба од Градскиот НОО, за продавање на наличните стоки по нормални цени, се појави по дуќаните извесна количина стока, како текстил, галантериска стока и друго. Најтешко беше со хранителни продукти. Брашно немаше никаде. Два вагона брашно, кое стигнало за населението во Струмица, го запленила бугарската војска пред ослободувањето на градот, за да ја отежни положбата на народната власт и населението. Сета реквирирана стока, Бугарите сакаа да ја одвлечат во Бугарија. Со одлучна интервенција на одредот и градскиот НОО, тоа беше спречено, но дел од неа беше однесен. Во градот се формира Народна милиција од доброволци, кои се грижеа за редот и чување на јавните објекти.

Меѓутоа. на 18 септември 1944 година, градот го нападна 16-от германски пешадиски полк, од 22-та германска дивизија и по тешки борби со Четвртата македонска бригада (Четвртата бригада по низа успеси во Брегалничката долина беше префрлена во Струмичко), успеаја да ја преземат Струмица. Бригадата и Струмичкиот партизански одред, се повлекоа во правец на Огражден. 48-от Бугарски полк, на 17-ти септември вечерта, без да ја извести Четвртата македонска бригада и Струмичкиот партизански одред, ја напушти Струмица и се повлече на граничната линија

Коњарево — Ново Село — Дражево, одбивајќи да води борба против Германците.

За да ги сочуваат своите имоти, и од страв за животите на своите фамилии, група поимотни лица од градот, на 18-ти септември 1944 година, формира некаков одбор, на кој му даваат име „Црвен крст", и кој ја примил на себе задачата, да ги снабдува германските единици со храна и други материјали. Овој одбор дејствува само четири дена. Во текот на октомври е формиран од германците некаков „Совет" во градот со иста цел.

На 17 септември, при ненадејното напуштање на Струмица од бугарскиот 48-и полк, тие оставиле во касарната околу 400 тони брашно. За да не падне во рацете на Германците. НОО и група активисти го организираа префрлувањето на брашното во селата Баница, Водоча и Вељуса. Набрзина беа мобилизирани повеќе граѓани, со коли и коњи, и на 17-ти септември вечерта, брашното беше изнесено од магазините на касарната и сместено во овие села. Само мал дел од него падна во рацете на германските окупатори, додека другото се употреби за исхрана на населението и единиците на 51-та дивизија, по нејзиното формирање во октомври 1944 година.

## 3. БОРБИ ВО РЕОНОТ НА СТРУМИЦА ВО СЕПТЕМВРИ 1944 ГОДИНА

На територијата на Грција и Албанија во 1944 година, Германците имаа концентрирано доста големи сили (околу 400.000 војници), во армиската група „Е", а под команда на фелдмаршалот Лер. Приближувањето на Црвената армија кон границите на Бугарија, ја влошува положбата на Германските единици во Грција и Албанија. Германската команда била принудена да презема мерки за извлекување на оваа армиска група, и

беше свесна дека тоа, низ територијата на Југославија, ќе биде тешко и низ борби со НОВ и ПОЈ. Дел од своите сили, по капитулацијата на Бугарија, командата ги испрати во Македонија за да ги заземат поважните стратегиски места и да го олеснат извлекувањето на групата „Е". Германците лесно освоија повеќе градови во Македонија, поради неактивноста на бугарските единици што се најдоа во Македонија. Армиската група „Е", за извлекување на своите единици од територијата на Грција ги користеше овие правци:

Солун — Дојран — Валандово — Струмица — Штип — Скопје;

Солун — Гевгелија — Титов Велес — Скопје; и

Лерин — Битола — Титов Велес — Скопје.

За да го осигурат извлекувањето во правецот:

Дојран — Струмица — Штип,

Германците го испратија 16-от германски полк, зајакнат со третиот баталјон од 65-от полк. Потоа 65-от полк го смени 16-от, упатен во реонот на Берово — Царево Село (сега Делчево). Единиците од 65-от полк го отфрлија 48-от бугарски полк, источно од Ново Село, на југословенско-бугарската граница, при што заробија две дивизии бугарска артилерија. (Заробените бугарски војници кои беа држани во струмичкиот Монопол, беа ослободени на 5 ноември 1944 година, од единиците на НОВ).

Откако бугарскиот 48-ти полк, на 17-ти септември 1944 година беше истеран од Струмица, во градот и на позициите останаа Четвртата македонска бригада и Струмичкиот партизански одред. Покасно бугарските единици се вратија и тоа без согласност од Главниот

штаб на НОВ на Македонија, на територијата на Струмичка околија. Тие беа распоредени во поширокиот реон на Ново Село. По силниот притисок на германските единици на 18 септември, Четвртата бригада и Струмичкиот одред беа принудени да ја напуштат Струмица и да се повлечат кон Огражден.

На 21 септември, кога неколкумина членови на Околискиот комитет, поминаа во селата од Новоселска општина, а по договор со командантот на Струмичкиот одред Боро Поцков, тие во Ново Село побараа од командантот на 48-от бугарски пешадиски полк, на 22 септември да тргне во напад на Струмица. Бугарскиот командант се противеше под изговор дека немал наредба за акција од својата команда. Тие го запознаа дека Четвртата македонска бригада и Струмичкиот партизански одред се готови за напад во раните утрински часови и бараа заедничка акција. Кога не успеаја да го наговорат почнаа да му се закануваат, но ни тогаш не даде дефинитивен одговор, туку се колебаше. Од друга страна во Ново Село бугарскиот командант, за носител на власта уште го сметаше бившиот општински кмет Атанас Мачуков, а не народноослободителните одбори — општински и месни. Членовите на Комитетот му обрнаа внимание на овој факт, а бившиот општински кмет го разоружаа во неговиот стан. На 22 септември изутрина се слушнаа пукотници, што покажуваше дека Четвртата бригада и Струмичкиот одред тргнале во напад на Струмица. Потоа сакале или не, тргнаа во тој правец и бугарските единици, но нивното движење беше сосема бавно, иако пред себе немаа германски единици. На 22 септември 4-та македонска бригада и Струмичкиот партизански одред, ги потиснаа Германците и влегоа во градот. А бугарските единици, дури по неколку часа, и откако разбраа дека Германците се отфрлени од Струмица, исто така влегоа во градот. Германските единици, по напуштањето на Струмица зафатија позиции на

линијата: Три Води — Попчево — Рич. Во исто време тие добиваа засилувања од својата 22 дивизија.

По повторното преземање на Струмица од страна на 4-та бригада и Струмичкиот одред, еден баталјон од бригадата беше упатен да го сруши мостот на Вардар, кај железничката станица Удово. Струмичкиот одред беше расформиран и влезе во составот на Четвртата македонска бригада, како нејзин пети баталјон. Неколку дена потоа, кон крајот на септември, командата на Педесетата дивизија нареди да се одделат околу 60 борци, кои да влезат во состав на новоформираниот Струмички партизански одред. Новоформираниот Струмички одред добил задача да се префрли и дејствува во реонот јужно од Струмица — Валандово, Фурка, Дојран и Гевгелија — каде што други единици во тој период немало. Одредот добил задача да дејствува со диверзии и препади на германските колони, кои се движат по комуникациите во тој реон, да формира органи за борба и органи на народна власт и да врши мобилизација на луѓе за единиците на 50-та а покасно и на 51-та дивизија. Поставените задачи одредот успешно ги реализира, под мошне тешки услови, поради интензитетот на движењето на германските единици во тој реон. Одредот од крајот на септември до почетокот на ноември 1944 година, врши препади на германските колони, минира мостови и пропусти на патот Дојран—Валандово и Валандово—Струмица. Мобилизираните луѓе ги предава на Четвртата и другите бригади од 51 дивизија. За тоа време одредот одржува врски со Четвртата бригада од која и добива задачи за акции. На 6 ноември 1944 година, одредот учествува во ослободувањето на Богданци и други места од Гевгелиска и Валандовска околија. По ослободувањето на Струмица, кога Четвртата бригада добива задача да ја затвори границата кон Грција, Струмичкиот партизански одред влегува во состав на Четвртата македонска ударна бригада. На 23 септември, четвртиот батаљон од Четвртата бригада, откако не успеал да се

префрли во позадина на германските единици кај Попчево, заедно со некои делови од 48 бугарски полк ги поседнаа позициите западно од Струмица, на Курија. Истиот ден, предвечер, беше упатен еден батаљон од Бригадата да ги затвори позициите спрема Германците, на местото на одделни единици од 48-от бугарски полк кои избегаа и ги напуштија позициите. На 24 септември 4-от батаљон беше сменет на позициите од вториот батаљон. На 24 и 25 септември бригадата водеше успешна борба против германските единици, вршејќи неколку пати јуриши на одделни германски утврдени точки.

Откако беа поседнати позициите во реонот на Чам Чифлик — Курија, кон Попчево, командантот на 4-та бригада Коле Пеев — Груев, политичкиот комесар Раде Гогов — Црноречки и командантот на Струмичкиот партизански одред Боро Поцков — Мирко, отидоа да се договорат со командантот на 48-и бугарски полк во Босилово, за заеднички напад на германските положаи во поширокиот реон на Попчево. На 23 септември тие се сложија нападот да се изврши на 26 септември, со цел, да се потиснат непријателските единици од овие положаи. Бугарската артилерија требаше да изврши артилериска подготовка чии положаи се наоѓаа југозападно од Босилово.

Меѓутоа, на 26 септември, бугарскиот 48-и пешадиски полк, наместо да тргне во напад, ги напушти положаите, а бугарската артилерија наместо да ја изврши својата задача и да ги поддржува единиците што напаѓаа, отвори огин зад нашите положаи, со што уште повеќе ја влоши положбата на 4-та македонска бригада, и придонесе да се зголемат нејзините загуби. Во случајот не се работеше за незнаење или грешка, туку за смислена злосторничка акција на бугарските офицери, кои не можеа да се помират со фактот, дека треба да се борат против своите довчерашни сојузници — германските фашистички војски.

Во попладневните часови Струмица и положаите јужно од градот ги надлетаа бугарски авиони но и тие наместо да ги нападнат германските единици, се вратија и дел од бомбите ги исфрлија врз една своја позадинска единица, која беше разместена во лозјата наоколу три километри југоисточно од градот. Бугарите набрзина ги собраа ранетите и мртвите од сопствената авијација и ги однесоа кон Петрич. При враќањето кон бугарската територија, авионите, со преостанатиот дел од бомби го нападнаа селото Колешино, Струмичко на дваесетина километри источно од Струмица. Во Колешино од нападот на „сојузничките" бугарски авиони, загинаа седум лица, повеќе беа ранети и разрушени 15 куќи. Еве ги и имињата на убиените: Фроса Костадинова, Каранфила Ристомилчева, Ристо Дучев, Слава Костадинова, Доста Весева, Ветка Ташева, Сандо Тилев. Но тоа не ѝ пречеше на бугарската пропаганда преку радио Софија, секојдневно да се фали како нивните единици во реонот на Струмица водат тешки и крвави борби против германскиот фашизам.

Бугарскиот 48-и полк по напуштањето на положаите на 26 септември 1944 година, во панично бегство и безредие се упати кон Петрич. Четвртата македонска ударна бригада тогаш ја прими сета тежина на себе и давајќи отпор, на 27 септември, се повлече во правец: Струмица — Василево — Добрашинци. На 27 септември, на положај беше упатен 39-от бугарски полк, но и тој кога стигна кај „Свети Илија", при првото припукување на група Германци, се даде во панично бегство кон Ново Село и Огражден. Една група наши раководители се обидоа да ги средат и окуражат бугарските војници, но сè беше залудно. Тие беа толку деморализирани што ништо не можеше да ги задржи. Први и тоа на коњи избегаа офицерите, оставајќи ги своите војници сами. Некои од бугарските војници при тоа, одговараа: „Лесно вие вам, вас не ве водат офицери-фашисти, како што се нашите". Кога не успеа задржувањето, се пристапи кон разоружување на

бугарските војници, на некои места, при преминувањето на реката Струмешница. Без противење тие ги фрлаа пушките, како да чекаа што поскоро да се ослободат од нив и да се најдат што подалеку од местото на борбите.

Во борбите што во тие денови се водеа јужно од Струмица, загубите на 4-та македонска бригадата изнесуваа 18 мртви, 17 тешко и 11 полесно ранети. Поголемиот дел од овие загуби беа дадени по напуштањето на положаите на единиците на 48-от бугарски полк, кога бригадата ги задржуваше германските напади.

На 28 септември група од околу 150 германски војници ги нападна нашите единици во реонот на селата Добрашинци и Нова Маала. Во судрувањето кое траеше неколку часа, фашистите беа разбиени и отфрлени кон Струмица. При повлекувањето тие се обидоа да го запалат селото Нова Маала, но успешното дејство на нашите единици ги спречи во тоа. Во тие борби 4-та македонска бригада изгуби тројца борци и еден тешко ранет. Германците дадоа пет мртви во оваа борба.

## 4. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СТРУМИЧКА ОКОЛИЈА

Постигнатите големи политички и воени успеси, со приливот на голем број борци во единиците на НОВ, на Главниот штаб и ЦК КПМ, им даде можност да разработат план за формирање на нови крупни единици. Нивното формирање се вршеше, едновремено со водењето на тешки борби со непријателот. Формирањето на овие единици заврши кон средината на октомври. На 17 септември 1944 година, во селото Митрашинци беше формирана 50-та македонска дивизија, која во својот состав опфаќаше три пешадиски и една артилериска бригада. Во борбите за Струмица учествуваше 4-та бригада од оваа дивизија На 18 октомври, од новодојдените борци во Широк Дол (Плачковица) е

формирана 51-та македонска (струмичка) дивизија исто од 4 бригади, која веднаш потоа заминува во реонот на Струмица.

Во ова време дојде до контакти за соработка помеѓу врховните команди на југословенските и бугарските армии. По приемот на генералот Добри Трпешев од Врховниот командант Јосип Броз — Тито, беше дадена согласност одделни бугарски единици да земат учество во борбите против германските окупатори на територијата на Југославија. Овој факт бугарските војни историчари денес на широко го фалсифицираат и експлоатираат. Бугарските единици сообразно со оваа дозвола, добиле задача од командата на Третиот украински фронт, во октомври да отпочнат со акции против Германците. Потоа на еден состанок во Софија меѓу командантот и политичкиот комесар на Главниот штаб на Македонија од наша, и претставители на бугарската армија, беше утврдено во основни линии, заедничката акција на нашите и бугарските единици во Македонија.

Според овој план нашиот Брегалничко-струмички корпус требаше да дејствува заедно со 4-та бугарска армија, со задача да ги очистат од непријателот Брегалничката и Струмичката долина. 51-та македонска дивизија, заедно со 7-та бугарска дивизија и вториот коњички полк добија задача, да ја освојат Струмица, а потоа и Валандово, Дојран и Гевгелија.

Во меѓувреме настана реорганизација и дислокација и во непријателскиот табор. Кон средината на октомври германската група „Катнер", го смени во Струмица 65-от гренадирски полк, освен третиот баталјон. Групата „Катнер" ја сочинуваа: една полковска група, еден морнарички баталјон, и еден кавкаски баталјон. Покасно таа учествуваше во борбите кај Штип.

Во операциите во Струмичко учествуваше само 51-та македонска дивизија, а по 24 октомври кон неа се приклучија бугарските единици (таканаречената струмичка група), составена од 7-а рилска дивизија и

вториот коњички полк, распоредени на југословенскобугарската граница, во реонот на Ново Село. На положаите на Цами Тепе (Огражден), покасно избива 5-и бугарски полк, чија задача беше да го затвори патот од Струмица кон Берово. Сите овие бугарски единици требаше да содејствуваат на 51-та Македонска дивизија, во операциите за ослободувањето на Струмичката Котлина, но тие до крајот на борбите за Струмица останаа наполно пасивни на своите положаи.

Педесет и првата дивизија, почнувајќи од 21 октомври 1944 година, па сè до ослободувањето на Радовиш и Струмица, водеше постојани тешки борби. Во моментот на своето формирање дивизијата располагаше со 1700 пушки, 32 пушкомитралези, 17 митралези и 8 минофрлачи. Во тек на борбите од запленетиот материјал и оружје и со приливот на нови борци, веќе кон средината на ноември бројната состојба нараснува на 6000 борци (при формирањето изнесувало 2100), со 3471 пушки. На 19 октомври дивизијата доби наредба да се префрли во реонот на Струмица и да ги затвори правците Валандово — Струмица; Струмица — Берово и Струмица — Ново Село, за да го пресече движењето на Германците во овие правци. Дивизијата исто така доби задача во погоден момент да ја ослободи Струмица и ја затвори границата спрема Грција. Истиот ден дивизијата тргна и на 20 октомври излезе на патот Радовиш — Струмица, со тоа 20-а бригада дојде во Дукатино; 4-а бригада во Сушево; 21-та бригада — во Добрашинци и артилериската бригада — во Нова Маала. 51-та дивизија водеше најжестоки борби во реонот на Радовиш, потоа кај селото Костурино, како и за конечното ослободување на Струмица.

Веднаш по пристигањето на дваесет и првата и артилериската бригада во реонот Добрашинци — Нова Маала, тие добија наредба да ги ликвидираат германските посади во селата Чанаклија, Гечерли и Амзалија. Тие без да се задржуваат во движење ги потиснаа германските посади во селата Чанакли и

Гечерли, но кога избија во реонот на Амзалија, наидоа на доста силен германски отпор. Во текот на најжестоките судирања, околу зградите во Амзалија, пристигнало известие од 5-от бугарски полк, дека тој има намера да се спушти северно од Амзалија. Тогаш Командата на 51-та македонска дивизија наредила двете нејзини бригади (21-та и артилериската), да се повлечат кон Палазлија во Огражден. Ваквата наредба уследила поради лошото искуство од заедничките дејства со бугарските единици, од 26 септември во реонот на Чам Чифлик, за да не се најдат нашите единици помеѓу германските и бугарските, од што би настрадале. Оваа заповед двете македонски бригади не ја извршиле, поради нејзиното задоцнето добивање, та борбите продолжија и на 22 октомври. Меѓутоа, бугарскиот 5-и полк и покрај испратеното соопштение, не стигнал во реонот на Амзалија, туку останал на Џами Тепе во Огражден и дури на 23 октомври, тргнал од Џами Тепе, задржувајќи се притоа на Палазлија што е доста далеку од Амзалија. Впрочем 21-та и артилериската бригада, како и командата на дивизијата и не сметале дека можат да организираат тесно содејство со бугарските единици.

На 23 октомври, 21-та бригада добила наредба да го прекине допирот со Германците, да се повлече во реонот на Палазлија и по краток одмор, да се упати кон селата Дукатино и Сушево, каде остана во заседа сè до 28 октомври. Артилериската бригада доби наредба да се упати во реонот на селата Амзалија, Гечерли и Чанакли, со задаток да го затвори патот кон Берово. На овие положаи бригадата имаше повеќе изведувачки судрувања, сè до 28 октомври 1944 година.

20-та бригада преку целиот ден на 22 октомври, водеше борби со една германска колона, која се движеше од Струмица кон Штип. Радовиш два пати преминуваше од раце в раце. Истиот ден предвечер, германската колона, беше натерана да се врати во Струмица. Потоа бригадата се упати во заседа во реонот на селото Ињево, а покасно во клисурата на Пилав Тепе.

На 22 октомври 1944 година, група од околу 100 германски војници од селото Владевци, преку Трибичино го нападнаа селото Варварица, каде се наоѓаа Командата на струмичкото воено подрачје, дел од членовите на Градскиот и Околискиот НО одбор и некои членови на Околискиот комитет на КПМ. Нападот беше извршен околу 6 часот наутро. Прво беше нападнато селото Трибичино при што загина еден борец од командата на подрачјето, а друг беше ранет. Потоа непријателот се упати кон Варварица, помогнат од минофрлачки огин од реонот на селото Трибичино. Со одлучен отпор и противнападот од баталјонот на струмичкото воено подрачје, Германците беа одбиени и принудени да се повлечат кон Владевци.

Во реонот на селото Костурино — Голашец 4-та бригада од 23 до 27 октомври водеше непрестани борби со германските посади во Костурино и околните села, како и со колоните кои идеа од Егејска Македонија. Штабот на 4-а бригада прво добил задача, да избие во реонот на Костурино, да го прекине движењето на непријателот од Валандово кон Струмица и да ги уништи германските посади на патот Струмица — Валандово. По извршувањето на овие задачи, со два баталјона таа требаше да ги поседне положаите Голашец — Костурино, а со еден баталјон, во реонот Раборци — Попчево да го затвори движењето на Германците по стариот пат Костурино — Струмица. Нападот од овие единици почнал на 23 октомври ноќта во еден часот, и тоа едновремено од трите баталјони. Котата 617 беше освоена без борба. Околу 6 часот наутро од правец на Валандово, била забележена германска колона од 15—16 камиони, со три противтенковски топови, која се движела кон Костурино. Бригадата ја пуштила германската колона на блиско одстојание, по што отворила огин од сето оружје. По краток но силен огин, Германците биле принудени да се повлечат назад кон Валандово, оставајќи на местото на судрувањето три уништени камиони, еден влекач и еден топ. Во текот на

целиот ден, бригадата одбила уште три непријателски напади. Околу 16, 30 часот, пак на 23 октомври од кај Дојран, пристигнало големо германско засилување од околу 50—60 камиони. Со овие далеку понадмоќни и бројно и по вооружување сили, тие извршиле напад на положаите на 1-от баталјон, отворајќи силен минофрлачки и митралески огин. Поради тоа баталјонот се повлекол под заштита на мракот кон селото Чепели.

2-от баталјон од 4-та бригада, со три ударни десетини прво ја нападна германската посада која се наоѓаше во жандармериската станица на селото Костурино. Но поради предвремено отворање на огин, не се постигнало изненадување, што и овозможило на посадата, која броела околу 60 војници, да отвори организиран огин, со што ги приморала да отстапат. Нападот бил повторен во 4, 30 часот, но и тој завршил безуспешно.

3-от баталјон, со неочекуван препад успеа да ги натера во бекство германските посади на мостот, на патот Струмица — Костурино, потоа го минирал мостот и се повлекол кон селото Рич. Покрај запленетиот материјал, баталјонот заробил и двајца непријателски војници. По извршените задачи, сите единици ка бригадата се прибрале во реонот на селото Рич.

Значењето на борбите што ги водеше 51-та дивизија се состоеше во тоа, што покрај постигнатите конкретни успеси, ги закали новодојдените борци, зацврстувајќи ја нивната борбена спремност. Тоа беше дотолку поважно, што поголемиот дел од нив беа млади и новодојдени, на кои им беше нужно борбено крштевање, за да можат да преминат кон извршување на потешки и посложени задачи, што ги очекуваа до конечното ослободување на земјата.

На 29 октомври, штабот на 51-та дивизија, доби наредба од командата на Брегалничко-струмичкиот корпус, да ја нападне Струмица. Покрај тоа што ги издаде наредбите до бригадите, командата на 51-та дивизија, во текот на извршување на оваа задача и

непосредно раководеше со борбите. Пред почетокот на нападот во реонот на Струмица беа концентрирани делови од 65-от гренадирски полк, и групата „Катнер". Германците, со околу еден баталјон ги држеа положаите кај Ново Село и тоа на линијата Старо и Ново Конарино — Бајково, со кои сили го затвораа правецот Петрич — Струмица. Патот Берово — Струмица, исто така, го држеа со околу еден баталјон; додека со еден друг зајакнат баталјон во реонот на Костурино — Голашец, го затвораа правецот Валандово — Струмица. Последниов баталјон, служеше едновремено и за обезбедување на нивните единици кои се повлекуваа од југ. Со една зајакната чета во реонот на Владевци, тие го штитеа повлекувањето од Струмица кон Радовиш. Другите германски сили во јачина од околу три баталјона беа распоредени за одбрана на самиот град, на положаите јужно од Струмица, како и во градот, како резерва. Исто така, во реонот на Добрејци — Дабиља. беа поставени германски заседи. Вкупно, во реонот на Струмица се наоѓаа околу 6 германски баталјони.

51-та македонска дивизија беше составена од три бригади, плус една артилериска бригада. Од бугарските единици на Струмичкиот сектор се наоѓаа 7-а дивизија, составена од три пешадиски и еден артилериски полк; 5-и бугарски полк и 2-а коњичка бригада. Ако се спореди односот на силите, се гледа, дека кашите и бугарските единици беа побројни. Но кога се има предвид, дека бугарските единици се држеа наполно пасивно, што значи дека во борбите учествуваше само 51-та дивизија, станува јасно дека Германците беа во изразита надмоќност, како во жива сила, така и во техника. Покрај спомнатите непријателски единици, во Струмица на 28 октомври пристигна уште една колона од кај Валандово, во јачина од околу еден батаљон. Хитлеровците имаа и свои посади во Дојран, Гевгелија, Валандово и Радовиш.

На 29 октомври штабот на 51-та дивизија издаде заповед, бригадите да ги заземат своите појдовни

положаи и да бидат готови за напад, имајќи го следниот распоред:

— 4-та бригада да ги освои положаите: источно од Малски Рид — село Злешево — кота 437, со задача да ги нападне германците на Голашец и Костурино. Една чета од бригадата од котата 653 да изврши демонстративен напад на Валандово. Покрај ова, бригадата доби задача да го обезбедува нападот на 20та бригада.

— 20-та бригада да ги поседне положаите на линијата: Лазаро-село Раборци — јужно од селото Попчево, за да изврши напад на непријателските положаи на линијата: кота 531 — кота 517 — село Попчево.

— 21-та бригада од линијата „Свети Илија" — врвот источно од триг. 717 — село Баница, со задача да го нападне непријателот на положаите: триг. 510 — триг. 600 — и Струмица.

— Артилериската бригада да се префрли од реонот на Амзалија, во атарот на село Добрејци, со задача да го затвори патот Струмица — село Дабиља.

Од наредбата се гледа дека 20-та и 21-та бригада, требало да ја нападнат Струмица, артилериската бригада да го оневозможи дејството на Германците кои се наоѓаа северно и источно од градот, а 4-та бригада да го пресече патот Валандово — Струмица и да ги ликвидира германските упоришта во реонот на Костурино. Но и покрај тоа што германските сили во Струмица беа доста јаки, нашата дивизија беше без воена техника, поради што силите беа недостатни за преземање на Струмица. Штабот на дивизијата донел одлука нападот да се изврши. Единиците требаше да

почнат со нападот на 31 октомври 1944 година, во 2 часот ноќта.

Во определеното време бригадите тргнаа во напад. Четвртата бригада во реонот на Костурино наишла на силен отпор од Германците, кои добиле помош од придојдените нови единици од кај Валандово, и била одбиена. 20-та и 21-та бригада, со ненадеен јуриш успеаја да ги преземат положаите јужно од Струмица. Но, самиот град не успеаја да го освојат, поради силниот отпор од непријателските единици кои го бранеа непосредно. Артилериската бригада на пат за извршување на добиената задача предвреме се судрила со непријателот. Таа додека се префрлувала, на 30 октомври попаднала на германска заседа, при што отпочнала борба, која продолжила и на 31 октомври.

Уследила нова наредба од дивизијата, за повторување нападите и на вториот ден, кога 4-та бригада успеа да ги заземе височините северно од Костурино и да ја прекине врската меѓу Костурино и Струмица.

20-та бригада, без да сретне посилен отпор од Германците, успеа да ги освои Чам Чифлик и Раборци. Меѓутоа, околу 4 часот попладне непријателот во три колони извршил противнапад присилувајќи ја бригадата на повлекување.

Најдобри успеси во извршувањето на борбените задачи имала 21-а бригада. Таа успеала да ги заземе височините јужно од Струмица, со што го загрозила самиот град. Но поради постигнатите успеси на непријателот на положаите спрема 20-та и 4-та бригада, и таа се повлекла. За тоа време артилериската бригада водела борби во реонот на селата Добрашинци и Трибичино. На 2 ноември, бригадите останале во реоните на нивното повлекување, подготвувајќи се за повторен напад на градот.

Во текот на 3 и 4 ноември, Четвртата, Дваесетипрвата и артилериската бригада, имале послаби судрувања со Германците.

Командата на 51-та македонска дивизија, откако увиде дека на 31 октомври и 1 ноември Германците добија засилувања проценила дека без соодветна воена техника ќе биде знатно тешко преземањето на градот. Затоа таа донела одлука наместо да го повтори нападот на Струмица, да се изврши напад на патот Струмица — Радовиш, против германските колони кои се повлекуваа кон Штип.

20-та бригада, движејќи се кон Радовиш изврши напад против една германска колона, во реонот на селото Калуѓерица. Со пристигањето на нови германски единици, нападот од бригадата бил одбиен. Командата на дивизијата наредила повторен напад, до кој дошло, но и тој бил одбиен. Потоа на 4 ноември, бригадата добила задача да го продолжи движењето кон Радовиш и по неговото заземање, да го продолжи гонењето на непријателот кон Штип.

Артилериската бригада добила задача да постави заседи на патот Струмица—Радовиш, а Дваесетипрвата да се прибере и прегрупира во селото Рич. Четвртата бригада добила уште позначајна задача: да настапува кон Валандово—Гевгелија, со цел да избие на југословенско-грчката граница и да ја затвори неа од евентуални напади од Грција.

Во меѓувреме на 4 ноември, германските единици го започнаа своето постепено повлекување од Струмица. На 5 ноември 1944 година, и нивните посадни единици го напуштија градот. Главнината од нивните сили се беа веќе извлекле од Грција. Во попладневните часови на 5 ноември 1944 година, во Струмица влегоа делови од струмичкото воено подрачје и командата на местото. Истиот ден, околу седум часот навечер влегоа во градот Дваесетипрвата и артилериската бригада од 51-а македонска дивизија на НОВЈ, а покасно и еден баталјон од четвртата бригада. Градот Струмица и неговото население конечно по многу векови на робување беа ослободени од своите синови и ќерки.

Додека во градот и околијата единиците на 51-а дивизија водеа борби со хитлеровците, бугарските единици од 7-а рилска дивизија, сè уште се наоѓаа околу Ново Село, оддалечени од Струмица повеќе од 25 километри. Петтиот бугарски полк пак држеше позиции на височините северно од селото Амзалија. Откако разбрале од селаните дека градот е ослободен од единиците на 51-та македонска дивизија, тие стигнаа во Струмица утредента на 6 ноември претпладне.

Односите на бугарските единици кон населението и нашата војска беа скоро исти, како и пред 9 септември 1944 година. Тоа, впрочем не можеше да биде поинаку, зашто не може да се изменат преку ноќ ни менталитетот, ни нивниот политички став спрема нас. Уште со влегувањето во Струмица, некои нивни војници тргнаа по градот да си присвојат една или друга стока. Но продавниците беа празни. Бугарско-германската окупација што траеше повеќе од три години го беше оголела народот до таа мерка, што не можеше да се најде ништо. Уште првиот ден, по нивното влегуван>е во градот, бугарските војници со сила се обиделе да го однесат лебот од фурните, што се печеше за нашите единици. Кај воено-териториjалните команди доаѓаа одделни селани да се жалат, од грабежите на бугарските единици низ кои тие минале. Бугарската војска, и особено офицерите, сакаа да се држат надмено, супериорно, заборавајќи дека веќе не се окупатори, туку треба да бидат сојузници, дека се наоѓаат во туѓа земја. Тие сакаа да се сместат во касарните без одобрение од Воено-териториjалните команди. На 7 ноември командата на подрачјето одобри, во едната зграда од касарната да се смести дел од бугарските единици. Во исто време овде се вршеше средување на материјалите, што нашите единици ги беа запלениле од Германците. По добиеното одобрение прво дојде една бугарска чета која требаше да ги приготви оние простории од касарната што им беа отстапени за сместување. Но уште со самото влегување во касарната, војниците од оваа

чета, наместо да почнат со припремите, се распрскаа по кругот на касарната грабејќи сѐ што им доаѓаше под рака. Запленетите од нашите единици седла и митралески самари ги исекоа, а храната ја разнесоа во своите ранци и торби. Поради ова командата на подрачјето одлучи, бугарските единици да се сместат во зградата на бившиот Задружен сојуз и да си подигнат логор на местото на сегашното Средно земјоделско училиште.

Инаку бугарските единици останаа во Струмица само неколку дена. На 7 ноември, во струмичката касарна дојде командантот на 7-а бугарска дивизија. Но наместо да го бара она што му беше потребно од военотериторијалните органи, тој се обиде сам да распоредува, кои објекти (касарни, магазини, фурни и друго) да ги користат тие, а кои нашите единици, или како што самиот се изразуваше „партизаните". Командата на струмичкото војно подрачје, му се спротивстави и остро му даде до знаење дека во Струмица постои Народна власт, војска и други органи и организации кои раководат со целокупниот општествен живот и ако на бугарските единици им треба нешто, да се обратат до нив. На бугарските офицери им беше обрнато внимание дека се тие во туѓа земја, чија власт не дозволува некој од страна да се меша во нејзините внатрешни работи. Притеснет на ваков начин, командантот, кој во почетокот се држеше надмено, почна да се повлекува и отстапува. Потоа Командата на подрачјето доби писмо од 7-та бугарска дивизија, со кое се бараше определени згради за сместување, што им беа и доделени.

Бугарските единици ја напуштија Струмица на 9—10 ноември 1944 година. И при повлекувањето тие предизвикаа инциденти. На 10 ноември тие сретнале колона од триесетина коњи, со кои се пренесувало муниција од Берово за Струмица, на сила ги одзеле коњите и муницијата, додека на војниците им ги одзеле шинелите. Неколку часа покасно, група војници од

Струмица, од Командата на подрачјето и народна одбрана, тргнаа во потера по нив, и ги стигнале во селото Секирник. По жолчните расправии со некои бугарски офицери, тие беа принудени да ги вратат и коњите и муницијата.

Сето ова не му пречеше на Радио-Софија да труби, дека токму бугарските единици ја ослободиле Струмица. Со ваквите вести радио Софија ја прикриваше вистината за неактивноста на бугарските единици и ја дезинформираше пред сè својата јавност. Тоа пак создаде револт кај нашите борци и кај народот од Струмичко. Во извештајот од Вера Ацева и Љупчо Арсов, испратен до ПК КПМ, на 8 ноември 1944 година, за ова се вели: „Бесрамното бугарско комунике јавува, дека бугарските војски ја ослободиле Струмица. Најенергично ја демантираме веста на бугарското командување, дека бугарските војски ги ослободиле Струмица и Валандово". Овде одбележуваме дека бугарските единици воопшто не се упатија кон Валандово, но ете според радио Софија тие и него го ослободиле. Неучеството во борбите за Струмица, на бугарските единици, се гледа од извештајот на Брегалничко-струмичкиот корпус, испратен до Главниот штаб на Македонија. Извештајот е испратен под Строго пов. О. П. бр. 20 од 9 ноември 1944 година и во него се вели:

„I. Единиците на Педесет и првата дивизија, по упорните борби на секторот Струмица—Валандово и Струмица —Владевци на 5-и овој месец ја заземаа Струмица. За неколку дена борби непријателот имаше 300 мртви и повеќе ранети. Запленета е голема количина минофрлачи и пушки, муниција, храна, а изгледа и доста голема количина друго оружје. Заробени се 80 Германци, меѓу кои и двајца офицери. За запленетото оружје немаме уште извештај.

По ослободувањето на Струмица, Педесет и првата дивизија се упати спрема Валандово, Удово, Гевгелија и Дојран и ја запоседна грчката граница, со една бригада, а со останатите бригади се упатија кон Криволак.

Денес, на 8 овој месец Педесетта дивизија, која последниве неколку дни водеше жестоки борби на положаите околу Штип, и против германските сили што се пробиваа од Струмица за Штип, влезе во градот и продолжи во правец на Велес. Во борбите што ги водеше оваа дивизија непријателот имаше голем број мртви, како и голем број уништени моторни возила. Запленет е еден далекуметен топ, еден противавионски митралез, пет германски пушкомитралези и прилично голема количина муниција, уништен е еден тенк и запленета е друга воена опрема. За самиот резултат на борбите во Штип немаме никакви извештаи. Таму отиде комесарот на корпусот. Дивизијата доби задача со главнината, без да губи ни еден момент во задржување, да продолжи за Велес, а со една бригада спрема Свети Николе, во кој правец отстапува извесен дел од германските сили.

За нашите загуби, како детално и за загубите на непријателот и пленот, ќе ве известиме дополнително и поопширно.

II. За време на борбите околу Струмица, бугарските единици беа стопроцентно неактивни. Во еден мал противнапад, незната група Германци им заплени една батерија топови и цел еден баталјон, од кои еден дел го ослободија нашите единици при влегувањето во градот, т. е. околу 19 часот, кога бугарските предни делови беа на линијата Амзали—Дрвош—Ново Село. Денеска по случај влегувањето на нашите единици во Штип, бугарските предни делови се наоѓаа на линијата Кучичино—Седларци. За нашето влегување во Штип тие разбраа од овој Штаб 10 часа подоцна, кога тоа му го соопштивме на Штабот на 4-тата бугарска армија.

Пред два дена бугарското радио соопшти дека бугарската војска ја зазела Струмица, дури и не споменувајќи ја нашата војска. Ние на тоа остро им обрнавме внимание, за кое тие ветија дека ќе се исправи. И покрај таа опомена, денеска по случај соопштението на Штабот на Четвртата армија, пак им подвлековме да не се повтори случајот како кај Струмица и дека нивната војска во ослободувањето на Штип не зела никакво учество. Но и покрај сето тоа, Штабот на Четвртата армија ѝ јави на својата Главна команда, која во своето коминике соопшти преку радиото дека бугарските единици ги ослободиле Струмица, Валандово, Дојран, Гевгелија и Штип.

На ваквата нивна постапка ние пуштивме писмен протест преку нашиот претставник во Софија — до Министерството на војската и соопштение и до Советското командување. Другарот

Љупчо Арсов зборуваше веднаш по телефон со генералот Копчев, кој иронично дофрли: „Има ли уште нешто да прибележиме", и „дека за тоа треба писмено да го известиме... ".

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!"

Началник на Штабот
Вујадин Поповиќ

На 10 ноември 1944 година, Главниот штаб на Македонија, го извести Врховниот штаб, за операциите на Брегалничко-струмичкиот корпус и за ослободувањето на Струмица и Штип со следната телеграма:

„Единиците на струмичката дивизија на НОВ на Југославија ја заседоа Струмица на 5 ноември во 19 часот, по дводневни борби. На 6 ноември утрината стигнаа силите на 5-от полк од Четвртата бугарска армија, а по нив и 7-та бугарска дивизија. Нашите го продолжија маршот и ги заседоа без борби Валандово, Удово, Дојран и Гевгелија, додека за тоа на 6—7 ноември бугарските сили се одмараа во реонот на Струмица. Меѓутоа радио Софија, веднаш откако бил известен од Штабот на Четвртата армија, објави дека бугарските единици ги зазеле овие градови како и Струмица, и неспоменувајќи ги нашите единици. Единиците на Педесетата дивизија, по наредба на Главниот штаб на Македонија од фронтот, каде што беше и бугарската дивизија, се рокирале на непријателскиот бок, ги нападнале, на 7 ноември, германските сили во село Радање ги изгониле Германците, и се приближиле кон доминантните коти на Штип.

Борбите продолжија во текот на 7 ноември, со главен удар од југ и со маневра на Четрнаесетата бригада од север при што на 8 XI е заземен градот Штип точно во 10 часот. Германците се извлекоа од градот во 5 часот и даваа отпор само во отстапувањето на положаите западно од Штип. Штабот на Четвртата бугарска армија на 8 XI не ја знаеше ситуацијата околу Штип ни до 18 часот. Штабот на Брегалничкиот корпус на НОВЈ го извести началникот на Штабот на Бугарската армија и генералот Копчев за успехот на нашите единици кај Штип, а тие

дури се изненадија и топло се заблагодарија за известувањето со зборовите: „Ние немаме извештај, нашите единици уште се наоѓаат кај селото Крупишта". Меѓутоа Радио-Софија објави во специјалното соопштение дека бугарската војска по десетдневни упорни борби го зазела Штип неспоменувајќи ги нашите единици. Штабот на Корпусот веднаш протестираше кај началникот на Штабот на Четвртата армија и лично кај генералот Копчев, заменик на командантот на Четвртата армија, кој иронично одговорил: „Вакви работи не се уредуваат по телефон...

Имате ли уште нешто да кажете?" и го затворил телефонот."

Бугарската пропаганда и денес, како и 1944 година, сака да докаже дека бугарската војска, односно Четвртата бугарска армија го ослободила македонскиот народ, а Седмата дивизија — Струмичка околија. Но од изложените документи се гледа дека помошта од Бугарите беше безначајна. А со тоа изопачување и фалсифицирање на историските факти, само им се нанесува навреда на македонскиот и на сите други југословенски народи.

Одбележуваме, сепак, дека на бугарските единици им се даваа можности да ја извршат оперативната задача што ѝ падна во нејзин дел. Причините што таа тоа не го стори се состојат во нејзината слаба моралнополитичка состојба. Кај бугарските единици, тогаш беше сè уште многу слаба политичката свест како кај боречкиот така и посебно кај раководниот кадар. Тие не беа воспитувани кон преданост на една народно-револуционерна армија, не беа политички подготвени за борба со фашистите, а тоа преку ноќ не можеше и да стане ниту со декрет. Бугарските единици беа неактивни и тогаш кога германските единици се наоѓаа во критична состојба. Бугарските единици ги оставија единиците на НОВЈ. сами да водат борба со единиците од германската армиска група „Е". Својата неактивност и неодлучност, бугарската страна уште тогаш се обиде, пред јавноста, да ја прикрие со извртување на фактите,

со негирање успесите на НО борба на народите на Југославија. Тие посебно се ангажираа да го негираат придонесот на македонскиот народ во Југословенската народна револуција и победата над фашизмот.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

По ослободувањето на Македонија и Србија од германските окупатори и постоењето на поголем број слободни територии во сите краишта на Југославија, Германците вложуваа големи усилби да го стабилизираат фронтот во Срем и на некои точки јужно од Сава во Босна. По одржаното советуваше во Белград, во декември 1944 година, свикано од врховниот командант, со командантите на армиите и главните штабови, разгледана е положбата во Југославија и донесени мерки за понатамошното водеше на војната до конечното ослободување на Југославија.

Главниот штаб на Македонија, на ова советување добил задача да го подготви Петнаесеттиот корпус и да го испрати на сремскиот фронт. По извршената реорганизација на единиците, реорганизиран е Петнаесеттиот корпус, и по извршената обука, испратен е во јануари 1945 година на сремскиот фронт. Тој влегува во состав на Првата армија и во почетокот е разместен во реонот на Стара Пазова и Батајница.

Во почетокот на април 1945 година, кога отпочнува офанзивата на нашите единици на сремскиот фронт, Петнаесеттиот корпус учествува на 12 април во пробојот на фронтот кај Товарник; од 15—17 април учествува во операциите кај Врпоље, а покасно кај Славонска Пожега, Илова, и на 7 мај доаѓа пред Загреб. 42-та македонска дивизија на 15 мај доаѓа во реонот на Цеље, во Словенија.

Во овие тешки и сложени борби, учествуваат и неколку стотини борци во составот на Петнаесеттиот

корпус од Струмица и околијата, заедно со борците од другите краеви на Македонија и останатите единици и борци од Југославија, со што дадоа скромен придонес за победа над фашизмот и конечното ослободување на нашата земја. Во борбите од Срем до Словенија, од Струмица и околијата ги дадоа своите животи 33 борци.

По ослободувањето на Струмица и околијата, и покрај тоа што војната уште трае и се водат борби во другите краеви на Југославија, отпочнува нов интензивен живот. Народот од овој крај, покрај извршувањето на задачите што се во врска со понатамошното водење на војната, се зафаќа и извршува низа тешки и сложени задачи за нормализирање на животот на населението и обновување на разрушеното стопанство. Еден од најважните задачи на Народната власт и воено-територијалните команди е снабдувањето на единиците на НОВ во Струмица и оние што ја обезбедуваа границата спрема Грција. За снабдување на овие единици, покрај хранителните продукти од Радовишка, Валандовска и Гевгелиска околија, најголеми количини храна и друг материјал даде народот од Струмичка околија. По неколку годишно ограбување на Струмичка околија од германо-бугарските окупатори и нанесените огромни материјални штети, покрај дадените човечки жртви, народот одделуваше сè  што може да се даде за исхрана на нашата војска и населението во градот. Покрај долгогодишната окупација и перманентните борби во Македонија, на стопанството му беа нанесени огромни загуби, што во голема мерка го кочеше натамошниот развиток. Од окупаторите беа ограбени не само резервите од храна, туку голем дел од запрежниот добиток, инвентарот за обработка на земјата, занаетчиските дуќани и друго. Уништен беше инвентарот по школите, но со крајни напори на населението и Народната власт, основните училишта во градот и околијата отпочнуваат со работа веќе во декември 1944 година, само еден месец по

ослободувањето на Струмичко. Ограбен е или уништен целокупниот инвентар, инсталации, столарија и друго — во касарните и сите други установи. Сообраќајните објекти беа до толкава мера уништени или оштетени што беа потребни вонредни усилби да се оспособат за употреба. Сите мостови и пропусти беа разрушени, патиштата изровени, телефонската и телеграфската мрежа наполно разрушена. При повлекувањето, Германците ги минираа и рушеа и столбовите од електричната и телефонската мрежа. Но најтешка беше положбата околу снабдувањето со храна. Секој нов ден, носеше со себе проблеми — да се најдат најнужните количини храна, за војската и народот. Иако постоеа извесни мали количини некакви стоки, шпекулантските елементи ги сокриваа, користејќи ја тешката положба на народот, а со цел да спечалат што повеќе.

Во таква тешка положба, под раководство на Комунистичката партија и Народната власт, народот отпочна да ја обновува разрушената земја и да создава услови за понатамошна изградба. Веднаш по ослободувањето на овој крај, се пристапува кон создавање на општествено-политичките организации по целата околија, и во оние села, каде што поради воените дејствија до ослободувањето не беа создадени, а исто така и омасовување на истите каде што веќе постоеја. Во општествено-политичките организации се опфати огромното мнозивство од населекието. На 11 ноември 1944 година, формиран е Месен комитет на КПМ за Струмица од пет члена, а за секретар е избрана Елка Јанкова. Градот е поделен на четири реони и во сите тие реони се создадени партисии ќелии. Покрај ќелиите што делуваат во реоните Бабјак, Чифлик, Мааџар маало и Варош, формирана е партиска ќелија и во Монополот, каде што се започнува со редовна работа веднаш по ослободувањето. Ќелиите се поделени во групи. Веќе во декември, бројот на партиското членство во градот се зголеми на околу стотина члена.

Покрај формираниот Месен комитет на СКОЈ, формиран е и Месен одбор на НОМСМ. Во ноември и декември се формирани општински комитети на СКОЈ во сите општини од околијата, како и општински одбори на НОМСМ. Во декември скоевската организација во градот брои 93 члена, а во НОМСМ се зачленети преку 400 младинци. Во скоро сите села, веќе кон крајот на ноември, се формирани скоевски организации и општински комитети на СКОЈ, со 242 члена. Исто така се формирани месни и општински одбори на НОМСМ по селата и општините и поголемиот дел од селската младина е вклучена во работа на овие организации.

Во ноември се формирани и Општински комитети на КПМ кои беа помогнати со дел од кадровите од градот. Поради поуспешно раководење со партиската организација, околијата е поделена на три дела: Муртинска и Новоселска општина сочинуваа еден реон и за работата на партиската организација во тој реон е одговорен Киро Минанов; Босилевска и Попчевска општина сочинуваат втор реон со кој раководи Ванчо Николчев и Василевска општина, трет реон со кој раководи Глигор Новаков. Партиската организација во околијата брои во декември 1944 година 156 члена, распоредени во 29 партиски ќелии. Покрај тоа постојат и 32 просветни групи, во кои се опфатени 117 члена.

Во ноември е формиран и Околиски одбор на Народноослободителниот фронт, а веднаш потоа и општински одбори. Во НОФ се зачленети поголемиот дел од населението од градот и селата. Исто така се формирани околиски и општински одбори на Антифашистичкиот фронт на жените, како и месни одбори на АФЖ во повеќето села од околијата. Околиски, општински и месни НОО беа создадени уште додека траеја борбите за ослободување на Струмичка околија.

Создавањето на сите овие општествено-политички организации, ѝ овозможи на Партијата и Народната власт да развие широка политичка активност во Струмичка околија и за кусо време да постигне

забележителни резултати. Основна задача на сите општественополитички организации беше да се вклучи целото население во обновувањето на разрушеното стопанство и да се создадат услови за понатамошна изградба. Во градот и околијата се формираат доброволни работни чети за поправка и изградба на патиштата и мостовите. Посебни бригади зимата 1944/45 година, составени од занаетчии од градот, се упатуваат во селата да го поправаат и оспособуваат земјоделскиот инвентар, за навремено отпочнување на земјоделските работи и пролетната сеидба. Училиштата, касарните, установите и дел од населението ги снабдуваат со дрва за огрев доброволни бригади составени од населението и војници од НОВ, кои ги сечат и на грб ги пренесуваат дрвата од Беласица до градот и селата, поради недостиг на транспортни средства. Отпочнува изградбата на селото Раборци изгорено во 1944 година од Германците и веќе во 1945 година, населението од ова село е сместено во нови домови. Исто така почнуваат да се поправаат куќите и во другите села кои беа уништени од окупаторот. За кусо време се поправени или изградени нови мостови на патиштата Струмица—Радовиш; Струмица —Костурино; Струмица—Ново Село и мостот на патот Дабиља—Амзалија, и е оспособена патната мрежа за сообраќај. Исто така е изградена нова телефонско-телеграфска мрежа и воспоставена редовна врска со општините и другите градови во Македонија. Посебни бригади составени од жени приготвуваа чорапи, џемпери и друга облека за НОВ. Народот со голем ентузијазам се зафати во извршувањето на сите овие задачи, бидејќи беше свесен дека работи за себе и дека сега се рамноправни членови во новата заедница на Југословенските народи.

*(1)) Илустровани лист, бр. 12, од 1928 година.

*(2)) Јосиф Јосифовски — Свештарот загина на 6. X. 1943 година кај селото Кленовец — Кичевско, како политички комесар на Втората оперативна зона.

*(3)) Милан Варичак за време на НОВ, извесно време работел во печатницата на „Борба", орган на КПЈ. Загинал во V-тата непријателска офанзива 1943 година.

*(4)) Фиш Имре, по народност Унгарец од Војводина е стрелан во 1942 година, во Нови Сад, од унгарските фашистички окупатари.

*(5)) Марко Шикиќ бил пристанишен работник од Сушак, бил марксистички образован младинец и синдикален функционер. Со својата тактичност и отвореност ја спечалил довербата на многу војници. Тој на состаноците од активот меѓу другото зборувал: „Ние мораме добро да научиме да ракуваме со оружјето и да командуваме, зашто тоа нам еден ден ќе ни треба".

*(6)) Денес Стјепан Галац е пензиониран офицер и стопроцентен инвалид од НОВ.

*(7)) Податоците од I до VIII се земени од колективниот договор кој се чува во Републичкиот историски музеј во Скопје.

*(8)) Преписот од Отвореното писмо се чува во архивот на Институтот за национална историја Скопје.

*(9)) Писмото се чува во оригинал, во Архивот на институтот за национална историја — Скопје.

*(10)) Мирчо Лазаров, како предавник и соработник на бугарската полиција беше осуден во 1945 година од Народниот суд во Струмица и стрелан.

*(11)) Павле Азманов и Гоце Митев, по ослободувањето на Струмичка околија, беа осудени за антинародна и непријателска дејност.

*(12)) Белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бивша Струмичка околија; од изјавата на Ристо Јанев.

*(13)) Белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бивша Струмичка околија; од изјавата на Ката Поцкова.

*(14)) Извештајот се чува во архивот на Институтот за национална историја — Скопје.

*(15)) Се работи за Томе Саздов — ветеринар. Партиската организација во Струмица, го кандидираше него за претседател на читалиштето „Гоце Делчев", како човек со прогресивни гледања.

*(16)) Професорот Станишев, познат фашист од македонско потекло, беше министер на Внатрешните работи во 1944 година, во Бугарија, и по војната е стрелан во Софија.

*(17)) Писмото на Димитар Ѓузелов се чува во архивот на Институтот за национална историја — Скопје.

*(18)) Димитар Панов родум од Дојран, а живееше во Струмица. За време на окупацијата беше околиски управител во Струмица и Неготино и помошник обласен директор на Скопска област.

*(19)) Од изјавата на Ванчо Фончев, којашто се наоѓа кај авторот.

*(20)) Со оваа група младинци кои беа распоредени во Струмица, во дополнителната самостојна летечка дружина, МК Струмица одржуваше редовни врски. Имено, откога пропадна обидот за формирање на партизански одред, тие се јавија да служат во бугарската војска.

*(21)) Невена и Боте, борци од Првиот скопски одред, разбиен во есента 1941 година, подолго време беа илегалци во Струмица и загинаа како припадници на Велешкиот партизански одред во 1942 година.

*(22)) Ванчо Китанов, загина во пролетта 1943 година, како борец на Штипскиот партизански одред.

*(23)) Ванчо Фончев, по пристигањето во Велес, живее нелегално, се разболел и бил лекуван од Љубомир Шукарев, сè до декември 1942 година. Потоа заминува за рудникот Радуша, каде што е партиско-теренски работник; тука се легализира под име Пецо Богоев, каде што работи сè до септември 1943 година. Потоа стапува во Шарпланинскиот одред во кој останува до 2 јуни 1944 година.

Во летото 1944 година, по настанатите апсења во Скопје провален е и Вачно Фончев кој тогаш се наоѓал во Качаник, каде што бил испратен за одржување врски меѓу Одредот и организацијата на теренот. Исто така, во тој период Ванчо е вклучен во работата на Качаничката партиска организација. Од јуни до септември 1944 година се наоѓа во скопскиот затвор во смртната ќелија (бидејќи беше осуден на смрт во август 1942 година). Од затворот бега неколку дена пред капитулацијата на Бугарија и се приклучува веднаш во НО војска. Поставен е за началник на ОЗНА на 42 МНОУД, каде што останува до крајот на 1944 година. Потоа е избран за член на Обласниот НО во Штип и врши должност прочелник за внатрешни работи на која должност останува до крајот на војната.

*(24)) Од изјавата на Коле Орцев (се наоѓа кај авторот).

*(25)) Димитар Крстев Петров, родум од село Д'брава, Провадиско (Бугарија) е физичкиот убиец на Сандо Масев. Во 1949 година сѐ уште живеел во Варна.

*(26)) Ѓерас Цунев, беше тешко ранет во декември 1942 година кај селото Шипковица — Радовишко, а потоа и заробен. Беше обесен од Бугарите на 21 јануари 1943 година, во Скопскиот затвор.

*(27)) Милан Постоларски до 1945 година, а и по Втората светска војна, живеел во Горна Цумаја (Благоевград).

## СПИСОК НА ЗАГИНАТИТЕ И ЖРТВИТЕ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА ОД 1941 — 1945 ГОДИНА

### СПИСОК НА ЗАГИНАТИТЕ

1. Абрашев Киро — Струмица
2. Алексов Стојан — Нивичино
3. Ангелов Милое — Мокриево
4. Бендеров Трајко — Зубово
5. Бозев Коста — Струмица
6. Василев Лазар — Габрово
7. Гинин Ванчо — Босилово
8. Гогов Васил — Костурино
9. Ѓоргиев Киро — Баница
10. Ѓоргиев Васил — Баница
11. Ѓоргиев Ванчо — Босилово
12. Грендов Аспарух — Вељуса
13. Грендов Кољо — Вељуса
14. Дедејски Асен — Босилово
15. Дедејски Наке — Босилово
16. Делиџаков Трајче — Вељуса
17. Димитров Стевко — Мокриево
18. Димитров Трајчо — Сушица
19. Зуберов Асан — Вељуса
20. Илиев Ѓорги — Зубово
21. Имиков Вејсел — Сушица
22. Јанков Благој — Струмица
23. Карамазов Стојан — Босилово
24. Карастоев Кољо — Секирник
25. Камберов Али — Сушица
26. Клепов Ристо — Костурино
27. Колев Славчо — Сарај
28. Колев Божин — Мокриево
29. Ковачев Трајко — Секирник
30. Кршков Ванчо — Куклиш

31. Масев Сандо — Струмица
32. Манолев Манчо — Попчево
33. Мирчев Киро — Н. Коњарево
34. Митров Васил — Мокриево
35. Митев Костаке — Зубово
36. Милчев Ристо — Зубово
37. Митев Ангел — Зубово
38. Минков Васил — Куклиш
39. Минков Гоне — Куклиш
40. Михаилов Димитар — Попчево
40а.Новаков Кочо — Струмица
41. Османов Јашар — Банско
42. Паралидов Борис — Босилово
43. Петров Лазар — Бадилен
44. Поп Димитров Борис — Струмица
45. Раборцалиев Ристо — Струмица
46. Ристоманов Добрин — Вељуса
47. Сапунџиев Милчо — Вељуса
48. Сапунџиев Добрин — Зубово
49. Стојанов Трајко — Зубово
50. Стоилов Божин — Сушица
51. Стојанов Стојан — Баница
52. Стаменов Славчо — Куклиш
53. Стојков Павле — Костурино
54. Стојанов Јован — Нивичино
55. Сурчев Васил — Струмица
56. Танчев Наце — Вељуса
57. Тасев Костаке — Дабиља
58. Трбогазов Атанас — Вељуса
59. Тренев Николија — Ст. Коњарево
60. Трајков Славчо — Робово
61. Тренчев Тимо — Струмица
62. Трајков Ѓорги — Струмица
63. Узунов Крсто — Струмица
64. Упчев Ѓорги — Струмица
65. Цветинов Јанко — Струмица
66. Цветков Димитар — Струмица
67. Цунев Герас — Струмица
68. Чинков Илија — Струмица
69. Џидалов Ристо — Струмица
70. Џони Боро — Струмица
71. Шабанов Сајли — Вељуса
72. Шопов Илија — Струмица

## СПИСОК НА ЖРТВИТЕ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР

1. Аврамов Стоил — Смоларе
2. Авокатов Ѓорги — Струмица

3. Ангелов Ристо — Куклиш
4. Арлам — Смоларе
5. Бакалов Јован — Бајково
6. Бекиров Бесим — Сушица
7. Босиљанов Н. Кочо — Струмица
8. Василев Благој — Сушица
9. Весева Доста — Колешино
10. Гавров Атанас — Босилево
11. Гавров Борис — Босилево
12. Гачев Коста — Колешино
13. Гогов Ѓорги — Струмица
14. Гошев Лазар — Струмица
15. Геров Сандо — Колешино
16. Делев Јордан — Сушица
17. Донев Киро — Колешино
18. Дучев Ристоман — Колешино
19. Ефтимов Тимо — Колешино
20. Златаков Атанас — Бадилен
21. Ибраимов Исуф — Сушица
22. Ибраимов Мустафа — Сушица
23. Илиев Стојан — Добрашинци
24. Јакимов Стоил — Бадилен
25. Јакчев Ангел — Смоларе
26. Јанев Атанас — Бајково
27. Јанев Димка — Моноспитово
28. Јанев Киро — Сушица
29. Јанев Томе — Струмица
30. Јакимов Стојан — Н. Коњарев
31. Кацаров Илија — Босилово
32. Костадинова Фроса — Габрово
33. Костадинова Слава — Босилово
34. Манчев Ѓорги — Струмица
35. Мечев Томе — Ново Село
36. Мемедалиева Назлм — Сушица
37. Мемедалиев Мустафа — Сушица
38. Миланов Андон — Смоларе
39. Митев Киро — Колешино
40. Милчева Каранфила — Колешино
41. Младенов Илија — Ново Село
42. Мустафов Ибраим — Сушица
43. Николов Јосиф — Сушица
44. Папучаров Петре — Сушица
45. Пенев Костадин — Ново Село
46. Пенов Гоне — Костурино
47. Петков Атанас — Стиник
48. Петров Ристо — Дабиља
49. Попов Гоце — Сушица
50. Столменов Лазар — Бадилен
51. Стоилов Лазар — Бадилен
52. Танков Петар — Смолари

53. Ташева Витка — Колешино
54. Татошев Костадин — Бадилен
55. Тилев Сандо — Колешино
56. Трендов Јован — Бајково
57. Трендафилов Јордан — Сушица
58. Филев Стојан — Дабиља
59. Цветков Костаке — Дабиља
60. Цветков Ванчо — Колешино
61. Чурлинов Ристо — Костурино
62. Џевалеков Вангел — Ново Село

## ИЗВОРИ И ПОВАЖНА ЛИТЕРАТУРА


А) Архивски фондови

1) Архив при Институтот за национална историја — Скопје:
а) Фонд Струмица
б) Фонд Четврти обласен комитет
в) Фонд Штип
2) Историски архив — Струмица
а) Фонд Дйността на българските владици в Тракия и мица.
3) Централен Државен Исторически Архив — София:
а) Фонд Дейиоста на българските владици в Тракия и Македония и учебното им дело там.

Б) Поважни мемоарски материјали

1) Архив при Институтот за национална историја — Скопје:
а) Стенографски белешки од преживеаните членови на партиската организација во Струмица.
б) Кујумџиев Арсо, Как се зароди ВМРО в Струмичко след войната, в 1919 година, (Ракопис во Институтот за национална историја — Скопје).
в) Русински, Никола Петров, Спомени I, (Ракопис во Институтот за национална историја — Скопје).
г) Мемоарски материјали, собрани од преживеани учесници во борбите од поилинденскиот период и од НОБ во Струмичко.

В) Литература

1) Андонов-Полјански д-р Христо, Гоце Делчев во спомените на современиците, „Култура", Скопје, 1963.
2) Андрејевиќ, А., Струмица. Земља и народ, Ниш, 1923.
3) Апостолов д-р, Александар, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „Култура", Скопје, 1966.
4) Апостолски Михајло, Пролеќна офанзива у Македонији, Београд, 1946.
5) Апостолски Михајло, Завршне операције за ослобоѓење Македоније, „Војно Дело", Београд, 1953.

6) Апостолски акад. Михајло, Ослободителната војна на македонскиот народ, Скопје, 1965.

7) Boris Konstantin, J. Strommitsa, Thessaloniki, 1960.

8) Бюлетин на Временното представителство на обединената бивша Вътрешна македонска революционна организация, София, 1919.

9) Вангели-Весковиќ Вера, Самостојните феудални владетели во Македонија, „Култура", Скопје, 1963.

10) Васовиќ, Св. Кроз Струмичко и Радовишко поље, Правда, Београд, бр. 12239, од 1938.

11) В Македония и Одринско. Спомени на Михаил Герџиков, София, 1928.

12) Грујиќ, д-р Радослав, Светогорски азили за српске владаоце и властелу, Гласник Скопског научног друштва. Оделење друштвених наука, т. XI, Скопје, 1932.

13) Димевскм, д-р Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965.

14) Динев Ангел, Хуриетът и следхуриетските борби в Гевгелийско, София, 1934.

15) Динев Ангел, Илинденската епопея, I, София. 1945.

16) Динев, Ангел, Илинденската епопеа. И, Скопје, 1949.

17) Доклестиќ Љубиша, Кроз хисторију Македоније. Загреб, 1964.

18) Допис из Струмице, Привредни Гласник, Скопље, бр. 144 од 1921,

19) Думбалаков Михаил, През пламъците на живота и революцията, II, София, 1937.

20) Есперантски клуб у Струмици, Раднички Тједник, Загреб, бр. 10, од 26. VII. 1940.

21) Зашто смо победили у Македонији, Нови Свијет, Гласило КПЈ, Загреб, бр. 63, од 10. XII. 1920.

22) Златарски, проф. д-р Н. В. История на Първото българско царство. Част II. От славенизацията на държавата до падането на първото царство (852—1018), София, 1927.

23) Златарски, проф. д-р. Н. В., България под византийско владичество, (1018—1187), София, 1934.

24) Иванов, Ил. Църковно-училищното дело в Струмишко, Илюстрация Илинден, София, кн. 3 (103), од 1939.

25) Ивановски Орде, Борбите на македонските Словени за завладувањето на градот Солун во VI—VII век, Гласник на Институтот за национална историја, год. III, бр. 1, Скопје, 1959.

26) Иванов Йордан, Беласицката битка, 29 юли 1014 година, Известия на Историческото дружество в София, кн. III, София, 1911.

27) Из миналото на Македония, Македонски вести, София, год. I, 1936, бр. 7, 14, 25, 26, 27 и 33.

28) Избори у Струмици, Радничке Новине, Београд, бр. 226 од 22. IX. 1920.

29) Изложение на Македонската дружина, Цариград, 1874.

30) Историја народа Југославије, Београд, књ. I, 1953, кн. II, 1960.

31) Историја на македонскиот народ, кн. I—III, Скопје, 1969.

32) Иширков, А. Струмичко. Стопански чъртици, Македонски Преглед, год. I, бр. 1, София, 1924.

33) Кантарџиев, д-р Ристо, Македонското преродбенско училиште, „Култура", Скопје, 1965.
34) Катарџиев, д-р Иван, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција. Национално-политички борби, „Култура", Скопје, 1968.
35) Кацаров, д-р Гаврил, Пеония. Принос към старата етнография и история на Македония, София, 1921.
36) Кирил, партриарх български, Екзарх Антим (1816 — 1888), София, 1956.
37) Кирил, патриарх български, Принос към българския църковен въпрос. Документи от австриското консулство в Солун, София, 1961.
38) Конески, проф. Блаже, Кон македонската преродба. Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1959.
39) Македония и Одринско. Мемоар на Вътрешната организация, с. 1, 1904.
40) Миладиновци. Зборник (1861—1961), Скопје, 1962.
41) Наумов Евгений, Селаните и феудалците според Конченскиот практик (1366—1367). Од социјално-економската историја на централна Македонија, Историја, год III, бр. 1, Скопје, 1967.
42) Новаковиќ, Стојан, Хаџи-Калфа или Ќатиб-Челебија, турски географ XVII века о Балканском полуострву. Поменик Српске краљевске академије, том XVIII, Београд, 1892.
43) Новаковиќ, Стојан, Срби и Турци XIV и XV века. Историјске студије о првим борбама с најездом турском пре и после боја на Косову, Београд, 1893.
44) Народно-ослободилачки рат у Македонији, Београд, 1964.
45) Лапе, проф. Љубен, Разловечкото востание во 1876 година, Годишен зборник на Фил. факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 5, № 4, Скопје, 1950.
46) Лапе, проф. Љубен, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, I, Скопје, 1951.
47) Лапе проф. Љубен, Одбрани четива за историја на македонскиот народ, П, Скопје, 1953.
48) Ласкарис Михајло, Милован Ристиќ, Струмица, Београд, 1925 (Рецензија). Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, књ. VI, св. I, Београд, 1926.
49) Пандевски Манол, Учителското движење во Македонија (1893—1912), „Култура", Скопје, 1962.
50) Пандевски, д-р Манол, Политичките партии и организации во Македонија (1908—1912), „Култура", Скопје, 1965.
51) Papadopulos Stefanos, Écoles et associoations greques dans la Macedoine du nord durant le dernier siècle de la domination turque Balkan studies, vol. 3, № 4, Thessaloniki, 1962.
52) Папазоглу, Фанула, Македонски градови у римско доба, Скопје, 1957.
53) Панов Бранко, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век, Гласник на Институтот за национална историја, год. III, бр. 2, Скопје, 1959.

54) Панов Бранко, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век, Гласник на Институтот за национална историја, год. V, бр. 2, Скопје, 1961.

55) Панов д-р Бранко, Климент Охридски. По повод 1050-годишнината од неговата смрт, Историја, год. III, бр. 1, Скопје, 1967.

56) Панов, д-р Бранко, Струмица за време на Балканските и на Првата светска војна, Историја, год. V, бр. 1, Скопје, 1969.

57) Панов, Митко, Радовиш (Антопогеографски испитувања), Годишен зборник на Фил. факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 9, № 12, Скопје, 1965.

58) Пловдивски Кирил, Натанаил, митрополит охридски и пловдивски (1820—1906), София, 1952.

59) Поново пребијања и хапшења македонских сељака. Терор у срезу Струмичком, Оковани Радник, Београд, бр. 8, од 15. X. 1924.

60) Првиот конгрес на КП на Македонија, „Култура", Скопје. 1949.

61) Преглед Народно-ослободилачког рата у Македонији (1941—1945), Београд, 1950.

62) Преглед историје СКЈ, Београд 1963.

63) Прилике међу радницима у Струмици, Радник, Загреб, бр. 102, од 1938, стр. 7.

64) Приручник за историју Савеза Комуниста Југославије, „Рад", Београд, 1957.

65) Павковиќ, Раде, Још о бомбама у Струмици, Балкан, Скопље, бр. 153, стр. 7, год. XIII, 1926.

66) Ратна сеќања, „Култура". Београд, 1961.

67) Ристиќ, Милован, Струмица. Географско-историска расправа, Београд, 1925.

68) Савиќ, Миливоје, Варош Струмица, Трговински Гласник, Скопље, бр. 102, од 1921.

69) Салгъндциев К. Стефан, Лични дела и спомени по възраждането на солунските и серските българи, Пловдив, 1906.

70) Силянов Христо, Освободителните борби на Македония, т. I и т. II, София, 1933.

71) Снегаров, проф. Иван, История на Охридската архиепископия-патриршия. От падането й под турците до нейното унищожение (1394—1767), София, 1931.

72) Солунски Коце, Мирче Ацев, Скопје, 1968.

73) Спасавајте Македонију, Радничке Новине, Београд, бр. 241, од 9. X. 1920.

74) Спомени на Арсени Костенцев, София, 1917.

75) Станковиќ, В. Дом здравља у најмаларичнијем крају наше државе, Вардар, Скопље, бр. 241, од 1934.

76) С(тојановски) А(лександар), Каде било седиштето на Климентовата епископија, Современост, Скопје, бр. 2, 1968.

77) Стоянов, К. П. Тридесет години назад, София, 1903.

78) Стојанов, д-р Петар, Македонија во времето на Балканските и на Првата светска војна (1912—1918), Скопје, 1969.

79) Статистички подаци о писмености у Македонији, Наша Реч, Скопје, бр. 9—10, од 5. I. 1940.

80) Струмица. Обнова радничких синдиката, Раднички Тједник, Загреб, бр. 21, од 14. X. 1940.
81) Татиќ, арх. Жарко, Два остатка византијске архитектуре у Струмичком крају, Гласник Скопског научног друштва. Одељење друштвених наука. Књ. III, Скопље, 1928.
82) Татиќ Славко, Струмица и струмичка област, Нова Европа, Загреб, Књ. X, 1924. година.
83) Тежак живот усред изобиља. О пољопривредном крају Струмица, Радничке Новине, Београд, бр. 9, 1937, стр. 3.
84) Тежак положај кројачких радника у Струмици. Раднички Тједник, Загреб, бр. 17 од 13. IX. 1940.
85) Тодоровиќ, Д. Окупацијата на Струмица во 1919 година. Гласник на Институтот за национална историја. год. X, бр. 1, Скопје, 1966.
86) Трухелка д-р Киро, О македонским Јуруцима. Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, том I, Скопје, 1936.
87) Устанак Народа Југославије 1941, Зборник, књ. I, „Војно Дело", Београд, 1964.
88) Филиповиќ Миленко, Извештај о антропогеографским и етнолошким проучавањима у Струмичком срезу 1931 године, Гласник Скопског научног друштва. Одељење друштвених наука, књ. XI, Скопје, 1932.
89) Филиповиќ д-р Мил(енко), Каргалија и његови потомци. Прилог историји Струмице. Јужни Преглед, бр. 1, и бр. 2, Скопље, 1938.
90) Хаџи-Васиљевиќ, д-р Јован, Драгош и Константин Дејановиќи и њихова држава, Београд, 1902.
91) Христов Крум, Гоце Делчев, София, 1955.
92) Чапразов, Г. К., Спомени от революционното минало на гр. Петрич и околията, Македония. София, год. IV, бр. 1130 и 1131, од 24 и 25 VII, 1930.
93) Чернопеев П., Костадин Самарџиев-Џемото, Илюстрация Илинден, София, кн. 8. од 1928, стр. 4.
94) Яворов, К. Пею, Гоце Делчев, София, 1904.
95) Яранов Д. Македония като природно и стопанско цяло, София. 1945.

Д-р М. Пандевски — Г. Стоев — Трнката: СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО НИЗ ИСТОРИЈАТА. Тех. редакција Раде Андоновски. Коректор Асен Ивановски. Издавач: Општински одбор на Сојузот на здружението на борците од НОВ — Струмица.